**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# СОЦИЈАЛИСТИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ 1893-1912

**-МАГИСТЕРСКА ТЕЗА-**

**Ментор:** Проф. Д-р Ванчо Ѓорѓиев

**Изработил:** Далибор Станковиќ

Скопје, 2020

# ВОВЕД

Кон крајот на 19 век, во многу сложени околности се појавува македонското револуционерно движење, а главна движечка сила во развитокот на револуционерните пројави е Македонската револуционерна организација (МРО), позната и како Внатрешна организација, поради нејзиниот автохтон и сепаратистички карактер. Во предилинденскиот период, МРО прераснува во една тајна република, во еден нелегален политички субјект кој ја изразува идејата за независна македонска држава со што се оспорува владеењето на Османлиската империја со Македонија. Но, Македонската револуционерна организација не е единствениот чинител во ослободителното движењето, одделно од неа се појавуваат и други организирани групи како активни сили во револуционерните борби. Особена дејност изразува македонската емиграција во Бугарија од чии редови ќе произлезе Македонскиот комитет (МК), подоцна преименуван во Врховен македоно-одрински комитет (ВМОК) кој ја застапува идејата за политичка автономија на Македонија, како и Македонската работничка социјалистичка група (МСРГ) создадена во Софија која ја популаризира идејата за македонска држава. Во Македонија, привидна револуционерна дејност пројавуваат приврзаниците на Бугарската егзархија кои го создаваат Бугарското тајно револуционерно братство (БТРБ) на чело со Иван Гарванов. Кон крајот на 19 век, во Женева се создава Македонскиот таен револуционерен комитет (МТРК), познат и како Женевска група од страна на млади анархисти и социјалисти кои иднината на Македонија ја гледаат во нејзино одделно политичко суштествување.

Појавата на македонското револуционерно движење се одвива во исто време кога идеите на социјализмот и анархизмот започнуваат да уживаат симпатии кај поширок круг на луѓе, во овој период левичарското влијание доаѓа од Европа и Русија. Сосема природно, идеите на социјализмот и анархизмот кои промовирале рамноправност се привлечни за младата македонска интелигенција која е сведок на недостатокот од суштинска слобода во татковината. Социјалистичките и анархистичките идеи влијаат врз македонската младина која станува фактор во создавањето на македонското револуционерно движење. Од друга страна, левичарите од социјалистичка и анархистичка провиниенција влијаат во секој степен на појавата и развојот на револуционерните борби, вклучително и врз идеолошката конструкција на револуционерното движење. Левичарите се најрадикалниот чинител во македонската револуционерна средина, пројавувајќи се како најгласни и најискрени промотори на идејата за независна македонска држава и како такви, биле природни сојузници на Македонската револуционерна организација.

Во историската наука не постои систематски и комплетен труд кој во целина ги обработува социјалистите и анархистите во македонското движење и ако се земе во предвид нивната важност, поставената тема станува релевантна. Данчо Зографски, Орде Ивановски, Христо Андонов - Полјански, Иван Катарџиев, Крсте Битоски, Димитар Димески, Ванчо Ѓорѓиев, Наташа Котлар - Трајкова и др., само парцијално во своите трудови опфаќаат и обработуваат одредени прашања за учеството на социјалистите и анархистите во македонското револуционерно движење. Данчо Зографски го објави истражувањето „За работничкото движење во Македонија до Балканските војни“ од кое може да се извадат бројни податоци за социјалистите и анархистите, во тој контекст е и трудот „Балканските социјалисти и македонското прашање; од 90-тите години на XIX век до создавање на Третата интернационала“ од Орде Ивановски. Повеќе прашања поврзани со социјалистите и анархистите разгледува и Ванчо Ѓорѓиев во повеќе научни труда: „Петар Поп Арсов; Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење“, „Слобода или смрт; Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903“, „Дамјан Груев и македонското револуционерно движење“ и др.

Покрај македонската историографија, улогата на социјалистите и анархистите во македонското револуционерно движење е делумно обработено во бугарската историска наука од страна на Дончо Даскалов, Константин Пандев, Цочо Билјарски и др., кои разгледуваат повеќе прашања. Исто така бугарската историографија во своите објавени зборници им отстапи место на документите кои даваат дополнително светло за улогата социјалистите во македонското револуционерно движење.

И покрај бројната литература и документација, историската наука не успеа докрај да разјасни повеќе прашања за социјалистите и анархистите во македонското движење, историографијата која продуцираше научни трудови во периодот 1945-1991 година, нереално го пренагласуваше влијанието на марксизмот на штета на останатите левичарски теории со што бевме лишени од една појасна слика за македонската револуционерна идеологија. Од друга страна, во современата историографија може да се забележи една друга тенденција која е насочена кон потценување на социјалистичката теорија и нејзиното влијание во македонското движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век.

Недостатокот од систематски и комплетен труд за левичарите во македонското револуционерно движење, како и големиот број на прашања кои историографијата не успеа да ги одговори, го прават битно нашето истражување.

# ГЛАВА I

## СОЦИЈАЛИЗМОТ И НЕГОВИТЕ ОСОБЕНОСТИ

*„Малкумина луѓе се согласуваат што точно се подразбира под поимот социјализам. Се залагал за многу различни нешта во различни времиња и места, дури означувал и различни нешта во исто време и место. За некои, социјализмот е нејасно, неопределено движење. Навистина, честопати едноставно се дефинира како протест против постојниот поредок, како нешто ново или поинакво од она што луѓето се навикнати. За други, социјализмот е особеност за одредена општествена болест“* **– Едвин Клајд Робинс**



**Сен-Симон**

**1.** Едвин Робинс вели дека кај обичните луѓето може да се забележи една збунетост во разграничувањето на социјализмот од анархизмот.[1] Следствено, Робинс во своето истражување отстапува место за анархизмот и другите радикални учења со намера да ги определи суштинските разлики. Меѓутоа, неговото искажување е само парцијално точно. Луј Лавел се соочува со истиот проблем, истакнувајќи: „Што е социјализам? Никогаш не сум сретнал ниту јасна дефиниција, ниту прецизен опис на зборот. Секој е социјалист во нечии очи“.[2] Според тоа, оваа нејаснотија е карактеристика и за истражувачите на социјализмот од 19 век кои во своите дела отстапуваат место и за анархистичката теорија.[3] Во тој правец е и искажувањето на Чарлс Олин дека во „минатото многу луѓе верувале дека социјализмот и анархизмот се една иста работа“.[4]

Овој контекст се потврдува со повеќе извори. Споменатиот Луј Лавел вели дека терминот социјалист е премногу еластичен и се користи за именување на револуционерните анархисти, како Бакунин кој се залага за уништување на сите држави и институции, со сите можни средства, а од друга страна се користи и за именување на државниците од конзервативен тип, како Бизмарк, чија цел е концентрирање на што поголема моќ во рацете на германска влада.[5] Со истиот проблем се соочува и Мајкл Шак кој вели: „Денес е невозможно практичното разграничување помеѓу социјализмот и анархизмот во Франција. Сите социјалисти се анархисти во првите чекори, меѓутоа сите анархисти не се социјалисти. Во руските нихилисти и непомирливите Германци гледаат свои лидери“.[6]

К. Л. Џејмс во делото „Потекло на Анархизмот“, вели дека: „Тројцата главни автори на анархистичкото движење во Европа биле Прудон, Маркс и Бакунин. Сите тројца започнале како претставници на Хегеловата левица“.[7] Реџиналд Кауфман во 1893 година во текот на една дискусија за социјалистичката теорија го добил следниот одговор: „**Социјализмот е маскирана анархија, дури и да ја симне маската нема поголеми шанси за успех**“.[8] Кауфман исто така вели дека не може да се најдат двајца социјалисти кои би дале идентична дефиниција за социјализмот.[9]

---

[1] E. C. Robbins, Socialism, University of Michigan Library, Michigan, 1915, 8.

[2] Emile de Laveleye, The Socialism of To-day, Field and Tuer, the Leadenhall Press, E.C. Simpkin, Marshall & Company, 1885, XIV.

[3] Robert Flint, Socialism, The Economic Journal, Volume 5, Issue 18, 1895, 36.

[4] Charles H. Olin, Socialism, The Penn Publishing Company, Philadelphia, 1908, 71.

[5] Emile de Laveleye, The Socialism of To-day…, IX.

[6] Michael J. Schaack, Anarchy and Anarchists; Communism, Socialism, and Nihilism in Doctrine and in Deed, Chicago, 1889, 22.

[7] C. L. James, Origin of Anarchism, A. Isaak Publisher, Chicago, 1902, 10.

[8] Reginald Wright Kauffman, What is Socialism, Yard and Company, New York, 1910, 2.

[9] Reginald W. Kauffman, What is Socialism…, 15; Значењето на терминот социјализам се менува, во раниот период означувал кооперативно производство. Социјализмот како колективизам е од подоцнежен развој, главно како резултат на доминацијата на германската Социјалдемократска партија, терминот анархист не бил усвоен до 1876 година, 11 години по смртта на Прудон, Види: Larry Gambone, Pierre-Joseph Proudhon and Anarchism: Proudhon's Libertarian Thought and the Anarchist Movement, Libertarian Alliance, 2004, 4.

Речиси сите автори кои се занимаваат со проучување на социјализмот, едногласно се согласуваат дека пионери на социјализмот се Роберт Овен, Сен-Симон, Фурие и Етјен Кабе. Споменатите во суштина се основачи на една левичарска идеолошка традиција која е критички настроена кон општествениот поредок и либералната идеологија кои настанаа со революцијата од 1789 година. За разлика од Хегел, социјалистите-утописти сметале дека Француската револуција не е крајот на општествената еволуција и оваа револуцијата во суштина не ја менува општествената состојбата бидејќи воспоставаната слобода била само привидна. Затоа Сен-Симон вели дека нееднаквоста повеќе не е врз принципите на општествени и политички привилегии, туку врз основа на економската нееднаквост која се создала во општеството и новата економска состојба бара примена на нова општествено-политичка хиерархија. Од своја страна, Фурие се залага за намалување на моќта на државата бидејќи ја ограничувала слободата на луѓето и функциите на државата сака директно да ги пренесе на што поголем дел од народот, преку децентрализацијата и локалната самоуправа. Сен-Симон и Фурие настојуваат да изнајдат нов пат кој би водел кон едно послободно и порамноправно општество и заедничка карактеристика на сите утописти е стремежот кон совршена легислатива и идеално организирање на едно слободно општеството.[10]

Социјализмот и анархизмот, како и другите левичарски теории имаат исто потекло: утопискиот социјализам на Роберт Овен, Сен-Симон, Фурие и Етјен Кабе. Но, до средината на 19 век не може јасно да се направи разграничување помеѓу социјализмот и анархизмот, затоа што се уште не се одделуваат како посебни идеологии. Појасна дистикција може да се направи со појавата на теориите на Родбертус и Карл Маркс од една страна, Прудон и Бакунин од друга страна. Меѓутоа и понатаму постоело меѓусебно општење помеѓу овие теории. Комунистичките анархисти своите принципи ги позајмуваат од Карл Маркс, или поточно од комунистичкиот манифест издаден од Маркс и Енгелс.[11] Во Првата Интернационала, ја сочинуваат крајната левица предводена од Михаил Бакунин.[12] Затоа Едвин Робинс вели дека сите радикални движења се инспирирале од анархистичката или социјалистичката теорија и дека е невозможно да се има јасна сфаќање за социјалистичкото движење без претходно да се добие јасна слика за анархизмот и социјализмот.[13]

Современите истражувачи Рут Елен Кинна и Алекс Причард велат дека е невозможно, непрактично и опасно воспоставувањето на граница помеѓу анархизмот и марксизмот.[14] Тие исто така забележуваат дека нивните истражувања имаат три цели: 1) Да се оспорат конвенционалните ставови и мислења за социјалистичките меѓусебни односи и повторно да се анализираат односите помеѓу марксизмот и анархизмот. Тоа го предлагаат затоа што идеолошките граници се многу „**покомплексни и порозни**“ отколку што покажувале минатите историски истражувања. 2) Дека постои голема разновидност во ставовите и принципите кај марксистичките и анархистичките групи, а нивните ставови не се усогласени со принципите на водечките личности, како Маркс или Бакунин. 3) Концептуалните разлики меѓу социјалистите кои се идентификувале со различните левичарски струи се поинтересни и посуптилни од постојната дихотомија.[15]

**2.** Според Томас Киркуп зборот „социјализам“ за прв пат се употребува во весникот „Poor Man's Guardian“ во 1833 година, а во 1835 година било формирано Здружението на сите работници од сите нации, под покровителство на Роберт Овен. Зборовите социјалист и

[10] George Plechanoff, Anarschism and Socialism, H. Kerr & Company, Chicago, 1909, 21.
[11] Herbert L. Osgood, Scientific Anarchism, Volume IV. March, 1889. Number 1. Political science quarterly, 25.
[12] Исто, 25.
[13] E.C. Robbins, Socialism…, 180.
[14] Libertarian Socialism Politics in Black and Red, by Alex Prichard, Ruth Kinna, Saku Pinta, David Berry, PM Press; Reprint edition, 2017, 1.
[15] Исто, 6.

социјализам станале актуелни во дискусиите поврзани со движењето на Овен, кој акцентот го ставил врз потребата од социјално подобрување и општествена реконструкција. Изразот се употребувал за да се направи разграничување помеѓу приврзаниците на Роберт Овен, кои се залагале за општествени промени и оние кои се залагале за политички реформи.[16] Зборот социјализам потоа се појавил во делото на Мари Роч Луј Рејбо, под наслов „Études sur les réformateurs ou socialistes modernes“, објавено во 1840 година, каде биле претставени теориите на Сен-Симон, Шарл Фурие и Роберт Овен.[17]

Роберт Флин во своето дело објавено во 1895 година вели дека терминот социјализам е одвај стар шеесетина години. Според него, спорно е дали терминот најпрво се користел за движењето на Роберт Овен или бил измислен од Пјер Леру, автор на системот познат како хуманитаризам, или од Луј Рејбо, познат публицист и критичар на социјализмот. Флин го отфрла и тврдењето на Џон Стјуарт Мил во делото „Политичка економија“ дека изразот потекнува од англиските комунисти, истакнувајќи дека Мил за своето тврдење не посочува извор.[18] Флин исто така го критикува и Томас Киркуп, велејќи дека изразот социјализам можеби потекнува од Англија и можеби за прв пат е употребен во 1835 година, меѓутоа за овие тврдења не постојат докази.[19] Пјер Леру тврдел дека изразот се појавил како спротивност на терминот индивидуализам, за Флин ова искажување не е спорно. Според Роберт Флин, терминот социјализам во печатена форма за прв пат е употребен од страна на Луј Рејбо во август 1836 година, кога започнал со објавување на серија статии под наслов „Модерни социјалисти“ во магазинот „Revue des deux Mondes“. Рејбо изразот социјализам го употребил како општ поим за групата на економски и филозофски системи кои претходно биле именувани како индустријализам од страна Фердинанд Екшатјн и некои други француски автори.[20] Оттука, овој термин за прв пат е употребен за теориите на Овен, Сен-Симон и Фурие, и секогаш се поврзувал со нивните погледи.[21] Меѓутоа, терминот социјализам бил користен со големо различно значење во популарниот говор и политичката средина, но и од економистите и интелектуалните критичари на социјализмот,[22] а истовремено и од претставниците на левичарките теории.[23]

Авторите кои ја истражуваат оваа проблематика ни претставуваат неколку дефиниции. Според Роберт Флин, социјализмот своите најдлабоки и најсилни корени ги има во желбата за подобар живот на масите кои напорно работат, а добиваат малку.[24] Томас Киркуп вели дела постои растечка тенденција која за социјалистичко се именува секое мешање во сопственоста од страна на општеството во име на сиромашните, ограничување на принципот laissez-faire во полза на сиромашните класи, радикални социјални реформи кои го нарушуваат постојниот системот на приватна сопственост регулиран од слободната конкуренција.[25] Германскиот економист Адолф Хелд вели дека како социјалистичка може да се дефинира секоја тенденција која бара потчинување на индивидуалната волја кон заедницата.[26] Според францускиот филозоф Пол Жане:

---

[16] Thomas Kirkup, A History of Socialism, Fifth edition, revised and largely rewritten by Edward B. Pease, London, 1913, 3-4.

[17] Исто, 4; Според Томас Киркуп изразот социјализам најпрво се појавил во врска со движењето на Роберт Овен во Англија, а потоа бил позајмен од Луј Рејбо, кој со своето дело Études sur les réformateurs ou socialistes modernes го направил општопознат во Европа. Види: Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 4.

[18] Robert Flint, Socialism… 11-12.

[19] Исто, 12.

[20] Исто, 13.

[21] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 4.

[22] Исто, 4.

[23] По јунската револуција од 1848 година, Прудон бил изведен пред судија, каде бил запрашан: Што е социјализмот? На што Прудон одговорил: Секој стремеж кон подобрување на општеството. Од своја страна, судијата возвратил со зборовите во тој случај сите ние сме социјалисти. Токму тоа е она што го мислам, одговорил Прудон. Види: Robert Flint, Socialism…, 23.

[24] Robert Flint, Socialism… 2.

[25] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 4.

[26] Исто, 8.

„Ние ја нарекуваме како социјализам секоја доктрина која учи дека државата има право да ја поправи нееднаквоста во богатството, која постои меѓу луѓето и законски да воспостави баланс со одземање од оние кои имаат премногу за да им даде на оние кои немаат доволно...“[27] Според Емил Лавеле: „На прво место, секоја социјалистичка доктрина има за цел да воведе поголема еднаквост во општествените услови, а на второ место, спроведување на законски реформи од страна на државата“.[28] Ханс Фон Шел социјализмот го дефинира како „**економска филозофија на страдалничките класи**“.[29]

Според Ани Безант, социјализмот е општествена школа која бара земјата и средствата за производство да бидат во сопственост на општествена унија.[30] Според неа, социјализмот е име кое на секаде во светот се препознава како име на оние кои се спротивставуваат на политичката, религиската и општествената тиранија во секоја земја. Безант исто така вели дека „социјалистите со симпатии гледаат на напорите на секоја нација која се бори за сопствената слобода, социјалистите се на страната на сиромашните и не ги делат луѓето според националноста, класата и верувањето, и во секој работник гледаат свој брат“.[31]

Чарлс Ваил вели дека социјализмот како термин има различни значења и честопати се употребува во широка и општа смисла, означувајќи отфрлање на себичноста и афирмација на алтруизмот како принцип во општественото делување. Ваил исто така вели дека зборот социјализам започнал да се применува и во попрецизна и економска смисла, означувајќи индустриско општество со јасни главни карактеристики и овој економски систем вообичаено се нарекува научен социјализам.

Чарлс Ваил обидувајќи да одговори на прашањето што е социјализмот? претставува неколку дефиниции и принципи. Од нив, ги одвојуваме следните: 1) Социјализмот е систем на индустриското општество кој предлага укинување на приватната сопственост на средствата за производство и замена со колективна сопственост, се залага за колективно управување со производството и распределба на социјалниот доход.[32] 2) Социјализмот е општествена политичка теорија која се залага за општествена реконструкција, зголемување на благосостојбата, подеднаква дистрибуција на продуктите од трудот, колективна сопственост на земјиштето и капиталот, и колективно управување со сите индустрии. Врз основа на приложените дефиниции, Ваил вели дека примарен елемент на модерниот социјализам е заедничката сопственост на средствата за производство, а општеството во целина треба да ја замени индивидуалната контрола на земјата и капиталот и сите големи средства за производство мора да станат колективна сопственост.[33]

Џејмс Едвард, кој е критички настроен кон марксизмот, вели: „Всушност, социјализмот не е наука, туку вера, религија. Социјалистот во суштина е пророк. Верувајќи во себеси дека може да ги прочита знаците на времето, тој не се плаши да каже дека со сигурност може да го предвиди исходот... на промените кои ќе се одвиваат во времето што доаѓа“.[34] Оваа критика е насочена првенствено против Марксовата материјалистичка теорија за историјата и концептот за класна борба. Според Џон Спарго, марксизмот и социјализмот се синоними, а повеќето социјалисти во светот себеси се прогласуваат за марксисти.[35]

---

[27] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 5.
[28] Исто, 5-6.
[29] Исто, 6.
[30] Annie Besant, Why I am Socialist, 1886, 2.
[31] Исто, 2.
[32] Charles H. Vail, Modern Socialism, New York: Commonwealth Co., 1897, 9-10.
[33] Исто, 11-12.
[34] James Edwakd Le Bossignol, Orthodox Socialism, New York, 1907, 5-6.
[35] John Spargo, Sidelights on Contemporary Socialism, New York, 1911, 17.

Според Петар Кропоткин социјализмот е „длабока револуција која ќе го ослободи човекот преку реконструкција на распределбата на богатството, потрошувачката и производството на нови основи“.[36] Вилијам Малок социјализмот го идентификува со економската теорија на Карл Маркс и според него во „основата на секоја социјалистичка агитација лежи Марксовата теорија, оваа теорија била и ќе биде основа на социјализмот“.[37] Наспроти ова искажување, Симон Патен истакнува: „**Не можам да го дефинирам социјализмот. Мене ми се чини дека е составен од неколку теориски движења, од кои секое има одделна кауза**“.[38] Според Томас Никсон Карвер: „Социјализмот е општа сопственост...“,[39] а Дејвид Кинли вели дека социјализмот во суштина бара нов закон за сопственоста, со што општеството би ги добило сите сопственички права на земјата и средствата за производство.[40]

Вилијам Грахам во своето дело „Социјализам; нов и стар“, истакнува дека ако прашањето биде поставено во форма, што е социјализам? „**тогаш е невозможно да се изнајде единствена општоприфатена дефиниција**“, бидејќи изразот се користи во три различни значења, во кои повторно постојат нејаснотии. 1) Во најширока смисла на зборот, социјализмот е секој план во општествените односи кои има за цел еднаква распределба на богатствата или спречување на преголема нееднаквост на било каков начин. Овие мерки можат да бидат преземени од државата, поединци, верски институции, филантропија и др. Според Грахам, во оваа смисла зборот социјализмот опфаќа многу општествени феномени и движења.[41]

**2)** Во втората смисла, социјализмот е секое настојување на државата преку своите институции и закони да создаде поголеми услови за еднаквост и да ја спречи преголемата нееднаквост. Според Грахам, во оваа смисла доброволното задружно производство и комунистичките обиди нема да бидат социјалистички, иако ја содржат централната цел на социјализмот која е заедничка за сите форми на социјализмот, имено намалување на нееднаквоста. Во оваа смисла, заемите на државата кон работничките асоцијации со помали камати, би биле социјалистички.[42] Преземањето на делови од индустријата, или некои комуникациски сектори како телеграфската и поштенската служба од страна на владата, не се нужно социјалистички мерки. Меѓутоа, со тоа се стеснува полето на приватното претприемништво и се намалува профитот на капиталистичката класа. Грахам смета дека оваа мерка се доближува до екстремниот социјалистички идеал на универзална директна државна индустрија.[43] Освен тоа, проширувањето на функциите на државата во економската сфера, придружени со класификација на работниците според заслугите и давање можности на талентите кои немаат средства, се блиски до идеалот на Сен-Симон.[44] Во оваа смисла на зборот, социјализмот е секоја доктрина која верува дека државата има задача да ја отстрани економската нееднаквоста преку прераспределба од богатите кон сиромашните.[45] Грахам истакнува дека во оваа смисла, Емил Лавел во своето дело „Социјализмот на денешницата“ го користи изразот социјализам, и затоа Лавел го искажува мислењето дека секоја социјалистичката доктрина има за цел воведување на поголема еднаквост и спроведување на реформи од државата во тој правец.[46] Грахам исто така вели дека и покрај оваа приложена

[36] Peter Kropotkin, Socialism and Politics, London, 1903, 7.
[37] William Hurrell Mallock, Socialism; A Series of lectures delivered at Columbia University Harvard University Johns Hopkins University, University of Pennsylvania, University of Chicago, 1907, 11.
[38] E.C. Robbins, Socialism…, 215.
[39] Исто, 216.
[40] Исто, 218.
[41] William Graham, Socialism New and Old, D. Appleton and Company, New York, 1891, 2.
[42] Исто, 3-4.
[43] Исто, 4.
[44] Исто, 4.
[45] Исто, 4-5.
[46] Исто, 5.

дефиниција, Лавел го користи терминот социјализам во поширока смисла на зборот и теоријата на Михаил Бакунин ја именува како „**нихилистички социјализам**".

3) Според Грахам, во третата смисла на зборот, социјализмот е економски и политички систем во кој производството се организира единствено од страна на државата, а истовремено државата е единствениот сопственик на земјата и средствата за производство. За Грахам ова е единствениот вистински социјализам, кој е познат како „**колективизам**".[47]

Анализирајќи ги различните дефиниции, Томас Киркуп вели дека треба да се инсистира дека основата на социјализмот е економска, вклучувајќи и фундаментална промена во односите на трудот кон земјиштето и капиталот, промена која во голема мера ќе влијае врз производството и целосно ќе го револуционизира постојниот систем на дистрибуција. Киркуп исто така вели: „Но, и покрај тоа што основата е економска, социјализмот имплицира и носи промени во политичките, етичките, техничките и уметничките односи, како и во општествените институциите... Друга особина на социјализмот е неговата несебична природа или алтруистички систем на етика. Во тој правец, социјализмот проповеда дека најкарактеристичната особина на старите општества била експлоатацијата на слабите од страна на посилните."[48] Според Киркуп, социјализмот има две компоненти - економска и политичка, а во целина промените за кои се залага би го промениле општеството во сите аспекти. Затоа Киркуп заклучува дека социјализмот е „радикална идеологија бидејќи го негира постојниот општествен поредок и во најмала рака се стреми кон негова мирољубива промена, а во крајна преку насилна револуција". Киркуп исто така забележува дека доминантна економската основа на социјализмот е колективизмот, кој ја негира приватната сопственост на земјата и капиталот, заменувајќи ја со општествена сопственост во една или друга форма, и трансформацијата на приватниот капитал во колективен капитал е алфа и омега на социјализмот.[49] Според Томас Киркуп, ако социјализмот го анализираме во политичка димензија, тогаш „**социјализмот е кауза на сиромашниот човек**, стремеж за општествена трансформација во полза на сиромашните".[50] Куркуп исто така вели дека истата идеја повторно се појавува доколку на социјализмот гледаме како на економска филозофија, тоа е **филозофија на страдалничките класи**, борба за еманципација на трудот.[51]

Британскиот бискупот Брук Весткот вели дека изразот социјализам е дискредитиран поради неговата поврзаност со многу екстравагантни и револуционерни планови. Според него терминот социјализам треба да се поврзе со „стремежите за благородни цели", а не со насилство, конфискација или класна себичност. Според бискупот, социјализмот треба да се опише како теорија на животот, а не само како теорија на економијата.[52] Францускиот социјалист Жан Жорес вели дека основната идеја на социјализмот е едноставна и благородна. Социјалистите веруваат дека постојната регулатива на сопственоста го дели општеството на две големи класи, пролетеријат и капиталисти, и општествената несреќа, неправда и неред се резултат од монополизирањето на средствата за производство и наметнување на закони во општеството од страна на капиталистите.[53]

**3.** Томас Киркуп разграничува три периоди во развојот на социјализмот: 1) Првиот период се карактеризира со индивидуални експерименти преку основање на здруженија врз принципот на самоодржливост и кооперативност во производството, карактеристични за школите на Овен и

---

[47] William Graham, Socialism New and Old..., 6.
[48] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 10-11.
[49] Исто, 12.
[50] Thomas Kirkup, An inquiry into Socialism, London, 1907, 129.
[51] Исто, 132.
[52] Robert Flint, Socialism… 25.
[53] Jean Jaurès, Studies in Socialism, G. P. Putnam's Sons New York and London, 1906, 3-4.

Фурие. Најголемиот дел од овие експерименти пропаднале во онаа форма која била предложена, меѓутоа и покрај тоа, имаат важно влијание во развојот на социјализмот. 2) Вториот период се карактеризира со предлозите на Луј Бланк и Ласал. Теориите на Овен, Сен-Симон и Фурие се развиле како критика на општествено-економската состојба создадена со Француската револуција, меѓутоа, во ерата на Луј Бланк, развојот на демократијата допринесува за прифаќање на демократските принципи од страна на социјалистите. Затоа Луј Блан и Ласал се залагаат за демократска држава со општо право на глас и основање на работнички организации. Нивниот предлог е демократски и социјалистички, меѓутоа не и радикално револуционерен. 3) Во третиот период, доминираат револуционерните принципи и теориите на Карл Маркс стануваат највлијателни. Во овој период се оформиле две главни струи, социјалдемократијата која се залага за освојување на политичката власт во државата и трансформација на приватната сопственост во општествена (колективна), а другата струја е анархизмот. Според Киркуп, анархизмот е школа на револуционерните социјалисти, анархистите се спротивставуваат на централистичките методи на Марксовата школа, го отфрлаат авторитарниот принцип во општествената организација и пропагираат слободни федерации составени од слободни друштва кои треба да бидат основа на идното општество. Киркуп вели дека и двете теченија се залагаат за укинување на државата како олицетворение на привилегираната класа, меѓутоа постои разлика во начинот и средствата како тоа да се постигне. [54]

Искажувањето на Томас Киркуп за поделбите во социјалистичкото движење, преовладува во постарата литература. Според ова дихотомско разбирање, историјата на европскиот револуционерен социјализам се преставува како приказна за фракционизам и поделби, како политика на црно и црвено, црната боја го симболизира анархизмот, а црвената комунизмот. Според ова традиционално разбирање, двете левичарски теории се опишуваат како антагонистички настроени, поделбата започнала во 40-те години на 19 век, кога Прудон ја одбил соработката со Карл Маркс, а со колапсот на Првата интернационала доаѓа до дефинитивна поделба на бакунистичка и марксистичка струја. Во тој правец е и искажувањето на Херберт Л. Осгуд, според кого во анархизмот имаме екстремна антитеза на социјализмот и комунизмот, анархистите ги отфрлаат сите форми на авторитет. Според Осгуд, анархистот е екстремен индивидуалист кој се стреми да обезбеди еднаквост преку слободата, за разлика од социјалистите кои сакаат да обезбедат еднаквост преку братството.[55] Слично искажување има и бугарскиот истражувач Дончо Даскалов кој вели „како што е познато, марксистите се разликуваат од анархистите не во идејата за уништување на државата... туку во федерализмот. Додека Бакунин го оправдува федерализмот, Маркс е централист“.[56]

Меѓутоа, авторите Рут Елен Кинна и Алекс Причард искажуваат поинакво размислување и според нив границите помеѓу социјализмот и анархизмот „**се порозни и честопати нејасни**“.[57] Во тој правец, Ренцо Лоренте го именува Жорж Сорел како анархо-марксист, укажувајќи дека неговите ставови се под влијание на анархизмот и социјализмот. Според истиот автор, Сореловото обединување на теориите на Маркс, Прудон и Бакунин **„не довеле до теориски парадокс, туку до хибридизација“**.[58]

Појавата на социјализмот како теорија е поврзана со индустриската револуција и идеите на Француската револуција. Сен-Симон кој е сведок на новата ера, на индустрискиот свет кој лежел врз трудот, истовремено со стариот феудален и теолошки свет кој и понатаму лежел во незнаењето

---

[54] Thomas Kirkup, An inquiry into Socialism…, 13.
[55] Herbert L. Osgood, Scientific Anarchism..., 1.
[56] Дончо Даскалов, Анархизмът в България, Университетско издателство Св. Климент Охридски, София, 1995, 11.
[57] Libertarian Socialism Politics in Black and Red..., 1-2.
[58] Исто..., 10; Подоцнежниот француски левичар Даниел Гуерин кои се обидел да ги соедини анархизмот и марксизмот е сличен пример за оваа констатација. Види: Libertarian Socialism Politics in Black and Red..., 11.

и владеел со општеството.[59] Според Сен-Симон, сите тие повеќе немаат корисна функција во општеството и треба да бидат заменети со индустриски раководители и научни лидери, како вистински водачи на францускиот народ. Сен-Симон смета дека овие исклучително надарени луѓе, наместо да го злоупотребуваат трудот на другите, треба да ја контролираат индустриска Франција за општо добро.[60] Од своја страна, Чарлс Ваил вели дека: „Современиот социјализам потекнува од модерните економски услови. Тој е исход и творба на индустриската револуција... Таму каде што немаше индустриска револуција, не треба да барате социјализам".[61] Ова искажување е само парцијално точно. Индустриската револуција во западните европски држави водела кон економски развој, проследен со голема социјална диференцијација и зголемување на сиромаштијата, всушност првите пропагатори на оние идеи кои еден ден ќе станат познати како социјализам, водат корени од радикалните либералните идеи од почетокот на 19 век.

Француската револуција од 1789 година ја донела политичката слобода во Европа, меѓутоа првите социјалистички мислители укажале дека почнала да се создава нова поделба на господари и робови, и новата поделбата не била врз општествено-политичка основа, туку врз економска. Големата социјалана диференцијација и акумулацијата на богатството во рацете на одреден број на луѓе, за сметка на останатите во општеството, било негација на придобивките од Француската револуција. Првите социјалисти во суштина се радикални либерали кои се обидуваат да изнајдат и осмислат решенија со кои би се намалил јазот помеѓу сиромашните и богатите, според нив намалувањето или отстранувањето на економската нееднаквост ќе обезбеди поголема слобода за сите во општеството. Во тој контекст, Сен-Симон вели дека: „Денот на феудалните благородници, воените лидери, дури и на свештеникот во старата смислам исчезна. Денот на индустрискиот раководител, научникот, човекот на буквите, пристигна".[62]

Сен-Симон најчесто се именува како основач на социјализмот, меѓутоа според Вилијам Грахам, многу е тешко може да се каже дали Сен-Симон изградил вистинска социјалистичка позиција или карактеристична социјалистичка теорија, неколку години пред својата смрт.[63] Сен-Симон со намера до ги објасни своите теории, во 1818 година го објавил делото „L'industri",[64] а своите тези продолжил да ги развива во делата „L'Organisateur" (1819), „Du Systeme industrial" (1821) и „Catahisme des Industries" (1823). Последното и најважното дело во кое ги преставува своите идеи е „Nouveau Christianisme објавено" во 1825 година.[65] Според Сен-Симон: „Мисијата на општеството... е да ја комплетира работата на христијанството која започнала пред 1 800 години и да создаде општество врз принципот на еднаквост и братство".[66] Сен-Симон вели дека за да се постигне тоа, потребни се два чекори: обезбедување на општо образование за сите и укинување на сиромаштијата со што ќе се признае правото на живеење. Затоа, државата требало да обезбеди поголеми финансиски средства за образованието и работа за сите кои немаат средства за издржување на себеси и своите семејства.[67]

Како критичар на политичко-економската состојба која настанува со револуцијата од 1789 година, Сен-Симон инсистира дека е потребна нова и позитивна реорганизација на општеството.[68] Во однос кон остатоците од феудално-воениот систем, Сен-Симон предлага дека економските

[59] Thomas Kirkup, An inquiry into Socialism…, 19.
[60] Исто, 19-20.
[61] Charles H. Vail, Modern Socialism…, 14.
[62] William Graham, Socialism New and Old…, 73-74.
[63] Исто, 73.
[64] William Graham, Socialism New and Old…, 41.
[65] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 23.
[66] Arthur John Booth, Saint-Simon and Saint-Simonism, A chapter in the history of Socialism in France, London, 1871, 57.
[67] James Ramsay MacDonald, Socialism, London, 1907, 22.
[68] Исто, 24.

водачи треба да го контролираат општеството, а средновековната црква да биде заменета со науката на човекот.[69] Сен-Симон посакува една економска држава која ќе биде предводена од модерната наука. Неговата школа инсистира дека способноста и заслугата треба да бидат основата на општеството, барајќи социјален поредок во кој секој човек ќе биде поставен според сопствените способности и награден според сопствениот труд.[70]

Влијанието на Жозев Фурие започнува да се чувствува со опаѓањето на влијанието на Сен-Симон, иако Фурие своето прво дело „Theorie Des Quatre Movements" го објавува во 1808 година, многу години пред Сен-Симон да ги објави своите дела.[71] Џејмс Р. Макдоналд го именува Фурие како утопист и општествен архитект.[72] Треба да се истакне дека социјализмот на Фурие во многу аспекти, фундаментално се разликува од оној на Сен-Симон и во нивните школи, постојат два спротивни принципа кои се карактеристика за левичарската идеологија до денес.

Основните принципи на Сен-Симон се авторитетот и централизацијата, а Фурие се залага за локална и индивидуална слобода.[73] Во учењето на Сен-Симон државата го зазема централното место и таа е доминантна сила. Но, кај Фурие тежиштето на општествениот поредок се наоѓа во локалните тела кои се слични на комуните и се именувани како фаланга.[74] Според Фурие, тие треба да се состојат од 1 600 до 2 000 луѓе и заеднички да ја обработуваат земјата. Поединците заедно треба да живеат како заедница во објект именуван како фаланстир.[75] Во рамките на фаланстирот и земјиштето околу него не требало да постои приватна сопственост и наследството да биде укинато.[76] Фаланстирот требало да биде доволно голем за да може да ги обезбеди придобивките од научната индустрија во полза на заедничкиот живот, а од друга страна да го ограничи авторитетот на централната државна власт.[77]

Јулската револуција од 1830 година и движењето за реформи во 1830-1832 година во Франција, овозможиле услови за развој на социјалистичката мисла и во текот на овие години идеите на Сен-Симон и Жозеф Фурие ја добиле конечната форма.[78] Револуционерниот период од 1830 година има уште поголемо значење затоа што допринесува за дефинитивното одвојување на буржоазијата и пролетеријатот во Франција и Англија.[79] Исклучен од политичките привилегии и притиснат од лошите економски услови, пролетеријатот се пројавува како носител на револуционерноста и приврзаник на радикалните идеи. Теориите на Сен-Симон и Фурие биле делумно или целосно прифатени од интелектуалците, но сега социјалистичките идеи започнале да се шират меѓу работните маси.[80] Париз кој имал долга револуционерна традиција, во втората половина од владеењето на францускиот крал Луј Филип станува центар на новата левичарска активност. Во периодот помеѓу 1840 и 1848 година, француската престолнина била посетена од Фердинанд Ласал - основачот на германската социјалдемократија, Карл Маркс - теоретичарот на научниот интернационален социјализам и Михаил Бакунин - апостолот на анархизмот. Во овој

[69] James Ramsay MacDonald, Socialism..., 24-25.
[70] Исто, 29.
[71] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 98.
[72] Исто, 25.
[73] Исто, 31.
[74] William Graham, Socialism New and Old…,98.
[75] Изразот е комбинација на зборовите фаланга и манастир. Види: Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 31.
[76] William Graham, Socialism New and Old…,99.
[77] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 39.
[78] The Project Gutenberg EBook of The Conquest of Bread, by Peter Kropotkin .This eBook is for the use of anyone anywhere at no cost and with almost no restrictions whatsoever. You may copy it, give it away or re-use it under the terms of the Project Gutenberg License included with this eBook or online at www.gutenberg.org Title: The Conquest of Bread Author: Peter Kropotkin Release Date: November 9, 2007
[79] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 41.
[80] Исто, 42.

период теориите на Ласал, Маркс и Бакунин се уште не биле целосно развиени и најзначајни личности во историјата на социјализмот биле Луј Блан и Жозеф Прудон, чии идеи кулминирале во текот на револуцијата од 1848 година.

Социјализмот на Сен-Симон и Фурие е имагинативен и утописки и има малку допирни точки со реалниот живот. Со Луј Блан, социјалистичкото движење станува неразделен дел од француската национална историја и Макдоналд го именува како татко на модерните социјалистички методи. Блан се залагал за демократско уредување на државата, како подготовка за општествена реорганизација. Во своето дело „Организација на трудот" вели дека државата треба да биде поставена врз демократски начела како услов за понатамошен успех. Бидејќи воспитувањето на пролетеријатот е тешко, потребни се сите сили на државата која треба да ги развие инструментите на трудот. За Луј Блан, демократската државата е „**банкар на сиромашните**" која треба да создаде економски асоцијации.[81] Работниците треба сами да ги изберат сопствените раководители и да ја организираат поделбата на профитот.[82] Револуцијата од 1848 година е особено важна за понатамошниот развој на демократијата и левичарската мисла. Нејзиниот револуционерен бран бил почувствуван во западна и централна Европа и Луј Блан е еден од најистакнатите претставници на социјалдемократската страна на Француската револуција од 1848 година кој со своето влијание кај работниците си обезбедил место во револуционерната привремена влада.[83]

Во периодот помеѓу 1840-1848 година, исто така една од највлијателните личности во социјалистичкото движење е Пјер Жозеф Прудон. Во 1840 година, Прудон го објавува делото „Што е сопственоста?" одговарајќи дека сопственоста е кражба.[84] Во 1846 година, го објавува своето познато дело „Систем на економските противречности",[85] и својата теорија за законот, државата и сопственоста ја именува како анархизам. Според Прудон: „**владеењето на човекот врз човек е ропство**", и управувањето без разлика во каква форма се појавува - монархистичка, олигархиска, демократска и др. е илегално и апсурдно.[86] Прудон исто така вели дека демократијата не е ништо друго, освен конститутивна арбитрарна моќ и не требаа да постојат партии бидејќи во суштина се авторитет, затоа општествената правдата треба да се стреми кон социјален хуман живот врз основа на договор кој ќе ја укине државата. Според Прудон, овој социјален живот во почетокот, како што веќе напомнавме, го именува како анархија, меѓутоа подоцна го именува и како федерација.[87] Прудон вели дека по укинувањето на државата, човекот и понатаму треба да живее во општество, но ова општество треба да функционира „од дното кон врвот, од периметарот до центарот и сите функции мора да бидат независни и самостојно самоуправни".[88]

За Прудон анархијата е идеална управа, но „векови ќе поминат пред тој идеал да се постигне, но наша цел е да одиме во таа насока, да растеме непрестајно до таа цел, и затоа јас се држам до принципот на федерација... не е веројатно дека сите траги на управувањето и авторитетите ќе исчезнат".[89] Прудон сака да ја намали улогата на власта, како дел од процесот кој можел да доведе до анархија.[90] Пјер Жозеф Прудон е револуционер, меѓутоа неговата револуција не пропагира насилен преврат или граѓанска војна, туку трансформација на општеството која во

---

[81] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 45.
[82] Исто, 47.
[83] Исто, 48.
[84] Исто, 52.
[85] Познато и како Филозофија на бедата.
[86] Paul Eltzbacher, Anarchism, A. C. Fifield, London, 1908, 73.
[87] Paul Eltzbacher, Anarchism..., 74.
[88] Исто, 79.
[89] Larry Gambone, Pierre-Joseoh Proudhon and Anarchism…, 1.
[90] Исто, 1.

основа е морална.[91] Прудон сака да го укине авторитетот и државата со помош на федеративниот систем, затоа што според него федерацијата „чија суштина е секогаш да обезбеди повеќе овластувања за граѓанинот отколку за државата, за општинските и провинциските власти отколку за централната власт... политичкиот договор се нарекува федерација. Слободното здружување... е единствената вистинска форма на општеството“.[92] Прудон се залага за приватна сопственост на малите претпријатија, меѓутоа се противи на приватната сопственост во големата индустрија. Според него, сопственоста е неопходна за изградба на силна демократија, а тоа единствено можело да се постигне со кооперативните здруженија.[93]

Во 1836 година во Париз, неколку германски политички емигранти го формираат тајното друштво Лига на правдата врз основа на комунистичките принципи.[94] Членовите на ова друштво учествувале во Парискoто востание и се принудени да се засолнат во Лондон.[95] Во британската престолнина, стапуваат во контакт со работниците од северна Европа и лигата добива интернационален карактер. Основата на Лигата е сентименталниот комунизам, а нејзиното мото е „**Сите луѓе се браќа**“. Набргу членовите на лигата се нашле под Марксовото влијание и стапиле во контакт со него. Од оваа заедничка дејност, произлегла лондонската средба од 1847 година, кога друштвото се реорганизирало под името Комунистичка лига.[96] Во својата прва статија, лигата истакнува дека се залага за соборување на буржоазијата, владеење на пролетеријат, укинување на старото општество кое се потпирало на класниот антагонизам и воспоставување на ново бескласно општество каде што нема да постои приватната сопственост. Лигата ги задолжила Карл Маркс и Фридрих Енгелс, да ги претстават нејзините принципи преку еден манифест, познат како „Манифест на комунистичката партија“ објавен во февруари 1848 година, непосредно пред револуцијата.[97]

Неуспехот на револуцијата од 1848 година и прогоните допринесуваат во следните неколку години да исчезнат речиси сите трагите на социјалистичката мисла. Меѓутоа, во 60-те години на 19 век социјалистичкото движење започнува да покажува нови знаци на живот, а начинот и средствата со кои треба да се постигне крајната цел се подложени на длабока промена. Во овој период, најсилно влијание имале германските и руските мислители, а најистакнати претставници на германската социјалистичка мисла се Карл Родбертус, Карл Маркс, Фридрих Енгелс и Фердинанд Ласал.[98]

Првиот голем чекор во заживувањето на социјалистичкото движење е направен на 28.VI.1864 год. во Св. Мартиновата хала во Лондон кога е избран привремен комитет со задача да ја изготви платформа и уставот за новото здружение.[99] Карл Маркс ги напишал „Привремените правила“, кои едногласно биле одобрени од комитетот,[100] со што била основана Интернационалната асоцијација на работниците, позната и како Првата интернационала.[101] Истиот месец, правилата биле објавени во форма на памфлет, во кој било истакнато: „еманципацијата на работничката класа мора да биде освоена од самите работници... борбата за еманципација на работничката класа не значи борба за класна привилегија... туку за укинување класното владеење во целина... оваа меѓународна асоцијација и сите друштва и поединци што ќе се придружат кон

[91] Larry Gambone, Pierre-Joseoh Proudhon and Anarchism…, 2.
[92] Исто, 3.
[93] Исто, 8.
[94] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 171.
[95] Исто, 171-172.
[96] Исто, 172.
[97] Исто, 172-173.
[98] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 73.
[99] Исто, 179.
[100] Karl Marx, Frederick Engels: Collected Works. Marx and Engels: 1864-68, Volume 20, Progress Publishers, 1985, 14-15.
[101] Оригинално име на организацијата било Интернационална асоцијација на работните мажи.

неа, ќе ја признаат вистината, правдата и моралот, како основа за нивно однесување кон себе и кон сите луѓе, без оглед на бојата, верата и националноста..."[102] Меѓутоа, Првата интернационала не била идеолошки компактна и во неа имало приврзаници на Пјер Жозеф Прудон, Луј Блан, Михаил Бакунин, Карл Маркс и др.[103]

Во понатамошниот развој на социлистичката мисла влијание извршил Јохан Карл Родбертус. Томас Киркуп вели дека за сите оние кои социјализмот го идентификуваат со екстремниот револуционерен дух, Карл Родбертус е енигма и сите негови лични особини биле во контрадикција со социјализмот. Родбертус бил пруски адвокат и крупен земјосопственик, мирен и културен студент, кој не ја сакал револуцијата и агитацијата. Според некои од истражувачите, Родбертус е основач на научниот социјализам,[104] а Маркс го зазема второто место во теориите на оваа социјалистичка школа.[105] Во тој правец се Родбертусовите постулати дека сите големи историски промени имаат економско потекло, а човековиот труд е универзален економски фактор. Секој голем период во историјата може да се разграничи од друг преку формата со која е организиран трудот. Родбертус ја поделил историјата на два периода: 1) Антички пагански држави кои се карактеризирале со теократија и сатрапи, кои кулминирале со грчките градови-држави. 2) Германско-христијанската држава кој се карактеризира со феудални и бирократски фази, која завршила со репрезентативно демократска фаза.[106]

Според Родбертус, радикалното разграничување помеѓу овие два периоди, лежи во тоа што во првиот период поединецот немал права во државата и трудот бил ропски, додека во вториот период човековите права биле признаени, а ропството исчезнало. Родбертус со своите теории се пројавува како критичар на постојниот општествен поредок. Во својата историска филозофија образложува дека сите општествени системи се релативно добри до одреден степен задоволувајќи ги потребите на сопственото време и секој систем содржи контрадикција која се развива се додека животните услови стануваат неподносливи. Според Родбертус, на крајот секој системот пропаѓа постепено или преку револуција. Родбертус вели дека оваа противречност постои и во капиталистичкиот систем, која произлегувал од односот помеѓу трудот и капиталот, затоа на крајот ќе доведе до соборување на постојните имотни институции.[107] Фундамент во Родбертусовото учење е теоријата за социјален развој.[108] Според Родбертус, „целта на човештвото е да биде општествено организирано врз комунистички принципи и само на тој начин може да се примени принципот - секој човек да биде награден според неговата работа. Во оваа идна комунистичка или социјалистичка држава, земјата и капиталот треба да бидат во национална сопственост, а целокупното производство под национална контрола".[109] Затоа, Херберт Л. Осгуд заклучува дека Родбертус не е само човек со социјалистички тенденции, туку едноставно е социјалист.[110]

Најпозната личност во историјата на социјализмот е Карл Маркс, кој заедно со Фридрих Енгелс е главниот претставник на научната и револуционерна школа на социјализмот, позната и како научен социјализам или марксизам.[111] Во јануари 1842 година учествува во редактирањето на весникот „Rheinische Zeitung", орган на екстремната демократија, а набргу потоа заминува за

[102] Marx and Engels, Volume 20, 1864-68…, 14-15.
[103] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 182-183.
[104] Исто, 123.
[105] Herbert Levi Osgood, Socialism and Anarchism, London, 1889, 560.
[106] Исто, 564.
[107] Исто, 570.
[108] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 127.
[109] Исто, 127.
[110] Herbert Levi Osgood, Socialism and Anarchism…, 588.
[111] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 130.

Париз, каде стапил во контакт со француските социјалисти и Прудон.[112] Од сите средби, најзначајно е запознавањето со Фридрих Енгелс и нивната соработка продолжува во следните 40 години. Во 1845 година, Енгелс го објавува својот труд „Состојба на работничката класа“, а Маркс делото „Беда на Филозофијата“, во кое ги критикуваат погледите на Прудон, тогаш водечка личност во европското левичарско движење.[113]

Во текот на Револуцијата од 1848 година, Маркс се враќа во Германија, каде заедно со Енгелс го редактира весникот „Neue Rheinische Zeitung: Organ der Demokratie“, во кои биле претставени принципите на напредната демократија. Во 1849 година, се преселил во Лондон, каде го поминува остатокот од својот живот во елаборирање на сопствените економски погледи и обиди за реализирање на сопствената револуционерна програма. Во 1859 година, ја објавува книгата „Zur Kritik der politischen Ökonomie“, која во најголем дел е инкорпорирана во првиот дел на фамозното дело „Das Kapital“, објавено во 1867 година. По смртта на Маркс, се објавени вториот и третиот дел од „Das Kapital, уредувани од страна на Фридрих Енгелс врз основа на Марксовите ракописите што ги оставил.[114]

Маркс изградил систем на социјална филозофија и според која во развојот на капиталистичкиот систем учествуваат две класи, капиталистите кои ја приграбуваат заработувачката од индустријата и работниците кои номинално се слободни, меѓутоа без земја и капитал. Оттука, пролетеријатот е одделен од средствата за производство и зависи од капиталистичката класа.[115] Теоријата на Маркс, е доградена со погледите на Фридрих Енгелс за државата. Според оваа теорија, по освојувањето на политичката власт од страна на пролетеријатот, треба да уследи укинувањето на приватната сопственост и нејзина трансформација во општествена, со што државата ќе престане да постои. Според Енгелс, во старите општества државата била организација на експлоатирачка класа, меѓутоа кога државата ќе стане претставник на целото општество, нејзиното постоење станувало излишно. Во општеството каде не постојат класи и нема причини за судир, не е потребна државата како сила да спроведува ред во општеството.[116] Затоа Фридрих Енгелс заклучува дека: „**Државата не е укината, таа попатно умира**“.[117]

Влијанието на Маркс во германската социјалдемократија се чувствува преку активноста на Фердинанд Ласал, кој станал негов приврзаник.[118] Дејноста на Ласал започнува во 1862 година, со предавањето во Берлин кое станува познато како „Работничка програма“.[119] Во своето предавање Ласал истакнал дека човештвото се наоѓаат пред портите на новата ера на историјата, во која работничката класа е творец и претставник на таа ера.[120] Со „Отвореното писмо“ од 1863 година, погледите на Ласал добиваат форма на политичка и социјално-економска програма.[121] „Отвореното писмо“ понекогаш се именува и како „Повелба на германскиот социјализам“ која станува водечки принцип во Ласаловата социјалдемократската дејност. Во оваа програма на многу едноставен начин било укажано дека работниците треба да создадат своја независна политичка партија со јасна политичка програма која би имала за цел подобрување на условите на работниците.[122] Ласаловата дејност се крунисува со успех, преку формирањето на Германската

[112] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 132.
[113] Исто, 133.
[114] Исто, 134-135.
[115] Исто, 139.
[116] Исто, 150.
[117] Исто, 151.
[118] Исто, 166.
[119] The Working mans programme (Arbeiter-programm), An address by Ferdinand Lassalle…Translate by Edward Peters.
[120] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 82.
[121] Исто, 83.
[122] Исто, 83-84.

работничка асоцијација во 1863 година,[123] а членовите на партијата станувaат познати како Ласалисти, со што Ласал станува еден од основачите на социјалдемократијата во Германија.[124] Неговите социјалистички погледи се слични со оние на Маркс и Родбертус.[125] Меѓутоа, кај Ласал демократијата зазема особено важно место. Ласал се залага за демократија водена од науката, преку универзално право на глас во државата која ќе биде претставник и промотор на слободата, културата, моралот и напредокот. За Ласал оваа демократија треба да биде социјалдемократија, во која политичките идеи треба да бидат подредени на социјалните, оттука државата треба да бара решенија за социјалните проблемите во општеството.[126]

Во доцниот 19 век, кај социјалистите може да се направи разлика во поглед на стратегијата кон буржоаските партии и државата. Речиси сите социјалистички водачи се согласиле дека револуционерниот процес е предуслов за промена на капитализмот со социјализмот.[127] Меѓутоа кај поголемиот дел од социјалистичките водачи преовладува ставот дека транзицијата кон новиот систем може да се постигне преку легални реформи. Од друга страна, ортодоксните марксисти или револуционери се држат стриктно до научниот социјализам и одбиваат соработка со буржоазијата, стремејќи се кон одделување на пролетеријатот од останатиот дел од општеството. Тие ги осудувале достигнувањата на демократијата, се спротивставувале на реформизмот во полза на опозиционерството, се залагале за употреба на револуционерно насилство, воспоставување на диктатура на пролетеријатот, укинување на приватната сопственост, приватните претпријатија и буржоаската држава.

Од своја страна, реформистите го заштитуваат концептот дека преку еволуцијата на капиталистичкиот систем може да се отстранат корените на експлоатацијата и да се подобрат условите за живот на пролетеријатот. Не се залагаат за укинување на капитализмот преку насилна револуција и не го негираат парламентарниот систем.[128] Иако себеси се идентификувале како Марксисти и со исклучок на Лабуристичката партија во Британија, реформистите го критикуваат и честопати го ревидираат научниот социјализам. Во последните децении на 19 век, реформаторските социјалистички доктрини се прошириле во многу европски држави, под разни имиња: реформизам, ревизионизам, градуализам, легализам, посибилизам, еволуционизам и трансформизам. Тие не ја негирале класната борба, меѓутоа ја отфрлаат насилната револуција и ја напуштаат идејата за диктатура на пролетеријатот. Реформистите се залагаат за поголеми права на работниците и редистрибуција на богатството. Сметале дека ќе се создадат услови за преминување од капитализам кон социјализам. За да го реализираат нивниот концепт, предложиле политичка стратегија базирана врз умереност и прагматизам. Втората Интернационала во која доминирале германските социјалдемократи, застанува врз марксистичките позиции и го отфрла реформизмот.[129]

---

[123] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 85.
[124] Исто, 93.
[125] Исто, 96.
[126] Исто, 121.
[127] Roumen Daskalov and Diana Mishkova, Entangled Histories of the Balkans -Volume Two Transfers of Political Ideologies and Institutions Series: Balkan Studies Library, Volume: 12, 229.
[128] Исто, 229.
[129] Исто, 230.

## ГЛАВА II

## АНАРХИЗМОТ И НЕГОВИТЕ ИДЕИ

*„Анархистичките писатели се незначително застапени во нашите библиотеки. Тие се толку ретки што е многу тешко да се пронајдат дури и најпроминентните анархистички автори. Не треба да не зачудува што само еден труд за анархизмот, од сите, е создаден врз основа на сеопфатното познавање на изворите“* **– Пол Елтзбахер**



**Михаил Бакунин**

**1.** Пол Елтзбахер вели дека анархизмот во генерална смисла ја отфрла сопственоста или во најмала рака приватната сопственост.[130] Авторот исто така вели дека анархизмот како идеологија се потпира врз две теориски претпоставки: 1) секоја управа е зло 2) економијата може да се изведе без организација. Затоа Елтзбахер заклучува дека анархизмот има поволни услови во оние држави каде политички систем од страна на поданиците се гледа како непријател и економијата се наоѓа во рацете на помала група на луѓе. Според Елтзбахер, анархизмот се стреми кон идеално општество и за него се вели дека ги отфрла законите, другпат дека го отфрла општеството, а понекогаш дека ја отфрла само државата.[131] Од своја страна, Л. С. Бевигнтон анархизмот го дефинира како стремеж кон целосно ослободување на мнозинството од наложувањето на малцинството, но и за целосно ослободување на малцинството од мнозинството, со други зборови се стреми кон отстранување на сите ограничувања кои го попречуваат развојот на поединецот.[132] Според Антонио Грамши анархизмот е универзална и елементарна форма на опозиција против секое угнетување.[133]

Според Томас Киркуп, крајната цел на анархистите е апсолутната слобода, најпотполната сатисфакција на човековите барања. Затоа анархистите принципиелно се против сите авторитети и сите управи и се залагаат за замена на легалната и административната контрола со слободниот договор.[134] Анархистите пропагираат дека слободата не е возможна во општество каде капиталот е монополизиран од страна на помала група и се залагаат капиталот да биде на располагање на сите.[135] Според Томас Киркуп, анархистите проповедаат еднаквост, леб за сите, образование за сите, работа за сите.[136] Херберт Л. Осгуд вели дека анархистите ги отфрлаат сите форми на авторитет и анархистот е екстремен индивидуалист кој се стреми кон еднаквост преку слободата, за разлика од социјалистите кои се стремат кон еднаквоста преку братството.[137]

Во првите денови, некои од поборниците на социјализмот не можеле да постават јасна граница помеѓу социјализмот и анархизмот, како на пример Вилијам Морис.[138] За оваа контрадикторност, Томас Киркуп вели дека се додека социјалистите протестирале против политичките и интелектуалните сили во општеството, анархистите и социјалистите воделе идентична битка и честопати дејствувале како сојузници.[139]

---

[130] Paul Eltzbacher, Anarchism, A. C. Fifield, London, 1908, 4.
[131] Исто, 3.
[132] S. Bevignton, Anarchisam and Violence, Liberty print, London, 1890, 24; Socialism and Anarchism, Antagonistic opposites, First published as a pamphlet by the National Executive Committe of the Socialistic Labor Party, New York, 1886, 1.
[133] Libertarian Socialism Politics in Black and Red..., 29.
[134] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 273.
[135] Исто, 273.
[136] Исто, 273.
[137] Herbert L. Osgood, Scientific Anarchism, Volume IV. March, 1889. Number 1. Political science quarterly, 1.
[138] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 275.
[139] Исто, 275.

Во текот на 19 век, управувањето во Русија било целосно автократско и без демократска контрола. Сите руски слободоумни мислители, особено Толстој и Кропоткин, биле критички настроени кон власта во руската држава и се создало генерализирано сфаќање дека секоја власт во суштина е лоша. Затоа Пол Елтзбахер вели дека во оние земји каде постојниот државен систем бил популарен, анархизмот никогаш не пуштил корени.[140] Затоа анархизмот никогаш немал силна енергија во Америка и Англија, и бил сила во источна и јужна Европа каде постоеле млади држави со корумпирани влади. Лошата власт создала силни индивидуи кои биле решени да тргнат по сопствен пат без разлика на цената, водени од високите идеали и апстрактни принципи со презир кон личните добивки го прифаќале анархизмот и станувале револуционери.[141] Овој тип на индивидуи доминирал кај јужните Словени каде влијанието на анархизмот се развивал за сметка на социјализмот.[142]

**2.** Во 1883 година во текот на судењето во Лион, Петар Кропоткин изјавил: „Честопати ме именувале како татко на анархизмот. Ова ми прави голема чест. Меѓутоа, таткото на анархизмот е бесмртниот Прудон, кој го објасни за прв пат во 1848 година".[143] Според Осгуд, анархизмот како социјална теорија најпрво е формулирана од Прудон во делото „Што е сопственост?" каде бил изнесен основниот анархистички принцип - „**отсуство на господар**", што во суштина значело целосно укинување на државата и пренесување на општествените интереси врз поединецот, кој требало да дејствува самостојно или преку доброволни здруженија.[144] Осгуд исто така вели дека социјалната идеја на Прудон е „**совршената индивидуална слобода**".[145] Но, Георгиј Плеханов не се согласува со овие констатации и вели дека таткото на анархизмот е Макс Штирнер со делото „Der Einzige und sein Eigenthum", објавено во 1845 година, каде за прв пат била изложена анархистичката теорија.[146] Независно од овие искажувања, во оформувањето на анархистичката идеологија повеќе мислители извршиле влијание, а меѓу нив се Вилијам Годвин, Пјер Жозев Прудон, Макс Штирнер, Михаил Бакунин, Петар Кропоткин, Бенџамин Такер, Лав Николаевич Толстој и др.[147] Меѓу првите е Вилијам Годвин според кого општеството и власта меѓусебно се разликуваат и имаат различно потекло, односно општеството е творба на нашите желби, а власта на нашето зло. Општеството во секоја држава е благослов, а власта дури и во најдобрите држави е „**нужно зло**".[148] Според Годвин, општествата треба да бидат мали и да имаат што помалку меѓусебни односи, а малите територијални општества треба да бидат основата за независно администрирање на внатрешни работи.[149] Годвин исто така вели дека идното општество треба да ја отстрани неправдата над поединецот во заедницата.[150]

Еден од највлијателните анархистички мислители е Макс Штирнер (неговото вистинско име е Јохан Каспар Шмит) кој своето учење не го нарекува анархизам и претпочита да го именува како „**анархичен**", за да го означи политичкиот радикален либерализам за кој се залагал.[151] Според Штирнер, однесувањето на државата е насилно и таа насилност се нарекува закон. Штирнер вели

---

[140] Paul Eltzbacher, Anarchism…, 276.

[141] Исто, 277; Како пример можеме да ги посочиме Димитар Благоев, Спиро Гулапчев и Трајко Китанчев. Лошата власт и економска состојба во Османлиската империја оставиле трајни белези во нивните личности. Не случајно првите двајца станале пионери на социјализмот и анархизмот во бугарското општество. Китанчев од своја страна се истакнал со својот слободарски дух. Нивните погледи имале влијание во идеолошката изградба на македонското ослободително движење. За ова прашање ќе видиме во понатамошниот дел од трудот.

[142] Thomas Kirkup, A history of Socialism…,, 277.

[143] George Plechanoff, Anarchism and Socialism…, 38.

[144] Herbert L. Osgood, Scientific Anarchism, Volume IV. March, 1889. Number 1. Political science quarterly…, 8.

[145] Исто, 11.

[146] Исто, 38-39.

[147] Paul Eltzbacher, Anarchism…, 12-13.

[148] Исто, 47.

[149] Исто, 48.

[150] Исто, 50

[151] Исто, 95.

дека е смртен непријател на државата, затоа што „секоја држава е деспотизам, без разлика дали деспотот е еден или повеќемина“.[152]

Томас Киркуп во својата историја за социјализмот вели дека анархистичката теорија е потполно развиена од руските мислители и големиот „апостол“ на анархистичкиот систем Михаил Бакунин.[153] Според истиот автор, теоријата на Бакунин е револуционерен социјализам кои се стреми кон „**уништување на надворешниот авторитет со сите можни средства**“.[154]

Михаил Бакунин е противник на секоја вера и на секоја црква.[155] Во посланица со наслов „На моите млади браќа во Русија“, Бакунин го препорачува Стенка Разин како примерен водач на народното востание, нагласувајќи дека овој познат бунтовник воопшто не бил религиозен и вака одговорил кога му префрлиле дека убива свештеници: „**Зошто ви се попови: ако сакате да се венчате, прошетајте три пати околу некое дрво и сте ја завршиле работата**“.[156] Бакунин најголемиот дел од својот живот го посветил во обидите да ја разори руската царска држава, како впрочем и секоја држава, воопшто. Од тие причини, со сите сили настојувал да основа една тајна организација, која ја споредувал со штаб на револуционерната војска, со тоа што војската, според неговата замисла, требало да биде целиот народ. За Бакунин во политичката борба сите средства биле дозволени. Опишувајќи го својот идол Стенка Разин како човек од железо, кој немал милост ниту кон себе си ниту кон другите, Бакунин вели дека неговиот метод на политичко пресметување бил многу едноставен: „Стенка Разин ги убивал сите луѓе кои не му припаѓале на народот“.[157] Единствената забелешка што ја имал Бакунин за Разин, било тоа што неговиот бунт немал никаква политичка организација**,** односно народот е свесен за својата сиромаштија и има стихијна сила, но стихијната сила без организација не е вистинска сила. Во организациски поглед, Бакунин се угледал на старешината на језуитскиот ред Иганцио Лојола. Според Бакунин, тајната револуционерна организација мора да биде организирана на цврста, безусловна дисциплина, односно на безусловно потчинување на секој нејзин член на наредбите на еден единствен комитет, кој знае се и кој на сите припадници на организацијата им е целосно непознат. Членовите, пак, на комитетот, како језуити, вели Бакунин, се откажале дури и од својата сопствена волја [158]

Бакунин создава голем број на дела од филозофска и политичка природа.[159] Сопственото учење за правото и државата го именува како анархизам и ги отфрла сите легислативи, сите авторитети, сите привилегии, дури и оние што се создадени од универзалното право на глас.[160] Според Бакунин, државата е историско неопходно зло, преодна форма на општеството и секоја нација, провинција и комуна има неограничено право на целосна независност.[161] Бакунин се залага за колективизација на земјата, инструментите на трудот и останатиот капитал, и затоа вели: „**Јас не сум комунист, туку колективист**“ и општеството треба да биде организирано од долу нагоре врз принципот на слободен сојуз, а не од горе надоле врз основа на авторитет.[162] Бакунин проповеда дека револуцијата уште првиот ден треба комплетно и „**целосно да ја уништи државата**“ и нејзините институции.[163]

---

[152] Paul Eltzbacher, Anarchism…, 102.
[153] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 265.
[154] Исто, 268.
[155] Никола Милошевиќ, Нови антрополошки есеи, Култура, Скопје, 2005, 93.
[156] Исто, 94.
[157] Исто, 95.
[158] Исто, 96.
[159] Paul Eltzbacher, Anarchism…, 115-116.
[160] Исто, 117.
[161] Исто, 119-120.
[162] Исто, 131.
[163] Исто, 135.

Образложувајќи ја потребата од укинување на секоја државност, Бакунин не еднаш се повикува на своето гледање за коруптивното дејствување на власта, најпластично и најпрецизно искажано во неговиот труд „Науката и насушната революционерна работа“ каде истакнува: „Земете го најзапалениот можен револуционер... и ставете го на серускиот престол, или дајте му диктаторска власт и тој за една година ќе стане полош и од Александар Николаевич“.[164] За оваа проценка на моќта на властодржачките пориви, Бакунин наоѓал објаснување во човековата природа. Според Бакунин: „човекова-природата на секој човек... е таква, што ако му дадете власт над вас, тој задолжително ќе ве угнетува и ќе се претвори во подлец“. Токму затоа укинувањето на секоја државна власт за Бакунин е единствен услов за моралноста на сите луѓе, без никакви исклучоци.[165]

Бакунин ја согледува и главната слабост на концептот за диктатура на пролетеријатот. Осврнувајќи се на оваа Марксова доктрина, Бакунин во своето дело „Државност и анархија“ ја подложува на критика, истакнувајќи: „Марксистите тврдат... дека државниот јарем, диктатурата, е неопходно средство за целосно народно ослободување. Анархијата или слободата се цел, државата или диктатурата средство“. Следствено, Бакунин иронично заклучува дека „народните маси најнапред треба да се поробат за да можеме потоа да ги ослободиме... Секоја диктатура... може да има за цел да се овековечи себеси, а слободата може да се постигне единствено со помош на слободата“.[166]

Во развојот на анархистичката теорија свој придонес има и Петар Кропоткин. Според него е потребна една социјална револуција со која луѓето ќе ги преземат сите сопствености во општеството и ќе ги „**укинат сите авторитети**“.[167] Селаните треба да ги „протераат крупните земјопоседници“, а нивните имоти да ги прогласат за „заедничка сопственост“.[168] Кропоткин проповедал дека треба „**да се подготват умовите на луѓето за револуцијата**“ која се приближува, тоа е задача на оние кои го предвидуваат текот на еволуцијата, а особено задача на „тајните друштва и револуционерните организации“.[169]

**3.** Заедничка карактеристика на сите анархистички теории е негирањето на државата, но постојат разлики во смисла со какви средства ќе биде укината државата и на каков начин ќе биде организирано идното општеството кое ќе ја замени државата. Во контекст какво ќе биде идното општество, може да се направи следната поделба: федералистички теории (Прудон, Бакунин, Кропоткин и Такер) и спонтани теории (Годвин, Штирнер и Толстој).[170] Во однос на реализацијата, на каков начин или средства ќе биде постигната целта, може да се направи следната поделбата: реформаторски (Годвин и Прудон) и револуционерни (Штирнер, Бакунин, Кропоткин, Такер и Толстој) теории.[171] Исто така постојат разлики и во однос на сопственоста. Во однос на ова прашање, Годвин, Прудон, Штирнер и Толстој ја негираат сопственоста, а Такер се залага делумна сопственост, користење на земјата без ограничување, како за поединците така и за колективите. Бакунин се залагал за делумна колективизација, во смисла дека сопственоста понекогаш може да биде индивидуална, но средствата за производство да бидат заеднички (колективни), а Петар Кропоткин се залагал за делумен комунизам.[172] Макс Штирнер е критички настроен против секоја општествена организација која ги загрозува правата на поединецот. Во таа

164 Никола Милошевиќ, Нови антрополошки есеи..., 98
165 Исто, 98
166 Исто, 105
167 Исто, 171.
168 Исто, 174.
169 Исто, 177.
170 Paul Eltzbacher, Anarchism…, 279.
171 Исто, 284.
172 Исто, 294.

смисла, Штирнер ја критикува и комуната, бидејќи таа ја загрозува сопственоста на поединецот и повикува на востание против неа.[173] Штирнер е радикален либерал и за него секоја форма на здружување е ограничување на индивидуалната слобода.

Во однос на прашањето на каков начин треба да биде постигната целта, Годвин и Прудон се залагаат за мирољубива транзиција без да се прекршат постојните закони. Од друга страна, анархистичките револуционерните теории можат се поделат на две подгрупи. Такер и Толстој се залагаат за прекршување на законите, но без употреба на сила, а Бакунин, Кропоткин и Штирнер се залагаат за употреба на силата.[174]

Според Георгиј Плеханов, Штирнер и Прудон се индивидуалисти и нивниот анархизам имал особено влијателен во Франција, Белгија, Италија, Шпанија, словенските земји и особено во Русија.[175] Постепено, приврзаниците на индивидуализам го прифаќаат концептот за колективизам и според Плеханов најголем претставник на колективизмот е Михаил Бакунин.[176] Петар Кропоткин вели дека колективизмот како теорија се залага за колективна сопственост на средствата за производство и комуната е најдобра форма на здружување.[177] Според Херберт Л. Осгуд, приврзаниците на колективизмот до крајност го довеле принципот на самоуправа и проповедале дека во градовите и селата не треба да постои централизирана власт и членовите на комуната треба заеднички да го контролираат имотот и заеднички да ги извршуваат работите.[178] Во споредба со Прудон кој првенствено ја напаѓал државата, комунистичките анархисти своите напади ги насочиле кон приватната сопственост.[179]

**4.** Роберт Флин вели дека Русија родила многу чудна идеологија која секогаш се класифицирала како социјализам и оваа идеологија никогаш генерално не протестирала против ова именување. Флин оваа идеологија ја нарекува анархизам или нихилизам,[180] меѓутоа, треба да се направи разграничување помеѓу рускиот нихилизам и народништвото. Нихилистите најчесто биле потомци на аристократијата и го одбивале богатството на своите родители. Нихилистичкото движење своето име го добива од романот на Иван Тургенев - „Татковци и синови“, каде главниот лик е нихилист. Според Тургенев, нихилистите не се потчинуваат на ниту еден авторитет и отфрлаат се што доаѓа од минатото, без разлика дали е добро или лошо.[181] Нихилизмот наликува на анархистичката идеологија, но има свои особености. За приврзаниците на нихилизмот државата не е апсолутно лоша и преку реформи може фундаментално да се промени. Нихилизмот во суштина бил начин на живеење, односно култура на руската интелигенција, а како филозофија се залага за отфрлање на сите религиозни и политички авторитети, општествената традиција и традиционалниот морал. Крајната цел на нихилистите е слободата, како краен идеал.

Со радикализирањето на руската интелигенцијата, во текот на 60-те и 70-те години на 19 век се појавува народништвото (во смисла блиска до народот) и негови основоположници се Александар Херцен и Николај Чернишевски.[182] Народништвото се стреми кон зближување на средната класа и селаните со цел изнаоѓање на самостоен руски пат за општествен напредок. Меѓутоа, народништвото останало пред се интелектуално движење и извршило влијание врз

[173] George Plechanoff, Anarchism and Socialism…, 50.
[174] Paul Eltzbacher, Anarchism…, 298.
[175] George Plechanoff, Anarchism and Socialism…, 78.
[176] Исто, 79.
[177] Peter Kropotkin, Anarchism: Its philosophy and ideal, sixth issue, freedom pamphlets, No. 10, 1909, 5.
[178] Herbert L. Osgood, Scientific Anarchism, Volume IV. March, 1889. Number 1. Political science quarterly…, 26.
[179] Исто, 28.
[180] Robert Flint, Socialism..., 36.
[181] Thomas Kirkup, A history of Socialism…, 243.
[182] Alexander Herzen, Selected fhilosophical works, Foreign languages publishing house, Moscow, 1956, 7.

развојот на руското социјалистичко движење. Од друга страна, народништвото било поделено на умерена и радикална група. Првата група се стремела кон постепена општествена, економска и политичка преобразба, а од друга страна, радикалите кои биле приврзаници на Николај Чернишевски се залагале за насилна револуција. Чернишевски бил под влијание на германскиот филозоф Лудвиг Фојербах, просветителските идеи од 18 век и Луј Блан.[183] Никола Берѓаев вели дека во социјалната мисла на персоналистичкиот социјализам му се доближиле во Русија - Херцен, а на запад - Прудон.[184] Според Берѓаев, персонализмот барал децентрализација и федерализам, како и борба против централизираните чудовишта.[185] Берѓаев исто така вели дека: „По својот светоглед Херцен беше општествен деец, но имаше длабоки мисли сугерирани од неговото силно чувство на личноста. Нему му припаѓаат зборовите: Потчинувањето на личноста на општеството, народот, човештвото, идејата - е продолжување на принесувањето човечки жртви“.[186]

Врз основа на народничките идеи во Русија се создава организацијата Земја и слобода, чија програма се дефинира како народничка. Во првиот период (1861-1864) од постоењето на организацијата, нејзината програма била под влијаеле Херцен, Чернишевски и Николај Огарев, а во вториот период (1876-1879) била под влијание на Александар Михајлов, Георгиј Плеханов, Димитриј Лизогуб, Сергеј Степњак, Николај Морозов, Лев Тихомирив и др.

Сергеј Степњак за приврзаниците на Земја и слобода, вели: „Според нашите убедувања ние сме социјалисти и демократи. Ние сме убедени дека врз социјалистичките принципи, човештвото може да стане олицетворение на слободата, еднаквоста и братството, да обезбеди општ просперитет, хармоничен развој на човекот и негов социјален напредок... Ние понатаму како социјалисти и демократи сметаме дека најпрво треба да ја препознаеме непосредната цел, да ја ослободиме нацијата од сегашната состојба на угнетување преку создавање на политичка револуција. На тој начин ќе ја пренесеме највисоката моќ во рацете на луѓето. Сметаме дека волјата на нацијата треба да биде изразена со совршена јасност... од страна на Национално собрание, слободно избрано со гласовите на сите граѓани... Ова не го сметаме за идеална форма на изразување на волјата на народот, туку како најприфатлива форма што треба да се реализира во пракса“.[187]

Народничката политичка програма се состоела од следните принципи: 1) Народното собрание да има врховна и извршна власт за сите главни државни прашања. 2) Во провинциите да се воведе самоуправа и сите јавни функции да бидат изборни. 3) Да се обезбеди независност на селската комуна, како економска и административна единица. 4) Сета земја да се прогласи за национална сопственост. 5) Серија на подготовки, за финален пренос на сопственост на мануфактурите во рацете на работниците. 6) Совршена слобода за совеста, печатот, говорот, собирите, здруженијата и изборната агитација. 7) Правото на глас да се прошири на сите граѓани на законска основа, без класни или имотни ограничувања. 8) Укинување на постојната армија и нејзина замена со територијални милиции.[188]

Во 1879 година, од редовите на Земја и слобода ќе произлезат две радикални организации Народна волја и Слобода или смрт основана од Лев Тихомиров, а приврзаниците на двете организации го прифатиле теророт како средство за дејствување. Народна волја се залагала за револуционерно насилство и е под влијание на идеите Сергеј Нечајев и Карло Пизакане. Сергеј

[183] Јован Скерлић, Светозар Марковић; Његов живот, рад и идеје; Издавачка књижарница напредак, Београд, 1922, 119.
[184] Никола А. Берѓаев, За човековото ропство и слобода; искуството на персоналистичката филозофија, Култура, Скопје, 1996, 252.
[185] Исто, 254.
[186] Јован Скерлић, Светозар Марковић..., 120.
[187] Herbert L. Osgood, Scientific Anarchism, Volume IV. March, 1889. Number 1. Political science quarterly…, 1.
[188] Исто, 31.

Нечајев по убедување бил анархист-народник и одржувал контакти со Бакунин.[189] Неговите погледи за задачите и методите на руските револуционери биле претставени во објавите кои главно го носеле општиот наслов „Народна расправа“. Неговите погледи се карактеризираат со голема фанатичност и отфрлање на постојните морални вредности. Според Нечајев: „Изградбата на новото е задача на идните поколенија, а задачата пак на денешните поколенија е да ги отстранат препреките, да не се штеди никого и ништо, а пред се да не се штедиш себе си“.[190]

Во 1869 година во Женева е објавен манифестот „Катехизма на револуционерот“,[191] и помеѓу истражувачите постојат полемики околу прашањето за тоа кој е вистинскиот творец на овој манифест. Според едни, тој е колективна творба на Нечајев, Михаил Бакунин и Н. П. Огарев.[192] Според други, Михаил Бакунин извршил пресудно влијание, а за некои Нечајев е творецот.[193] Манифестот „Катехизма на револуционерот“ е најрадикалниот документ во овој период кој извршил силно влијание врз руското анархистичко движење.[194] Катехизмата е поделена на два дела: Општи правила на Организацијата и Правила за однесување на револуционерите. Според манифестот: „Револуционерот е осуден човек. Тој нема лични интереси, нема деловни работи, нема обврски, нема имот и нема име. Се што е во него, целосно се апсорбира во единствената мисла и единствената страст за револуцијата. Револуционерот го презира јавното мислење. Тој го презира и го мрази постојниот морал во сите негови манифестации“.[195]

Народна волја преку Нечајев е под индиректно влијание на италијанскиот републиканец Карло Пизакане, страстен приврзаник на федерализмот и мутуализмот. Пизакане е најпознат по својата теорија - **пропаганда со дело**, која извршила големо влијание врз европските и руските револуционерите.[196] Според Пизакане: „Идеите произлегуваат од делата, а не делата од идеите, народот нема да биде слободен кога ќе биде школуван, туку ќе биде школуван кога ќе биде слободен“.[197] Пизакане е приврзаник на политичкото насилството и според него насилството е потребно, не само затоа што го привлекува вниманието и ја поттикнува јавноста на борба за идеал, туку и да информира, школува и на крајот да ја обедини народната маса околу револуцијата.[198] Пизакане исто така вели дека суштината на револуцијата никогаш не може ефикасно да се замени со памфлети, плакати или собири.[199]

Според Брус Хофман, Народна волја е првата организација која во пракса ја спроведува оваа максима на Пизакане. Според истиот автор, Народна волја покажала донкихотски став кон насилството кое го создавала. За членовите на Народна волја, пропагандата со дело значело селективно бирање на целите кои ги сметале за израз на автократската угнетувачка руска држава. Следствено, нејзини жртви биле царот, истакнати членови на царската фамилија и високи државни

---

[189] Евгений Волков, Христо Ботев, превод от руски под редакцията на Михаил Попруженко, Боян Пенев и Михаил Арнаудов, Посвещава се на 160-годишнината от рождението на Христо Ботев, Издание на ФАБ, София 2009, 151.
[190] Исто, 151.
[191] Mikhail Heller, Cogs in the Wheel: The Formation of Soviet Man, New York: Knopf, 1988, 12.
[192] Революционный радикализм в России: век девятнадцатый. Документальная публикация / Под. ред. Е. Л. Рудницкой. - М.: Археографический центр, 1997, 244-248.
[193] Marc Leier, Bakunin: The Creative Passion, Seven stories prees, New York, 2009, 232; Евгениј Волков го цитира Т. Рајнов, според кого: Под влијание на Нечаев, Бакунин тогаш верувал само во директната акција и бил разочаран од така наречената теорија на револуционерите од видот на Утин... Види: Евгений Волков, Христо Ботев.., 152.
[194] Charles Moser, The Cambridge History of Russian Literature, Cambridge, Cambridge University Press, 1992, 265; Michael Gillespie, Nihilism before Nietzsche, Chicago, University of Chicago Press, 1995, 162-163.
[195] Sergey Nechayev, The Revolutionary Cetechism, 1869. Преземено од: https://www.marxists.org/subject/anarchism/nechayev/catechism.htm
[196] Brus Hofman, Unutrasnji Terorizam, Narodna knjiga, Alfa, 2000, 13.
[197] Исто, 13.
[198] Исто, 13.
[199] Исто, 13.

функционери кои биле свесно избирани поради нивната симболична вредност.[200] Во тој дух, членовите на Народна волја извршиле серија на атентати врз претставниците на руската држава, кои кулминираа со убиството на рускиот цар Александар II во 1881 година.

[200] Brus Hofman, Unutrasnji Terorizam..., 13-14.

## ГЛАВА III

## СОЦИЈАЛИСТИТЕ И АНАРХИСТИТЕ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ

*„Името на Гулапчев стана познато на целата бугарска напредна младина и дури во нејзините очи беше окружен со ореол на еден страдалник за идејата... Гулапчев ја посочуваше потребата од една длабока општествена реформа, која би ја отстранила таа неправда во општеството и би дала можност на сите луѓе да живеат среќно во светот“* – **Константин Бозвелиев**



**Димитар Благоев**

**1.** Влијанието на социјалистичките идеи во Бугарија, Србија, Грција и Османлиската империја е ограничено до 1914 година.[201] Во балканските словенски земји во принцип доминира руското влијание, вклучително народничките и социјалдемократските елементи, а влијанието на Георгиј Плеханов се чувствувало преку балканските студенти во Швајцарија кои стапиле во контакт со неговата група. Германското влијание не се ширело преку личните контакти, туку преку престижот на Германската социјалдемократска партија во Втората интернационала, а британското влијание се чувствувало единствено во Грција и со исклучок на Јанко Саказов во Бугарија.[202] Одделни претставници на балканското социјалистичко движење велат дека првата социјалистичка генерација е под влијание на Светозар Марковиќ,[203] а Димитар Благоев го признава и влијанието на сентименталниот социјализам на Васа Пелагиќ кај првите социјалисти во Бугарија.[204]

Во последната деценија на 19 век, левичарските идеи имале незначително влијание во Србија. Но, социјалистичките идеи особено руското народништво, во текот на 70-те и 80-те година на 19 век извршиле влијание врз српскиот радикализам, особено преку дејноста на Светозар Марковиќ.[205] Драган Плавшиќ вели дека првите социјалистички идеи во Србија не пристигнале од Западна Европа, туку непосредно преку Русија и првите пионери на левичарските идеи во Србија, како Живојин Жујовиќ, Љубен Каравелов и Светозар Марковиќ биле руски ученици. Плавшиќ исто така вели дека Светозар Марковиќ е веројатно најважниот социјалистички мислител кој се појавил на Балканскиот полуостров во втората половина на 19 век.[206]

Според Јован Скерлиќ, кога Светозар Марковиќ во 1872 година ја напуштил Србија како приврзаник на идејата за пролетерски социјализам во духот на Првата интернационала, меѓутоа кога во 1873 година се вратил во Белград ја напуштил идејата за работнички социјализам, бидејќи Србија била претежно земјоделска земја со слаба индустрија. Оттука, Марковиќ својата платформа ја поставил на нови темели во правец на пропагирање на општите демократски идеи, уставна и народна самоуправа, проширување на задружната и општинската сопственост во српските села.[207] Според нас, оваа констатација на Скерлиќ не е точна. Ако внимателно се анализираат теориите на Марковиќ, неизбежен е заклучокот дека уште на самиот почеток е под влијание на руското народништво и во суштина се залага за ново општествено управување врз основа на традиционалната српска задруга која требал да биде сопственик на земјиштето и неколку

---

[201] G. D. Cole, A History of socialist thought, Volume III, Part II, The Second international 1889-1914, St. Martin Press, New York, 1963, 586.
[202] Исто, 590.
[203] Roumen Daskalov, Diana Mishkova, Entangled Histories of the Balkans - Volume…, 228.
[204] Исто, 228.
[205] G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 603.
[206] Dragan Plavšić The Origins of the Balkan Socialist Tradition. Преземено од: http://www.revolutionaryhistory.co.uk/index.php/184-articles/articles-of-rh0803/5651-the-origins-of-the-balkan-socialist tradition-between-populism-and-marxism.
[207] Јован Скерлић, Светозар Марковић..., 87-88.

семејства заеднички да ја обработуваат. Марковиќ исто така се залага за децентрализација на државата преку општините и директната демократија.[208] Марковиќ е под влијание на идеите на Маркс, Прудон, Ласал, Фурие, Спенсер и др., но кој него најмногу се чувствува влијанието на Николај Чернишевски.[209] Со својата дејност, Марковиќ допринесува за популаризирање на Чернишевските идеи во Србија, особено со делото „Принципи на народната економија или наука за народната благосостојба“.[210] Светозар Марковиќ исто така се спротивставува на големосрпската националистичка идеја и се залага за балканска федерација.[211] Со својата теориска и публицистичка дејност извршил влијание врз генерацијата на српски марксисти, како Димитрије Туцовиќ и Душан Поповиќ, кои ја предводеле српската социјалдемократска партија до Првата светска војна.[212]

Во доцниот 19 век, сентименталните социјалистички идеи на Васа Пелагиќ се прошириле во неколку балкански држави.[213] Пелагиќ ги критикувал постојните институции и пропагира социјално ослободување и еднаквост.[214] Поради своите политички погледи е прогонуван, затваран и протеруван од османлиските, австриските и српските власти.

Васа Пелагиќ како студент во Москва се запознава со идеите на Чернишевски, Доброљубов, Писарев и Херцен.[215] Во Босна предводел мала револуционерна група, чии програмски основи биле создадени од самиот Пелагиќ. Во овој период објавува и два документа: „Еден проект на Босанците. За Преобразбата на Босна и Херцеговина врз современи демократски принципи“ (1876) и „Бунтовничка програма за народните права“, напишана кон крајот на 1877 година. Последната програма се состои од следните принципи: 1) Земјата му припаѓа на оној што ја обработува. 2) Народно собрание кое се состои од избрани претставници. 3) Самоуправни општини. 4) Полна и неограничена слобода за говорот и печатот. 5) Неприкосновеност на личноста и имотот. 6) Одделување на училиштата од црквите.[216]

**2.** Антон Страшимиров вели дека младината пред создавањето на бугарската држава најчесто се школувала во Русија и затоа бугарската интелигенција била словенофилска или нихилистичка.[217] Левичарските идеи биле распространувани од бесарапската и руската интелигенција (учители, лекари, инженери и др.) која била компромитирана пред руските власти и се засолнала во Бугарија, а меѓу неа имало и приврзаници на нихилизмот. Во бугарските библиотеки пред се имало руска литература и се сретнувале делата на Чернишевски, Писарев, Тургењев и др., како и делото „Нелегална Русија“.[218]

Во 1882 година, во Источна Румелија повеќемина народници кои имале значајно револуционерно минато и активна политичка дејност во Русија се населиле во Пловдив, Пазарџик,

---

[208] Dragan Plavšić The Origins of the Balkan Socialist Tradition. Преземено од: http://www.revolutionaryhistory.co.uk/index.php/184-articles/articles-of-rh0803/5651-the-origins-of-the-balkan-socialist tradition-between-populism-and-marxism.
[209] Јован Скерлић, Светозар Марковић..., 130.
[210] Исто, 130-131.
[211] Исто, 186.
[212] The Origins of the Balkan Socialist Tradition. Преземено од: http://www.revolutionaryhistory.co.uk/index.php/184-articles/articles-of-rh0803/5651-the-origins-of-the-balkan-socialist tradition-between-populism-and-marxism.
[213] Entangled Histories of the Balkans - Volume Two…, 233.
[214] Исто, 233.
[215] Работничкото движење на Македонија до 1929 год. Материјали од научната средба одржана во Титов Велес на 8, 9 и 10 мај по повод 40 - годишнината од смртта на Васил Главинов и 50 - годишнината од КПЈ, Скопје, 1971, 78.
[216] История Югославии, Том I, Издателъство академии наук СССР, Москва, 1963, 612-613.
[217] Антонъ Страшимировъ, Диктаторътъ; Нови проучвания върху живота и личностьта на Стефанъ Стамболовъ, книга прва, София, 1935, 11.
[218] Исто, 12.

Стара Загора, Разград, Габрово и др., и ги пропагирале нихилистичките и народничките идеи.[219] Преку нив се распространувала руската нелегална литература, а го издавале и весникот „Народна волја“. Покрај тоа, одржувале врски со народничките групи во Русија, Франција и Швајцарија.[220] Некои од руските револуционери кои пристигнале во Бугарија, претходно неколку години престојувале и во Франција каде членувале во народнички терористички кружоци и донеле нелегална руска и западноевропска револуционерна литература, меѓу кои и делата на Прудон. Нивните народнички идеи, биле дополнети со анархистички и други револуционерни идеи. Во Бугарија ги продолжиле контактите со анархистичките кругови и емигрантите-народници од Франција, а од нив ја добивале и споменатата литература. Според Дончо Даскалов, во текот на 80-те години на 19 век, во Бугарија движењето за демократизам и анархизам се соединило со бунтовничките идеи и теории на народништвото, радикализмот и социјализмот.[221]

Во 1880 година, Љубен Каравелов започнал со издавање на весникот „Независност“, политичката програма на овој весник е речиси идентична како онаа на српската радикална партија која била под влијание на Светозар Марковиќ. Весникот „Независност“ се залагал за полна слобода на печатот, полна самоуправа на општините, управување преку изборни службеници, народна милиција, прогресивни даноци и др.[222] Димитар Благоев програмата на „Независност“ ја именува како **радикал-социјализам** кој се состоел од мешавина на идеите на Каравелов, Христо Ботев, Марковиќ и Васа Пелагиќ.[223] Радикал-социјализмот бил против постојниот општествен и политички поредок, особено против монархистичката власт и црквата, против постојната армија и чиновништво и се залагал за рамноправност, братство и зачувување на малите земјишни поседи. Кај радикал-социјализмот, малите земјишни поседи имаат голема важност затоа што на нив се гледа како на основа на општеството и гаранција за просперитет, како највисока форма на социјална правда.[224] Главен претставник на радикал-социјализам бил Георги Карџиев, кој подоцна станува идеолог на Либералната партија, која се стремела да ги застапува интересите на ситните земјоделци. Карџиев исто така е преведувач и на првиот социјалистичко-утописки памфлет во Бугарија: „Кои се корените на востанието“ од Васа Пелагиќ, објавен во 1882 година во Русе. Радикалниот-социјализам во почетокот бил составен дел од програмата на Либералната партија, а во 1885 година Трајко Китанчев е еден од најсимпатичните идеолози на оваа партија и се залага за социјални асоцијации и производни здруженија.[225]

Во 1886 година, социјалистичките идеи се пропагирани од страна на Евтим Дабев преку весникот „Росица“. На страниците на овој весник биле популаризирани идеите на Карл Маркс и Енгелс, а бил објавен и првиот превод на Марксовата брошура „Наемниот труд и капитализмот“ од страна на Дабев.[226] Во 1890 година, Дабев ја превел и Енгелсовата брошура „Развиток на научниот социјализам“. Според Димитар Благоев, Дабев е првата личност во Бугарија која отворено ги пропагирала социјалистичките идеи.[227]

Во втората половина на 80-те години на 19 век, во Бугарија се појавува **сиромахомилството**. Творецот на оваа идеологија е Македонецот Спиро Гулапчев кој студира при Киевскиот универзитет и потпаѓа под влијание на рускиот нихилизам, народништвото, идеите

---

[219] Дончо Даскалов, Анархизмът в България..., 24.
[220] Исто, 24-25.
[221] Исто, 25-26.
[222] Димитьр Благоев, Принось кнмь историяата на социализма вь Бьлгария, Партийната Социалистическа Книжарница, София, 1906, 85.
[223] Исто, 85.
[224] Marcel van der Linden and Jürgen Rojahn, The Formation of Labour Movements 1870-1914 (2 vols.). An International Perspective, 1990, 403.
[225] Димитьр Благоев, Принось кнмь историяата..., 86.
[226] Исто, 95.
[227] Исто, 112.

на Писарев, малорускиот федерализам и конспиративноста на руските револуционери.[228] Спиро Гулапчев проповеда војна против естетиката, против луксузот, против раскошот, против модните трендови, исто така е и противник на универзитетското студирањето. Гулапчев проповеда дека најголем грев е да се студира, кога народот сиромаштва. Гулапчев мечтаел за создавање на комуна по образецот на првата епоха на христијанството. Според Димитар Благоев, еден дел од приврзаниците на Спиро Гулапчев и сиромахомилството подоцна станале идеалистите, демократи или социјалисти.[229]

Првите поборници на социјалистичките идеи во Бугарија биле претежно млади луѓе (20-30 години), со солидно образование стекнато во некои од најпрестижните универзитети во Европа - Швајцарија, Франција, Германија, Англија и др. Во двете струи на бугарското социјалистичкото движење како политички водачи се нашле голем број на образовани личности: Никола Габровски, Крсто Раковски, Георги Кирков, Јанко Саказов, Васил Коларов, Димитар Нејков, Никола Сакаров и др. Сите тие имале блиски контакти со руските студенти и револуционери кои биле приврзаници на различни левичарски идеи - народници, анархисти, ученици на Лавров, Бакунин, Кропоткин и др.[230] Димитар Благоев како личност се оформува во текот на трите студиски години во академската средина на Санктпетербуршкиот универзитет, меѓутоа не успева да дипломира бидејќи е протеран од Русија поради социјалистичка пропаганда.[231] За прв пат организираното социјалистичко движење во Бугарија се појавува во текот на 90-те години на 19 век, меѓутоа неговите основи биле подготвени во 80-те години преку дејноста на Димитар Благоев и Никола Габровски.[232] Други пионери на бугарскиот социјализам биле Крсто Раковски и Јанко Саказов. Последниот студирал во Лондон каде што се нашол под влијание на британските идеи и поради што доаѓа во судир со револуционизмот на Димитар Благоев.[233]

Во 1889 година, Габровски ја објавува брошурата „Морална задача на интелигенцијата“ со која ја поканува бугарската интелигенција да ја прифати програмата на друштвата „Нов Живот“, кои имале за цел да развијат умствен интерес во општеството. Според Габровски, интелигенцијата исто така треба да го помогне основањето на друштва, а друштвата треба да се обединат во еден општ федеративен сојуз.[234] Според Димитар Благоев, брошурата била под влијание на теориите на „руските радикали и социјалисти-народници“ и воопшто под влијание на руската народничка литература. Габровски студирал во Русија и Швајцарија, а во Женева стапил во контакт со руските политички емигранти. По враќањето во Бугарија се запознал со неколку студенти од Вишото училиште и го образложил својот план за организирање на друштвата „Нов Живот“. Првото и единственото такво училиште било основано во Софија во април 1889 година, а на 1 мај друштвото го отворило првото вечерно и неделно училиште во кое бесплатно учеле 150 работници. Габровски подоцна станал учител по историја, затоа што предметот историја му давал широко поле за пропаганда меѓу учениците.[235]

Во 1891 година, Димитар Благоев ја објавил брошурата „Што е социјализмот и има ли тој почва кај нас?“ во која ја претставува марксистичката варијантана на социјализмот.[236] Во последната деценија на 19 век во Бугарија исто така биле отпечатени 15 книги и брошури со

[228] Димитър Благоев, Принось кнмь историята..., 98.
[229] Исто, 100-101.
[230] Дончо Даскалов, Анархизмът в България..., 26.
[231] Изследвания по история на Социализма в България 1891-1944, Център за исторически и политологически изследвания, София, 2008, 11.
[232] G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 592.
[233] Исто, 592.
[234] Димитър Благоев, Принось кнмь историята ..., 103-104.
[235] Исто, 106.
[236] Изследвания по история на социализма в България..., 32.

анархистичка содржина. Од нив, најбројни биле делата на Бакунин и Кропоткин, а биле објавени и одделни брошури на Елизе, А. Хамон, Жан Грав и др. Исто така биле отпечатени и „Парискага комуна и концептот на државата“ од Бакунин и „Кон младите и анархијата во социјалната револуција“ од Кропоткин.[237] Во текот на 90-те години на 19 век во Бугарија биле формирани и првите анархистички групи и кружоци. Во 1892 година околу печатницата на Спиро Гулапчев во Русе се групирале неколку ученици, чиновници, ситни сопственици и работници кој започнале со изучување на анархизмот и распространување анархистичката литература.[238]

Уште на самиот почеток, бугарското социјалистичко движење се поделило на две фракции. Едната групација сметала дека бугарската работничка класа не е подготвена и формирањето на социјалистичката партија е предвремено. Исто така се залагале дека тежиштето треба да биде ставено врз синдикалните организации и селските групи на чело со социјалдемократско водство, а членувањето да биде слободно за сите работници без разлика на нивните убедувања. Димитар Благоев и неговите приврзаници се спротивставиле на оваа концепција и побарале формирање на революционерна политичка партија. Идејата за синдикалните организации ја прифатиле, меѓутоа инсистирале во нив да членуваат единствено оние кои ги прифаќаат революционерните социјалистичките идеи. Постоела и трета група, која се состоела од приврзаниците на Раковски и се обидувала да ги обедини раскараните фракции. Секоја група започнала со издавање на сопствено гласило, а првата и втората група формирале и одделни организации: Социјалдемократска унија и Социјалдемократска партија во 1892 година.[239]

Во 1894 година, двете фракции се обединиле во рамките на Бугарската работничка социјалдемократска партија. Истата година се одржале избори за народното собрани и БРСДП успеала да освои два мандата, а за нејзини претставници биле избрани Никола Габровски и Јанко Саказов. Во текот на следните години, БРСДП успеала да го прошири своето влијание, особено во селските среди и во 1899 година партијата добила шест мандата во народното собрание. Меѓутоа, во 1899 година бил формиран Земјоделскиот сојуз со селско-демократска програма и набргу социјалистите започнале да го губат влијанието кај селаните. БРСДП исто така го губи своето влијание и поради внатрешните несогласувања. Недоразбирањата започнале во 1899 година, а во 1901 година поделбата се засилила. Главното прашање кое предизвикало раздор во социјалистичката партијата е каква политика да води БРСДП во народното собрани, дали да ја зачува својата независност, дали нејзините претставници да делуваат на чиста пропагандна основа или да соработуваат со останатите партии во правец на донесување реформски закони и формирање на влада.[240]

Во 1900 година, Јанко Саказов започнал со издавање на ново списание „Општо дело“ во кое ги пропагира своите погледи.[241] Приврзаниците на Благоев успеале да издејствуваат конгресна резолуција која директно била насочена против соработката со останатите партии во собранието. Во Софија приврзаниците на Саказов биле мнозинство, поради што приврзаниците на Димитар Благоев формирале одделна социјалистичка градска организација и се обратиле до Централниот комитет од кого ја имале поддршката. ЦК ги исклучил од партијата членовите на старата софиска организација и Саказовите приврзаниците. Меѓутоа, исклучените истакнале дека тие се вистинската партија и формирале нова партија околу собраниските претставници кои главно биле на нивна страна. Во овој период социјалистичката парламентарна група сакала да испрати телеграма до Жан Жорес и да го замоли да се заложи за слободата на Македонија, меѓутоа барањето било одбиено од Благоев, Кирков и Василев, затоа што сметале дека Жорес не е

[237] Дончо Даскалов, Анархизмът в България..., 27.
[238] Исто, 29.
[239] G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 593.
[240] Исто, 593.
[241] Исто, 593-594.

социјалист. Но, Саказов, Габровски, Конов и Димитров ја испратиле телеграмата од свое име.[242] На тој начин биле создадени две социјалистички партии. Поделбата не застанал туку и биле формирани одделни работнички организации. Едната отворена за сите, а другата на строго револуционерна и социјалистичка основа.[243]

Георги Димитров станал еден од главните водачи на работничката организација која била следбеник на Благоев. Гаврил Георгиев, Г. Киров и Васил Коларов биле меѓу основачите на Благоевата партија која станала позната како БРСДП (тесни социјалисти), додека партијата на Саказов била позната како БРСДП (широки социјалисти). И едните и другите тврделе дека се вистинската социјалистичка партија, оттаму двете социјалистички парти испратиле свои претставници на интернационалниот социјалистички конгрес.

Расцепот од 1903 година не е крај на расправиите и поделбите во бугарското социјалистичко движење. Тесната концепција на Димитар Благоев го ограничила влијанието на неговата партија меѓу работничките организации и оваа состојба предизвикала нови поделби во редовите на тесните социјалисти.[244] Во 1905 година, групата која себе си се нарекувала **либерални социјалисти**, позната и како **анархолиберали**, на чело со Никола Харлаков се одделила од тесните социјалисти. Во неа влегувале Георги Бакалов и Р. Аврамов.[245] Набргу го формирале социјалдемократскиот сојуз Пролетери и започнале со издавање на свој орган.[246] Во 1908 година се случила нова поделба, Никола Сакаров и неговите приврзаници се одделиле во нова Прогресивна социјалистичка партија, а следната година, групите кои се одделиле од тесните социјалисти се обединиле со широките социјалисти и ја формирале обединетата БРСДП, која и понатаму била во судир со тесните социјалисти.[247]

Во 1908 година, Младотурците извршиле воен преврат во Цариград, Бугарија ја прогласила својата независност, а Австро-Унгарија извршила анексија на Босна и Херцеговина. Овие случувања ја влошиле политичката состојба на Балканскиот полуостров и воделе кон војна. Затоа балканските социјалистите повикале на одржување заеднички конгрес, кои би имал за цел да ја осуди политиката на големите сили и да го постави прашањето за формирање на Балканска федерација. Платформата имала потреба од обединување на бугарското социјалистичко движење. Затоа, Интернационалното социјалистичко биро испратило неколку претставници кои требало да стават крај на поделбите, а меѓу нив се нашол и Крсто Раковски. Исто така, Интернационалната федерација на синдикалните организации го испратила и Карл Легин со слична задача, меѓутоа сите обиди пропаднале. На вонредните собраниски избори во 1911 година, тесните и широките социјалисти имале одделни листи, а во пресрет на Првата балканска војна единствен претставник на социјалистите во народното собрание е Јанко Саказов кој агитира против војната.[248]

**3.** Македонското прашање станува доминантно во бугарското општество. Оттука, бугарските социјалисти биле принудени да побараат одговори и да предложат концепти за негово решавање. За тесните социјалисти, македонското прашање не е првостепена задача, а стремежот на бугарските влади за решавање на македонското прашање го определиле како буржоаски национализам и шовинизам. Тесните социјалисти решението на македонското прашање го гледале во интернационализмот, односно во создавањето на Балканската федеративна република.[249]

---

[242] Изследвания по история на социализма в България..., 171-172.
[243] G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 594.
[244] Исто, 594.
[245] Изследвания по история на социализма в България..., 174.
[246] Исто, 174-175.
[247] G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 595.
[248] Исто, 595.
[249] Изследвания по история на социализма в България..., 192.

Широките социјалисти за разлика од тесните, секогаш се интересирале за македонското прашање. На првиот конгрес кој се одржал во1903 година, широките социјалисти усвоиле специјална резолуција во која ја изразиле својата поддршка за македонското движење, автономијата на Македонија и уништувањето на турската власт.[250] Во текот на Илинденското востание, широките социјалисти побарале поддршка од меѓународната социјалдемократија во заштитата на македонското население. Широките социјалисти пропагирале дека македонското прашање треба да се одземе од рацете на бугарскиот кнез и да се преземе од демократските сили во Бугарија.[251] Во 1907 година, широките социјалисти успеале да го привлечат вниманието на Втората интернационала кон македонското прашање. На конгресот во Штутгарт била прифатена специјална резолуција во која биле изразени симпатии кон народите на Балканот кои се бореле за независност и се побарало полна автономија за Македонија. Оваа дејност имала за цел вмешување на големите сили и принудување на Османлиската империја во спроведување на реформи, кои биле предвидени со Берлинскиот конгрес. Младотурскиот преврат кај широките социјалисти предизвикале надеж дека ќе се создадат услови за подобрување на состојбата во Македонија и Одринско. Оттука, Саказов и Станчев зеле учество во работата на т. н. Сојузен комитет кој бил формиран од Народната и Прогресивно либералната партија, кој имал за цел зближување со младотурците.[252]

Во овој период, широките социјалисти решавањето на македонското прашање не го гледале во војна со Турција, туку преку зближување на балканските народи и формирање на една конфедерација и овој став е прифатен на конгресот во 1910 година. Широките социјалистите во балканската конфедерација гледале како на единствена гаранција за самостојно постоење на балканските народи, за нивен развој кон демократијата и достигнување на социјализмот.[253] Во текот на 1911-12 година, БРСДП (ш.с) била напуштена од Станчев и Григор Василев кои не се согласувале со овој став. Непосредно пред Првата балканска војна, ЦК на БРСДП (ш.с.) испратил окружно во кое било истакнато дека партијата се залага за слобода на Македонија која нема да биде постигната со војна. Според окружното, војната ќе донесе само несреќи и ќе ги спречи реформи. Исто така широките социјалисти повторно застанале во заштита на автономна Македонија како услов за обединување на Балканот. Во бугарското народно собрание, Јанко Саказов протестирал против воинствената политиката на владата и Фердинанд и само тој гласал против указот за воена мобилизација.[254]

**4.** Во Грција, првиот социјалистички весник „Арден“ е објавен во 1885 година. Меѓутоа, грчкото социјалистичко движење започнува во 90-те години на 19 век со дејноста на Платон Дракулис и Ставрос Калергис, а во 1890 година во Атина се формира Централното социјалистичко друштво.[255] Дракулис во 1893 година, за прва пат ги организира мајските демонстрации, а истата година во Патрас се формирано Социјалистичкото братство, а повеќето од неговите членови биле пријатели и приврзаници на Дракулис.[256] Претседател на братството бил адвокатот Василис Дудумис, а секретар учителот Харилаос Димитропулос. Една од водечките личности во братството бил архитектот Аристотел, а негови членовите биле и приврзаниците на социјалистот Ставрос Калергис и анархистот Маганарас.[257] Социјалистичкото братството не е кохерентна организација поради различните идеолошки погледи на неговите членови. Негова примарна цел е работничкото

[250] Изследвания по история на социализма в България..., 192.
[251] Исто, 192-193.
[252] Исто, 193.
[253] Исто, 194.
[254] Исто, 195.
[255] Орде Ивановски, Балканските социјалисти и македонското прашање..., 63.
[256] Според Орде Ивановски, Први мај за првпат во Грција бил прославен во 1894 година. Види: Орде Ивановски, Балканските социјалисти и македонското прашање..., 63
[257] Во текот на 90-те години на 19 век, Маганарас бил еден од најактивните и највлијателни анархисти во Грција.

движење и со негова иницијатива се формирани првите синдикални здруженија во Патрас. Неколку членови на Братството истовремено се и членови на овие синдикати.[258] Организацијата имала за цел и ширење на социјалистичките идеи меѓу локалното население и работниците. Не случајно, Орде Ивановски вели дека кај првите грчки социјалистички групи има влијание на анархосиндикализмот и реформизмот.[259]

Во овој период се формира и организацијата Армагедон, со изразено христијанско-социјалистички верувања и силни либертаријански идеи. Главни дејци во оваа група се Арнелос (брат на локалниот анархист Димитрис Арнелос), адвокатот Василис Теодоридис (близок до анархистичките идеи), Атанасиос Христогонопулос, Сотирис Киријапопуллос и адвокатот Теодор Капетанос. Во Патрас, се формира и групата Христијански егалитаризам, блиска до идеите на Армагедон. Водач на оваа група е Димитрис Андреопулос или Кацивелос, исто така еден од пионерите на синдикалното движење во Грција.[260] Дракулис во 1895 година се кандидирал за пратеник во грчкото собрание и освоил 4 000 гласа.[261] Меѓутоа, развојот на социјалистичко движење било попречено од националистичката атмосфера која владеела со грчкото општество.[262] Во 1901 година, Дракулис го основал весникот „Еревна“ и започнал со формирање на Лига на работничката класа во Грција.[263] Дракулис исто така бил избран за претставник во грчкиот парламентот, меѓутоа услови за поширока социјалистичка дејност и понатаму не постоеле, поради агитацијата за воена експанзија.[264]

Грчките социјалисти и анархисти во споредба со останатите во грчкото општество решавањето на македонското прашање го гледаат во создавањето на македонска држава. Во прилог на оваа констатација е митингот одржан во градот Патрас во текот на Илинденското востание. Според податокот на Христо Силјанов, во средината на август 1903 година се одржува митинг во Патрас во текот на кој говорел Андреопулос и ја осудил проосманлиската позиција на грчката влада, а како солуција за решавањето на македонското прашање го предложил создавање на Македонска република.[265] Според нас, станува збор за Димитрис Андреопулос водачот на групата Христијански егалитаризам.

Учесниците на митингот во Патрас решиле да испратат резолуција до владите на Франција, Велика Британија и Италија и ги повикале да организираат меѓународна конференција која би ја разгледала можноста за создавање на македонска држава. Митингот предизвикал политичка бура во грчкото општество. Грчката влада од своја страна го поставила прашањето зошто воопшто било дозволено одржувањето на овој митинг и позицијата на градоначалникот во Патрас било загрозена. Пред новинарите, премиерот Ралис изјавил дека митингот во Патрас е смешен и констатирал дека е невозможно кога Бугарите бараат автономија за Македонија, Грците да бараат независна република.[266] Во подолгата телеграма до Ралис, градоначалникот на Патрас

---

[258] History of Greek Anarchism Series; Anarchists and Radicals in 1890’s Patras. Dimitris Troaditis; Article taken from No God - No Master. Преземено од:
In: http://ngnm.vrahokipos.net/index.php/translations/119-the-firstorganised-anarchist-presence-in-greece.
[259] Орде Ивановски, Балканските социјалисти и македонското прашање; од 90 – тите години на XIX век до создавањето на Третата интернационала, Култура, Скопје, 1970, 63.
[260] History of Greek Anarchism Series; Anarchists and Radicals in 1890 ’s Patras. Dimitris Troaditis; Article taken from No God - No Master. Преземено од:
In: http://ngnm.vrahokipos.net/index.php/translations/119-the-firstorganised-anarchist-presence-in-greece.
[261] G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 603.
[262] Исто, 603.
[263] Според Џорџ Кол - прва социјалистичка организација во Грција, види G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 604.
[264] G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 604.
[265] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Култура, Скопје, 2003, 450.
[266] Далибор Јовановски, Грчки реакции за Илинденското востание, Годишен зборник, Филозофски факултет-Скопје, 2018, 75.

објаснувал дека организаторите на митингот биле познати смешни личности и затоа не сметал дека митингот е важен за да се забрани. Но, кога дознал за што се работи, веднаш побарал од началникот на полицијата да го спречи истиот. Најдалеку во нападите отишол грчкиот весник „Емброс“ кој на првата страна од 10.VIII.1903 год. објавува едена карикатура на која „претседателот на Република Македонија“ се обраќа на митингот во Патрас.

За разлика од оние кои го исмевале митингот, весникот „Емброс“ ја истакнува опасноста за грчките интереси. За овие случувања Далибор Јовановски вели: „Самиот факт што овој коментар се појавил на насловната страна на овој весник покажува колкава важност била дадена на овој митинг... Постоењето на македонската држава не можело да биде прифатено“.[267]

[267] Исто, 76.

## ГЛАВА IV

## ИДЕЈА ЗА БАЛКАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА

*„Идејата за јужнословенско единство доби универзално прифаќање од речиси сите народи на Балканскиот полуостров (со исклучок на турскиот народ), а малку по малку стана популарен дури и меѓу непријателските елементи во овие народи. Европа го забележа овој радосен настан во нашиот живот и постепено доаѓа до убедување дека секои од овие народи е способен да биде господар во сопствената куќа и самостојно да управува со своите морални и политички работи"* **– Христо Ботев**



**Спиро Гулапчев**

**1.** Во оваа глава, одделно место и даваме на идејата за балканска федерација и нејзините главни претставници во втората половина на 19 век. На ова се решивме бидејќи идејата за балканска федерација има важна улога во македонското движење и идеолошкиот развојот на левицата во Македонската револуционерна организација, следствено сметаме дека е потребна една поширока елаборација на оваа тема.

Евгениј Волков вели дека во однос на прашањето за обединување на балканските народи во рамките на бугарското револуционерно движење може да се направи разграничување помеѓу јужнословенските конфедералисти-државници и федералистите-народници. Според Волков, првите се залагале за народно востание, чиј развој и исход требало да се поврзе со политиката и помошта на соседните држави и влади, подобно на Раковски, а вторите биле приврзаници на потполно определена форма на таа конфедерација - јужнословенска демократска република.[268] Во оваа борба, сојузници на бугарскиот народ не требало да бидат владите на балканските држави, големите сили или Русија, туку самите народи кои биле соседи на Бугарија. Претставници на оваа концепција во бугарското движење биле весниците „Независност“ и „Знаме“.[269]

Љубен Каравелов е меѓу првите бугарските револуционери кои ја пропагирале идејата за обединување на балканските народи. Каравелов својата програма ја образложува на 9.III.1869 год. во весникот „Народност“. Каравелов во своето обраќање истакнува: „само оној народ може да биде роб на другиот, кој што стои пониско во образованието од својот господар... Народот и владата, кои не се способни да врват напред, кои што се гнасат од образованието и науката, треба да паднат, да се изгубат и да дадат место на другите... Бугарите, Србите, Романците и Грците во сегашното време треба да си подадат еден на друг братска рака и со заеднички сили да ја избават татковината, ако сите сакаат да ја достигнат својата слобода... Србинот може да живее, како што му е волја, Гркот да живее грчки, а Романецот - романски. Тие места, кои се населени со Грци, нека се управуваат грчки, а оние, кои се населени со Бугари – бугарски... Ние сакаме полна слобода и затоа ние не сакаме некој да ни се покорува и да робува на друг. Ние не сакаме да го промениме султанот, туку сакаме слобода“. Неговата програмата е лишена од секаков национализам и затоа Каравелов вели: „Историското право, Византиската империја, Симеоновото царство, Душановото царство и др... немаат место таму, каде што се оди за слобода и живот... Ние бараме полна слобода, слобода народна, слобода лична, слобода човечка... Ние своето не го даваме и туѓо не сакаме, тој што сака да го земе туѓото, тој не ја сака слобода, тој не е слободен човек, туку деспот... За да биде човекот слободен, треба да ја сака слободата и за другите...“[270]

Евгениј Волков анализирајќи ја оваа револуционерна програмата вели дека од неа може да се види дека Каравелов дошол од Русија на Балканскиот полуостров и со себе ги донел општите социјално-општествените идеи на Чернишевски и Херцен, но и идеите на Михаил Бакунин за

[268] Евгений Волков, Христо Ботев..., 188.
[269] Исто, 189.
[270] Исто, 114-115.

револуционерен панславизам кои биле многу популарни во тој период. Бакунин во овој период решението на словенското прашање го гледа во принципите на национално-политичко ослободување на сите словенски народи, демократска федерација, комунално уредување и организирање на словенска слободна интернационала.[271]

Помеѓу поборниците на идејата за балканска федерација може да се вброи и бугарскиот весник „Слобода“ кој на 14.X.1870 год. на своите страници пишува: „Да ја исчистиме својата земја од управувачката, чиновничката нечистотија и да обезбедиме своја народна, политичка и општествена слобода“. Според ова концепција треба да биде избрана една влада која ќе ја исполни волјата на народот, за да можат да се обединат во еден „**федеративен слободен сојуз**“ со сродните соседни народи, подобно на Швајцарскиот сојуз.[272]

Во Србија идејата за балканска федерација се пропагира од весниците „Труд“ и „Иднина“. Весникот „Иднина“ е младински орган на либералното крило во кое учествувал и Светозар Марковиќ, а „Труд“ бил издаван од страна на пријателот на Марковиќ – Пера Тодоровиќ и под редакција на самиот Марковиќ.[273]

Светозар Марковиќ е главниот српски претставник на идејата за обединување на балканските народи. Во 1872 година, го објавил своето најпознато дело „Србија на истокот“ во кое силно ја критикува големосрпската идеја и се спротивставува на српските планови за територијално проширување. Според Марковиќ, Балканскиот полуостров е населен од мноштво различни народности и идејата за Голема Србија неизбежно води кон територијални освојувања, односно кон војна помеѓу Србија и нејзините соседи.

Марковиќ се спротивставува и на прускиот модел за национално ослободување, залагајќи се за национално ослободување преку масовна селска револуција низ целиот Балкан, во духот на српското и грчкото востание од првата половина на 19 век. Марковиќ смета дека со оваа револуција ќе се создаде една балканска федерација која ќе ги уништи сите постоечки империи и држави, вклучително и српската. Во оваа федерација балканските народи требало да ја добијат слобода преку која ќе можат сами да ги решат сопствените економски и политички проблеми, согласно сопствените потреби.[274] Затоа Марковиќ е првиот балкански левичарски мислител кој создава една интегрирана платформа за општествена и политичка револуција насочена против балканските владејачки класи и држави, како неопходен предуслов за национално ослободување и единство, што требало да доведе до создавање на балканска федерација врз урнатините на Австро-Унгарија и Османлиската империја.[275]

Марковиќ ги прифатил идеите на Светозар Милетиќ и Љубен Каравелов, како и советите на Мацини и Лигата за мир и слобода за создавање на една нова Швајцарија во Југоисточна Европа. Според Марковиќ: „Сите услови за развој на српскиот народ укажуваат дека на српскиот народ му треба сојузно уредување, а не државно единство. Внатрешниот развој и надворешните политички услови укажуваат дека целта на српскиот народ треба да биде ослободување и федерација, и тоа српско-бугарска федерација, не по народност, туку по потреба. А оваа

---

[271] Евгений Волков, Христо Ботев..., 115.
[272] Исто, 134.
[273] Исто, 189.
[274] Марковиќ во 1871 година ја објавил статијата „Словенска Австрија и српското единство“ во која ја нападнал идејата дека Хабсбуршката монархија може да се трансформира во федерација на народи, при што мнозинството Словени ќе бидат еднакви и слободни со останатите народи.
[275] The Origins of the Balkan Socialist Tradition: Between Populism and Marxism. Преземено од: http://www.revolutionaryhistory.co.uk/index.php/184-articles/articles-of-rh0803/5651-the-origins-of-the-balkan-socialist-tradition-between-populism-and-marxism#ftn31.

федерација може многу лесно да се претвори во федерација на балканските народи... Оваа федерација, не се основа врз принципот на народноста туку врз личната слобода на оние луѓе кои влегуваат во таа сојузна заедница. Меѓутоа со самиот тој принцип се гарантира и секоја народност, бидејќи со тоа на секоја народност и се дава право да заземе самостојна група во сојузот."[276]

Програма на Марковиќ се состои од општествена внатрешна преобразба, народен суверенитет и општинска самоуправа, револуција во Турција и федерација на Балканскиот полуостров.[277] Според Јован Скерлиќ, Светозар Марковиќ со својата федеративна концепција извршил силно влијание врз старата српска радикална партија, врз програмата на модерната српска демократија, социјалистичките балкански партии и југословенското федеративно движење.[278] Не случајно, Крсто Раковски вели дека неговата генерација се воспитала со делата на Марковиќ.[279]

Пера Тодоровиќ исто така е голем приврзаник на идејата за обединување на словенските народи. Тодоровиќ сметал дека патот кон обединувањето минувал преку Софија и Белград и работел на идејата за српско-бугарско пријателство.[280] Во однос на македонското прашање, Тодоровиќ се залагал за автономија на Македонците и предлагал соработка помеѓу Бугарите и Србите во полза на македонското движење. Според Тодоровиќ, слободна Македонија би можела да биде вклучена во сојузот на јужните Словени. Пера Тодоровиќ своите размислувања за македонското прашање сакал да ги образложи во една брошура, меѓутоа таа никогаш не била објавена. Михаил Думбалков истакнува дека со смртта на Тодоровиќ, „**македонската независност**" го изгубила единствениот пријател во Србија.[281]

Во 1875 година, Христо Ботев ја објавил статијата „За раздорот меѓу балканските народи" во која предупредувал на опасноста од експанзионизмот на балканскиот национализам и препорачува создавање на балканска конфедерација врз принципите на слободата и демократијата.[282] Според Ботев само „разумниот и братски сојуз меѓу народите е во состојба да ги уништи... сиромаштијата и паразитите на човечкиот род, и само тој сојуз е во состојба да роди вистинска слобода, братство, единство во светот. Се додека народите се поделени помеѓу себе со махинациите за своите севозможни империи, устави и републики... ќе гледаат еден на друг како на непријатели, и дотогаш нема да има среќа на земјата, нема да има бел ден за човекот... Тој сојуз меѓу народите, како и особено сојузот меѓу јужните Словени, е возможен само тогаш кога секој народ ќе ги сочува своите етнографски граници и кога секој еден ќе остане слободен во сопствената куќа и кога тој сојуз ќе биде основан на такви начела, на какви што треба да се основа слободата на народите, слободата на личноста и слободата на трудот. Но... за да се формира таков сојуз не се подготвени народите на овој југ".[283]

**2.** Во 70-те години на 19 век, социјалистот Пол Аргиријадес започнал со пропагирање на идејата за балканска конфедерација. Агитацијата во почетокот се водела преку Меѓународната лига за мир, која за тоа прашање се произнесла на конгресите во Лозана (1869) во Женева (1876 и 1886). Во различни центри биле формирани комитети кои имале задача да ја пропагираат идејата

[276] Јован Скерлић, Светозар Марковић..., 187.
[277] Исто, 187.
[278] Исто, 188.
[279] Исто, 225.
[280] Мих. Думбалаковъ, През пламъците на живота и революцията; Том I-ви, София, 1933 г., 75-76.
[281] Исто, 76-77.
[282] The Origins of the Balkan Socialist Tradition: Between Populism and Marxism. Преземено од: http://www.revolutionaryhistory.co.uk/index.php/184-articles/articles-of-rh0803/5651-the-origins-of-the-balkan-socialist-tradition-between-populism-and-marxism#ftn31.
[283] Евгений Волков, Христо Ботев..., 187.

за балканска конфедерација, а во таков комитет од 1873 година членувал и Аргиријадес.[284] Тој заедно со уште двајца бил ополномоштен да бара покровителство за оваа идеја од Виктор Иго, Луј Блан и Гамбета. Во 1885 година, Аргиријадес објавил кратка статија за Македонија во која укажал дека во Македонија се водат пропагандни борби и дека поголемиот дел од балканската интелигенцијата ја прифаќа идејата за балканска конфедерација.[285]

Во 1890 година Аргиријадес ја засилува агитацијата за балканска федерација, а во 1894 година била формирана Лигата за балканска конфедерација. За овие настани, „Словенски свет“ известува дека во јуни 1894 година во Париз се одржал собир на кој биле „**претставени сите балкански племиња: Бугари, Срби, Романци, Грци, Македонци, Албанци и Ерменци**“.[286] Собирот имал за цел да создаде комитет кој ќе ја пропагира идејата за балкански сојуз. Според „Словенски свет“, лигата имала за цел да ја оживотвори идејата за конфедерација на целиот Балкан и да ја шири преку весници и брошури. Во сојузот требало да влезат Грција, Романија, Бугарија, Србија, Тракија, Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина и Ерменија.[287] За претседател на оваа лига бил избран Аргиријадес. Според Пољански, оваа лига имала и свој статут, од кој се познати само два члена. Во членот 2 од статутот се вели дека: „Целта на Лигата е да го следи реализирањето на една конфедерација за сите народи на источна Европа и на Мала Азија“, а во членот 3 се наброени државите кои требало да влезат во таа конфедерација, а Македонија и Албанија требало да формираат една слободна и федеративна држава.[288]

Лигата била подржана од француските социјалисти, за што сведочи статијата од мај 1894 година објавена во социјалистичкиот весник „La Petit Republique“. Аргиријадес идејата за конфедерација ја пропагирал меѓу социјалистичките кругови во Франција и пошироко.[289] На 22.XI.1894 год. во салата Grand-Orient de France, во Париз се одржала конференција на која било разгледано прашањето за балканската конфедерација. Присуствувале видни претставници од францускиот и меѓународниот политички живот, а со конференцијата претседавал португалскиот социјалист Магалес Лима кој укажал дека федерацијата е фундамент на мирот и прогресот, истакнувајќи дека федерацијата е една идеја по сушност републиканска и социјалистичка. Магалес Лима исто така истакнал: „јас никогаш не сум можел да разберам еден републиканец или еден социјалист, којшто во исто време не е и убеден федералист“. Како поткрепа на своите ставови, тој ги изнел примерот со САД, Швајцарија, а особено на Бразил. Во своето излагање, заклучил „дека... федеративноста, тоа е идеалот на мирот и на правдата меѓу луѓето“.[290]

Во текот на оваа конференција, Аргиријадес истакнал дека балканските народи и држави преку балканската конфедерација би ја сочувале својата независност и автономија. Според него, со конфедерацијата се гарантирала мирната иднина на народите, а со тоа и европската рамнотежа. Аргиријадес сметал дека преку таквото федерирање на балканските народи ќе се стави крај на сите непријателства, лакомости и шовинизам.[291] Според него постоеле две пречки во реализирањето на конфедерацијата. Првата била хегемонијата на султанот, а втората - македонското прашање.[292]

Аргиријадес истакнал дека крајот на султановото владеење се наѕирало и тоа било само прашање на време. Посебно се задржал на прашањето за Македонија и ги потенцирал претензиите

---

[284] Христо Андонов – Пољански, Македонското прашање, Култура, Скопје, 1990, 100.
[285] Исто, 100.
[286] Slovanski svet, Trstu, 10 avgusta, 1894, Letnik VII, 300.
[287] Исто, 300.
[288] Христо Андонов – Пољански, Македонското прашање..., 101.
[289] Исто, 101.
[290] Исто, 102.
[291] Исто, 103.
[292] Исто, 104.

на балкански држави, укажувајќи дека Македонија станала јаболко на раздорот за сите нејзини ревносни соседи.[293] Според Аргиријадес, таквата констелација во и околу Македонија, била пречка за реализирање на замислената конфедерација. Аргиријадес сметал дека во конфедерацијата треба да влезат сите народи, а автономијата треба да биде полна, односно секоја област да поседувала внатрешна самоуправа, додека општите интереси на конфедеративните држави треба се регулираат со делегатски систем, односно од претставниците на секоја од државите, кои би имале седиште во Цариград.

На конференцијата говорел и Алеман, од името на Работничката социјалистичка револуционерна партија. Тој ја поздравил идејата, воопшто федерацијата и особено балканската конфедерација. Алеман го изнел предлог и ги поканил претставниците на балканските народи да се соберат на конгрес и тоа во Македонија и да ја прокламираат балканската конфедерација.[294] Социјалистот Е. Вајан исто така се искажал позитивно, а таков став имале и други учесници. На крајот била изгласана една резолуција во која, меѓу останатото, било истакнато: „Со оглед на тоа дека единственото логично решавање, кое се наложува, како од гледна точка на справедливост, хуманост, така и од гледна точка на добро разбраните интереси на балканските држави, е во една конфедерација на народите на Балканскиот Полуостров и населението на Мала Азија“.[295]

По конференцијата, Аргиријадес продолжил со популаризирање на идејата за балканска конфедерација. Оттука, Во 1896 година, Аргиријадес го објавил својот труд „Македонија“ во годишникот „Almanach de la Question Sociale“, списание на меѓународниот социјализам, во кои ги изнел своите погледи за решавање на македонското прашање.[296]

Во однос на македонското прашање, Аргиријадес решавањето не го гледал во поделба на Македонија туку во создавање на независна Македонија, со апсолутна автономија. Македонската држава требало да има една федеративна влада на нејзините провинции, децентрализација и најапсолутна автономија, за да можат комуните моќно да дејствуваат на свој начин по однос на образованието и јазикот, кои ќе сакаат да ги воведат во училиштата. Според Аргиријадес: „Македонците не можат, а да не бидат благодарни спрема оние кои ќе им помогнат во нивното ослободување. Но, не треба... помошта на нивните браќа Грци, Бугари или Срби да ги чини ново угнетување, било тоа грчко, бугарско или српско“.[297] Аргиријадес исто така истакнува дека: „решавањето на македонското прашање преку независност, автономија и федеративен режим се наложува како најсправедливо. Тоа се наложува и за европскиот мир и се наложува исто така за зближување на народите на Балканскиот Полуостров, за соседите на Македонија, чија егзистенција ќе биде осигурена преку основање на една конфедерација, која ќе ги отстрани опасностите, што можат да се појават од надворешни моќни непријатели“.[298]

Спиро Гулапчев во своето дело „Еден поглед за етнографијата на Македонија“, објавено во 1887 година, го образложува својот поглед за решавањето на македонското и го отфрлил концептот за присоединување на Македонија кон бугарската држава.[299] Според Гулапчев, Македонија одамна ќе била слободна ако не постоеле српско-бугарските и грчко-бугарските расправии. Истовремено овие кавги околу Македонија биле пречка и за создавањето на една федерација на Балканскиот полуостров, федерација која според Гулапчев била најнадежната за

---

[293] Христо Андонов – Полјански, Македонското прашање..., 104.
[294] Исто, 106.
[295] Исто, 107.
[296] Исто, 108.
[297] Исто, 109.
[298] Исто, 110.
[299] Спиро Гулапчев, Един оглѣд по етнографiята на Македонiя, Габрово, 1887, 29.

прогресот на сите слаби балкански народи.[300] Тој исто така истакнува дека поради сопствените интереси, различното население може да се здружи братски во едно политичко цело, исто како што се обединиле Германците, Французите и Италијанците во Швајцарија.[301] Гулапчев истакнува: „Според мене, **Македонија, треба, да составува одделна политичка целина** на Балканскиот полуостров. Тоа се изискува од интересите на македонските населенија, без разлика на народноста; тоа се изискува од интересите на федерацијата на Балканскиот полуостров, која што пак се изискува од интересите на сите балкански народи; тоа се изискува од интересите на прогресот и на цивилизацијата".[302]

Според Гулапчев, Македонија е најспорната страна на Балканскиот полуостров и македонското политичко прашање е најмачно за балканските државници, исто како источното прашање за европските држави. Гулапчев истакнува дека источното прашање може најсправедливо и најбезопасно за балканските држави може да се реши преку една Источна федерација, во која би влегла и Турција. Во однос на македонското прашање, Гулапчев истакнува дека највозможно и најсправедливо може да се реши преку оформувањето на Македонија како одделна политичка единица на Балканскиот полуостров.[303] Гулапчев предлага идната балканска федерација во почетокот да се состои од: Македонија, Епиро-Албанија, Европска Турција, Црна Гора, Романија, Србија, Бугарија и Грција, потенцирајќи дека Македонија има полно право, да составува одделна политичка целина и како таква да влезе во составот на идната федерација.[304]

[300] Спиро Гулапчев, Един оглѣд по етнографiята на Македонiя..., 30-31.
[301] Исто, 33.
[302] Исто, 38-39.
[303] Исто, 99.
[304] Исто, 104.

## ГЛАВА V

## ПОЈАВА НА МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ

*„Македонија била и ќе биде на Македонците. Македонија била и си останува култ на македонскиот народ, на неговата религија, род, јазик, на реликвиите на неговите дедовци и прадедовци. Индивидуалноста на македонскиот народ, кој што е резултат на еминентни сили, дејствителни низ столетијата, е сочувана и до денес, и ќе се сочува и во иднина"* **– Христо Татарчев**



**Дамјан Груев**

**1.** Македонското револуционерно движење се создава во сложени внатрешни и надворешни услови. По Берлинскиот конгрес од 1878 година, најзаинтересирани сили за Балканскиот полуостров и понатаму биле Русија и Австро-Унгарија. Двете големи сили официјално се залагале за статус кво, односно за зачувување на територијалниот интегритет на Османлиската империја, меѓутоа потајно работеле за остварување на сопствените интереси. Во 1897 година, Русија и Австро-Унгарија потпишуваат договор кој предвидувал зачувување на Османлиската империја, меѓутоа доколку тоа не било можно се предвидува создавање на албанско кнежество и поделба на Македонија помеѓу балканските држави.[305] Во овој период Бугарија, Србија и Грција манифестираат територијални претензии кон Македонија. Споменатите балкански држави биле свесни за противречните интереси во Македонија и од можноста од една војна помеѓу нив, оттука кон крајот на 19 век водат преговори за поделба на сфери на влијанија како прв чекор кон идната поделба на Македонија. Конечен договор помеѓу балканските држави не се постигнува поради големите апетити. Бугарија, Србија и Грција со намера да обезбедат алиби за своите претензии, започнале силна пропагандана активност. Нив им се придружила и Романија која во Македонија делувала од тактички причини. Ваквата надворешна и внатрешна поставеност го комплицирала македонското прашање и водела кон можност од поделба на Македонија.

Во овие околности созревала младата македонска интелигенција која станала носител на револуционерната борба и идејата за независна македонска држава. Најголемиот дел од македонската младина се школувала во бугарските егзархиски училишта кои за главна цел имале да ја шират бугарската национална свест меѓу Македонците. Голем дел од младите Македонци станале егзархиски учители, а малкумина се школувале во европските држави, меѓутоа и тие претежно работеле во егзархиските образовни институции. Соочени со реалност младите патриоти излезот го гледале во создавање на револуционерна организација и вооружена борба против Османлиската империја.[306]

Според Ендрју Росос, македонското револуционерно движење се развива без формална институционална база или инфраструктура.[307] Но, ние не се согласуваме со неговото искажувањето и сметаме дека може да се заклучи дека како револуционерна основна послужиле егзархиските општини и училишта во Македонија. Нашето искажување може да се потврди од неколку извори. Џулијан Алан Брукс, вели дека ВМРО била „продукт на образованието",[308] и според овој автор, во 90-те години на 19 век во Македонија се појавила нова класа на интелектуалци кои одлучиле самостојно да работат за автономна Македонија и „речиси сите биле учители". Брукс исто така вели дека овие учители станале **„татковци на македонскиот**

[305] Група автори**,** Создавањето на современата македонска држава; Ванчо Ѓорѓиев, Борбата за автономија на Македонија и за создавање на македонска држава (1893-1912), Македоника, 2014, 45.
[306] Исто, 47.
[307] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians: A History, Stanford: Hoover Institution Press, 2008, 83.
[308] Julian Allan Brooks, Shoot the teacher! Education and roots of the Macedonian struggle, Simon Fraser University, 2005, 129.

**национализам**“.[309] Не случајно, Бенедикт Андерсон забележува дека интелигенцијата е најважна за појавувањето на национализмот во Европа и други места во светот.[310]

За значењето на училиштата говори и Христо Силјанов, според кого гимназии во Солун и Битола, како и другите училишта во Македонија, биле училишта за револуција.[311] Силјанов исто така вели дека учителствувањето е една од главните карактеристики на македонските дејци и учителот е синоним за револуционерот. Според Силјанов, учителствувањето на револуционерите им овозможувало легално да ја вршат својата опасна дејност и да остваруваат многу контакти со локалното население. Земајќи го во предвид ова, не треба да зачудува дека учители биле Гоце Делчев, Дамјан Груев, Ѓорче Петров, Христо Матов, Пере Тошев, Михаил Герџиков, Крсто Асенов и др.[312] Христо Силјанов исто така истакнува дека: „Најголемите имиња кои го красат Пантеонот на македонското ослободително движење, биле учители или учеле во солунската гимназија. Се што ја бранува, воодушевува или дели на табори македонската интелигенција, својот поттик го добива во Солун, поточно во солунската гимназија. Солунската гимназија е раководниот центар и умот на Македонија“.[313] Слично се искажува и Павел Шатев според кого Солунската гимназија била општ центар каде учениците од сите краишта на Македонија се собирале, запознавале и учеле. Шатев исто вели дека: „Гимназијата освен што била огниште за просветата, истовремено била и „центар за политички тренинг на идните водачи на национал-револуционерното македонско ослободително движење“.[314]

Идејата за организирана револуционерна дејност во Македонија за прва пат се искажува од Македонското студентско друштво (МСД) во Софија кон крајот на 1890 година. Негови членови биле: Дамјан Груев, Петар Поп Арсов, Димитар Мирчев, Христо Поп Коцев и др. Споменатото друштво ги имало следните цели: ослободување на Македонија, формирање на револуционерна организација во Македонија, придобивање истомисленици и нивно испраќање во Македонија, како и издавање на едно списание што ќе се спротивстави „не само на турскиот терор туку и на туѓите пропаганди што го делат народот на Срби, Грци и Бугари.“[315] МСД имало конспиративен карактер, а неговите членови сакале да издаваат и едно списание со намера да ги популаризираат идеите на друштвото. Во март 1891 година, поради убиството на бугарскиот министер за финансии Христо Белчев започнале апсења на Македонците во Бугарија и активноста на МСД била прекината. Но, дејноста на македонската интелигенција во Софија не запрела тука. Во втората половина на 1891 година во Софија била формирана Младата македонска книжевна дружина (ММКД), а во нејзиното создавање учествувале и членовите на МСД кои останале во Бугарија. Во почетокот на 1892 година, ММКД започнала со издавање на списанието „Лоза“, а нејзин редактор бил Петар Поп Арсов. Во средината на 1892 година, бугарската влада го забранува списанието и ја растура ММКД, а една година подоцна, тројца членови на МСД и ММКД стануваат основачи на Македонската револуционерна организација.

Во последната деценија на 19 век, еден дел од македонската интелигенција која била револуционерно настроена се собрала во Солун, кој веќе се оформил како културен, економски и политички центар на Македонија. Во Солун се нашле Иван Хаџи Николов, Христо Татарчев,

---

[309] Julian Allan Brooks, Shoot the teacher..., 129.

[310] Бенедикт Андерсон, Замислени заедници; размислувања за потеклото и ширењето на национализмот, редактирано издание, Скопје, Култура, 1998, 166.

[311] Христо Силянов, Писма и изповеди на един четник. Спомени од Странджа. От Витоша до Грамос, София, 1984, 595.

[312] Исто, 596.

[313] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 51.

[314] В Македония под робство, Солунското съзаклятие (1903 г.), подготовка и изпълнение. Павел Шатев (Трето издание, Изд. на Отеч. фронт, София, 1983 г.). Преземено од: http://www.promacedonia.org/ps/index.html

[315] Група автори, Создавањето на современата македонска држава; Ванчо Ѓорѓиев, Борбата за автономија на Македонија..., 48.

Дамјан Груев, Петар Поп Арсов и други.[316] На 23.X.1893 год. во Солун се одржува основачкиот состанок на Македонската револуционерна организација (МРО) на кој присуствувале: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров и Христо Батанџиев. На оваа средба било констатирано дека во Османлиската империја не постојат услови за подобрување на положбата на христијаните по легален пат и едногласно се согласиле за создавање на револуционерна организација.[317] Конкретното, Организацијата е создадена на 5.I.1894 год. кога било утврдено името на организацијата, политичката цел и средствата за реализација. Истовременото, шестината корифеи се прогласиле за членови на Централниот комитет. За прв претседател на ЦК на МРО е избран Христо Татарчев, а за секретар и благајник - Дамјан Груев. Исто така, Петар Поп Арсов бил задолжен да го изготви нацрт-уставот за МРО и да напише една брошура против Бугарската егзархија.[318] Споменатата брошура била објавена во 1894 година под наслов „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници" и во неа Петар Поп Арсов документирано докажал дека во Македонија постоела „бугарска пропаганда" која имала за цел да создава Бугари во Македонија, додавајќи дека „народност со пари не се купува".[319] Меѓу останатото, Петар Поп Арсов застанува и во одбрана на македонскиот сепаратизмот истакнувајќи: „...сепаратисти се сите интелигентни бугаромакедонци,[320] чијшто сепаратизам се состои во тоа дека е против централизацијата на црковно-училишната власт со други зборови: тоа е една млада бугаромакедонска партија, која што ги заштитува самоуправувањето и старите права на бугаромакедонските општини".[321]

Во овој период, основачите на МРО својата револуционерна идеја исклучиво ја проповедале помеѓу оние кои биле критички настроени кон Бугарската егзархија и имале сепаратистички тенденции, во тој правец било и објавувањето на споменатата брошура која имала за цел привлекување на сепаратистичките сили на своја страна.

---

[316] Според Ванчо Ѓорѓиев, Даме Груев бил главниот инцијатор за реализирање на идејата за Македонската револуционерна организација. Види: Група автори**,** Создавањето на современата македонска држава; Ванчо Ѓорѓиев, Борбата за автономија на Македонија..., 49.

[317] Група автори**,** Создавањето на современата македонска држава; Ванчо Ѓорѓиев, Борбата за автономија на Македонија..., 49.

[318] Исто, 50.

[319] Кевин Кени вели дека во Ирска кон крајот на 17 век, бројката на луѓето кој го говореле англискиот јазик била мала. За да се промени оваа состојба и да се спроведе културна асимилација, многумина се залагале за формирање на парохиски училишта и гимназии кои требало да всадат англиски срца меѓу Ирците. Сер Џон Дејвис, еден од приврзаниците на асимилацијата, истакнал дека „**единствено образованието**" може да гарантира дека идната генерација во јазикот и срцето, и во се останато, ќе стане Англичанец. Дејвис сметал дека на овој начин ќе исчезнеле сите различности или разграничувања помеѓу Ирците и Англичаните. Англискиот крал настојувал истакнатите Ирци своите синови да ги школуваат во Англија. Истиот автор исто така забележува дека: „**Во Ирска религијата, а не националното потекло, била причината за големи поделби**". Види: Kevin Kenny, Ireland and the British Empire, Oxford University Press, 2004, 33-62.

[320] Терминот бугаромакедонец има аналогија со терминот Англо-Ирец. Во 1828 година, Џон Баним анонимно ја објавил новелата „Англо-Ирец од деветнаесеттиот век" во која главниот протагонист Џералд Блоунт е типичен пример за еден Англо-Ирец, хибриден продукт на Британската империја. Блоунт и покрај образованието во Кембриџ и пријателите во круговите на британската влада, живеел во Лондон под понижувачката сенка на сопствените ирски корени. Блоунт се плашел да биде идентификуван со сопствените бучни и непокорни сонародници во престолнината на Британската империја. Џералд ветил дека ќе ја посети Ирска единствено кога нејзините жители ќе престанат да бидат само Ирци и ќе станат како него – респектабилен, интелигентен и цивилизиран Англо-Ирец. Подоцна, при посетата на Париз кога Џералд се идентификувал како Англо-Ирец, во потсмев бил информиран дека таквата националност може да генерира само смеа или презир. На Џералд му било дофрлено: Дали воопшто имате земја? ... или вашата земја е толку недостојна што се засрамувате од тоа. Џон Баним како еден приврзаниците на ирскиот национализам со своето дело се обратил кон оние Ирци кои се срамеле од своите корени, советувајќи ги дека англискиот неуспешен експеримент од осум стотини години мора да кулминира во вистинска слобода во која вистинските луѓе на Ирска ќе ја освојат власта од странците. Види: Kevin Kenny, Ireland and the British Empire..., 169-170.

[321] Вардарски (Петар Поп Арсов), „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници", превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев, Табернакул, Скопје 2006, 84.

На јануарската средба било решено организацијата да се вика Македонска револуционерна организација (МРО), а нејзиниот највисок раководен орган е именуван како Централен македонски револуционерен комитет (ЦМРК).[322] Во однос на целта, појдовна точка бил членот 23 од Берлинскиот договор.[323] Според Христо Татарчев, откако членот 23 од Берлинскиот договор им се видел како апстрактен за народот, прифатиле да се замени со една попластична фигуративна формула - автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници, и тоа се запише во уставот. Корифеите на Организацијата ја согледале сложеноста на македонскиот проблем во внатрешен и надворешен контекст и се задржале на автономниот принцип, кој лебдел пред очите на сите, како најпогодно решение за македонското прашање во тој моментот.[324]

Постоеле повеќе причини за да се одбере автономијата. 1) Автономијата имала поткрепа во меѓународните акти - Берлинскиот договор и Меѓународната комисија во Константинопол (1880). 2) Автономијата не го нарушувала интегритетот на Османлиската империја - догма на европските сили. 3) Не се нарушувало сизеренството на султанот кој и понатаму останувал суверен на провинцијата, а самиот султан ги прифатил споменатите меѓународни акти. 4) Автономијата овозможувала слободен развој на сите жители на Македонија, без разлика на верата и народноста. 5) Автономијата не ги засегала интересите на балканските држави.[325]

Треба да се нагласи дека воспоставувањето на автономната администрација во Македонија, насочувана и контролирана од Европа, им овозможувала на Македонците да ја земат сопствената судбина во свој раце и пропагандите повеќе ќе немале поле за делување. Меѓутоа, автономијата не е крајната цел, иднината се гледал во оформувањето на Македонија како одделна држава која би можела да влезе во рамките на една балканска држава. Водени од овие идеи, Македонците на своето револуционерно знаме го напишале лозунгот „Македонија за Македонците“.[326]

Според Христо Силјанов: „Што се однесува до целта, солунските иницијатори не измислија ништо ново. Тие едноставно го зедоа она кое во свеста на локалната интелигенција, на македонската емиграција, па и на бугарското општествено мнение, стана насушна потреба и во исто време право на Македонија: автономија“.[327] Констатацијата на Силјанов е точна бидејќи корифеите при одредувањето на целта, ги разгледале сите постојни концепти за решавање на македонското прашање: реформи, присоединување, федерација, автономија и сл. Концептот за присоединување на Македонија кон Бугарија бил отфрлен и е решено Македонија да се оформи како самостојна држава. Крајната цел е замаскирана со принципот за автономија, поради внатрешни и надворешни причини.

Македонската држава како цел на МРО може да се потврди од повеќе извори. Според Петар Поп Арсов, истакнатата македонска емиграција секогаш на македонското прашање гледала

[322] Првото име на организацијата е Македонска револуционерна организација (МРО). По 1896 година е преименувана во Тајна македоно-одринска организација (ТМОРО), а од 1905 година во Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО). Најспосле дошло името ВМРО, кое и најчесто се користи за именување во сите периоди, без оглед на нејзиното официјално именување во конкретните периоди. Види: Ванчо Ѓорѓиев, Борбата за автономија на Македонија..., 43.
[323] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Тримакс - Филозофски факултет - Скопје, 2010, 89.
[324] Исто, 90.
[325] Le Queux William, The Near East; The present situation in Montenegro, Bosnia, Servia, Bulgaria, Roumania, Turkey and Macedonia, New York, Doubleday, Page & Company, 1907, 290 – 291.
[326] Исто, 291-292.
[327] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 61.

како на чисто бугарско и затоа секогаш со своето мешање му нанесувало штета.[328] Поп Арсов исто така вели дека одредени „водачи се ползувале со оваа концепција добивајќи патент за широк бугарски патриотизам (Македонија е тесна за нивните амбиции)“, и полесно станувале министри, дипломати, генерали, журналисти и сл. Според Поп Арсов, сосема друга мисла и друга дејност се наложила меѓу оние кои биле непосредни сведоци на пеколната положба во Македонија и воделе сметка за географските, етнографските, економските и другите особености на таа област. Тој исто така вели дека лозунгот бил: „далеку од Бугарија! Не затоа што Бугарија била виновна за положбата во Македонија, туку затоа што секоја нејзина поврзаност може да и наштети на нејзе и делото, кое требало да го зачува својот чист внатрешен македонски карактер“. Според Поп Арсов, врз основа на овие принципи се формирал првиот таен Комитет за придобивање политички права на Македонија, дадени од Берлинскиот договор, од кои подоцна се развила Организацијата.[329]

Панчо Дорев вели дека македонската организација е формирана од внатрешни луѓе, како Даме Груев, Гоце Делчев и др., сите од внатрешноста и ја поставиле основата на Внатрешната организација, „која секогаш стоела на самостојна и независна почва“,[330] и се борела против сите надворешни туѓи влијанија.[331] Поради сложените услови, Организацијата требала особено грижливо да ги насочува своите дејствија на линија на најмало спротивставување на нејзината активност, односно да си постави такви цели и да си даде таков карактер на својата борба со што во најголем степен ќе биле намалени, ако не и парализирани внатрешните и надворешните спротивставувања.[332]

Симеон Ефтимов вели дека во периодот кога Внатрешната организација се создавала, односно во првите години по нејзиното создавање, Организацијата била обвинувана за недостаток на бугарски патриотизам и недостаток на преданост кон бугарските национални идеи.[333] Според Ефтимов, Организацијата изникнала, израснала и се крепела врз македонското население.[334] Ефтимов исто така вели дека на Организацијата не треба да се гледа како на класна, туку како на национална организација, која ги обединувала сите жители на Македонија, без разлика на народност, вера и политички убедувања и не војувала за заштита на класните интереси, туку ги обединува стремежите на одделните класи во општата борба за национално ослободување.[335] Според Ефтимов, Организацијата борбата против српските и грчките чети не ја водела како бугарска национална организација, туку како борба против аспирациите за поделбата на Македонија.[336]

Иван Иванов забележува дека можат да се најдат одделни лица во потесен круг кои спасот го гледале во оформување на одделна македонска управа или во посебно македонско црковно управување.[337] Според истиот автор, меѓу Македонците постојат различни погледи, едни проповедале дека треба да се бара помош од Западна Европа, други од Русија, трети од Бугарија, а четврти проповедале револуција.[338]

---

[328] Бюлетинъ № 8; на врѣменното прѣдставителство на обединената бивша вѫтрѣшна македонска революционна организация; 19 юли 1919 год., 3.
[329] Исто, 3.
[330] Македония, Сборник от документи и материали, Институт за история, Институт за български език, София, 1978, 545.
[331] Исто, 545.
[332] А. Томовъ и Г. Баждаровъ, Революционата борба бъ Македония, Скопйе, 1917, 23.
[333] Симеонъ Евтимовъ, Македонциъ и политическитъ борби въ България, 1926, 9.
[334] Исто, 13.
[335] Исто, 15.
[336] Исто, 31.
[337] Ив. Иванов, Положението на Българитѣ въ Македония, София, 1895, 38.
[338] Исто, 38-39.

Фредерик Мур вели дека генералот Иван Цончев силно ја пропагирал идејата за анексија на Македонија од страна на Бугарија.[339] Наспроти него биле внатрешните дејци кои сметале дека Македонија како држава, со својата географска положба би можела да послужи како јадро за конфедерација на Балканот, а реализацијата на федерацијата значело и непробоен бедем против руската експанзија кон Средоземното море. Мур истакнува и дека многумина Бугари во Бугарија верувале дека анексијата на Македонија ќе биде уште побрз пат кон конфедерацијата, но дека таа политика ќе ја разбуди љубомората на другите држави. Според Мур Фредерик: „Паролата на Македонците е Македонија за Македонците!“[340]

Според Вил С. Монро, револуционерното движење во Македонија честопати е претставувано како продукт на бугарските амбиции и бугарската влада честопати е обвинувана за нејзино директно вмешување. Меѓутоа, Монро заклучува дека рацете на бугарската влада секогаш биле принудувани од Македонците и бугарската влада зависела од јавното мислење, печатот и директната пропаганда на водачите.[341] Монро исто така вели дека Внатрешната организација немала за цел присоединување на Македонија кон Бугарија и ги повикала сите народности од трите вилаети да се приклучат во нејзините редови.[342] Според К. Алемендингер целта на Организацијата е „**полна независност на Македонија**“.[343] Русинот Василиј Водобозов истакнува дека македонските револуционери се плашеле од насилното присоединување на Македонија кон некоја од балканските држави или нејзина поделба. Затоа до 1908 година на своето знаме напишале „Македонија за Македонците“ и мечтаеле за сопствена власт преку автономија.[344] Според истиот автор, до Младотурската револуција, македонските автономисти (Внатрешната организација) мечтаеле за создавање на „**посебно македонско царство**“, независно од Турција.[345]

Идејата за македонска држава ја пропагира и весникот „Дело“ кој на своите страници пишува: „Нашата борба е принципиелна, борба идејна. И ние нема да го спуштиме оружјето до тогаш, до кога не разберат сите државници и царедворци... дека македонското дело не е грне, во кое сите можат без церемонијално да си ја пикаат гагата внатре. А тоа ќе биде постигнато заедно со... полната автономија и хегемонија на внатрешната револуционерна организација. Триумфот на тој принцип... во исто време е и победа на идната автономна и **независна Македонија**“.[346] На 28.III.1902 год. „Дело“ ја објавува статијата „Космополитизам и национализам“, во која меѓу останатото било забележано дека одредени елементи се организираат под знамето на бугарските големо државнички идеи, во една општествена сила, која е раководена од извесниот триумвират на генералскиот комитет, дворецот и владата, и сака не само да ја убие уште во зачетокот „**иднината на независна Македонија**“, но и да го парализира за долго време правилниот граѓански и социјален развој на Бугарија.[347]

Според Христо Татарчев, основачите на Организација многу добро разбрале дека Македонија со својата географска положба и природни богатства би можела „**да води слободен и**

[339] The Balkan question; The present condition of the Balkans and of European responsibilities, by various writers, edited by Luigi Villari, E. P. Duttom and Company, New York, 1905, 197.
[340] Исто, 198.
[341] Will S. Monroe, Bulgaria and her people, With an Account of the Balkan Wars, Macedonia, and the Macedonian Bulgars, Boston, 1914, 90.
[342] Исто, 91.
[343] Две статии по македонския въпросъ; I. Сърбия и Македонцитѣ (отъ сѫръ Едуардъ Бойлъ, председател на балканския комитетъ въ Лондонъ); II. Македонскиятъ въпросъ (отъ К. Алемендинггеръ, сътрудникъ на военното спиасание Wissen und wehr – Berlin); Печатница П. Глушковъ, София, 1927, 23.
[344] Б. Б. Водовозовъ, На Балканахъ, Статьи. Путевые очерки., Изд-во „Огни“, Петроградъ, 1917, 35.
[345] Исто, 36.
[346] Дѣло; Независим Македоно-Одрински листъ, Година I, София, 18 Мартъ 1902 год., Брой 10-11, 2.
[347] Дѣло; Независим Македоно-Одрински листъ, Година I, София, 28 Мартъ 1902 год., Брой 12, 2.

**самостоен живот**“.[348] Татарчев исто така вели дека: „Народ, кој го истрпи петвековното ропство; кој што се ослободи од фанариотскиот духовен гнет; кој што ја разруши турската империја со своите епски подвизи и борби, не може да се откаже од својата историја и култура, како и од своето **право на суштествување како нација.** Македонскиот народ, кој четири децении се бори со извонредна посветеност, не може по никаква цена да ја направи таа жртва“.[349]

Хари Де Винд вели дека била јавна тајна за поддршката на дворот за генералот Иван Цончев. Оттука, авторот заклучува дека ставовите на Цончев всушност се ставови на бугарската влада.[350] Според Хари Де Винд, крајната цел на Иван Цончев е бугарска автономија за Македонија и формална анексија на Македонија од страна на Бугарија. Де Винд анализирајќи ги состојбите во македонското движење вели дека Јане Сандански е водач кој се декларира како легален претставник на Македонците и неговата цел е создавање на „**независна држава**“ која би влегла во балканската федерација.[351]

Според Хенри Ноел Брејлсфорд, водачите на македонското револуционерно движење не биле Бугари, туку Македонци, кои никогаш не ја предавале својата независност под било кој надворешен притисок. Брејлсфорд исто така вели дека меѓу водачите на македонското движење има и едно силно течение, коешто е склоно да биде критично, а на моменти дури и непријателски настроено кон Бугарија.[352] Според Брејлсфорд, Македонците својот поглед го држеле кон Егејското море и немале силна желба својата судбина да ја врзуваат со онаа на бугарското кнежевство.[353] Според истиот автор, програмата на Внатрешната организација никогаш не предвидувала присоединување на Македонија кон Бугарија, а нејзините водачи истакнувале дека нивната цел е создавање на „**една слободна неутрална држава**“ под врховната власт на султанот и еднакви права за сите без разлика на племенската припадност. Брејлсфорд исто така забележува дека при пеењето на бунтовничките песни зборот Македонија постојано се повторувал и е доказ дека тие веќе имаат своја „**татковина**“.[354] Искреноста на месниот автономистички патриотизам, Брејлсфорд го гледа и во стремежот на Внатрешната организација, или некои делови од неа, за воведување на „македонскиот словенски дијалект“ на местото на бугарскиот литературен јазик во сите егзархиски училишта во Македонија.[355]

Христо Константинов анализирајќи ги основите на Организација заклучува дека нејзините основачите предводејќи го народот против беговската експлоатација и султанскиот апсолутизам покажале голема проникливост за концептите на револуционерното движење - ослободувањето на Македонците е дело на самите тие, без разлика на пол, вера и народност.[356] Според истиот автор, основачите земајќи ги во предвид пропагандите ја поставиле девизата: „Македонци, сплотете се во името на Македонија како Македонци!“[357] Според В. Н. Кораблев постоеле дека три македонски организации, две во Кнежевството Бугарија и третата - најглавната во Македонија, наречена Внатрешна организација.[358] Истиот автор вели дека овие организации се стремеле кон полна автономија на Македонија: „Македонија треба да си остане македонска; Македонија за

[348] Македония, г. V, бр. 1325, С., 20 март 1931 г., с. 1-2.
[349] Македония, г. IV, бр. 1155, 1156 и 1157, София, 22, 23 и 25 август 1930 г.
[350] Harry De Windt, Through savage Europe, London, MCMVII, 208.
[351] Исто, 212.
[352] Хенри Ноел Брейлсфърд, Македония; Нейните народи и тяхното бъдеще, Институт „България – Македония“ София, 2013, 133-134.
[353] Исто, 134.
[354] Исто, 135.
[355] Исто, 137.
[356] Христо Константиновъ, Старика (Яне Сандански); личностъ и дѣло, София, 1939, 23.
[357] Исто, 23.
[358] В. Н. Кораблевъ, Събитията въ Македония и Стара Сърбия, София, 1903, 8.

Македонците - ете ја нивната девиза!“.[359] Во овој дух се искажува и Петар Бошњаков во брошурата „Бугарската пропаганда во Македонија“ објавена во 1902 година дека целта на Организацијата е прогласување на „**самостојна македонска државичка на Балканот**“, а не осуштествување на Голема Бугарија.[360]

Александар Цанков вели дека генералот Иван Цончев ја презел зацртаната завојувачка политика и ја продолжил неуморната и непрестајна борба со внатрешните македонски дејци. Цанков исто така вели: „Нешто повеќе, тој се потврдува како најнемилосрден прогонувач на внатрешните дејци чиј единствен грев за таа беднотија е, дека тие остваруваат поинакви национални идеали“.[361] Цанков забележува и дека внатрешните дејци инспирирани од вистинскиот дух на слободата на својата татковина „**сакаат независна или најмалку автономна Македонија**... тие борци водат непрестајна и крвава борба, како со тиранот Турчин, така и со сите дрзници што посегнуваат кон нивниот идеал, Македонија на Македонците!“.[362]

Кон крајот на Првата светска војна, германскиот социјалист Херман Вендел објавува серија на статии во весникот „Vorwärts“ кои предизвикуваат вознемирување, негодување и огорченост во бугарските кругови.[363] Првата статија е објавена на 2.VII.1917 год. под наслов „Околу Македонија“.[364] Во неа, Вендел забележува дека бугарските тесни социјалисти предводени од Кирков и Благоев се залагаат за мир и се против политиката на анексија, а решавањето на балканското прашање, а воедно и на македонското, го гледаат во создавањето на балканската федерација.[365] Херман Вендел анализирајќи го македонското прашање вели дека кај научниците постои поделба околу националниот карактер на македонското население, дали Македонците се Срби или Бугари. Вендел исто така забележува и дека меѓу самите Македонци се води спор за нивната национална припадност. Вендел, откако ги претставува овие ставови го искажува сопственото мислење за народноста на македонското население и се повикува на неколку истражувачи. Според Вендел, се повеќе преовладувал ставот на Теобалд Фишер**,** искажан пред повеќе од четвртина век, искажување кое се повеќе било прифаќано и потврдувано од страна на научниците. Вендел го цитира Фишер според кого: „Мнозинството од македонското население не ни српско, не ни бугарското, тоа единствено е формирано од јужни македонски Словени“.[366] Вендел исто така забележува дека најголемиот дел од македонското население нема изградено чувство за национална дистикција.

Како одговор на статијата на Вендел, Димитар Ризов на 8.VII.1917 год. година објавува статија во истиот весник во која ја застапува бугарската теза за националната припадност на македонскиот народ.[367] Меѓу останатото, Ризов вели дека Македонците во 1894 година ја започнале борбата за „**независноста на Македонија**“ која што можела да послужи како обединувачка алка меѓу балканските држави.[368] Според Ризов, оваа независност би го подготвила балканскиот сојуз кон кој тежнееле социјалистите.[369]

---

359 В. Н. Кораблевъ, Събитията въ Македония..., 10.
360 Исто, 51.
361 Александар Цанков, Македонското прашање и Балканскиот сојуз, Матица Македонска, Скопје, 2008, 61.
362 Исто, 62.
363 Pro Macedonia, Polemique de M. Wendel, Depute socialiste au Reichstag allemande; et de M. Rizoff, Ministre de la Bulgarie a Berlin; au sujet de la Macedoine, avec une introduction de Delest; Paris, Georges Roustan, Libraire – Editeure, 5, Quai Voltaire, 5, 1918.
364 Исто, 11.
365 Исто, 12.
366 Исто, 15.
367 Исто, 19.
368 Исто, 26.
369 Исто, 26-27.

На 26.VII.1917 год. Вендел во истиот весник објавил нова статија како одговор на мислењата искажани од Димитар Ризов. Во оваа статија, Вендел го образложува мислењето на Павел Јозеф Шафарик дека во Македонија се говори дијалект различен од оној во дунавска Бугарија.[370]

Ако се анализираат статиите на Димитар Ризов може да се заклучи дека во нив настапува истовремено како бугарски дипломат, меѓутоа и како приврзаник на македонското ослободително движење. Имено, ја застапува официјалната бугарска теза дека во Македонија живеат Бугарии, меѓутоа истовремено ја искажува и крајната цел на македонското ослободително движење - независна Македонија. Ризов не го критикувал ставот на Вендел за Балканска федерација, во која Македонија требало да сочинува одделна политичка единица. Самиот Ризов потврдил дека македонски револуционери го споделувале принципот на Херман Вендел. На крајот, спорот помеѓу Вендел и Ризов се сведува за народниот карактер на Македонците. Првиот истакнувал дека Македонците се нешто одделно од Бугарите и Србите, и како такви треба да формираат сопствена држава, наспроти него бил Димитар Ризов кој се обидувал да докаже дека Македонците според своите национални и културни обележја се Бугари.

Не можеме да не ја истакнеме апсурдноста на спорот. Еден Германец, од социјалистичка провиниенција ја истакнува националната посебноста на Македонците, а еден Македонец - ја застапува бугарската теза за Македонците. Меѓутоа, апсурдноста не престанува тука. Димитар Ризов истовремено со искажувањето на бугарските ставови ги искажал и крајните цели на македонското револуционерно движење - македонска држава, принципи кој бил изграден во голема мера под влијание на социјалистите и анархистите. Оваа контроверзност на Ризов не треба да не зачудува, бидејќи во текот на својот живот постојано ги застапува интересите на бугарската држава и македонското револуционерно движење.[371]

МРО уште на самиот почеток се стреми кон искористување на егзархискиот училишен систем во Македонија за проширувањето и зацврстување на своето влијание. Всушност училиштата послужиле како основа за создавање на револуционерните јадра во градовите и селата, не случајно најголемиот дел од учителите се и револуционери. Во прилог на ова е тајниот извештај на Андреј Тошев испратен до бугарскиот министер Димитар Станчов за македонското прашање од 29.XI.1907 год., од кој дознаваме дека 90 отсто од селските учители се револуционери кои составувале огромен процент од сите учители во Македонија, не помалку од 2 000 души. Македонците кои завршувале средни училишта, согласно месните услови биле принудени да ја

[370] Pro Macedonia, Polemique de M. Wendel..., 31.

[371] Во јуни 1897 година, Димитар Ризов од страна на бугарскиот премиер Константин Стоилов бил назначен за трговски агент во Скопје. Истовремено бил задолжен и за посредник помеѓу Стоилов и Внатрешната организација. Димитар Ризов играл дволична политика, меѓутоа и покарај тоа Ѓорче Петров за него вели дека најдобро од сите се држел. Според Христо Татарчев, Ризов се држел џентлменски, ја заштитувал тезата на бугарската влада, но пред неа ги застапувал и интересите на Организацијата. Димитар Ризов во својство на бугарски претставник водел преговори во Белград за сојуз помеѓу Србија и Бугарија. Според Ризов, идејата за автономна Македонија не била отфрлена од Србите, но ги преставиле сопствените претензии во Македонија. Ризов побарал од Србите да ги престават своите минимални територијални барања во Македонија, кои би послужиле како основа за понатамошните преговори. Никола Пашиќ прв започнал да говори за српските претензии. Според него, српско-бугарската граница во Македонија требало да биде на исток од Вардар – реката Брегалница, а на запад една линија која треба да тргнува од устието на реката Брегалница до Охрид. Ризов го потсетил дека во 1904 година кога биле водени преговори за сојуз, Пашиќ се согласил за автономна Македонија, ако Бугарите го признаат само Скопско како дел од српските територии. Според Ризов, зголемувањето на тие претензии било несериозно. На овие зборови, Миловановиќ го запрашал: Кажи тогаш ти, какво можете да ни дадете од Македонија. Ризов одговорил: **Јас сум Македонец и никому ништо не давам од Македонија**. Ризов исто така истакнува дека никогаш не потпишал документ со кој се дели Македонија.[371] Види: Свободно мнение, г. I, бр. 17, С., 21 декември 1913 г., 1-8.

напуштат Македонија и да заминат за Бугарија или да станат учители, без љубов кон работата која им се наложувала или „станувале социјалисти, интернационалисти и комитации“.[372]
Во тој правец биле и контактите на Организација со бугарските кругови. Во јуни 1897 година, Ѓорче Петров, во својство на претставник на ЦК, имал средба со бугарскиот премиер Константин Стоилов. Од дневникот на Стоилов дознаваме дека Ѓорче Петров побарал бугарската влада да се заложи пред егзархот за отстранување на главниот егзархиски училишен инспектор Васил К’нчов како непожелна личност во Македонија и да се влијае кај егзархот и Лазаров за приложување на списокот на учители кој бил подготвен од Организацијата.[373] Во 1898 година, по засилувањето на револуционерното влијание во Македонија, Централниот комитет решил да состави список на поактивни учители, кои требало да бидат назначени во поважните места во Македонија и Одринско. Бил подготвен список и испратен до Ѓорче Петров кој бил задолжен да замине во Цариград и да побара од егзархот негово исполнување. Сите учители од списокот биле назначени, а за следните години се практикувало истото.[374]

Основната организациска мрежа се воспоставува до 1896 година. До овој период, основната дејност на МРО е насочена кон формирање на комитети, преземање на егзархиските црковно-училишни општини и морална подготовка на населението. Бидејќи седиштето на ЦК на МРО е во Солун, првите активности се во градот и околните села. Корифеите за кусо време успеале да привлечат повеќе членови и симпатизери, да отворат Вечерно и Неделно училиште, и преку своите приврзаници да победат во изборите за егзархиската црковно-училишна општина.[375]

По првичните успеси во Солун, следело просевање на револуционерното семе во внатрешноста на Македонија. Изградбата на револуционерната мрежа се одвивала внимателно. Најпрво требало да се продре во душата на секој поединец, да се искорени неговиот поданички менталитет, да му воскресне духот и самодовербата, па дури потоа да се поведе вооружена борба. Ванчо Ѓорѓиев истакнува дека оваа филозофија при агитирањето најдобро може да се илустрира преку зборовите на Гоце Делчев дека „робот најпрво треба да престане да биде таков во својата душа, а потоа ропството ќе исчезне само по себе“.[376] Истовремено, МРО агитирала кај населението дека треба исклучиво да се надева на „сопствените сили“, без да очекува помош однадвор и во тој дух, Петар Поп Арсов проповедал дека: „Секој што ќе ни ја подари слободата ќе ни ја земе земјата“.[377]

Во организациски поглед, територијата на Македонија била поделена на пет револуционерни округа: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички и Серски. Шестиот револуционерен округ се наоѓал во Тракија, надвор од Македонија.

Дополнителен импулс за развојот на МРО има Ресенското советување кое ги потврдува старите принципи и ја продлабочува борбата за црковно-училишните општини. На Ресенското советување биле донесени следните одлуки: територијата на Македонија да се подели на револуционерни реони на чело со авторитетни лица, материјални средства да не се собираат само од членовите, туку и од симпатизерите на дело, во црковно-просветните институции да се

[372] Македонския въпрос – най-крупият в нашата вътрешна и външна политика; Поверителен доклад от Андрей Тошев по Македонския въпрос от 1907 г. Преземено од: http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=656:2014-08-11-17-32-13&catid=29:2010-04-24-09-14-13
[373] Ванчо Ѓорѓиев, Односите помеѓу ТМОРО и бугарската влада на Константин Стоилов (1896-1898), Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот Св. Кирил и Методи – Скопје, книга 60, одделен отпечаток, 294.
[374] Илюстрация Илинден, Година VIII, София, Юний 1936 г., Книга 6 (76), 8.
[375] Ванчо Ѓорѓиев, Атанас Лозанчев, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 51
[376] Група автори, Создавањето на современата македонска држава; Ванчо Ѓорѓиев, Борбата за автономија на Македонија..., 57.
[377] Исто, 57

провлечат што поголем број на симпатизери и засилување на пропагандата со печатење на месни весници и ширење на револуционерната литература.[378] Во 1895 година, МРО и покрај пречките од страна на Бугарската егзархија и нејзините приврзаници успеала да го наметне своето влијание во Прилеп, Велес и Штип. Во Велес и Штип директори на училиштата биле луѓе на Организацијата, а во Прилеп за директор бил испратен Петар Поп Арсов.[379] МРО сметала дека директорите на училиштата треба да бидат приврзаници на нејзината идеја.[380]

Поради својата револуционерна дејност МРО се судрува со Бугарската егзархија. Според Туше Влахов, Бугарската егзархија „по својата суштина била врховистичка, а се разликувала по тоа што проповедала само легални средства. Егзархиските органи ги изразувале стремежите на чорбаџиските богати буржоаски елементи и биле потполно лојални на османлиските власти, а пројавувале и отворена омраза кон Внатрешната организација, учителите и свештениците кои учествувале во револуционерно дело. Егзархот Јосиф I мислел дека треба исклучиво да се работи за културно-просветно издигнување на Бугарите во Македонија и Одринско и трпеливо да се чека удобниот момент за реализирање на бугарските национални идеали - создавање на обединета Бугарија. Егзархот не ја одобрувал авантуристичката политика на бугарскиот владетел Фердинанд, но истовремено бил и принципиелен противник на самостојноста на македоно-одринското револуционерно движење“.[381]

Без разлика на пречките, Организацијата ја продолжила својата дејност и до 1896 година ги поставила основите на својата курирската служба, а одредени лица биле ангажирани и како терористи, кој дејствувале како поединци, а понекогаш како тројки. Терористите биле ангажирани во ликвидирањето на одредени непријатели и одделни насилници кои го угнетувале населението. Терористите се првите вооружени лица на МРО кои извршувале нелегална активност.[382] Со уставот кој е создаден по Солунскиот конгрес од 1896 година, се предвидува формирање на чета во секоја револуционерна околија, со што биле создадени условите за формирање на првите чети, како претходница на идниот четнички институт. Главна улога во создавањето на четничкиот институт има Гоце Делчев поради своето воено образование. Првите чети на Организацијата се појавуваат во 1897 година, а нивниот број се зголемува во 1898 година кога ЦК на ТМОРО започнува да издава специјални инструкции. Четите пред се имале агитациско-организациска улога, а за време на востанието требало да прераснат во боеви јадра на вооружениот народ. Обуката на војводите и четниците се вршела во четничките школи. Во Солунскиот вилает првата четничка школа била раководена од Михаил Апостолов - Попето, а во Битолскиот вилает од страна на Марко Лерински и Никола Петров Русински. Ванчо Ѓорѓиев истакнува дека појавата на „четите била од огромно морално значење за масовизирање на македонското револуционерно движење. Преку четите, апстрактната ослободителна идеја добила конкретен материјален израз во очите на обичниот човек“.[383]

**2.** Македонската емиграција во Бугарија претставувала полезен фактор за развојот на македонското револуционерно движење. Македонците со своите способности, значајно биле застапени во сите гранки на бугарскиот политички и културен живот: поезија, новинарство, книжевност, образование, политика, финансии, трговија, медицина и др.[384] Според Георги Трајчев, Македонија и дала на Бугарија: 8 министри, 20 дипломати, 70 депутати, 10 митрополити, 15

[378] Димитар Димески, Македонското национално движење во Битолскиот вилает 1893-1903, 173.
[379] Борбите в Македония и Одринско 1878-1912; Спомени; Сборник, Български писател, София, 1982, 105.
[380] Исто, 106.
[381] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало, второ допълнено издание, Наука и изкуство, София, 1969, 200.
[382] Група автори, Создавањето на современата македонска држава; Ванчо Ѓорѓиев, Борбата за автономија на Македонија..., 58.
[383] Исто, 59.
[384] Георги Трайчевъ, Духовни качества на македонскитѣ Българи, Печатница Родопи Т. Клисаровъ, София, 1928, 9-10.

универзитетски професори, околу 100 учени писатели и публицисти, 35 уметници, скулптори, оперски пејачи, артисти, 30 виши чиновници по народната просвета, 150 магистри и повидни судии и адвокати, околу 100 повисоки административни чиновници, 80 поистакнати лекари, 40 повидни инженери и архитекти, 800 офицери, меѓу кои 8 генерали, 31 полковници, 56 потполковници. Исто така во бугарските училишта имало 1 568 учители, 200 духовни лица и околу 5 000 чиновници.[385] Македонците се пројавиле и како водачи на разни бугарски политички партии. Комунистички (тесни социјалисти) лидер бил Димитар Благоев, на широките социјалисти - Петар Џидров, радикалите - Ил. Георгов, либералите - Никола Генадиев, демократите - Андреј Љапчев.[386]

Влијанието на Македонците во бугарската држава се забележува и од Максим Горки кој изјавил дека: „Само пророците можат да знаат дали Бугарија ќе ја присоедини Македонија, или таа последната ќе ја присоедини Бугарија“.[387] Во тој правец е искажувањето и на А. Савински, поранешен руски полномоштен министер кој во своите мемоари запишал: „Македонците се бујно, подвижно племе, многу поенергично и повитално отколку Бугарите, и секогаш имале надмоќ над нив“. Оваа појава ја забележува и Пјер Парини во миланскиот весник Ил-Пополо Д'Италија каде истакнува: „Македонците без сомнеж се најинтелигентните и културни жители на Балканскиот пол. Можеби исто така се и најсилните и јуначни. Тие го образуваат, како што се знае, раководниот дел во Бугарија, која што е нивна втора татковина, каде што секогаш наоѓале браќа, а не потисници“.[388]

Константин Кондов вели дека Македонците во Софија сочинувале половина од населението и не ретко за градоначалници и помошници биле избирани Македонци, меѓу нив биле: Јосиф Ковачев, Димитар Кожаров, Иван Беширов, Коне Поп Спирков и др,[389] а според Леон Ламуш брзото зголемување на населението во Софија се должи на Македонците.[390]

Покрај интелигенцијата и останатото македонско население било принудено да бара работа и спокојно суштествување во кнежевството, затоа бројот на Македонците многу бргу се зголемувал во Бугарија. Еден дел од овие Македонци за постојано се населувале во Бугарија, а останатите се враќале во својата татковина. Во 1902 година, Софија имала 70 000 жители, а од нив 20 000 биле Македонци.[391] Според податокот на Бирото за статистика во 1896 година, Кнежеството Бугарија имало 20 509 чиновници и службеници. Од вкупниот број, 1 395 души биле родени во Турција, од нив 955 во Македонија, 312 во Одринско и 128 во другите турски области. Ако внимателно се анализира - 10 отсто од вкупниот број на чиновниците и службениците биле родени надвор од бугарската држава,[392] а причината за оваа состојба лежела во стремежот на бугарските влади да ја засилат „бугарската национална идеја“, како и во потребата од образовни сили.[393]

Политичкиот пад на Стефан Стамболов ја раздвижува македонската емиграција која започнува да се организира во здруженија, братства, организации, комитети и слично. Некои од нив имале заемнопомагателен карактер, други културно просветен, а трети револуционерен. Некои

---

[385] Георги Трайчевъ, Духовни качества на македонскитѣ Българи..., 10.
[386] Исто, 10-11.
[387] Исто, 25.
[388] Исто, 28.
[389] Константин Н. Кондов, Спомени, 1874 – 1929. Преземено од: http://strela.net/kondov/Kondov.htm.
[390] Македонски прегледъ; списание за наука, литература и обществень животъ. Македонски наученъ институтъ, година I, кн. 5 и 6, София, 1925, 52.
[391] А. Томовъ и Г. Баждаровъ, Революционата борба бъ Македония..., 19.
[392] Знаме, органъ на демократическата партия, София, 1-й Май 1897 год, Година III, Брой 1, 1.
[393] Исто, 9.

се залагале за присоединување на Македонија кон Бугарија, други за примена на членот 23 од Берлинскиот договор, трети за автономија на Македонија во рамките на Османлиската империја, четврти за оформување на Македонија како одделна држава, а некои и за балканска федерација со Македонија како рамноправен член.[394]

Во мај 1894 година во Софија се востановува Младата македонска дружина. Според првиот член од нејзиниот устав, дружината имала за цел: а) да издава едно списание; б) да отвори едно читалиште во Софија за Македонците в) употреба на разни полезни средства, кои би можеле да послужат за подобрување на положбата во Македонија, „од страна на нас Македонците, сообразно потребите и времето“.[395] За претседател на дружината е избран Коста Шахов. Младата македонска дружина се состоела од 70-80 членови и успеала да објави еден број од списанието „Лоза“.[396] Во мај 1894 година списанието „Лоза“ ја објавува статијата „Да се здружиме!“ Според авторот на статијата, Македонците имаат должност кон својата татковина и треба да започнат една систематска борба и да им објават војна на тираните. Политичката борба треба да биде врз основата на Берлинскиот договор и големите сили да се убедат во лошата состојба на провинциите на Европска Турција.[397] Авторот исто така вели: „ние сме должни да започнеме една систематска дејност, која што ќе изјави пред надворешниот свет за нашата лоша положба и ќе го постави одново македонското прашање и прашањето за Одринскиот вилает на зелената маса“. Според авторот, за да се постигне целта е „потребно групирање на сите Македонци; сите ние треба да се обединиме и здружено да дејствуваме“.[398]

На 27.XII.1894 год. во Софија се одржува основачкиот собир на друштвото Братски сојуз. Управувањето било доверено на дваесет члена комисија, а на истото заседание е прифатен и изработен уставот на друштвото.[399] Братски сојуз е основан со цел да работи за подобрување на положбата на населенијата во Турција. За претседател е избран Трајко Китанчев, а за потпретседател Наум Туфекчиев.[400] Според член I од уставот на Братски сојуз, друштвото имало за цел: „со општ труд и обединети сили да работи по легален начин за подобрување на положбата на неослободените браќа во Турција“. Во членот II биле регулирани средствата со кои друштвото ќе ја постигне целта - печатно слово, јавни собири, агитација и разни постапки.[401]

На 29.XII.1894 год. во Софија е создаден Македонскиот комитет кој е рожба на Младата македонска дружина, затоа што бил создаден со иницијатива на Коста Шахов.[402] Според весникот „Право“, Шахов ја дал иницијативата за основањето на комитетот, откако се убедил дека нема да може да ги разубеди избраните раководители на Братски сојуз. Дејноста на Македонскиот комитет се состоела од 1) собирања на сведоштва за неподносливата состојба во Македонија и нивно објавување на француски јазик 2) собирање на финансиски средства.[403]

Во почетокот на 1895 година во весниците на македонската емиграција во Бугарија се водат полемики околу прашањето за еволуција или револуција. Во таа смисла, весникот „Лоза“ се

---

394 Ванчо Ѓорѓиев, Трајко Китанчев, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015, 196.
395 Право; Органъ на политическитѣ и духовни интереси на българското население въ Турция, Год I, 20-й Януарий 1895 г., Брой 11, 2.
396 Исто, 2.
397 Лоза, Година I, Май 1894 г., Книжка V, 38.
398 Исто, 38.
399 Право; Органъ на политическитѣ и духовни интереси на българското население въ Турция, Год I, 6-й Януарий 1895 г., Брой 9, 2.
400 Исто, 2.
401 Исто 3.
402 Право; Органъ на политическитѣ и духовни интереси на българското население въ Турция, Год I, 27-й Януарий 1895 г., Брой 12, 2.
403 Исто, 2.

залагал за порадикални мерки и притисок врз бугарската влада и партии, со цел да се помогне македонската кауза. Весникот „Млада Бугарија", поточно Димитар Ризов е против револуционерна дејност и се залага за еволуционизам - за дејствување преку црквите и училиштата во Македонија, односно преку бугарската пропаганда. Ако внимателно се анализира, уште во самиот почеток, еден дел од македонските дејци - емигранти македонското прашање го поврзувале со бугарската држава. Според македонската емиграција, Бугарија можела да го помогне македонското делото со финансиски и материјални средства, а самата бугарска држава можела да биде искористена како инструмент за притисок врз Високата порта и европските држави за исполнување на членот 23 од Берлинскиот договор и приложување на автономија. Долгорочно, овие намери го компромитирале македонското движење и го отвориле патот за појавата и развојот на врховизмот.[404] Исто така, организирањето на емиграцијата и пропагирањето на македонските ставови ја поттикнале Бугарската егзархија во весникот „Мир" да ја осуди оваа активност, притоа биле наклеветени весниците „Право" и „Македонски глас" дека се орудија на туѓи замисли, продадени елементи, предавници, поткупени и сл.[405]

До поголемо организирање на емиграцијата доаѓа со повикот на Трајко Китанчев кој како претседател на Братскиот сојуз ја поканува македонската емиграција да испрати свои претставници на конгресот кој требало да се одржи. Целта на собирот било организирање и преземање дејност за подобрување на положбата во Македонија врз членот 23 од Берлинскиот конгрес и сите македонски друштва од Бугарија и Романија требало да испратат свои претставници, меѓутоа биле поканети и оние Македонци од таму каде што немало организирани друштва. Конгресот со својата работа започнал на 19.III.1895 год. и во него учествувале 60 делегати на македонските друштва, братства и колонии од Бугарија и Романија. Со овој конгрес дошло до обединување на македонската емиграција во рамките на Македонскиот комитета, а за прв претседател на комитетот бил избран Трајко Китанчев.

Одлуките на Првиот македонски конгрес на македонските братства во Бугарија добиле форма на устав во кој биле регулирани целта, средствата, организацијата на друштвата, комитетот, бирото, на конгресот и делегатките, а потоа следеле општите решенија. Според одлуките на конгресот, целта на македонските друштва е придобивање за населенијата во Македонија и Одринско полна политичка автономија, приложена и гарантирана од Големите сили. Било предвидено дека целта може да се постигне преку влијание на бугарската влада и општественото мнение во Бугарија и Европа, и тоа преку: 1) Печатно слово 2) Агитација во другите балкански држави за заедничко дејствување во корист на автономијата 3) агитација и митинзи 4) подржување на избор за пратеници во Народното собрание на лица кои се обврзуваат да дејствуваат за постигнување на целта на македонските друштва 5) Испраќање на делегати и меморандуми до Големите сили 6) Воопшто преземање мерки диктирани од силата на условите.[406] Првиот македонски конгрес, меѓу останатото, решил да се обрати до бугарскиот кнез Фердинанд преку една делегација која требало лично да го замоли него и бугарската влада да се застапат за правата на населението во Македонија и Одринско.[407] Избраната делегација се состоела од: Јосиф Ковачев,

[404] За полемиките помеѓу „Право" и Димитар Ризов види: Право; Орган на политичеслиѣ и духовни интереси на българското население въ Турция, Год. I, София, 4 Февруарий, 1895, Брой 13, 1.
[405] Право; Орган на политичеслиѣ и духовни интереси на българското население въ Турция, Год. I, София, 23 Януарий, 1895, Брой 10, 3.
[406] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или Смрт, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893 - 1903, Табернакул - Филозофски факултет, Скопје, 2003, 185.
[407] Право; Органъ на политическитѣ и духовни интереси на българското население въ Турция, Год I, 18-й Априлъ 1895 г., Брой 22, 1.

Д. Каранфилович, П. Урумов, В. Диамандиев и Никола Полински. Но, одговорот на Фердинанд оставил лош впечаток, особено меѓу Македонците.[408]

**3.** Во 1887 година во Бугарија пристигнал Васил Главинов и потпаѓа под влијание на социјалистичките идеи.[409] Во 1892 година, учествувал во дејноста на работничкото друштво Братство, основано во Софија од студенти и работници, друштвото е едно од првите во Бугарија кое го пропагира социјализмот меѓу работниците.[410] За влијанието на социјализмот, „Македонско дело" истакнува дека: „Младината беше силно засегната од разните револуционерни учења што почнаа да проникнуваат од Исток и Запад - утопистичкиот социјализам на Сен-Симон, Бланк и др., руското народништво, анархизмот на Бакунин и научниот социјализам на Карл Маркс и Фр. Енгелс".[411]

Под влијание на левичарските теории, Васил Главинов заедно со своите приврзаници ја основа Македонската работничка социјалистичка група (МРСГ) која започнува самостојно да развива пропагандна дејност.[412] Во 1894 година, Главинов на два пати ја посетил Македонија и во својот роден град Велес го основа првото работничко просветно друштво во Македонија.[413] Главинов донел и социјалистичка литература која што ја растурал и друштвото во Велес послужило и како пункт за понатамошно ширење на левичарската пропаганда во Македонија. Меѓу членовите биле: Трајко Христов, Ризо Ризов, Ив. Х. Пандов, Г. Крајничанец, Славејко Бачев, Д. Дојчинов, Ил. Голи Стојанов, Плавев и други. Главинов својата дејност не ја ограничил тука и создал канали за испраќање на социјалистичка литература во Македонија.[414]

Според Алексо Мартулков, во 1894 година во Велес било организирано читалиште и биле поставени основите за создавање на читалиште-здружение, кое не било работничко ниту социјалистичко, туку служело за општи потреби на велешани.[415] Иницијатор на просветната дејност бил Главинов, кој со себе донел неколку социјалистички брошури. Една од тие брошури се нашла и во рацете на Мартулков, кој по нејзиното читање станал социјалист. Станува збор за брошурата „Студентството и социјализмот" од Никола Габровски.[416] Алексо Мартулков за прифаќањето на социјализмот, вели: „Може да изгледа чудно, како тоа со прочитување на една брошура да може да стане човек социјалист. Но јас бев дете на бедно семејство и останат сирак без татко уште на осумгодишна возраст. Тешките животни услови при тогашната политичка и социјална положба... придонесоа овие социјалистички идеи да најдат благопријатна почва кај мене. Како мене така и останатите другари не привлекуваа хуманитарните идеи на социјализмот, а најмногу лозунгот за еднаквост и слобода. Се разбира, марксистичкото учење воопшто не ни беше познато. Но главно е што во нас се создаде стремеж кон политичка револуција и социјална просвета и култура. Како резултат на тоа ги поставивме основите на просветно-социјалистичката група уште през 1894 година. Така се создаде првата социјалистичка група во Македонија, а и во цела Турција".[417]

По враќањето на Главинов во Софија биле преземени мерки за организациско зацврстување на МРСГ, а било засилено и испраќањето на левичарската литература во Македонија

[408] Право; Органъ на политическитѣ и духовни интереси на българското население въ Турция, Год I, 18-й Априлъ 1895 г., Брой 22, 2.
[409] Данчо Зографски, За работничкото движење во Македонија до Балканските војни, Скопје, 1950, 93.
[410] Исто, 93-94.
[411] Исто, 92.
[412] Исто, 95.
[413] Исто, 95-96.
[414] Исто, 96.
[415] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, ИНИ, Скопје, 1954, 10.
[416] Исто, 10.
[417] Исто, 10.

преку создадените канали.[418] Во овој период во работата на групата учествувале Никола Карев, Никола Петров Русински и др.[419] Во своите мемоари, Димитар Влахов за дејноста на МРСГ вели: „Ние, Македонците - социјалисти се собиравме од време на време во дуќанот на Васил Главинов. Тој имаше столарска работилница. Кај Главинов главно се собираа Македонци - социјалисти, кои не беа студенти. Тие беа во контакт со Бугарската социјалистичка партија. Тие Македонци ја симпатизираа левицата во таа партија“.[420] Според Алексо Мартулков во работницата на Главинов се наоѓал клубот на Македонската социјалистичка революционерна група и администрацијата на весникот „Револуција“, една библиотека и се што се однесувало на дејноста на групата. Алексо Мартулков исто така вели дека групата била составена на разнородни луѓе, а нејзини членови биле: Стојан Русев - редактор на „Револуција“ (според Мартулков во него немало ништо социјалистичко; тој поскоро бил нешто како анархист од свој род), Атанас Раздолов (тој поскоро бил народник и го привлекувала секаква посензационална акција), Димитар Мирасчиев (симпатизер - социјалист, стопроцентен национал-революционер), Стојан Попов - Чичото, (социјалистичките идеи го обземале во извесен период, за да исчезнат во друг), Роза Попова (жена на Стојан Попов), Андон Шулев (кој се вратил од Швајцарија).[421] Подоцна во редовите на групата се нашол и Наум Томалевски кој соработувал со Александар Антонов, Васил и Лазар Главинови, Н. Гусинов и др. Во овој период Пејо Јаворов го редактирал „Дело“ заедно со Антонов и Наум Томалевски им помагал.[422]

Во јуни 1895 година започнал да излегува весникот „Револуција“ под редакторство на Васил Главинов, Хаџи Димов и Стојан Русев.[423] Идејно-политичката платформа на групата била изнесена во уводната статија „Нашиот програм“, во првиот број на весникот.[424] Во 1898 година, МРСГ започнува со издавање на весникот „Политичка слобода“ и една специјална едиција на брошури под заеднички наслов „Македонска работничка библиотека“.[425] Од оваа библиотека до Илинденското востание биле издадени три брошури: „Повик кон македонскиот работен народ“ (Софија, 1898 г.), „Работнички речник“ (Софија, 1902 г.) и „Македонија и каде е надежта“ (Софија, 1902 г.).[426] Библиотеката имала за цел да му ги приближи социјалистичките идеи на македонскиот народ, да ја шири социјалистичката просветна пропаганда, социјалистичката мисла, да се подготви македонскиот народ и неговото свесно издигнување за самостојно извојување на политичка и економска слобода.[427]

Македонската социјалистичка група својата идеологија многу јасно ја образложува во „Програмата на македонските револуционери-социјалисти“ објавен во првиот број на „Политичка слобода“ кој започнал да излегува како орган на македонските революционери-социјалисти.[428] Во програмата било истакнато: „Ние мислиме дека народите сами треба да се остават на својата добра волја, да ја определат својата националност, а не да станува тоа врз основа на некакви историски традиции или ултрапатриотски побуди. Автономисти по убедување, ние сакаме Македонија да биде за Македонците. Кога излегуваме од сопствените македонски интереси, ние истовремено нема да останеме глуви кон прогресивните општествени струи во другите земји. Кај нас ќе најдат

418 Данчо Зографски, За работничкото движење во Македонија…, 96
419 Исто, 97.
420 Димитар Влахов, Мемоари, НИП Нова Македонија, Скопје, 1970, 26.
421 Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби..., 12-13.
422 Революционенъ листъ; Периодическо издание на ВМРО, год. V, декемврий 1930 г., брой 114, 2.
423 Боян Кастелов, Димо Хаджидимов; Живот и дело, Изд. на Отечествения Фронт, София, 1985, 52.
424 Исто, 97-98.
425 Иван Катарџиев, Борба до победа, том четири, Мисла, Скопје, 1983, 82.
426 Историја на македонскиот народ, книга втора, издава НИП Нова Македонија – заедница за издавачка дејност: книги, периодика и публицистика – Скопје, Скопје, 1969, 199.
427 Иван Катарџиев, Борба до победа, том четири..., 83.
428 Данчо Зографски, За работничкото движење во Македонија…, 129-130.

отклик работничките движења како на Западна Европа, така и на Бугарија, Србија, Грција и на други места“.[429]

Ако внимателно ја анализираме идеологијата на Македонската социјалистичка група може да заклучи дека во неа има примеси на романтичност и утопија, како и влијанија на анархизмот и народништвото, ова искажување може да се потврди со неколку извори. Васил Главинов при својата посета на Велес во 1895 година, покрај социјалистичката литература донел и доста анархистички, нихилистички и народнички брошури и книги. Во статијата „Средствата за борба“ објавена во „Револуција“ може да се сретнат искажувања што очигледно се под анархистичко влијание.[430] Ова влијание го забележува и Данчо Зографски кој вели дека во редовите на МРСГ има извесни анархистичко-нихилистички појави како резултат на „влијанието на анархистичките и нихилистичките разбирања помеѓу тогашните социјалисти во Бугарија воопшто“.[431] Данчо Зографски кој е критички настроен кон овие анархистички појави, истакнувајќи: „Ни после 1898 година македонските социјалисти не се ослободија наполно од извесни појави на анархизам, нихилизам и народништвото. Во својот весник „Политичка слобода“ тие даваа публицитет и на статиите на Бакунин, родоначалник на рускиот анархизам. Се уште во органот и брошурите, издавани од Македонската социјалистичка група се среќаваат сугестии за рушење на секоја светска власт или искажувања, како на пример следното: Но ние не кажуваме, дека теророт е сосем непотребен. Ако се прими тој како помошно средство, како такво, со кое треба да ги обезвреднува опасните личности за делото, тој се е на место“.[432] Според Зографски, македонските социјалисти го прифатиле и проповедале индивидуалниот терор како метод и тактика.[433] Според истиот автор, во литературата издавана од МРСГ постоеле поединечни места, во кои во народнички манир се преувеличува улогата на одделни истакнати личности во ослободителното движење и за кои се вели дека со својата самопрегорна револуционерна работа можат да направат повеќе за ослободителното дело отколку народната организација.[434] Мора да истакнеме дека критиките на Данчо Зографски за анархистичките и другите влијанија во редовите на МРСГ се резултат на политичко-општествените услови во кои творел.

Македонската социјалистичка група во однос на македонското прашање има конкретна програма и ако внимателно се анализира, може да се заклучиме дека МРСГ е најрадикалниот идеолошки чинител во македонското револуционерно движење, со многу јасни погледи за иднината на Македонија. МРСГ во споредба со Македонската револуционерна организација и Врховниот комитет, уште на самиот почеток јасно говори за создавање на една независна македонска република. Додека останатите чинители тактизирале со крајната цел, МРСГ кристално ги образложила своите стремежи. Социјалистичка група има мал број на членови, меѓутоа извршила силно идеолошко влијание во македонското движење.

**4.** Македонската револуционерна организација со својата дејност ги раздвижува бугарските кругови во Македонија, а од контрадејноста ќе произлезе и Бугарското тајно революционерно братство (БТРБ). Корените на Братството лежат во егзархиската групација во Македонија која ја подржува Бугарската егзархија и нејзината црковно-просветна пропаганда. Идеолошка сушност на оваа група се состои од сан-стефанскиот принцип, односно во присоединувањето на Македонија кон бугарската држава. Најголемиот дел од егзархистите биле родени во Бугарија, а кон себе успеале да привлечат и еден дел од македонските конзервативни елементи. Главните идеолози на групацијата се наоѓале околу Солунската машка гимназија, а меѓу

[429] Данчо Зографски, За работничкото движење во Македонија…, 130-131.
[430] Исто, 128.
[431] Исто, 129.
[432] Исто, 163.
[433] Исто, 163.
[434] Исто, 163-164.

нив биле: Васил К'нчов, Михаил Сарафов, д-р Колушев, Начев, А. Тошев, Коне Самарџиев, Јосиф Кондов, Христо Ганов, Неделчо Колушев, Иван Гарванов, Атанас Наумов и др. Главна цел на егзархистите е ширење на бугарската национална свест меѓу Македонците, односно создавање на услови за присоединување на Македонија. Егзархиската групација проповеда сплотување на македонското население околу Егзархијата и поддршка за егзархиското црковно-училишно дело, а останатото кога ќе дојде време ќе го заврши Бугарија со своите 200 000 бајонети. Според нив, крупните работи не биле за коректори и учители.[435]

Македонската револуционерна организација индиректно влијаела врз создавањето на Бугарското братство. Уште во самиот почеток, егзархистите во растечкото влијание на Организацијата гледале како на смртна опасност за црковно-училишната пропаганда и Бугарската егзархија.[436] Иван Гарванов теоријата на директорот на Михаил Сарафов (водач на егзархистите во Солун), во текот на 1894, 1895 и 1896 година, ја формулира на следниов начин: „Ништо да не се презема против Турците, засилување на Егзархијата, борба со унијатите".[437] Кон ова, Христо Силјанов додава: „и со туѓите пропаганди воопшто".[438]

Васил К'нчов како егзархиски училишен инспектор систематски ги гонел учителите кои биле приврзаници на Организацијата, а Наумов како бивш директор на педагошкото училиште во Солун дејствувал енергично меѓу учителите.[439] Истовремено се започнало со интриги пред Врховниот македонски комитет и бугарската влада, за да се создаде непријателство кон Организацијата. На крајот оваа групација се организирала како Бугарско тајно револуционерно братство. Ѓорче Петров во своите спомени вели дека формирањето на Братството било последниот обид на егзархистите за да го вратат влијанието во Македонија, кое го губеле. Идејата за формирање на Братството ја дал Васил К'нчов во согласност со егзархот и Селџобалиев, и го избрале Гарванов за да се спротивстави на организациските луѓе. Бугарското братство кај населението проповедало дека: „Бугарија ќе не ослободи и од Бугарија да чекаме се, ние треба само да се подготвуваме. Пушки да не се купуваат и да не се внесуваат, зошто кога ќе треба, Бугарија ќе ги даде. Револуционерноста да не се пројавува во дејност, туку само во морална подготовка".[440]

До конкретно формирање на Бугарското револуционерно братство дошло во март 1897 година. Во неговото создавање учествувале 14 души, а меѓу нив биле: Иван Гарванов, Христо Тенчев, Јосиф Кондов, Димитар Мирчев, Атанас Наумов, Делчо Колушев, Христо Ганов, а за претседател бил избран Гарванов. Во март 1897 година бил донесен и уставот на Братството кој бил одраз на големобугарскиот идеал. Според уставот, Братството имало за цел: а) да го подготви бугарскиот народ сам да си извојува слободен политички живот б) да се пресмета со одделните народни мачители в) да се заштити бугарската народност од посегањата на инородните пропаганди. За остварување на целите биле предвидени следните цели: а) жива и печатна реч б) терор в) смрт г) револуција.

Меѓутоа, неколку извори посочуваат дека вистинската цел на Братството било преземање на Организацијата. Според Ѓорче Петров, Братството било поставено врз божемна револуционерна основа за да може полесно да се преземат позициите на ЦК на Организацијата и Братството немало друга идеја. Според Иван Хаџи Николов, Братството имало за цел

---

[435] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република …, 83.
[436] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 157
[437] Исто, 160.
[438] Исто, 160.
[439] Л. Милетич, Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, фототипно издание на издателство наука и изкуство, том I, София, 1983; Спомени на Гьорче Петров, 37.
[440] Спомени на Иван Хаджиниколов, 37.

организиранаta маса да ја потчини на Бугарската егзархијата и Врховниот комитет. Туше Влахов вели дека Иван Гарванов кој бил „предан човек“ на Бугарската егзархија, во Солун создал и благодетелно братство, кое подоцна од демагошки причини било преименувано во револуционерно. Тоа револуционерно братство паралелно со Врховниот комитет започнало борба против Внатрешната организација. Туше Влахов исто така истакнува дека „Гарванов и гарвановци се обединија со ВО, станаа наводни револуционери, а во душата си останаа такви, какви што си беа“.[441]

Во спомените на Даме Груев објавени во „Македоно-одрински преглед“ во 1907 година, а приредени од Љ. Милетич, го имаме следното искажување на Груев: „Почетокот на новата организација, која се нарече Братство се совпаѓа со последното време на моето престојување на служба таму (Солун б.н)  и со моето отпуштање. Јас решително се искажав против Братството, бидејќи секој расцеп го сметав за штетен за делото, освен тоа длабоко бев убеден дека Организацијата го избрала најправиот пат. Братството како свој главен  принципи истакнуваше да не се брза со револуција, а постепено да го советува народот - да се врви по еволутивен пат. Но, имено, во тоа се состоеше недоразбирањето меѓу Братството и нас, бидејќи организацијата не мислеше да ризикува, со една неподготвена револуција, да изгуби се и да го погуби народот, и таа сметаше да ги употреби сите средства за да го забрза освестувањето на народот, само што за неопходно сметаше да ги организира народните маси во името на идната револуција, вдахнувајќи му секому од самиот почеток вера во себеси и истакнувајќи му ја како најглавна крајна цел на организацијата - ослободување преку револуција. Братството со својата нејасна цел програма само ја разнишуваше Организацијата и затоа јас предвидував само големи штети и никаква полза од таа нова организација и се искажав како нејзин решителен и безогледен непријател.[442]

Од искажаното евидентно е дека МРО и Братството биле идеолошки противници. Организацијата се залагала за автономна Македонија извојувана преку револуција и со својата дејност се стремела кон обединување на сите жители на Македонија, без разлика на вера и народност. Принципот за присоединување на Македонија кон Бугарија бил отфрлен. Од друга страна, Братството работело против пропагандите, првенствено против српската пропаганда и не мислело за ослободување на Македонија, туку кон ширење и зацврстување на бугарската национална свест меѓу Македонците. Членовите на братството настојувале спечаленото во Македонија да го зачуваат и да ја почекаат Бугарија да дојде и да ја ослободи Македонија.

За стремежот на Бугарското братство да биде втора револуционерна организација во Македонија, Ванчо Ѓорѓиев истакнува дека Братството немало за цел засилување на македонското

[441] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 201.

[442] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 209-210; Дотука е јасно искажувањето на Даме Груев. Меѓутоа, проблематично е следново: Јас решително се искажав против Братството, бидејќи секој расцеп го сметав за штетен за делото... Братството со својата нејасна цел програма само ја разнишуваше Организацијата и затоа јас предвидував само големи штети и никаква полза од таа нова организација и искажав како нејзин решителен и безогледен непријател. Ако Даме Груев се искажал како нејзин решителен и безогледен непријател, зошто го организирал атентатот на Пејчиновски, или Татарчев му понудил бесплатно лекување на Гарванов, Иван Хаџи Николов го придружувал до болница, а Матов му пишал од Скопје? И покрај разликите, Организацијата, преку своите раководители, во почетокот настојувала да одржува добри односи со Братството. Зошто? Одговорот ни го дава самиот Даме Груев: секој расцеп го сметав за штетен за делото. Внатрешната организација настојувала да има добри односи со сите групации во македонското револуционерно движење. Колку повеќе одделните организации и групите соработувале помеѓу себе толку полесно ослободувањето на Македонија ќе било постигнато. Во моменти кога биле загрозени целите и интересите на Организацијата, таа знаела да биде сурова, меѓутоа на крајот преовладал разумот и прагматизмот. Во тој правец треба да го гледаме апсорбирањето на различните групи во Внатрешната организација – соработката со Тајните офицерски братства, слевањето на Женевската група во 1898/99, изборот на Борис Сарафов, слевањето на Братството во 1899 година, соработката со Гемициите, слевањето на социјалистичката група на Русински и Веле Марков во 1901/1902. Во тој контекст треба да го гледаме и одложувањето на смртната пресуда на егзархиските митрополити Григориј и Герасим, од страна на ЦК на ТМОРО во август 1899.

револуционерно движење. Напротив, тоа се појавило како „ретрограден фактор во моментот кога македонскиот народ најинтензивно беше атакуван од српско-грчката пропаганда и имал потреба од сплотеност“.[443]

**5.** Во 1896 година неколку ученици од пловдивската гимназија формираат тајна група која има за цел ослободување на Македонија преку револуција, подготвена во внатрешноста на Македонија.[444] Нејзините членови се под влијание руското народништво, нихилизмот и Француската револуција. Организатори и раководители на групата биле двајцата гимназијалци - Михаил Герџиков и Петар Манџуков.[445] Групата се растурила во Пловдив, но како нејзина замена никнала нова група во Казанлак, каде што заминале Герџиков и Манџуков.[446] Подоцна членовите на пловдивскиот анархистички кружок, како и на други слични кружоци заминале на студии во Женева и го формирале Македонскиот таен револуционерен комитет (МТРК), познат и како Женевска група. Според Цочо Билјардски, Централниот комитет на МТРК бил формиран во последните месеци на 1897 година,[447] а според Ванчо Ѓорѓиев, основањето на МТРК е пред 15.II.1898 год, а можеби и во 1897 година.[448] МТРК е под влијание на странските револуционерни организации, во тој правец е и искажувањето на Михаил Герџиков во неговите спомени. Тоа го потврдува и Симеон Радев кој вели дека Герџиков одржувал врски со италијанските работници.[449]

Основачи на МТРК биле: Михаил Герџиков, Димо Николов, Григор Попдочев, Димитар Општински, Светослав Мерџанов, Кина Генова, Олга Балинова, Тодора Златева, Јордан Калчев, Иванка Ботева, Надежда Добрева и др. Според Христо Силјанов: „Тука тие во изобилство наоѓаат револуционерна литература, се зближуваат со руските револуционери и живо учествуваат во идејните спорови на руската емиграција. Тука тие идејно се дооформуваат: едни под влијание на Г. Плеханов, како социјал-демократи (Димо Николов, Д, Општински и др.) други, под влијание на Черкезов и на бакунизмот, како еден вид анархисти (Герџиков, Јордан Калчев и др.), но разликите не им пречат да бидат заколнати другари од кружокот кој веќе има и свој устав“.[450]

Димитар Општински најпрво влегувал во социјалдемократскиот кружок околу Димитар Благоев, а подоцна станал близок соработник на Димитар Бојкинов - редактор на весникот „Борба“. Овој весник водел кампања против Стефан Стамболов и се одликувал со анархистички идеи.[451] Слави Мерџанов, Кина Генова, Олга Балинова, Тодора Златева и Јордан Калчев биле членови на анархистичките кружоци во Русе и Разград, а душата на овие кружоци бил Врбан Килифарски.[452]

Членовите на Македонскиот таен револуционерен комитет останале анонимни и во ниеден документ или весник не го посочиле седиштето на комитетот, неговите членови или каде се печатат материјалите. Основачите замислиле издавање на весник со цел пропагирање на

---

443 Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт... 256.
444 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 287.
445 Исто, 287-288.
446 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 288.
447 Михаил Герджиков-Анархистът, посветил живота си на борбата за слобода на македонските и тракийските Българи. Преземено од: http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=339:2011-09-28-16-17-40&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61
448 Ванчо Ѓорѓиев, Апелот на Македонскиот таен револуционерен комитет од 1898 година, Гласник, XXXV, 1-2, 1991, одделен отпечаток, Институт за национална историја, Скопје, 136.
449 Михаил Герджиков-Анархистът, посветил живота си на борбата за слобода на македонските и тракийските Българи. Преземено од: http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=339:2011-09-28-16-17-40&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61
450 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 288
451 Петър Георгиев Манджуков, Предвесници на бурята; спомени; Издава федерацията на анархистите в България; По случаӵ 110 – годишнината от солунските атентати на гемиджиите, София, 2013, 16.
452 Исто, 16.

сопствените идеи. МТРК дејствува и во Бугарија, оттука во Пловдив се формира Македонска анархистичка група, која дејствува како клон на МТРК. Исто така, МТРК во Софија воспоставува контакт со групата околу весникот „Политичка слобода“. Споменатиот весник ја објавува прокламацијата на МТРК до бугарскиот народ и програмата на комитетот. „Политичка слобода“ во следните свои броеви продолжува да објавува статии за МТРК и кратки соопштенија за неговата дејност. МТРК својата програма ја испратил на француски јазик за публикување и во францускиот весник „Тан“.[453]

Во меѓувреме, Герџиков и Мерџанов започнале со издавање на два весника, Герџиков - „Глас на Македонскиот таен револуционерен комитет“, а Мерџанов - „Одмазда“, кој излегувал како орган на македонските револуционери терористи. Весниците биле отпечатени во јули 1898 година, меѓутоа поради недостаток на финансиски средства биле отпечатени само во еден број. Во февруари 1898 година, членовите на Македонскиот таен револуционерен комитет започнале со растурање на својот апел во престолнината на Бугарија. Апелот бил пратен до сите странски дипломатски претставништва. На 19.II.1898 год. „Политичка слобода“ ги објавил најважните делови, а нешто подоцна во скратена форма бил објавен и во „Слобода“, гласило на Социјал-демократската странка на Хрватска.[454]

Идеологијата на Македонскиот таен револуционерен комитет, слично како и Македонската работничка социјалистичка група, бил под влијание на ставови и идеи преземени од различни левичарски теории. МТРК бил под влијание на социјалистичките и анархистичките идеи, и во суштина е левичарска групација. Во однос на ова прашање, како пример може да се посочи Никола Харлаков, чија идеолошка наклонетост не може точно да се определи и во литературата може да се сретне како социјалист-анархист, а Димитар Влахов го определува како либерален социјалист. Понекогаш во одреден период, некои револуционери биле под влијание на една од посочените идеологии, а подоцна на друга. Таков пример е В’лчо Антонов, кој пред Илинденското востанието бил анархист, подоцна заминува во Русија и се враќа во Македонија како социјал-демократ, а Христо Силјанов го именува како социјал-демократ и терорист, иако едно со другото се поништуваат.

Во однос на македонското прашање, Македонскиот таен револуционерен комитет имал јасен став: „Полна независност и најширока слобода за Македонскиот народ да си создаде управа каква што тој сака“ и населението да се определи без никаков надворешен притисок.[455]

---

[453] Михаил Герджиков-Анархистът, посветил живота си на борбата за слобода на македонските и тракийските Българи. Преземено од: http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=339:2011-09-28-16-17-40&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

[454] Ванчо Ѓорѓиев, Апелот на Македонскиот таен револуционерен комитет од 1898 година..., 135.

[455] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 473.

# ГЛАВА VI

# ВЛИЈАНИЕ НА ЛЕВИЧАРСКАТА ИДЕОЛОГИЈА

*„Ослободувањето на Македонија ни е првата прицелна точка во полето на општествената борба“*- **Димо Хаџи Димов**

**1.** Ако внимателно ги анализираме досегашните истражувања за местото и улогата на социјалистите и анархистите во македонското револуционерно движење, можеме да забележиме една апсурдност. Во минатото, истражувачите кои се занимаваа со ова проблематика го нагласуваа влијанието на марксизмот и свесно избегнуваа една поширока анализа за присуството на останатите левичарски идеи. Од друга страна, кога изведуваа заклучоци за влијанието на анархизмот или народништвото речиси секогаш беа критички настроени, со што не лишија од наполно разбирање за идеологијата на македонското револуционерно движење.



**Димо Х. Димов**

Во текот на нашето истражување дојдовме до заклучок дека терминот „социјализам“ кон крајот на 19 век има многу еластично значење и внимателната анализа на историските извори не донесе до конечен суд дека социјализмот кај македонските револуционери е левичарска идеологија која се оформила под влијание на социјалистичките, анархистичките, народничките и други радикални идеи, и затоа во оваа идеологија се сретнуваат принципите на децентрализацијата, федерализмот, републиканизмот, директната демократија и др., многу спротивни и различни од идеите на марксизмот.

Исто така се соочивме и со друг проблем. Имено, во „Историјата на македонскиот народ“ објавена од страна на Институтот за национална историја во 2008 година, беше истакнато дека Гоце Делчев од Военото училиште во Софија бил исклучен поради некаков „**политички инцидент**“.[456] Во оваа историска литература може да се сретне и следната констатација „во развитокот на револуционерното движење во Македонија, појавата, ширењето и масовизирање на Организацијата, идејното созревање и вооружувањето на членството, накусо речено со големите тешкотии преку честите провали и други проблеми, во успешното подготвување на народот за востание, не мала заслуга имале и **малубројните македонски социјалисти** (Н. Карев, В. Марков, Н. Русински и други) вклучени во Организацијата“.[457] Авторите, или не ги познаваат историските факти или се самоцензурираат, бидејќи повеќето историски извори посочуваат дека Гоце Делчев е исклучен од Военото училиште заради социјалистичка агитација и поседување на социјалистичка литература. Од друга страна, ако искажувањето за малубројните македонски социјалисти во редовите на МРО се однесува на Македонската социјалистичка група на Васил Главинов, тогаш констатацијата е точна. Меѓутоа според нас, авторите свесно го намалуваат значењето и влијанието на социјалистите и анархистите во Организацијата, иако историските изворите говорат поинаку.

Во текот на подготовката на овој труд дојдовме до заклучок, и ќе се обидеме да го докажеме тоа, дека во појавата и развојот на македонско движење, учествувале голем број на левичари од социјалистичка или анархистичка провениенција, кои се истакнале како раководители, војводи, организатори и др. Исто така, врз основа на нашите истражувања дојдовме до заклучок дека социјалистите и анархистите имаат големо влијание во обликувањето на македонската револуционерна идеологија кон крајот на 19 век, а воедно се пројавуваат и како

[456] Историја на македонскиот народ, Институт за национална историја, Скопје, 2008, 185.
[457] Исто, 194.

главни сојузници на македонската сепаратистичка група која се залагала за зачувување на автохтониот карактер на револуционерното движење.

**2.** Повеќе извори го потврдуваат влијанието на социјализмот, анархизмот, народништвото, рускиот нихилизам и сл. Меѓу нив е и американскиот автор Артур Д. Хауден Смит, кој во своето дело „Борбата против Турците на Балканот" објавено во 1908 година истакнува: „Веднаш штом младата генерација ќе се стекне со знаењата на современото образование, тие обично станувaат жестоки социјалисти".[458] Влијанието на социјализмот го забележува и Џорџ Кол, кој во своето дело посветено на социјализмот истакнува дека Дамјан Груев и Гоце Делчев не биле социјалисти, во потполна смисла на зборот, меѓутоа Гоце бил исклучен военото училиште во Софија поради социјалистичка пропаганда.[459] Кол исто така вели: „Тие заслужуваат да се споменат бидејќи македонското ослободително движење кое го изградиле било целосно ослободено од ексклузивни расни и религиозни ограничувања, кои биле карактеристични за повеќето форми на балканскиот национализам. Против сите сопернички анексионисти, Груев и Гоце се залагале за **независна Македонија**. В.М.Р.О не била социјалистичка организација, меѓутоа **повеќето од нејзините водачи биле социјалисти**".[460]

Не треба да се заборави дека многумина од македонските револуционери во своите спомени или мемоари говорат за влијанието на социјализмот и анархизмот, меѓу нив е и Борис Сарафов кои во своите спомени вели: „**социјализмот тогаш беше во мода**".[461] Димитар Влахов исто така го потврдува влијанието на левичарските идеи истакнувајќи дека првоапостолите на Внатрешната организација биле „инспирирани од идеите на Француската револуција, од идеите на италијанските патриоти демократи Мацини и Гарибалди, Париската комуна од 1871 година, српските социјалисти народници како Светозар Марковиќ и бугарските револуционери демократи и социјалисти Георги Раковски, Каравелов, Христо Ботев, Васил Левски и др".[462] Влијанието на социјализмот се забележува и од Михаил Герџиков, кој вели дека кога идниот историчар на македонското национално-револуционерно движење ќе ги опише фигурите во него, како таа на Делчев, тој не ќе може да не ја земе околноста дека Гоце бил исклучен од Военото училиште во Софија, зашто при претресот му нашле „социјалистичка литература".[463] Ова влијание го забележува и Лука Ѓеров, истакнувајќи дека во почетокот на 1892 година заминал во Софија за да се запише во военото училиште. Меѓутоа не се запишал, затоа што го „разубедиле - не чинело да се станува човек офицер и да се носи железо - бевме социјалисти". Лука Ѓеров исто така бил и под влијание на тогашните студенти Климент Краѓулев, Петар Поп Арсов и др., со кои го издавале списанието „Лоза".[464]

За влијанието на левичарските идеи, Туше Влахов вели дека во револуционерните борби уште во периодот на Илинденското востание „земаа учество млади кукушани - кои главно завршиле во солунските гимназии и студентите во Софија и туѓината. Погледите на тие млади луѓе, кои себеси определуваа за социјалисти или анархисти, не беа сосема избистрени и поскоро беа израз на воинственото незадоволство, готово да се пројави во бунтовништво од секаков вид".[465] Туше Влахов исто така вели дека при „недостатокот на оформена работничка класа, тешко

---

[458] Mercia MacDermott, For freedom and perfection; The life of Jane Sandansky, Journeyman, London, 1988, 37.
[459] G. D. H. Cole, A History of socialist thought…, 605.
[460] Исто, 605-606.
Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, фототипно издание на издателство наука и изкуство, том I, София, 1983, 36.
[462] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 3-4, Год. I, октомврий-ноемврий, София, 1945, 1.
[463] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев и неговото време, том први, Култура, Скопје, 1972, 104.
[464] Освободителното движението в Македония и Одринско..., 5.
[465] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 211-212

беше во еден опаднат град како Кукуш да се појават наполно оформени социјалисти - марксисти. При сето тоа кукушките социјалисти и анархисти по примерот на Гоце Делчев се вклучија во македонското револуционерно движење и искрено се стремеа кон ослободување на Македонија од турското ропство“.[466]

За овие појави дознаваме и од егзархискиот секретар Тилков во Скопје кој за членовите на Македонската револуционерна организација вели дека биле „опасни и расадници на социјализмот и интернационализмот“.[467] Христо Тенчев - директорот на солунската машка гимназија во еден свој извештај информира дека учениците се дружат со „младинци социјалисти“, кои во групи го посетуваат градот.[468] Според Тенчев, немало сомнение дека социјалистите ги привлекуваат учениците и побарал да се му препорачаат какви мерки да преземе против оваа појава. Малку подоцна, Тенчев известува дека гимназијата почувствувала потрес, избувнал ученички бунт.[469]

Според Ангел Томов, агитатори на социјалистичката мисла најчесто биле оние дејци во македонското револуционерно движење, кои своите социјалистички разбирања и социјалистичко воспитување го стекнале во општествениот и политичкиот живот на Бугарија. Тие најактивно учествувале во револуционерната борба предводена од ВМРО затоа што сметале дека политичката слобода е неопходна за подготвување на услови за понатамошно самостојно пролетерско движење.[470] Меѓу нив биле: Димо Хаџи Димов, Александар Радославов, Чудомир Кантарџиев, Атанас Карев, Александар Антонов, Димитар Влахов, Павел Делирадев и др. Томов истакнува дека овие лица подоцна влијаеле во „идеолошкото оформување“ на левица во ВМРО.[471] Авторот исто така вели дека во идеолошкото оформување на левицата во периодот помеѓу Илинденското востание и младотурскиот државен удар од 1908 година, учествувале Крсто Раковски, Никола Харлаков, Александар Антонов, Павел Делирадев и групата околу „Одрински глас“, а најмногу Димо Хаџи Димов со своите статии објавени во „Революционерен лист“.[472] Томов истакнува дека како теоретичари на крајната левица се појавиле Антон Страшимиров и Михаил Герџиков.[473]

За влијанието на социјалистичките идеи кај македонските револуционери пишува и „Илинденски пат“ кој истакнува дека Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански и др., биле „народни дејци, типични револуционери демократи со некои утописко социјалистички влијанија“.[474]

**3.** Повеќе извори го потврдуваат влијанието на левичарските идеи кај Гоце Делчев. Неговиот современик од военото училиште, Владимир Коцев вели дека освен лекциите, Гоце читал различна литература - повеќе од општествен карактер - книги на руски јазик, а некои и во превод на бугарски. Според Коцев: „Под неговата перница се наоѓаат секогаш делата на Маркс, Енгелс, Кауцки, Шелгунов, Чернишевски, Доброљубов, Херцен. Не сите (одеднаш), ами една по

---

466 Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 212.

467 Македонския въпрос – най-крупият в нашата вътрешна и външна политика; Поверителен доклад от Андрей Тошев по Македонския въпрос от 1907 г. Преземно од: http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=656:2014-08-11-17-32-13&catid=29:2010-04-24-09-14-13

468 Сборникъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ..., 301.

469 Исто, 301.

470 Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, кн. 5-6, Год. II., януари – февруари, 1947 г., София, 188.

471 Исто, 188.

472 Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 9-10, Год. II, ноември - декември, София, 1946, 127.

473 Исто, 128.

474 Илинденски пат; Орган на народно-ослободителниот фронт на Македонија, Год. I, Број 7 и 8, јули - август, 1944, 15.

една тие книги му ги носеа од градот или сам ги донесуваше... едновремено му носеа или сам си го набавуваше весникот Социјалист, а така и некои социјалистички книги“.[475]

Христо Андонов - Полјански е еден од ретките македонски историчари кој посуштински навлегува во анализа на влијанието на левичарските теории, заклучувајќи дека под влијание на руските револуционери демократи, а особено на Д. И. Писарев, Гоце Делчев успеал да ја изгради својата револуционерно-демократска концепција.[476] Додавајќи дека Пејо Јаворов тврди дека Гоце наизуст го знаел Д. И. Писарев. Полјански исто така забележува дека треба да се има предвид дека врз Гоце со своите идеи и практични методи во дејствувањето извршиле влијание руските народници и други револуционерни и социјалистички идеи.[477] Според авторот врз Гоце Делчев влијаеле извршиле и различни револуционерни, утописко-социјалистички, утописко-комунистички и анархистички идеи, особено оние на Бланки, Кропоткин, Бакунин и С. Михаилович Кравчински, познат со својот псевдоним Степњак. Според Полјански, големо влијание врз Гоце извршиле идеите на Луј Бланки, истакнувајќи: „Бланки го привлекувал Гоцета со своите крајни револуционерни идеи. Гоце ќе се обиде некои од нив да применува и изразува. Погледите на Бланки за создавање на тајни заговорнички друштва, неговите ставови за државата, за принципите и суштината во подготвувањето на востанијата и начелото за оружјето и организацијата, му биле блиски на Гоцета. Одглас наоѓале кај него и идеите на П. Кропоткин и на Михаил Бакунин. Влијание врз Гоцета имал С. Кравчински - Степњак. Тие го воодушевува Гоцета со своите народнички и револуционерни идеи. Познатото негово дело „Поприштето на нихилистот“, Гоце високо го ценел. Овој труд подоцна ќе го внесе во списокот на револуционерна литература на Внатрешната организација што ќе се шири во Македонија“.[478]

За влијанието на социјалистичките идеи врз Гоце Делчев говори и Тодор Павлов, кој вели дека „има еден интересен историски факт, на кој што многу не се обрнувало внимание. Имено тројцата големи демократи - револуционери на Србија, Бугарија и Македонија - Светозар Марковиќ, Христо Ботев и Гоце Делчев се оформиле и работеле како демократи - революционери и борци за националната слобода на своите народи, меѓутоа истовремено во една или друга форма и степен дејствувале како социјалисти. Марковиќ во Србија бил родоначалник на социјализмот и бил приврзаник на утопискиот социјализам на Чернишевски, а не на Маркс“.[479] Според Павлов, социјалистичката школа не останала без извесно влијание врз дејноста на Делчев. Тоа влијание се изразило пред се во „барањето и наоѓањето на најверни соработници и пријатели во лицето на социјалистите кои од почетокот до крајот биле противници на шовинизмот, врховизмот и монархизмот“.[480] Тодор Павлов исто така вели дека социјалистичките идеи извршиле влијание врз Гоце Делчев и македонското револуционерно движење во однос на социјалниот проблем, во смисла на радикално поставување на прашањето за полното ослободување на селските маси од остатоците на феудализмот, преку обезбедување на земја за селаните и други социјални проблеми.[481]

Левичарското влијанието го забележува и Христо Татарчев кој вели: „Туше Делииванов, кој минуваше преку Софија во 1894 година за местото каде што бил назначен, го завлече со себе Гоцета Делчев за учител во истиот град. Последниот ги помина границите на кнежеството Бугарија заедно со тогаш помодните социјалдемократски идеи со цел да ги насади во

---

[475] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев и неговото време.., 100.
[476] Исто, 101.
[477] Исто, 101-102.
[478] Исто, 102.
[479] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1-2, Год. II, септември-октомври, София, 1946, 1., 1.
[480] Исто, 2.
[481] Исто, 2-3.

Македонија...“[482] За влијанието на социјалистичките идеи говори и Павел Делирадев истакнувајќи: „Го познавав Гоцета од деновите на неговиот полн револуционерен полет: од 1900 и 1901 г. Неговото име веќе станало легенда и знаме. Тоа се носеше со еднаква сила и сред македонската емиграција, и сред социјалистичките кругови. Особено ние, младите социјалисти, воспитани со песните и расказите од ослободителната епоха, се однесувавме со длабоки симпатии и младински жар кон ослободителните борби во Македонија, Русија, Крит, Ерменија, Албанија и насекаде каде што има тирани и робје. Многумина од моите пријатели, како Михаил Герџиков, Соколов, Мерџанов, Гуштанов и многу други беа веќе активни борци во Македонија и Одринско. И нашите симпатии беа решително на страната на Внатрешната организација и против врховизмот.“[483]

Левичарските идеи силно влијание извршија и врз револуционерното обликување на Даме Груев. Даме Груев во текот на својот престојот во Белград повеќе од една година живеел во домот на Пера Тодоровиќ - приврзаник на идејата за балканска федерација и близок соработник на Светозар Марковиќ.[484] Ова социјалистичкото влијанието го забележува и Полјански кој вели: „треба да се забележи дека за време на студиите две активности на Даме Груев се од значење - неговото членување и работење во социјалистичкото друштво „Нов живот“ и неговата дејност за создавање на посебен македонски студентски кружок - дружина во Софија“.

За движењето на Даме Груев во социјалистичките кругови дознаваме и од Димитар Мирчев, кој во своите спомени вели дека Груев бил активен член на друштво „Нов живот“, основано од Никола Габровски и неколкумина студенти на Вишото училиште.[485] Според Мирчев, друштвото имало за цел да ги реализира замислите на Габровски, изнесени во неговата брошура „Моралната задача на интелигенцијата“, односно да се собира и здружува интелигенцијата во еден општ федеративен сојуз, сметајќи дека интелигенцијата ја движи историјата напред, внесува нови општествени идеали во животот и се мачи да ги воплоти во самата стварност.[486] Според Габровски, главната мисија на прогресивната интелигенција е „да се бори против општествените тешкотии и неправди, да ги кастри старите и рѓосани односи во животот, сознавајќи дека не може да се сочува достоинството во такво општествено уредување кое ја монополизира науката и благодетите на човечката култура, кое им дава на малкумина се, а на многумина ништо, кое го прави сиромавиот роб, а робот – сиромав“.[487] Габровски сметал дека должноста на интелигенцијата е меѓу народот, „да го воспитува и издигнува“. Овој концепт на Габровски, Димитар Благоев го пренесува на следниот начин: „демиургот на општествениот развиток е интелигенцијата“. Данчо Зографски вели дека идеологијата на Габровски гносеолошки „произлегува од субјективните концепции на руското народништво“.[488]

Според нас, принципот на Габровски дека интелигенцијата треба да го воспитува и издигнува народот, остава траги врз револуционерната изградбата на Дамјан Груев. По враќањето во Македонија, поточно во Битола, Даме се обидува да оформи еден Учителски сојуз кој треба да има револуционерен карактер. По се изгледа, Груев е под влијание на идејата на Никола Габровски за моралната задача на интелигенцијата.

Влијанието на социјалистичките идеи кај Даме Груев го забележува и Јордан Бадев, кој вели дека „идниот апостол на македонското ослободително движење се нашол, како студент во

[482] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Во спомените на современиците, т. 3, Култура, Скопје, 1972, 59.
[483] Исто, 299.
[484] Данчо Зографски, За македонското прашање, Мисла, Скопје, 1990, 411.
[485] Исто, 412.
[486] Исто, 412.
[487] Исто, 412-413.
[488] Исто, 413.

Софија, во средина на млади-социјалисти и дури во еден студентски социјалистички кружок".[489] Бадев исто така истакнува дека Даме Груев, кој што уште „како ученик се зачитува и задлабочува преку бугарската револуционерна литература во апостолството на Левски, во идеите на Каравелов и во подвигот и борбеноста на Ботев... не може да ја избегне **привлечната магија на социјализмот**... Социјализмот на Груев содржел само една вистина и имал само една вредност: дека сочувствува и ја подржува борбата за слобода на робовите". Бадев истакнува и дека под „широкото знаме за политичка слобода на Македонија се собрале и работеле чесно и предано лица, од крајните идеали – комунисти, анархисти и никогаш во првите десеттина години не се обиделе движењето да го потчинат на своите идеи".[490]

Анализирајќи го влијанието на социјализмот кај Даме Груев, Ванчо Ѓорѓиев истакнува дека треба да се респектира неговата исповедна во која вели: „активен социјалист не сум бил и ниту сум мислел, дека за него има почва во Македонија". Меѓутоа, исто така забележува: „Неспорен е фактот дека Груев имал врски со социјалистичкото друштво Нов живот во Софија. Д. Груев и за време на престојот во Прилеп читал некои социјалистички брошури... и оттаму испраќал поздрав до српскиот социјалист Васа Пелагиќ, кој во тоа време се наоѓал во Софија... Но, исто така факт е дека подоцна самиот Д. Груев се појавил како пречка за вклучувањето на социјалистите на МРО... Со оглед на изнесеното треба да се респектира исповеда на Груев за неговиот однос кон социјализмот. Оттука сите тврдења во постарата историографија, дека Груев бил приврзаник на социјалистичките идеи се пренагласени, нереални, и идеолошки оптоварени".[491] Искажувањата на Ванчо Ѓорѓиев ги прифаќаме само делумно. Во текот на нашето истражување дојдовме до заклучок дека Даме Груев не е против вклучувањето на социјалистите или анархистите во редовите на МРО. Груев е против вклучувањето на ограноците на Македонската социјалистичка група на Васил Главинов во Македонија. Груев е противник на децентрализацијата за која оваа група се залагала, меѓутоа, децентрализмот не е социјалистички принцип и има анархистички корени.[492] Даме Груев по својата природа е типичен револуционер, меѓутоа влијанието на социјализмот кај него не може да се отфрли.

Влијание на левичарската идеологија има и кај Јане Сандански. Во тој правец е и искажувањето на Данчо Зографски кој вели дека ставовите, акциите и јавните истапувања на Јане Сандански „беа проникнати со дух на демократски радикализам и насочени кон зацврстување и афирмирање на белезите и стремежите за обособување на националната индивидуалност на Македонците и за создавање можности, форми и институции што ќе го поттикнуваат процесот за извојување слободен национален живот и квалитативно нов државноправен статус и егзистенција на Македонија".[493] Според Зографски, Јаневото ангажирање во друштвото „Младост" извршило „големо влијание врз неговиот интелектуален и идеен развиток. Друштвото било - според зборовите на Иван Харизанов - неговиот универзитет кој конечно ја заокружи неговата духовна физиономија. Врз Јане пресудно влијание вршела во тоа време револуционерната и прогресивната литература, а книгата на Чернишевски „Што да се прави", според едно сведоштво, била неговото

[489] Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ; животъ и дѣло, София, 1943, 30-31.
[490] Исто, 31-32.
[491] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 71.
[492] Во однос на внатрешната поставеност на Организацијата, Даме има идентичен став со Ленин и неговите приврзаници во Руската социјалдемкратска партија. Во 1903 година се одржува конференција на Руската социјалдемократска партија. Во текот на конференцијата започнала дискусија за она што во почеткот изгледало како техничко прашање - **до кој степен централизацијата и техничката дисциплина треба да управуваат со однесувањето на Партијата...** Еден од делегатите – Посадовски го поставил прашањето: дали акцентот што радикалните социјалисти – Ленин и неговите истомисленици – го ставаат врз потребата **револуционерното јадро на партијата да има апсолутна власт**, нема **да се покаже несообразен со оние со оние основни слободи** во чие остварување социјализмот, не помалку од либерализмот, официјални им се беше посветил. Види: Исаја Берлин, Четири есеи за слободата, Култура, Скопје, 2000, 96.
[493] Данчо Зографски, За македонското прашање…, 423.

политичко евангелие, како и на многумина истакнати припадници на македонската револуционерна демократија (Гоце Делчев, Дамјан Груев, Димо Хаџи Димов и др.)“.[494]

Мора да забележиме дека постои индиректно влијание кај Сандански преку Димо Хаџи Димов. Во овој правец се искажува и Бојан Кастелов кој вели дека дејноста на Хаџи Димов во македонското ослободително дело „се движела по две линии - преку силното влијание врз одделни водачи и врз емигрантските друштва... Типичен пример е неговата улога при оформувањето на револуционерниот облик на Јане Сандански и идејните основи на Гоцеделчевата револуционерна организација“.[495] Според истиот автор, Хаџи Димов во македонското движење ги внел идеите за обединување на сите без разлика на вера и народност, социјално-економските барања во програмата на сите потиснати и антишовинистичката насока на народната револуција.[496] Иван Харизанов исто така го забележува ова влијанието истакнувајќи дека тој бил „крајно талентиран, мил и интелигентен, тој беше нешто како **духовен учител на Сандански**“.[497]

Михаил Думбалков како приврзаник на идејата за Сан-Стефанска Бугарија истакнува дека бугарството со силата на оружјето во неколку војни треба да ги постигне и заокружи идеалите. Според него, за епохата, која што им претходела на балканските војните, „еден идеал ги импулсираше боречките сили и го подготвуваше духот на Бугаринот... за вооруженото завојување на последната етапа кон... племенското единство“. Според Думбалков, во реализирањето на овој идеал, неколку „имиња имале првостепена заслуга. Две од тие први имиња беа... Борис Сарафов и... Иван Гарванов“.[498] Но, Думбалков не заборава да забележи дека Бугарија која ги родила Асеновци, не заборавила да го роди и Иванко, мислејќи на Јане Сандански. Според Михаил Думбалков, санданистите ја барале македонската слобода меѓу страниците на учените теоретичари на социјализмот, а Јане Сандански бил приврзаник на социјал-федеративно-републикански погледи.[499] За заедничката дејноста на социјалистите и анархистите со Сандански дознаваме и од егзархот Јосиф I, кој во својот дневник запишал: „Сандански со социјалистите сее терор и социјализам во Македонија“.[500]

Соработката на Сандански со левичарите ја забележува и Петко Пенчев кој вели дека: „Сандански беше под силно влијание на Хаџи Димов, Харлаков и другите претставници на левиот социјализам“.[501] За оваа соработка дознаваме и од извештајот на Андреј Тошев, каде се забележува дека за драмски реонски војвода бил назначен Михаил Даев, а негови помошници биле - подвојводите Паница, Чавдаров и Димитар Запрјанов. Според, Андреј Тошев речиси сите луѓе на Даев „**биле социјалисти**“ и рушители на народните обичаи и верувања.[502]

Без разлика на овие искажувања, мора да се истакне дека Јане Сандански е типичен народен револуционерен. Неговата соработка со левичарите е наложена од нужноста за интелигентен кадар во македонското движење. Сандански исто така има потреба од соработници кои ги споделуваат неговите погледи за суштината на македонското движење и врз таа основа е

[494] Данчо Зографски, За македонското прашање…, 424.
[495] Боян Кастелов, Димо Хаджидимов; Живот и дело..., 52.
[496] Исто, 52.
[497] Исто, 57.
[498] Мих. Думбалаковъ, През пламъците на живота и революцията; Том I-ви..., 118-119.
[499] Исто, 119.
[500] Марио Цветков; Васил Станчев; Борис Николов, Искри от жертвената клада на Македония и Тракия, Издава ВМРО – СМД, София, 24.
[501] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2, Култура, Скопје, 2004, 465.
[502] Македонския въпрос – най-крупият в нашата вътрешна и външна политика; Поверителен доклад от Андрей Тошев по Македонския въпрос от 1907 г. Преземно од: http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=656:2014-08-11-17-32-13&catid=29:2010-04-24-09-14-13

неговата соработка со Димо Хаџи Димов, Кантарџиев, Бујнов, Паница и др. Во тој правец е и искажувањето на Павел Делирадев дека Сандански „ја чувствувал органската потребата од интелигентни соработници со широк социјален поглед на нештата“. Социјалистите и анархистите со своите погледи за македонското прашање се покажале како природни сојузници, оттука Делирадев вели дека Сандански свои соработници „можеше да пронајде и пронаоѓаше најчесто, да не кажеме исклучително, меѓу социјалистите“.[503] Како типичен револуционер, Сандански не усвоил определена социјалистичка доктрина и не чувствувал потреба од формално преминување кон социјализмот. Според Делирадев, Јане Сандански бил убеден дека идеолошката работа во македонското револуционерно движење „најдобро може да биде извршена од социјалистите“.[504]

Христо Константинов анализирајќи ја идеологијата на Сандански, вели дека историјата „на Јане е историја на македонскиот роб во борбата за слобода... историја на македонската борба после Гоце, на чии разбирања тој се јави како најрадикален, најхрабар и најупорен следбеник“.[505] Константинов исто така вели дека Јане Сандански не е основач на главните идеолошки и политички линии на македонското движење: Запазување на внатрешниот карактер на борбата, самостојност, државна обособеност на Македонија, демократски развој на Балканот, балканска федерација, против завојувачката политика на Балканот и др.[506] Но, Сандански се појавил како „**најфанатичен приврзаник**“ на оваа концепција. Христо Константинов установува дека Јане Сандански не е социјалист, туку „национал-револуционер“, но повеќето од неговите соработници биле под влијание на социјалистичката и анархистичката идеологија.[507]

За идеолошката основа на Сандански дознаваме и од извештајот на Второто политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија од 25. III. 1906 год. Според извештајот: „Интернационалноста во Организацијата не ќе рече прекинување на сите врски и **одрекување** од нашата народност, како што проповедаат некои диви социјалисти од типот на Сандански и Чернопеев“.[508] Во понатамошниот дел од извештајот дознаваме дека: „Социјализмот, кој расте во горите и се храни со човечка крв не познава никакви скрупули, никакви државни резони и никакви елементи на ред и мир. Безредието и нередите се неговата атмосфера. Луѓето од таа група се вдахнуваат од мислата дека живеат за Македонија и само за Македонија“.[509]

Идеолошкото влијанието на Димо Хаџи Димов не е ограничува само на Јане Сандански и Серскиот револуционерен округ. Всушност, Хаџи Димов се појавува како еден од главните идеолози на македонското револуционерно движење, а неговото влијание е особено изразено во постилинденскиот период. Не случајно, Константин Пандев вели дека Димо Хаџи Димов како „убеден социјалист-марксист јасно го разбирал стремежот на буржоазијата за исползување на македонското револуционерно движење“.[510]

Идеолошките видувања Хаџи Димов за македонското прашање го дознаваме од неговата брошура „Македонското ослободително движење“.[511] Во неа, Хаџи Димов вели дека „најпрво треба да се отфрли политичкото ропство и да се донесе слободата. Ослободувањето на Македонија е првата... точка во полето на нашата општественото борба, по неа има уште ред точки, но таа е

[503] Павел Делирадев, Яне Сандански, Македонски научен институт, София, 1946, 14.
[504] Исто, 14.
[505] Христо Константиновъ, Старика..., 11-12.
[506] Исто, 27-28.
[507] Исто, 28.
[508] Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година за состојбите во Македонија и ВМОРО и бугарската политика кон нив, Историја, год. XXXIII, Скопје, 1997, број 1-2, 86.
[509] Исто, 97.
[510] Димо Хаджидимов, Доклад от Константин Пандев, Съюз на македонските култ. Просветни дружества в България, София, 1975, 17.
[511] Исто, 20.

прва, и таму ќе треба да сопреме најпрво ние".[512] Според Хаџи Димов, ослободувањето на Македонија од османлиската власт е „прашањето на денот" и со „гордост треба да изјавиме дека течението кое ја заштитува вистинската кауза на македонскиот роб, кој нас постепено се засилувала, зајакнува и на крајот достигнува степен на сила и авторитет".[513] Хаџи Димов ја критикува политиката на балканските држави кон Македонија, истакнувајќи дека „неколку балкански држави мечтаат еден ден, ако не цела Македонија, тогаш поголем дел од неа да ја присоединат кон себе си".[514] За Димо Хаџи Димов овие претензии на Србија и Бугарија биле погубни за Македонија и за самите претенденти. Според Хаџи Димов, балканските држави никогаш или многу тешко, но главно многу доцна ќе дојдат до договор за поделба на Македонија. Од друга страна, не постоеле услови за реализирање на идејата за балканска федерација иако таа била најразумна. На крајот, Димо Хаџи Димов го претставува своето видување за решавање на македонското прашање - оформувањето на Македонија како „**наполно самостојна држава**".[515]

Хаџи Димов своите ставови ги претставува и во брошурата „Македонското прашање", објавена во почетокот на 1901 година. Во брошурата, Хаџи Димов вели дека бугарската буржоазија преку своите влади не може да мисли и чувствува поинаку, освен како што налагале нејзините интереси. Според него, овие интереси налагале „присоединување на Македонија кон Бугарија".[516] Хаџи Димов исто така истакнува: „Никогаш не треба да заборавиме дека таа Бугарија нема да го задоволи својот апетит со автономијата на Македонија..." Според Хаџи Димов во бугарските градови, националистичкиот текземал превласт над автономистичкиот и секогаш една реченица, која завршува со „да живее целокупна Бугарија", се пресретнувала со најголемо задоволство.[517] Хаџи Димов исто така вели дека агентите на Врховниот комитет „ја идеализираат идејата за обединување и тоа во исто време кога весникот Реформи изјавувал: Ние се гнасиме од таквата идеја".[518] Критикувајќи ја концепцијата за обединување, Хаџи Димов препорачува: „Нашето општество треба да одвикне од такви мисли, ако сака да не се зацрни револуционерното дело".[519]

Во постилинденскиот период, Хаџи Димов заедно со Димитар Мирасчиев ја изработува „Директивата за идната дејност на Организацијата", која била прифатена од дејците на Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ.[520] Хаџи Димов објавува и голем број на статии во „Револуционерен лист" со псевдонимот Авиценус во кој ги разгледал основните идеолошки прашања на ТМОРО: внатрешното уредување и управувањето на Организацијата, односот кон надворешните фактори, економската политика и др.[521] Ако се земе во предвид дејноста на Хаџи Димов во периодот после Илинденското востание, можеме да ја прифатиме констатацијата на Константин Пандев дека идеите на Хаџи Димов имале големо влијание врз идеолошкото оформувањето на левицата во македонското револуционерно движење, а најголем приврзаник и борец за нивно спроведување бил Јане Сандански.[522]

Како што истакнавме претходно, левичарите се пројавиле како природни сојузници на Македонската револуционерна организација и следствено застанале на нејзина страна во борбата против врховизмот. Поради своите погледи за македонското прашање, социјалистите и

[512] Х. Димов, Македонското ослободително дѣло, Ломъ, Печатница на А. Н. Димитровъ, 1900, 5.
[513] Исто, 5.
[514] Исто, 20.
[515] Исто, 21.
[516] Димо Хаџи Димов, Македонското прашање; избор, редакција и вовед Гане Тодоровски, Штрк, Скопје, 2002, 85.
[517] Исто, 85-86.
[518] Исто, 98.
[519] Исто, 98-99.
[520] Димо Хаджидимов, Доклад от Константин Пандев…, 34.
[521] Исто, 34-35.
[522] Исто, 39.

анархистите честопати биле критикувани од страна на приврзаниците на идејата за Сан-Стефанска Бугарија. Во тој правец е и критиката на Константин Кондов, кој вели дека кога дошло влошување на односите помеѓу ТМОРО и ВМОК, како и судирот помеѓу Иван Цончев и Борис Сарафов, во редовите на македонското движење влегле социјалисти, комунисти и анархисти кои главна и единствена цел им била да ги рушат основите на Организацијата. Според Кондов овие луѓе без татковина и волци, облечени во јагнешки кожи се вметнале меѓу врховистите и централистите сеејќи сепаратизам, интернационализам и братоубиства, а меѓу нив биле Антон Страшимиров, Никола Харлаков, Димо Хаџи Димов, Михаил Герџиков, Павел Делирадев и др.[523] Според нас, искажувањето на Константин Кондов е субјективно и решително го отфрламе.

Меѓу соработниците на Гоце Делчев може да се вброи и Атанас Раздолов. Носен од потребата за револуционерна литература, Делчев го ангажирал Разделов во печатење на брошури со револуционерна содржина, преведена и оригинална.[524] Со своето творештво веќе во 1895 година, Раздолов го привлекол внимание кон себе. Во книшката „Баба Ѓурѓа“ и „Проза во стихови“, изнел сцени од современиот македонски живот истакнувајќи дека само со борба македонските поробени маси ќе ја извојуваат слободата. Во уводот, Раздолов ги повикува „Македонците и Македонките да се борат за извојување слобода на Македонија. Раздолов апелирал до ...секој чесен Македонец, а пак не е срам и да не е Македонец да притече на помош за да се формира еден круг од вистински борци и чесни слободољупци“. Раздолов исто така ја искажува желбата „да видиме во Солун забодено црвено знаме со натпис: Пролетери од сите земји, обединете се!“ Меѓутоа, уште пред да го види тоа знаме, тој сака да види едно црвено знаме со натпис: „Бајрактари, каде и да сте, соединете се на Пирин...“[525]

Истата 1895 година, Раздолов ја објавил збирката „Песните на востаникот“, посветени на борбата за слобода. Во неа ги повикал Македонците на борба и создавање на една „**македонската држава**“ во која ќе се реализираат братство, еднаквост и слобода. Во 1896 година, Раздолов објавил и серија книшки со револуционерна содржина. Во книшката „Срдечни воздишки за несреќна Македонија“, вели дека се чека денот за прогласување на Македонија како автономија, зашто младината водела очајна борба со тираните на македонскиот роб.[526] Во песната „Кон Македонците“ повикува: „Револуцијата света да кренеме“.[527] Истата година објавил и друга книшка под наслов „Долу Султанот! Да живее Македонија“. Во неа се истакнува, покрај останатото, дека секој оној што настојува да ја уништува македонската организација е црн предавник не само на Македонија туку и на се...[528] Во ист дух е напишана и неговата брошура „Поим за Македонците“ и „Обраќање кон Турција“. Во периодот 1898-1901 година, Раздолов објавил неколку творби со револуционерен карактер. Тоа се книшките: „Реформите на Хафиз паша“, збирката „Слобода или смрт“, „Спомен и воздишки за Трајко Китанчев“, „Пред ликот на несреќна Македонија“, „Револуционер“, „Револуционерот или предавник“, „(Генерал) Цончев или (Поручник) Сарафов“ и други. Во сите нив преовладува револуционерниот дух и повикот кон револуционерна борба. Според Раздолов, „светата револуција е спасот на робот и дека во револуцијата можеш да бидеш или револуционер-заштитник на робот или предавник-содружник на тираните. Раздолов исто така вели: „Револуцијата наша... е единствена спасителка, Вие сте ја прегрнале, но прегрнете ја уште по едно душно и вие сте слободни, а поголемо богатство од слободата не постои“. Раздолов ги обвинува Иван Цончев и Сарафов дека сакаат да го видат Фердинанд како цар на Македонија. Според Раздолов, Сарафов ги има истите идеите како и

---

[523] Константин Н. Кондов, Спомени, 1874-1929. Преземно од: http://strela.net/kondov/Kondov.htm.
[524] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев и неговото време..., 178-179.
[525] Исто, 179.
[526] Исто, 179-180.
[527] Исто, 180.
[528] Исто,180.

Цончев и бил способен да најде слепи орудија. Атанас Раздолов во Цончев и Сарафов гледа како на националистички, а не „општочовечки патриоти“.[529]

Атанас Раздолов бил уредник и главен текстописец на весникот „Малешевски Балкан“.[530] Во првиот број на споменатиот весник Атанас Раздолов пишува: „Нека еднаш засекогаш се сфати дека Македонија е чисто македонска земја и како таква не може да биде ништо друго туку македонска. Македонија на Македонците треба да биде еден од првите основни принципи врз кои ќе ги градиме темелите на нашето ослободување“.[531]

Поради своите ставови, Раздолов соодветно место нашол во критиките на Михаил Думбалков кој вели дека Харлаковци, Харизановци, Хаџидимовци, Страшимировци и др. чии другар по идеи беше и фамозниот „циник Дедо Раздолчо работеле кон отклонување на движењето од неговиот јасен и единствен пат“.[532] Според Думбалков, тие се обидувале ослободителната борба да ја водат „низ страничните улици на сепаратизмот, федерализмот, социјализмот и воопшто кон стрмните патеки на без крајните изми“.[533] Думбалков како приврзаник на сан-стефанскиот идеал е критички настроен кон сите оние кои иднината на Македонија не ја гледале во рамките на бугарската држава.

Левичарската идеи извршиле влијание и врз Пере Тошев - најенигматичната личност во македонското движење. По завршувањето на Српско-бугарската војна и обединувањето на Кнежеството Бугарија и Источна Румелија, Пере Тошев ги засилил контактите со руските политички емигранти-нихилистите,[534] а меѓу нив имало и приврзаници на народништвото, Михаил Бакунин, Карл Маркс и др. Пере Тошев исто така редовно го читал женевското списание на руските нихилисти „Народна волја“.[535]

Во потрага по сојузници, Гоце Делчев стапува во контакт и со учениците од Самоковското железарско училиште кои основале таен кружок. Негови членови биле Никола Дечев, Петар Јуруков, Владимир Попов, Душко Желев, Петар Самарџиев, Велко Миков, Делчо Коцев и др., а нив им се придружиле и учениците од протестантскиот колеџ во Самоков, меѓу кои биле Крум Дочев, Никола Дочев и Добри Даскалов. Според Георги Баждаров: „Под влијание на книгите, кои ги читале, сите членови на кружокот станале фанатизирани социјал-демократи“.[536] Во 1898 година, Никола Дечев и другите членови на кружокот по првиот разговор со Делчев, изразиле подготвеност да влезат во Македонија.[537] Нивната шанса се укажала во 1900 година кога кружокот бил разоткриен и негови членови биле исклучени од училиштето, оттука сите ученици на споменатото друштво заминале во Македонија каде биле назначени за војводи и секретари на четите.[538]

---

529 Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев и неговото време..., 180.

530 „Малешевски Балкан“ исто така бил уредуван и од Георги Алексов кој силно ги нападнал српските претензи кон Македонија, оспорувајќи ги со својата теза за Македонците како потомци на Филип Македонски, кои биле на тие простори од памтивек. Види: Горан Калоѓера, Македонскиот XIX век, Македоника литера, Скопје, 2014, 120.

531 Горан Калоѓера, Македонскиот XIX век..., 120.

532 Мих. Думбалаковъ, През пламъците на живота и революцията; Том I-ви..., 67.

533 Исто, 67.

534 Пере Тошев; Личност и дело – по случай 110 години од рождението му; Доклад, изнесен на 2 април 1975 г. в София; Съюз на македонските културно - просветни дружества в България, София, 1975, 35-36.

535 Исто, 36.

536 Г. Баждаровъ, Духътъ на Македония; Сборникъ отъ биографии и характеристики на македонски революционери, София, 1923, 92.

537 Исто, 92.

538 Централният македонски комитет на Георги Капчев (1898 – 1899), в: Елдъров, Светлозар. Върховният македоно-одрински комитет и македоно-одринската организация в България (1895 – 1903), Иврай, 2003, 107-108.

Влијанието на левичарите во предилинденскиот период е особено видливо во борбата на ТМОРО против Иван Цончев, во борбата за превласт во ВМОК и ограничувањето на влијанието на врховистите во македонското движење. ТМОРО идеолошката борба со врховистите ја водела преку весниците „Право“, „Изгрев“, „Право дело“ и др., а меѓу најактивните пишувачи биле Антон Страшимиров, Пејо Јаворов, Тома Карајовов, Иван Кепов, Никола Наумов, Димо Хаџи Димов, Никола Харлаков и Вл. Димитров и др.[539] Социјалистите и анархистите како сојузници на ТМОРО, застанале на нејзина страна и затоа весникот „Нов век“ информира дека во работата на македонскиот конгрес кој се одржал на 30.VII.1901 год. учествувале 150 делегати, а од нив 30 души биле социјалисти, кои ја држеле страната на ТМОРО.[540] Левичарите како сојузници на ТМОРО учествувале и во работата на Десеттиот македонски конгрес, поради што Стојан Михајловски изјавил: „Ние ја спасуваме Македонија и Одринско од социјалисти и анархисти, кои ги разбркале умовите на луѓето со своите развратни учења“.[541] Сојузот помеѓу левичарите и ТМОРО го забележува и Борис Сарафов кој во своите спомени вели: „Делчев се здружи повеќе со социјалистите, што ја поттикнуваа омразата спрема нас, па кога ќе дојдат да се борат против Цончев, гледаа пак ние да не стапиме на сцената. На конгресот имаше 10-15 мина социјалисти“.[542]

Со симпатии кон македонското дело гледал и Јанко Саказов кој во три броја во „Општо дело“ ја објавил својата статија „Развојот на Македонското движење во Бугарија“. Саказов е првиот бугарски социјалист кој што го претставил историскиот развој на македонското револуционерно движење.[543]

[539] Боян Кастелов, Димо Хаджидимов; Живот и дело…, 100-101.
[540] Новъ вѣкъ; органъ на народно-либералната партия, 30 Юлий (12 Августъ) 1901 година, Брой 342, 3.
[541] Прибавка къмъ бр. 26 на в. Право, Позивъ къмъ Членоветѣ на Македононо-Одринската Организация въ Бъгария, София, 1902.
[542] Спомени, И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Христо Татарчев, Култура, Скопје, 1995, 154.
[543] Боян Кастелов, Димо Хаджидимов; Живот и дело…, 101.

## ГЛАВА VII

## МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ИДЕОЛОГИЈА

*„Јас не се каам што уште пред 28 години се објавив за македонски сепаратизам. Последниов беше и си останува за мене единствениот излез, најдобриот пат по кој македонската интелигенција би го исполнила и ќе го исполни својот долг пред татковината и пред нашиот народ"* **– Крсте Петков Мисирков**



**Петар Поп Арсов**

**1.** Македонското револуционерно движење се овоплоти врз сепаратизам кој се пројави во текот на 19 век како израз на македонските јазични, културни и етнички особености. Меѓу првите кои пишува и ја осудија оваа усилба беше и цариградскиот весник „Право". Во ноември 1870 година, споменатиот весник ја објави статијата „Една вистина" во која се забележува: „Во текот на 1868 год. еден Македонец издаде неколку книги... Тие книги, наместо полза, донесоа штета во местата, каде г-н К. А. Шапкарев успеал да се воведат". Според весникот, овие книгите не само што ги помрачиле умовите на децата, дури и јазикот кој бил употребен во нив имал мала цена во Македонија. Според „Право": „Тоа наречје е чисто охридско, кое што не во употреба во другите македонски градови. И навистина, Македонија се состои од следните поглавни градови: Солун, Битола, Велес, Прилеп, Штип, Скопје и др. Славејков не го вброил Охрид меѓу македонските градови, бидејќи според него тој бил во Албанија, а не во Македонија. Но што прави г-н К. А. Ш - в? Ја познава ли својата грешка? И дали влезе во кругот на мирот! - Не. Тој како беден учител во Кукуш ја оставил својата служба кога сакал, одел од град во град за да проповеда крстоносен поход против книгите од словено бугарски јазик кој биле воведени за учениците во училиштата и проповедал дека употребените зборови во тие книги биле црни букви и најгнасни зборови".[544]

Весникот исто така вели дека Шапкарев во предговорот на својата читанка, горно Бугарите ги именувал како Шопи, Прости! Во својата понатамошна осуда, весникот вели дека Шапкарев заедно со својот брат во Охрид проповедале против се што е бугарско, „одвај се ослободивме од Грците, сега пак Шопи ли да станеме!!!" Во фуснота ја сретнуваме и следната констатација: „И друг пат сме слушале од патниците за некои учители од Македонија. И имено за г. Шапкарев, дека се трудел да ги убеди нашите македонски браќа како друго било Бугарин и бугарски јазик, и друго било Македонец и македонски јазик..."[545] Во истиот број на „Право" било објавено и едно писмо од Велес, во кое се вели дека Шапкарев го посетил училиштето истиот ден кога пристигнале книгите испратени преку Лазар П. Х. Стојанов. Кога Шапкарев ги видел книгите, им кажал дека во македонските училишта не треба да се предава со тие книги, затоа што биле на бугарско наречје и треба да се предава од неговите книги затоа што тие се на македонско наречје.[546]

За сепаратистичката појава пишува и Стојан Новаковиќ, според кого „не треба да се испушти од очи стремежот на Македонците да останат сами за себе и овој стремеж почнал да се буди, особено од спротивностите меѓу бугарскиот и македонскиот говор, и меѓу бугарскиот и македонскиот карактер, од времето кога бугарската пропаганда започнала премногу дрско и остро да удира на македонските особини во име на панбугаризмот".[547] Пројавениот сепаратизам може да се потврди во повеќе извори. Во тој правец е и искажувањето на Атанас Шопов кој вели дека

[544] Право, година 5, Цариградъ, 30 ноемврія, 1870, 1-2.
[545] Исто, 2.
[546] Исто, 4.

[547] Стојан Новаковић, Балканска питања и мање историјско-политичке белешке о Балканском полуострову 1886-1905, Београд, 1906, 267.

Коста Групче „проповедал дека Словените во Македонија се Срби и Бугари толку, колку што се и Руси, Чесите или Полјаците, тие се Македонци, **совршено одделна словенска народност**“. Шопов исто така вели дека Групчев проповедал меѓу Македонците дека се „одделен народ, потомци на Александар Македонски“ со славно минато и голема историја.[548]

Густав Вајганд кој ги забележува одликите на македонскиот народен говор вели дека има „некои особености во фонетиката и морфологијата, кои  не се сретнуваат ниту во српскиот, ниту во источно бугарскиот говор и затоа постои една мала партија меѓу македонските Словени, која што се стреми кон автономија и сака Македонија за Македонците“.[549] Сепаратистичката пројава ја забележува и Луиџи Виљари. Споменатиот автор истакнува дека на илјадагодишната од одбележувањето на Св. Кирил и Методиј била објавена книга која била распространувана во Бугарија и Македонија. Споменатата книга имала за цел да ја пропагира бугарската кауза кај Македонците и во неа на многу јасен начин биле искажани бугарските претензии: „Целата наша иднина лежи во Македонија; без Македонија бугарската држава на Балканот ќе биде без значење или сила; Солун мора да биде главна порта на оваа држава, мора да биде главен прозорец кој треба да го осветлува објектот. Ако Македонија не стане бугарска, Бугарија никогаш нема да биде конституирана“.[550] Литература со слична содржина била распространувана и имала силно влијание во Бугарија и Македонија. Бугарската пропаганда имала за цел „создавање на голема Бугарија“, замислена според Санстефанскиот договор. Но, Луиџи Виљари исто така вели дека во последните години може да се забележи и една „друга тенденција која себе си се манифестирала, особено во Македонија, не во полза на обединување со Бугарија, туку во оформување на Македонија како автономна провинција“.[551] Оваа тенденција била „пропагирана од страна на интелигенцијата која укажувала дека населението во Македонија не е сосема идентично со она во бугарската држава и говори посебен дијалект“.[552]

Меѓу претставниците на тенденција која ја споменува Луиџи Виљари се нашол и Спиро Гулапчев. Тој се залага за воведување на нов правопис кои најпрво го употребува во „Еден расказ - Дедо Стојан“, а подоцна во „Еден поглед за етнографијата на Македонија“.[553] Гулапчев забележува дека не може да разбере зошто во бугарскиот литературен јазик „нема ниту еден македонски збор“ и дека освен Славејков и Тодоров не познавал друг Бугарин (не македонски) кој што „не се гнасел од македонските зборови“ и му биле мили за употреба мизиските и тракиските зборови. Според Гулапчев, оваа појава во бугарскиот општествен живот била достојна за забележување, а од друга страна на Бугарите им укажал дека „доколку македонскиот говор не сакаат да го признаат за бугарски, нека се изјаснат за тоа, а ако го признаваат зошто намерно избегнуваат да употребуваат македонски зборови“.[554] Според Гулапчев: „Нашите книжовници... треба да знаат, дека и македонските Бугари имаат право, да ја разбираат бугарската книжнина“.[555] Поради залагањето за употреба на македонски зборови, Спиро Гулапчев бил осуден за „провинцијализам“.[556]

**2.** Врз основа македонските општи нужности, сепаратизмот во Македонија се оформил како антиегзархиско движење кое било насочено против Бугарската егзархија и нејзиното влијание. За оваа пројава пишува и Ефтим Спространов во брошурата „Егзархијата и црковно-

[548] А. Шоповь, Изь новата история на Българитеь вь Турция, Пловдивь, Търговска печатница, 1895, 78.
[549] Професоръ дръ Вайгандъ, Националнитѣ стрѣмления на народиѣ въ Балканския полуостровъ, Печатница на Вл. Блъсковъ, Шумен, 1898, 25.
[550] The Balkan question; The present condition of the Balkans…, 144.
[551] Исто, 145.
[552] Исто, 145.
[553] Спиро Гулапчев, Един оглѣд по етнографlята на Македонlя..., 3.
[554] Исто, 6.
[555] Исто, 7.
[556] Исто, 6.

училишното дело во Македонија и Одринско" во која ја претставува положбата на црковно-училишните општини и улогата на Бугарската егзархија. Во својата критика кон Егзархијата, Спространов вели дека во последните години голем дел од интелигенцијата ја напуштила Македонија. А како причини за оваа состојба ги посочува лошата општествена-политичка положба во Македонија и Егзархијата.[557] Според авторот, Бугарската егзархија не се стреми да ја задржи македонската интелигенцијата, туку напротив „ја гонела поради амбициите на некои од претседателите на општините или владиците". Во својата понатамошна анализа, Спространов го разгледува минатото и историјата на Бугарската егзархија, заклучувајќи дека таа се претворила во „пропагандна институција". Според Спространов, Егзархијата не се стремела да го обедини народот околу себе, „**кој што го создаде**", туку го оддалечувала од себе си. Спространов исто така вели дека Србите изјавиле: „**дајте ни и нам, една Егзархија, и ние ќе имаме народ**".[558]

Спространов истакнува дека врз основа на членот 65 од егзархискиот устав, Бугарската егзархија и владиците ги назначувале претседателите на општините и архиерејските наместништва. Според Спространов, врз основа на овој член, Егзархијата го нарушила изборното уредување на црковно-училишните општини во Македонија кое постоело уште од нивното основање. Авторот исто така посочува дека Егзархијата се стреми кон воспоставување на контрола врз општините и назначувала добро платени претседатели, во почетокот на оваа функција назначувала свештеници, а подоцна исклучиво калуѓери. Оваа тенденција на Бугарската егзархија довела до судир со црковно-училишните општини. Граѓаните избрани од општините посочувале дека црковно-училишното дело треба да биде водено врз основа на македонските нужди и услови.[559] Исто така претставниците на општините барале претседателите назначени од Егзархијата да се потчинуваат на волјата на народот и да ги исполнуваат решенијата на општинскиот совет, врз основа на членот 83 од егзархискиот устав. Меѓутоа, претседателите ги отфрлиле овие барања велејќи: „ние не признаваме никого, затоа што не сме избрани од никого; наша глава е егзархот... тој не назначува и тој не плаќа".[560] За оваа состојба, Спространов вели: „Народот, наместо да се воспита во самостојност, наместо да му се отворат очите, да му се посочат правдините... наместо да се поучи, што е автономија на нашите општини, какви се нашите односи спрема власта, спрема другите народности, какво се бара од една општина, од што се состојат нејзините права и задолженија спрема власта и народот, спрема училиштето и црквите, тој се држи далеку од сето тоа, се заблудува, се помрачува... Тоа ли е задачата на раководителите на нашите црковно-училишни работи? Не! Сето тоа треба да се скрши".[561]

Спространов бара училишниот оддел од Цариград да се премести во Солун, затоа што овој град со својата географска положба зазема прво место и е центар на сите краишта на „**татковината ни**".[562] Спространов заклучува дека Бугарската егзархија многу се оддалечила од својот пат. Во неа не веел оној демократизам кој е во согласност со духот и стремежите на народот и во неа се вгнездил апсолутизмот. Според Спространов, овој апсолутизам бил распространуван насекаде од владиците и претседателите на општините и се чувствувал силно од побудните граѓани, интелигенцијата и учителството.[563] Спространов исто така истакнува дека: „Во Македонија и Одринско ние немаме народни општини, туку имаме бироа или канцеларии по типот на Егзархијата, значи имаме минијатура на мали Егзархии... Тоа покажува, дека во нашите две

[557] А. Б. Егзархията и Църковно-училищното дѣло въ Македония и Одринско, София, Печатница на П. Глушковъ и и С-ие, 1907, 3.
[558] Исто, 10
[559] Исто, 19.
[560] Исто, 20.
[561] Исто, 24.
[562] Исто, 38.
[563] Исто, 45.

татковини нема народна црковно-училишна организација, туку има калуѓерска организација, која што под булото на бугарското црковно училишно дело се изродила во калуѓерска мафија...“[564]

За македонскиот сепаратизмот пишува и Георги Баждаров, според кого македонската внатрешна интелигенција разбрала, дека треба да го земе „народното дело врз сопствените плеќи - и како последица на тоа избувна умствената борба помеѓу Егзархијата, зад која што стоеше официјална Бугарија, и општините, зад кои стоеше целата маса на народот“.[565] Според Баждаров, Егзархијата сакала да ја пригради во своите раце сета црковно-училишна власт, а општините сакале да ги сочуваат своите права за учество во црковно-училишното дело. Баждаров исто така вели дека сепаратистите покрај аргументи насочени против централизацијата, забележувале дека „претстои крвава само расправа  помеѓу робот и владетелот“.[566]

Во однос на прашањето за сепаратизмот, Ѓорче Петров во своите спомени вели  дека сепаратизмот се  пројавил во негодување на младите против владиците, општините, егзархиските учители и чиновници, а истовремено се појавило едно движење против стремежите на Бугарската егзархија за безконтролно управување со црковните и училишните работи во Македонија.[567] Според Ѓорче Петров, еснафите кои во македонските градови биле моќна група, преминале на страната на младите. Барањето на младите било отстранување на старците и духовниците од општините, а од директорите, кои биле егзархиски чиновници, се барало да се потчинуваат на месни училишни тела. Меѓутоа владиците, општинските претседатели и класни егзархиски учители се спротивставиле на овие барања и младината и еснафите насекаде започнале борба против нив. Ѓорче Петров исто така вели: „Немаше владика или повиден егзархиски учител, кои што не беше подложен на обиди и проследувања од страна на населението“. Ѓорче Петров забележува и дека паралелно со антиегзархиското движење во Македонија се појавил и македонскиот сепаратизам изразен преку списанието „Лоза“ во Софија, и во Солун помеѓу учителите во гимназијата исто така се појавило сепаратистичко движење.[568] Според Ѓорче Петров, антиегзархиското движење било „првата самостојна дејност во Македонија, која неосетно се преродила во револуционерно движење“ и во почетокот на револуционерното дело, прво и главно учество земале „**истите оние луѓе кои ја воделе борбата против егзархијата**“.[569]

Како што споменува Ѓорче Петров, сепаратизам соодветно место нашол во дејност на Младата македонска книжевна дружина во чии редови влегле: Петар Поп Арсов, Георги Баласчев, Георги Белев, Климент Караѓулов, Ефтим Спространов, Никола Дејков, Коста Шахов, Иван Хаџи Николов, Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Христо Матов, Наум Туфекчиев, Ангел Наумов и др.[570] Во јануари 1892 година бил објавен и првиот број на списанието „Лоза“. Оттука, припадниците на ММКД биле наречени Лозари.[571]

Постојат повеќе примери за изразениот сепаратизам на ММКД. Во списанието „Лоза“ била објавена рецензија на книгата „Государства наводы, ихь прошедшее, настояще и будуще, болгарская крьивда“. Непотпишаниот автор на оваа рецензија истакнал дека за истата книга се појавиле рецензии во Бугарија, меѓутоа дека во нив бил намерно изоставен средишниот дел од

[564] А. Б. Егзархията и Църковно-училищното дѣло въ Македония и Одринско..., 45.
[565] Г. Баждаровъ, Духътъ на Македония..., 28.
[566] Исто, 28.
[567] Спомени на Гьорче Петров, 10-11.
[568] Исто, 11.
[569] Исто, 11-12.
[570] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 62-63.
[571] Исто, 63.

книгата што се однесувал на односот на Бугарија кон Македонија.[572] Во овој дел посебно е нагласено постоењето на одделниот македонски народ под името Македонски Славјани и тука се дадени статистички податоци според кои во европска Турција живееле 350 000 Бугари, 950 000 Грци и 1 250 000 Македонски Словени „**подложни на бугарската пропаганда**".[573]

Лозарите исто така прифатиле еден нов правопис и јазик којшто се печател во списанието. Новината се состоела во исфрлањето на знаците: ъ и ь од крајот на зборовите, додека за означување на мекоста се предвидувал симболот ('), за членување на машкиот род во еднина се отфрлала формата ьт и се заменувала со от. За означување на дифтонзите я и ю се употребувале і + а = ја, і + у = ю.[574] Во „Лоза", Петар Поп Арсов го објавил својот прозен расказ: „На Мокров" и во него дијалозите се на македонски јазик, карактеристичен за Азот. Расказот е напишан со лозарски правопис, меѓутоа е усовршен и е единствен таков текст во „Лоза". Поп Арсов во својот расказ за меките македонски консонанти ја употребува формата на графеми, онака како што Крсте П. Мисирков ги употребил 11 години подоцна. Новината се состоела во употребата на графеми за палаталните консонанти к' (кук'а, нек'у, к'е); г' (мег'у, луг'е, г'аур) и н' (кон'у), во овие дијалози не може да се пронајде буквата л'.[575]

„Лоза" и Младата македонската книжевна дружина поради својата дејност биле обвинети дека со новиот правопис го цепат бугарскиот јазик и се стремат кон создавање на „**нов македонски јазик**",[576] а следствено на тоа дека имаат тенденции на сепаратизам.[577] Основањето на Младата македонска книжевна дружина и појавата на списанието „Лоза" може да се земат како дата за појавата на модерниот организиран македонски национализам.[578] Во тој дух е и искажувањето на Крсте Петков Мисирков дека: **Мисл'ата за национално обіединеін'е на македонците**, и ако под маската бугарцка, се зафати во 1890 г. Во краіо на 1889 год. се префрлиіа во Бугариіа 30-40 души ученици и студенти македонци од Белград во Софиіа. Тиіе ученици сет душата на сите собитиіа во Македониіа од тогаі до сега. Они беа запознаіани со Србиіа и Бугариіа, со нивните култури и цели во Македоіиіа. Они и сознаа опасноста за дележ на Македониіа мег'у тиіе две држаи, ако да бидит македонците сами да не се вооражат, за да си извоіуваат сами, со свои собствени сили и средства слободиіа, и со тоа да преупредат дележот на Македониіа. По нивна инициатива првен се образуа во зафатоко на деветдесетите години. **Іедно национално сепаратистично движеін'е со цел'а да се оддел'ат интересите на македонците од бугарцките со возведуаін'е на іедно од македонцките наречиіа на степен на литературен іазик на сите македонци**. Орган на тоа сепаратитстко движеін'е на македонците во Бугариіа беше журналот „Лоза". Но тоа дуовно движеін'е на македонците не се ареса на бугарцкото стамболовцко праител'ство, коіе забрани да се издаат „Лоза" и зафати да гонит македонците сепаратисти. От тоа

---

[572] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Матица Македонска, Скопје, 1997, 30.

[573] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 30.

[574] Исто, 31.

[575] Исто, 34.

[576] Бенедикт Андерсон вели дека печатарскиот јазик е тој што го измисли национализмот, додавајќи дека самата идеја за „нацијата" е цврсто вгнездена буквално во сите печатарски јазици и националната свест е навистина неразделна од политичката свест. Види: Бенедикт Андерсон, Замислени заедници..., 191-193

[577] Лоза; Месечно списание, Година I, Іануари, Книга I..., 92.

[578] Андерсон исто така забележува дека една од основните карактеристики на колонијалната националистичка интелигенција е дека речиси без исклучок биле мошне млади и и придавале комплексна политичка важност на својата младост. Истиот автор исто така истакнува дека на некој начин Европа претходно тоа го открила, ако се земат во предвид Млада Ирска, Млада Италија и др. Во колониите и во Европа „млад" и „младост" означувале динамика, прогрес, самопожртвуван идеализам и револуционерна волја. Андерсон исто така ни посочува дека како датум на појавата на модерниот бурмански национализам обично се зема основањето на Будистичкото здружение на младите луѓе во Рангун, а на малајскиот национализам основањето на Сојузот на малајската младина. Види: Бенедикт Андерсон, Замислени заедници..., 169-170; Според Никола Милошевиќ: „Аналогијата, се разбира, не е доказ. Но, сличностите... се од суштинска природа". Види: Никола Милошевиќ, Нови антрополошки есеи..., 45.

време ушче побегна Даміан Груев, коі шчо беше во броіот на македонците ученици, шчо поминаа од Белград во Софиіа и во броіот на сепаратистите.[579]

Македонскиот сепаратизам силно е критикуван во Бугарија. Во тој правец се и искажувањата на весникот „Југозападна Бугарија“, кој во уводна статија објавена на 2.X.1893 год. истакнува: „Најпосле се подига од некои весници прашањето за суштествувањето на некакво делење или, како што го нарекуваат сите - сепаратизам, кој се состои во стремежот на македонските Бугари да препорачуваат и да ги сметаат Македонците за такво население, кое што не е ниту бугарско ниту грчко, ниту српско, туку - македонско. Ние со гордост и од името на сите македонски Бугари изјавуваме денес јавно, дека ниту еден совесен Бугарин од Тракија, Мизија и Македонија не може освен со одвратност да погледне на секој еден стремеж, кој што има за цел какво и да било делење меѓу слободните и неслободните браќа. Не смееме да не знаеме, дека секаков сепаратизам е убиствен за нашите општи бугарски интереси. Погоре кажавме, дека делењето се состоело од стремежот да се смета населението во Македонија за македонско, а не за бугарско, грчко или српско. Поголем апсурд од тоа не може да биде... но ние, кога говориме за сепаратизам, треба да признаеме, дека во Македонија и меѓу Бугарите таму се проповеда... таков сепаратизам“.[580]

Од уводната статија на весникот „Југозападна Бугарија“ објавена на 6. XI.1893 год. исто така дознаваме дека во редакцијата пристигнало анонимно писмо во кое се осудуваат целта и тактиката на весникот.[581] Анонимниот автор, решавањето на македонското прашање го гледа во „**одделна Македонија, сепаратизам, во совршена самостојност на Македонија**“, т.е. без никакво соединување, братство или пријателство со северна и јужна Бугарија. Во анонимно писмо исто така вели дека: „Единствениот спас на Македонија да се запази цела и да се отстранат сите волци, кој што гледаат кој од кој повеќе да грабне по нешто од неа, е сепаратизмот. Само на таков начин ќе можеме да го достигнеме тоа, што го сакаме“.[582] Според весник, осудите во анонимното писмо биле предизвикани затоа што уредниците на „Југозападна Бугарија“ на македонското прашање гледале како на општо бугарско и се стремеле името на Македонија да го заменат со терминот југозападна Бугарија.[583]

Сепаратизмот се потврдува и во други извори. По објавувањето на биографијата на Гоце Делчев од страна на Пејо Јаворов, списанието „Македонија“ во април 1904 година објавува една статија во која се забележува дека Пејо Јаворов пишувал за сепаратизам. Според „Македонија“, Јаворов бил добар поет, но слаб историчар кој не ја познавал психологијата на сепаратистите. Според весникот, сепаратистите „**не се залагаат за политички, туку за национален сепаратизам**“.[584] Во овој контекст било забележано дека владиката Теодосиј во 1893 или 1894 година издавал крштелни сведителства во кои наместо Бугарска егзархија пишувало православен христијанин.[585] По објавувањето на книгата „За Македонцките работи“, Крсте Петков Мисирков бил силно осуден и нападнат. Меѓу неговите критичари се нашол и М. Грашев кој ја објавил статијата „Нови кобни патишта и проломи“. Според Грашев, јазикот на Мисирков е „лудории од немакедонски фрази“, велејќи дека тоа не е такво прво истапување, многу пред работата на Мисирков, Младата македонска книжевна дружина преку страниците на „Лоза“ се залагала за истото. Според Грашев, идејата за која се залагале Мисирков и Младата македонска книжевна дружина била пропагирана во 1887 година од страна на рускиот печат. Споменатиот автор вели

[579] Крсте Петков Мисирков, За македонските работи, ИПК Родина АД, Скопје, 2007, 51-52.
[580] Юго-Западна България, Година I, 2-й Октомврий 1893г, Брой 4, 1.
[581] Юго-Западна България, Година I, 6-й Ноемврий 1893г, Брой 9, 1.
[582] Исто, 1.
[583] Исто, 1.
[584] Македония; Мѣсечно илюстровано популярно списание, Книга I, Априлъ, 1904, 24.
[585] Исто, 24.

дека во 1886 година, Иван С. Аксаков ги советувал своите македонски ученици „**да создадат македонски литературен јазик и да го зачудат светот со својата независност**".[586]

**3.** Во 1900 година во Варна се објавува брошурата „Претендентите за Македонија" од Георги Бакалов во која го разгледува македонското прашање.[587] Според Бакалов, Македонија брои не помалку од „пет непосредни претеденти: првото место го држат Бугарија, Србија и Грција, малку по настрана стојат Австрија и Романија".[588] Според истиот автор, Србите, Бугарите, Грците и Романците изјавуваат дека Македонија е населена со нивни браќа, „Грците сакаат преку Македонија да си отворат пат за Цариград - старата престолнина на Византија, Србите сакаат да си обезбедат пат кон морето, а Бугарите, дека е многу убаво да имаат излез не само на Црното, но и на Мраморното, Егејското и Јадранското море". Бакалов вели дека Романија, петтиот претендент, е одделена од Македонија и затоа „не може да се надева дека ќе господарува во таа страна, но штом ќе и се признаваат нејзините права над Македонија, таа секогаш ќе може тие права да ги размени за отстапки, што ќе и бидат направени на друго место". Според Бакалов, иако туѓа земја ги дели од Македонија, Романците таму водат активна пропаганда, официјално подржана од романската влада.[589] Бакалов истакнува дека сите тие надворешни настојувања и даваат една туѓа физиономија на македонското движење.[590]

Според Бакалов, под македонско движење не треба да се подразбира борбата против османлиската власт, туку борбата помеѓу националностите за преовладување во Македонија, а оваа борба била особено остра помеѓу Србите и Бугарите.[591] По Српско-бугарската војна од 1885 година, Србите не ја напуштиле својата пропаганда во Македонија. Тие започнале со печатење на специјална литература која имала за цел да докаже дека Македонците се Срби, а од друга страна од турските власти да добијат дозвола за отворање на српски училишта во Македонија. Од своја страна, Бугарите гледале да не им отстапат на Србите во поглед на пропагандата и борбата станала жестока.[592] Бакалов вели: „Кај нас (Бугарија б.н) има различни погледи за политиката која Бугарија треба да ја води по прашањето за Македонија. Најсилното течение е она, кое се изразува во борбата со Србите и кое ние ќе го наречеме националистичко. Еве ги теориските претпоставки на тоа течение: Македонските Словени се Бугари. Тие самите го изјавуваат тоа. Тоа се подржува и од патописци, кои ги изучуваат јазикот и обичаите на Македонците".[593] Бугарските националистите изјавувале дека ако Македонија е признаена од Европа за бугарска земја, тогаш останува уште да се пронајдат средствата и патиштата за присоединување на Македонија. Пред се, треба „да се развива кај Македонците **симпатии кон Бугарите**, преку културна работа, со отворање на цркви и училишта, под водството на бугарскиот егзарх во Цариград".[594]

Бакалов исто така вели дека сосема „спротивно на тоа течение е течението на сепаратистите. Тоа течение е уште ново и младо, но по се изгледа дека тоа треба да има иднина. Несомнен факт е дека тоа течение постои во самата Македонија. Владиниот орган (сега опозициски) неодамна пишуваше за причините да се затвори битолската гимназија и обвинуваше дел од локалната македонска интелигенција за сепаратизам кој се пројавувал во стремежот да се

[586] Македония; Мѣсечно илюстровано популярно списание, Книга IX, Ноемврий, 1903, 28.
[587] Претендентите за Македония, от Д. Григоров (Г. Бакалов), Варна, 1900. Текстот е преведен од руското списание Жизнь (ноемввbooри 1899 г.) каде што е сместена како коресподенција од Софија, со потпис Дионисиј Григориев
[588] Исто, 2.
[589] Исто, 2-3.
[590] Исто, 3.
[591] Исто, 4-5.
[592] Исто, 6.
[593] Исто, 12.
[594] Исто, 13-14.

отстранат од сите места во егзархијата и учебното дело, сите оние Бугари кои се родени во кнежевството и **да се заменат со Македонци**“.[595]

Искажувањето на Георги Бакалов најверојатно се однесува на бунтот во Битолската гимназија во учебната 1898/1899 година. Во гимназија кулминирало нетрпението помеѓу проегзархиската група (обединета околу Егзархијата и Бугарското братство) и револуционерната група (околу ТМОРО).[596] Предводник на проегзархиската група бил в.д. директорот А. Стоилов, зад кој стоел битолскиот митрополит Григориј.[597] Мнозинството наставници биле револуционерно ориентирани, предводени од Андон Димитров, учител во гимназијата. Односите се заостриле кога директорот се обидел да го растури револуционерниот кружок во гимназијата и пансионот.[598] Судирот кулминирал при прославата на празникот Св. Кирил и Методиј на 11/23. V. 1899 год. По тој повод, митрополитот Григориј одржал беседа за значењето на браќата Кирил и Методиј, а по него настапил в.д. директорот Стоилов. Меѓутоа, тој бил насилно прекинат од учителот по историја Иван Цоков, кој излегол на говорницата. Цоков во своето обраќање ги критикувал претходните говорници и предложил црковните книги да се преведат од црковнословенски на месниот дијалект. Иван Цоков исто така побарал македонскиот народен говор да биде воведен во егзархиските цркви и училишта во Македонија. На ова барање, митрополитот Григориј жестоко реагирал, а следниот ден, Егзархијата телеграфски го отпуштила Цоков од служба.[599] По отпуштањето, Милан Матов по инструкции на Даме Груев, ги организирал учениците од пансионот и гимназијата, кои започнале бунт за заштита на учителот Иван Цоков. Поради бунтот гимназијата била привремено затворена. Егзархијата го суспендирала целиот наставнички персонал во Битолската гимназија. Покрај тоа, со посебен циркулар, Егзархијата ги исклучила за секогаш од сите егзархиски училишта 18-мината ученици кои биле вмешани во бунтот.[600]

Според Бакалов, ако сепаратизмот во Македонија се искажува со намерата за пополнување на сите места и должности со свои луѓе, ова движење стои сосема поинаку во Бугарија.[601] Таму сепаратистичкото движење и меѓу Бугарите и меѓу Македонците има теориска основа. Бакалов исто така вели дека: „Негови поддржувачи се крајните радикални елементи“. Нивната аргументација не е лишена од логика и политичка мудрост и го заслужува вниманието на читателите“.[602] Пред се, сепаратистите ја одрекуваат праведноста на бугарските претензии над Македонија. Според Бакалов: „И навистина: какво е населението во Македонија? Да претпоставиме дека словенското население во Македонија е бугарско. Христијанското население во Македонија е 1 100 000 души, помалку од половина. Од нив треба да се извадат 300 000 Словени кои ја признаваат Патријаршијата. Оттука, Македонците кои се сметаат за Бугари изнесуваат 800 000 души. Во секој случај, половина од населението во Македонија не е словенско, а уште повеќе тоа укажува дека тоа без дилема не е бугарско. Во тој случај Бугарија не би се јавила како ослободител, туку како завојувач и единствена справедлива форма на управување во Македонија е автономната федерација на различните македонски окрузи, разделени колку што може по народности“.[603]

---

595 Претендентите за Македония, от Д. Григоров (Г. Бакалов)..., 18.
596 Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 219.
597 Исто, 219-220.
598 Исто, 220.
599 Исто, 221.
600 Исто, 223-224.
601 Претендентите за Македония, от Д. Григоров (Г. Бакалов)..., 18.
602 Исто, 19.
603 Исто, 20.

Бакалов вели дека сепаратистите искажуваат и други политички мислења. Ако Македонија се присоедини кон Бугарија, последната неизбежно ќе стане силна држава.[604] Ако Македонија се присоедини кон Бугарија, една третина од сето население во Бугарија ќе се состои од туѓинци. За да го држи во покорност тоа големо малцинство, Бугарија ќе треба да се претвори во военополициска држава.[605] Тоа лошо ќе се одрази врз политичкиот и економскиот развој на Бугарија. Освен тоа, присоединувањето на Македонија ќе допринесе Грција и Србија да станат големи непријатели на Бугарија. Бидејќи бугарската држава ќе стане владетел на Балканскиот полуостров, Србија и Грција ќе бидат незадоволни од тоа и ќе настане братоубиствена војна.

Критикувајќи ја бугарската националистичка политика, Бакалов вели: „Ние немаме никаков интерес да создадеме непријатели од Србите, Грците и Романците. Напротив, за нас е неопходно да имаме взаемно разбирање со тие народи и да создадеме сојуз за општа одбрана против секакво надворешно мешање. При тие услови, најразумно решение за македонското прашање е согласност меѓу заинтересираните балкански држави за неутралност, Македонија за Македонците - ете каква треба да биде девизата на таа политика“.[606] Во своето понатамошно искажување Бакалов вели: „Навистина, во овој момент бугарските националисти не сакаат автономија за Македонија, но сепак тие во таа автономија гледаат како на **преодна фаза**. Бугарската влада и општество треба да се откажат од сите завојувачки намери и да им предложат на заинтересираните страни да постигнат еден договор, со кој сите заинтересираните балкански држави ќе се откажат од понатамошни претензии. Таквата согласност би отворила нова ера во Бугарија и би го олеснило решавањето на источното прашање преку една балканска федерација во која Македонија би влегла како автономна единица“.[607]

Бранејќи ги сепаратистите, Бакалов истакнува дека нивното решение не само што е праведно, туку и единствено справедливо, а стремежите на националистите не само што се незаконски, туку и не можат да се исполнат.[608] Според Бакалов: „Србија и Грција, а воопшто Европа нема да дозволат Македонија да се присоедини кон Бугарија. Сепаратистите сметаат дека не е во интерес на Русија да и се даде Македонија на Бугарија. Русија не сака да даде автономија на Македонија, туку сака тоа прашање да биде отворено, зошто македонското прашање и е последна карта за игра на Балканскиот полуостров. Сепаратистите одат и понатаму во своите тврдења, тие сметаат дека Русија поскоро би ја дала Македонија на Австрија, отколку на Бугарија“.[609] Според Бакалов сепаратистите „се стремат да кренат востание во Македонија, но тие предлагаат пред се центарот на агитација да се пренесе во Македонија, каде што треба да се започне една широка политичка пропаганда, основната идеја на сепаратизмот“.[610]

Георги Бакалов во Македонците гледа како на посебен народносен елемент и вели: „Ако најголемиот дел од словенското население во Македонија ги симпатизира Бугарите, причината не лежи во јазикот, таква блискот има и меѓу српскиот и бугарскиот јазик, туку во постоењето на некои историски факти. Како прво, извесна солидарност меѓу тие два народа се разви уште под турското ропство, кога Македонците и Бугарите од сегашното кнежество водеа општа борба против грчкиот патријарх. А уште повеќе симпатии Бугарија спечали по војната, кога поради недостиг на чиновници почна во служба да прима Македонци: една третина од сите бугарски чиновници се Македонци. Во бугарската војска има повеќе од 300 офицери - Македонци. Ако Србија беше гостопримлива кон Македонците, таа ќе ги спечалеше нивните симпатии. Освен тоа,

---

604 Претендентите за Македония, от Д. Григоров (Г. Бакалов)..., 20-21.
605 Исто, 21.
606 Исто, 21-22.
607 Исто, 22-23.
608 Исто, 23.
609 Исто, 23-24.
610 Исто, 24.

секоја година од Македонија излегуваат 80 000 работници, кои се прснуваат низ целиот полуостров и бараат работа. Најголемиот дел од нив одат во Бугарија. Се разбира дека причините за симпатиите на Македонците кон Бугарите треба да се бараа во тие реални односи, а **не во етнографското заедништво**“.[611]

Георги Бакалов прави јасна дистикција помеѓу националниот и политичкиот сепаратизам. Ако внимателно се анализираат неговите искажувањата, Бакалов е еден од приврзаниците на македонскиот политичкиот сепаратизам и истовремено ги признава особеностите на Македонците. Во сличен дух се искажува и Димитар Влахов, според кого Македонци, „не го сакаа присоединувањето на Македонија кон Бугарија не само затоа што беа против поредокот на Бугарија, туку затоа што (макар меѓу нив имаше и такви што се сметаа за Бугари) не сакаа останатите националности во Македонија да бидат во држава во која тие би биле големи малцинства и не би се ползувале со еднакви права како мнозинството Македонци“.[612]

Меѓу приврзаниците на политичкиот сепаратизам може да се вброи и Тома Карајовов. Тој во својата студија „Македонските барања и дипломатијата“, објавена во 1903 година ги претставува сопствените видувања. Тома Карајовов вели дека: „Бугарскиот елемент, врз чии плеќи главно се крепи идејата за слобода, претставуван од револуционерната организација, се откажал од присоединувањето на Македонија кон Бугарското кнежевство, затоа што го смета за невозможно“.[613] Истовремено тие биле и противници на поделбата на Македонија од страна на балканските држави.[614] Според Карајовов, политичката состојба во Македонија може да се смири „со групирањето на народностите околу една општа за сите управа - какво што е автономијата“. Карајовов во автономниот принцип гледа единствено како на политички сепаратизам изразен во формулата на Гладстон - Македонија за Македонците.[615]

Сепаратистички тенденции на Македонската револуционерна организација ги забележува и рускиот весник „Ново време“ кој во почетокот на 1903 година објавува повеќе статии под заедничко име „Балкански писма“ од Несторов. Меѓу останатото, во статиите се вели дека Внатрешната организација се разликува од македонските организации во Бугарија, затоа што не се состои од емигрантите кои нашле прибежиште во Бугарија и се инспирирале од големобугарските бугарските идеали, прекинувајќи ги сите врски со својата татковина. Според весник „Ново време“, напротив Внатрешната организација се состои од локални елементи и е плод на месната интелигенција. Според пишувањата на весникот „Ново време“, Организацијата се јавила и како реакција на тешкотиите во Македонија и посегањата на нејзините соседи - Бугари, Срби, Грци и Романци да одлучуваат за судбината на Македонија. Внатрешната организација прва искрено започнала да го проповеда принципот - Македонија за Македонците. Според „Ново време“, идеалот за целокупна Македонија на внатрешните е формула за одрекување на секакви права за мешање во македонските работи од страна на неканетите соседи. Весникот исто така истакнува дека „Внатрешната македонска организација си го признава само за себе правото да решава за судбината на Македонија“.[616]

**4.** Основната идеолошка матрица на политичкиот сепаратизмот во бугарската држава е творба на Трајко Китанчев, Димитар Благоев, Спиро Гулапчев и Коста Шахов, а кај последниот сепаратизмот поприма и форма на македонски национализам.

---

[611] Претендентите за Македония, от Д. Григоров (Г. Бакалов)..., 24-25.
[612] Димитар Влахов, Мемоари..., 27.
[613] Т. Караиововъ, Македонскитѣ искания и дипломацията, Печатница на Г. А. Ножаровъ, 1903, 28.
[614] Исто, 28.
[615] Исто, 28-29.
[616] Право; Органъ на Македоно-Одринскитѣ интереси, Год. II, София, 1 Февруарий, 1902, Брой 40, 3.

Во 1885 година, Трајко Китанчев објавува рецензија на книгата „Македонија во времето на илјадагодишнината на Свети Методиј“ од Атанас Шопов.[617] Според Китанчев, „борбата во Македонија всушност е меѓусебна, борба меѓу чорбаџиите... од една страна и народот од друга страна, а чесниот човек и искрениот доброжелник на Македонија никогаш нема да го моли бога да праќа во Македонија чорбаџии, та тие да ја ослободат, туку ќе посака да има меѓу Македонците повеќе луѓе самостојни, решителни и готови да умрат било во затвор, било на јаже, било во прогонство“.[618] Китанчев посочува дека **политичката слобода** на Македонија е најсоодветното решение за македонското прашање.[619] Трајко Китанчев прашањето за автономија на Македонија не го гледа низ призмата на бугарските шовинисти и националисти, туку низ една поширока платформа која во името на Македонија треба да ги обедини сите народности.[620]

Меѓу првите приврзаниците на идејата за самостојно политичко суштествување на Македонија може да сѐ вброи и социјалистот Димитар Благоев. На 20.IV.1885 год. во весникот „Македонски глас“, Благоев ја објавува статијата „Балканската федерација и Македонија“ во која ги претставува своите погледи за иднината на Балканскиот полуостров и Македонија. Според Благоев: „Балканската федерација треба да има за цел ослободување на Македонија и давање на широка слобода на самоуправа на народите на Балканскиот полуостров и социјализација на нивните материјални и морални ресурси - тука е спасот од несреќите кои можат да го преземат Балканскиот полуостров“.[621] Благоев исто така вели дека малите балканските држави не се доволно силни за да можат да спротивстават на големите сили, а својата статија ја завршил со зборовите: „Народи на Балканскиот полуостров обединете се, пред да биде доцна“.[622] Димитар Благоев до крајот на својот живот се залага за оформување на Македонија како одделен политички субјект.[623]

Спиро Гулапчев во своето дело „Еден поглед за етнографијата на Македонија“ објавено во 1887 година го образложува својот поглед за решавањето на македонското и источното прашање. Гулапчев го отфрла концептот за присоединување на Македонија кон бугарската велејќи дека не е меѓу оние кои се залагаат дека политичкиот идеал на еден народ треба да биде проширување на неговите територијални владеења.[624] Гулапчев исто така забележува: „Според мене, Македонија, треба, да составува **одделна политичка целина** на Балканскиот полуостров. Тоа се изискува од интересите на македонските населенија, без разлика на народноста; тоа се изискува од интересите на федерацијата на Балканскиот полуостров, која што пак се изискува од интересите на сите балкански народи; тоа се изискува од интересите на прогресот и на цивилизацијата“.[625] Според

[617] Димо Хаџи Димов, Македонското прашање..., 15.
[618] Исто, 15.
[619] Ванчо Ѓорѓиев, Трајко Китанчев..., 196.
[620] Исто, 223.
[621] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 324.
[622] Исто, 324.
[623] Димитар Благоев е познат по својата полемика во бугарското собрание, одржана во 1917 година: Која историја? Таа ли, која вие ја фалсификувате? Таква историја ние не признаваме, бидејќи целите на војната не се за никакво „обединување на бугарското племе“, туку за бугарска хегемонија на Балканот, поточно да се завладеат местата што и се неопходни на бугарската буржоазија за да може да излезе на големите водни патишта и на Егејско Море... Јас сум родом од Загоричане, меѓутоа јас не сум Бугарин, јас сум Македонец, Македонски Славјанин! ...И како таков, ако сакате да знаете, јас сум за Македонија како словенска земја, која ќе има сопствена управа Ако сте вие убедени дека во Добруџа живеат Бугари, дека во Моравско, дека во Македонија живеат Бугари, дека во Сер, Драма и Кавала се Бугари, зошто тогаш се плашите од формулата на рускиот цар, „мир без анексии, без обештетување и со право на народите на самоопределување“. Ако сте убедени дека некаде има Бугари, нека се спроведе референдум и да видиме што ќе кажат... Зошто кревате врева? Значи несигурни сте, значи има нешто што ве тревожи, има некои области завладеани од вас, кои ако се подложат на референдум ќе ви се измолкнат од рацете. Види: Орде Ивановски, Искажување на Димитар Благоев за народността на Македонците пред Бугарскиот парламент во 1917, Современост, Скопје, јануари 1967.
[624] Спиро Гулапчев, Един оглѣд по етнографiята на Македонiя..., 38.
[625] Исто, 38-39.

Гулапчев, македонското прашање највозможно и најсправедливо може да се реши преку оформувањето на Македонија како одделна политичка единица на Балканскиот полуостров и само на тој начин Македонија би можела да се ослободи, да се запазат интересите на сите македонски народни елементи и да не се загрозат интересите на балканските народи.[626] Спиро Гулапчев неколку пати го повторува својот став дека: „Македонија има полно право, да составува одделна политичка целина и како таква требало да влезе во составот на идната федерација".[627]

Коста Шахов по убедување е либерал и тежнее кон идејата за македонска самостојност и сепаратизам.[628] Во 1888 година, Коста Шахов започнува да го издава и редактира весникот „Македонија" во кој се афирмираат поинакви ставови за решавањето на македонското прашање. Во вториот уводник, било нагласено дека весникот ќе се стреми за добивање на автономија за Македонија и ништо повеќе.[629] Весникот „Македонија" ја објавува и статијата „Мнение за решавање на македонското прашање" од Еден Македонец во која се истакнува дека: „Ослободувањето на Македонија и нејзиното присоединување со извесна земја се две прашања, кои е незамисливо да се решат благопријатно во едно и исто време... македонската емиграција, барем привремено, треба да ја напушти својата досегашна политика; таа треба да се постави во борбата на **чисто македонска почва**. Еден Македонец препорачува дека сите жители на Македонија треба го прифатат името Македонци, како основен услов за добивање на политичка слобода".[630] Според Еден Македонец, борбата за слободата на Македонија не треба да се води врз бугарска национална основа, туку „врз месна географска почва", бидејќи само на таков начин може да се обедини населението во борбата против османлиската власт. Ванчо Ѓорѓиев анализирајќи ги ставовите промовирани во Македонија, заклучува дека весникот не само што го протежира македонскиот политички сепаратизам, туку ги поставува и основите на македонскиот национален сепаратизам. Истиот автор исто така вели дека според современите теории за нацијата, промовираните идеи во весникот претставуваат напредна фаза на македонскиот протонационализам.[631] Според Макдермот, весникот „Македонија" има историско значење, бидејќи дискутираше за витален тактички проблем поврзан со борбата за ослободување, имено прашањето за автономија на Македонија.[632]

Погледите на македонските сепаратисти се критички пресретнати, во тој правец е критиката на Димитар Спиров во делото „Македонија и нејзините претенденти" објавено во 1890 година. Спиров го осудува весникот „Македонија" и неговите текстови ги оценува како предавство кон интересите на македонските Бугари.[633] Според истиот автор, статиите во весникот „Македонија" ја натерале османлиската власт да погледне со криво око на Бугарската егзархија. Спиров исто така вели дека интересите на Македонија налагале тесна поврзаност со бугарската влада. [634] Според Димитар Спиров, некои млади македонски сили биле критички настроени и го искажале своето мислење преку издавање на една брошура која имала пропагандна цел и преставување на концептот за решавање на македонското прашање „преку оформувањето на **Македонија како одделна политичка единица**".[635]

[626] Спиро Гулапчев, Един оглѣд по етнографiята на Македонiя..., 99.
[627] Исто, 104.
[628] Горан Калоѓера, Македонскиот XIX век..., 114.
[629] Ванчо Ѓорѓиев, Трајко Китанчев..., 199.
[630] Исто, 200.
[631] Исто, 201.
[632] Mercia MacDermott, Freedom or Death; The Life of Gotsé Delchev, The Journeyman Press, London&West Nyack, 1978, 85.
[633] Дим. А. Спировъ, Македония и нейнитѣ претенденти или Србия, Грция и Бугария за Македония, София, 1890, 5.
[634] Исто, 34.
[635] Исто, 51.

Во својата критика, Спиров вели дека младите кои се школувале во Русија и на други места, се враќале во Бугарија и со себе носеле нови мисли и идеи, проповедајќи политика на комунистички начела.[636] Овие исти младинци покрај проповедта за оформување на Македонија како самостојна политичка единица на Балканскиот полуостров, внесувале и „комунистичка каша“.[637] Според Димитар Спиров, Македонија не можела да се оформи како одделна политичка единица и ги критикува оние кои се залагале за самостојност на Македонија и Балканската федерација“.[638]

Според авторот, една таква федерација не била во интерес на Бугарија, истакнувајќи: „Каква полза за Бугарија и за бугарскиот народ, откако ќе се соединиме со Грција и Србија, да ја истиснеме Турција од Европа, Македонија да образува самостојна државичка на Балканскиот полуостров, а другите делови на европска Турција да се поделат меѓу Србите и Грците?“[639] Според Димитар Спиров, Балканската федерација може да се создаде „кога Бугарија ќе го добие своето, да се рашират природните и историските и етнографските граници, на југ до Пелопонез - до Термопилите, а на запад до Ниш. Македонија треба да се присоедини кон Бугарија, заедно со Солун и другите пристаништа, а потоа да се водат преговори со другите држави за оформувањето на федерацијата“.[640] Спиров исто така вели дека бугарската македонска маса „**се уште немала силно народно-национално самосознание**“. Оттука, треба да се развие самосознанието до највисок степен кај македонскиот Бугарин, преку учебното дело и училиштата.[641] Спиров на јасен начин ги претставува бугарските националистички претензии: “Идната Бугарија без Македонија нема да има значење на Балканскиот полуостров... Најпосле треба еднаш за секогаш решително да запомниме и да знаеме, дека за нас Бугарите, нема... македонско прашање, а има: општо бугарско прашање“.[642]

[636] Дим. А. Спировъ, Македония и нейнитѣ претенденти..., 51.
[637] Исто, 52.
[638] Исто, 53.
[639] Исто, 54.
[640] Исто, 55.
[641] Исто, 60.
[642] Исто, 60-61.

## ГЛАВА VIII

## НАРОДЕН ФРОНТ

*„Денеска сите Македонци таму и сите Македонци овде и по целиот свет исповедаат преку Внатрешната револуционерна организација во Македонија една и иста идеја, јасно одредена и поддржана со фанатизам и длабока вера: идејата за независно постоење на земја во нејзините природни географски граници*" - **Димо Хаџи Димов**



**Ѓорче Петров**

**1.** Солунскиот конгрес од 1896 година има особено значење во развојот на Македонската револуционерна организација и револуционерното движење, всушност со овој конгрес започнува нов стадиум кои се карактеризира со една тенденцијата за проширување и зацврстување на движење преку изнаоѓање на внатрешни и надворешни сојузници. Организацијата настојуваа да создаде врски со сите групи во македонското движење, врз принципот за автономија кој треба да послужи како платформата за обединување. Во тој контекст треба да се гледаат контактите на Организацијата со проегзархиската група во Македонија од чии редови ќе произлезе Бугарското тајно револуционерно братство, како и соработката со македонската емиграција и нејзините организации - Врховниот македонски комитет и отцепениот Македонски комитет на Наум Туфекчиев. Организацијата исто така стапува во контакт и остварува соработка со социјалистичката група на Васил Главинов, Тајните офицерски братства, Женевската група, Гемиџиите и ерменските револуционери. Организацијата својата политика кон другите групи ја насочувала од потребите на ослободителната кауза и крајната цел.

Стремежот за консолидирање на македонското движење можеме да го насетиме во алинејата 5 од членот 4 од првиот правилник на МРО, каде што се вели дека Централниот комитет одржува контакти со надворешни македонски револуционерни комитети, доколку има такви, и во договор со нив и окружните комитети го прогласува денот на востанието, го утврдува планот на дејствата, го раководи движењето директно или преку посебна комисија формирана од него во договор со надворешните комитети.[643] Оваа тенденција се забележува и во писмото на Даме Груев од 31. III. 1894 год. до Никола Дејков. Во него, Груев бели: „надежта таму е повеќе друже; таму е најболното место, кое малку по малку треба да се лечи. Се сеќаваш каде ми сечат мислите, нели? Да јас дури можам и да се посомневам, да не се откажеш... И без еден може, но и со еден честопати многу бидува. Оттаму има и други, кои што земаат учество, а не би било лошо и таму со таква цел - да се формира група".[644]

Основниот постулат врз кој Организацијата ќе ги гради своите односи со останатите чинители во движењето се поставува на Солунското советување во летото 1895 година. Во текот на советувањето биле формулирани следните четири принципи кои требало да претставуваат основа за идната соработка со Врховниот македонски комитет: 1) ВМК во Софија да дејствува во хармонија со целите и задачите на МРО и заемно да ги почитуваат респективните територии. 2) ВМК во иднина да не испраќа чети во Македонија, ниту вооружени поединци. 3) ВМК да не влегува во врска со самонаречени претставници на МРО, кои немаат полномошство, ниту пак да им дава средства и материјали во нејзино име. 4) МРО предупредува дека ќе биде беспоштедна кон сите што не ги почитуваат нејзините закони и правилници, и кон оние, што без нејзина согласност вооружени влегуваат на нејзина територија.[645]

643 Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 140.
644 Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Погледи низ документи, Матица Македонска, Скопје, 2013, 54-55.
645 Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 207.

Конкретно, принципите се однесуваат за Врховниот македонски комитет во Софија, меѓутоа тие послужуваат како основата за идните контакти со останатите групи во македонското движење. Имено, да се дејствува во хармонија со целите и задачите на Македонската револуционерна организација, Македонија е нејзина територија и Организацијата ќе биде беспоштедна кон сите што не ги почитуваат нејзините закони и правилници.

Гоце Делчев и Ѓорче Петров како задграничните претставници на ТМОРО во Бугарија се обидуваат да пронајдат сојузници кои би можеле да го помогнат македонското дело. Оттука, оствариле контакти со претставниците на Врховниот македонски комитет - генералот Данаил Николаев, Димитар Ризов, Јосиф Ковачев и др., меѓутоа соработката со нив била невозможна затоа што Врховниот комитет олицетворен во овие лица сметал дека македонската емиграција треба да раководи со движењето.[646] Ѓорче Петров се сретнува и со Туфекчиев кој заедно со офицерите се одделил од комитетот. Ѓорче Петров исто така имал средба и со социјалистите Стојан Иванов и Стојан Попов - маж на Роза Попова.[647]

Кон крајот на 1896 година во Софија се одржала средба помеѓу Ѓорче Петров, Гоце Делчев, Стојчо Гаруфалов и Антон Бозуков. Разгледувајќи ја идната револуционерна дејност решиле да се формираат Тајни офицерски братства низ цела Бугарија. За претседател на братствата бил избран полковникот Иван Цончев. Гаруфалов им предложил на задграничните претставници да ги запознае со Иван Цончев и го предложил за претседател-раководител на братствата, затоа што Цончев имал авторитет меѓу офицерите.[648] Задграничните претставници долго се колебале околу изборот на Цончев, затоа што некои, особено Антон Бозуков, укажувале дека Цончев имал скриена цел и одржувал врски со бугарскиот двор. На крајот, задграничните претставници заклучиле дека Цончев по сопствено убедување се вклучил во револуционерното дело, а обвинувањата на Бозуков биле од лична природа, односно тој да застане на чело на офицерските братства. Задграничните претставници сметале дека Иван Цончев не претставува опасност за Организацијата, туку напротив со својот авторитет меѓу офицерите може да биде полезен.[649] Воениот министер Иванов им се заканил на офицерите да не се занимаваат со македонското дело и да се мешаат со братствата, поради што го преместил Цончев во Видин.[650] Ѓорче Петров во своите спомени истакнува дека преместувањето на Цончев во Видин било доказ дека Цончев не влегол во делото по туѓа наредба. Ѓорче исто така вели дека тогаш на нив не гледале како на сериозни луѓе и со голема недоверба гледале на нивната дејност. Никој не ги примал и не им верувал сериозно, а исклучок била офицерската средина и средината на „**младината од социјалистички калап**“.[651] Во краток период офицерските братства обезбедиле извесни материјални средства за потребите на ТМОРО. Офицерите исто така испратиле во Македонија свои луѓе кои учествувале во формирањето на првите организациски чети.[652]

Централниот комитет и задграничните претставници на ТМОРО, водени од потребите на делото настојуваат да го контролираат Врховниот македонски комитет во Бугарија. Првите обиди за влијание врз ВМК може да се забележат во јули 1898 година, кога Гоце Делчев преку едно писмо го информира Никола Зографов: „Имаме намера да дејствуваме, до колку ни се укаже можност, за да се пробие листата на Станишев, којшто е многу поблизок со својата програма и чесен човек, отколку Ковачев. Последниот и Љапчев, како што изгледа, ќе претстават свои листи.

---

646 Спомени на Гьорче Петров..., 45.
647 Исто, 47.
648 Исто, 73.
649 Исто, 73.
650 Исто, 74.
651 Исто, 74-75.
652 Исто, 13.

Вчера се сретнав со Кепов (Иван б.н), којшто ми јави дека за делегат сте го избрале Бојаџиски. Не ќе биде лошо ако му ги осветлите нашите работи и ако му препорачаш листата на Станишев".[653]

Ѓорче Петров започнува широка агитација меѓу македонската емиграција, барајќи соодветна личност која би можела да застане на чело на ВМК. Ѓорче ја обиколил цела Бугарија, ги посетил сите места каде што имало Македонци и ја поканил сета македонска емиграција од внатрешноста на Бугарија да учествуваа во работата на идниот конгрес. Ѓорче не се раководел од идејните определби на личностите и затоа имал средба и со водачот на социјалистите Димитар Благоев. Меѓутоа, Ѓорче бил одбиен од сите, бидејќи работат им изгледала опасна. На крајот се решил за офицерите кои учествувале во Мелничкото востание. Еден дел од нив сакал да ги вклучи во комитетот, а другите да ги искористи за практичната работа во Македонија.[654] Офицерите од своја страна му предложиле тој да застане на чело на комитетот, меѓутоа Ѓорче Петров ги одбил и на крајот се одлучил за Борис Сарафов.

Пред изборот на Врховниот комитет, офицерите и задграничните претставници ја договориле следната платформа - далеку од официјалните сфери, силата да се црпи од народот, соработка со официјалните средини само доколку може од нив да се издејствуваат средства, меѓутоа без обврски и услов да не пречат, како и полна солидарност со ТМОРО.[655] Борис Сарафов во своите спомени вели дека нивна друга задача била привлекување на офицерството, односно „негово интересирање за македонското дело, како потреба за внатре".[656]

Договорот бил формализиран на Шестиот македонски конгрес. Непосредно пред неговата работа, Делчев го информирал Никола Зографов: „Не знам Ѓорче дали ти пишал нешто за земеното решени по случај свикувањето на конгресот за избирање нов состав во комитетот. Се донесе решени да си ја дадат кандидатурата Сарафов Борис, Славчо Ковачев, Бозуков и Давидов и двајца цивили... Ние речиси отворено ќе дејствуваме согласно само со горната листа и за да се развие посилно здружување меѓу овдешните и внатрешните, ќе влегуваат во тој комитет како редовни членови и двајца од Внатрешната организација. Дали ќе се исполни тоа решение, ќе зависи од делегатите. Погрижи се да изберете таков човек, којшто ќе гласа за горната листа. Можете да му дадете изречно задолжение да гласа за луѓето што ја имаат довербата на внатрешните и да можат да работат со нив".[657] На крајот, листата поминала без опозиција, а за претседател на Врховниот македонски комитет е избран Борис Сарафов.

Уште во самиот зародиш, Организацијата има недоразбирања со приврзаниците на Бугарската егзархија. Организацијата била свесна за опасноста од судирот и затоа се обидува да ги придобие. Ѓорче Петров и Пере Тошев биле на мнение дека вратите на Организацијата треба да се отворат за Самарџиевата партија и да се отстранат поделбите помеѓу егзархистите и антиегзархистите.[658] Во преговорите помеѓу Организацијата и егзархиската група, Ѓорче Петров бил посредник и во своите спомени вели дека на средбите со Сарафов, Самарџиев и Наумов му било пренесено дека Централниот комитет треба да биде поделен помеѓу двете групи, меѓутоа, „нивната интимна желба" била преземањето на Организацијата во свои раце. Егзархистите биле формално поканети да влезат во Организацијата, но одбиле.[659] На крајот, Централниот комитет

[653] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Преписка, т. 2, Култура, Скопје, 1972, 58-59.
[654] Идните настани, сепак покажаа дека изборот на Ѓорче Петров бил погрешен.
[655] Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, том I..., Спомени на Гьорче Петров, 54.
[656] Исто, 54.
[657] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Преписка, т. 2…, 205-206.
[658] Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, том I..., Спомени на Гьорче Петров, 27.
[659] Исто, 35.

решил за последен пат да ги покани. Меѓутоа во редовите на Организацијата постоела поделба околу ова прашање. Даме Груев, Ѓорче Петров и Пере Тошев искрено сакале да го затворат ова прашање, а од друга страна Христо Татарчев и Иван Хаџи Николов се спротивставиле.[660] Груев, Пере Тошев и Ѓорче Петров биле водени од намерата за проширување и зацврстување на револуционерното дело, а пречка секако била самата Бугарска егзархија и нејзините приврзаници. Ѓорче Петров во своите спомени вели дека Христо Татарчев и Иван Хаџи Николов дипломатувале, односно кај нив партизанските поделби се уште не исчезнале.[661]

Ако внимателно се анализира, Татарчев и Хаџи Николов биле свесни за идејните разлики помеѓу двете групи и се плашеле дека влегувањето на егзархистите во може да се одрази врз погледите и стремежите на Организацијата. Историските настани покажеле дека нивното расудување било точно. Од друга страна, Татарчев и Хаџи Николов исто така биле свесни дека револуционерното дело има потреба од апсорбирање на егзархистите бидејќи нивната контраагитација ја дели интелигенцијата и го попречува развојот на револуционерното движењето. На крајот, Татарчев и Хаџи Николов во интерес на делото го прифатиле влегувањето на егзархистите во ТМОРО.

Во септември 1899 година, во Солун пристигнал емисарот на Врховниот комитет, поручникот Иван Камбуров. Тој пред Братството ги изложил условите за обединување. Членовите на Братството побарале еден нивни член да влезе во ВМК на местото на Ѓорче Петров, но тоа било одбиено. Нивното барање потоа било заменето со условот - никој од централистите да не го претставува ЦК, туку еден претставник на ВМК да седи во Солун и да го следи развојот на работите. Условите на Братството повторно биле одбиени, а внатрешни дејци побарале растурање на Братството и негово слевање во редовите на ТМОРО. Братството се колебало дали да ги прифати уловите на Организацијата. Но, Централниот комитет испратил ултимативен протокол кој бил прифатен од Братството. Членовите на Братството го прифатиле протоколот, затоа што биле убедувани од страна на Иван Камбуров дека Врховниот комитет ќе раководи со македонското движење. По потпишувањето на протоколот, Гарванов, Колушев, Самарџиев, Кондов, Мирчев, Тенчев и други членови на Братството биле заколнати во Организацијата од страна на Пере Тошев, а Иван Гарванов влегол во Солунскиот окружен комитет.[662]

Ако се анализираат настаните во периодот помеѓу 1896-1900 година, видливо е дека Организацијата се стреми кон масовизирање на движењето и обединување на групациите околу себе. Меѓутоа, стремежот за обединување содржел и извесна внатрешна противречност. Џон Галбрајт вели дека моќта на една организација зависи од бројот и разновидноста на целите.[663] Според истиот автор, со исклучок на државата, за сите други организации важи правилото дека, „**колку се поразновидни целите**“ заради кои се бара дејство, толку е послаба покорноста што се стекнува за секоја од тие цели.[664] Според Галбрајт, единката се потчинува на општите цели на организацијата и „од тоа внатрешно дејство на моќта доаѓа способноста на организацијата да ја наметне својата волја и надвор. Едното зависи од другото. Ова е инваријантно својство на секое дејство на организираната моќ“. Џон Галбрајт исто така вели дека: „Ништо толку не ја ослабува надворешната моќ... како недисиплираното изразување на несогласувањата однатре“.[665]

---

[660] Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, том I..., Спомени на Гьорче Петров..., 36.
[661] Исто, 36.
[662] Туше Влахов истакнува дека Гарванов и гарвановци се обединија со ВО, станаа наводни револуционери, а во душата си останаа такви, какви што си беа... Види: Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 201.
[663] Џон Галбрајт Кенет, Анатомија на моќта, Култура, Скопје, 1995, 73.
[664] Исто, 73.
[665] Исто, 74.

Многу е полесно да се оствари целта кога во организацијата нејзините членови имаат исти погледи за целите и карактерот на делото. Таква била Македонската револуционерна организација во својот зародиш, но со масовизирањето на движењето во нејзините редови влегле личности со различни идеолошки погледи, класични примери се Христо Матов и Иван Гарванов, оттука, Организацијата многу потешко можела да ја оствари својата крајна цел - независна македонска држава.

**2.** Од сите групи во револуционерното движење, социјалистичка група околу Васил Главинов била последна инкорпорирана во редовите на Организацијата. Причините не лежат во идеолошката поставеност на социјалистичката група, туку во нешто друго. Делчев кој е близок до левичарските идеи, како задграничен претставник се движи во редовите на социјалистите и анархистите, воспоставува контакти со македонската социјалистичка група. Делчев како задграничен претставник во Софија соработува со Васил Главинов, меѓутоа оваа соработка не е возможна без согласност на Централниот комитет и Даме Груев. Оттука, Главинов преку Васил Папанчев испраќал литература за потребите на Организацијата и членовите на социјалистичка група во Македонија.[666] Никола Киров Мајски вели дека Организацијата не располагала со револуционерна литература, меѓутоа подоцна кога социјалистите и анархистите започнале со распространување на своите идеи меѓу младината се собрала разнообразна литература и под влијание на оваа литература се засилило бунтовништвото меѓу учениците и младината.[667] Мајски исто така вели дека Организацијата се стремела во своите редови да ги привлече сите револуционерни сили „**без разлика на кој лагер припаѓаат**", за да не ја рушат Организацијата и да создадат фронт против неа.[668]

Соработката помеѓу двете страни не завршува тука. Според Алексо Мартулков во почетокот на 1896 година, Делчев бил во Солун и од таму за Софија го испратил Иван Манолев со задача да преземе планот за артилериско орудие и преку Васил Главинов да го препрати за Солун. Главинов ја исполнил својата задача, меѓутоа, во близина на поштенската станица Папанчев бил лишен од слобода.[669] По овој настана исчезнала можност за снабдување преку овој канала. Подоцна, кога се влошиле односите со Организацијата бил организиран нов канал преку кој Васил Главинов на два пати испратил преку дрводелски тезгиња (чие дно одозгора на штицата било издлабено и внатре исполнето со книги) цели изданија на весникот „Револуција", а после и весникот „Политичка слобода".[670] На овој начин во Велес се снабдиле со социјалистичка и револуционерна литература, оригинална и преведена социјалистичка литература, како и преводи од руската народничка литература, како „Поприштето на нихилистите", „Подземна Русија" и сл.[671]

Од соработката помеѓу страни произлегла и заедничката акција за набавка на финансиски средства. Никола Зографов истакнува дека на 25.XII.1896 год. телеграфистот Златарев во Ќустендил отуѓил околу 28 000 лева од државната каса. Пред да избега, согласно претходна спогодба, му предал 25 000 лева на Васил Главинов и Кипров за да му ги приложат на Делчев. Во

---

[666] За соработката помеѓу Организација и Македонската социјалистичка група сведочи и Алексо Мартулков. Според него, Васил Главинов по своето заминување од Велес за Софија во 1894 година, го уредил препраќањето на весници и брошури со социјалистичка и револуционерна содржина од Софија преку австриската пошта во Солун до Васил Панчев кој, ги примал весниците и брошурите и ги препраќал. Види: Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби…, 23; Всушност станува збор за Васил Папанчев, за кого Илија Докторов вели дека бил еден од најдоверливите соработници на Даме Груев. Папанчев меѓу другото, бил задолжен да доставува литература, материјали и пошта од името на ЦК на Организацијата за внатрешноста на Македонија. Види: Илия Докторов, Васил Драгомиров, Борис Йорданов Николов, ИК Звезди, 2005 г., 55-56.

[667] Илюстрация Илинден, Година 5, София, май 1933 г., Книга 6 (46), 2.

[668] Исто, 2.

[669] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби…, 23.

[670] Исто, 24.

[671] Исто, 24-25.

текот на средбата со задграничниот претставник, Главинов и Кипров, признале дека ги примиле средствата, меѓутоа се правдале дека парите ги закопале покрај една река, која подоцна надошла и ги однела парите.[672] Слично известува и Мартулков кој вели дека Главинов заедно со социјалистот Глигор Серлиев и Коста Кипров со содејство на чиновникот на поштата во Ќустендил ја ограбиле касата, а парите ги прибрале Главинов и Серлиев.[673] Делчев ги побарал парите, меѓутоа Главинов не му ги предал, под изговор дека ги закопале надвор од градот близу едно дрво, но заврнал пороен дожд и водата ги однела парите. Поради оваа случка, Мартулков вели дека нивните односи до последниот момент од животот на Делчев **„не се подобрија".**[674]

Настанат ги влошува односите помеѓу Делчев и Васил Главинов. За ова прашање, Никола Зографов вели: „Во тоа време се подигна прашањето за тој нивни престап, се даде мислење да бидат убиени Главинов и Кипров, на што Гоце Делчев одговори: Јас мислам дека тие се самоубија и мртви луѓе не треба да убиваме".[675] Влошените односи се посведочени и во коресподенцијата на Делчев, кој во едно свое писмо вели: „го сретнав Васила, но што полза од нашата средба? Го тврди старото (парите не биле во него, ниту пак знаел каде се). Бегал, зашто му било страв да не го убијат, а тој не сакал да умира на ветар (санки ќе го прашаат луѓето дали сака или не). Важно е дека категорички откажува дека ги зел. Таквото едно откажување е во сила да ме расколеба во мојата намера, но бакалам. Го праќам да дојде во Ќустендил да барате заедно. Страв му е и тоа да го направи..."[676] За влошените односи дознаваме и од писмото на Гоце Делчев испратено до Трајчо Манчов од 1898 година, во кое Гоце вели: „Политичка слобода не е наш орган, туку на оние фалшливи и нечесни патриоти, кои ја запустија ќустендилската сума главиновци и Cie..."[677]

Делчев ја прекинува соработката со Главинов, меѓутоа одржува одделни контакти со некои од членовите на социјалистичка група. Сепак настанот во целина ги влошил односите помеѓу ТМОРО и социјалистичка група, оттука членовите на МРСГ при својата агитација во Македонија наидуваат на пречки од страна на Организацијата. За овие нарушени односи посведочува и Алексо Мартулков. Мартулков во есента 1899 година решил да посети неколку градови во Македонија со цел да агитира меѓу работниците.[678] Но, неговата агитација била попречена од дејците на ТМОРО. За овие случувања во своите спомени Мартулков вели: „Еден пат Ѓорѓи Зердев, кој беше раководител на управното тело во Неготино, ми рече во отворените спорови со него оти имале наредба од Централниот комитет да ги следат добро акциите на **крајните социјалисти и анархисти** и да ја ограничат нивната дејност и, ако се наложи, да бидат уништени".[679] Мартулков исто така вели дека Трајче Христов еден од раководителите на Организацијата во Велес, му се обратил со следните зборови: „Вие, социјалистите, пак си го пуштивте појасот како во пусто село без кучишта, сте почнале да распраќате анонимни писма до некои имашливи граѓани, да ви бидат дадени пари..."[680] Христов исто така акцентирал дека ТМОРО нема да и дозволи на никоја друга организација **„во нејзината територија"** да ги мачи граѓаните.[681] Според нас, оваа наредба не се однесува на социјалистите и анархистите, туку на дејците на Македонската социјалистичка група околу Васил Главинов. До есента 1899 година, еден дел од дејците на Женевската група стануваат членови на Организацијата со посредство на Гоце Делчев, кој одржува контакти и со останатите

---

[672] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Во спомените на современиците …, 103.
[673] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби…, 38.
[674] Исто, 39.
[675] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Во спомените на современиците…, 103-104
[676] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Преписка, т. 2…, 185.
[677] Исто, 55.
[678] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби…, 41.
[679] Исто, 42.
[680] Исто, 61.
[681] Исто, 61.

членови на оваа група кои директно не влегле во организациските редови, како Слави Мерџанов и Петар Соколов.

Од друга страна, македонската социјалистичка група се потешко обезбедувала парични средства за печатење на „Политичка слобода“. За оваа состојба говори и Никола Петров Русински, според кого: „Весникот престана да излегува кога еден дел од членовите на македонската револуционерна-социјалистичка група замина за внатрешноста на Македонија“.[682] Членовите на социјалистичката група се договориле еден дел од нив да замината за Македонија, каде требало да формираат социјалистички групи.[683] а воедно да обезбедат и финансиски средства за издавање на „Политичка слобода“ и брошури со револуционерна содржина, наменети за Македонија и Одринско.

На 4 III.1900 год. Никола Петров Русински ја напуштил Софија и се упатил кон Велес, каде со Јордан Малезанов, Трајко Иванов и Алексо Мартулков требало да подготват план за ограбување на богатиот велешанец Иванчо Весов, заради обезбедување на пари за потребите на МСРГ. Во текот на грабежот Русински бил ранет, а Јордан Малезанов избегал со парите. Подоцна Трајко Иванов и Мартулков биле уапсени, додека Русински успеал да побегне од Велес. Тој се упатил кон Куманово, а од оттаму за Скопје. Во вилаетскиот центар се засолнал кај велешките ученици Андон Димов и Иван Елезов. Русински истовремено се наоѓал во опасност од полицијата и членовите на скопската револуционерна организација, кои не ја толерирале социјалистичката агитација.[684] Никола Русински под притисок на членовите на скопската револуционерна организација морал да го напушти Скопје, за да не биде убиен.[685] На 24. V.1900 год. од Софија пристигнал Лазар К. Главинов, кој имал задача да ја проучи работата, како и да го придружува Русински до Бугарија. Л. Главинов во Скопје се сретнал со велешките ученици, кои го информирале за акцијата. Главинов се сретнал и со Русински и детално разговарале, при што решиле да заминат за Крушево на средба со другите членови на социјалистичката група.[686]

Веле Марков и Никола Карев во Крушево успеваат да формираат социјалистичка група, но и покрај широката агитација, бројот на симпатизерите бил мал. Идеите на социјализмот биле разбрани како модерно „богохулство“. И тука членовите на МРСГ наишле на пречки од страна на Организацијата. Крушевскиот околиски комитет писмено се обратила до Битолскиот окружен комитет барајќи насока како да постапи со социјалистите, а од Битола им било сугерирано да ја ограничат агитацијата на што помал број лица, поточно само на оние што можат да ја разберат социјалистичката идеологија. За овие случувања Никола Петров Русински вели: „залудно Веле арчеше сили, Организацијата... му забрани да се дружи со кој било... бидејќи се плашеше да не тргнат по него. Членовите на МСРГ беа следени како од врховистите така и од луѓето на ВМРО... малкумина беа оние од ВМРО што сфаќаа дека социјалистите-револуционери... ќе ја одиграат најважната улога во преуредувањето, во реформирањето на ВМРО...!“[687]

Во 1900 година исто така била формирана социјалистичка група во Битола. Нејзини активни членови биле: Никола Петров Русински, Веле Марков, Иван Дренски, Петар Иванов и Никола Карев, а во крушевската група влегувале: Веле Марков, Никола Карев, Павле Костов, Тирчо Карев, Никола Шапрдан, Петар Карев, Најдо Велјановски-Черга, како и учениците Миру Трлчев, Тома Константинов и Владимир Димитров. Во 1900 година исто така бил формиран кружок во Велес, кој придонел во создавањето на кружокот и во Скопје, истата година. Се до

682 Наташа Котлар-Трајковска, Војводата Русински: македонски револуционер и општественик, Менора, Скопје, 2013, 53
683 Исто, 53.
684 Исто, 54.
685 Исто, 54-55.
686 Исто, 55.
687 Исто, 55.

напуштањето на Велес, со тамошниот кружок раководел Антон Шулев.[688] Во скопскиот кружок влегувале Лазар Главинов, Крум Чакаров, Тодор Доротеев, Богдан Боров, Илија Плавев и Малезанов. Повеќе од нив биле преселени велешани.[689] При учителското училиште во Скопје, бил создаден ученички социјалистички кружок, во кој особено се истакнале Иван Елезанов, Андон Димов, Панко Брашнаров и Мирче Кипров.[690]

За дејноста на Македонската социјалистичка група, Георги Поп Христов во своите спомени вели: „Тогаш во Крушево и во Битола меѓу учениците и просветните работници се појави една подмолна агитација, што се водеше од една социјалистичка група на чело на која стоеја Никола Петров од Малешевско и Веле Марков, Никола Карев и Иван Дренски од Крушево. Тие првин формираа групи во Крушево, а потоа и во Битола. Успеаја и да се вовлечат во ученичкиот кружок на Гимназијата. Беа привлекле доста наши посветени работници, формираа своја каса, а имаа... и печат со слоганот Социјална револуција“.[691]

Независно од своите први успеси членовите на МСГ не можеле да дејствуваат поради пречките од страна на ТМОРО. Оттука, произлегува првата социјалистичка конференција која се одржува на 2. VII.1900 год. и во нејзината работа учествувале Никола Русински, Најдо од Ракитница, Никола Карев, Иван Дренски и Веле Марков. Л. Главинов и Русински учествувале како претставници на Централата на МРСГ, а другите како претставници на крушевската социјалистичка група. [692] Пред да биде утврден дневниот ред, било дискутирано прашањето за дотогашниот однос со ТМОРО и било заклучено дека треба да се приспособат кон актуелната ситуација во Македонија. Присутните едногласно констатирале дека не постојат услови за самостојна легална работа врз основа на класна борба.[693] Членовите на МРСГ решиле својата идна практична и идејна работа да ја продолжат во редовите на самата Организација. На конференцијата биле сублимирани нивните услови за вклучувањето во Организацијата. Барале да не бидат прогонувани од членовите на Организацијата поради својата социјалистичка определба, да бидат примени како целина (група), да можат да се служат со социјалистичката идеологија во контактите со народот и слободно да користат социјалистичка литература.[694]

Членовите на МРСГ ја прифатиле следната резолуција: 1) Групите се расформираат, за да се запази единството на Внатрешната организација. 2) Во името на големата цел за ослободување, како и во името на легнатите принципи во уставот на Организацијата, кои се прифаќаат, групите се присоединуваат кон Организацијата. 3) За да се засили революционерниот дух меѓу народот и главно сред интелигенцијата, групите ќе продолжат да ја распространуваат револуционерната социјалистичка литература. Меѓутоа, Иван Дренски бил незадоволен од решението кое го сметал за опортунистичко и го напуштил Крушево. На конференцијата, Русински одржал говор во кој истакнал дека духовното, политичкото и националното ослободување не е доволно, треба да се работи и за социјални и економски промени во Македонија. Русински исто така ја повторил платформата за решавање на македонското прашање, односно создавање на слободна македонска држава, со републиканско уредување врз принципот братски сојуз на сите оние кои живеат во неа, а потоа да се стапи во федерален сојуз со балканските држави.[695]

[688] Данчо Зографски, За работничкото движење во Македонија…,157.
[689] Исто, 157.
[690] Исто, 157.
[691] Зоран Тодоровски, Георги Поп Христов, Филозофски факултет - Скопје, Скопје, 160.
[692] Наташа Котлар - Трајковска, Војводата Русински..., 57.
[693] Исто, 57.
[694] Исто, 57-58.
[695] Исто, 58

Два дена по завршувањето на конференцијата, Русински се населил во Битола и се вработил како дрводелец, чекајќи го конечниот одговор од Битолскиот окружен комитет.[696] Во почетокот на 1901 година, Русински и Иван Дренски биле повикани на разговор со Атанас Лозанчев, кој се претставил како посредник на битолското окружно раководство, без да им каже дека е всушност член на Битолскиот окружен комитет. Тој ги примил во своето ателје во Битола и ги известил дека е задолжен да ги сослуша и да ги пренесе нивните ставови до повисоките дистанци на Организацијата. Во текот на средбата Русински и Иван Дренски во општи рамки ги изложиле принципите на групата: децентрализација и реорганизација на Внатрешната организација, нови форми за обезбедување на парични средства (месни каси), начини за заштита и избегнување на провали и др. По средбата со Лозанчев, набргу Русински и Иван Дренски биле повикани на куса средба со членовите на Битолскиот окружен комитет [697].

Кон крајот на јануари 1901 година, преку Лазар Москов, социјалистичката група била известена дека нивните ставови се пренесени и дека предизвикале голем интерес кај луѓето од Организацијата.[698] На предлог на месната организација била свикана конференција со граѓаните-функционери и со повозрасните ученици, со единствена точка на дневниот ред: примање или одбивање на МРСГ во револуционерната организација. Мнозинството дало позитивен одговор. Кон крајот на февруари 1901 година, Русински, Веле Марков и Иван Дренски (кои живееле во ист стан), Лазар Москов им го соопштил следното: „Гответе се за нелегална работа. Вашите барања се прифатени. Кога и каде ќе заминете, ќе ви соопштам дополнително“.[699] Групата на МРСГ во Македонија се распуштила, а нејзините членови влегле во ТМОРО каде ја продолжиле својата револуционерна дејност. Во согласност со решенијата за прием, Иван Дренски бил кооптиран за член на Битолскиот окружен комитет, а Русински бил назначен за војвода и агитатор во демирхисарската околија.[700]

Преговорите за инкорпорирање на членовите на МРСГ во редовите на ТМОРО траеле подолго време. Според Ванчо Ѓорѓиев, најверојатно Даме Груев е главната сопирачка за нивното вклучување во ослободителното движење, а главната причина за одбивноста на Груев кон социјалистите на МСГ, без оглед на неговото поранешно движење во социјалистичките кругови, лежела во негативен став кон централистичката поставеност на Организацијата, за која Груев бил чувствителен.[701] Меѓутоа, задоцнетото вклучување на членовите на Македонската социјалистичка група во редовите на Организацијата се условени од повеќе фактори. Аферата со финансиските средства и лошите односите помеѓу Делчев и Главинов води кон изолација на МРСГ. Од друга страна, ТМОРО претендирала да биде единствената револуционерна сила во Македонија и сите останати групи треба да ги прифатат нејзините принципи. Формирањето на социјалистичките групи во Крушево, Битола, Велес и Скопје, како и социјалистичката агитација од страна на членовите на МРСГ биле без дозвола на Централниот комитет и задграничните претставници. Исто така членовите на МРСГ не го признаваат авторитетот на Организацијата и претендираат на самостојна дејност како одделна група. Затоа ТМОРО презема активности за ограничување на активноста на членовите на Македонската социјалистичка група. Во овој дух, треба да го разбереме и недоразбирањето на Алексо Мартулков со Трајче Христов, еден од раководителите на Организацијата во Велес. Во текот на несогласувањата, Мартулков истакнал: „Трајче, пред се не можам да го разберам поимот територија, како што рековте. Како го сфаќате тој поим, како револуционер или како жандар? Ако го сфаќате како револуционер, тоа јас го разбирам да се

[696] Наташа Котлар - Трајковска, Војводата Русински..., 59.
[697] Исто, 60.
[698] Исто, 61.
[699] Исто, 60.
[700] Исто, 62
[701] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 256.

борите за ослободувањето на таа територија, а како жандар да ги пазите интересите на чорбаџиите, да не пострадаат од некого... Вие за нуждите на ВМОРО не земате ли пари од чорбаџиите на ист начин? Зошто и одрекувате на другата револуционерна група, на пример како нашата, да се бори против истата власт, против која се борите и вие...“[702]

Ако внимателно се анализира, левичарската идеологија не е причината за недоразбирањата, впрочем уште во 1898 година еден дел од членовите на Женевската група, меѓу кои имало социјалисти и анархисти, се вклучиле во редовите на Организацијата. Неизбежен е заклучокот дека до 1900 година, левичарите се составен дел од животот на ТМОРО. Всушност, инкорпорирањето на ограноците на МРСГ во Македонија е наложено од потребите на револуционерното дело. Социјалистичката групата на Никола Петров Русински и Веле Марков влегува во редовите на Организацијата во март 1901 година, еден месец пред одржувањето Осмиот македонски конгрес на македонските братства во Софија. На овој конгрес, задграничните претставници се во сојуз со бугарските социјалистите кои ги заштитуваат интересите на Организацијата пред Иван Цончев. Непосредно пред одржувањето на Осмиот македонски конгрес, Иван Цончев изјавил дека најдоцна до есента истата година треба да се крене востание.

Централниот комитет и задграничните претставници преку инкорпорирањето на МРСГ во редовите на Организацијата сакаат да го зацврстат македонското движење, пред веќе видливата врховистичка провокација. Во март 1901 година, како што веќе напомнавме социјалистите и анархистите се составен дел од ТМОРО и македонското движење, а прашањето за ограноците на Македонската социјалистичка група станало без предметно, ако се земе во предвид дејноста на Иван Цончев. Со апсорбирањето на групите на МСГ, Организацијата го затвара ова прашање и се насочува кон ограничувањето на врховистичкото влијание во Македонија.

Слевањето на членовите на МРСГ во редовите на Организацијата е координирано помеѓу Даме Груев и Гоце Делчев. Груев иако бил во битолскиот затвор, се уште раководи со Битолскиот револуционерен округ и без негова согласност не се можни преговорите и евентуалното слевање на членовите на МРСГ. По дадената согласност, Битолскиот окружен комитет ги започнал преговорите кои завршиле во февруари 1902 година со растурање на битолската и крушевската социјалистичка група и нивно апсорбирање. По се изгледа, велешката група која не учествувала во преговорите била против растурањето. Паралелно додека биле водени преговорите во Битола, Гоце Делчев како задграничен претставник стапил во контакт со членовите на МРСГ во Софија и успеал еден дел нив да придобие, кои заминале во Македонија и пристапиле во редовите на Организацијата. Делчев исто така се обидел да влијае и врз велешката група да се растури и да се слее во ТМОРО.[703]

Инкорпорирањето на социјалистичките групи во редовите на ТМОРО има особено значење за развојот на македонското револуционерно движење, особено во Битолскиот револуционерен округ каде со својата дејност се истакнува Никола Петров Русински. За дејноста на Русински, Димитар Димески вели дека се покажал како достоен на „довериниот пост пројавувајќи вонредни агитаторско-организаторски и војнички квалитети“.[704] Русински вовел нов ред во селската организациска мрежа и во неговата агитација покрај ослободителната се присутни економската и социјалната нота.[705] Русински во пракса се покажува како социјалист и во своите спомени вели: „Никаде во селата не зборував дека работам според социјалистичката програма, но строго ја

---

[702] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби…, 61-62.
[703] Според Никола Русински, договорот помеѓу Битолскиот окружен комитет и социјалистичките групи бил постигнат на 9.III. 1901 год. Види: Работничкото движење на Македонија до 1929 год..., 49.
[704] Димитар Димески, Придонесот на Никола Петров Русински во Битолскиот револуционерен округ (1901-1903 год.), Прилози, Битола, бр. 41/1984, 124.
[705] Димитар Димески, Придонесот на Никола Петров Русински..., 125.

изнесував сакајќи првин да ја почувствувам реалната корист и нејзината предност пред која било - ако би била и најдемократска програма".[706] Тој го допрел најчувствителното прашање за македонскиот селанец - аграрното прашање и неговото разрешување. По сугестија на Русински, најпрвин им се помагало на сиромашните и малоимотните селани во земјоделската работа, а потоа и на другите.[707]

Уште на самиот почеток на агитациската активност во демирхисарскиот и крушевскиот револуционерен реон, Русински демонстрира оригинална постапка која ја применува во текот на целата своја дејност во Битолскиот револуционерен округ.[708] Русински започнал да води детална статистика за имотната и семејната состојба на населението во секое село што го организирал заради создавање на материјален фонд на селските револуционерни организации.[709] Врз основа на статистичката која ја води Русински, селските каси се дополнувале од приходите на минималната реквизиција на ситниот и крупниот добиток која ја спроведувал самиот војвода. На тој начин биле формирани револуционерни селски фондови во кои се собирале и доброволните, како и членските приходи.[710] Покрај селаните, Русински во својот револуционерен делокруг го посакувал и наемното работништво во работилниците, фабриките и тутунските складови со што ќе се проширела базата на македонското движење.[711] Русински иста така во својата агитација, како примери ги посочува бугарските, руските и италијанските револуционери, како и париските комунари, истакнувајќи: „Јас и мноштво апостоли како мене го носиме семето на една народна самоуправа, без султан, цар, кнез и на нив слични. Ние сакаме широка слобода за сите родени во таа ропска земја од векови. Ние сакаме да живееме братски со сите народности и затоа ние ги викаме и другите народности да влезат во редовите на борците..."[712]

Анализирајќи ја активноста на Русински, Димитар Димески истакнува дека е мошне значајна декларација на Русински презентирана на 3.VI.1901 год. пред неговите четници во Кичевско. Русински во неа го изнел својот став за слободната и независна Македонија во рамките на Балканската социјалистичка федеративна република. Меѓу присутните биле: Веле Марков, Ѓурчин Наумов, Илија Колев, Ванчо Србаков, Ѓорѓи Сугарев и др.[713] Исто така треба да се истакне и 20-дневниот престој на Русински во Крушево, каде во соработка со Петар Ацев ги подвргнал на воена обука крушевските организациски групи. Русински исто така успеал да ја придобие србоманската чета на Наки Јанев и Арсо Попов во почетокот на јули 1901 година. Во текот на неговата агитација пред србоманската чета истакнал: „Македонија не ниту српска, ниту грчка, ниту бугарска, ниту турска...", исфрлајќи ја паролата „Македонија на Македонците и федерација на балканските држави".[714] Русински со своите морални и револуционерни квалитети влијаел врз Веле Марков, Илија Колев и Ѓорѓи Сугарев. Во неговата чета се калеле: Јордан Пиперката, Ѓурчин Наумов, Ванчо Србаков, Наки Јанев и Арсов Попов. Не случајно, Димески вели дека „четничката школа на Русински исфрлила кадри неопходно потребни за разгранување на четничкиот институт во овој дел на Битолскиот револуционерен округ".[715]

Заминувањето на Русински за прилепски околиски војвода во август 1901 година, било попратено со официјално промовирање на неговите најталентирани четнички ученици за војводи.

---

[706] Наташа Котлар - Трајковска, Војводата Русински..., 95.
[707] Исто, 95.
[708] Исто, 92.
[709] Исто, 92.
[710] Исто, 95.
[711] Исто, 81.
[712] Димитар Димески, Придонесот на Никола Петров Русински..., 125.
[713] Исто, 125-126.
[714] Исто, 126.
[715] Исто, 126.

Веле Марков бил назначен за војвода на крушевската чета, Јордан Пиперката за војвода на демирхисарската чета, Ванчо Србаков за војвода на четата во Рабетин-кол, Кичевско, Наки Јанев за војвода на чета во Долна Копачка, исто така Кичевско. Создавањето на петте чети всушност биле крунисување на револуционерната дејност на Русински и тоа во краток временски период. Затоа Димитар Димески заклучува: „Самиот факт што тој во релативен кус временски период бил создаден терен и кадар за формирање на пет организациски чети, ја прави маркантна фигурата на социјалистот револуционер Никола Петров Русински“.[716]

Дејноста на Русински како прилепски околиски војвода била ограничена поради поделбите кои постоеле во Прилепскиот револуционерен комитет. Меѓу задачите на Русински во Прилепско било и премостувањето на таа поделба, меѓутоа во тоа не успеал. Во есента 1901 година, Русински со својата чета го придружувал Гоце Делчев при неговата ревизија на прилепската револуционерна околија. Заедно ги посетиле селата: Тројаци, Плетвар, Ореовец, Леништа и Селце. На крајот, Делчев го посетил Прилеп каде извршил ревизија на дејноста на револуционерниот комитет. Во текот на оваа ревизија, Русински поднел оставка пред Делчев поради недоразбирањата со прилепското раководство, а неговата оставка била прифатена со што во ноември 1901 година завршила неговата дејност во Прилепско.[717]

Во ноември 1901 година со одобрение на Гоце Делчев и Даме Груев, Христо Узунов издејствувал Никола Русински да биде назначен за војвода на Охридско-струшкиот реон. Пристигнувањето на Русински било позитивно врз развојот на ТМОРО и масовизирањето на движењето, како и вооружувањето. На Русински му припаѓа главната заслуга за функционирањето на селската милиција како и набавката на 1 710 пушки.[718] Христо Узунов забележува дека со организирањето на четите во Охридско и Струшко, суштински започнала организацијата на овој реон. Русински ги организирал следните села: Рамне, Велгошти, Конско, Елшани, Пештани, Трпеица, Св. Наум, Вапила, Речица, Плаке, Требениште, Селце, Буринец, Брезово, Оровник и др. Русински во сите села уредил комитети, терористички групи, каси, стражи, ракување со оружје и собирање на средства за набавка на оружје. [719] Четата на Никола Петров Русинки ликвидирала неколку потисници на народот и предавници. Меѓу нив биле: Александар Терзијанов, Паункица Георгиева, Бежет Тршан, Шакир Песочани и Риза Кривошиев.[720]

Никола Русински како охридски војвода на ТМОРО се спротивставил на Бугарската егзархија. Русински протестирал кај охридскиот митрополит Методиј поради отпуштањето на учителите во 14 охридски села.[721] Кон крајот на декември 1901 година, Русински со својата чета кај селото Мешеишта ги сретнал ѓаконот Вангел Пленгов, гавазот и слугата на владиката Методиј кои собирале владичина низ селата. Тогаш Русински остро реагирал: „За да му докажам на митрополитот дека тој зависи од народот, а не народот од него, го запечатив тефтерот на ѓаконот со организациски печат и му забранив да собира владичина од кое е да било село во Охридско-струшкиот револуционерен реон. Ги запознав тројцата митрополитски служители со револуционерното дело, им го напомнав престапот на владиката, кој ги лиши училиштата на 33 села од учители, откако во 14 села ги отпуштил учителите, а во 19 села не назначил такви. Му кажав на ѓаконот да му соопшти на дедо владика дека народот не му должи ништо, друг пат не

[716] Димитар Димески, Придонесот на Никола Петров Русински..., 127.
[717] Исто, 128.
[718] Исто, 128.
[719] Дневници и спомени за Илинденско-Преображенското въстание, Издателство на отечествениот фронт, София, 1984, 87.
[720] Исто, 113-115.
[721] Димитар Димески, Придонесот на Никола Петров Русински..., 129.

смее да испраќа свои луѓе по селата, ниту сам тој да излегува по било каква работа, без наше одобрение“.[722]

Во јуни 1902 година, Русински ја разделил својата чета на три дела. Дејан Димитров со 9 души бил определен за Дебарца, Тасе Христов со 9 души за Малесија, а Русински останал во Ортакол, езерските села и струшкото поле, до 40 села. Наскоро била формирана и четвртата чета на чело со војводата Цветко Стојанов кој го обиколувал Дримколот. Кон крајот на 1902 година, Русински непосредно пред своето заминување ја разделил Охридската револуционерна околија на десет реони со главен центар Охрид.[723]

Во декември 1902 година, Русински бил назначен за битолски војвода од страна на Битолскиот окружен комитет. Својата агитација ја започнал во селото Карамани. Во зимата 1903 година ги посетил и организирал собранија во повеќе битолски и мариовски села, во текот на оваа обиколка го обединувал населението и го пресекувал патот на поделбите помеѓу егзархистите и патријаршистите. Русински пред населението проповедал: „Вие се делите на две непријателски струи: егзархисти и патријаршисти, но ниту егзархот ниту патријархот нема да ви помогнат да излезете од сиромаштијата“.[724] Во овој период Русински пристапил кон масовно зачленување на жените во Организацијата, притоа проповедал дека без учество на жената во револуционерната борба, слободата е незамислива и недостижна. Двегодишната предилинденска дејност на Никола Русински има особено значење, затоа Димитар Димески вели: „Во сопствен стил, со голема умешност и тактичност, ја раскрилил својата снажна револуционерна дејност ширум Битолскиот револуционерен округ“.[725]

**3.** Во втората половина на септември 1898 година, Петар Манџуков, Слави Мерџанов и Калчев одделно заминуваат за Бугарија со намера да се префрлат во Македонија. Мерџанов заминал кај Димитар Коштанов во Солун, а Манџуков и Калчев во Скопје со цел да организираат анархистички кружоци во Солунската машка гимназија и Скопското педагошко училиште. Манџуков со себе донел броеви на весникот „Одмазда“, а дел од нив ги предал на Јордан Шурков, претседател на пловдивскиот анархистички кружок, останатите броеви ги пренел во Скопје.

По создавањето на Македонскиот таен револуционерен комитет, Организација пројавува интерес за оваа група. Делчев му препорачал на Симеон Радев да стапи во контакт со Михаил Герџиков во Женева. Во 1898 година, Герџиков како претставник на МТРК во Софија се сретнал со Гоце Делчев. Според Герџиков, до тој момент двете организации не знаеле за постоењето на едната или друга организација. На оваа средба бил постигнат договор за заедничка дејност во Македонија.[726] Треба да забележиме дека постои извесна противречност за првите контакти меѓу двете групи. Според Симеон Радев, Делчев му препорачал да оствари контакт со Герџиков во Женева, а од друга страна Герџиков истакнува дека до средбата во Софија едната организација не знаела за постоењето на другата. Како и да е, еден дел од членовите на МТРК ги прифатиле принципите на ТМОРО и се слеале во нејзините редови, а од друга страна Мерџанов, Соколов и Манџуков воспоставуваат сојуз со Борис Сарафов и идеолошки влијаат врз оформувањето на Гемиџиите. Оваа констатација ја потврдува Христо Силјанов кој вели: „Женевската група во 1898 година стапила во контакт со Внатрешната организација и Врховниот комитет. Следната година Мерџанов, Соколов и Манџуков заминаа со Гоцевата чета. Тројцата подоцна се одделиле од Гоце

---

[722] Димитар Димески, Придонесот на Никола Петров Русински..., 129.
[723] Исто, 130.
[724] Исто, 132.
[725] Исто, 134.
[726] Михаил Герджиков – Анархистът, посветил живота си на борбата за слобода на македонските и тракийските Българи. http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=339:2011-09-28-16-17-40&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

и тргнале со Антон Бозуков, а подоцна во Софија дефинитивно паднале под влијание на Сарафов. Постојан посредник меѓу нив и Сарафов остана Љапчев. Другите - Герџиков, Калчев, Ганчев се зближија со Делчев и почнаа да работата како членови на Внатрешната организација. Трети - како Димо Николов се оддалечија од македонското револуционерно движење“.[727]

Врз основа на постигнатиот договор, во 1899 година Михаил Герџиков ги прекинал своите студии во Женева и во есента е назначен за учител во Битолската егзархиска гимназија, користејќи ја личната карта на социјалистот Тодор Луканов.[728] Една година учителствува и заедно со Даме Груев е член на Битолскиот окружен комитет. Герџиков учествува и во хектографирањето на весникот „На оружје“.

За слевањето на МТРК во редовите на Организацијата, Михаил Герџиков вели: „Не е случајна околноста дека уште во 1898 година Гоце ја привлекува така наречената Женевска група, ја преведува наполно во редовите на ВМОР организацијата и наспроти отпорот на некои конзервативни елементи од Централниот комитет, успева да и го даде оној идеолошки лик на самата организација којашто веќе се карактеризира не како орудие на бугарскиот империјализам, туку како едно револуционерно движење коешто се бори за интегрално, политичко и економско ослободување на народите на Европска Турција, независно од нивната национална и религиска припадност“.[729]

Слави Мерџанов во 1898 година го посетува Солун, а следната 1899 година заедно со Гоце Делчев прави една обиколка низ Македонија.[730] Мерџанов во Солун остварува контакти со ТМОРО и со учениците во Солунската гимназија од која ќе произлезат Гемиџиите. Мерџанов се обидува да добие финансиска поддршка од ТМОРО, поточно од Делчев кој се обидува да ги придобие на своја страната. За разлика од другите членови на Женевската група, Мерџанов сака да ја сочува независноста во дејствувањето и не сака да се потчини на авторитетот на Организацијата. Оттука, по обиколката од 1899 година, Мерџанов остварува средба со Сарафов кој им ветува финансиска поддршка и целосна слобода во дејствувањето. Следствено, групата околу Слави Мерџанов и Гемиџиите се нашле под влијание на Борис Сарафов.

Во текот на споменатата обиколката низ Македонија, Мерџанов бил критичен кон ТМОРО и нејзината идејата за востание.[731] Во текот на споровите со Делчев, Мерџанов истакнал дека историјата е борба за слободата, односно борба која се води против власта. Мерџанов исто така забележал дека не е против организирањето на населението, меѓутоа Организацијата преку диктатура и терор се стреми да добие еден конгломерат од противречни разбирања и интереси. Наместо да го учи населението кон слободен живот и достоинство, Организацијата кај населението ја подржува психологија на ропска потчинетост. „Ете затоа ние, анархистите, ја сметаме... Организацијата за штетена и сме против неа“.[732] Во својата понатамошна критика истакнал дека Организацијата преку терор го потчинува населението, „тоа ли е организација за извојување на слободи? На местото на Високата порта, Организацијата сака да ги потчини Македонците на солунскиот синедрион. Принципот на власта, легнат во основата на Организацијата е еден антисоцијален, порочен, неморален принцип, затоа што го заблудува

---

[727] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 292.
[728] Михаил Герджиков – Анархистът, посветил живота си на борбата за слобода на македонските и тракийските Българи. http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=339:2011-09-28-16-17-40&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61
[729] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Во спомените на современиците…, 333.
[730] Македонска зора; Илюстровано политико – литературно списание, Год. II, Брой IV, 1904, 9.
[731] Петър Георгиев Манджуков, Предвесници на бурята..., 231.
[732] Исто, 231-232.

македонското население...“[733] Во својата понатамошна критика, Мерџанов ја нападнал замислата за востание, и запрашал: „при едно востание кој ќе биде победник? Нема потреба да ми одговориш: Македонија ќе биде разурната, земјата опустошена...“[734] На оваа критика, Делчев одговорил дека востанието проследено од разорувањата и репресиите врз населението ќе предизвикаат интервенција на Европа. Мерџанов се спротивставил на ова видување. Според него требало да се даде најсилен поттик на личната инцијатива и да се засили до највисок степен боречката вредност на секоја одделна личност. „Да се удри змијата по главата, а не по опашката“. Односно да се избегнува отворена борба преку востание со турските воени и полициски сили, да се бараат и да се удрат најслабите места од организмот на Османлиската империја.[735] Мерџанов исто така препорачал напади врз европските финансиски и други институции со цел да се привлече вниманието на Европа.[736]

Концептот за обединување на револуционерните сили околу ТМОРО бил ставен на испит во текот на оваа обиколка. Делчев се обидел да го претстави организацискиот начинот на дејствување, агитацијата кај населението и пропагирањето на идејата за востание, и во најмала рака да ги придобие Антон Бозуков, Славе Мерџанов и Петар Манџуков да го прифатат овој начин на работа. Меѓутоа, Делчев се разделил со Бозуков затоа што агитирал во името на комитетот на Борис Сарафов и не го признавал авторитетот на Организацијата, со што повторно се појавило прашањето за раководител на револуционерното движење. Слави Мерџанов и Петар Манџуков исто така ја напуштиле четата на Делчев. Станало очигледно дека Делчев и Мерџанов имаат различни погледи за тактиката. Делчев имал револуционерен пристап и работел кон разбивање на ропскиот дух кај македонското население, само оној кој во својот ум ќе биде слободен, може да ја собори тиранската власт. Населението организирано и предводено од ТМОРО преку едно сенародно востание само да си ја извојува слободата. Мерџановиот поглед за борбата бил различен, а акцентот не бил ставен врз народот, туку врз поединците кои требало себеси да се жртвуваат за идеалите. Во суштина, концептот на Мерџанов има терористички карактер и е под директно влијание на руската организација Народна волја и индиректно влијание на Карло Пизакане и неговата пропаганда со дело, разликите не биле идеолошки туку тактички. Од друга страна, Славе Мерџанов не сака да се потчини на авторитетот на Организацијата и сакал поголема самостојност во дејствувањето, согласно своите погледи и разбирања.

Од денешна перспектива и двата пристапа се ефективни. Гоцевата агитација и подготовката на населението преку разбивањето на неговата ропска психологија воделе кон востание и привлекување на вниманието на големите сили. Што се однесува до замислата на Мерџанов за нападите врз европскиот капитал, солунските атентати покажале дека таквиот начин на дејствување е ефикасен и може да ја раздвижи европската дипломатија. Мерџановата замисла ќе имала поголема ефикасност доколку атентатите и саботажите биле насочени кон османлиската државна и полициска администрација, да се посее ужас во срцата на валиите, кајмакамите, судиите, чиновниците, жандармите и др., да се удри врз организмот на Османлиската империја која ја држела во целина. Меѓутоа, Мерџанов и неговите сомисленици немале капацитет во спроведување на таква дејност, а од друга страна, ТМОРО го отфрла овој начин на дејствување.

Недоразбирањето со Делчев, било поттик за Мерџанов и Манџуков да бараат нов сојузник, меѓутоа отворено не ја раскинале соработката со ТМОРО. Оттука, кон крајот на октомври, Мерџанов и Ѓорче Петров пристигнале во Пловдив, а Мерџанов, Манџуков и Ѓорче Петров оттаму заминале за Чепеларе, каде Ѓорче требало да го провери организацискиот пограничен пункт.[737] Во

[733] Петър Георгиев Манджуков, Предвесници на бурята..., 232.
[734] Исто, 232.
[735] Исто, 233.
[736] Исто, 233.
[737] Исто, 273.

Чепеларе, Мерџанов му соопштил на Манџуков дека имал средба со Борис Сарафов - претседателот на Врховниот комитет. На оваа средба, Мерџанов ја изложил замислата за извршување на акција во Цариград.[738] Сарафов во принцип не ја отфрлил оваа замисла и искажал подготвеност за финансирање. Мерџанов го придружувал Ѓорче Петров за да се сретне со Манџуков и да го заблуди Ѓорче и задграничното претставништво за контактите со Сарафов.[739]

На втората средба со Сарафов во Софија, присуствувале Мерџанов и Манџуков. Двете страни постигнале договор врз следните принципи: 1) Ние склучуваме со него лична согласност, која не обврзува никакво задолжување спрема Врховниот македонски комитет или спрема каква и друга македонска организација. 2) Ние не се обврзуваме да даваме на никого отчет за нашите дејствија или да добиваме било какви инструкции, било од него - Б. Сарафов, - било од комитетот, кои што тој е претседател, било од каква и друга македонска организација. 3) Ние можеме, ако наоѓаме за соодветно или згодно - да влегуваме во слободна согласност, за даден момент или прашање, било со Врховниот македонски комитет, било со Внатрешната македонска организација, било со друга некоја организација, која дејствува против турската власт. 4) Во прво време - додека се здобиеме со сопствени средства - Борис Сарафов ќе не финансира, без да посакува од нас отчет за потрошените средства. 5) Ако ние се здобиеме до средства и ги внесеме во касата на Комитетот или ако таквите бидат внесени во истиот Комитет од трети лица по наша наредба, Борис Сарафов се задолжува да ни ги врати тие средства на начин, укажан од нас. 6) За да не се загрозат нашите претстојни акции, да не се зачувуваат никакви писмени документи, поврзани со нас и нашите дејствија, пожелно е да ја избегнуваме писмената коресподенција или да ја ограничиме на минимум, при неизбежни случаи, да ги испраќаме писмата преку австриската пошта.[740]

По постигнувањето на усниот договор, Сарафов му наредил на касиерот на Врховниот комитет да им даде четири златни турски лири. На овој начин, Борис Сарафов успеал да стекне влијание врз Мерџанов и неговите сомисленици, вклучително и врз гемиџиите во Солун. Договорот не бил постигнат во името на Врховниот комитет, туку во името на Борис Сарафов. По завршувањето на разговорите, Мерџанов и Манџуков заминале во хотелот Кобург каде се сретнале со Симеон Радев и Димитар Љапов. Бидејќи двајцата живееле во Цариград, од нив требало да добијат прелиминарни информации. За соработката помеѓу групата околу Соколов и Манџуков со Борис Сарафов дознаваме и од телеграмата на Петар Соколов во која му наредува на Георги Василев да ја постави кандидатурата на Јордан Поп Јорданов за делегат на конгресот на Врховниот комитет во 1900 година, а во истата телеграма го информира и за патувањето на Орце во Женева.[741]

За влијанието на Слави Мерџанов врз солунските ученици и оформувањето на Гемиџиите, Христо Силјанов вели: „Тримесечното другарување со Мерџанов во Солун беше доволно за да добие велешката група идејна боја. Знаењата на младите велешани сега се проширувaат од книгите, кои им ги доставуваат Мерџановци: „Подземна Русија“, „Поприштето на нихилизмот“ од Степњак, „Анархијата и општеството што умира“ од Шан Грав, „La conquete du pain“, „Au lendemain de la revolution“ од Кропоткин, „Историски писма“ од Лавров, „Што да се прави“ од Чернишевски и др. Сепак, според начитаноста и интелектот тие остануваат значително под интелектуалното ниво на своите учители од женевскиот кружок. Во Солун Мерџанов наишол на подготвена идејна жртва во лицата на неколку ученици, главно велешанчиња, познати во гимназијата и надвор како неразделни другари, своеглави и непокорни. Тие се: Јордан Поп

[738] Петър Георгиев Манджуков, Предвесници на бурята..., 273.
[739] Исто, 274.
[740] Исто, 275.
[741] Григор Василев и македоно – одринското освободително движение. http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=721:im&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

Јорданов (Орцето), Константин Кирков, Ив. Кирков (Коста), Тодор Богданов, Илија Тричков, Владимир Пингов и др“.[742]

Христо Силјанов исто така вели дека Гемиџиите и даваат предност „на саможртвата на македонската интелигенција по патот на храбри, до сатанизам, терористички акции, главно против европските установи и капитал во Турција“. Христо Силјанов точно заклучува дека оваа терористичка доктрина има анархистичка подлога и е донесена од женевскиот кружок на Герџиков-Мерџанов. Според Христо Силјанов, вистински родоначалници на терористичката доктрина се „ерменските револуционери кои не само што ја усовршуваа, туку ја испробаа и ја применија во Цариград во 1896 година“. Во таа фаза на усовршување, од нив ја презел и Димитар Љапов, раководител на македонскиот револуционерен комитет во Цариград од 1894-1897 година.[743] Според нас, Гемиџиите идеолошки се под влијание на акциите на руската Народна волја и Карло Пизакане.

Александар Кипров за односите помеѓу Гемиџиите и Гоце Делчев вели дека Делчев ги симпатизирал идеите на Гемиџиите, но не можел да отстапи од општиот принцип на ТМОРО и затоа секогаш се држел опозициски. Моралната и материјалната помош ја добивале од Борис Сарафов, кој јавно пред Гоце се согласувал со неговиот став, а потајно ги одобрувал нивните идеи и планови. Во прво време само Борис Сарафов бил информиран за дејноста на гемиџиите.[744]

**4.** Македонската револуционерна организација во потрага по сојузници остварува соработка и со ерменските револуционери кои биле приврзаници на социјалистичките и анархистичките идеи. Ерменските револуционери биле организирани во две организации: Хинчак (Камбана) и Дашнакцутун (Федерација), позната и како Дрошнак (Знаме), според името на списание што го издавала во Женева на француски јазик и каде што имала свое задгранично претставништво. Дашнакцутун ги опфаќала Ерменци од трите дела на Ерменија, а главните дејци на оваа организација произлегувале од руска Ерменија, каде што работеле против царизмот. Тие имале истата програма и методи како и партијата на руските социјалисти-револуционери.[745]

Во 1893 година бил направен првиот контакт од страна на Димитар Љапов - Гурин кој се поврзал со делегатот на Дашнакцутун, рускиот Ерменец Јоханес Јусуфијанц, а подоцна и со еден од водачите на х`нчакистите Артаваст Аликијан. Според Христо Силјанов, соработката на Димитар Љапов со Ерменците била одобрена од страна на Централниот комитет, кој бил заинтересиран за „состојбата во ерменското револуционерно дело и за плановите на неговите водачи“.[746] За соработката со ерменските револуционери дознаваме и од Димитар Влахов кој вели: „Со еден збор, партијата Дашнакцутун беше во тесен контакт со нашите македонски револуционери. Тој контакт таа го одржуваше првенствено во Женева, каде што имаше и свое биро... Другата ерменска социјалистичка партија се викаше социјалдемократска партија. Таа беше основана порано од Дашнакцутун, уште во почетокот на 90-те години на 19 век. Еден од главните претставници на таа партија, со која ние бевме во тесен контакт беше Хампарцун Бојаџијан - Мурат“.[747]

Бугарските и македонските студенти во Европа исто така имале контакти со ерменските револуционери. Во декември 1894 година, бугарските студенти во францускиот град Нанси изготвиле една резолуција која ја испратиле до весникот „Социјалист“. Како повод за резолуцијата

[742] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 290
[743] Исто, 291.
[744] Илюстрация Илинден, Година 3, София, Мартъ 1930 г., Книга 4 (24), 5.
[745] Димитар Влахов, Мемоари…, 90.
[746] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 380.
[747] Димитар Влахов, Мемоари..., 91.

послужиле ерменските настани, а бугарските студенти биле поканети од студентите Македонци. Резолуцијата била потпишана од Крсто Раковски. Според резолуцијата, ослободувањето на Македонија можело да стане единствено преку заедничка дејност на целото население во Македонија против двојната тиранија - политичката на турските власти и економската тиранија на бугарските, грчките, ерменските и турските крупни класи. Резолуцијата исто така била испратена до органот на ерменската револуционерна партија Хинчак.[748]

Од соработката помеѓу Организацијата и ерменските револуционери, произлегува и посетата на Делчев на Одеса. Во однос на оваа соработка Константин Кондов вели дека во пресрет на Грчко-турската војна „ненадејно Гоце Делчев се појави во Одеса. Тој носеше писмо до некои Ерменци што живееја во Одеса, преку кои влеговме во врска со нивниот таен револуционерен комитет и со двајца познати ерменски револуционери пристигнати од Кавказ. Именуваните беа одлични пиротехници, леари на бомби и мајстори на пеколни машини. И двајцата беа до самозаборав предани на ослободителното дело на Ерменија. Имаа универзитетско образование... Ја напуштивме Одеса, придружувани од двајцата ерменски револуционери. По неколку дена и четворицата слеговме од рускиот кораб Воронеж на пристаништето Дафино на Света Гора (Атон)...“[749]

Симеон Радев исто така соработува со ерменските револуционери. Уште во првата недела по неговото пристигнување во Женева, го посетува ерменскиот револуционерен комитет, каде што се наоѓала редакцијата на нивниот орган „Дрошак“. Ерменските револуционери кои потекнувале од руска Ерменија биле социјалисти и имале големи врски со луѓето од левицата во Франција кој го помагале ерменското движење. Ерменските револуционери во Париз го издавале весникот „Pro Armenia“, а негови покровители биле Жорес, Клемансо, Анатол Франс. Редактор бил Пјер Киар, познат француски поет, а секретар Жан Лонге, внук од ќерка на Карл Маркс. Кога во 1900 година Симеон Радев започнал со издавање на весникот „L`Effort“, кој имал за цел пропагирање на македонската слобода, бил помогнат од ерменските револуционери кои му ги создале неопходните контакти и благодарение на нив кон борбата за Ерменија се присоединило и името на Македонија.[750]

---

[748] Право; Орган на политичеслиѣ и духовни интереси на българското население въ Турция, Год. I, София, 23 Декемврий, 1894, Брой 7, 2.

[749] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Во спомените на современиците …, 83.

[750] П. К. Яворов в спомените на Симеон Радев (Посвещава се на 100- годишнината от смътта на поета и революционера Яворов.
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=672:py&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

## ГЛАВА IX

## БОРБА ПРОТИВ ВРХОВИЗМОТ И УЛОГАТА НА СОЦИЈАЛИСТИТЕ

*„Обрнете внимание кон блиското минато на македоно-одринските организации, погледнете во жестоките борби меѓу нив, и вие ќе видите, дека внатрешната организација, гордо, смело и право во очи ги посочи идените, а сега постојните гробокопачи на Македонија и целиот полуостров. Убиствата кои се случија помеѓу членовите на внатрешната организација и надворешните, не се случија поради ќеф. Тие се случија во жестока борба помеѓу ослободители и завојувачи. Помеѓу луѓе на слободата, на самостојноста, и такви, кои сакаа само да ги сменат господарите - од некрстени во крстени, од Алија во Илија“* **– Атанас Раздолов**



**Гоце Делчев**

**1.** Борис Сарафов уште во текот на составувањето на новиот Врховен комитет постигнал таен договор со Иван Цончев и потполковниците Атанас Јанков и Стефан Николов. Според договорот, Цончев требало да поднесе оставка на офицерската должност и да застане на чело на Врховниот комитет, а Сарафов со офицерите да замине во Македонија да ја преземе ТМОРО и во најкус рок да организира востаничко движење. Македонија требало да биде поделена на 14 востанички окрузи на чело со по еден офицер и Цончев да навлезе во Македонија со поголеми сили, слично како за време на Мелничко востание од 1895 година, меѓутоа сега би имале и внатрешна поддршка. Планот требало тактички да се спроведе, без да дознаат задграничните претставници.

За овој договор, Ѓорче Петров во своите спомени вели дека Иван Цончев пред да влезе во Врховниот комитет и кога го подготвувал планот за преземање на двете македонски организации, во комбинацијата „влегувал и Иван Гарванов поради поранешните врски со Братството. Гарванов бил нивен човек и тие сигурно со него биле во согласност, тој од внатре да им предаде се во случај на востание. Таков договор имало“.[751] Меѓутоа, задграничните претставници за договорот навремено дознале од офицерите Тома Давидов и Стојчо Гаруфалов, како и од полковникот Атанас Јанков. Задграничните претставници соодветно го информирале Централниот комитет во Солун и презеле противдејствија за негово осуетување.

Борис Сарафов во декември 1900 година, врз основа на договорот го повикал Иван Цончев да поднесе оставка на офицерската должност и да го преземе Врховниот комитет. Генералот ја прифатил понудата и во почетокот на јануари 1901 година пристигнал во Софија. Цончевото доаѓање во Софија случајно или не се поклопува со Солунската афера во Солун. Во меѓувреме, Сарафов се предмислил и побарал да остане на чело на комитетот, но Иван Цончев го одбил барањето и заедно со Атанас Јанков и Стефан Николов се повлекол од бугарската армија, а младите офицери Александар Протогеров, Стојанчев, Петар Дрвингов и др., ги задржал на служба. Сарафов го повикал Делчев да го даде своето мислење, на што тој решително одговорил: „Нема да допуштиме офицер во организацијата и во комитетот. Ако... Цончев и вие заминете внатре, ќе ги сретнете штиковите на организацијата“.[752] Борис Сарафов во своите спомени вели дека Гоце Делчев тогаш се вртел „околу социјалистите, особено меѓу оние кои биле против офицерството, а од друга страна бил под влијание на Ѓорче Петров“.[753]

Иван Цончев имал силен авторитет меѓу офицерите кои сметале дека Борис Сарафов како претседател на комитетот само ја чува позицијата за генералот. Набргу, Врховниот комитет се поделил на две крила: сарафисти и цончевисти. Во подгреаната атмосфера, Сарафов го свикал вонредниот Осми македонски конгрес на македонските друштва во Бугарија, а целата дилема

[751] Спомени на Гьорче Петров..., 127.
[752] Спомени на Борис Сарафов..., 59.
[753] Исто, 59.

околу приматот на двете офицерски струи на престојаниот Конгрес била решена од бугарската влада. На 23.III.1901 год. Сарафов бил уапсен, заедно со Тома Давидов, Славчо Ковачев и Георги Петров. Последниот бил уапсен по грешка, наместо Ѓорче Петров. По апсењата на Сарафов, Славчо Ковачев, Тома Давидов и Георги Петров, со комитетот управувал Георги Минков, а негови помошници биле Слави Мерџанов, Соколов и др.[754]

По расколот помеѓу офицерите, Делчев и Ѓорче Петров решиле повторно да се обидат да постават свои луѓе во Врховниот комитет преку кои ќе се спротивставаат на Цончев и неговите планови за востание во Македонија.[755] Затоа задграничните претставници се обратиле за помош на лица кои не биле вклучени во револуционерното дело, луѓе од поидеалистички калап и за прв пат излегле со самостојна листа, односно со листа во име на ТМОРО. Гоце Делчев и Ѓорче Петров заедно ја обмислиле листата против Цончев.[756]

Во работата на Осмиот македонски конгрес на македонските братства учествувале 123 делегати, меѓу кои бил и Делчев, а Ѓорче Петров не учествувал поради аферата Михајљану. На конгресот, Гоце ја претставувал ТМОРО, а социјалистот Никола Габровски успеал да провлече една резолуција која била во духот на идеите на внатрешните дејци за меѓусебна соработка помеѓу двете организации, при што била гарантирана независноста на Организацијата. Борис Сарафов вели дека конгресот Никола Габровски говорел со устата на Делчев.[757] Според Константин Кондов на споменатиот конгрес биле преставени следните групи: 1) Умерена група. 2) Социјалистичко-либерална во која влегувале сите социјалисти (тесни и широки), анархисти и либерали која сочувствувала со Борис Сарафов. 3) Владина група претставена од Димитар Ризов, Андреј Љапчев, Никола Наумов и Тома Карајовов, која се обидувала да се престави како независна. Втората група била добро организирана и предводена од Никола Габровски, Никола Харлаков, Димо Хаџи Димов, Стојно Стојнов и тогашниот анархист Симеон Радев. Кондов исто така вели дека за никого не било тајна дека зад втората група стоела фаталната фигура на македонскиот велзевул Ѓорче Петров, кој што не бил делегат, меѓутоа мајсторски ги диригирал своите послушници.[758]

Новиот состав на Врховниот комитет бил резултат на компромис. Во него влегле по двајца: сарафисти, цончевисти и приврзаници на ТМОРО. За претседател на Врховниот комитет бил избран поетот Стојан Михајловски - цончевист. Тој освоил 48 гласа, а Гоце освоил два гласа помалку од него. По конгресот Делчев го информирал револуционерниот комитет во Горна Џумаја дека Ѓорче Петров „ќе се предаде во рацете на полицијата... Офицерите не успеаја на конгресот. За понатаму ќе видиме како ќе ја тераме со новиот состав. Во тој состав провејуваат повеќе социјалистички гледишта коишто се мошне слични со нашите. Се разбира, ограничени во рамките на политичката револуција“.[759]

Кон крајот на јули и почетокот на август 1901 година во Софија се одржува Деветтиот македонски конгрес. Но, овој конгрес минал во знакот на целосна победа на Иван Цончев. За претседател на комитетот повторно бил избран Стојан Михајловски, Иван Цочев за потпретседател, секретар Иван Стојчев, касиер Георги Белев, а членови Стефан Николов и Антон Бозуков. Во работата на конгресот учествувал Борис Сарафов, но било забележливо отсуството на Гоце Делчев. Никола Габровски и овој пат успеал да провлече една резолуција во корист на

---

754 Спомени на Борис Сарафов..., 62.
755 Спомени на Гьорче Петров..., 125.
756 Исто, 125.
757 Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, том I..., 65.
758 Константин Н. Кондов, Спомени, 1874-1929
http://strela.net/kondov/Kondov.htm.
759 Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Преписка, т. 2…, 117.

Организацијата, која од страна на цончевистите била прифатена од тактички причини. Во новиот комитет главна фигура бил генералот Иван Цончев.

Цончев, веднаш откако го презел Врховниот комитет започнал со организирање и препраќање на чети во Македонија. Тие биле составени од арамии и разни отпаднички елементи. Меѓу врховистичките пионери биле: Хаљо (еден од убијците на Стефан Стамболов), Дончо Златков, Иван Карасулијата, подофицерот Лазов, Ангел Спанчовалијата, Касапчето и други. Додека ги организирал овие чети вооружени со пушките отстапени од Организацијата, Цончев посегнал и врз пограничните пунктови на Организацијата. Поради оваа постапка, приврзаниците на ТМОРО во комитетот, Иван Кепов и Владимир Димитров поднеле оставка.

**2.** На 14.XII.1901 год. ТМОРО еднострано ги прекинува врските со Врховниот комитет, бидејќи цончевистите биле опасни непријатели, не само на Организацијата туку и за целото революционерно движење. Непосредно пред одржувањето на Десеттиот македонски конгрес на македонските друштва во Бугарија, Ѓорче Петров ја објавува брошурата „Македонското ослободително дело на бугарска почва“ во весникот „Право“. Во неа истакнува дека македонските друштва, македонските комитети и воопшто македонското дело во Бугарија, по својата крајна цел е чисто революционерно и „**несообразно**“ со државничките начела на управниците во Бугарија. Според Ѓорче Петров, најконзервативните, најфанатичните државници, најкрајните цареводворци не само што се мешале во комитетите и друштвата, туку и активно земале учество. Ѓорче исто така вели дека кога новото течение започнало да прогресира, толку повеќе се засилувале мерките, а кога Организацијата изјавила дека сака да живее самостоен живот мерките станел крајни. Според Ѓорче Петров, македонското ослободително дело како кауза со претензија за самостоен живот, како народен идела, не е по вкусот на политикантите. Сите тие без разлика на партија и убедување „се занимаваат со македонското дело за да го експлоатираат во државнички и партиски однос, или пак за лична корист“.[760] Во моментот кога македонското дело би започнало да преставува нешто посериозно, сите тие станувале негови смртни непријатели гонители.[761] Ѓорче согледал дека „бугарските управници со своето поведени кон македонското прашање, во своите души со ништо не се разликувале од австриските, грчките и српските - кои на Македонија гледале како на иден грабеж“.[762]

Христо Силјанов истакнува дека пред формалниот расцеп, борбата помеѓу двете организации се водела преку усниот и печатениот збор. Според Христо Силјанов: „Целиот македонски свет во Кнежеството се вброи во едниот или во другиот табор. Каузата на внатрешните најде огнени заштитници во множеството претставници на интелигенцијата со најразлична идејна боја. Сета лева интелигенција беше, може да се каже, на нејзина страна. Многу видни социјалисти (Димо Хаџи Димов, Никола Харлаков, Вл. Димитров и др.) ги ставија во втор план партијата и доктрината и се впуштија со страст во таа борба. Најистакнати меѓу нив кои со перото и зборот се ставија на услуга на внатрешните, треба да се споменат А. Страшимиров и П. К. Јаворов - и двајцата во првиот цвет на својот поетски талент. Тие заедно со социјалистот Хаџи Димов, Иван Кепов, Тома Карајовов и Никола Наумов биле главните пера кои ја носеле идејната и обичната полемика против врховизмот во весниците“.[763] Во почетокот на 1902 година, внатрешните веќе имале свој орган, создаден специјално за потребите на спорот - весникот „Дело“, уредник бил Пејо Јаворов.[764]

760 Право; Органъ на Македоно-Одринскитѣ интереси, Год. II, София, 7 Юлий, 1902, Брой 20/21, 5.
761 Исто, 5-6.
762 Исто, 6.
763 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 193-194.
764 Исто, 194.

На 28.VII.1902 год. започнува со работа Десеттиот македонски конгрес на македонските друштва во Бугарија. Претходно, со посебно окружно бил објавен списокот на друштвата кои можеле да испратат делегати. Во рамките на поканетите друштва, ТМОРО успеала да провлече свои приврзаници, а меѓу нив биле: Никола Наумов, Тома Карајовов, Никола Габровски, Борис Сарафов, Владимир Ковачев, Георги Петров, Пејо Јаворов и други. Истовремено, Софиското друштво презело обврска да ги организира непризнаените друштва. Во текот на конгресот, по искажаните обвиненија Стојан Михајловски се бранел со следните зборови : „Ние ја спасуваме Македонија и Одринско од социјалистите и анархистите, кои ги разбркаа умовите на луѓето со своите развратни учења".[765] Како делегат на конгресот се јавил и редакторот на весникот „Изгрев" - Иван Димитров кој во ова време минувал како социјалдемократ. Никола Габровски на конгресот дошол со 6-7 свои приврзаници. Константин Кондов вели дека Габровски на конгресот дошол со намера „да го руши националистичкото дело на македонскиот Бугарин".[766]

Опозицијата го напуштила конгресот, а преостанатите делегати повторно за претседател го избарале Михајловски, а Иван Цончев за потпретседател. Опозициските и недопуштените делегати конституирале нов Десетти редовен конгрес. Тие избрале одделен комитет на чело со Христо Станишев и Тома Карајовов, овој комитет бил на страната на ТМОРО. Конгресот избрал и една комисија во состав Тома Карајовов, Димо Хаџи Димов и А. Попстојанов, која требало да подготви една резолуција со која требало да бидат посочени причините зошто Десеттиот македонски конгрес не се смета за редовен и законски.[767] Во работата на вториот комитет учествувале и братот на Крсто Асенов, бугарскиот историчар Иван Кепов, Владимир Димитров - познат социјалист во Бугарија, Пејо Јаворов, Никола Харлаков - познат социјалист, член на ЦК на Бугарската социјалистичка партија во 1903 година, подоцна водач на т.н. либерални социјалисти.[768] Според весникот „Право", Врховниот комитет на Христо Станишев не стоел на шовинистички позиции, туку на широко хуманитарни. Иднината на Македонија ја гледа во нејзината целокупност и не ја гони идејата за присоединување на Македонија кон Бугарија, туку во наполно ослободена и „**независна Македонија**".[769] Овој комитет стоел врз принципот Македонија сама да си ја раководи судбината, а не разни кнезови и политички акробати.[770] Поделбите во Врховниот македонски комитет влијаеле и врз женското друштво Екатерина Симитчиева. Имено се формирале две женски друштва под тоа име, едното било на страната на комитетот Михајловски - Цончев, а другото го подржувало комитетот во кој бил Тома Карајовов.[771]

По одржувањето на Десеттиот македонски конгрес во 1902 година, списанието „Општо дело" под редакторство на Јанко Саказов објави една статија во се истакнува дека комитетот Михајловски-Цончев е приврзаник на теснонационалното гледиште во македонското прашање и како таков бил ангажиран од високите сфери во Бугарија за да ги задуши пројавените сепаратистичките тенденции во борбата на македоно-одринскиот роб, а следствено на тоа во редовите на комитетот Михајловски-Цончев се појавила една неопходност за уништување на претставниците на сепаратистичката тенденција, формирана во Внатрешната организација. Според „Општо дело", оваа дејност на комитетот била опасна за спокојството на Бугарија и гибелна за

[765] Прибавка към бр. 26 на в. Право, Позивъ към Членовете на Македононо-Одринската Организация въ България, София, 1902.
[766] Константин Н. Кондов, Спомени, 1874-1929
http://strela.net/kondov/Kondov.htm.
[767] Боян Кастелов, Димо Хаджидимов; Живот и дело…„ 104.
[768] Димитар Влахов, Мемоари…, 13.
[769] Право; Органъ на Македоно-Одринскитѣ интереси, Год. II, Софияр 10, Юлий, 1902, Брой 25, 1.
[770] Исто, 1.
[771] Женски Гласъ; орган на соф. жен. образователно дружество, Год. IV, София 1-й Февруарий 1903 год., Брой 9, 6.

иднината на Македонија.[772] Списанието „Општо дело“ продолжува да објавува статии за случувањата во македонското движење и во своите следни броеви. „Општо дело“ набргу објавува статија со слична содржина во која истакнува дека причината поради која настанува поделба е прашањето дали Врховниот комитет треба или не треба да ги раководи работите во Македонија. Исто така се забележува дека партиските гласила во Бугарија не кажуваат ништо за расцепувањето. За авторот на статијата не било тајна дека тие сочувствувале со Иван Цончев и неговата кауза. И имало зошто „Цончев и неговите другари треба **да го спасуваат бугаризмот** во македонското дело, кој што е застрашен во последно време. А ние помниме каков шум подигнаа кај нас сите политичари и književници по хиротосувањето на Фирмилијан, кој исто така го загрозуваше бугаризмот во Македонија“.[773]

**3.** Во мај 1902 година, генералот имал конкретен план за делување: 1) Стојан Михајловски и Иван Цончев документирано да ја изложат неодржливата положба на населението во Горноџумајско и Малешевско пред министер - претседателот на Бугарија Стојан Данев и министерот за внатрешни работи Александар Људсканов; со што би била побарана согласност на бугарската влада за претстојното врховистичко востание. 2) Цончев и потполковникот Стефан Николов да влезат во Македонија и да извршат инспекција до Вардар, по што требало да се одлучи дали ќе се објави востание. 3) Полковникот Атанас Јанков веднаш да замине со чета во Битолскиот револуционерен округ.[774]

Полковникот Јанков на 29.V.1902 год. од Софија заминува за Македонија и со неговото навлегување започнува врховистичката агитација за востание. Тој бил придружува од офицери и подофицери од бугарската армија. Кога Јанков навлегол во Македонија, во Софија се одржало тајно советување во кое учествувале Делчев, Сарафов, Ѓорче Петров, Тома Давидов, Славчо Ковачев и Михаил Герџиков.[775] На советувањето било решено во Македонија да заминат четири ревизори и да го подготват населението да противдејствува на врховистите, односно на востанието кое сакале да го подигнат. Македонија била поделена на следниот начин: Делчев - Солунско, Давидов - Битолско, Герџиков - Одринско, Ковачев - Скопско и Кочанско. Ѓорче Петров и Пејо Јаворов не добиле конкретни задачи.[776]

На 22.IX.1902 година започнува т.н. „Горноџумајско востание“ кога врховистите успеале да заведат повеќе села. Покрај, Горноџумајско, оваа акција делумно ги засегнала и соседните области: Мелничко, Петричко, Малешевско, Струмичко и Разлошко.[777] Горноџумајското востание е тесно поврзано со назначувањето на српскиот митрополит Фирмилијан. Назначувањето на патријаршиски митрополит од српска националност во Скопје, за Бугарите значело не само признавање за постоењето на Срби во Македонија, туку и фактичко признавање на претензиите на Србија во Македонија со возможност за идна нејзина поделба, следствено и крај на бугарскиот сон за Голема Бугарија.[778] Бугарската пропаганда во Македонија предизвикала реакција на Србија. Конкретно таа се појавила преку т. н прашањето за Фирмилијан. Во 1897 година, султанот му ветил на Белград дека во Скопскиот вилает ќе назначи српски митрополит. Цариградскиот патријарх го повлекол грчкиот митрополит од Скопје во Цариград, а на негово место како администратор бил назначен архимандритот Фирмилијан. Српската влада пројавила силни напори

[772] Право; Органъ на Македоно-Одринскитѣ интереси, Год. II, София, 15 Августъ, 1902, Брой 26, 1.
[773] Право; Органъ на Македоно-Одринскитѣ интереси, Год. II, София, 20 Октомврий, 1902, Брой 34, 4.
[774] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 400.
[775] Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, том I..., 55.
[776] Исто, 55.
[777] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 408.
[778] Российская академия наук; Институт Славяноведения; Межконфессиональнье культурнье и общественнье связи России с зарубежньми Славянами; К 200 –летию дня М. Ф. Раевского, Нестор-История, Москва, Санкт-Петербург, 2013. 241.

за спроведување на султановото ветување за српски митрополит бидејќи на тој начин ќе се остварела српската идеја за поделба на Македонија на црковни сфери и политички влијанија.[779] Русија ги подржала српските барања. Врховниот македонски комитет започнал со уцени кон Русија, заканувајќи се дека доколку Фирмилијан биде назначен за митрополит ќе биде кренато востание во Македонија. Бугарскиот премиер Тодор Иванчов во разговор со Бахаматиев, рускиот дипломатски претставник во Софија, истакнал дека во такви услови ја отфрла одговорноста од себе за нередите кои би можеле да дојдат и побарал наместо српски, да се назначи грчки митрополит.[780]

Врховистичкото востание предизвикало огромно страдање за македонскиот народ во востанатиот регион и пошироко. Целото македонско револуционерно дело било засегнато. Во еден поголем дел од Македонија сериозно била погодена мрежата на Организацијата, а добар дел од нејзиното оружјето кое со години било собирано се нашло во рацете на османлиските власти. Оттука, била ослабена оружената моќ за долгото подготвувано македонско востание. Горноџумајското востание, од друга страна ги предизвикува Падарските реформи во Македонија. Горноџумајското востание од 1902 година и најавените врховистички акции за наредната година, влијаеле и во друг правец – го предизвикале решението за Илинденското востание од 1903 година.

Во борбата против Иван Цончев и врховистите, социјалистите и анархистите се пројавиле како сојузници на задграничните претставници и ТМОРО. Гоце Делчев и Ѓорче Петров со поддршка социјалистите и анархистите организирано се спротивставил на Иван Цончев во комитетот, притоа биле искористени некои од старите контакти, не случајно како еден од главните гласноговорници на Организацијата на конгресите бил Никола Габровски. Според нас, врската помеѓу задграничните претставници и Габровски е Даме Груев кој има контакти со овој бугарски социјалист уште за време на своите студентски денови. Од друга страна, Никола Габровски со своите погледи за решавањето на македонското прашање бил близок со погледите на ТМОРО. Исто така, задграничните претставници го искористиле влијанието на Габровски во социјалистичките средини во полза на Организацијата.

Социјалистите и анархистите, како што забележува и Христо Силјанов, биле меѓу главните кои преку весниците го разобличувале Иван Цончев и врховизмот. Кон нив се приклучил и еден од водачите на бугарските социјалисти Јанко Саказов кој јасно го разобличил Иван Цончев и ги претставил неговите врски со бугарските политички кругови, јасно приклонувајќи се кон ТМОРО и нејзината кауза.

[779] Российская академия наук; Институт Славяноведения; Межконфессиональнье культурнье..., 245.
[780] Исто, 245.

## ГЛАВА X

## ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ

*„Но, среде нечуените ѕверства и колежи извршени над беззаштитните Ерменци, среде потоците од невино пролеаната крв – се издига грозната фигура на големата, како што обично ја нарекуваат, Русија – втората темна хероина во Европа. Таа пак го советуваше Азискиот ѕвер да ги истребува безмилосно „дрските“ Ерменци, укажувајќи му полна морална поддршка“* **– Димо Хаџи Димов**



**Христо Татарчев**

**1.** Прашањето за востание во редовите на Организацијата се наметнува постепено, под притисок на врховистичката акција од септември 1902 година и најавените реформи. Тоа е евидентно од коресподенцијата која се водела помеѓу Централниот комитет и задграничните претставници. Димитар Стефанов и Туше Делииванов дозволувале востание, но доколку дојде до усложнување на состојбата и ако врховистичката провокација продолжи до зимата. Затоа Гарванов започнал да ја прикажува состојбата во Македонија како алармантна, иако во суштина немало востание. Во почетокот на ноември 1902 година кога врховистичкото движење спласнало Иван Гарванов, Христо Матов и Христо Татарчев ја донеле одлуката за востание, а Гарванов требало да ја санкционира на конгрес.

На 24.XII.1902 год. Иван Гарванов испратил окружно со кое ги поканил делегатите за конгрес. Во јануари 1902 година, солунските делегати ја носат одлуката за востание, а следниот ден било решено тоа да биде повсемесно и стратешко, без да се определи дата за негов почеток. На Солунскиот конгрес од 1903 година, меѓу останатото за да ја добие наклонетоста за востание, Гарванов ветил поддршка од Бугарија, која наводно ќе и објавела војна на Турција, доколку востанието издржи барем две седмици.[781] Последново Гарванов го поткрепил со една дописна картичка од генерал Стефан Паприков, министер за војна на Бугарија до Борис Сарафов, со која го молел да не се испушти погодниот момент за востание во Македонија зад кое ќе застанела Бугарија со објавување на војна против Османлиската Империја. Слично настапил и Атанас Лозанчев. Тој информирал дека бил ополномоштен од Неделко Колушев, секретар во бугарското агентство во Солун, да извести дека Бугарија ќе го подржи востанието преку воена интервенција.[782]

За разлика од Солунскиот конгрес од 1903 година, прашањето за востанието многу попостојано било разгледано на софиските советувањата организирани од Задграничното претставништво. Во неговата работа учествувале: Христо Татарчев, Христо Матов, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Борис Сарафов, Иван Хаџи Николов, Славчо Ковачев, Михаил Герџиков, Кирил Прличев, Сава Михајлов, Димитар Стефанов, Туше Делииванов, Христо Силјанов, В'лчо Антонов, Никола Наумов и други.[783] Расправата започнала со информацијата на Гарванов според која османлискиот терор во Македонија станал неподнослив, особено во Битолско, каде што можело да избувне востание.[784] На советувањето се издиференцирале две групации. Малцинската група била предводена од Матов и Татарчев кои безрезервно ја застапувале идејата на Централниот комитет за општо востание и мнозинството предводено од Ѓорче Петров и Гоце Делчев, кои биле подржани од сите оние кои биле вклучени во борбата

[781] Ванчо Ѓорѓиев, Атанас Лозанчев…, 151.
[782] Исто, 152.
[783] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 275.
[784] Исто, 276.

против врховистите. Настрана од двете гледишта останал Пере Тошев, со изговор дека не е добро осветлен за работите.[785]

Повеќето учесници признавале дека подготовките не биле доволни, но дека поради сложеноста на ситуацијата треба да се промени начинот на дејствување и да се преземе акција.[786] Ѓорче Петров, со поддршка на Гоце Делчев, предлагал да се промени дотогашната тактика: „од пасивно подготвителна да се премине кон поголема активност, со дејства кои постепено ќе водат кон востание. На тој начин да се дојде до „перманентно востание", без негово формално објавување.[787] Герџиков предложил терористички акции кои ќе ги засегнат османлиските власти и европскиот капитал.[788] Кон овие идеи клонел и Делчев. Истовремено, Герџиков и Антонов биле за дефинитивно расчистување со врховистите и ликвидација на Иван Цончев. Делчев претпочитал борба со најголема економија на силите, бидејќи не бил сигурен дека, откако ќе ги предизвикаат Турците, ќе се предизвика вмешување на големите сили.[789] Неговите намери биле: „Да се фрли целото Турско во анархија, да се разниша царството на султанот од основа, да се направи положбата неиздржлива".[790]

Гоце Делчев се определил за комбинирана примена на четничките дејства со терористички акции. Не чекајќи го исходот од советувањето, Гоце Делчев на 7/20.I.1903 год. заминал за Серскиот револуционерен округ, со намера во пракса да ја демонстрира новата концепција.[791] Ако внимателно се анализира, може да се заклучи дека Гоце Делчев заминува во Македонија со цел да ја промовира новата тактика и да го искористи своето влијание во некои од револуционерните окрузи. Во Скопскиот округ е Никола Пушкаров, во Одринскиот округ е Михаил Герџиков, во Серскиот округ е Јане Сандански - сите негови блиски соработници и привrзаници. Во Битолскиот округ најголемо влијание имал Даме Груев, Гоце најпрво сакал да го наметне своето видување меѓу неговите идеолошки блиски личности и настојувал таква дејност да се преземе во Серскиот, Скопскиот и Одринскиот округ, а потоа во консултации со Даме и во Битолскиот округ. Меѓутоа, Даме веќе во Солун ја прифатил одлуката за востание. Логично било да се почека мислењето на Даме Груев, кој бил фактор во Организацијата и имал најсилно влијание во Битолскиот округ.

Гоцевата агитација допринесува во Серско, Одринско и Скопско да нема масовно востание, секако дека има други фактори за тоа, меѓутоа не може да се занемари влијанието на Делчев и присуството на неговите блиски во критичните моменти во овие реони, пред се мислиме на Сандански, Пушкаров, Герџиков и др. Во овој правец треба до го разбереме и искажувањето на Христо Силјанов дека Јане Сандански докрај „остана верен на своето убедување: не направи востание. Но, не ја почитуваше одлуката на Конгресот за акции на 14 септември: од Мелничко, каде што замина тој набрзо по Крстовден се прибра во Бугарија, не испукувајќи ниту куршум".[792] Дејствувајќи во подготовката на востанието во Одринскиот револуционерен округ, Константин Антонов заклучил дека народот во западна Тракија не е подготвен за масовно востание и силно ја подржувал тезата за водење на борбата преку терористички акции. Од ова разбирање не отстапил, и во текот на востаничките дејствија се ограничил само терористички и саботажни акции.[793]

[785] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 276.
[786] Исто, 276.
[787] Исто, 276.
[788] Исто, 276-277.
[789] Исто, 277.
[790] Исто, 277.
[791] Исто, 277.
[792] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 386.
[793] Годишник; Научен форум „Пловдиски приноси 2009", Документи за дейци на национално-освободително движение в Македония и Одринско във Фонда на регионален исторически музей – Пловдив, Пловдив 2009, 200.

Ѓорче Петров и Матов требало да го известат Гарванов во Солун дека не се за општо востание, туку за партизански дејствија.[794] Меѓутоа, конгресот не го почекал исходот од советувањата и донел одлука за општо востание. На тој начин, според Христо Татарчев, на Задграничното претставништво кое било составен дел на Централниот комитет му било оневозможено да се искаже за ова прашање. Веднаш по конгресот, Гарванов заминал за Софија каде ја соопштил одлуката за востание и потенцирал дека таа е бесповратна бидејќи веќе била пропагирана насекаде. Истовремено, Гарванов, Матов и Татарчев оствариле средба со Димитар Петков, бугарскиот министер за внатрешни работи кој им ветил морална и материјална поткрепа за идното востание.[795]

Прашањето за востанието било затворено во Солун помеѓу Гоце Делчев и Даме Груев кога се согласиле за востание со четничко-партизански карактер,[796] односно без масовно учество на народот. Лазар Димитров вели дека лично бил информиран од Делчев оти со Груев се согласиле за востанието и со тоа „се ставило крај на спорот за подигањето на востанието... по оваа средба веќе немаше никакви разлики меѓу Централниот комитет и дејците околу Делчев по прогласувањето на востанието“.[797]

Сите дилеми околу прашањето за востанието во Битолскиот револуционерен округ биле расчистени на Смилевскиот конгрес, свикан од страна на Битолскиот окружен комитет.[798] На првиот ден, делегатите на послабо вооружените региони истапиле како опозиција на прашање по прашањето за востание. Предводници на опозицијата биле: Никола Петров Русински, Ѓорѓи Сугарев, Петар Ацев и Никола Карев.[799] На обвинителна клупа бил поставен Атанас Лозанчев, кој како претседател на Битолскиот окружен комитет учествувал во донесувањето на одлуката за востание на Солунскиот конгрес без да се консултира со реонските раководители. Особено остар кон Лозанчев бил Ѓорѓи Сугарев.[800] Најгласни за востание биле костурчани, кои биле под влијание на Борис Сарафов.[801] Во прилог на востанието зборувал и Сарафов според кого: „востанието веќе неофицијално било објавено во Битолскиот вилает, па затоа треба да се оди напред“.[802] Сарафов додал дека воениот министер на Бугарија ветил поддршка и воена интервенција во прилог на востанието. Даме Груев за тоа вели: „Сарафов доверливо кажуваше дека еден министер се изразил, дека ако бидеме во состојба да задржиме 60 000 турска војска, **Бугарија ќе се вмешала**“. Таквите ветувања го зацврстиле оптимизмот кај многумина. Дилемите околу прашањето за востание ги пресекол Даме Груев со зборовите: „А бре луѓе, не го губете времето за одговор на прашањето дали ќе има востание, зашто тој е познат – бит ти давас (готово е)! Зборувајте за востанието, како и кога да го направиме, не за денот и часот“. По обраќањето на Груев, полемиката по прашањето за востанието станала беспредметна, а опозицијата замолчила.[803]

Одлуката за востание била неизбежна последица од сплет на околности, при што ниту еден авторитет не можел да ја забрза, ниту да ја спречи.[804] За нас е прифатлива констатацијата на Ванчо Ѓорѓиев, дека за Илинденското востание не може да се тврди дека било предвремено, или задоцнето, освен да се прифати дека „тоа било неизбежно“.[805]

---

[794] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 277.
[795] Исто, 278.
[796] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Во спомените на современиците…, 257.
[797] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 284.
[798] Исто, 287.
[799] Исто, 291.
[800] Исто, 291-292.
[801] Исто, 292
[802] Исто, 293.
[803] Исто, 293-294.
[804] Ванчо Ѓорѓиев, Атанас Лозанчев…, 142.
[805] Исто, 142.

**2.** Ако внимателно се анализира, во текот на софиското советување полемиката не се водела околу прашањето за или против акција во Македонија, туку на каков начин да се спроведе. Според Христо Матов, во 1903 година сите дејци на Организацијата биле за дејствување, меѓутоа разликите биле на каков начин да се дејствување, едни се залагале за масовно востание, а други за ограничени дејствија. Делчев, Ѓорче Петров, Михаил Герџиков и др. биле за терористички акции со нелегални чети.[806] Матов исто така вели дека разликите помеѓу двете страни била во бројноста на борците, едните се залагале за дејствување само на нелегалните чети, а другите за дејствување на сите расположливи борбени сили.[807] Приврзаниците на ограничените дејствија се залагале да не се ангажира и да не се излага народната маса.[808] Оттука, Матов заклучува дека сите видни дејци во 1903 година биле за дејствување, само што едните се залагале за дејствија од ограничен размер, а другите за широк размер.[809] Христо Матов исто така вели дека: „Формираното гледиште, дека едните биле за востание, другите - против, се должи, меѓу другото, **на незнаење на фактите**“.[810]

Во формулирањето на начинот на дејствување, Гоце Делчев и Ѓорче Петров биле под влијание на левичарските учења и теории. Во тој правец се изјаснува Михаил Герџиков кој вели: „Тогаш ние, како што бевме зборувале порано со Делчев, предложивме да се прифати принципот на одделни терористички акции. Јас поподробно ја развив на собранието таа своја мисла. Ѓорче ме поткрепи, и таа се прими во смисла никакво востание да нема туку да се преземат од Организацијата одделни терористички акции. Рековме дека треба да се стават на искушение интересите на европските капитал во Турција. Не запрашаа противниците дали можеме да извршиме ние нешто од тој вид како за почеток и пример. Одговорив дека лично јас сум готов веднаш да заминам за Турција и да извршам атентат во турските железници, на експресот, или на конвенционалниот воз или на некој воен воз. Делчев исто така изјави дека и тој е готов уште веднаш да замине да изврши исто таква една акција по железниците. Ние таму не кажувавме каде ќе се изврши, а ги имавме во предвид линиите Одрин-Цариград и Одрин-Солун“.[811]

Според Пејо Јаворов, Гоце Делчев на следниот начин го искажал својот концепт: „Ние зад себе го имаме... примерот со Ерменците, а пред себе - шансите кои ни ги нуди австро-руската спогодба. Освен тоа, злосторство е народот да се ослободува преку намерно создавани пожари и касапници.[812] И од практични причини... ни се наложува борба со најголема економија на средства и сили. Ние не сме сигурни, дека откако ќе ги предизвикаме Турците на грабежи и пустошења, задолжително ќе ги предизвикаме и големите сили да се замешаат. А не сме ни сигурни дури и ако се случи европско замешување, задолжително ќе ни се даде нешто, кое доволно би ја оправдале големата жртва. Ние треба да почнеме... со напади на четите врз аскерските одделенија и со атентати на железничките линии, како и на државните установи. Да продолжиме така, но секогаш далеку од... население, кое не треба да го изложуваме на турските прогони и жестокости“.[813] Според Делчев требало да се „фрли цело турско во анархија, да се разниша царството на султанот од темел, да се направи состојбата неподнослива... На тој начин, да се запрат оние кои денес, во името на севозможни интереси, треперат над едно варварско-статус-кво, да прифатат, повторно во името на тие интереси, промена кон една почовечка состојба. Се разбира, друго ќе беше ако имавме една нова грчко-турска, или некоја српско-турска или, најпосле, бугарско-турска војна; но,

[806] Христо Матовъ, Възстанишки действия, второ издание, македонска революционна библиотека, 1925, 102.
[807] Исто, 103.
[808] Исто, 103-104.
[809] Исто, 107-108.
[810] Исто, 108.
[811] Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Во спомените на современиците…, 229-230.
[812] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 245.
[813] Исто, 245-246.

лошо ќе и отплатиме на Бугарија за нејзините многубројни жртви за нас, ако сакаме да ја турнеме боса во огнот...“[814]

Искажувањата на Делчев кои ни ги пренесува Пејо Јаворов се контрааргументи за спротивната концепција и всушност ја дознаваме суштината на оние кои се залагале за масовно востание. Ѓорче Петров во текот на советувањата ја претставува идејата за перманентно востание. Според овој концепт, македонските револуционерни сили се самостоен политички субјект кои преку перманентното востание, состојбата во Македонија постојано ја држат затегната и ја негираат османлиската власт, а таквото перманентно делување во Македонија ги прави излишни политиканството и дипломатијата со надворешните фактори. Организацијата нема потреба да ги сообразува своите погледи со надворешните фактори, во теорија перманентното востание и овозможува на Организацијата да ја зачува својата независност, да се стреми кон реализирање на својата програма и да не се сообразува со други фактори кои гонат цели туѓи за револуционерно движење. Очигледно е дека Ѓорче Петров својот концепт за перманентно востание го изработил под влијание на перманентната револуција на социјалистите и анархистите. Според левичарските теории, перманентната револуција е пролетерска стратегија која треба да ја зачува организациската независност на линија на работничката класа, и последователна и непроменлива серија на милитантни политички барања и тактики. Ѓорче Петров концептот за перманентна револуција го прилагодил за потребите на македонското револуционерно движење.

Спротивната концепција во себе ги вклучувала политиканството и дипломатијата. Приврзаниците на идејата за масовно востание како пример ги имале ерменските настани, за нив востанието водело кон насилства врз христијанското население од страна на османлиските сили, надевајќи се дека тоа ќе ја поттикне Бугарија да и објави војна на Османлиската империја, што неминовно водело кон една поголема меѓународна криза на Балканот и вмешување на големите сили. Искажаното го потврдуваат неколку извори.

Според Христо Силјанов, востанието имало за цел да ја поттикне европскиот загриженост.[815] На 15.IX.1903 год. на вториот ден од објавувањето на востанието во Серскиот револуционерен округ, Јане Сандански и Георги Белев имале средба. Во текот на неа, Сандански истакнал дека е неразумно со револуционерни акции да се излага населението на опасност. Друго е, ако Бугарија и објави војна на Турција.[816] На оваа забелешка Белев возвратил: „да се предизвика една војна помеѓу Бугарија и Турција, да се предизвика интервенција на големите сили, за да стават крај на нашето ропство, ете ја целта на нашите востанија“.[817] Во тој е правец е и окружното на Охридското горското началство до војводите во кое се истакнува: „Условите за успех ќе зависат од долготрајноста на востанието. Искуството во нашата борба ќе биде да ги победиме Турците ако не им дадеме возможност да не победат, затоа подобро е едно слабо востание отколку силно, а кратко. Ако успееме да ја продолжиме за долго борбата, вмешувањето на европските држави е неминовно затоа што ќе настрадаат нивните интереси“.[818]

Фредерик Мур вели дека водачите на Внатрешната организација не очекувале да ја победат Османлиската империја и нивната цел била да го испровоцираат султанот и неговите војници да посегнат врз христијаните.[819] Според Мур, тие биле „подготвени да платат со животите на илјадници нивни браќа Македонци за остварување на нивната желба - автономија на земјата.

[814] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 246.
[815] Исто, 32.
[816] Илюстрация Илинден, Година 2, София, Юний 1929 г., Книга 7 (17), 8.
[817] Исто, 8.
[818] Окръж. № 212 от 16. VII. 1903 год. на Горското П. Началство на Охридската околия до дойводите на Охридската околия. НБКМ, БИА.
[819] Frederick Moore, The Balkan trail, London, 1906, 251.

Тие беа фанатици".[820] Мур исто така вели дека: „Комитаџиите се надеваа дека општото востание – или, поточно репресиите што ги предвидуваа - ќе ја предизвикаат Европа да ја создаде автономната Македонија".[821]

Џон Фостер Фрејзер во Софија има средба со еден од водачите на македонското движење, чие име не го соопштува, но вели дека неговото име во Европа сите го имале слушнато. Во текот на разговорот, споменатата личност укажала дека имале за цел секое село во Македонија да го претворат во центар на револуцијата. Доколку имало Грци или Бугари кои не ги споделувале револуционерните идеали ќе биле отстранети во интерес на македонската независност.[822] Соговорникот на Фрејзер исто така кажал дека времето за разговори минало и во одредено време целата земја масовно ќе востане против Турците.[823] Фрејзер запрашал каква шанса би имале селаните против турските војници и додал дека во земјата би се случил масакр од страна на турските војници врз христијанското население. Одговорот бил: „Ние знаеме, ние знаеме... Ние сакаме голем масакр! Тоа е цената која ќе ја платиме. Ние ќе ги испровоцираме Турците за таков масакр што Европа ќе мора да интервенира... Единственото нешто што ќе ја поттикне на интервенција и да ја одземе Македонија од Турчинот, ќе биде големиот масакр над христијаните. Тоа е начинот на кој Македонија ќе го добие своето ослободување".[824] Според Џон Фрејзер, ниеден од водачите на Внатрешната организација отворено не ја подржувал оваа стратегија, поради нарушувањето на угледот пред јавноста, особено странските весници.[825]

Едит Дуран искажува слична констатација. Според неа, акцијата на македонскиот комитет била лошо замислена и доколку муслимани посакале лесно можеле да го уништат секое село кое востанало. На крајот Дуран вели дека: „**Можеби тоа беше она на што Комитетот се надеваше**".[826]

Концептот за масовно востание предвидувал и војна помеѓу Бугарија и Османлиската империја. Оваа констатација може да се забележи во неколку извори. Бугарскиот трговски агент во Битола, во својот извештај од 27.XII.1903 год. го информира бугарскиот премиер Стојан Данев дека крајните елементи на револуционерното движење не ги криеле своите надежи, дека во претстојното востание ќе успеат да го вовлечат бугарското население од Кнежеството и дека ќе предизвикаат европско вмешување.[827] На 24.VII.1903 год. Васил Пасков го информирал главното божево тело на Седмиот (Одрински) востанички округ дека на 22 јули Рачо Петров го повикал Христо Матов и му рекол дека ние сме „злоупотребиле некакво вмешување на Бугарија за да се објави востанието (!). Се лутел, бидејќи не сме го одложиле и зашто порано не сме му го соопштиле денот, туку сме удриле на сикиме. Бугарија не била готова. Немале повеќе од 150 патрони по пушка. Се лутел, зашто другарите повикале по двајца од повидните раководители на секоја партија, при што на партизански начин сакале да ги ангажираат партиите и да ја вовлечат Бугарија во војна".[828]

Помеѓу 20-30 август, 1903 година задграничното претставништво го информира Главниот штаб во Битолскиот револуционерен округ дека при „оваа положба мислиме да ги направиме овие чекори: а) Д-р (Христо Татарчев б.н) ќе му изјави лично на кнезот, дека населението и борците во

[820] Frederick Moore, The Balkan trail..., 251.
[821] Исто, 277-278.
[822] John Foster Fraser, Pictures from the Balkans, London, Paris, New York and Melbourne, Cassel and Company, 1906, 13.
[823] Исто, 13.
[824] Исто, 13.
[825] Harry De Windt, Through Savage Europe, London, MCMVII…, 161.
[826] M. Edith Durham, The Burden of the Balkans, London, 1905, 142.
[827] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 368.
[828] Исто, 424.

Македонија сметаат оти тој ги дотерал работите до оваа положба (95 и 902), дека на крајот на краиштата сите имале полна вера во неговото застапување и тоа преку војна со Турција за ослободување на земјата и дека него го држи лично одговорен за своите несреќи. Тоа е последното средство за да му се повлијае на кнезот и веруваме дека тој ќе се позамисли пред овој нов момент... Б) ќе им испратиме еден мемоар на силите - слика за положбата - и предупредување дека робот ќе ги употреби сите средства, дури и најопасните, бидејќи е уверен во бездушноста на дипломатијата. В) на секаде се препорачува, и вам ви се препорачува безмилосно горење, колење во селата, атентати, посегање во градовите на се што е туѓо и непријателско, г) последното само за да се заплаши кнезот“.[829]

Не случајно, Христо Матов го информирал Рачо Петров министер-претседател и министер за внатрешни работи за избувнувањето на востанието во Македонија истата вечер, кога тоа требало да започне или дваесетина часа пред да стигнат првите телеграми за четничките напади во Битолскиот револуционерен округ.[830]

Ако внимателно се анализираат изворите, неизбежна е констатацијата дека еден дел од македонските револуционери сакале да ја вовлечат Бугарија во војна со Османлиската империја и да предизвикаат поголема политичка криза на Балканот. Влегувањето на бугарската војска во Македонија, по автоматизам можело да предизвика и навлегување на српска војска во Македонија и една Српско-бугарска војна околу Македонија. Според тоа водачите на Организацијата не воделе сметка за интересите на бугарската држава.

Во тој правец е и писмо од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ до бугарската влада од 9.IX.1903 год. во кое се вели: „Главниот штаб како свој долг смета да обрне внимание на Почитуваната Бугарска влада за штетните последици за бугарската нација, ако таа не го исполни својот долг кон своите еднородни браќа овде... После сето ова, нам ние чудно, како Почитуваната влада која ги раководи интересите на бугарскиот народ, продолжува да гледа со ладнокрвност на систематското истребување на бугарското население и пропаѓањето на бугарското име и чест пред светот. Поставени на чело на нашето народно движење овде, ние апелираме кон Вас од името на робот Бугарин да му се притече на помош на најефикасен начин преку војна. Веруваме дека е ист одгласот и на народот во слободна Бугарија“.[831] Христо Силјанов истакнува дека главниот штаб „вистински ја очекуваше: воената интервенција на слободната братска земја“.[832]

Апелот на Главниот штаб до бугарската влада е само уште еден обид да се вовлече Бугарија во војна и да се предизвика криза. Водачите на востанието биле добро информирани, тоа се гледа од нивната коресподенција, дека влегувањето на бугарската армија во Македонија може да доведе до една Романско-бугарска, Српско-бугарска или Грчко-бугарска војна. Во заострувањето на односите помеѓу балканските држави, револуционерите го гледале добивањето на автономијата, бидејќи големите сили би биле принудени да интервенираат за да избегнат една поголема дестабилизација на Балканот.

Имено, руските конзули до министерството за надворешни работи испраќале извештаи во кои истакнувале дека во пролета 1903 година е возможно ново востание кое можело да предизвика

[829] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 444-445.
[830] Георги Баждаров, Моите спомени, Съставител: Ангел Джонев, София, 1929. http://macedonia.kroraina.com/gb/index.htm
[831] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 447-450.
[832] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 467.

сериозни последици за целиот Балканскиот полуостров.[833] Според соопштението на рускиот конзул, организаторите на претстојното востание во Македонија се надевале дека ќе издржат 2-3 недели, а потоа, по нивно мнение - бугарската влада под притисок на општественото мнение ќе биде принудено да испрати своја војска во Македонија. Тогаш Србија, согласно своите интереси, штом Бугарија била замешана тогаш и таа ќе дејствува на Македонија. Кога Србија и Бугарија ќе се вмешаат, големите држави неволно ќе се зафатат да го решат македонското прашање.[834] Во мај 1903 година, во министерството за надворешни работи пристигнала тајна телеграма од рускиот дипломатски претставник во Србија - Н. В. Черњиков. Тој соопштил, врз основа на руската агентура, дека македонските револуционери се подготвуваат во Македонија за сеопшто востание со цел европските држави и Бугарија да извршат притисок врз Портата и да ја принудат да воведе во Македонија автономна управа.[835] Покрај Русија и другите големи сили биле информирани за намерите на востаниците, затоа британскиот премиер Балфур ги обвинил востаниците дека намерно ги предизвикале Турците да прават ѕверства, за да ја стекнат симпатијата на Европа за своето дело![836]

**3.** Плановите на револуционерните не се оствариле, бугарската држава водејќи сметка за сопствените интереси не интервенирала, а султанот и Високата порта биле внимателни во своите дејствија. Ерменските масакри не се повториле затоа што Османлиската империја извлекла поука од нив. Султанот и Високата порта биле свесни за реалноста, екстремните насилствата врз христијаните во Македонија и Одринско ќе ја раздвижеле европската либерална јавност, особено во Велика Британија и Франција. Повторувањето на ерменското сценарио од 1894-1896 година во Македонија можело да ги принудило европските држави силно да се вмешаат со што се отфрлала можноста од губење на Македонија. Оттука, османлиите биле внимателни. Реално гледано, настапувањето на османлиските сили и башибозук во задушувањето на Илинденското востание не може да се споредат со насилствата во Ерменија, каде бројката на убиените се движи од 80 000 до 300 000 души.[837] Во задушувањето на Илинденското востание, османлиските сили и покрај насилствата врз цивилното население, сепак дејствувале умерено, ако се земе во предвид нивните дејствија надвор од Европа.

Употребата на силата била добро измерена, да се стави крај на движењето, но не и да се предизвикаат колежи од такви размери кои би предизвикале голема европско интервенција. Во Битолскиот вилает биле целосно или делумно изгорени 122 села со 8 646 куќи и останати без покрив 51 606 жители, убиени и заклани 1 779 души, обесчестени 2 152, заробени 37 жени и моми. Во четирите кази на Лозенградскиот санџак – Лозенградската, Малотрновската, Василикоската и Визенската: од 92 христијански села 66 целосно или делумно биле изгорени. Од 17 754 христијански куќи изгореле 2 610. Заклани и убиени - 2 565. Обесчестени жени и девојки 920, заробени 135. Обездомени 12 880 души, избегани во Бугарија 20 000 души.[838]

За споредба, според еден податок во Ерменија биле убиени 88 243 луѓе, 2 493 села биле уништени, а жителите на 456 села биле принудени да го прифатат исламот.[839] Покрај Ерменците

---

833 А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX – начале XX века – яаболко раздора на Балканах, Монографија, Российская академия наук, Институт российской истории РАН, Поволжский филиал, Негосударственное образовательное учреждение высшего профессионального образования Самарская гуманитарная академия, Самара, 2010, 64.

834 Исто, 65; Авторот се повикува на следниот документ: АВПРИ. Ф. 180. Посольство в Константинополе. Оп. 517/2. 1903.

835 А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX – начале XX века..., 66.

836 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 466.

837 Akcam Taner, A Shameful Act: The Armenian Genocide and the Question of Turkish Responsibility, Metropolitan Books, New York, 2006, 42.

838 Исто, Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 462.

839 Selim Deringil, The Armenian Question Is Finally Closed': Mass Conversions of Armenians in Anatolia during the Hamidian Massacres of 1895-1897, Comparative Studies in Society and History, Vol. 51, No. 2 (Apr., 2009), 2009, 344-371.

биле убиени и 25 000 Асирјани.[840] Ако се земат предвид бројките на жртвите во Ерменија, со кои водачите на Илинденското востание биле запознаени, не може да се каже дека не биле свесни за можноста од жестоко настапување на османлиските сили врз цивилното население. Некои од водачите на Организацијата, особено оние кое се залагале за масовно востание, го посакувале екстремното дејствување на Османлиите врз христијаните, потајно надевајќи се дека можните масакри врз население ќе ја донесат посакуваната автономијата, преку поттикнување на европската дипломатија, иако биле предупредени од Гоце Делчев и други дека колежот врз населението може и да не ги донесе посакуваните мерки, што и се случило.

Неприфатливо е тврдењето на Даме Груев дека бил изненаден од жестокости кои ги спровела османлиската држава. Востаничките водачи имале за цел да предизвикаат криза во Османлиската империја, за која се надевале дека ќе излезе надвор од османлиските граници и ќе ги опфати и балканските држави, тие очекувале дека масакрите врз население ќе ја раздвижат Европа и ќе ја принудат Бугарија да навлезе со своја армија во Македонија и Одринско, а население го користеле како адут, во тој правец треба да го гледаме и мемоарот на Главниот штаб до бугарската влада.

Водачите дозволувале дека е можно вмешување на Бугарија, нејзиното вмешување по автоматизам ја вклучувало Србија, и ја отварала можноста од навлегување на српска армија во Македонија, избувнувањето на една Бугарско-турска или Српско-турска војна, а немирите во Македонија и Одринско би добиле меѓународна димензија, со што европските дипломати би морале посериозно да се позанимаваат со Македонија. Меѓутоа, настаните покажуваат дека османлискиот естаблишмент се покажал како многу помудар и прагматичен. Најпрво бил извршен притисок врз Бугарија со кој била предупредена да не се вмеша во Македонија, од друга страна биле послушани советите на Берлин за што поскорешно задушување на востаничкото движење, исто така ја имале и поддршката на Германија. Употребата на силата против движењето била добро измерена, доволна да го задуши востанието, секако исклучок е Одринско поради неговата близина со престолнината. Османлиите се надевале дека со посегањето врз населението ќе извршат психолошки притисок врз востаниците да резигнираат, што и се случило. Меѓутоа, силата која османлиската власт ја употребила против население не ја возбудила Европа. Изостанале маскарите и не се повторило ерменското сценарио. Кога востаничките водачи увиделе дека изостанува европската и бугарската интервенција, а од друга страна населението се наоѓало во тешка положба, решиле да ги демобилизираат востаничките сили.

За овие настани, Христо Силјанов го пренесува следното размислување: „И во текот на конгресот во Смилево, кога делегатите го дефинираа однесувањето на востаниците спрема турските села, и по конгресот револуционерните водачи не претпоставуваа дека опустошувањата ќе имаат толку страшни размери: тие сметаат дека режимот, против кого се подготвуваат да го дигнат сиот народ е помалку порочен и варварски, отколку што беше тој во практиката... Не веруваме дека Турците ќе одлучат да применат толкава жестокост што сосема да го уништат населението - раскажува Даме Груев (Во еден разговор по тоа прашање Груев не можеше да си ја прости наивноста и ми рече: Ех, да можам уште еднаш да се фатам на оро како невеста...)“. Понатаму Силјанов вели: „Изненаден од беспричинските палежи, Главниот штаб на 30 јули до претставниците на големите сили испрати еден Мемоар, во кого велеше: Турската власт, немоќна со дозволените средства да ги уништи нашите вооружени сили, на војската и препорачала еден од најварварските начини за задушување на движењето, кој се состои во ограбување и опожарување на христијанските села и во обесчестување и убивање жени и деца... Како и да е, беспричинското палење на селата ги збуни членовите на Главниот штаб и до некаде ги дезориентира. Оваа мерка

[840] Angold, Michael, O’Mahony, Anthony, ed., Cambridge History of Christianity, 5. Eastern Christianity, Cambridge University Press, 206, 512.

на турската команда врз духот на востаниците влијаеше далеку порозно отколку бројната надмоќност на непријателот...“[841]

Искажувањата на Силјанов не се точни, затоа што Даме Груев не бил лековерен и наивноста не е негова особина. Главниот штаб не бил збунет од палењето на селата, туку напротив бил збунет и  дезориентиран од односот и постапките на Европа и Бугарија кон востанието. Кога било евидентно дека нема да дојде до надворешно вмешување, Главниот штаб ги распуштил своите сили и објавил дека востанието е завршено. Дали востаничките водачите биле наивни? Дали решиле да ја ослободуваат Македонија со околу 5 000 востаници,[842] и со овие сили да ја победат османлиската армија? Дали водачите биле наивни за да не можат да ја предвидат постапката на османлиските сили врз население? Според нас, сето тоа било пресметано и земено во предвид. Востанието требало да биде што подолготрајно и логично се очекувало маскари врз население, на тој начин нередите во Македонија станувале поголеми, а заинтересираност на Европа би била поголема. Посегањето врз населението, било пресметан ризик, меѓутоа изостанало надворешното вмешување.

**4.** Илинденското востание ги депласира Февруарските реформи од 1903 година и повторно го актуализира македонското прашање на дипломатски план. Во моментот кога Главниот штаб ја прогласил демобилизацијата, Русија и Австро-Унгарија ги усогласиле своите планови за македонското прашање.[843] Оттука, во почетокот на октомври 1903 година произлегуваат Мирцштегските реформи. Овие реформи предвидувале: меѓународна контрола во спроведувањето на реформите, реорганизација на османлиската жандармерија и полиција со помош на странски офицери и под раководство на еден странски генерал во османлиска служба, за успешно спроведување на оваа мерка, територијата на Македонија требало да биде поделена на сектори помеѓу големите сили, да се изврши административна реорганизација заради соодветно групирање на националностите, реорганизација на административните и судските институции во кои ќе се вклучат и христијани, со што ќе се овозможи развој на локалната автономија, формирање на мешовити комисии во вилаетските центри за разгледување на политичките и други престапи извршени во текот на Востанието. Потоа Високата порта да обезбеди финансиски средства за враќање на бегалците и ублажување  на состојбата во најзагрозените краишта во текот на Востанието како опожарени и опљачкани куќи, имот, цркви, училишта. Средствата за тоа да ги распределуваат мешовити комисии под контрола на конзулите на двете реформски земји, во опожарените христијански села населението да се ослободи една година од сите даноци, власта се задолжува да ги спроведе претходните Февруарски реформи, со кои, меѓу другото било предвидено формирање на одделен финансиски буџет за трите македонски вилаети, да ги распушти илавето и башибозукот и да забрани формирање на башибозучки одреди.[844]

Даме Груев откако ја проучил суштината на реформите, издал циркулар до раководните тела во Битолскиот округ.[845] Циркуларот имал за цел да го натера населението во сите краишта на Македонија да истапи со еднакви барања и протести пред меѓународните контролори за побрзо компромитирање на реформите. Таквиот однос произлегува од ставот на Даме Груев дека Организацијата нема да ги прифати или отфрли новите австро-руски реформи, ќе ги игнорира наполно, бидејќи тие не задоволувале ниту едно барање. Во циркуларот се прејудицирало дека овие реформи ќе пропаднат како и сите дотогашни. Затоа Даме Груев сметал дека Организацијата треба да го забрза нивното компромитирање, меѓу другото и со бројните поплаки и жалби на

[841] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија..., 465-466.
[842] Според Реџиналд Вајон во Битолскиот вилает бројот на востаниците изнесувал 5 000 души, Види: Reginald Wyon, The Balkans from within, London, 1904, 138.
[843] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 341.
[844] Исто, 341-342.
[845] Исто, 342.

населението.[846] Ѓорче Петров за овие реформи сметал дека тие се фрлање на прав во очите, а Пере Тошев не зазел став за ова прашањето.[847] Овој однос кон реформите, станал официјален став и на Организацијата.

Атанас Лозанчев е еден од ретките револуционери кој имал поинаков став за реформи. Лозанчев бил на мислење дека реформите треба да се искористат толку колку што може, при што на најдобрите работници од Организацијата да им се дозволи да прифатат служба во полицијата и администрацијата. Прагматизмот на Лозанчев оди дотаму што во врска со ова прашање, вели: „Кога некој ми должи 100 гроша и ми дава 10, јас ги прифаќам тие 10 гроша и останувам негов кредитор со 90 гроша".[848] Во 1937 година, Лозанчев констатира дека поради предизвиканите реформи востанието било успешно, но како и секогаш, „**не бевме доволно умни**" и предвидливи да го искористиме ова вмешување, бидејќи во Организацијата „имаше мнозина, макар и мали Гарибалдовци, но ниеден најмал Мацини, што значи повеќето револуционери подготвени на смрт, отколку прагматичари".[849]

Меѓу приврзаниците на Мирцштегските реформи, се нашол и Димо Хаџи Димов. Според него: „Со Мирцштегските реформи и се стави точка на таа положба. Трите македонски вилаети... се одделени во едно и се ставени под управа на еден главен инспектор со двајца цивилни агенти - а со тоа јасно се положени основите на идната **целокупна Македонија**... осигурувањето на целокупноста на Македонија, доближувањето на Европа преку нејзините непосредни органи до поробената маса, подземањето на македонското прашање од Европа и признавањето на населението за елемент што се бори за правдина - ете го значењето на Мирцштегските реформи. Со осигурување на целоста на Македонија, со стекнување меѓународен статус на нашето прашање, им се одзема можноста на мнозина дипломати и дипломатчиња да се мешаат со своите нечисти раце во нашите работи, од една страна, а од друга - им се одзема почвата на оние шовинистички борби, кои владата ги подржуваше на вештачки начин и кои го истоштуваа бедното и намачено население".[850]

Во однос на прашањето за Мирцштегските реформи, Ванчо Ѓорѓиев ја дава следната констатација: „Игнорантскиот однос на Организацијата кон Мирцштегските реформи е последица на отсуство на политичко крило со дипломатски манири и рационален прагматизам. Мирцштегските реформи, покрај своите недостатоци, преставуваат почеток на директно европско мешање во решавањето на македонското прашање. Меѓутоа, поради својот игнорантски однос кон реформите, Организацијата ја пропуштила можноста да стане конструктивен чинител во тој процес". [851]

Илинденското востание и Мирцштегските реформи го поттикнуваат Меѓународното социјалистичко биро да се занимава со македонското прашање. На 1-та седница на МСБ на 7.II.1904 г., во дискусијата за меѓународната политика, рускиот делегат Г. Плеханов предложил Бирото да се произнесе во полза за независност на Македонија. Х. Вотс (Англија) и Спиријани (Франција) се изјасниле за апстиненција на Бирото по предлогот. Ван Кол (Холандија) сугерирал најголема претпазливост по тоа балканско прашање (полно со темнина и интриги), додека В. Адлер (Австрија) изјавил дека австриските социјалисти им го признаваат право на Македонците за

[846] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република..., 345.
[847] Ванчо Ѓорѓиев, Атанас Лозанчев..., 208.
[848] Исто, 208.
[849] Исто, 213.
[850] Историска вистина, Прогресивната општествена јавност во Бугарија и Пиринска Македонија за македонското национално прашање - документи, студии, резолуции, апели и публицистички прилози - 1896-1956, Култура, Скопје, 198, 46-47.
[851] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република..., 346

самостојност како и на секоја друга нација. Меѓутоа, Адлер истакнал дека тие имаат друг поважен и поблизок интерес, интересот на пролетаријатот.[852] На крајот бил прифатен предлогот на Вајан (Франција) и била усвоена посебна резолуција. Во неа, меѓународното социјалистичко биро ги изразило своите симпатии на сите народи кои се борат за својата независност на Балканот енергично протестирајќи против маскарите во Македонија со цел за воспоставување и одржување на мир, бара потполна автономија на Македонија, како и давање права за опстанок и развиток на сите национални групации во оваа земја.[853]

Илинденското востание успева да го одвои македонското од глобалното источно прашање и Македонија станала главна тема меѓу големите сили. Во британскиот парламент за Македонија и македонското прашање во периодот помеѓу 1903-1908 година се говорело повеќе од 80 пати (1903 - 6 пати, 1904 - 16, 1905 - 18, 1906 - 19, 1907 - 13 и 1908 - 10 пати). За овој проблем Долниот дом посветил дури 74 седници, а Домот на лордовите 6 седници.[854]

Покрај Мирцштегските реформи, востанието од 1903 година водело кон други реформи на големите сили во Македонија. За да се обезбеди издршката на жандармеријата, големите сили и предложиле на Високата порта приходите од Македонија да останат за покривање на расходите. Според Христо Шалдев, на таков начин се поставило прашањето за финансиското оспособување на Македонија.[855] Пората го одбила ова барање, меѓутоа на 26.XI.1905 год. големите сили извршиле воена демонстрација кај островот Митилена и на 5.XII.1905 год. го освоиле островот Лемнос. На 16.XII.1905 год. Високата порта ги прифатила барањата и била формирана финансиска комисија. Според Шалдев: „**На таков начин Македонија финансиски се оспособи**“.[856]

Ревалската средба исто така е резултат на Илинденското востание.[857] Во Ревал (Талин) се одржува средба помеѓу британскиот крал Едвард и рускиот цар Николај. Двете страни прифаќаат нова програма за пацификација на Македонија и политички ја оспособиле Македонија преку давањето на автономна управа, меѓутоа реализацијата била спречена од младотурскиот државен удар.[858]

Крсто Петков Мисирков во својата статија „Борба за автономија“, објавена во 1914 година, анализирајќи ги последиците од востаничката 1903 година истакнува дека: „Јулското или, како што го викаат Македонците востанието од 1903 година, Илинденското востание ги имаше за своја последица не само македонските реформи; тоа помогна за воведување на устав во Турција, која преку симнувањето на Абдул-Хамид се надеваше дека ќе се избави од замешувањето на Европа во нејзините работи. Сите поважни настани во внатрешната политика на Турција од последната деценија... се во тесна врска со ова востание, со македонските востанички движења и со македонското прашање воопшто“.[859]

---

852 Данчо Зографски, За македонското прашање…, 103.
853 Исто, 103.
854 Историјски часопис - Филозофски факултет, Департмант за историју, Ниш, књ. LIX (2010), 336-337.
855 Христо Шалдевъ, Македония и копнежътъ й по свобода (сбитъ географско-исторически очерк), Библиотека българска книга no 13, Министерство на народното просѣщение, София, 1943, 92.
856 Исто, 92.
857 Сборникъ Илинденъ 1903-1924, Въ паметь на голѣмото македонско възстание, Издава македонско студентско дружество Вардаръ, София, 1924, 29.
858 Христо Шалдевъ, Македония и копнежътъ й по свобода…, 94.
859 Блаже Ристовски, Крсте П. Мисирков, Одбрани страници, Мисла, 1991, 372.

## ГЛАВА XI

## СПОРНИ ПРАШАЊА

*„Едно федеративно-републиканско управување во нашата татковина може да ги задоволи сите народности; може да ја премавне секоја почва за борба меѓу конкурентните држави тоа може да се јави како најдобар проводник за остварувањето на идејата за Балканска федерација. Во редовите на една федеративно-револуционерна организација, секој ќе се стреми да пројави најенергична дејност и секој со радост ќе умре, имајќи ги предвид оние виши цели, кои таа ги следи“* **- Димо Хаџи Димов**



**Пере Тошев**

**1.** Периодот од крајот на 1903 година па се до општиот Рилскиот конгрес, октомври 1905 година, е исполнет со бројни средби, советувања, околиски и окружни комитети.[860] На општиот Рилски конгрес му претходеле серија на окружни конгреси: Струмичкиот (1904 г.), Прилепскиот (1904 г.), Скопскиот (1905 г.), во летото 1905 година во Солунскиот револуционерен округ се одржале два конгреса, и по еден во Струмичкиот и Серскиот револуционерен округ.[861] Во текот на овој период во редовите на ТМОРО и македонското движење се водат спорови за следните прашања: централизација и децентрализација, во колкава мера треба да биде спроведен принципот на изборност за раководните лица, управните тела и делегатите на организациските конгреси, независноста на Организацијата од бугарската влада и другите надворешни фактори, четничкиот институт и неговото место во животот на Организацијата.[862] Сите овие прашања требало да бидат решени во ново настаната состојба - навлегувањето на вооружените туѓи чети.

За прв пат овие прашања се разгледуваат во текот на зимата 1903-1904 година кога се одржуваат нови софиски советувања. Од овие советувањата произлегува и „Директивата за идното устројство на Организацијата“, со „Упатства кон Директивата“. Тие се изработени од посебна комисија составена од Димо Хаџи Димов, Димитар Мирасчиев и Димитар Стефанов.[863] Директивата била размножена и растурена во внатрешноста на Македонија и била одобрена од Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ.

За софиските советувања, Никола Пушкаров во своето писмо до Христо Шалдев пишува: „Во тие собранија, јас се убедив, дека ние немаме револуционери по убедување, ниту дејци со изградени карактери, кои си изградиле еден мироглед за да го подржуваат и применуваат... И започнавме други собранија и заедно со делегатите можевме да го наложиме нашиот поглед. Велам наложиме, зашто тие и сега, особено Матов, се за едно вештачко востание за напролет, како да не се ослободува народот, туку ние сме повикани од Провидението да наложиме една слобода, за која ни влакно не е подготвено...[864] За да бидеме обезбедени, ние избравме една комисија, по еден од четирите вилаети, која што ќе ги преземе сите работи во свои раце и ќе има еднакви права со претставниците при решавањето на сите прашања. Во оваа комисија ги поставивме: Димитар Мирасчиев, Димитар Стефанов, Г. Поп Христов и Стефан Петров. Четворицата ги споделуваат нашите погледи и веруваме дека ќе чуваат. Се избраа привремени комисии за да изработат

[860] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 347.
[861] Исто, 409.
[862] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, кн. 7-8, Год. I., март – април, 1946 г., София, 331.
[863] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 214.
[864] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903…, 481.

правилници за делегатите и директиви за војводите и за легалните.[865] Во двете комисии влегувам јас и Стефанов... Директивите ќе служат за привремено раководење, додека се одржи конгрес...“[866]

Основните принципи на Директивата се изразувале во следното: 1) Востанието не треба да се предопределува и да се наметнува од одделни личности. Тоа треба да се диктира главно од внатрешните услови на организацискиот развој. 2) Во иднина, без да се определува моментот на востанието, треба да се работи на закрепнување и засилување на Организацијата. 3) Се разбира, тоа не ги исклучува терористичките акции кои може да ги преземе Организацијата, било за да ја истакне својата моќ, било да воспостави врска меѓу минатото и претстојното, или, најпосле, да ги челичи своите активности во револуционерната борба.[867]

За спроведување на Директивата е дадено и Упатство.[868] Кое ги предвидува следните точки: 1) Интернационална почва за агитација**.** Се укажува на деликатната положба на револуционерот поради многу националноста на населението, и уште повеќе поради потпалуваната национална нетрпеливост. Негова задача е да ги елиминира или да ги слабнее националните караници. Како точка за зближување се препорачува бруталното ропство, кое еднакво им пречи на сите, и идниот политички живот на Македонија, за основан на претставничко управување, кое ќе создава услови за една балканска федерација, институции (претставничкото управување и балканската федерација) способни да ги гарантираат правата на сите националности што ја населуваат територијата на Организацијата.[869] Националистичките борби, поддржувани и разгорувани од соседните држави, ја разјадуваат земјата, не само да се истакнува штетноста за сите од овие борби, туку пред се револуционерот да се ослободи од националистичките заблуди, да биде искрен, да одбегнува се што предизвикува сомневање во национализам и да отстранува се што го разгорува шовинистичкиот оган. За да не им се дава место на сомневањата во управните тела треба да влегуваат способни и надежни луѓе од разни националности, во четите да се примаат добрите револуционери независно од нивната националност. Воопшто, управувањето на организацијата треба да биде образец за идното претставничко управување.[870] 2) Групирање на националностите во политичка единица. Групирањето на националностите во политичка единица се истакнува како цел на Организацијата, не само поради разбудување и политичко осознавање на масите, туку и заради групирањето на разните национални елементи. Оваа политичка единица ќе го гледа и сознава својот спас и својот иден прогрес во самостојноста на Македонија и Одринско. Потребно е да му се објаснува на народот дека меѓународната положба на македонското прашање заедно со етнографската распределба не дозволува остварување на никаков државнички идеал за делба и присоединување. Потребно е да се разјаснат лакомите стремежи на соседните држави за откинување парчиња од Македонија и Одринско, не од хумани или братски чувства, туку од државнички егоизам.[871] Идејата за Балканска федерација треба да легне во основата на зближување, и толку да се засили, што да им се наложи на соседите како единствен излез за спасување на сите. Македонија и Одринско, како самостоен член на таа федерација, ќе послужи како центар за зближување на интересите на сите членови на федерацијата.[872]

Особена важност во Упатството и се дава на потребата од создавање револуционерна литература, со која треба да се објаснува и да се објасни специфичноста на македонското прашање како европско прашање. Неопходноста од неа е подвлечена и врз основа на искуството, што се

[865] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903…, 481.
[866] Исто, 481-482.
[867] Иван Катарџиев, Борба до победа, том четири ..., 98.
[868] Иван Катарџиев, Борба до победа, том први, Мисла, Скопје, 1983, 635.
[869] Исто, 638.
[870] Исто, 638.
[871] Исто, 639.
[872] Исто, 639.

огледало во отстапувањето на Организацијата од нејзината сепаратистичка основа, во нејзиното влегување во компромис со Егзархијата, т.е. во нејзиното постепено паѓање под влијание на бугарската политика, што на крајот на краиштата довело до интервенција и на другите балкански држави, и до претворање на Македонија во гладијаторска арена.[873]

Според Директивата, глупавата самоистребувачка борба што се води внатре е неизбежна последица на: 1) скршнувањето на Организацијата од нејзините непосредни цели 2) на тоа што таа речиси ништо не направи политички да го осознае народот, да го натера да ги сфаќа своите вистински интереси.[874] Суштината на борбата, што ја водела и ја води Организацијата, внатре и надвор со националностите, се изразува во тоа дали да остане револуционерна во полна смисла на зборот и како таква, побавно, но сигурно да оди кон својата цел - Македонија и Одринско независни како одделна самостојна политичка единица на идната Балканска федерација – или да се претвори во бунтовничка и како таква да направи најголемо содејство нашата татковина да се подели, да се реализираат мегалоидеите на соседните заинтересирани држави.[875]

Во постилинденскиот период, македонските револуционери се обиделе да ја консолидираат Организацијата, меѓутоа полемиките и поларизацијата, кои започнале по Илинденското востание се продлабочиле. Ванчо Ѓорѓиев истакнува дека водечките личности, наместо во потрага по конструктивни решенија за излез од кризата, се впуштиле по сојузници и приврзаници за наметнување на сопствените ставови и влијанија. Со тоа јазот се продлабочувал, а меѓусебните критики и судири се заостриле.[876]

Даме Груев еден од најзначајните личности во Организацијата се нашол на спротивни позиции од Пере Тошев и Ѓорче Петров. Груев бил во лоши односи и со Борис Сарафов, кој своето влијание го ширел преку поединци како Васил Чакаларов. Груев исто така бил и во лоши односи и со Атанас Лозанчев. Даме Груев поради своите централистички ставови се нашол на крајно дијаметрални позиции од претставниците на Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ. Кон крајот на август 1904 година, во Софија пристигнал Ѓорче Петров кој зборувал дека Даме Груев бил уморен и му е потребна замена, дека на Организацијата во Македонија и е потребно освежување доколку мисли да ја продолжи и доврши започната борба.[877] Во овој период, Ѓорче Петров во едно интервју на прашањето дали Организацијата ќе има свои претставници во Бугарија, одговорил негативно. Во своето понатамошно искажување образложува „принципот сега веќе е друг! Внатрешните - внатре, надворешните - надвор. Едните на другите нема да се мешаат".[878] Според Ѓорче, Организацијата не требала да се меша со Цончев, Мене, Сарафов, Татарчев, Матов, „зошто ние сме надворешни, исто како што ние нема да им се мешаме на нив..."[879]

Ѓорче Петров тогаш соработувал со Пере Тошев, Петар Поп Арсов, Јане Сандански и др. Тие се залагале за значајни промени во организациски поглед, прекинување на сите врски со која било бугарска влада и распуштање на тогашното Задгранично претставништво.[880] Предложиле наместо него да се формира тајно претставништво од 4 души од кои по еден во Србија, Бугарија, Турција и Швајцарија, или воопшто во странство.[881] Во такви околности, на 30.VIII.1904 год. биле

[873] Иван Катарџиев, Борба до победа, том први ..., 639.
[874] Исто, 639.
[875] Исто, 639-640.
[876] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 228.
[877] Исто, 397.
[878] Македонска зора; Илюстровано политико-литературно списание, Год. II, Брой V, 1904, 12.
[879] Исто, 12.
[880] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 397
[881] Исто, 398.

затворени просториите на Задграничното претставништво, а пред неговите врати се наоѓал човек кој ги враќал назад сите што доаѓале за каква било помош, а четниците ги упатувал на работа.[882] Во овој период, Даме Груев во поглед на идното устројство на Организацијата бил на иста линија со Христо Матов и Татарчев. Во ноември 1904 година, по пристигнувањето на Даме Груев во Софија, имал отворен физички судир со Атанас Лозанчев.[883]

Според Св. Симиќ, во декември 1904 година во македонското движење постоеле неколку групи: една околу Борис Сарафов, кон која клонеле Ѓорче Петров, Васил Чакаларов, Ап. Димитров и други, другите околу Христо Татарчев и Матов, трета околу Даме Груев, четвртата била анархистичка, во која учествувале Петара Поп Арсов, Михаил Герџиков, Васил Пасков, Димитар Мирасчиев и други, групирани околу весникот Революционерен лист.[884] Фракцијата на Даме Груев водела жестока борба против Борис Сарафов, кого го обвинувале дека бил подготвен на разни компромиси, дека примал помош од Србија и Австро-Унгарија, дека за сметка на последната агитирал меѓу Македонците, а во исто време добивал обилна помош во пари и оружје од бугарската влада. На 16.III.1905 год. Св. Симиќ информира дека како одговор на компромисот кој го направил Даме Груев со Гарванов и Иван Цончев, на друга страна дошло до приближување на ставовите помеѓу Сарафов, Ѓорче Петров, Пере Тошев и Атанас Лозанчев.[885]

За овие настани дознаваме и од писмото на Иван Цончев испратено до Фредерик Мур во кое било истакнато дека единството кое постоело во текот на Илинденското востание повторно било прекинато. Според Цончев, во македонското движење постоеле три групи: приврзаници на Цончев, приврзаници на Дамјан Груев и т. н. анархисти на чело стоеле Борис Сарафов, Јане Сандански и др.[886] Цончев исто така вели дека со групата на Груев немале фундаментални разлики во споредба со анархистичката група. Според Цончев: „Во текот на последните месеци беа направени напори за разбирање помеѓу нас и Груев. Основите за разбирање се дури и утврдени. Ако овие напори се успешни во целост, се надеваме дека ќе имаме силна револуционерна организација која ќе може да ги отстрани сите штетни и деморализирачки елементи во македонското движење и да ја искористи сета своја моќ...“[887]

Даме Груев преку помирувањето со Иван Цончев се обидува да го засили своето влијание во Организацијата, меѓутоа влегувањето на Цончев имало за цел засилување на бугарското влијание во македонското револуционерно движење. Ова е забележливо во писмото на Атанас Лозанчев до Димитар Ризов од 10.XII.1904 год. во кое меѓу останатото пишува: „Владата лови риби во сегашното матно време и ако работите не се средат, ќе се простиме од независноста на Организацијата. А Организацијата ќе биде силна, додека е независна... Продавањето на владата сега изгледа евтино, но кога ќе настапи време да се продаваат војводи и началници на Србите и на другите непријатели, како што беше едно време со даскалите, тогаш јасно ќе ја видиме целата раскапница“.[888]

**2.** Бугарските политички кругови отсекогаш се интересирале за македонското движење, и секогаш се воделе врз основа на сан-стефанскиот прелиминарен договор кој што бил основното извориште на големобугарската идеја и политика кон Македонија.[889] Бугарската влада преку

---

882 Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 398.
883 Исто, 398.
884 Исто, 398.
885 Исто, 399.
886 Frederick Moore, The Balkan trail..., 294-295.
887 Исто, 295.
888 Ванчо Ѓорѓиев, Атанас Лозанчев..., 237.
889 Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година за состојбите во Македонија и ВМОРО и бугарската политика кон нив, Историја, год. XXXIII, Скопје, 1997, број 1-2.

трговските агентства во Македонија, и по разни канали во Бугарија, во прво време настојувала да развие контакти, а потоа влијание и контрола врз Организацијата или врз одделни нејзини претставници со цел да ја стави Организацијата во служба на својата политика.[890] Кризата и поделбите во македонското движење биле искористени од страна на бугарските кругови. Во тој правец треба да се разбере и формирањето на Второто политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија, кое исклучиво се занимавало со македонското прашање.

За основањето на одделениеото дознаваме од еден српски документ од 22.XII.1904 год. во кој се вели: „За што поживо и посистематско **развивање на бугаризацијата** во Македонија, во Министерството за надворешни работи... е основано посебно одделение за чиј привремен шеф е поставен некој Радев, не Сименон Радев, туку брат на А. Радев, бивш министер за правда, а Македонец по род. За шеф е нуден и Н. Наумов... Но, овој своето прифаќање го условил со тоа: Од Министерството за надворешни работи, Внатрешната организација да се помага само материјално и со дипломатски акции, но, не и да се управува. Самиот тој акт што тој не е назначен за шеф, покажува не само дека тој услов не е прифатен, туку и што треба да биде задача на оваа одделение“.[891]

Во својот извештај од 25. III. 1904 год. Второто политичко одделение на јасен начин ја формулира идеолошката суштината на серчани и струмичани. Според извештајот: „Интернационалноста во Организацијата не ќе рече прекинување на сите врски и одрекување од нашата (бугарска б.н.) народност, како што проповедаат некои диви социјалисти од типот на Сандански и Чернопеев“.[892] Во понатамошниот дел од извештајот дознаваме дека: „Училиштата го создадоа бугарскиот народ. Автономијата, ако таа се оствари, нам не ни е потребен како одвлечен принцип на слободата. Таа, треба да биде или бугарска автономија или никаква“.[893]

Според Второто политичко одделение идејата за автономна Македонија се оцрнила во нејзините основи и во нејзините резултати, и едни се „незадоволни од претставниците на автономниот принцип, и за да ја потцртаат појасно својата мисла им го прикачуваат на истите терминот сепаратисти, со едно сфаќање, кое ја пресекува секоја политичка врска меѓу Кнежевството и Македонија во иднина“.[894] Од извештајот исто така дознавале: „Имало ли некогаш сепаратисти и дали тие биле опасни по народното единство? Лицата за кои станува збор, имаат за себе 10-15 годишна работа... Тие сепаратисти се интелектуална рожба или на нашите средни училишта, или на Солунската гимназија. Некои од нив минале и низ нашите универзитети и само малкумина учеле во странство. Уште при првиот чекор во нивната општествена кариера, тие го добија од своите противници тоа мало ласкаво именување. Сепаратизам! Што означуваше едно време тој термин? Некогаш тој беше прикачен на група млади луѓе, кои за својот излив на енергија, најдоа многу тесни рамки за дејност во нашите општини во Македонија. На, тоа единствено поле за општествена работа, беше тешко да се работи легално, поради пречките од некои егзархиски чиновници. Ако се осврнеме кон некогашните сепаратисти и сегашните револуционерни водачи, ми се чини дека не ќе можеме констатираме друго, освен нивната трајна приврзаност кон народот и промена во приложувањето на нивната енергија од едно поприште на друго.[895] Луѓето кои навистина ја оцрнуваат автономијата и предизвикуваат сомневање во нивните чувства кон народното единство, за жал постојат во Организацијата“.[896]

---

[890] Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година..., 77-78.
[891] Исто, 78.
[892] Исто, 86.
[893] Исто, 89.
[894] Исто, 94.
[895] Исто, 96.
[896] Исто, 96.

Според Второто политичко одделение, сепаратистите биле брутална реакција против активното појавување на генерал Цончев на револуционерното поприште и „нивното истакнување се совпаѓа со последниот факт, а нивниот реон на дејствување не се оддалечува многу, од реонот на... Цончев. Тие луѓе се пилиња од софиските социјалистички гнезда. Затоа и во Македонија ги носат одрекувањата и илузиите на тие гнезда. Тие, кои мислат, дека можат лесно да се отцепат, живеат со илузиите за некакво взаемно помирување на народите. Тие гледаат пречка во одделните аспирации на секој народ за територијално проширување. Како Бугари, тие сакаат да дадат пример: тие се одрекуваат од политичката целина со Бугарија и претпочитаат да образуваат од Македонија одделна политичка единица, која ќе послужела барем како јатка на идната Балканска федерација. Дали има некаква опасност за нашето национално единство... од тие луѓе и погледи? Луѓето од таа група, се рожба на една морална криза, која е внесена од тука... во Македонија, а се одржуваат со страшен терор. За одбележување е и дека, меѓу водачите на таа група нема Македонец, тие сите се од Кнежевството. Тие луѓе, како тука... така и таму..., претставуваат буен поток, кој се одвоил од општиот тек на големата вода...“[897]

Во извештајот исто така се вели дека самоистребување може да се „пренесе во Кнежевството. Социјализмот, кој расте во горите и се храни со човечка крв не познава никакви скрупули, никакви државни резони и никакви елементи на ред и мир. Безредието и нередите се неговата атмосфера. Луѓето од таа група се вдаховуваат од мислата дека живеат за Македонија и само за Македонија...“[898] Според извештајот на Второто политичко одделение: „Ете зашто се хранат со илузии... Да не допуштат на бугарскиот кнез да стави кралска круна на својата глава за сметка на Македонија, а исто ја бранат целоста и независноста на земјата од пљачката на кнезот. Бугарскиот кнез е клучна точка за нивната група! Што да се прави? При така поставеното прашање треба да се припомне нашата задача во македонското прашање: од една турска Македонија, ние треба да создадеме една цела неделива и бугарска Македонија“.[899]

Второто политичко одделение во однос Организацијата препорачува дека треба да се помогне „нејзиното соземање, под водството на умерените елементи и при поставување на моќна хармонија меѓу сите... Да се даде материјална помош на сегашното Претставништво, за која тоа сега тропа на други врати; но таа помош, не треба да му се дава преку трети лица, туку директно нему. Со тоа се компромитира основната положба, од која произлезе изборот на Претставништвото; и се постигнува раздор меѓу него и луѓето од категоријата на Сандански, фактички и на преостанатите со старите разбираа, им се налага еволуција на умерените елементи. Да се натера... Цончев формално да ја растури својата група и да влезе во Организацијата, за да се слее со умерените елементи... да се отстранат и направат безвредни екстремните елементи, кои никогаш нема да се вразумат и секогаш ќе се мешаат“.[900] Ако внимателно се анализира, препораките на Второто политичко одделение имаат за цел преземање на Организацијата преку бугарофилските елементи и приврзаниците на Иван Цончев.

Ова конкретно јасно се одразува и во тајното известување Андреј Тошев од 28.XI.1907 год. до министерот Димитар Станчов за македонското прашање. Според Тошев, факторите кои

---

[897] Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година..., 96-97.
[898] Во извештајот има обид за идеолошки колорит во смисла дека станува збор исклучиво за личносто од социјалистичка провиненција. Наводно, револуционерите под влијание на социјалистичките идеи се објавиле за политичко одделување на Македонија и Бугарија. Меѓутоа, веднаш потоа се искажува дека тие **се вдаховуваат од мислата дека живееат за Македонија и само за Македонија**. Ако внимателно анализираме, споменатата група се состоела од македонски патриоти, со ралични идеолошки убедувања, кои интересите на Македонија ги ставале пред интересите на Бугарија. Во спомената групација има револуционери од социјалистичка провиненција, а тие се нашле таму бидејќи нивните погледи за иднината на Македонија се поклопувала со погледите на сепаратистичка групација.
[899] Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година..., 97-103.
[900] Исто, 104-105.

влијаеле врз решавањето на македонското прашање биле: Бугарската егзархија, Внатрешната организација, бугарските трговски агентства - респективно бугарските влади, инородните пропаганди и нивите револуционерни организации, европската реформска акција и Османлиската власт.

Во извештајот, Андреј Тошев вели дека помеѓу Бугарската егзархијата и Организацијата постои недоразбирања, затоа што Егзархијата како официјална власт се стреми да дејствува со легални средства, пред се преку училиштата и црквите. Од друга страна, Организацијата како тајна револуционерна власт дејствува преку револуционерни средства. Според Тошев бидејќи Егзархијата дејствува по еволутивен пат, а втората по револуционерен помеѓу нив не постои хармонија. Тошев исто така вели дека овие конфликти честопати добивале остар карактер - насилно прогонување на некои од претставниците на Организацијата или заплашување со смрт и убиство од страна на Организацијата. Како пример за овие недоразбирања, Андреј Тошев го посочува инцидентот во Скопје помеѓу Егзархијата и Организацијата во 1907 година. Како причина за судирот се посочува негативното држење на егзархискиот секретар Тилков кон Организацијата, но и членовите на самата Организација кои биле опасни и расадници на социјализмот и интернационализмот.[901]

Во понатамошниот текст Андреј Тошев истакнува дека Организацијата е неопходна како фактор која во иднина ќе има важна улога во решавањето на македонското прашање. Според погледите на Тошев, револуционерните комитетите се нужни за да се одржува анархија во Македонија и да се прикаже неспособноста на турската власт. Тошев исто така не заборава да посочи дека Организацијата треба да дејствува против грчките и српските чети, кои имале за цел да ја изменат етнографијата во Македонија. Тошев го поставува и прашањето каква треба да биде новата тактика на Организацијата при денешните услови? Според него, Организацијата треба ги направи следните измени. Поради воведувањето на европската контрола, Организацијата треба да се откаже од динамитските акции. Организацијата да го реформира четничкиот институт. Според Тошев, во оние реони каде македонското население се наоѓа под притисок на српските и грчките чети, организациските чети треба да бидат побројни и подобро вооружени за да можат да настапуваат против нив. Формирањето и преминувањето на четите од Бугарија треба да се реформира. Бидејќи бугарската влада се наоѓа во неудобна положба и се остава впечаток дека делото е поттикнувано и поткрепувано од Бугарија.

Според Андреј Тошев, Организацијата треба да престане со насилно собирање на финансиски средства од македонското население, а со финансиски и материјални средства треба да биде снабдена од Задграничното претставништво. Ако внимателно се анализира, легитимно се поставува прашањето од каде претставништвото би ги пронашло посочените средства? Средствата секако би можеле да дојдат од македонската емиграција, меѓутоа Тошев пред се мисли на бугарската влада. Тој исто така вели дека Организацијата треба да ги помага егзархиските органи и трговските агентства во Македонија и Одринско, односно бугарската пропаганда. Но, некои од бугарските агентства биле изолирани од страна на Организацијата, и затоа Андреј Тошев препорачува дека „бугарската влада треба час поскоро да стави рака врз Организацијата, така што ќе ги поведе сите нејзини водачи под ист знаменосец. Овој императив е наметнат од врховните и добро разбраните интереси на нашата национална (бугарска б.н) кауза. И моментот за постигнување на тоа е најудобен сега, кога самата Организација е доволно разнебитена, за да може да се спротивстави на подобна акција од страна на бугарската влада. Бугарската влада не може и

---

[901] Македонския въпрос – най-крупният в нашата вътрешна и външна политика; Поверителен доклад от Андрей Тошев по Македонския въпрос от 1907 г. http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=656:2014-08-11-17-32-13&catid=29:2010-04-24-09-14-13

не траба да ги трпи војводите од Пирин да ја создаваат **македонската**, а следствено и политиката на Бугарија. Организацијата во бугарски раце и дисциплинирана соодветно, може да стане моќен фактор, кога ќе дојде времето, за постигнување на целта".

На крајот од својот извештај, Тошев го поставува прашањето каква треба да биде политиката на бугарската влада кон македонското прашање. Според него, Организацијата треба да биде преземена од бугарската влада, да биде стерилизирана и подготвена за тешката задача која ќе и биде доверена, и улогата која ќе треба да ја изигра еден ден не по каприц на некој планински војвода, туку согласно татковинските интереси, како што ги разбира бугарската влада. Според Андреј Тошев „**...сега моментот е најзгоден, бидејќи Организацијата е болна**" и препорачува да се воспостави систем и ред за се, преку: 1) Со безрезервното давање пари и оружје не само што не се постигнува целта, туку и Организацијата се ослабува. 2) Кога бугарската влада ќе стане господар на таа Организација, разногласијата помеѓу нејзините разни водачи ќе се намали во голем степен, и ако не исчезнат сосема, ќе се создаде она единство, од каде што ќе произлезе и силата на самата Организација. 3) Лицата, кои ќе застанат на чело на таа Организација, треба во се да бидат одговорни пред бугарската влада. Владата во својот буџет треба да предвиди најмалку 400-500 000 лева за Организацијата. Според Тошев, ако владата не се вмеша, ќе дојде денот кога македонските водачи ќе се истребат едни со други и ќе го исчистат теренот за бугарските непријатели.[902]

**3.** Недоразбирањата и идеолошките разлики биле очигледни во текот на окружните конгреси кои му претходеле на општиот Рилски конгрес. Главни иницијатори за свикување на Прилепскиот подвижен конгрес биле Христо Узунов и Ѓорѓи Сугарев, поткрепени од Пере Тошев и Ѓорѓи Поп Христов.[903] На конгресот се спротивставиле двете концепции за устројството на Организацијата. Даме Груев се залагал за стариот централистички поредок, меѓутоа на негова страна не застанал никој од повидните и триумфирал демократскиот концепт што бил застапуван од Пере Тошев, со силна поддршка на Ѓорче Петров. П. Тошев понудил проект-правилник заснован врз демократски принципи и изборни начела, централизацијата требало да биде заменета со децентрализација од највисокиот раководен орган, па се до селските комитети. Бил предложен сложен механизам за високите раководни институции. Таквиот концепт давал можност за повеќе иницијативи од поширокиот круг на раководители. Овој проект-правилник именуван како Образец 1, бил поддржан од повеќето ученици.[904] Проект-предлог на Даме се потпирал на старите принципи, но поради отсуство на изборниот принцип неговиот концепт не бил прифатен.[905] Ванчо Ѓорѓиев истакнува дека Даме Груев увидел дека е на страната која губи, и отстапил од својата првобитна позиција. Оттука, произлегол неговиот втор проект - правилник, познат како Образец 2, кој во основа бил првиот проект, само во поумерена форма.[906]

На конгресот било поставено и прашањето за односот на Организацијата кон странските пропаганди, особено кон српската и грчката.[907] За ова прашање дошло до остар судир помеѓу Пере Тошев и Ѓорче Петров. Пере се залагал за превртување на србоманските и гркоманските села во егзархиски и во тој контекст да се влезе во отворено борба со српската и грчката пропаганда.

---

[902] Македонския въпрос – най-крупият в нашата вътрешна и външна политика; Поверителен доклад от Андрей Тошев по Македонския въпрос от 1907 г.
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=656:2014-08-11-17-32-13&catid=29:2010-04-24-09-14-13
[903] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 355-356.
[904] Исто, 358.
[905] Исто, 358.
[906] Исто, 359.
[907] Исто, 359-360.

Ѓорче Петров бил категорично против, истакнувајќи дека на тој начин Организацијата би се нашла во улога на поддржувач на Егзархијата, а следствено и на бугарската пропаганда.

Јордан Тренков кој го застапувал гледиштето на Пере Тошев, во своето писмо од 18.VI.1904 год. за ставовите на Ѓорче Петров за ова прашање пишува: „Тој наоѓаше дека строго осудувачки било за нас патриотите - револуционери да стануваме агенти на Егзархијата и на бугарската влада, кои никогаш, никогаш не го сакале нашето ослободување, туку просто се стремеле за постигање на државни цели... тој отиде до таму, што напомна како многупати бугарските митрополити, Егзархијата, министрите во Софија и самиот кнез биле многу поопасни за нашето дело, отколку самите Турци. Во заклучокот тој предложил еднакво да ги истребуваме бугарските, српските и грчките конзули и митрополити како директни предавници и вистински виновници за националните расправии“.[908] Во почетокот Даме Груев го поддржувал ставот на Пере Тошев, но подоцна го променил своето мислење. Груев не го оспорувал овој принцип, меѓутоа според неговите погледи, Организацијата нема тактички луѓе за борба со пропагандите, оттука внатрешните дејци не треба да ја прифатат таа борба, за да не бидат обвинети дека ја подржуваат бугарската пропаганда и со тоа да го потопат авторитетот на Организацијата.[909]

Србоманските и гркоманските села биле основа за зацврстување на вооружените пропагандите, од каде вооружените чети можеле да го шират влијанието и во егзархиските села. Предлогот на Пере Тошев имал практична примена. Со превртувањето на селата во егзархиски, се одземала базата на српските и грчките чети. Организацијата не го ширела влијанието на Егзархијата, туку го ограничувала влијанието на Патријаршијата, од друга страна Организацијата можела своите одлуки да ги наметне во Цариград кај егзархот, но таков не бил случајот и со Патријаршијата. Со преминувањето на егзархиските села во патријаршиски, се ограничувало влијанието на Организацијата. Во тој контекст, Даме Груев го прифатил превртувањето на селата, меѓутоа бил свесен дека немаат луѓе за таа работа и Организацијата може да се компромитира. Ѓорче Петров бил против превртувањето на селата бидејќи со тоа, според него се нарушувала суштината на Организацијата.

Скопскиот окружен конгресот започнал со својата работа на 2.I.1905 год. во селото Кнежево, Кратовско. На Конгресот отсуствувале револуционерните првенци, претставниците на идејните струи, како Даме Груев и Пере Тошев и доминирал војводскиот кадар: Ефрем Чучков, Мише Развигоров, Стефан Димитров, Крсто Б’лгаријата, Атанас Бабата, Петар Ангелов, Кр. Нунков и др.[910] Легалните дејци биле малобројни, речиси сите учители, едни на служба, други под забрана да работат и набљудувани од власта во родните села, а меѓу последните бил и Тодор Александров.[911] На Конгресот биле разгледани следните прашања: 1) Досегашната и идната дејност. 2) Разгледување на сите проект - устави, правилници за селските и за реонските чети, директивата одобрена од Мелничкиот и Струмичкиот револуционерен округ, основите од Брут. 3) Неопходна ли е подврзувача нишка на реоните во Округот? 4) Избор на надворешен задграничен претставник. 5) Односот кон надворешните задгранични влијанија. 6) Односот кон разните пропаганди (национални). **7**) Прашања од економски карактер.

Конгресот ги прифатил петте основни начела, резимирани од Христо Матов: принципот на автономија, принципот на внатрешност, принципот на револуционерна борба, принципот на политичко-економска почва и принципот на самостојност. Конгресот ја прифатил и Директивата, но со забелешка дека Организацијата ќе ги гони сите Срби кои не се потчинуваат и кои не ќе го

[908] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Републик…, 360.
[909] Исто, 360-361.
[910] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 386-387.
[911] Исто, 387.

почитуваат нејзиниот статус, како што ги гонела врховистите во 1902-1903 година. Смислата на тоа дополнување е дека Србите и србоманите ќе се примаат и во иднина во Организацијата, доволно е тие да се потчинат на статусот, и да не се приклучат кон нејзините непријатели. Една таква непријателска сила во изминатата година и половина во Скопскиот округ е српската вооружена пропаганда, и следствено, ќе бидат прогонувани оние кои ја подржуваат.[912]

Разгледувајќи го битолскиот проект-правилник, конгресот главно го има предвид организирањето и раководењето на Скопскиот округ, а не целата Организација. Проект-правилникот со сите корекции биле прифатливи за Скопскиот округ, независно дали измените ќе бидат прифатени од другите окрузи. Организацијата во странство се претставува од своите рамноправни претставници, кои се избираат по еден од секој округ, на окружните конгреси за една година. Шестмина задгранични претставници (за 6-те округа) избирани само за една година, ополномоштени само од еден круг и задолжени да се грижат само за потребите и интересите на својот округ! Според Силјанов*:* „Очигледно учесниците на конгресот сакајќи да имаат сопствен претставник, не размислиле доволно за потребите за единството и работоспособното претставништво на целата Организација“.[913] Конгресот го избрал своето окружното раководно тело, предлагајќи го за претседател Даме Груев, а Иван Гарванов  за задграничен претставник на Скопскиот револуционерен округ.[914]

Кон крајот на мај или првата половина на јуни 1905 година се одржал првиот конгрес на Солунскиот револуционерен округ.[915] Првиот Солунски окружен конгрес тргнал по стапките на скопскиот и именувал двајца задгранични претставници: Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов. За началници на организационо-агитаторските чети во Солунскиот округ биле избрани Борис Сарафов и Ѓорче Петров.[916] Првиот Солунски окружен конгрес покажал дека во овој округ било сосема слабо влијанието на Даме Груев и неговите приврзаници. Затоа дошле и првите реакции против решенијата на конгресот. Даме Груев и Иван Гарванов, незадоволни од составот на военото началство за солунскиот округ, во договор со Христо Поп Коцев и Димитар Мирчев, пишувале во Солун дека таквиот избор не можат да го признаат, бидејќи на конгресот овој пат не биле застапени сите нелегални членови.[917] Вистинската причина за нивното негодување бил изборот на Ѓорче Петров и Борис Сарафов кои не ја одобрувале работата на Иван Гарванов и Даме Груев. Легитимноста на првиот Солунски окружен конгрес била оспорена и од страна на струмичани и серчани, а нивното незадоволство е поради благиот однос кон Борис Сарафов.

Оттука бил организиран Вториот солунски окружен комитет (август 1905 година) кој поминал под влијание на Петар Поп Арсов и Директивата. Определбите на Поп Арсов во овој период ги дознаваме од српските дипломатски извори и според нив Поп Арсов агитирал дека: „Врховистите си ја одиграа својата улога, исто како и српската пропаганда. Внатрешната организација која се потпира врз народот, е единствен фактор на кој во Македонија треба да се смета. Но, заради, тоа народот треба подобро да се организира за борба. Основата на организацијата е федеративна, целта - **сепаратизмот**“.[918] Петар Поп Арсов се спротивставил на идејата за востанието и „веќе мисли дека сета работа треба да се прилагодува така што ќе доведе до меѓународна интервенција, па според тоа да се изберат и средствата. Малите терористички чети и работите со бомби веќе се покажале како најдобро средство за таква работа“.[919]

---

912 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…,  388.
913 Исто, 389.
914 Исто, 389.
915 Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 102.
916 Исто, 102.
917 Исто, 103.
918 Исто, 103
919 Исто, 102-103.

Во протоколите на вториот солунски окружен комитет биле вградени голем дел од ставовите изнесени во проектот за уредување на Организацијата од Димо Хаџи Димов. Конгресот ги разгледал следните прашања: меѓународни аспекти на македонското прашање, гарантирање на автономијата на Македонија, како од големите сили, така и од балканските држави, пропагирање во странство преку еден независен орган, идната тактика на Организацијата, реорганизација на четничкиот институт, односот кон странските пропаганди, односот кон егзархијата, задолжителното основно образование, устројство на организацијата, судење на Борис Сарафов од општиот конгрес.

Ванчо Ѓорѓиев вели дека влијанието на Петар Поп Арсов особено се чувствува во деловите од протоколите што се однесуваат за Егзархијата и македонските општини, а изнесените ставови речиси се идентични со брошурата „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“. Во однос на тоа, во записникот стои: „Меѓу нас се малку, оние што ги издвојуваат интересите на Организацијата од интересите на Егзархијата. Оттука, во записникот било предложено: Ако Организацијата искрено е предадена на својата девиза, таа во Егзархијата треба да гледа непријател, исто толку опасен, колку што се за нашата самостојност патријаршијата, српската пропаганда и разните други пропаганди“. Понатаму било препорачано дека: „Организацијата треба да се погрижи **да го ограничи влијанието на Егзархијата** во Македонија и да ги замени сите егзархиски институции со чисто народни“. За црковно-училишните општини било побарано да бидат заземени од интелигентни и самостојни луѓе кои немало да зависат од егзархиската каса и ќе го ограничиле нејзиното влијание. Општините требало да станат народни институции, а не егзархиски.[920]

Кон крајот на јули 1905 година, се одржал конгресот на Серскиот окружен комитет.[921] На дневен ред биле следниве точки: 1) Извештај за положбата на Организацијата во Округот од легалните и нелегалните работници. 2) Аграрното прашање. 3) Просветното дело. 4) Распределба на бојните сили по околиите. 5) Избор на комисија за резолуциите, избор на раководни тела и избор на делегати за Општиот конгрес[922]

Конгресот го прифатил изборниот принцип, сите места во раководните тела требало да бидат изборни, реонските војводи да се преизбираат секоја година од околиското тело. За да не се злоупотребува со изборноста, било донесено ограничување при изборот на делегати за Општиот конгрес. Конгресот решил, освен членовите на задграничното претставништво, никој да не може да биде избиран за делегат на Општиот конгрес ако најмалку една година без прекин не престојувал на организациска територија**.** Што се однесува до задграничните претставници, било прифатено решени секој округ да има свој претставник.[923]

Конгресот решил да се бојкотираат сите иницијативи на османлиската власт, запознавање на јавноста со сите нанесени навреди и злосторства од неа над христијанското население. За односот кон националностите (вклучително и турската) биле решено дека треба да се направи јасно разграничување што се тоа власти, а што односи со народностите, пред се со турската.[924] Односно дека во Организацијата може и треба да се примат сите симпатизери, без разлика на вера, народност и материјална положба. Во однос на аграрното прашање било решено дека треба да се откупуваат беговските имоти, по ниски цени. За да се натераат на тоа, било препорачано да се пакости на чифликсајбиите, со што ќе бидат принудени да се откажуваат од своите имоти. Во

920 Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 104.
921 Иван Катарџиев, Борба до победа, том први..., 657.
922 Исто, 658.
923 Исто, 659.
924 Исто, 659

однос на просветата било решено дека по селата и градовите треба да бидат распоредени учители и на тој начин да бидат задоволени потребите на самото просветното дело. Исто така било заклучено дека на определени стратешки места за револуционерното дело да бидат поставени најдобрите просветни и револуционерни работници, барајќи од Егзархијата и митрополитите тоа официјално да го сторат.[925]

[925] Иван Катарџиев, Борба до победа, том први..., 660.

## ГЛАВА XII

## ДВЕ СТРУИ

*„Во првата струја, се исправуваат погледите и стремежите произлезени од средината на слободно-мислечката младина, учителството. Тие, ослободени од секаков шовинизам... Во втората струја се изразуваат погледите и стремежите на елементите од средината на македоно-одринската емиграција... Тие... го држат високо знамето на Целокупна Бугарија"*- **Димо Хаџи Димов**



**Димитар Мирасчиев**

**1.** Во периодот помеѓу Илинденското востание и Рилскиот конгрес во редовите на револуционерната организација и движењето се забележуваат недоразбирања за повеќе суштински прашања, но првите пукнатини се појавуваат пред Илинденското востание. Во текот на јули 1901 година бројот на македонските револуционери во Подрум Кале значително се зголемил. Четириесетмина осудени во врска со Солунската афера била испратени во овој затвор. Во оваа група биле и членовите на Централниот комитет: Иван Хаџи Николов, Пере Тошев, Христо Татарчев и Христо Матов, како и други револуционери.[926] Поради Поп Ставревата провала, во Подрум Кале се нашол и Даме Груев.[927] Пред нивното пристигнување, Петар Поп Арсов отслужувал казна од 101 година поради Виничката афера.[928] Тука се појавиле првите знаци на недоразбирање помеѓу водачите. Во затворот, Даме Груев ги нашол раскарани, на една страна Матов, Татарчев и Развигоров, а на друга: Поп Арсов, Мирасчиев, Хаџи Николов и други. Атмосферата влијаела и врз Даме Груев, кој ги влошил односите со Матов и Татарчев.[929] Овие разединувања во затворот постепено се пренеле во целата Организација и особено до израз дошле по нивното излегувања од затвор по прашањето за востанието од 1903 година, кога Христо Матов и Христо Татарчев биле меѓу главните идеолози за масовно востание кое требало да води кон воена интервенција на Бугарија и балканска криза. Недоразбирањата во постилинденскиот период се продлабочиле и воделе кон длабока криза на македонското движење.

По востанието, најголемиот дел од водачите заминале за Бугарија, а само од Битолскиот револуционерен округ се нашле околу 150 дејци. Оваа бројка се дуплира ако се земат дејците од другите окрузи.[930] Од поистакнатите дејци во Софија се нашле: Борис Сарафов, Ѓорѓи Поп Христов, Јане Сандански, Димитар Стефанов, Христо Чернопеев, Михаил Герџиков, Никола Пушкаров, Пандо Кљашев, Васил Чакаларов, Михаил Николов, Славко Арсов, Сава Михајлов, Добри Даскалов, Пешо Самарџиев, Смиле Војданов, Лазар Димитров, Александар Чакаров, Никола Андреев, Аргир Манасиев, Мише Развигоров, Сандо Китанов, Димитар Мирчев, Славчо Ковачев и други. Од поистакнатите дејци единствено Никола Карев се префрлил во Белград, но подоцна по налог на Организацијата и тој пристигнал во Софија.[931]

Поради концентрацијата на револуционери, во Софија биле одржани првите повостанички советувања. На советувањата учествувале повеќе истакнати раководители, реонски војводи, окружни и околиски началници и др. Серскиот округ бил претставуван од Јане Сандански, Димитар Стефанов, Георги Баждаров и др. Струмичкиот од Христо Чернопеев, Сандо Китанов, Никола Жеков, Стојо Хаџиев и др. Солунскиот - Сава Михајлов, Аргир Манасиев, Добри Даскалов, Пешо Самарџиев и др. Битолскиот - Сарафов, Пандо Кљашев, Чакаларов, Георги Поп Христов, Алек. Чакаров, Лазар Димитров и др. Скопскиот - Никола Пушкаров, Мише Развигоров,

[926] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 89.
[927] Исто, 90.
[928] Исто, 81.
[929] Исто, 90.
[930] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 348.
[931] Исто, 348.

Димитар Мирасчиев, Славчо Ковачев и др. Одринскиот - Герџиков, Ст. Икономов, Крсто Б'лгаријата и др.[932] Според Христо Силјанов, заседанијата немале за цел, а и претставниците го немале тој квалитет, да донесат одлуки кои би биле задолжителни за внатрешноста. Тој исто така вели дека: „Се работеше само за можноста да се изјаснат многумина во другарска атмосфера и да разменат мислења за многу прашања, кои ги тревожеа и измачуваа сите“.[933]

Христо Силјанов истакнува дека: „Лицата кои во минатото беа склони кон доктринерство, вклучувајќи ги и личните незадоволства, речиси целосно го негираат стариот ред на работите и самоуверено фрлаа нови формули: целосна децентрализација, федеративност, најстрога примена на изборниот принцип. Се бараше, ако не целосно отстранување на централниот комитет, тогаш негово сведување на орган за информирање и врски. Во децентрализацијата, федерализацијата и целосното демократизирање се бараше гаранција за широка манифестација на личните инцијативи, за ненарушување на принципите на самостојноста, внатрешниот и меѓународниот карактер на Организацијата. Со тоа се бараше уште нешто: да се истиснат од постојните позиции неколку авторитетни водачи, кои ја извојуваа командната положба во внатрешноста“.[934] Треба да истакнеме дека констатацијата на Силјанов дека се барало целосно отстранување на централниот комитет не е точна, затоа што во тој период тогашните задгранични претставници Матов и Татарчев барале создавање на привремен раководен центар кој требало да ја преземе улогата на централниот комитет. На советувањата оние кои биле против масовно востанието побарале одговорност за настанатата состојба, а тезата против востанието најостро ја напаѓале Димитар Стефанов, Димитар Мирасчиев, Јане Сандански и др., а наспроти бил Христо Матов.[935]

Според Христо Силјанов на советувањата се оформиле три главни гледишта: умерено гледиште, гледиште на левите и гледиште на сарафистите. Приврзаниците на првата теорија, сметале дека е неопходно да се искористат искуството и поуките од востанието за разумни и практично остварливи преобразби, но без ризични застранувања од здравите традиции на Организацијата. Од првенците кои биле во Софија, најавторитетен застапник на ова гледиште бил Христо Матов. Второто гледиштето се родило за времето на борбата против врховизмот во бугарската држава и внатрешните погранични реони.[936] Во создавањето на неговата антиврховистичка идеологија свој удел имале и социјалистите, како Димо Хаџи Димов и др. По поделбата која се случила меѓу револуционерите водачи по Солунскиот конгрес во јануари 1903 год., ова гледиште станало опозиција и кон оние во внатрешноста кои се објавиле за востание. Во софиските средби неговите стремежи се изразиле во остата критика на стариот поредок и барање коренити промени. Главна потпора на оваа групација бил Серскиот револуционерен округ, предводен од Јане Сандански. Христо Силјанов вели дека Борис Сарафов секогаш имал лични приврзаници меѓу револуционерните дејци. Престојот во внатрешноста ги зацврстил неговите стари пријателства и му донеле нови. Оваа околност, како и зголемената популарност и внатре и во странство ја засилиле неговата самоувереност и неговата склоност кон различни лични иницијативи. Сарафов настојувал да има околу себе верни и влијателни приврзаници, во оваа група, „акцентот бил повеќе на водачот, отколку на идеите“.[937]

Христо Силјанов вели дека во текот на Рилскиот конгрес од 1905 година, во дискусиите се издвоиле двете познати струи: радикално-реформаторската и умерено-конзервативната,[938] и некои од „највлијателните инспиратори на првата струја (марксистот Димо Хаџи Димов, писателот А.

[932] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 72.
[933] Исто, 72.
[934] Исто, 73.
[935] Исто, 74.
[936] Исто, 74-75.
[937] Исто, 75.
[938] Исто, 399.

Страшимиров и др.) отсуствуваа, демократските начела и децентрализацијата во раководењето беа блескаво заштитени од Ѓорче Петров и Пере Тошев, со поддршка од Јане Сандански и другите левичари“.[939]

Врз основа на овие искажува на Христо Силјанов во историската наука настануваат именувањата на двете групи во македонското револуционерно движење. Во минатото, историчарите ги именуваа како „левица“ и „десница“, а во поновата историографија се сретнуваат термините реформска и конзервативна група.[940] Но, ако внимателно се анализира, споменатите групи во суштина не се ниту „левица“, ниту „десница“. Ова именување е резултат на идеолошката опиеност на историографијата во периодот помеѓу 1944-1991 година, а од друга страна, термините реформаторска и конзервативна суштински недоволно ја објаснуваат идеолошка основа на групите. Од практични причини ќе ги прифатиме термините „левица“ и „десница“, меѓутоа ќе се обидеме да ја објасниме нивната внатрешната содржина.

**2.** Ако сакаме да ја разбереме суштината на „десница“ треба да ги разбереме искажувањата на нејзиниот главен идеолог - Христо Матов. Според Зоран Тодоровски, Матов е еден од најистакнатите македонски дејци, идеолози, организатори и теоретичари на Македонската револуционерна организација и револуционерни концепции и содржини.[941] Но, ние не се согласуваме со ова искажување бидејќи со анализа на Матовите книги и брошурите може да се донесе поинаков заклучок.

Во 1897 година, Матов ги објавува брошурите: „Српските претензии на Македонија“, „Српските претензии и Скопската епархија“, „Српските претензии во Западна Бугарија“ и „Отпадокот на српската пропаганда во Скопската епархија“. Брошурите се објавени во периодот 1895-1897 година под псевдонимот Дримколов, а во овој период Христо Матов во Скопје нелегално го издава и хектографира весникот „Санстефанска Бугарија“.[942]

Во брошурата „Српските претензии во Западна Бугарија“, Матов вели дека во последно време Србите искажуваат претензии врз онаа област која етнографски се нарекува „Западна Бугарија“, а археолошки е позната како Македонија.[943] Според Матов, македонските Бугари порано се разбудиле од мизиските и тракиските Бугари, но, Македонија била на најнесреќната бугарска област.[944] Според него, највиновен за оваа состојба била самата Македонија со нејзината географска положба, економско значење и нејзиниот главен град Солун, поради што околните народите биле живо заинтересирани за нејзината судбина. Тој заклучува дека за Грците без Македонија нема мегали идеја, а за Србите без Македонија нема голема Србија.[945] Во својата студија „Српскиот јазик спрема бугарскиот“, објавена во списанието „Бугарски преглед“, Матов истакнува дека поголема блискост има помеѓу српскиот јазик и источно бугарските говори, отколку со македонските говори.[946]

---

[939] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 399-400.
[940] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република…, 348.
[941] Христо Матов, Основи на Внатрешната револуционерна организација; Обид за селектирање и формулирање на „основите“, Едиција Pro Macedonia, АД Вербум, Скопје, 2014, V.
[942] Христо Матов – Историческото съзнание на революционна Македония. http://sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=336:2011-09-13-16-56-59&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61
[943] Сръбскитѣ претенции въ Западна България. Отъ Дримколовъ (Дружество „Св. Климентъ”, книжка 2. Печатница „Просвѣщение”. - София, 1897), 3.
[944] Исто, 3-4.
[945] Исто, 4.
[946] Христо Матов – Историческото съзнание на революционна Македония. http://sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=336:2011-09-13-16-56-59&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

Внимателната анализа на споменатите брошурите води кон заклучокот дека Христо Матов е проегзархиски ориентиран, а во тој правец е и искажувањето на Даме Груев дека Христо Матов како член на Организацијата е под влијание на егзархиската митрополија и неговата главна дејност била насочена против српската пропаганда.[947] Слично се искажува и Христо Татарчев, според кого: „Во 1894 година Христо Матов беше поставен за директор на педагошкото училиште во Серез. При неговото заминување од Солун за Серез упорно му се предлагаше да земе учество во Организацијата, но тој како сфинга останувaше непоколебан кон нашиот апел. За него црковно-училишното дело имаше најголемо значење. Одвај дури во 1895 год. кога беше преместен во Скопје, на 25 август таа година Дамјан Груев и Иван Хаџи Николов во куќата на последниот, - еден ден пред заминување за Скопје го покрстија во револуционерното дело. Меѓутоа уште долго потоа тој не можеше да се ослободи од поранешните погледи поради што страдаше делото“.[948]

Во постилинденскиот период, Христо Матов објавува голем број на публикации и разгледува голем број на прашања поврзани со револуционерната организација и македонското движење. Во мај 1904 година ја пишува брошурата „Основите на Внатрешната организација“,[949] а во периодот помеѓу 1905-1906 година ги објавува и брошурите: „Што бевме-што сме“, „За управувањето на Внатрешната организација“, „Востанички дејствија“ и „Репресалиите против грчката вооружена пропаганда“, овие брошури подоцна се објавени под заеднички наслов „Македоно-одрински револуционерен систем“. По младотурскиот државен удар, Матов ги објавува брошурите „Писма за Македонија. Одговор на г. Ј. Саказов“ и „Впечатоците од Македонија на д-р Кр. Раковски“ и ги критикува погледи на Јанко Саказов и Раковски за решавање на македонското прашање. Своите погледи, Матов ги повторува во анкетата за македонското и балканското прашање во списанието „Современа мисла“ каде истакнува дека војната помеѓу Турција и Бугарија е неизбежна. Во периодот 1911-1912 година, Матов ја напишал и брошурата „Пропуштени случаи“.

Христо Матов со своите размислувања се оддалечува од суштината на револуционерната движење. Во тој правец се и неговите казни против грчката вооружена пропаганда, предлагајќи палење на „грчки села (чисто грчки, каде се говори грчки)“, палење на градовите или грчките мала (Драма, Сер, Мелник, Демир Хисар, Костур), блокади врз грчките градови или големите села и репресалиите надвор од османлиската територија - против Грците во Бугарија.[950] Предложените мерки не се во духот на македонската кауза и тој не настапува како македонски револуционер, туку како бугарски националист. Никола Милошевиќ вели дека: „Гледиштето според кое целта го оправдува средството од парксеолошки аспекте целосно неодржливо.[951] Пред да можеме да тврдиме дека целта го оправдува средство, мора да знаеме дали навистина средството за кое станува збор води кон таа и таква цел, или можеби, напротив, од неа дури и целосно не оддалечува, единствената исправна формулација би требало да гласи: **Целта го одредува средството**“.[952] Ако целта го одредува средството, тогаш средствата кои ги предлага Матов не водат кон независна Македонија за сите незадоволни без разлика на нивната вера и народност, туку кон бугарска Македонија која се препорачува од Второто политичко одделени при Бугарското министерство за надворешни работи.

---

947 Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, том I..., 21.
948 Спомени, И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов..., 343.
949 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 387.
950 Христо Матов, Македонска революционна система, ВМРО - Съчинения, 2001, 203-205; ноември 1905 година Матов ја напишал книшката Репресалии, меѓутоа не ја објавил во тој период. Во април 1906 годија пред раководителите и војводите на Внатрешната организација ги предлага своите мерки против грчката вооружена пропаганда. Книшката е објавена по дефинитивниот раскол во Организацијата во 1907 година.
951 Праксиологија или Праксеологија е наука за човековата активност.
952 Никола Милошевиќ, Нови антропшолошки есеи..., 20.

Матов не застанува тука, според него македонското револуционерно движење не се должи на султанот Хамид, туку на султаните, поточно на Турците воопшто, истакнувајќи дека султанот Азис „беше еден од по просветните султани; во негово време послободно се дишеше и при сето тоа Георги С. Раковски... заедно со Л. Каравелов, Левски, Ботев и заедно со масата на бугарскиот народ, организираа востание против него и против Турците воопшто“.[953] Христо Матов се обидува да ја измени идеолошката основа на македонското револуционерно движење, неговата тврдење дека движењето се должи воопшто на Турците и дека борбата треба да се води воопшто против нив е во антитеза со мислата на Гоце Делчев - „**Јас не ги мразам Османлиите како народ**“, јас војувам против османлиската тиранија како владејачки систем.

Христо Матов анализирајќи ја дефиницијата за востанието во уставот заклучува дека тоа е неопределено и еластично. Според него ако уставот на Организацијата подразбира вооружено востание на целото христијанско население по целата организациска територија, тогаш тој е против такво востание,[954] и предлага народна партизанска војна меѓу власта и населението. Матов исто така заклучува дека овој начин на дејствување ќе ги загрози интересите на блиските и далечните држави со што ќе се предизвика надворешно ефикасно вмешување.[955] Всушност, Христо Матов настојува да поттикне воена интервенција од страна на бугарската држава. Весникот „Вардар“ во својот трет број започнува со објавување на брошурата „Пропуштени случаи“ на Христо Матов.[956] Во оваа брошура, Матов вели дека поважни пропуштени случаи биле во 1897, 1903, 1906, 1909 и 1911 година, а најголемата одговорност паѓа врз официјална Бугарија.[957] Тој исто така истакнува дека бугарските државници пропуштиле удобни случаи за решавање на македонското прашање со „ефикасното државно средство - **војната**“.[958] Според него, во сите овие години Бугарија останала пасивна и не искористила ниту еден благопријатен момент, односно не и објавила војна на Турција.[959] Преку брошурата и весникот „Вардар“, Христо Матов отворено го пропагирал својот концепт за решавањето на македонското прашање - војна помеѓу Бугарија и Турција. По објавувањето на првото отворено писмо на серчани, Христо Матов дава изјава за весникот „Ден“ во која истакнал дека револуционерната организација не може да ги привлече Грците и србоманите во своите редови. На обвинението на серчани дека дејствувале како бугарска пропаганда, Матов одговорил: „Ние навистина не можеме да го одречеме правото на Бугарија да се грижи за сопствените соплеменици зад Рила, но ние сакаме хармонија на нејзината политика со нашата“.[960]

Во предговорот на атласот „Бугарите во нивните историски, етнографски и политички граници“ објавен во 1917 година, Димитар Ризов истакнува дека бугарската држава била подготвена да се откаже од обединувањето со Македонија согласувајќи се на создавање на македонска автономна држава која би послужила како основа за обединување на балканските држави и како самостојна политичка единица, да влезе во една идна Балканска конфедерација.[961] Искажувањето на Ризов наишло на силна критика од страна на Христо Матов. Својата критика ја испратил во форма на писмо, размножена во 10 копии и испратена до истакнати бугарски општествени и политички дејци. Притоа, Матов во неа вели: „сега ли е време да се говори од наша

---

[953] Дебърски гласъ, органъ на Дебърскитѣ просвѣтителни дружби въ България, Година II, 1 май 1911 год, Брой 42, 2.
[954] Христо Матовъ, Възстанишки действия..., 41.
[955] Исто, 54.
[956] Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ, Година I, София, Понедѣлникъ, октомври 1911, Брой 3, 1.
[957] Исто, 1.
[958] Исто, 1.
[959] Исто, 1.
[960] Христо Матов - Историческото съзнание на революционна Македония. http://sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=336:2011-09-13-16-56-59&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61
[961] Die Bulgaren in ihren historishen, ethnographischen und politischen Grenzen (Atlas mit 40 Landkaretn), D. Rizoff, Berlin, Wilhelm Greve, 1917, IX.

страна, дека ние Бугарите, сме се согласиле за една Македонска самостојна држава? Сега, кога Турците сакаат да лансираат таква или подобна идеја и кога другите соседи со задоволство би ја искористиле таквата идеја. Како долгогодишен - член на Централниот комитет на Внатрешната революционерна организација, со седиште во Солун, и нејзин задграничен претставник во Софија, се сметам себеси за еден од оние Бугари, кој доста добро ја познаваат политиката на Бугарија кон Македонското прашање и при сето тоа нешто, тоа што г. Ризов го тврди, не знам дали некогаш било тоа, т.е. не знам дека некогаш Бугарија се согласила Македонија да е самостојна држава (значи не станува збор за автономна Македонија под турски суверенитет, туку за **независна држава**)". Понатаму Матов продолжува: „Не претендирам, дека секогаш сум бил во можност да дознавам, какво прави во даден момент бугарската влада, но претендирам, дека по некое време сум можел да дознам, што точно прави или замислува да прави. И кажувам и повторувам: не знам за такво нешто, какво што тврди г. Ризов. И мислам - и верувам дека ќе се согласите со мене дека и да имало таква согласност за самостојна Македонија, сега најмалку треба **да се истакне или признае од наша страна**, освен ако со документ сме притиснати до ѕидот".[962]

**3.** Според Макдермот, втората група се состоела од левичари кои биле силни противници на врховизмот и предводени од Јане Сандански и серчани. Групата се залагала за децентрализација и демократизација на Организацијата, како и за поголема независност во дејствувањето. Макдермот исто така вели дека многумина од приврзаниците на оваа група биле под влијание на тесниот социјализам, односно на марксистичките принципи за отфрлање на опортунизмот и соработка со буржоаските партии.[963] Но, оваа констатација не е точна и може да се заклучи дека особено влијание имале анархо-либералите, односно левичарската група која во почетокот била дел од тесната социјалистичка партија и се одвоила во 1905 година. Групата го издава весникот „Пролетеријат", а во неа влегувале личности како Никола Харлаков, Георги Бакалов, Михаил Кантарџиев и Павел Делирадев.

Во постилинденскиот период најблиски соработници на Јане Сандански биле Стојо Хаџиев, Георги Казепов, Георги Скрижовски, Таската Серски, Чудомир Кантарџиев, Александар Бујнов и Тодор Паница.[964] Сите овие личности биле пообразовани од Сандански, меѓутоа ниту еден од нив не ја оспорил неговата водечката улога во Серскиот револуционерен округ. Макдермот вели дека Јане Сандански не бил идеолог на серчани и таа титула му припаѓа на Димо Хаџи Димов. Сандански не бил оригинален мислител, но бил надерен со природна интелигенција која му овозможила да ги оцени и апсорбира идеите на другите и истовремено да ги спроведе креативно и конзистентно. Оттука револуционерната теорија и практика на Серскиот округ станале познати како Санданизам, а неговите експоненти продолжиле да се нарекуваат себеси како Санданисти долго време по смртта на Јане.[965]

Димо Хаџи Димов е еден од идеолозите на серчани и затоа Христо Силјанов вели: „Со своите статии по востанието... најмногу придонесе за формирањето на левичарската идеологија".[966] Во предилинденскиот период, Хаџи Димов ја застапувал идејата за македонска „наполно самостојна држава",[967] осудувајќи ги големобугарските погледи и нагласувајќи дека бугарското општество треба да одвикне од такви мисли, ако сака да не се зацрни

---

[962] Една сензация! Христо Матов за границите на Бугария и за Димитър-Ризовия атлас. http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=558:ed&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61
[963] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 152.
[964] Исто, 197.
[965] Исто, 202.
[966] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 463.
[967] Д. Х. Димов, Македонското ослободително дѣло, Ломъ, Печатница на А. Н. Димитровъ, 1900, 21.

револуционерното дело.[968] Во постилинденскиот период, Хаџи Димов објавува повеќе статии во весникот „Револуционерен лист“, а меѓу нив биле: „Значењето на Мирцштегските реформи“, „Внатрешното устројство на Организацијата“, „Двете струи“, „Економската политика на Организацијата“, „Самостојноста на Организацијата и противниците на нејзината самостојност“, „Критички белешки по повод книгата на Христо Матов - Основите на Внатрешната револуционерна организација“.[969] Неговите ставови најмногу биле прифатени во Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ.

Меѓутоа Димо Хаџи Димов не е единствениот политички идеолог на оваа група. Артур Смит вели дека втората револуционерна група била предводена од Петар Поп Арсов кој ги преставувал Јане Сандански и Христо Чернопеев.[970] Слоганот на оваа група бил „Македонија за Македонците“ и силно се спротивставувала на секое мешање на бугарската влада.[971] Артур Смит, не случајно го споменува Поп Арсов бидејќи и тој е еден од главните идеолози, политички водачи и гласноговорници на групата.[972] Петар Поп Арсов и Јане Сандански како претставници на македонската група инсистирале дека „Македонците треба да имаат своја самостојна политика“.[973] Поп Арсов проповедал дека за Организацијата е најважно да ја сочува својата независност од Бугарија и останатите балкански држави; народот треба да се подготвува за мирен живот во идната автономна Македонија и дека за тоа е потребно заедништво помеѓу сите национални групации во Македонија, со цел да се обезбеди потребниот мир. Поп Арсов не сакал Организацијата да се потчинува на бугарската политика и бил против востанички дејствија во Македонија.[974] Според него внатрешната кризата произлегла поради отстапувањата на некои видни дејци од основните начела на Внатрешната организација и дека таквите „ренегати-револуционери“ биле подржувани од страна на бугарската држава.[975]

Поп Арсов е противник на Бугарската егзархија и еден од најревносните заговорници за независна македонска црква.[976] Неговите ставови се претставени во книшката „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“ во која може да се сретнеме следната мисла: „Сето она, што не го одобрува новиот курс на училишното дело во Македонија, требаше да ја наведне главата пред тоа хунско продирање на срекните синови на Балканска Прусија... Ај да видиме, што ќе стане: Србија - Пиемонт балкански, Бугарија - балканска Прусија, Македонците... сепаратисти!“[977]

Во постилинденскиот период неговото влијание особено е видливо во одлуките донесени од страна на вториот Солунскиот окружен конгрес во 1905 година. Меѓу останатото, во протоколот на Солунскиот окружен конгрес се осудува идентификувањето на дејноста на Организацијата со дејноста на Бугарската егзархијата и егзархиските чиновници, и се предлага Егзархијата како установа, во иднина да се напушти и Организацијата да функционира самостојно.[978] Исто така било препорачано „Организацијата да биде целосно самостојна и да не зависи од ниедна балканска држава“.[979] Во однос на српската и грчката пропаганда било предвидено да се преземат строги мерки, зашто тие го расипуваат народниот морал и штетат на

---

[968] Димо Хаџи Димов, Македонското прашање..., 98-99.
[969] Исто, 34.
[970] Arthur D. Howden Smith, Fighting the Turk in the Balkans, An American s Adventures with the Macedonian Revolution by Arthur D. Howden Smith, G. P. Putnam s Sons New York and London, 1908, 29.
[971] Исто, 29.
[972] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 118.
[973] Исто, 120.
[974] Исто, 120.
[975] Исто, 120.
[976] Горан Калоѓера, Македонскиот XIX век..., 113-114.
[977] Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници..., 50.
[978] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 391.
[979] Исто, 391.

интересите на комитетот. Но, „на борбата со нив не треба да и се дава национален карактер", ниту, пак, да се смета за борба меѓу Патријаршијата и Егзархијата.[980] Односно на борбата да не и се дава бугарски национален карактер.

Во редовите на оваа група се нашле Пере Тошев и Ѓорче Петров. За нив, Христо Силјанов вели: „Како можеа овие двајца дејци, директни учесници во формирањето на Организацијата - револуционерна и тајна - да не ги видат ризиците од целосната децентрализација? Како можеа, заедно со Хаџи Димов, Н. Харлаков и други софиски марксисти, да прифатат дека строгата примена на изборниот принципи во сите административни установи е во согласност со тајниот и конспиративниот карактер на Внатрешната организација? "[981] Без разлика на искажувањата на Силјанов може да се заклучи дека Ѓорче Петров е во редовите на левицата затоа што идеолошки припаѓа таму, а неговиот судир со Даме Груев и Христо Матов е од принципиелна природа, а не од лична. Ѓорче заедно со Гоце Делчев е противник на општо масовно востание и се залага за перманентно востание, за засилени четнички движења и без официјално објавување на востанието. Ѓорче Петров ја прифаќа децентрализацијата и се залагал за широка демократизација затоа што смета дека на тој начин ќе се изолираат дејците од типот на Иван Гарванов и ќе се спречат принципи спротивни од идеологијата на Организацијата и македонското револуционерно движење.

Пере Тошев е најмистериозната личност во македонското движење. Секој истражувач се соочува со неговата молчеливост која оневозможува подлабоко разбирање на неговата личност. Во голем број на собири, советувања, разговори и сл., кога се донесуваат крупни одлуки, Пере се држи резервирано. Меѓутоа тоа не значи дека бил индиферентен и всушност се пројавува како еден од бранителите на самостојноста на македонското дело. На Солунскиот конгрес од 1896 година се искажува за децентрализација и поширoки прва за окружните комитети. Во текот на софиските советувања кои му претходеле на Илинденското востание, Пере се држи навидум резервирано, оставајќи да говорат Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Но, неговиот став го дознаваме при средбата со членовите на Главниот штаб - Груев, Сарафов и Лозанчев кога побарал одложување на востанието. Неговото барање не било прифатено и заминал за Прилепско кај Ѓорче Петров, иако Смилевскиот конгрес му резервирал место во Главниот штаб.

Тошев идеолошки се оформува под влијание на левичарските учења. За него, Христо Силјанов вели: „Непотребно е да се докажува дека демократизмот кај него произлегува од почита која тој ја негува кон личноста на човека – непринуден, потребен на душата, туѓ за каква и да била груба сметка. Децентрализацијата и изборноста, за Тошев беа неопходната претпоставка за слободното пројавување на човекот – револуционер".[982] По завршувањето на Српско-бугарската војна и обединувањето на Кнежеството Бугарија со Источна Румелија, Пере Тошев ги засилил контактите со руските политички емигранти - нихилистите, а меѓу нив имало и приврзаници на народништвото, Михаил Бакунин, Карл Маркс и др. Пере Тошев исто така редовно го читал женевското списание на руските нихилисти - „Народна волја".[983] Во „Подземната република" на Ванчо Ѓорѓиев може да се сретне следната констатација за Пере Тошев: „За него само личноста воопшто има значење, бидејќи таа ја твори историјата, а не масите. Анархичните дејствија – бомбаџилакот, ја беа завладеале неговата душа. Секое друго средство за него беше неефикасна борба против Турците и поради таа причина тој беше настојувал час поскоро да се пратат луѓе во странство за да се изучат на тоа искуство. Пере Тошев како индивидуалист секогаш ги боготворел личните подвизи и не можел да се помири со мислата за народно востание".[984]

[980] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 392.
[981] Исто, 77-78.
[982] Исто, 79.
[983] Пере Тошев; Личност и дело – по случај 110 години од рождението му…, 35-36.
[984] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 122-123.

Пере Тошев, слично како и Ѓорче Петров, во децентрализацијата гледа можност за ограничување на одлуките кои се спротивни од внатрешните принципи и на штета на самостојноста на македонското движење. Според него, одлуките треба да бидат носени од мнозинството членови, а не само од неколкумина. Пере Тошев е првиот кој го поставува прашањето за децентрализацијата уште на Солунскиот конгрес од 1896 година, на што се спротивставил Даме Груев. Зошто уште во оваа фаза на развојот Пере Тошев го поставил овој концепт?

Христо Татарчев вели дека во октомври 1894 година во Организацијата се зачленил и Пере Тошев, кој дотогаш се држеше далеку од револуционерното дело, иако често бил поканууван да влезе, тој секогаш откажувал, без за да ги каже причините.[985] Татарчев исто така заклучува дека: „Од неговото однесување, можеше да се насети дека тој не верува во сериозноста на делото“. Татарчев исто така вели дека како соработник на Захари Стојанов и Димитар Ризов при прокламирањето на присоединувањето на Источна Румелија со Кнежеството Бугарија тој имаше поинакви разбирања за конспиративните организации.[986] Според Татарчев, кон крајот на 1896 година на „ослободителното дело му се приклучи Ѓорче Петров, кој до тоа време беше голем противник на Организацијата иако бил во пријателска врска со нејзините промотори, и ништо не можело да помине не видено од неговото око. На прашањето за неговото учество во делото, тој поминуваше со спокојна и молчелива насмевка во која се откриваше неговата готовност да земе учество во ослободителното дело, но во исто време и да ја сочува својата слобода за натамошни активности“.[987]

Подоцнежното вклучување на Ѓорче Петров и Пере Тошев може да биде последица од манипулациите со Македонците во периодот пред обединувањето на Бугарија. Имено, самиот Ѓорче Петров во спомените вели дека постоела намера за испраќање на неколку чети во Македонија со цел да се одвлече вниманието од тајната подготовка на обединувањето.[988] Ѓорче Петров од Захариј Стојанов бил информиран дека биле просто измамени и дека Димитар Ризов бил вмешан во таа работа.[989] Овој настан кај Ѓорче Петров создал одреден песимизам и затоа кога Пере Тошев му пишал од Солун за создавање на организација, Ѓорче верувал дека од таа работа нема да излезе ништо.[990] Според нас, Пере Тошев и Ѓорче Петров активно се вклучиле во македонското движење кога увиделе дека револуционерната организација е поставена на самостојна основа, а организациските работници се одликуваат со добри намери. Исто така може да се заклучи дека Пере Тошев се залага за децентрализација во 1896 година, за да се спречат слични сплетки на оние од 1885 година во Бугарија и Источна Румелија.

Во редовите на оваа група е и Михаил Герџиков. Како поранешен член на Женевската група, анархист по убедување и близок соработник на Гоце Делчев, Герџиков сосема природно е во редовите на левицата. Герџиков е заштитник на самостојноста и затоа во текот на агитацијата во Одринско говорел дека борбата ќе биде поткрепена од Македонците и ќе биде општа, а за улогата на Бугарија, во своите спомени вели: „За Бугарија не се говореше, ниту се даваше надеж, дека Бугарија ќе ја поткрепи борбата“.[991] Герџиков не се согласува со еден дел од промовираните принципи на групата. На 12.XI.1905 год. Герџиков објавува статија во „Револуционерен лист“ во

[985] Спомени, И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов..., 341-342.
[986] Исто, 341-342.
[987] Исто, 344.
[988] Спомени на Гьорче Петров..., 7.
[989] Исто, 7.
[990] Исто, 9.
[991] Л. Милтеич, Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, фототипно издание на издателство наука и изкуство, том II, София, 1983; Спомени на Михаил Герджиков, 39.

која детално ги образложува своите погледи. Според него, организациските чети треба да бидат укинати и заменети со индивидуални апостоли. Герџиков исто така сметал дека во оние области каде Организацијата не е загрозена од вооружените пропагандни чети, треба да се дејствува врз принципот на економската борба против чорбаџиите, чифлигарите и тутунските фирми. Герџиков исто така се залага за индивидуален тероризам како замена за масовното востание.[992] Герџиков иста така смета дека неуспехот на востанието не се должело само на внатрешните слабости, туку и на деморализацијата на врховистите и Борис Сарафов, како и на влијанието на бугарските политички партии и дворот.[993] Во 1910 година, Павел Делирадев и Михаил Герџиков ја објавуваат книгата „Војна или револуција". Во неа се изјаснуваат против нелегалната борба и четништвото во Македонија и изјавуваат дека само едни пријателски односи помеѓу балканските држави, дораснати до федеративни врски, можат да ја умиротворат Македонија. На лозунгот за војна со Турција се спротивставиле со лозунгот за социјална револуција, соборување на Фердинанд и управниците.[994]

**3.** Децентрализација и федеративноста без разлика на нивното потекло, имаат за цел да ја сочуваат независноста на Организацијата. Приврзаниците на овие принципи се инспирирале од левичарските учења, меѓутоа нивното спроведување имале практична примена. Треба да спречат донесувања на одлуки, слични како онаа на Иван Гарванов за востанието или концептот на неколкумината за бугарската воена интервенција. Со децентрализацијата на Организацијата, приврзаниците на децентрализацијата сакале одлуките да бидат одобрени од страна на револуционерните окрузи, со што се појавувала можноста од своевидно вето и ограничување на можноста за натурање на одлуки од поединци. Во предвостаничкиот период, Гарванов и Атанас Лозанчев не се консултираат со никого и ја наметнуваат одлуката за востание, всушност во работата на Солунскиот конгрес од 1903 година не учествувале истакнатите водачи и окрузите не биле рамноправно застапени, а Гарванов не го ни почекал крајот на софиските советувања. Децентрализацијата и широката демократизација требало да спречи слична активност во иднина, за секоја крупна и важна одлука требало одделно да одлучува секој округ и да ја одобри. Барањето за децентрализација е последица од начинот на кој била донесена одлуката за востание во 1903 година.

Анализирајќи ги двете групации во македонското револуционерно движење, Ванчо Ѓорѓиев ги отфрла термините „левица" и „десница", забележувајќи дека оваа категоризација е неприфатлива за една револуционерна организација, независно од идејните определби на поедини нејзини претставници, и претпочита првата концепција да ја именува како реформско-демократска, а второто како конзервативно-централистичко.[995] Истиот автор, оправдано го поставува прашањето: „секој посериозен аналитичар би се запрашал што е тоа левичарство или десничарство во програмските акти на Револуционерната организација. Уште потешко би се снашол секој што ќе се обиде еднострано да го докажува левичарството кај П. Тошев, Ѓ. Петров, кај конфузниот Сарафов, или пак наводното десничарство кај Д. Груев".[996]

Според нас, суштинските разликите помеѓу двете групи не можат да се сведат само на прашањето за организациската поставеност, туку и во нешто друго. Одговорот на ова прашање го добиваме од гласноговорникот на „десницата" Петко Пенчев кој вели: „Но, да ги оставиме сите разлики, божемни или висински, за да застанеме на едно прашање кое, според нас, лежи во основата на расколот на внатрешните - **односите со Бугарија**".[997] Пенчев смета дека ова прашање

[992] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 209.
[993] Исто, 209-210.
[994] Дончо Даскалов, Анархизмът в България..., 50.
[995] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 417.
[996] Исто, 417.
[997] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 473.

е „најкапитално, најспорно, најтемно, најделикатно“.[998] Тој исто така вели дека: „Нашата цел е автономија, но преку бугарскиот елемент и за бугарскиот елемент, пред се. Поради тоа, ние треба да настојуваме да го заштитиме со еден непробоен штит од стрелите на неговите непријатели. Ние сме силни само со него, преку него и за него. Истиот интерес го има и Бугарија. Таа може да смета на еден дел или на целосно обединување само доколку има потпора, објект кои ќе ги оправда нејзините претензии. А тој објект не може да биде друго, освен бугарскиот елемент“.[999]

Двете групи имаат различни погледи за суштинската особина на револуционерното движење и неговата крајна цел, а тоа може да се потврди во неколку извори. Во октомври 1905 година весникот „Дебар“ ја објавува статијата „Македонската емиграција и обединувањето на фракции“ во која се разгледани причините за поделбите. Според весникот, расцепот не бил случаен и не било точно мислењето дека фракциите не се разликуваат во дејствијата и принципите.[1000] Едните мислеле да не ја ангажираат народната маса во движењето и преку атентати врз европскиот капитал да ја принудат Европа да интервенира за да го реши прашањето. Другата група сакала да го воспита и кали целиот народ во борбата и да има постепени дејствија, а трети се залагале за дејствување преку надворешни чети и интервенција на Бугарија. Според „Дебар“, тоа биле принципиелните разлики и кои не можеле лесно да се отстранат.[1001] Истиот весник во својата статија „Бугарската политика спрема Македонија и Македонците“ објавена на 17.IX.1905 год. истакнува дека моралниот виновник за поделбата на револуционерната организација на внатрешна и надворешна биле бугарските влади кои покровителствувале некои македонски револуционери.[1002] Според авторот на статијата, бугарската влада ја игнорира и продолжува да ја игнорира македонската организација како фактор на „**самостојна Македонија**“, а последната како рамноправна „**државичка**“ на идната балканска федерација.[1003] Во декември 1907 година весникот „Прапорец“ ја објавува статијата „Пред двата нови гроба“ напишана од Пејо Јавор. Во неа, авторот вели дека бугарските весници двете непријателски групи ги именува како интернационалистичка и националистичка, а интернационалистите проповедале дека: „бугарските влади треба да стојат далеку од македонското движење; македонското движење треба да се изолира од бугарските влади“.[1004]

Според Васил Пасков, левицата проповедала дека Организацијата треба да се постави врз интернационални и федеративни основи, да се работи со Грците, србоманите, Власите и Турците. Организацијата треба да го измени својот национален карактер, да се даде предност на економската борба, од селска да се претвори во градска, односно во работничка организација.[1005] Пасков исто така забележува дека на овој начин се создала „нова теорија“.[1006] Меѓутоа искажувањето на Пасков не е точно. Не се создадена „нова теорија“, туку постојните внатрешни принципи се доизградени. Пасков исто така тврди дека левицата проповеда промена на бугарски национален карактер на Организацијата, но и ова искажување не е точно затоа што уште пред Илинденското востание, Организацијата врз основа на уставот од 1897 година пропагира дека ќе работи за обединување на сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско без разлика на вера и народност за извојување на политичка слобода за тие две области. Обединувањето на населението требало да се изврши врз заедничката татковина, следствено Организација нема

[998] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 473.
[999] Исто, 475.
[1000] Дебъръ, Година I, София, 1 Октомврий 1905, Брой 18, 1.
[1001] Исто, 1.
[1002] Дебъръ, Година I, София, 1 Септмврий 1905, Брой 16, 2.
[1003] Исто, 2.
[1004] Прѣпорецъ; Органъ на Демократическата партия, Год X, 8 декември 1907 г., Брой 142, 1.
[1005] Македонски прегледъ; списание за наука, литература и общественъ животъ. Македонски наученъ институтъ, година I, кн. I, София, 1924, 84.
[1006] Исто, 84.

бугарски национален карактер каков што истакнува Васил Пасков и таа лежела врз принципот - Македонија на Македонците. Во тој правец е и агитацијата за економска борба која лежела врз принципот за обединување на сите без разлика на верата и народноста. Разликата е во тоа што во минатото обединувањето е врз основа на заедничката татковина, а сега требало да се обединат сите експлоатирани маси.

Макдермот вели дека разликите помеѓу двете групи биле толку големи што нивната заедничка дејност е невозможна. Според неа, Организацијата „навистина беше поделана на два кампуса со меѓусебни спротивни ставови. Ставовите на десното крило во суштина биле многу малку поинакви од традиционалната политика на старите врховисти, и како што поминувало времето, ова станувало се повеќе очигледно. Во минатото, под Гоце Делчев, Организацијата не се двоумела да ги прекине односите со софискиот комитет или да им закани на врховистите со вооружен отпор, а Јане бил подготвен да го стори со **неоврховистите**“.[1007]

Според нас, точното именување на оваа група, не ниту левица ниту реформско-демократска, туку македонско патриотско крило во рамките на кое егзистира македонска национална компонента. Групата има сопствено идеолошко-програмско разбирање за суштината на револуционерното движење и македонското прашање. Групата се состои од македонски патриоти и револуционери од левичарска провениенција, претставувано од Петар Поп Арсов и Димо Хаџи Димов и предводено од Јане Сандански, Ѓорче Петров и Пере Тошев. Македонското крило ги обединува сепаратистите и левичарите, а нивното сојузништво е природно бидејќи споделуваат идентични сфаќања за иднината на Македонија. Групата може да ја именуваме како патриотска, затоа што самиот сепаратизам произлегувал од македонскиот патриотизмот, односно од љубовта кон својата татковина, својата земја и својот народ.[1008] Во овој контекст, Ендрју Росос вели дека сепаратизмот всушност бил многу повеќе - „претставуваше автентичен македонски патриотизам, навистина, **политички национализам**“.[1009] Групата секако дека има национална компонента. Двајца од основачите на Македонската револуционерна организација се поранешни дејци на Младата македонска книжевна дружина која била обвинета од страна на бугарскиот весник „Слобода“ дека „под превезот на книжевноста не ја гони целта и пропагандата за некаков фонетски правопис, туку тенденции и цели колку, куриозни, жални, толку збунувачки, срамни и опасни... Полека лека ќе го подготвуваат бугарското општествено мнение за одделувањето на Македонија од Бугарија и полека лека ќе воведува зборови од охридското подрачје што ќе биде литературен јазик на идната Голема Македонија... Како што гледате Македонската дружина смета дека нивната татковина е Македонија, дека е последната населена од одделно словенско племе наречено Македонци**...**“[1010]

Илинденското востание како крстопат на македонското движење, води кон прифаќање на македонскиот национализам пропагиран од Крсте Петков Мисирков од страна на некои од македонските револуционери. Јордан Ангелов во своите спомени вели дека Димитар Мирасчиев беше „се зближил со Мисирков... и беа се согласиле кон политичкиот автономен принцип за слободата на Македонија да се издаваат книги и весници на чист македонски јазик. Кон оваа идеја се присоединив и јас со длабоко убедување дека таму е расковничето за слободата на Македонија... Нас не ругаа дека сме сепаратисти**...**“[1011] Ангелов исто така вели: „Идејата на Мисирков... не ме оставаше. Со тројца верни другари започнав да го издавам тајниот в. Шило. Почнав да ги шибам и да ги бодам сите внатрешни недостатоци на Револуционерната

[1007] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 264-265.
[1008] Никола А. Берѓаев, За човековото ропство и слобода..., 194.
[1009] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians: A History, Stanford: Hoover Institution Press, 2008, 93.
[1010] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 120-121.
[1011] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски (1878-1940) и Македонското научно-литературано другарство во Петроград, Култура, Скопје, 1978, 263.

организација. Не ги оставив на мира империјалистичките стремежи на Србите, Бугарите и Грците кон Македонија. Мојата програма им се допадна на одговорните и неодговорните фактори во ВРО. Со таа идеологија станав раководител. Војните за Македонија привремено му турија точка на Мисирковиот идеал“.[1012] Македонската националната компонента исто така е видлива и во протоколот на Вториот окружен солунски конгрес - творба на Петар Поп Арсов. Блаже Ристовски вели дека во овој протоколот може да се најдат „многу мисли што не се многу далеку од оние што ги проповедаа Чуповски и Мисирков во тоа време“.[1013]

Наспроти нив е бугарското крило, кое на македонското прашање гледа низ бугарска призма, олицетворено преку Христо Матов. Не случајно, Ендрју Росос вели дека меѓу водачите на Организација постоеле разлики и дека десницата се состои од лица кои отворено биле бугарофили во културната и националната ориентација.[1014] Оваа определба секако се должи на комплексноста и турбулентноста на националното будење и формирањето на македонскиот национален идентитет.[1015]

Искажувањето на Росос може да се потврди од повеќе извори. Според Ангел Томов сите фактори во македонското революционерно движење ја прифатиле идејата за автономија.[1016] Меѓутоа, за едни автономијата значела движење по линијата на најмало спротивставување кон вистинскиот национален идеал - Сан-Стефанска Бугарија, а за други автономијата била етапа кон балканска федерација, а Македонија требало да влезе како рамноправна политичка единица. Од тука, автономијата била разбирана како нешто времено, која требало да биде развивана во насока на полна независност. Томов исто така забележува дека постоеле разлики и во средствата и методите за постигнувањето на целта, како и во односот кон разните фактори.[1017]

Павел Делирадев истакнува дека уште од Кресненското востание, објавено во 1878 година, се појавиле двете основни начела во понатамошните борби во Македонија: а) присоединување кон Бугарија и б) за автономна Македонија.[1018] Делирадев исто така вели дека меѓу основачите на Организацијата постоеле извесни противречија и колебања по основните прашања на македонското движење. Делирадев цитирајќи ги спомените на Христо Татарчев заклучува дека формално тие дуалистички тези со предимство на присоединувањето кон Бугарија во изработениот устав на Организацијата биле заменети со автономистичката идеја, „сепак великобугарскиот менталитет и дејствија секогаш наоѓале отворена врата, за да се провлечат“.[1019] Делирадев исто така вели дека се „оформиле две дијаметрално противречни гледишта: реакционерно-анексионистичко и прогресивно-федеративно. Овие две гледишта проникнале во Македонија и во надворешната политика на балканските држави. Првото како државничко, а второто како народно“.[1020] Според истиот автор, привзаници на „великобугарската идеја во движењето биле: Даме Груев (сепак искрен борец), Иван Гарванов, Христо Матов, Тодор Александров и Иван Михајлов. Додека пак привзаници на федералистичката идеја биле: Гоце Делчев, Јане Сандански, Димо Хаџи Димов, Димитар Влахов и Федерална Македонија“.[1021]

---

[1012] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски (1878-1940)..., 260.
[1013] Исто, 322.
[1014] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians..., 94.
[1015] Росос исто така истакнува дека меѓу интелигенцијата се појавиле два главни национални трендови. Македоно-бугаризам и македонизам. Види: Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians..., 93.
[1016] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 5 – 6, Год. I, януари - февруари, София, 1946, 237.
[1017] Исто, 237.
[1018] Павел Делирадев, Яне Сандански, Македонски научен институт, София, 1946, 5-6.
[1019] Исто, 20.
[1020] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1-2, Год. II, септември - октомври, София, 1946, 11.
[1021] Павел Делирадев, Яне Сандански..., 28.

Според Димитар Влахов во редовите на Организацијата се појавиле две групации: „бугарско-конзервативно и националистичко, како и македонско-крајно демократско“.[1022] По востанието водачите на десницата ја изгубиле верата во револуционерната сила на масите, и започнале да се стремат кон усогласување на дејноста на Организацијата со политиката на бугарските влади. Десницата започнала отворено да ја проповеда тактиката на врховизмот. Димитар Влахов исто така забележува дека тактиката на десницата имала за цел преку востанички и поединечни акции да предизвика војна меѓу Бугарија и Турција.[1023] Влијанието на десницата се простирало во Битолскиот револуционерен округ и во делови на Скопскиот округ, а Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот округ биле за самостојност на Организацијата.[1024] Двете групации во македонското револуционерно движење продолжиле да постојат и по младотурскиот државен удар. Тие се пројавиле во борбите врз легална почва во периодот 1908-1912 година.[1025] Павел Шатев анализирајќи ги поделбите вели дека антагонизмот потекнува од различните погледи за иднината на Македонија. Сепаратистите сметале дека иднината на Македонија лежи во автономијата и за „нив единствено исправно решение на македонското прашање беше автономна Македонија во границите на Турската империја“, а егзархистите дека Бугарија е доволно силна за да ја завладее цела Македонија и затоа нема потреба да се говори за некаква автономија.[1026]

Ако внимателно се анализира, несходството помеѓу двете групи не се појавува по Илинденското востание, всушност различностите постоеле уште пред суштествувањето на револуционерно движење, а во постилинденскиот период само се манифестираат и се затскриваат зад попластичната форма - автономија на Македонија.

Идеолошките влијанија и различности во Организацијата, Ѓорче Петров се обидува да ги релативизира истакнувајќи: „Водачите навистина направија една жртва бидејќи на населението не му зборуваа за своите мисли и идеи. Тие се одрекоа од секаква субјективност во своите мисли. Целта беше да не се зголемуваат целите и задачите како и преданоста во работата. Населението не можеше да ги разбере овие идеи“.[1027] Ние не се согласуваме со неговата констатација, прифаќањето на автономниот принцип на Организацијата не значи дека по автоматизам македонските револуционери се откажале од своите идеолошки погледи. Како што Ѓорче Петров ги внесува сопствените разбирања,[1028] истото го сториле и другите - Петар Поп Арсов (сепаратизмот), Христо Матов (бугарофилството), Михаил Герџиков (анархизмот), Димо Хаџи Димов (социјализмот) и сл.

---

1022 Димитър Влахов, Борбите на македонския народ за освобождение..., 22.
1023 Исто, 23-24.
1024 Исто, 25.
1025 Исто, 25.
1026 Павел Шатев, Македония под робство, Солунското съзаклятие (1903 г.), Трето издание, Изд. на Отеч. фронт, София, 1983 г.
http://www.promacedonia.org/ps/index.html
1027 Ѓорче Петров, Беседа за Гоце, Култура, Скопје, 2003, 25.
1028 Во погледите на Ѓорче Петров има одредена анархистичка црта. Во своите спомени вели дека во првите години - надежта им била во бомбите. Неколку години подоцна, во текот на софиските советувања (1903), ги повикал градските организации да пројават напаѓачка иницијатива, дека градските комитети може да дејствуваат единствено преку терористи, односно преку атентати на лица и објекти, а овие акции во себе вклучуваат и дејствување со експлозиви.

## ГЛАВА XIII

## ОБИД ЗА ПОМИРУВАЊЕ

*„Организацијата како централизирана, не е во состојба да им се спротивстави на разните македоно-одрински фракции... Според мое мислење, нашата Организација треба да биде интернационална... а за да биде интернационална, треба да биде федеративна“* **– Димо Хаџи Димов**



**Христо Чернопеев**

Во првата половина на септември 1905 година, Даме Груев пристигнува во Софија, каде е пречекан од Иван Гарванов и Петко Пенчев.[1029] Груев ги обновува контактите со Пере Тошев и Ѓорче Петров. Кон крајот на септември 1905 година, најголемиот дел од делегатите кои требало да учествуваат во работата на конгресот, пристигнале во Софија. Поради настојувањето на Јане Сандански и серчани конгресот да се одржи во Македонија, со што требало да се нагласи чисто внатрешниот карактер и полната независност на Организацијата, дошло до несогласувања. Поради важноста на општиот конгрес, бил постигнат компромис според кој требало да се одржи во Рилскиот манастир во близината на границата со Македонија.[1030] Според местото на одржување, овој општ конгрес го добил името Рилски конгрес.[1031]

Конгресот го има следниот дневен ред: 1) Извештај за минатата дејност и сегашната положба во Организацијата по окрузи и околии. 2) Идната дејност на Организацијата. 3) Устројство и управа на Организацијата: а) административен оддел, б) судски одел, в) финансиски одел, г) културно - економски одел. 4) Литература и печат. 5) Односот и поведението на Организацијата спрема разните теченија; а) спрема сите пропаганди б) спрема бугарскиот државнички национализам и Егзархија в) спрема врховистите, емиграцијата и јавноста во Бугарија г) спрема одделни организациски групи внатре и надвор 6) Тактика на Организацијата. 7) Отчет за дејноста на ЦК и Задграничното претставништво.

Конгресот избира специјална комисија во која влегуваат: Даме Груев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Георги Поп Христов. Оваа комисија била задолжена да ги редактира конгресните одлуки и да ги пренесе во Македонија преку циркулари со изводоци од поважните решенија и толкувања за примена на Правилникот.

Во однос на првата точка било решено дека идејата за едновремено востание не била реализирана поради нерамномерниот развој на месните организации во подготвителниот период, поради што дошло до делумни востанија. Меѓу другото, се зборувало за непочитување на правилниците на организацијата, разликите во агитацијата на дејците, нередовното финансирање, финансиските злоупотреби, слаботo учество на градското население во востанието, недостатокот на легални раководни дејци и соодветен војводски и четнички кадар и преголемото влијание на четничкиот институт. Востанието треба дојде како краен резултат на една подолга подготвителна революционерна дејност на населението, Организацијата е против востание предизвикано од надворешни влијанија и политички разгледувања. Во иднина борбата треба да произлегува од народот, а не само од четите. Во тој правец, Организацијата треба да преземе поголема подготовка на населението.[1032] Организацијата во основа останува револуционерна по идеологија и методи, но

[1029] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 410.
[1030] Исто, 411.
[1031] Исто, 412.
[1032] Исто, 416.

си поставила задача да го опфати општествено-економскиот и културниот живот на населението и да влијае за негово издигање.[1033]

Во однос на втората точка било решено дека Организацијата продолжува да ја смета сенародната вооружена борба против турската власт како крајно средство на својата борба за отстранување на османлиската власт. Било заклучено дека востание треба да дојде како резултат на една подолга револуционерна дејност сред населението. Организацијата е против востание кое би било предизвикано од надворешни влијанија и политички калкулации. Организацијата треба да ја засили агитацијата сред населението затоа што тоа треба да биде носител на борбата и таа треба да произлегува од него, а не само од четите. На сите насилства од страна на државата треба да се одговори со одмазда, но ова прашање се оставило на лична иницијатива. Организацијата, иако е револуционерна по својата идеологија и методи, си поставила задача да се занимава и со економскиот и културниот живот на населението и да го поттикнува таквиот развој. Организацијата нема да се противи на легалната дејност на населението против насилствата на власта.

За третата точка, конгресот расправал дваесет дена бидејќи станувало збор за идното уредување. Појдовна точка биле правилниците-проекти од окружните конгреси. По ова прашање најактивен бил Пере Тошев кој сметал дека доследната примена на Правилникот би ги отстранила сите недоразбирања и би ја зацврстила организацијата. Според Христо Силјанов, по ова прашање дошле во судир на две струи кои имале различна концепција. На конгресот најистакнати претставници на првата група биле Пере Тошев, Ѓорче Петров и Јане Сандански, и ја имале наклонетоста на поголемиот број на делегати. Оваа група се залагала за децентрализација, демократизација и широка примена на изборното начело. На нивна страна застанал и Борис Сарафов  со намера да добие амнестија од обвиненијата. Во отсуство на Христо Матов, спротивната група била претставувана од Даме Груев, подржувана од Аргир Манасиев, Борис Мончев, Лазар Маџаров, Стамат Икономов и Добри Даскалов. По дваесет дена расправа, бил прифатен новиот устав и правилник на Организацијата.

Според Христо Силјанов, новите акти биле компромисно решение меѓу двете групации, „**со чувствително наклонување на лево**“ при што отстапките за компромисот биле направени од конзервативната група. Врз основа на новиот устав, Организацијата добива ново официјално име: Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација. За членови на Централниот комитет биле избрани: Дамјан Груев, Пере Тошев, Тодор Поп Антов, во Претставничкото тело влегле - Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов, за уредник на „Револуционерен лист“ бил избран Димо Хаџи Димов. За ревизори на Организацијата биле избрани Иван Гарванов, Никола Пушкаров и Борис Сарафов, но тие не ја прифатиле должноста.[1034]

Во однос на административната поставеност било одлучено дека Организацијата и понатаму се дели на окрузи и околии, за промените во тој поглед одлучува само конгресот. По прашањето за правосудството било решено дека Организацијата има законска можност да воспостави строго правосудство. Сите приватни дела помеѓу христијаните требало да се разгледуваат во специјални - граѓански судови. Овие судови требало да бидат арбитри за спогодување и изгладување на споровите меѓу христијаните. За да се избегнат неправедности судовите се подложуваат на контрола, а судските решенија требало да се спроведуваат преку комитетите. Меѓутоа, комитетот немал право да се меша во работата на граѓанските судови, а во негова надлежност биле само организациските прашања и проблеми согласност со Правилникот. За прашањето по финансиите било решено дека редовната членарина и понатаму останала основен

[1033] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 416-417.
[1034] Исто, 419.

извор на приходи, а Конгресот го отфрлил предлогот за наложување на данок врз населението. Било предвидено дека дел од членските вносови можеле да се внесуваат и во натура. Во општите трошоци на Организацијата влегувале финансиските средства за издршка на затворениците, чети, оружје, издршка на семејствата на настраданите дејци и друго.

За културно-екомската дејност, конгресот одлучил дека Организацијата мора да се залага за воведување на задолжително образование до четврто одделение и за отворање на основни училишта каде што нема. За возрасните се препорачало отворање на вечерни и неделни училишта за описменување на населението и запознавање со прават кои ги ужива од државата. Дополнително на тоа Организацијата требало да се залага за отворање на библиотеки и морално влијание врз населението. Организацијата треба да се стреми да ги отстрани разните материјални и морални појави кои се јавуваат поради обичаите и вековните заблуди. Населението да се убеди непотребно да не троши при свадби и разни обреди, да се избегнуваат женидби на малолетници и женидби со присила на домашните, да се искорени суеверието. Во однос на економскиот дел, било одлучено Организацијата да се стреми да го ослободи населението од економската експлоатација и премавнување на чифлигарскиот систем.

За четвртата точка, конгресот одлучил при Претставничкото тело да се формираа одделен комитет кој ќе се грижи за доставување на различна литература, да се формира посебен книжевен фонд за издавање на книги, брошури и специјален весник за населението во Македонија. Било допуштено самата Организација да откупува и распространува книги и други изданија независно од тоа дали се прифатливи за самата Организација. Било решено Организацијата при изнесувањето на своите ставови и погледи да ги изразува преку додаток во својот официјален орган.

Во однос на петата точка, конгресот потенцирал дека Организацијата ќе се спротивстави на сите постапки на Бугарската егзархија кои се насочени во „**духот на бугарскиот државнички национализам**“, затоа што се штетни на организациските цели.[1035] Во однос на надворешните пропаганди било истакнато: 1) Да се сочува слободата на верата, убедувањето и националното чувство на секој човек во Македонија и Одринско, спротивставување на секоја леглана пропаганда која го одвлекува населението од Организацијата и нејзината револуционерна активност 2) ВМОРО најостро ги осудува нелегалните дејства на пропагандите. [1036] Грчките и српските чети ќе се сметаат за органи на соодветните влади. Како такви ќе бидат проследувани со сите сили и средства, бидејќи се орудија на држави и влади кои сакаат да ја завладеат организациската територија, а со тоа биле против автономијата на Македонија и Одринско.

По прашањето за емиграцијата било решено дека Претставничкото тело требало ја искористи македонската емиграција во Бугарија во интерес на ослободителното дело и ВМОРО.[1037] Во однос на Иван Цончев и неговите приврзаници, било решено да се расчисти за секогаш. Затоа Конгресот испратил „Соопштение до групата македонски дејци наречени Врховисти“ во кое било истакнато: „Организацијата за напред по никаков начин не може да трпи на своја територија никакви други групи и корпорации... Таа ќе ги прогонува по секоја цена и со сите сили активните дејци на таквите групи и корпорации како опасни непријатели на ослободителното дело, а нивните водачи подлежат на сите строгости на Уставот и Правилникот, предвидени за пакосниците на ослободителното дело и злосторниците на нашата татковина, каде и да се наоѓаат тие, биле членови на Организацијата или не... Организацијата со своите нови наредби дава широка слобода за членување во неа... без разлика на народност, место на раѓање и убедување... гореизложеното решение му отвара пристап во Организацијата на секого и со секого

[1035] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 424.
[1036] Исто, 419.
[1037] Исто, 424.

се надева да ги види во своите редови обединети силите на сите искрени и вистински приврзаници на ослободителната револуционерна борба против турскиот режим во Македонија и Одринско“.[1038] Врховистите биле поканети доброволно да ја растурат својата група и да престанат со својата дејност во Македонија и Бугарија. Било подвлечено дека не се допуштаат преговори, и веднаш бил побаран категоричен одговор.[1039]

Сосема неочекувано, Иван Цончев го прифатил барањето. Генералот се консултирал со соработниците и се обратил со соопштение до конгресот. Во него било истакнато дека по востанието, Врховниот комитет го изгубил своето значење бидејќи се распаднал на повеќе групи, а на една од нив претставник е тој. Генералот пишува дека: „воодушевен од желбата за постигнување на единство во Внатрешната организација“ го прифаќа соопштението и ветува дека за тоа ќе ги информира своите приврзаници во Македонија. Иван Цончев го прифатил ултиматумот на конгресот, со што прашањето за врховистите не оставило простор за понатамошно третирање. Соопштението до врховистите е навидум категорично, меѓутоа тоа оставало доволен простор за апсорбирање на врховистите во редовите на ВМОРО.[1040]

По прашањето за политиканството, Конгресот одлучил Организацијата да не влегува во „никакви врски со надворешните државни фактори по нашето прашање“.[1041] Австро-руската спогодба од 1897 година, била оценета како спротивна на целите. Во врска со Мирцштегските реформи, конгресот оценил дека не ги задоволуваат барањата на Организацијата за отстранување на турскиот систем и потполно решавање на македонското прашање. Напротив, било констатирано дека реформите имаат за цел да го закрепнат турското владеење во „**нашата татковина**“.[1042] Оттука, конгресот истакнал дека Организацијата не се согласувала со Мирцштегските реформи и ги смета за непостоечки, иако нема да го попречува нивното спроведување. Конгресот расправал и за турско-бугарската спогодба од 1904 година. Било оценето дека таа не е  во духот, целите и задачите на Организацијата. Конгресот го изоставил прашањето за одговорност на инволвираните лица (Матов, Татарчев и др.), кои претходно биле обвинувани дека со оваа спогодба ја ангажирале Организацијата. Струмичкиот окружен конгрес од 1904 година во точка 7 од Протоколот стои дека претставниците Матов и Татарчев ги нарушиле принципите и не ја зачувале самостојноста на Организацијата, бидејќи, меѓу другото не протестирале против мисијата на Начович да води преговори со султанот во име на робот.

Одговорноста на Борис Сарафов, како и на другите дејци во Организацијата, била оставена за на крајот, бидејќи прашањето било најделикатно. Сарафов бил обвинуван од сите и за секакви дејствија, дека земал пари од српската влада за пропуштање на српски чети, за препраќање на свои чети во Македонија, давање пари на разни службеници со што предизвикувал раскол и расипништво. Главни обвинители на конгресот бил Јане Сандански и серчани. Тие биле поддржани од струмичаните како и од реформските делегати, а против Сарафов биле и делегатите од Битолскиот и Солунскиот округ под влијание на Дамјан Груев, а нивни претставник бил Борис Мончев.

Единствен покровител на Сарафов бил Ѓорче Петров, кој во лицето на Пере Тошев добил искрен поддржувач на тезата дека амнестирањето на обвинетите претставува најдобра разрешница на заплетканото прашање.[1043] Улогата на миротворец му била доверена на Сандански. Тој истакнал дека во минатото грешеле сите, дека Организацијата преживува судбоносни моменти, поради што

[1038] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 425.
[1039] Исто, 425-426.
[1040] Исто, 427.
[1041] Исто, 428.
[1042] Исто, 429.
[1043] Исто, 430-431.

е неопходно сплотување и помирување, оставајќи го минатото зад себе. Во тој дух се изјаснил и Ѓорче Петров, а тоа им се допаднало на Даме Груев и повеќето делегати. Конгресот со мнозинство гласови донел одлука за општа амнестија. Оваа одлука во Циркуларот на Комисијата е редактирана на следниов начин: „По виши соображенија, главно, пред неодложната неопходност од зајакнување на единството во Организацијата, Конгресот реши... да не се разгледуваат делата и да не се прибегнува кон осудување на лица и групи, обвинети за нарушување на постојните наредби на Организацијата преку својата дејност до 1 ноември 1905 година. - Ако, пак, таквите лица и групи и по овој датум се огрешат за истото, тие ќе бидат повикани на одговорност не само за новите постапки, но и за своите стари дејанија“.[1044] Во тој дух, за да не се заплеткуваат во минатото, конгресот не отворил расправа за последната точка од дневниот ред: Отчет за дејноста на ЦК и Задграничното претставништво.[1045]

Христо Силјанов вели дека новите акти биле компромисно решение помеѓу двете групации, со чувствително наклонување на лево, и дека отстапките биле направени од умерено конзервативното крило. Во однос на ова прашање, Ванчо Ѓорѓиев забележува дека ако овие акти навистина биле донесени со компромис, тогаш нема место за тврдење дека тие натежнуваат на една страна, во спротивно, согласно принципите на работа на конгресот тоа била легитимна одлука на мнозинството делегати.[1046] Според Константин Пандев, левицата благодарение на својата поголемата сплотеност и организираност успеала да ги наложи своите погледи при изработката на новите документи на Организацијата на Рилскиот конгрес.[1047]

Евидентно е дека сите направиле одредени отстапки. Серчани и струмичани направиле повеќе отстапки, со нивна согласност Соопштението до врховистите имало двосмислена форма, ја изоставиле одговорноста на Матов и Христо Татарчев, го амнестирале Борис Сарафов и гласале за општа амнестија. Даме Груев и неговите приврзаници ја прифатиле децентрализацијата и демократизацијата во Организацијата, а Борис Сарафов во замена за својата амнестија ги подржал реформските принципи. Но, една подлабока анализа укажува дека левица успеала да ги наметне своите погледи за суштинските прашања во македонското револуционерно движење - зацврстување на независноста и македонскиот карактер на револуционерното движење, а нејзиниот став за Бугарија доминира.

[1044] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република..., 431.
[1045] Исто, 432.
[1046] Исто, 418.
[1047] Димо Хаджидимов, Доклад от Константин Пандев…, 39.

# ГЛАВА XIV

## АВТОНОМИЈАТА – ЦЕЛ ИЛИ СРЕДСТВО

*„Ние рековме дека реформите ја имаат како природна и неопходна тенденцијата за престорувањето на нашата татковина во слободна и самостојна политичка единица. Организацијата... војува за потполно реализирање на истата цел. Ни, за да може со успех да ја проследува таа цел, неопходно е – тоа веќе стана несоборлива вистина – таа да биде потполно независна и самостојна“* **– Димо Хаџи Димов**



**Јане Сандански**

**1.** По Рилскиот конгрес, приврзаниците на десницата започнуваат со дејност за поништување на неговите одлуки и засилување на своето влијание во редовите на ВМОРО. Покрај Христо Матов, еден од главните поборници за промената на рилските одлуки е Петко Пенчев. Во почетокот, Пенчев е еден од приврзаниците на Сандански, но по враќањето во Бугарија во зимата 1904-1905 година, стапил во контакт со Христо Матов, Иван Гарванов и Даме Груев, а со последниот делел и соба во Хотелот Македонија. Под нивно влијание, ги напушта принципите на серчани и преминува на страната на десницата. Во текот на летото 1905 година, Пенчев продолжил да објавува своите статии во „Революционерен лист“ и ги подржува позициите на серчани, тврдејќи дека Организацијата мора да има класна основа, бидејќи идејата за народ е фикција. Меѓутоа, набргу почнал да промовира спротивни гледишта. Пенчев се залагал за востанички дејствија во оние области кои не востанале во 1903 година и систематско користење на атентатите, киднапирањата и убиствата со цел интервенција на Европа, како алтернатива за концептот изложен во Директивата.[1048] Во август 1905 година, Пенчев се вратил во Серскиот округ заедно со Михаил Герџиков, меѓутоа по Рилскиот конгрес повторно се вратил во Софија, каде станува еден од главните поборници за измена на рилските одлуки.

Во март 1906 година, Пенчев ја објавува во неколку продолженија статијата „Национализам или интернационализам“ во весникот „Македоно-одрински преглед“. Во статијата, Пенчеви ги зема во предвид различните искажувања во бугарското општество за ВМОРО. [1049] Пенчев вели дека весниците „Реформи“, „Шангова пошта“, „Мир“ и „Слободно слово“ неможеле да го смислат автономистичкиот принцип и стремежите на Организацијата кон целосна самостојност по однос на бугарската држава и ја сметале за збирштина на авантуристи, социјалисти, анархисти и разни крајни елементи, кои на грбот на несреќното македонско население, правеле експерименти со своите утописки теории.[1050] Пенчев исто се повикал на две статии за македонското прашање од Димитар Благоев и А. Искров, објавени во социјалистичкото списание „Ново време“, во кои интернационализмот на Организацијата е прогласен за лицемерие, а самата Организација е обвинета за строго националистичка и несамостојна, зависна од бугарските влади.

Откако ги зел во предвид овие искажувања, Пенчев го претставува својот погледа дека Организацијата е „чисто бугарска, значи целосно национална. Организацијата е и треба да остане национална, но не и националистичка (во смисла на бугарски обединувачки идеал)“.[1051] Тој исто така вели дека Организацијата „би сакала во своите редови да ги има сите македонски народности и затоа го прифатила принципот на интернационалноста. Но, ова ако не е невозможно, тогаш е многу сомнително. Србите и Грците не можат да се третираат како самостоен фактор, додека бугарското население е раководено од Организацијата, која целосно е самостојна и која искрено ја

[1048] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 249.
[1049] Исто, 249.
[1050] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 467.
[1051] Исто, 467-468.

прифатила автономијата. Грците и Србите се орудија на официјалните влади на Грција и Србија, кои сакаат поделба на Македонија. Додека таа различност не исчезне, за заедничка дејност не може да стен збор“.[1052]

Пенчев го критикува и принципот дека Организацијата не треба да прави политика со надворешниот свет. Според него: „Организацијата треба да остане целосно самостојна. Самостојноста е нејзината моќ, нејзината иднина, нејзиниот живот. Но, самостојноста не значи отсуство на политика. Штом еднаш прифатиме дека целта на Организацијата не е сама да го реши македонското прашање, туку да го наметне решението на Силите, тогаш природниот заклучок е дека таа треба да води сметка **за надворешните фактори**, да ги сообразува своите активности со нивните интереси и да ги користи нивните конфликти, следствено да има определена надворешна политика. Доаѓаат моменти кога интересите се совпаѓаат и тогаш моралната поддршка или солидарност не е невозможна“.[1053]

Во следните броеви на „Македоно-одрински преглед“ се појавуваат неколку статии без потпис и заеднички наслов „Интернационализмот на Внатрешната организација“. Авторот на статиите го обвинува Петко Пенчев дека го користи интернационализмот како замка за заплашување на луѓето, а читателите биле потсетени дека во минатото внатрешните дејци биле обвинувани како крадци, а сега ги обвинуваат за непатриотизам. Според авторот, Петко Пенчев намерно го користи емотивниот збор интернационалист бидејќи имал социјалистичко потекло и како таков треба да предизвика сомнежи кај јавноста. Во втората статија се истакнува дека автономијата не е измама, туку вистински политички идеал. Авторот вели дека најинтимните потреби на народот се изразени во политичкиот идеал за автономија и дека тој идеал е во судир со идеите за бугарското национално единство и обединување. Ако автономијата е прифатена како идеал тогаш мора да се бара соработка и од другите народности во Македонија, бидејќи самостојноста не може да се реализира само од бугарскиот елемент. Во третата статија, авторот истакнува дека интернационализмот на Организацијата не е одговорен за грчкиот и српскиот национализам, а била отфрлена и теоријата на Петко Пенчев дека Грците и Србите никогаш нема да бидат ништо повеќе од алатки на нивниот национализам и непогодни за револуција.[1054]

На чело на нападите против „левицата“ застанува Штипската револуционерна околија, предводена од Мише Развигоров.[1055] По негова сугестија, околискиот комитет започнува со печатење на весникот „Револуција“ за теорискиот спор со левичарите, а уредувањето му било доверено на Петко Пенчев.[1056] Појавата на овој весникот, кој ги изразува погледите на „десницата“, преставува нова фаза во идеолошкиот судир. Весникот ги напаѓа одлуките донесени на Рилскиот конгрес во 1905 година, а самиот Пенчев истакнува дека конгресот усвоил нова еретичка програма која ја нарекол интернационално еволуционерна наспроти наводно традиционалната национално револуционерна програма на Организацијата.[1057] Во статијата посветена на конгресот, покрај другото, се вели: „Но, паралелно со тие делумно убави реформи (усвојување на изборниот принцип, востанувањето хиерархија во институтите и сл.) беа направени и капитални грешки. Позитивниот принцип на Матов, никогаш без тело, беше заборавен, реформирањето на четничкиот институт напуштено, административната машина стана сложена, се воведе толку широк демократизам во раководењето и толку сложена процедура за донесување

[1052] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 468
[1053] Исто, 468.
[1054] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 250.
[1055] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 468
[1056] Исто, 469.
[1057] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 250.

одлуки и иницијативи, што нејзиното строго почитување би го направиле невозможно донесувањето каква и да е одлука".[1058]

Во декември 1906 година, Петко Пенчев го објавува памфлетот „Нашите спорни прашања" и детално ги образложува своите ставови. Полемичната брошура се појавува непосредно пред дискусиите за вториот општ конгрес на ВМОРО.[1059] Во памфлетот ја разгледува состојбата во револуционерното движење и неговите перспективи, притоа ги анализира разликите и се обидува да создавање систем од идеи и тактика на „десницата".

Новото во реформската група, Петко Пенчев го сведува на три пункта: децентрализам во раководењето, материјализам во составот и еволуционизам во методот, и го нарекува интернационал-еволуциско и го оценува како утописко. Според Пенчев: „Новото е за децентрализам, за широка демократија и изборност во нашето раководење. Тоа е неговата прва утопија. Новото е главно за културно - економска активност во Организацијата, тоа е еволуциско, тоа бара најширока духовна подготовка и духовна свест кај населението. Тоа е негова втора утопија. Новото е за фактичко интернационализирање на Организацијата што треба да биде претпоставка за нејзината практична дејност; тоа целосно затварање во сопствената черупка; тоа го игнорира дипломатскиот елемент на борбата и се откажува од надворешната политика. Тоа е за чиста револуција, тоа го презира јавното мислење и не се обидува да го придобие. Тоа е неговата трета утопија. Јас би рекол неговото злосторство. Новото, најпосле, е против секоја материјална помош од каде и да потекнува. Тоа претпочита да ја види целата Организација освоена од пропагандите, сите дејци убиени или затворени, по што останува само да си ја потпише смртната пресуда, но тоа продолжува да вели не. Тоа е нов Дон Кихот, за својот апстрактен принцип за некакво чисто револуционерство и самостојност, тоа е подготвено да жртвува се. Тоа е неговата четврта заблуда и второто злосторство, кое е најголемо, иако нема посебна теориска важност".[1060] За Петко Пенчев разликите биле само теориски, а практиката иста, или речиси иста, со разлики кои се условуваат не од фракционерската припадност на раководното лице, туку од објективните локални околности.

Петко Пенчев во својата брошура сепак успева да ја долови суштината на недоразбирањата, истакнувајќи: „Но, да ги оставиме сите разлики, божемни или вистински, за да застанеме на едно прашање кое, според нас, лежи во основата на расколот на внатрешните - односите со Бугарија".[1061] Занемарувајќи ја суштината во која македонската револуционерна организација се создала и развивала, Петко Пенчев истакнува: „Задоена со бугарски национализам, Организацијата чуваше непоколеблива верба во него".[1062] Петко Пенчев исто така вели дека „непријателството и антагонизмот меѓу двата крвни фактори на една иста кауза, немаат оправдување и треба да престанат. Бугарија не се откажува од своите аспирации, од својата иднина, ниту пак ќе се откаже. Таа е органски срасната со македонското прашање и да се откаже од него, тоа ќе значи да се откаже од самата себе си како современа држава". Пенчев истакнува и дека Организацијата „се задоволи со автономија, додека Бугарија уште верува во својата историска мисија на обединителка на Балканот".[1063] Според него, Бугарија може да одолговлекува, може да усогласува кога и треба, кога не треба, меѓутоа „**...ние сме тие кои треба да се приспособат кон Бугарија**", таа е таа која треба да се приспособува кон нас. Зашто, непосредниот извор на борбата и објект на ропството сме ние. Но самостојноста уште не значи „да се изолираме безусловно од Бугарија". Ако треба да имаме своја надворешна политика кон надворешните

1058 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 469
1059 Исто, 471.
1060 Исто, 472.
1061 Исто, 473.
1062 Исто, 473-474.
1063 Исто, 474.

фактори, „дотолку повеќе треба да ја имаме кон Бугарија“. Има редица причини кои наложуваат едно искрено пријателство со неа и трајни врски во чија основа да биде нашата самостојност.[1064]

Во однос на Бугарија, Петко Пенчев препорачува: 1) Ние бездруго треба да имаме една вонорганизациска база. Секое ослободително движење имало слична база, не можеме да не ја имаме и ние. 2) Има сличност на извесни интереси. „Нашата цел е автономија, но преку бугарскиот елемент и за бугарскиот елемент, пред се“. Поради тоа, ние треба да настојуваме да го заштитиме со еден непробоен штит од стрелите на неговите непријатели. Ние сме силни само со него, преку него и за него. Истиот интерес го има и Бугарија. Таа може да смета на еден дел или на целосно обединување само доколку има потпора, објект кои ќе ги оправда нејзините претензии. А тој објект не може да биде друго, освен бугарскиот елемент. Затоа таа и не престанува да се грижи за неговото закрепнување. А што е уште поважно, Бугарија единствен заштитник на своите соплеменици гледа во лицето на Организацијата и затоа е принудена да ја бара со сиот нејзин интернационализам и самостојност. 3) Третата причина има чисто материјален карактер. Од самиот почеток до денес, Организацијата секогаш наоѓаше материјална поддршка во бугарското општество.[1065]

Петко Пенчев забележува дека народот во Македонија е оптоварен со тешки даноци и сега, кога претстои неговото вооружување, да се натовари со нов, воен данок, тоа ќе биде сквернење. Оттука, предлага дека „**не останува друго, освен да пристапиме кон надворешната добротворност. А каде ќе ја најдеме, толку штедра, ако не во Бугарија**“.[1066]

Оддалечувајќи се од македонското својство на револуционерното движење, Петко Пенчев вели дека „македонската емиграција и бугарското општество имаат право да побараат и тие од нас нешто. Ние треба да ги отстраниме нивните заблуди, да ги разбереме легендите кои ги создаде врховизмот за некаков наш фактички космополитизам и прогонување на бугаризмот и да им покажеме, дека нашиот интернационализам, кој толку многу се злоупотребува, не е ништо друго освен нашата самостојност. Таа самостојност ние високо ја цениме, но таа не значи непријателство и **полн сепаратизам**. Ете, тоа треба да го направиме ние за да ја имаме во иднина поддршката од неофицијална Бугарија. Но ние, да си признаеме, го правевме спротивното, ние го иритиравме тоа општество, плукавме на неговите идеали, ги исмевавме неговите чувства и во исто време го пцуевме, поради што најпосле го затвори кесето и почна да не се доверува на разни трговци со делото. А бара ли многу од нас општественото мнение? Тоа не се загледува толку во нашата подземна дејност, тоа не ни бара сметка за она кое го правиме овде и таму, тоа едноставно сака да се почитуваат неговите чувства и да му се даваат реални факти за заштитата на бугарското племе од србизмот и од грцизмот. Доколку ние ги задоволиме тие елементарни барања и ако ги хармонизираме со нашите задачи, тоа ќе биде задоволно“.[1067]

Петко Пенчев многу јасно забележува дека основата на спорот не е во односот на Организацијата кон бугарското општество, истакнувајќи дека искористувањето „на патриотските и на хуманите чувства на слободниот Бугарин за добивање материјални средства за потребите на ослободителното движење не се сметаше од интернационалистите за нарушување на револуционерната етика. Стануваше збор за тоа: **дали да се прифати или не материјалната помош до официјалните бугарски кругови?**“[1068]

[1064] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 475.
[1065] Исто, 475.
[1066] Исто, 475-476.
[1067] Исто, 476.
[1068] Исто, 476.

Може да се заклучи дека Пенчев не се води од реалноста, туку од намерата за наметнување на погледите на своите ментори. Организацијата никогаш не била задоена со бугарскиот национализам, туку со македонскиот патриотизам. Револуционерната организација настанува врз основа на сепаратизмот и нејзината цел е обединување на сите елементи без разлика на вера и народност врз принципот - ослободување на заедничката татковина Македонија, не случајно во коресподенција и другите документи постојано се сретнуваат термините „татковина“ и „Македонија“. Пенчевите искажувања за улогата на Бугарија исто така не се точни. Револуционерната организација има контакти со официјалните политички фактори во Бугарија и Бугарската егзархијата, меѓутоа секогаш водела сметка за своите интереси настојувајќи од бугарските кругови да добие финансиска и материјална помош, а во однос на Егзархијата настојувала да бидат назначени за учители нејзините членови. И покрај овие контакти, Организацијата никогаш не водела сметка за бугарските интереси, туку за интересите на македонското движење. Организацијата се пројавува како противник на бугарската националистичка политика кон Македонија, односно се противи на присоединувањето на Македонија кон бугарската држава, а тоа е очигледно од нејзината крајна цел - независна македонска држава, која се потврдува од повеќе извори. Револуционерната организација била подготвена за соработува со секого кој може да и помогне, во тој правец се и контактите со бугарското општество, меѓутоа не случајно организациските дејци соработуваат со оние кои ја прифаќаат нивната програма, оттука соработуваат со социјалистите и анархистите, како и со други бугарски општествени личности кои се спротивставиле на сан-стефанскиот идеал. Организацијата никогаш не настапувала како бугарска национална организација, следствено на тоа во предилинденскиот период никогаш не подржувала политика за превртување на патријаршиските села во егзархиски. Во постилинденскиот период, ова прашање се појавува во смисла за ограничување на грчката и српската пропаганда, меѓутоа Ѓорче Петров побарал подеднакво да се гонат грчките, српските и егзархиските митрополити. „Левицата“ свесно одбива да прифати помош од официјална Бугарија, затоа што помошта секогаш е условена, односно се бара прилагодување кон бугарската државна политиката, прифаќањето значело губење на независноста и претворање на ВМОРО во големобугарско орудие.

Петко Пенчев во литературата се сретнува како еден од идеолозите на „десницата“, но тој е само нејзин гласноговорник, а неоспорен идеолог на оваа група е Христо Матов и ментор на Пенчев. Матов всушност преку Петко Пенчев го избегнува директен судир со претставниците на „левицата“.

Како што претходно забележавме, Христо Матов објавува повеќе брошури во кои ги претставува своите погледи. Во својата студија „За управувањето на внатрешната революционерна“ ја критикува децентрализацијата и федеративниот принцип, истакнувајќи дека Организацијата е една и единствена, „а тие ја разединуваат, па некако пак ја соединуваат... Но да ја оставиме Организацијата и да ја земеме во предвид Македонија со нејзиното население, затоа што не сите се членови на Организацијата. Имало ли пред 50-100 години, Битолска држава, Скопска држава, Пиринска држава и др., и некако сега да се обединат во Организација - федерација“.[1069]

Матов вели дека децентрализацијата и федеративниот принцип може да доведе до распарчување на Организацијата, односно секој револуционерен округ да стане одделна организација. Матов исто така истакнува дека Скопскиот конгрес и Димо Хаџи Димов (Авиценус) предвидуваат за секој округ одделен претставник, а Хаџи Димов исто така предложил едно Централно информативно биро кое требало да биде врска помеѓу одделните окрузи, посредник

[1069] Христо Матовъ, За управлението на Вѫтрѣшната революционна организация, македонска революционна библиотека, 1926, 57.

помеѓу претставникот и округот, претставништвото и окрузите, како и меѓу окрузите.[1070] Според Матов, федералистите немале елементарни познавања за државните форми на управување и во делот на федеративната форма, затоа што дошле до заклучок да се испраќаат надворешни претставници за секој округ, а внатре во Македонија да нема централно управно тело.[1071] Во својата критика кон овие погледи, истакнува дека никогаш не постоела држава без централна управа, дури и федерациите и најдемократските држави имале централна управа".[1072] Матов забележува дека федералистите истакнувале дека биле модерни револуционери и го посочува примерот на проповедниците на социјалната револуција и руските револуционери. Тој исто така го цитира членот 20 од уставот на социјалистите во Бугарија, според кој: „Централниот комитет е главниот управнички орган на партијата и единствениот одговорен пред конгресот за водењето на партиските дела".[1073] Неговата критиката е во правец дека бугарската социјалистичка партија била поставена на централистички принципи и покрај тоа што бугарските социјалисти биле модерни револуционери. Со други зборови, децентрализацијата не била во социјалистички дух. Отфрлајќи ја децентрализацијата, Матов заклучува дека: „за да станеш сила, треба да се организираш: ти може да имаш многу сили, но ако тие не се организирани, каква полза".[1074] Тој исто така истакнува дека одделните окрузи ако бидат групирани и водени од еден центар тие ќе бидат сила. Според него, централната управа се налага од потребите и спорните прашања меѓу окрузите, тоа е полезно и за внатрешните работи на еден округ. Покрај залагањето за едно централно управно тело, Матов го разгледува и прашањето дали тоа треба да се наоѓа во Македонија или надвор од организациската територија, и истакнува дека се откажува да говори за ова прашање затоа што федералистите не допуштале мисла за префрлање на центарот надвор од Македонија.[1075] Според Христо Матов, Организацијата требало да биде поставена на следните принципи: 1) Работата да се врши. 2) Изборно право. 3) Доверба во другарските начела. 4) На најдостојниот. 5) Никогаш без тело. 6) Единство во Организацијата.7) Единството треба да се изразува конкретно – во централното тело. 8) Иницијатива во работниците и групите, инцијатива во деловите, иницијатива во Организацијата како цело.[1076]

Матовото гледиште за централизацијата е правилно, меѓутоа тој не разбира или не сака да го разбере фактот дека „левицата" се залага за децентрализација за да се ограничат надворешните влијанија и да се избегнат одлуки како онаа на Иван Гарванов за востанието во 1903 година. Децентрализацијата овозможувала поголема контрола врз донесувањето на одлуките и ограничување на политиканството на некој дејци, меѓу кој бил и Христо Матов. Всушност барањата за децентрализација се резултат на начинот на кој е донесена одлуката за востанието како и преговорите на Матов и Христо Татарчев со бугарската влада како задгранични претставници на Организацијата, без притоа да се консултираат со останатите.

Христо Матов во студијата „Востанички дејствија" ги искажува своите погледи за минатите и идните дејствија на Организацијата.[1077] Според него, во текот на востанието од 1903 година, Организацијата не требала „да прави илузија дека може сама да ја победи Турција. Победа за Организацијата е ако не биде победена од Турција, односно империјата да не може пред Европа да изјави дека Организацијата е победена, и како резултат ќе се јави една ефикасна интервенција. Ако борбата е кратковремена, Турција ќе изјавела пред Европа дека редот е воспоставен, во таков

[1070] Христо Матовъ, За управлението на Вѫтрѣшната революционна организация..., 131.
[1071] Исто, 131.
[1072] Исто, 131-132.
[1073] Исто, 133.
[1074] Исто, 135.
[1075] Исто, 143.
[1076] Исто, 162.
[1077] Христо Матовъ, Възстанишки действия, второ издание, македонска революционна библиотека, 1925, 4.

случај Турција и Европа ќе се успокоеле и немало да има услови за интервенција“.[1078] Според Христо Матов, општото повсемесно востание, односно она востание кое се проповедало и кое било санкционирано во Уставот на ВМОРО треба да се отфрли и предлага ограничени востанички дејствија.[1079]

Матов исто така е против масовно востание затоа што, според него тоа било поризично и непрактично.[1080] Анализирајќи ја дефиницијата за востанието во уставот заклучува дека е неопределено и еластично. Според него: „Ако Уставот на ВМОРО подразбира вооружено востание на целото христијанско население по целата организациска територија“, истакнувајќи дека е против такво востание и предлага народна партизанска војна меѓу власта и населението. Според Матов, овој начин на дејствување ќе ги загрози интересите на блиските и далечните држави со што ќе се предизвика надворешно ефикасно вмешување.[1081] Матов пред се мисли на интервенција од страна на бугарската држава и овој концепт во следните неколку години постојано ќе го проповеда. Тој исто така предлага и динамитните акции кои требало да го привлечат вниманието на европејците.[1082]

Христо Матов идната дејноста на Организацијата ја гледа во нападите врз турските села и градовите.[1083] Според Матов, акциите „не мора да се преземаат за време на формални востанички дејствија, туку да станат составен дел од чистата организаторска работа, односно Организацијата може да ги уништува турските села во разни места“.[1084] Овие напади на Организацијата можеле да доведат до одмазда и разурнување на христијанските села, меѓутоа Матов сметал дека разурнувањата можеле да го возбудат европското општествено мнение и во рацете на дипломатијата (благопријатно расположена ) да донесе удобен претекст за вмешување.[1085] Според него, дипломатијата не може јавно да ги застапува борците против легалната власт, меѓутоа може да говори и да се застапува за страдалници.[1086] Со своите погледи, Христо Матов ја оддалечува Организацијата од нејзината револуционерна основа, а мерките кој ги предлага всушност ја насочуваат кон класичен тероризам.

Грчката и српската вооружена пропаганда во Македонија силно влијае врз погледите на многумина революционери, вклучително и кај Христо Матов. Во тој правец е искажувањето на Антон Страшимиров дека во раководните кругови на Организацијата се појавиле поделби кои се повеќе се засилувале.[1087] Односно едните „јасно и категорично ја поставиле дилемата: во Македонија против нас се спротивставуваат Турција, Грција и Србија; тие во нас гледаат пионери на Бугарија, а и не прават такви под страв на поголемо истребување; бидејќи нема време за умување; Бугарија треба да се застапи за нас и ние - за Бугарија. Војна - или ние загинуваме“.[1088]

Следствено, Христо Матов истакнува дека уништувањето на одделни чети, не значи и уништување на четничкото движење.[1089] Затоа предложил дека Организацијата треба да ги принуди Грците да се откажат од испраќање или подржување на чети и комитети, а тоа можело да

[1078] Христо Матовъ, Възстанишки действия..., 8.
[1079] Исто, 38.
[1080] Исто, 39.
[1081] Исто, 54.
[1082] Исто, 55.
[1083] Исто, 85-86.
[1084] Исто, 86.
[1085] Исто, 87-88.
[1086] Исто, 88
[1087] Антонъ Страшимировъ, Истината по положението въ Македония, Издание на Одрински Гласъ, София, 32.
[1088] Исто, 32.
[1089] Христо Матов, Македонска революционна система, ВМРО - Съчинения, 2001, 200.

се постигне преку засегање на грчките интереси, преку удирање во болното место.[1090] Според Матов, досегашната тактика против грчките чети се состоела од нивно гонење и протерување од селата. Меѓутоа оваа тактика , според Матов не била доволна.[1091] Организацијата систематски ги гонела грчките чети, меѓутоа проследувањето на закрилниците и палењето на скривалиштата биле само привремени мерки. Според Матов, во очите на Организацијата грчките чети биле виновни и затоа биле проследувани, меѓутоа биле виновни и оние што ги затскривале. Оттука, Матов предложил и тие да се гонат.[1092] Според неговото видување, помеѓу нападот врз закрилниците и нападот врз местата каде се криеле грчките чети, било полесно да се напаѓаат местата, затоа што напаѓаш нешто недвижно: здание, село, затоа што посигурно ги лишуваш грчките чети од база – потпора... Палењето на селата, било удар врз болното место.[1093] Како казнени мерки ги предлага палење на грчки села (чисто грчки, каде се говори грчки), палење на градови или грчки мала (Драма, Сер, Мелник, Демир Хисар, Костур), блокади врз грчките градови или големи села и репресалии надвор од османлиската територија - против Грците во Бугарија.[1094]

Доколку мерките на Христо Матов биле прифатени, Организацијата ќе стане бугарска националистичка организација и орудие на бугарската пропаганда во Македонија.

**2.** На овие принципи се спротивставува Димо Хаџи Димов и во тој правец е неговата критика во „Революционерен лист“ по објавувањето на памфлетот „Нашите спорни прашања“. Хаџи Димов во својата критика вели дека европските реформи нема да донесат широки човечки права за македонското население, а реформите немаат за цел да ја трансформираат и унапредат Османлиската империја туку спречување на ерупции и компликации во Турција. Според Хаџи Димов, големите сили не сакале укинување на незадоволството во Македонија, туку само релативна смиреност без остри борби.[1095]

Исто така Хаџи Димов го напаѓа весникот „Революция“, не поради неговата содржина, туку поради прекршувањето на дисциплината и единството во Организацијата, имено „Революция“ бил печатена без согласност на високите органи на Организацијата. Статијата на Пенчев била целосно објавена во „Революционерен лист“ без коментар, а во следниот број Хаџи Димов обвинил дека Пенчевата национално-револуционерна линија всушност е „**внатрешен врховизам**“.[1096] На овие критики, Пенчев одговорил дека старата линија преставува целосен централизам, бугарска основа и бунтовнички акции како средство, додека новата линија е децентрализам и интернационализам. Пенчев го обвинува Хаџи Димов дека сака да го наметне социјализмот во Организацијата. Во својот одговор Димо Хаџи Димов вели дека Пенчев знае многу малку за социјализмот исто колку што знае за состојбата во Организацијата и новото едноставно е проширување на членската база зацртана врз Уставот на ТМОРО, иако Организацијата е поставан врз нов систем на управување, принципите и дејноста останале исти.

Хаџи Димов особено го осудува принципот за брзо дејствување. Во однос на бугарската помош, Хаџи Димов вели дека помошта прифатена од бугарската држава може само да ја поткопа независноста и интернационализмот на Организацијата и да ги интензивира националистичките ривалства и антагонизми во Македонија кои Организацијата се обидува да ги надмине.[1097] Хаџи Димов исто така вели дека новото во Организацијата не е политиката на „левицата“, туку

[1090] Христо Матов, Македонска революционна система..., 201.
[1091] Исто, 201.
[1092] Исто, 201.
[1093] Исто, 202.
[1094] Исто, 203-205.
[1095] Mercia MacDermott, For freedom and perfection...„ 252.
[1096] Исто, 251.
[1097] Исто, 253.

ширењето на врховизмот меѓу внатрешните работници. Според него: „Стравот на национал-революционерите за долгорочна дејност **едноставно е врховизам par excellence**“.[1098]

На 27.XI.1907 год. во Софија, еден ден пред убиството на Иван Гарванов и Борис Сарафов, започнува да излегува весникот „Илинден“ како претставник на „десницата“. Според бугарскиот весник „Граѓанин“ - „Илинден“ бил финансиран од страна на бугарската влада, а според „Пролетеријат“„десницата“ добивала морална и финансиска поддршка од владата. „Илинден“ објавува серија статии во кои ги напаѓа серчани и бугарските весници кои ги подржуваат, а еден од главните уредници на весникот е Петко Пенчев.[1099] „Илинден“ исто така пишувал и против „Одрински глас“ кој бил уредуван од социјалистот Ангел Томов.[1100]

Петко Пенчев во „Македонско-одрински преглед“, „Революција“ и „Революционерен лист“, како и во својот памфлет, го искажува ставот дека Организацијата никогаш не била и не може да биде интернационална, и дека интернационализмот на серчани е нешто ново и неприфатливо. Меѓутоа на 2.II.1908 год. Пенчев објавува статија во „Илинден“ во која го напушта ова стојалиште. Според оваа статија интернационализмот секогаш бил во статутарните акти на Организацијата и дека новото на серчани всушност не е нешто ново, и дека повеќе имало интернационализам во Битолскиот округ отколку во Серскиот. Петко Пенчев нападот против серчани, сега го насочува во друг правец, имено ја напаѓа нивната културна и економска програма. Според Пенчев, културната дејност на серчани не се разликувала од онаа на Бугарската егзархија, освен што Јане Сандански наместо крстот го користел мечот. Што се однесува до економската програма која предвидувала создавање на кредитни друштва, подобрување на санитарните услови, патишта и др., за Пенчев овие планови се фантазија што може да се појави само во имагинацијата на слепите догматици. Пенчев го обвинува Сандански дека сака во Серскиот револуционерен округ да воведе целосна економска еднаквост во духот на модерниот социјализам.[1101] Неколку недели подоцна во „Илинден“ се објавува статија во која Сандански и неговите привrзаници повторно биле нападнати поради економска и културна програма, и биле обвинети дека се социјалисти. Но, сега кон листата на обвинувањата бил додаден и републиканизмот. Сандански бил обвинет дека во рамките на неговото Пиринско царство сака да ги реализира екстремните идеали на социјализмот и дека неговите идеали за ослободувањето и културните задачи лежеле врз републиканизмот.[1102]

Според Макдермот, ставовите на Петко Пенчев не биле изолиран феномен, тој говорел во името на оформената „десницата“ која дејствувала во рамките на Организацијата. Пенчев јавно ги искажал ставовите и принципите на оваа група, имено дека Организацијата по својот карактер мора да биде национална, односно бугарска, мора да влезе во односи официјалните власти во Бугарија, прифаќање на оружје и други средства од секаде без обврски, а ослободувањето на Македонија го гледале преку бугарска воена интервенција. Според Макдермот, оваа концепција на десницата е „**класично врховистичко стојалиште**“.[1103]

Димо Хаџи Димов како еден од главните бранители на „левицата“ го продолжува судирот со Петко Пенчев и Христо Матов. Во статијата „Критички белешки“ објавена во „Револуционерен лист“, вели дека политичкиот сепаратизам задолжително се наложил од „неопходноста да ја сочуваме целоста на **нашата татковина**, целост што се диктира од вистинските интереси не само на оние народности кои живеат во Македонија и Одринско, туку и на сите народи што живеат на

[1098] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 254.
[1099] Исто, 302.
[1100] Исто, 305.
[1101] Исто, 302.
[1102] Исто, 304.
[1103] Исто, 254.

Балканскиот полуостров“.[1104] Според Хаџи Димов, Македонија и Одринско како самостојна политичка единица не само што ќе ги уништат раздорите и борбите меѓу балканските државички, туку ќе послужат за центар, околу кој ќе се соберат сите тие државички и на тој начин ќе се постигне една балканска конфедерација.[1105]

Хаџи Димов исто така забележува дека приврзаниците на бунтовничката струја во Организацијата a la Брут во автономијата на Македонија и Одринско „не гледале како на цел, туку како на **средство за остварување на Целокупна Бугарија**“.[1106] Истакнувајќи: „Ние, што ја имаме за цел, а не за средство автономијата на Македонија и Одринско треба да сфатиме и да му објасниме на народот дека националистичките прогонувања во нашата татковина се плод на неговата умствена беда, на неговата ниска културна состојба. Овој морален и политички мрак се експлоатирал од непријателите. Затоа е неопходно да се поведе борба против националниот шовинизам и религиозниот фанатизам“.[1107]

Хаџи Димов во статија „Престојаните задачи на Внатрешната организација“ вели дека за претставниците на бугарскиот национализам, одмаздата и вечната национална омраза можат да бидат најефикасните елементи на дејствување. Според Хаџи Димов, заемното истребување меѓу одделните народности во Турција доаѓа како неизбежна реакција на свесните или несвесните скршнувања на Внатрешната организација од нејзиното природно корито, ова истребување се јавува како логична последица од јавните искушенија во кои паѓа Организацијата, давајќи им предимство на завојувачките перспективи на бугарското државништво. Според Хаџи Димов, на Организацијата и престои „најрешително да ја прегрне идејата, според која борбата за автономија и нејзино остварување се незамисливи без солидарното учество на одделните христијански народи“.[1108]

Во текот на полемиките помеѓу Петко Пенчев и Димо Хаџи Димов јасно се оцртуваат различните стојалишта на двете групи. „Левицата“ се залагала за еволутивна дејност, изразена преку бавна, тивка, културна и економска активност која требало да го оспособи македонскиот народ сам да ја извојува својата слобода, а од друга страна „десницата“ се залагала за брзо дејствување преку терористички акции и бугарска интервенција.

[1104] Димо Хаџи Димов, Одбрани дела, книга прва; избор, предговор и редакција Манол Пандевски, Култура, Скопје, 1984, 223-224.
[1105] Исто, 224.
[1106] Исто, 227.
[1107] Исто, 227.
[1108] Исто, 246.

## ГЛАВА XV

## КРАЈ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

*„Политичкиот сепаратизам, којшто одговараше потполно на условите во кои се поставени Македонија и Одринско и на вистинските интереси на населението, се ополчи против националистичките пропаганди"* **– Димо Хаџи Димов**



**Тодор Паница**

**1.** Во летото 1906 година, започнуваат подготовките за вториот општ конгрес на ВМОРО.[1109] Во овој период Даме Груев престојува во Софија и во текот на јули-август има средби со задграничните претставници Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов, додека Ѓорче Петров е избегнуван поради неговата поврзаност со Борис Сарафов.[1110] Даме Груев имал и чести средби со Христо Матов, Милан Матов, Павел Христов, Владимир Руменов, а подоцна и со Пере Тошев.

Со одминување на времето, избило прашањето за идниот општ конгрес. Согласно Правилникот, тој требало да се одржи на годишнината на претходниот конгрес. Секое задоцнување значело престанок на мандатот на избраните тела. Ова прашање својот вистински третман го добило во почетокот на август, по пристигнување на Пере Тошев во Софија. И овој пат избиле на површина старите недоразбирања. Уште во текот на мај, ЦК испратил Окружно со кое ги поканил окружните комитети да започнат со одржување на околиски и окружни комитети, како подготовка за претстојниот општ конгрес.[1111] Меѓутоа, Солунскиот и Битолскиот револуционерен округ до средината на август се уште не одржал такви конгреси. Солунскиот окружен комитет во јуни се искажал против одржувањето на општиот конгрес, со изговор дека конгресот нема да ја спаси Организацијата од разнебитување.[1112] Тие предложиле наместо конгрес, да се одржи советодавно собрание. Од друга страна, Скопскиот револуционерен округ на својот конгрес, меѓу другото, донел одлука дека, доколку општиот конгрес не се одржи најдоцна 5 месеци од предвидениот датум, овој округ ќе дејствува самостојно, така како што смета за најдобро.

Во таквата констелација, Пере Тошев, раководејќи се согласно Правилникот, инсистирал Конгресот да се одржи во предвидениот рок ако треба и без делегати од Солунскиот и Битолскиот округ. Даме Груев од своја страна, инсистирал за одлагање на Конгресот за 1-2 месеци, со цел на споменатите окрузи да им се даде можност да изберат делегати. Во спротивно, Даме изјавил дека нема да потпише никаква покана за конгрес. Поради тоа избила остра полемика помеѓу Даме и Пере Тошев.[1113] Истото прашање повторно било отворено на 29.VIII.1906 год., меѓутоа Даме Груев и Пере Тошев наполно се разминале и настапиле со спротивни ставови.[1114]

Кон крајот на ноември 1906 година во Софија започнале да пристигнуваат делегатите од цела Македонија за одржување на претконгресните средби. Во текот на советувањата доаѓа до зближување и целосно слевање помеѓу привrзаниците на покојниот Даме Груев, Иван Гарванов и Борис Сарафов, кои заемно си ги признале делегатите.[1115] Во претходниот период, помеѓу

[1109] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 114.
[1110] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република..., 454.
[1111] Исто, 457.
[1112] Исто, 457-458.
[1113] Исто, 458.
[1114] 458-459
[1115] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 114.

„десницата“ постоела извесна нетрпеливост, која што била повеќе од лична природа отколку од идеолошка, а идните настани покажуваат дека помеѓу нив постоела согласност за методите и начините за продолжување на револуционерната борба, како и насоката за решавање на македонското прашање.

Кон крајот на ноември 1906 година, Пере Тошев заедно со Сандански пристигнува во Софија. Пред пристигнувањето помеѓу нив двајца постоело потполно разбирање за прашања кои биле од интерес на ВМОРО. Како делегати за општиот конгрес од Серскиот револуционерен округ биле избрани Петар Поп Арсов, Крсто Б’лгаријата и Димитар Стефанов.[1116]

Во текот на претконгресните советувања, серчани го поставуваат прашањето за местото на одржување на конгресот, притоа инсистираат да се одржи во Македонија.[1117] Од своја страна, „десницата“ побарала да се предаде оружјето и муницијата од граничните пунктови, кои биле под контрола на Јане Сандански на една комисија од мешовит состав, но предлогот бил одбиен. Јане Сандански и Петар Поп Арсов биле непопустливи пред барањата на „десницата“, додека, пак Пере Тошев се држел резервирано. Според Христо Силјанов: „П. Тошев молчеливо ја подржа акцијата на серчани“.[1118] На советувањата, серчани и Сандански биле подржани од Ѓорче Петров и Пере Тошев, од сите солунски делегати на чело со Ал. Станов и дел од скопските.[1119]

Во текот на софиските советувања биле спорни три прашања: 1) местото на одржување на конгресот. 2) предавање на оружјето во крајграничните пунктови. 3) верификување на делегатските мандати, како најспорно прашање. Поради последното прашање, на едно собрание околу полноќ, дошло до демонстративно напуштање на седницата од страна на Петар Поп Арсов, Христо Чернопеев, Крсто Б`лгаријата, Стојо Хаџиев, А. Станоев, Димитар Икономов и други. На крајот била најдена компромисна формула во одржувањето на конгресот по втор пат во Рилскиот манастир. Задграничното претставништво испратило покани до сите делегати повикувајќи ги да заминат за Рилскиот манастир, но многумина делегати од „десницата“ ги вратиле назад поканите.

И покрај овој гест, „левицата“ на чело со Јане Сандански се упатиле кон Рилскиот манастир. Непосредно пред манастирот, Михаил Даев во полупијана состојба предизвикал инцидент во текот на кој биле убиени двајца месни врховисти, а третиот бил ранет. По настанот, бугарската полиција го блокирала Рилскиот манастир и било оневозможено одржувањето на конгресот. Сандански со останатите делегати го напуштил местото и ја минува границата.[1120] Заминувањето на Сандански и неговите приврзаници, било искористено од припадниците на „десницата“ да упатат обвинение дека првите го провалиле конгресот. Но, тие не се ни појавиле на местото закажано за одржување на конгресот.[1121] Според Иван Харизанов, „десницата“ не сакала да испрати свои претставници на општиот конгрес, а од друга страна „левицата“ заминала кон Рилскиот конгрес со надеж дека „десницата“ во последен момент ќе се појави.[1122]

Не одржувањето на вториот општ конгрес на ВМОРО, како и постапките и одлуките на двете издиференцирани групи, преставуваат почеток на крајот на постоењето на единствената

---

[1116] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1-2, Год. I, юлий - август, София, 1945, 44.
[1117] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 114.
[1118] Исто, 115.
[1119] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1-2, Год. I, юлий - август, София, 1945, 45.
[1120] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 115.
[1121] Исто, 117.
[1122] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1-2, Год. I, юлий - август, София, 1945, 45.

македонска револуционерна ослободителна организација на единствената и цела македонска територија.[1123]

**2.** По неуспешниот конгрес, „десницата" во своето излагање од 15.I.1907 год. ги обвинува серчани дека се „убедени интернационалисти. Но нивниот интернационализам не се содржи во давањето на еднакво учество на сите нации и религии во делото на револуцијата. Подобно гледиште... одамна е усвоено од Организацијата и е впишано, како нејзин најсветол принцип... Различноста не е во принципот, туку во неговото приложување. Серчани безусловно веруваат во едно најскорешно зближување меѓу сите христијани во Македонија и Одринско, кое го поставуваат како неопходен услов за самото постигнување на нашиот краен идеал - автономијата."[1124] Во понатамошната критика се вели дека серчани: „не очајуваат од онаа непомирлива и крвава борба, која ни е објавена од српските и грчките чети и мислат, дека тие се од привремена природа. За таа борба тие не ги обвинуваат... нејзините виновници – пропагандите, туку самата Организација. Таа, според нив... ги проследувала небугарските елементи и со своето подавање на официјална Бугарија го предизвикала сегашното нивно поведение".[1125]

Во излагањето многу јасно се вели дека серчани „сакаат **целосно изолирање** од Бугарија и ја обвинуваат целата Организација дека се подава и продава. Во својата омраза кон Бугарија, Серчани одат дотаму, што сакаат да се одбива секоја една помош, која што доаѓа од неа. И тоа во моменти кога Организацијата има големи финансиски проблеми и потреба од огромни суми и оружје за борбата против непријателските чети..." Серчани исто така се обвинуваат дека се крајни еволуционисти кои прегрнале „**една чисто културна дејност**", стремејќи се кон една „подземна и бесшумна работа, работа која што ќе го превоспита населението и ќе го направи сознаен пионер во борбата и сознателен граѓанин во идната слободна Македонија".[1126]

Веднаш по неуспешниот општ конгрес, „десницата" во Софија се конституирала во советодавно собрание, кое се занимавало со следните прашања: 1) Идната дејност на Организацијата. 2) Материјалната издршка на Организацијата. 3) Организацијата и Бугарија. 4) Управувањето и правилниците. Во однос на овие прашања, биле донесени следните одлуки. а) Организацијата треба да биде револуционерна, не само по карактер туку и по начинот на дејствување. Еволутивната тактика која води кон неуставно модернизирање на турскиот режим, треба да биде туѓа за Организацијата. Организацијата ја восприема културно-економската дејност, само дотолку ја помага и не во расчекор со нејзините непосредни револуционерни задачи. Организацијата за своја прва и главна задача ја смета подготовката во воен и духовен поглед. Со таа цел треба да се пристапи кон а) вооружување на населението со помодерно и доволно количество на оружје. б) внесување во внатрешноста на неопходните воени и експлозивни материјали. в) определување на специјални инструктори кои треба да го обучуваат населението во воено искуство. Организациските дејствија претпочитаат: 1) Најактивна борба против српските и грчките пропагаторски чети со непосредната одбрана, се препорачуваат во борбата сите возможни репресалии против србоманството, гркоманството и грчкото население и нивните легални пропаганди, како: палење на села, економски бојкот и др. 2) Уништување на турски, арнаудските и воопшто на сите разбојнички банди, нивните јатаци и свратилишта. 3) Убиства на видни политички личности - турски државници или чиновници и шефови на пропаганди. Откако ќе се подготви доволно, Организацијата презема ред на атентати над општествени објекти: мостови, железници, тунели, банки, рудници и др., кои се во состојба да ги повредат турските и европските интереси, а

[1123] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 118
[1124] До другаритѣ членове на околийскитѣ и окрѫжни комитети на Организацията. Изложение отъ болшинството делегати на общия конгресъ на Организацията. Цент. Държ. Истор. Архив.
[1125] Исто, 3.
[1126] Исто, 3.

Организацијата ги смета за свои формални дејствија. Атентатите и убиствата за да бидат поефективни и подобро извршени треба да бидат доверени на специјални терористички групи.

Б) Собранието сметало дека Организацијата треба да има сопствена финансиска издршка, од која во голема мера зависи нејзината независност. Меѓутоа, собранието искажало мислење дека Организацијата никогаш нема да може да се издржува со сопствените финансиски приходи и затоа се препорачува организирање на надворешна благотворителност, особено онаа од Бугарија. Вооружувањето на Организацијата налага да се усвои начелото дека таа може да прима помош од секаде од каде би и се предложило, но без да дава во замена никакви ангажмани. В) Собранието одлучило дека Организацијата треба да има кон Бугарија една пријателска и коректна политика. Во своите взаемно односи кон Бугарија Организацијата треба да биде особено внимателна, за да не испадне во подавање, кое може да ја компромитира нејзината независност. Г) Собранието искажало мислење дека правилниците изработени на претходниот конгрес во голема мера се непрактични и неприменливи, и не малку содејствувале на анархијата во Организацијата.[1127]

Во согласност со препораките на советодавното тело, споменатите окрузи ополномоштија по едно лице кое да ги претставува зад границата: Солунскиот - Иван Гарванов, Битолскиот - Борис Сарафов, Скопскиот - Христо Матов.[1128]

Ако внимателно се анализираат одлуките на „наводното мнозинство“ може да се констатира дека тие се во духот на бугарската националистичка политика. Имено, се препорачува најактивна борба против српските и грчките чети, репресалии против србоманството, гркоманството и грчкото население, пријателска и коректна политика со Бугарија и сл. Со овие одлуки „десницата“ се оддалечува од основите на македонското револуционерно движење.

Во почетокот на февруари 1907 година, „левицата“ организира сопствено советување во Дупничко. На советувањето присуствувале: Петар Поп Арсов, Димитар Стефанов, Пере Тошев, Јане Сандански, Христо Чернопеев, Чудомир Кантарџиев, Крсто Б’лгаријата, А. Станоев, Стојо Хаџиев, Михаил Даев, П. Китанов, Д. Икономов и Л. Томов. Биле разгледани три генерални прашања: 1) Како да се попречи врховистичкото влијание? 2) Што да се прави во Скопскиот, Солунскиот и Битолскиот округ кои биле зафатени од српската и грчката пропаганда. 3) Внатрешните разногласија.[1129] Се појавиле два предлога. Јане Сандански побарал серчани да испратат своја чета во Скопско, затоа што таму имале луѓе кои биле пријателски наклонети кон нив и оттаму да извршат влијание во Битолско и Солунско. Христо Чернопеев поаѓајќи од фактот дека тие се дејци на целата Организација, а не само на одделни окрузи, предложил тој да замине за Битолско, а Јане, по сопствен избор, да замине за Солунско или Скопско, и лично да ја поведе борбата против надворешните влијанија. Предлогот на Чернопеев бил подржан од Петар Поп Арсов и други шестмина учесници. На крајот не се дошло до единствено решение.

Во пролета 1907 година, левицата одржува советување во Софија, на кое присуствувале: Петар Поп Арсов, Јане Сандански, Стоју Хаџиев, Крсто Б’лгаријата, Петар Ангелов, Лазар Плавев и Алексо Мартулков. Било решено да се вооружат две чети и да се испратат во Скопскиот округ. Б’лгаријата и Ангелов требало да останат во Скопско, а Мартулков и Плавев да заминат во Велешко каде требало да го подржат реонскиот војвода Дачо Јотов. Учесниците во советувањето тргнувале од становиштето дека од Велешко лесно може да се изврши влијание во Втората револуционерна област на Македонија. Невоздржувањето на општиот конгрес водело кон

[1127] До другаритѣ членове на околийскитѣ и окрѫжни комитети..., 4.
[1128] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 511
[1129] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 117.

трансформацијата на Задграничното претставништво во задгранично тело на „левицата", а задачата бил извршувана од Петар Поп Арсов, со поддршка на Димитар Стефанов.[1130]

На 7.VI.1907 год. Петар Поп Арсов на страниците на „Балканска трибуна" ја обвинува „десницата" за поврзаност со бугарската влада. Според Поп Арсов, новите претставници не се ништо друго освен полномошници на некои окрузи и околии; и дека појавата на тоа претставништво е една аномалија која се должи на политиката на Бугарија спрема Организацијата од една страна, и од друга на кризата во Организацијата од пребрзаното востание, кое ја раздели Организацијата на две групи. Поп Арсов исто така вели дека оваа криза произлегува поради отстапувањата на некои видни дејци од основните начела на ВМОРО и дека таквите ренегати-револуционери биле подржувани од страна на Бугарија. Во исто време, истакнува дека бугарската влада ги прогонува луѓето на легитимното претставништво на Организацијата и ги фаворизира оние на новото кое е создадено благодарение на нејзината поддршка на еден чисто поткупувачки начин.[1131]

Критикувајќи ги нелегитимните претставници поради нивните врски со бугарската влада, Петар Поп Арсов вели дека тие ги прифатиле оние односи што грчката влада - грчката официјална власт ги има кон андартите и српската влада кон српските чети во Македонија. Разлика во суштина нема. Оваа политика на бугарската влада, според Поп Арсов може да предизвика крвави судири. Дека Бугарија во текот на 1907 година, во поглед на Организацијата, ја води истата политика од 1895 година и дека владата го претворило тоа претставништво во свое орудие со кое си прават взаемни отстапки. На крајот заклучува: „Се крои нешто, но не се знае кој ќе му го види лезетот - дали само Македонија, или и слободните бугарски граѓани. Не е мала политика да се зацврстиш тука  предизвикај бура таму ".[1132]

За погледите на Петар Поп Арсов, бугарскиот весник „Демократ", пишува: „Во сите негови мисли има сила, и ние знаеме дека тие ќе предизвикаат потресен впечаток на свое место, зашто надвор од своите јасни и смели изрази кои доаѓаат да засегнат една декларирана традиција во нашата политика спрема македонското прашање воопшто, и Организацијата делумно, тие уште се важни поради што произлегуваат од човек со авторитет и силно влијание во македонските средини". Весникот исто така ја осудил бугарската завојувачка политика кон Македонија, истакнувајќи: „Војната за нас е политичко безумие..."[1133]

**3.** Во почетокот на 1907 година, антагонизмот помеѓу двете групации добива нова димензија. На 26.I.1907 год. Мише Развигоров го нападнал Петар Ангелов - пунктовен началник во Ќустендил и приврзаник на Јане Сандански и Петар Поп Арсов, а Борис Сарафов и Иван Гарванов ги поттикнувале своите приврзаници „да удрат на душманите".[1134] Како такви ги именувале: Петар Поп Арсов, Александар Станоев, Стефан Димитров и особено, Јане Сандански и Христо Чернопеев. Во мај 1907 година, приврзаниците на Сарафов и Гарванов, со поддршка на бугарската полиција, во ќустендилско го разоружуваат Крсто Б'лгаријата и го спроведуваат во Софија. Од друга страна, Јане Сандански и Христо Чернопеев јавно се поттикнувани од Петар Поп Арсов, а потајно од Пере Тошев и Ѓорче Петров, да донесат решение за ликвидација на Гарванов и Сарафов.[1135]

---

[1130] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 118.
[1131] Исто, 120.
[1132] Исто, 121.
[1133] Исто, 121.
[1134] Исто, 121-122.
[1135] Исто, 122.

На 27.VIII.1907 год. се одржува конгрес на Серскиот револуционерен округ.[1136] Конгресот е критички настроен кон бугарските власти обвинувајќи ги дека сакаат да го искористат македонското револуционерно движење за сопствените интереси и поткопување на независноста на Организацијата преку предизвикувања на несогласувања во нејзините редови. Со оглед на недостатокот на финансиски средства, Александар Бујнов предложил да се прифатат средства од македонската емиграција, Јане Сандански не ја отфрлил оваа идеја, бидејќи постоела разлика помеѓу прифаќање на помош бугарската влада и поединци, меѓутоа ги потсетил делегатите дека таквите односи мора да бидат формални, бидејќи секоја интимност може да доведе до опасност. Според Сандански треба да се искористи емиграцијата материјално, но да не се влезе во интимни односи со неа, бидејќи емиграцијата секогаш имала слаба волја и се наоѓала под влијание на бугарската влада која преку емиграцијата ги спроведувала своите интереси. На крајот од дискусиите за ова прашање, Конгресот на Серскиот револуционерен округ решил да биде искористена македонската емиграција во материјален поглед, меѓутоа истовремено да се справи со оние емигранти кои ја попречуваат Организацијата. Затоа биле препорачани претпазливи и формални односи со македонската емиграција. Според резолуцијата на конгресот за финансиите, Организацијата морала да има свои финансиски средства како гаранција за нејзината независност. Била отфрлена материјалната помош од заинтересираните држави кои ја осквернувале нејзината независност.[1137]

Исто така било разгледано и прашањето за Централниот комитет и Задграничното претставништво. Сандански говорел за улогата и дејноста на двете тела, истакнувајќи дека досега двете институции ништо не сториле. Според Сандански легалните и нелегалните работници се свртеле кон Задграничното претставништво кое ги узурпирало правата и надлежностите на внатрешните високи институции и предложил да биде укинато, а Чудомир Кантарџиев истакнал дека се потребни личности кои ќе ја поврзуваат Организацијата со надворешниот свет. Јане инсистирал дека по потреба може да се испраќаат специјални луѓе од внатрешноста, а оваа улога делумно можеле да ја задоволат и уредниците на весникот. Конгресот го прифатил мислењето на Јане Сандански и била усвоена резолуција со која Задграничните претставници биле обвинети за нефункционирањето на Централниот комитет, односно Матов, Гарванов и Борис Сарафов како нелегални узурпатори.[1138]

Конгресот носи и резолуција во која се нагласува потребата од поблиски односи со другите револуционерни организации, особено со ерменските и руските организации и преземањето на неопходни чекори во тој правец. Делегатите го разгледале и прашањето за недостатокот од весник за пропагирање на целите и идеалите, и одлучиле да се печати окружен весник кој ќе биде финансиран од самиот Серски револуционерен округ.[1139]

Во почетокот на ноември 1907 година, во Софија се одржуваат неколку советувања на кои едно од главните прашања било односот кон Борис Сарафов и неговите приврзаници. На советувањата учествувале: Јане Сандански, Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров, Димитар Стефанов, Пере Тошев, Христо Чернопеев, Димо Хаџи Димов, Иван Харизанов и др. Според Ст. Кемилев, Сандански истакнал: „Јане ја разви тезата дека за македонското население, па и за самата Бугарија, е погубно македонското прашање да се третира во смисла на национално обединување на Бугарите и дека луѓето од другиот блок и се **продале на бугарската влада**“. На крајот, Јане Сандански заклучил дека: „Сите кои агитираат било во Македонија, било надвор од неа врз база

[1136] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 272.
[1137] Исто, 274.
[1138] Исто, 277.
[1139] Исто, 277.

ослободување и обединување на Бугарите, треба да бидат третирани непријателски од ВМОРО, така како што се третираат од Организацијата српските и грчките агитации и чети“.[1140]

Во текот на советувањето Сандански бил запрашан на каков начин серчани мислат да дејствуваат, на што Сандански одговорил дека „треба да се работи за будење на свеста на масите, дека тие се **посебен народ**, дека имаат право на слободен живот и дека треба да се борат за извојување на својата слобода без да се потпираат на туѓа помош, зашто тие кои беше ги дошле да ги ослободуваат, всушност потоа ќе ги поробат“. Искажувањето предизвикува приговори на кои Сандански одговора: „**Јас не очекувам брзо ослободување на Македонија. Тоа може да не се случи дури ниту во моите дни, но јас сакам да го зачувам народот и да го организирам, и ако тоа се случи, тој ќе ја добие својата слобода**“.[1141]

Сите предлози за помирување биле одбиени од Јане Сандански кои не се откажал од своите намери. Оттука, на 28. XI.1907 год. Тодор Паница ги ликвидира Борис Сарафов и Иван Гарванов,[1142] Христо Матов оваа судбина случајно ја избегнал поради неодложни обврски и бил спречен да присуствува на средбата.[1143] Ликвидацијата ја вознемирува бугарската јавност, а властите се нафрлиле врз групата која се залагал за самостојност и автономија.[1144] Бугарската влада настојува да ја сопре активноста на сите македонски водачи кои ја спроведувале автономистичката политика. Притоа започнала вистинска хајка и приведување на сите што имале какви било односи со Сандански, а границата кон османлиска Македонија била максимално обезбедена. Тогаш биле приведени и притворени околу 500-600 лица, а апсурдноста одела дотаму што биле приведени лица, кои по сосема банални причини имале контакти со Јане Сандански или со неговите блиски.[1145] Така на пример, еден стражар бил приведен само затоа што присуствувал на погребот на Иван Сандански (татко му на Јане), а еден фотограф бил приведен само затоа што го фотографирал Сандански.[1146]

По двојното убиство, Јане Сандански и Тодор Паница биле прогласени за разбојници, а слична судбина го очекувала и Христо Чернопеев.[1147] Главните интелектуални водачи на оваа група – Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов биле прогласени за носители на анархистични идеи, а следствено и за опасни по државниот поредок.[1148] Според Христо Чернопеев, по убиството на Гарванов и Сарафов, „десницата“ имала шпионска улога кон довчерашните другари. 1) Дедо Илија лажно сведочел против Петар Поп Арсов, К. Б’лгаријата и др. 2) Петко Пенчев лажно сведочел против Андон Ќосето, поради што бил уапсен. 3) Петко Пенчев веднаш по апсењето на Чернопеев бил донесен во неговата ќелија и бил ослободен по 1-2 минути. 4) Повеќето луѓе од десницата ја придружувале полицијата и ги посочувале луѓето за апсење.[1149]

По двојното убиство имало повеќе реакции. Грчкиот конзул во Софија укажал дека Борис Сарафов е убиен поради подготвеноста да ги задоволи постоечките стремежи на официјалните личности во водењето на секоја македонска акција, под директна контрола на владата, кое категорично беше одбиено од нескротливото крило околу Сандански.[1150]

---

[1140] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 522.
[1141] Исто, 522.
[1142] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 123
[1143] Ванчо Ѓорѓиев, Андон Јанев–Ќосето, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2016, 226.
[1144] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 123.
[1145] Ванчо Ѓорѓиев, Андон Јанев Ќосето..., 226.
[1146] Исто, 226.
[1147] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 123.
[1148] Исто, 124.
[1149] Одрински гласъ, Година I, София 27 Априлъ 1908 Год., Брой 16, 3.
[1150] Димитар Љоровски, Извештај на грчкиот конзул во Софија за убиството на Борис Сарафов и Иван Гарванов, Историја, Скопје, 2009, Број 1-2, 140.

Во март 1908 година Димитар Катерински - единствениот делегат на Конгресот на Петрова нива во Одринскиот револуционерен округ кој гласал против востание во 1903 година, објавува серија на статии кои главно се однесувале на убиствата на Сарафов и Иван Гарванов. Катерински не ги одобрувал убиствата, меѓутоа ги отфрлил обвинувањата дека серчани биле бандитите и дека идеологијата на серчани всушност е идеологија на Организацијата уште од нејзиното основање. Според Катерински убиствата немале идеолошки мотив, а разликите помеѓу двете групи биле по прашањето за земање на финансиски средства од бугарските извори, нешто што во минатото сите го правеле.[1151] Според Макдермот во искажувањето на Катерински имало многу вистина, но исто така имало и многу поедноставувања. Според истиот автор, идеологијата на серчани навистина кореспондирала со традиционалната идеологија, но во многу погледи идеологијата на „десницата" повеќе „**не била во тој дух**". Оттука, Макдермот заклучува дека единството кое постоело во Организацијата во деновите на Гоце Делчев пред влегувањето на Гарванов во раководството не можело да се обнови.[1152] По убиствата, весникот „Нов век" го споредува Тодор Паница со Јуда, а за убиствата се вели дека извршиле смртен удар врз бугарската кауза во Македонија,[1153] а весникот „Ден", ги обвинува серчани дека се фанатични сектанти. „Вечерна пошта" која е уредувана од Симеон Радев го обвинува Јане Сандански дека е терорист на интернационализмот.[1154]

На 29.XI.1907 год. Христо Матов ги собрал повидните војводи и раководни лица кои се наоѓале во Софија, за да ја разгледаат настаната состојба.[1155] Матов го повикува Тодор Александров од Бургас и му ја доверува благајничката работа, што претходно ја работел Гарванов. Христо Силјанов истакнува дека Тодор Александров станува десна рака на Матов и оттогаш почнува неговото брзо искачување. Силјанов исто така вели дека главната задача на „десницата" по убиствата било свикувањето на нов конгрес, а за Матов и неговите соработници не било важно каде ќе се одржи конгресот и колку делегати ќе присуствуваат, туку - да биде, за да се искаже внатрешноста по убиствата, да се направи нов статут и да се изберат нови раководни тела.[1156]

На 3. XII. 1907 год. во бугарското Народно собрание, имало бурни дискусии во врска со барањето на иследникот за апсење на А. Страшимиров. Последниот истакнал дека владата, поттикнувајќи ја и подржувајќи ја едната група, ги заострила односите помеѓу двата блока.[1157] Страшимиров потсетил како пред една година на претседателот на владата му рекол: Ако два месеци „**престанете да општите со нив**", ние ќе ги собереме на конгрес: не им давајте лица, никакво лице и помош, да не се оштетуваат ниту едните, ниту другите. Во својот говор, Страшимиров се претставил како приврзаник на трета, средна струја, која си поставила задача да ги смири двете раскарани страни. Страшимиров во текот на својот говор истакнал: „Сите ние, старите дејци во македонското движење, како стари другари на Г. Делчев, остануваме меѓу двата екстремни блока – блокот на крајните револуционери и блокот на десните – и стоиме како федералисти. Тоа се видни дејци, секој од вас слушнал за нив - Пере Тошев, Поп Арсов, Ѓорче Петров, Мирасчиев и Д. Стефанов од Бургас. Дејците кај нас знаат дека тие влијаат врз војводата Хр. Чернопеев, на луѓето во Струмичко. Тие се поврзувачка алка меѓу двете крила на борбата и се мачат да ги обединат и да создадат по примерот на ерменските револуционери, не целосно обединување, бидејќи тоа не можно, туку една федерација".[1158]

---

1151 Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 304.
1152 Исто, 304-305.
1153 Исто, 297.
1154 Исто, 301.
1155 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 530
1156 Исто, 532.
1157 Исто, 532.
1158 Исто, 532.

**4.** Во есента 1907 година, Делирадев го објавува памфлетот „Македонското прашање и социјалдемократијата". Според Делирадев традиционалниот слоган Македонија за Македонците не може да ги обедини сите што се подготвени да се борат, бидејќи Македонија била арена на борба, не помеѓу потчинети и господари, туку помеѓу потчинети и потчинети. Делирадев искажува мислење според кое идејата за автономија е неостварлива исто како и идејата за обединување на Македонија со Бугарија. Според Делирадев, една мала македонска држава можела да одговара на потребите на селаните, меѓутоа не и на трговците, индустријалците и работниците кои имале потреба од големи градови, од кои повеќето се наоѓале надвор од границите на автономна Македонија.[1159] Делирадев се согласува со серчани дека надворешната интервенција ќе доведе до пропаст и деморализација на населението. Во однос на стариот и новиот врховизам истакнува: „Над Рила, Македонецот е жесток борец на идеалите за слобода, но тука (во Бугарија б. н.) станува свесно или несвесно средство на реакцијата". Делирадев верува дека македонското движење ја изгубило можноста од вистинската поддршка од другите демократски сили во Османлиската империја, како што се Ерменците и младотурците. Според Делирадев и покрај тоа што младотурците се залагаат за зачувување на империјата, сепак постоела основа за заедничко дејствување со нив, сите револуционерни сили треба да се обединат во борбата против апсолутизмот и демократијата. Делирадев исто така истакнал дека принципот на класна борба треба да го замени националниот принцип, а четите да се симнат од планините и да се легализираат.[1160]

Раздорот ја поттикнува македонската група да размислува за издавање на сопствен весник преку кој ќе може да ги пропагира своите идеи за автономна и самостојна Македонија.[1161] Првата иницијатива била дадена од Третиот редовен конгрес на Серскиот округ кој решил да поткрепи издавање на весник за Организацијата и обезбедување на средства за таа цел. Серчани оваа задача му ја довериле на Петар Поп Арсов и писмено го известиле дека треба да пронајде соодветна личност за редактор на весникот. Поп Арсов во почетокот редактирањето на весникот сакал да му го довери на Димитар Влахов, меѓутоа по нивните меѓусебни разговори не дошло до договор.[1162]

На веќе споменатите ноемвриски советувања во Софија, била разгледана и можноста за формирање на одделно задгранично претставништво и избор на редактор за „Революционерен преглед". Задачата на овој весник требало да биде спечалување на општественото мнение за идејата Автономна и Самостојна Македонија. Сандански за редактор го предложил Антон Страшимиров, меѓутоа предлогот бил одбиен. Сета работа за иницирање на весникот му била препуштена на Петар Поп Арсов, кој сметал дека „**како Македонци... интересите на нивната татковина не се поклопува со интересите на Кнежеството**". Петар Поп Арсов сакала околу замислениот весник „Македонија" да ги обедини сите Македонци, без разлика дали се бугарофили, србофили, гркофили, туркофили, австрофили итн., кои ја прифаќаат идејата за автономија на Македонија. Петар Поп Арсов разбрал дека весник со таква идеолошка позиција тешко ќе може да се печати во Софија и размислувал да се печати во Белград, Букурешт и евентуално во Атина каде што шансите биле најмали. Плановите на Поп Арсов биле прекинати со неговото апсење поради убиството на Сарафов и Гарванов.

Првиот број на „Македонија" излегува на 14.I.1908 год. како месечно списание. Во отсуство на Петар Поп Арсов, на неговото издавање работеле: Коста Шахов, Пере Тошев, Георги Баласчев и други. Поп Арсов требало да се вклучи во списанието по неговото ослободување. Во првиот број се промовира Комитетот Автономна Македонија, кој треба да се разбере како една

[1159] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 315.
[1160] Исто, 316.
[1161] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 124.
[1162] Исто, 124.

преодна фаза во обидите за трансформација на реформската група во одделна революционерна организација. Комитетот си поставил задача да собира финансиски средства и друг вид на помош од сите што сакале да се постигне неговата цел – Автономија на Македонија.[1163] Во апелот до македонското население на страниците на Македонија, била направена анализа на постигнатиот успех од дотогашната борба на Организацијата и било констатирано дека резултатите не се доволни затоа што борбата била започната пребрзано без строго обмислен план, без доволно вештина и под лоши надворешни услови.[1164] Биле обвинети поединци кои се обиделе да ја злоупотребат Организацијата за лични задоволства, а тоа довело до недоразбирања и меѓусебни пресметки. За своја задача Комитетот го поставува искористувањето на условите создадени од вмешувањето на европските сили во Македонија и отстранувањето на Хилми паша.

Исто така било истакнато дека како „прва задача за чие разрешување сме должни да ги искористиме сите средства. Почетокот на автономијата во Македонија ќе настапи тогаш кога за губернатор, или барем за главен инспектор ќе се назначи, на местото на Хилми-паша еден европеец, кој ќе воспостави ред и закон во земјата за сите“.[1165]

На 27. XI. 1907 год. по иницијатива на групата околу Христо Матов, излегува првиот број на весникот „Илинден“.[1166] Весникот станува орган преку кој „десницата“ ги презентира своите принципи и се судрила со печатените гласила кои ја подржувале спротивната странатa. Најпрво започнале да спорат со весникот „Камбана“ кој бил основан истата година од група социјал-демократи на чело со Крсто Станчев . Во воведната статија од 6. XII. 1907 год. на весникот „Камбана“ било истакнато: „Ние сметаме дека единствени морални убијци се владата на анархијата и нечесната влада“, а приврзаниците на убиените биле прогласил за слепи орудија на национал-либералната влада.[1167]

Во текот на јануари 1908 година, „Илинден“ се судира и со „Одрински глас“, кој го отфрла автономниот принцип, застанува против надворешната интервенција и странската контрола и ја подржува идејата за уставна Турција. „Илинден“ го критикува „Одрински глас“ во неколку статии, напишани главно од перото на Данаил Крапчев. На повикот за уставна Турција, „Илинден“ го дава следниот одговор: „Да го поврзуваме нашето политичко ослободување и судбината на татковината со идното будење и еманципирање на сите останати нации и племиња: Албанци, Курди, Грци, Турци, Арапи итн. до таму што тие да истакнуваат исти политички барања и да се подготват да издржат во заедничка и општа борба против турскиот апсолутизам – тоа е полошо и од разбирањата на нашиот долг и на нашите задачи. За таква саможртва, за таков алтруизам ние не сме способни. Зашто, чекањето на тој момент, според нас, значи да го дочекаме затирањето на оној елемент од кого сме излегле и на чиј ослободителен идеал му служиме“.[1168]

„Одрински глас“ е формиран истовремено со Сојузот на тракиските емигрантски братства во есента 1907 година. Меѓутоа идејното формирање на групата околу „Одрински глас“ започнува порано и е изразено во издавањето на зборник од статии во форма на „Одринско календарче“ за 1908 г. Во овој зборник се разгледани повеќе прашања со кои требало да се занимава основачкиот конгрес на тракиските братства.[1169] Во него биле поместени статиите „За положбата во Одринско“ од Ангел П. Киров, „Критички поглед за досегашната революционерна дејност во Одринско“ од

[1163] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 125.
[1164] Исто, 125-126.
[1165] Исто, 126.
[1166] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 534.
[1167] Исто, 535.
[1168] Исто, 536.
[1169] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 9-10, Год. I, май - юни, София, 1946, 397.

Ангел Томов, „Белешки за револуционерната организација во Одринско“ од Д. Катерински и др. Едно од најважните прашања кое било разгледувано во споменатиот зборник и конгресот, а подоцна и во „Одрински глас“, било прашањето за четништвото. Во зборникот прашањето било оценето во негативна смисла и како такво било прифатено од страна на конгресот на тракиските братства. Во зборникот и од страна на конгресот било разгледано и прашањето: каква идна дејност треба да се развива во Одринско. На конгресот на тракиските братства ја прифатиле одлуката дека дејноста треба да биде насочена кон зачувување и заздравување на стопанските, културните и просветните позиции на бугарското население во турска Тракија.[1170]

Меѓутоа во статијата „Како ќе се ослободи Одринско?“ која била објавена во споменатиот зборник се развиле идеи дека турската држава неизбежно се движи кон модернизирање, кон парламентаризам, кон демократија, дека нови прогресивни и револуционерни сили се појавуваат во општеството со што се создавале услови за нов начин на дејствување.[1171] На конгресот на тракиските братства, групата околу „Одринско календарче“ успеала да го наметне своето влијание. По создавањето на „Одрински глас“, појавените идеи за новиот начин на дејствување биле доразвиени и било осудено четништвото поради што настанал судирот со групата околу весникот „Илинден“.[1172]

Во вториот број на весникот, Павел Делирадев објавува три статии под наслов „Опозициското движење во Турција“ во кои ги разгледува развојот на револуционерните движења во Турција, како и Парискиот конгрес од декември 1907 година. Според Делирадев овој конгрес ја прифатил солидарноста на сите народности во турската империја, кои што заедно страдале од деспотскиот режим на Абдул Хамид II.[1173] Една од најважните теми која била разгледувана од весникот, било прашањето за новите услови за револуционерна дејност во Одринско и Македонија. Во петтиот број, весникот ја објавил статијата „Како треба во иднина да се дејствува во Одринско?“ во која било истакнато дека на сите треба да им биде јасно дека слободата во Македонија и Одринско не може да се постигне по пат на откинување на тие две области од империјата и нивна автономија, како етапа кон обединување со Бугарија. Според „Одрински глас“, патот за достигнување на слободен живот на робот во Македонија и Одринско „можел да се постигне со реформирање на целата Турција“.[1174]

Групата околу „Одрински глас“ остварува контакти со струмичките револуционери и Христо Чернопеев, како и со Ѓорче Петров и Антон Страшимиров, а последните двајца имале резервиран став кон идеите на „Одрински глас“. Истовремено групата одржувала врски со редакциите на младотурските весници, но и со одделни ермenski револуционери во Турција.[1175] Во почетокот на 1908 година, Делирадев и се приклучува на групата околу која се формира „Одрински глас“. Во меѓувреме, во Софија струмичките револуционери стапуваат во контакт со групата околу „Одрински глас“ и ја прифаќаат предложената платформа.[1176]

На 6.IV.1908 год. „Одрински глас“ ја објавува статијата „Триумф на бугарската вооружена пропаганда“.[1177] Според авторот на статијата, бугарската вооружена пропаганда се радувала во Македонија и Одринско, не само затоа што им нанесува смртоносен удар на туѓите непријателски

---

[1170] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 9-10, Год. I, май - юни, София, 1946, 397.
[1171] Исто, 397-398.
[1172] Исто, 398.
[1173] Исто, 398-399.
[1174] Исто, 401.
[1175] Исто, 403.
[1176] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., , 316.
[1177] Одрински гласъ, Година I, София 6 Априлъ 1908 Год., Брой 13, 1.

пропаганди, „не зашто направила сигурен чекор на патот на бугарските националистички посегања, не, бугарската вооружена пропаганда прославува, затоа што нејзиниот најголем непријател Внатрешната македоно-одринска организација е во агонија. Прославува затоа што после упорна борба со таа организација може да го преземе македонското движење и да го предаде во рацете на бугарскиот монархизам“.[1178]

Авторот забележува дека „орудијата на бугарската вооружена пропаганда во Македонија и Одринско - свештениците на врховизмот се објавиле за внатрешна организација“. Во однос на конгресот на „десницата“ се вели дека всушност тоа е врховистички конгрес, „**врховисти од новата фирма**“. Според авторот, за да се заклучи дека конгресот бил врховистички, било доволно само да се разгледа декларацијата на конгресот. Во тој правец се објаснува: „Врховизмот – тоа е спроводник на бугарските националистички претензии; неговата крајна цел е Сан-Стефанска Бугарија; на автономијата тој гледа само како на преодна форма и како на средство за надмудрување на непријателските посегања на останатите фактори по македонското прашање; разбирајќи го македонскиот проблем како бугарско - националистички, тој секогаш бил во полна услуга на врховните диригенти на бугарската политика“.[1179]

Според „Одрински глас“, врховизмот во себе немал ништо революционерно, и се обидувал да го искористи создавањето на анархијата со цел да може да ја тревожи дипломатијата, како што Петко Пенчев се изјаснувал, „**и да предизвика надворешна интервенција**. Врховизмот е реакционерна сила во самото револуционерно движење и спроводник на бугарските националистички аспирации“. Одрински глас нагласува дека отсекогаш мисијата на врховизмот била да го потчини револуционерното движење и „да го стави во услуга на тие аспирации, да го даде неговото врховно раководство во рацете на тие, кои што раководат со судбината на Бугарија. Да, најпосле гледаме, врховизмот успеа да се прогласи за внатрешна организација, тој прославува“.[1180]

„Одрински глас“ во својата статија „Бугарија и револуционерната организација во Македонија“ забележува дека Григор Василев се ангажирал во весникот „Илинден“, орган на таканаречената внатрешна македонска организација, која нема ништо општо со вистинската револуција во Македонија. Според „Одрински глас“, овој весник бил создаден од луѓе кои немале здрави познавања за револуционерното движење во Македонија, а на македонското дело гледале преку своите шпекулантски очи на своите партизански интереси. Во тој правец е критиката кон Григор Василев кој на страниците на „Илинден“ ја објавил статијата „Бугарија и македоно - одринската револуционерна организација“. Всушност статијата на „Одрински глас“ е одговор и критика на ставовите и погледите на Василев. Споменатиот автор во оваа статија истакнал дека Бугарија не може да го изостави така нареченото македонско прашање, зашто тоа ги засега нејзините животни прашања. Според Одрински глас“, Василев со својот став не се разликувал од сите оние шовинисти во Бугарија, Србија и Грција кои постојано тврделе дека Македонија е нивна.[1181]

Според „Одрински глас“, бугарската вооружена пропаганда предводена од новите врховисти со својот орган „Илинден“, успеале да се прогласат за Внатрешна организација. Тој успех се должел на состојбата во повеќето револуционерни окрузи и се налагало со физичка сили - четите, кои биле вооружувани со фондови на бугарските влади.[1182] „Одрински глас“ забележува дека револуционерното движење во Македонија и Одринско несомнено изникнало и се крепело

[1178] Одрински гласъ, Година I, София 6 Априлъ 1908 Год., Брой 13, 1.
[1179] Исто, 1.
[1180] Исто, 1-2.
[1181] Исто, 3.
[1182] Одрински гласъ, Година I, София 12 Априлъ 1908 Год., Брой 14, 1.

врз почвата на незадоволството на масите од крвавиот тирански државен строј, и како таков, тој содржеше во себе си здрави револуционерни елементи, но во исто време уште од самото раѓање тоа содржеше и елементи, кои доведоа до неговото раѓање. Во силата на историската инерција тоа се оформи, како „сепаратистичко движење, целеше кон откинување на Македонија и Одринско од империскиот државен организам и да создаде од нив една **автономна државичка**“.[1183]

„Одрински глас“ не заборава да истакне дека бугарската влада од своја страна, како претставник на интересите на официјална Бугарија, „водеше и до ден денес води борба за влијание во Македонија и Одринско, како што вршеше, и српската и грчката влада“. Оттука, бугарската влада настојувала да го има под свое влијание и диригентство Внатрешната организација која била моќен фактор во Македонија и Одринско. Следствено на тоа било заклучено: „Ете зошто таа никогаш не ја откажала својата морална и материјална поткрепа, но во замена на таа поткрепа секогаш се стремела да го диригира организациският живот во хармонија со својата **бугарска државничка политика**, политика која не произлегува од интересите на македоно-одринското население, туку од интересите на бугарската држава“.[1184]

Поради своите погледи, „Одрински глас“ се нашол во опсадна положба. Меѓу критичарите се нашле Климент Шапкарев (Август), Петко Пенчев, Христо Силјанов, Григор Василев и „тешката научна артилерија“ на Данаил Крапчев. [1185]

Павел Делирадев (П. Богданов) со својата статија „Научна критика или патриотска софистика“ одговорил на овие напади, истакнувајќи дека разочарани во своите разузнавачки одреди на Августовци, како поткрепа го испратиле П. Пенчев. За да се спаси последниот „требаше да се откупи широкиот социјалист Гр. Василев, на кого му ја доверија задачата да докаже со материјалистичкото разбирање на историјата и Жан Жорест, дека дејноста на илинденци е едно модерно револуционерно движење“.[1186] Делирадев исто така вели дека илинденците се мачеле да го соборат следниот принцип на „Одрински глас“ - при отсуство на еднороден национален масив во Македонија и Одринско револуционерната борба против турскиот апсолутизам не може да биде борба за триумф на извесен национален принцип. На бугарското оружја не може и не бива да се очекува. Меѓународните односи се толку заплеткани, што не може да се допушти никакво евентуално ослободување со помош на страна помош. Според Делирадев, ако се земела предвид состојбата, ние доаѓаме до заклучок, дека треба „да се побараат помошни сили **во самата Турција** и ги посочуваме тие сили. Особените задачи на македонско-одринското движење требало да биде - борба против апсолутизмот за праведен поредок“.[1187]

На овој принцип се спротивставила групата околу весникот „Илинден“. Во тој правец Пенчев се искажал дека Едуард Греј бил решен да лее крв за својот генерален-гувернер, Григор Василев велел дека бугарската демократска реакција е готова да и објави војна на Турција, а Данаил Крапчев истакнал дека надвор од бугарските патриоти нема други револуционерни елементи и дека е невозможна уставна Турција.[1188]

На 17.II.1908 год. во „Камбана“ излегува првото отворено писмо на серчани.[1189] Серскиот револуционерен комитет ги признава трите убиства извршени според нивните одлуки, како казна

[1183] Одрински гласъ, Година I, София 25 Май 1908 Год., Брой 20, 1.
[1184] Исто, 2.
[1185] Одрински гласъ, Година I, София 11 Май 1908 Год., Брой 18, 1.
[1186] Исто, 2.
[1187] Исто, 2.
[1188] Исто, 2.
[1189] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 536.

за заговор подготвуван од убиените против серчани и нивниот округ. Во мај 1908 година, било објавено и второто отворено писмо, повторно во „Камбана“.[1190]

По објавувањето на првото отворено писмо и критиките, весниците „Пролетеријат“, „Камбана“ и „Граѓанин“ застанале во одбрана на серчани. Одговарајќи на обвиненијата, „Камбана“ истакнува дека Јане Сандански и неговите приврзаници се убијци затоа што ја организираат слободната и нова Македонија.[1191] По објавувањето на првото отворено писмо на серчани, на 21 февруари Христо Матов дава изјава за весникот „Ден“. Според Матов, Организацијата не можела да ги привлече Грците и србоманите во своите редови, а на обвинението од серчани дека дејствувале како бугарска пропаганда, Матов одговорил: „Ние навистина не можеме да го одречеме правото на Бугарија да се грижи за сопствените соплеменици зад Рила, но ние **сакаме хармонија на нејзината политика со нашата**“.[1192]

Во втората половина на февруари 1908 година, Македонската лига го имала своето второ јавно собрание во салонот на Славјанска беседа.[1193] Меѓу говорниците бил и Григор Василев кој говорел на темата македонските реформи и Европа. Василев пред присутните истакнал дека стои на гледиштето на бугарските интереси во Македонија. Според него, востанието во Македонија и Одринско, како и истребувањето на бугарските елементи пред неколку години го предизвикале вмешувањето на Европа, меѓутоа таа интервенција не била сериозна. За да се вмеша сериозно Европа, Бугарија требало да ризикува и да се жртвува, односно да и објави војна на Турција.[1194]

**5.** Во меѓувреме во периодот помеѓу 5 и 15 март 1908 година во селото Жабокрт, Ќустендилско, се одржал поширок собир на претставниците на „десницата“, во историографијата познат како Ќустендилски конгрес. Меѓутоа не станува збор за конгрес во вистинска смисла на зборот. Во текот на првите денови на март 1908 година се собрале: Христо Матов, Христо Татарчев, Петар Ацев, Ефрем Чучков, Тодор Черваров, Христо Шалдев, Петко Пенчев, Петар Чаулев, Тано Николов, Добри Даскалов, Тодор Александров, Милан Ѓурулков, Васил Чакаларов, Климент Шапкарев, Хр. Силјанов, Илија Биолчев, Михаил Монев, Ангел Узунов.[1195] Составот на делегатите го сочинувале идеолозите на „десницата“ и нивните приврзаници. Ќустендилскиот собир не направил никакви измени на уставот, но значително интервенирал во правилникот. Најважните измени биле направени во однос на Централниот комитет. Била проширена и зацврстена неговата власт. Решението гласело: Централниот комитет е врховен организатор на сите воени сили, материјали и нелегални лица во Организацијата. Тој раководи со активноста на терористичките групи и одлучува за преземањето ба поважните акции.[1196]

Ќустендилскиот собир излегува со една декларација во која биле претставени следните одлуки. 1) Мирцштегските реформи-реформската акција не даде никакви практични резултати. Единствен начин да се прекине зацаруваната анархија е да се воведе автономија, за чие постигнување Организацијата ќе оди по својот револуционерен пат. Конгресот искажува протест за исклучувањето на Одринско од реформата. 2) Идната дејност на Организацијата - главна задача на Организацијата е целосна воена подготовка на населението. Еволуционата тактика е апсурдна и

---

[1190] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 536.
[1191] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 300.
[1192] Христо Матов – Историческото съзнание на революционна Македония. http://sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=336:2011-09-13-16-56-59&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61
[1193] Одрински гласъ, Година I, София 24 февруарий 1908 Год., Брой 7, 3.
[1194] Исто, 3; Во својот говор Григор Василев истакнал дека не го искажува ставот на бугарската широка социјалистичка партија.
[1195] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 574
[1196] Исто, 576.

треба да биде туѓа на Организацијата. Културно-економската дејност се прифаќа само дотолку помага и не е во спротивност со непосредните воени задачи на Организацијата. 3) Четнички институт - во новите услови се покажа непрактичен со постојната организациска поставеност. Наместо чети во секој реон, ќе се определи неопходен број инструктори, кои ќе го обучуваат населението во воени вештини и непосредно ќе ја раководат борбата против пропагандите. Четите засега се предвидуваат само таму, каде што вооружените пропаганди посебно беснеат, а населението не е во состојба да се самозаштитува. 4) Организацијата и Бугарија - Конгресот не може да и го одрече природното право на Бугарија, да се грижи за судбината на своите сонародници во Турција. За жал, Конгресот констатира дека бугарските влади немаа изработено јасна и доследна македонска политика и дека неретко го експлоатирале македонското дело за цели кои му се туѓи. Конгресот му предочува на Претставништвото да биде посебно внимателно спрема официјалните фактори на Бугарија и по секоја цена да ја заштитува независноста и угледот на Организацијата. 5) Организацијата и Егзархијата - Конгресот смета дека Егзархијата, како единствена културно-просветна установа на неослободените Бугари, треба да биде неутрална спрема револуционерното движење. Политиката која Егзархијата ја применува во последно време, а која се изразува во непријателски дејствија кон Организацијата, ќе биде прогонувана, колку и да е несакано. За последиците од таа политика, Организацијата ги смета за одговорни и централната егзархиска власт и нејзините црковно-училишни органи.[1197] 6) Организацијата и пропагандите - Во однос на пропагандите Конгресот го задржува истиот став од 1905 година. Организацијата продолжува да ги смета пропагандите за штетни за ослободителното движење, посебно нивниот вооружен курс и ќе ги прогонува поенергично отколку досега.[1198] 7) Убиството на Сарафов, Гарванов и Даев - Конгресот заклучил дека убиството е мотивирано со стремежот на неговите автори да и се наметнат со недопустливи средства на Организацијата. Конгресот одлучи потписниците на отвореното писмо, како и физичките убијци да се исклучат од редовите на Организацијата и да се сметаат за нејзини непријатели.[1199] 8) Младотурците - Нашите патишта со Младотурците не се сретнуваат. Ние ја сакаме Македонија издвоена во посебна област... додека Младотурците сакаат да ја извлечат од странска контрола и да ја стават под целосна турска власт. Нас иднината на турската држава не не интересира и не можеме да ја врзуваме судбината на нашата татковина со судбината на разноверните и разнојазичните племиња, народи и раси кои го населуваат несигурното турско владеење во Европа, Азија и Африка. Нашата состојба не е толку безнадежна, како на Ерменија и ние нема да се фатиме на турската примка.[1200]

Христо Матов во своите спомени вели дека во декември 1907 година некои од македонските дејци, Ерменци, Григор Василев и др., го убедувале лично да замине или да испрати делегат на конгресот во Париз организиран од Ахмед Риза.[1201] Но, Матов ги одбил сите покани, образложувајќи дека: а) Ние сакаме автономија и немаме интерес да се присоединиме кон оние кој сакаат преродба на Турција. б) Јас бев против сојузување со Ерменците бидејќи тоа можело да го усложни македонското прашање.[1202]

По одржувањето на Ќустендилски конгрес и пишувањата во весникот „Илинден", „Камбана" го објавил своето мислење. Според „Камбана", конгресот преставувал само едно течение во организацијата, а неговата задача била да изнајде средства за уништување на другото течение, избирање на претставништво и „**земање на бугарски државни субвенции**". „Камбана" исто така вели дека Христо Чернопеев намерно бил задржан во затвор, за да не може да влијае на

1197 Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2…, 580-581.
1198 Исто, 581-582.
1199 Исто, 582.
1200 Исто, 587.
1201 Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1 – 2, Год. II, септември - октомври, София, 1946, 55.
1202 Исто, 55-56.

конгресот, видни македонски дејци не биле поканети на тој конгрес, а делегати од познати места не биле примени. На крајот, „Камбана“ заклучува дека еден дел од македонските дејци под грижата на неколку плаќани македоноствувчи во Бугарија, „го воскреснуваат врховизмот и забиваат крст во македонската револуција“.[1203]

На 12. IV. 1908 година, „Одрински глас“ го објавува писмото на делегатите од Струмичкиот округ до претседателите на останатите округи во Македонија.[1204] Од него дознаваме дека „десницата“ во договор и содејство на бугарската влада, смислено го уапсиле Христо Чернопеев, надевајќи се да го придобијат на своја страна. На конгресот (собирот на „десницата“) поради незадоволството на некои делегати, како и привлекување на струмичани, било испратено писмо до Чернопеев. Во него, имало извинување поради тоа што не успеале да го ослободат, укажувајќи дека сега било можно неговото ослободување, откако ќе биде дадена гаранција од 5 000 лева. Тоа можел да го направи Т. Љапчев во име на конгресот или во свое име. Според струмичани, бугарската влада и конгресот дејствувале во согласност. Во писмото исто така било истакнато дека до денес Организацијата не паднала толку ниско, да биде диригирана од софиските канцеларии, исто, како што грчката и српската пропаганда се диригираат од канцелариите во Атина и Белград.[1205] Струмичани исто така забележуваат дека конгресистите ја прифатиле тајната наредба на бугарската влада - да се изолираат серските и струмичките дејци, кои што - „поради традиционалното држење на независна револуционерна нога - **никогаш не се подавале** на владините шпекуланти со македонското дело“.[1206]

Струмичани и покрај тоа што биле поканети да учествуваат во собирот, одбиле да го сторат тоа и испратиле писмо до Христо Матов во кое ги изразиле своите не согласувања со донесените решенија. По објавувањето на декларацијата, струмичани се определиле на страната Јане Сандански со објавување на едно специјално образложение и серија на статии објавени во „Одрински глас“. Писмото на струмичани било објавено како одделна брошура под наслов „Изродувањето на македонската револуционерна организација“ објавена во „Одрински глас“.[1207] Според струмичани, Организацијата се залагала „**за психолошка трансформација на робот и негова подготовка во слободен граѓанин**“ кој сам ќе ја извојува својата слобода и човечки права преку културна и граѓанска солидарност или преку свои претставници во државната власт или крвава револуција. Струмичани исто така истакнале дека врховистите ја негираат практичноста на оваа револуционерна идеологија во нашата организација и се залагаат за подигнување на бунт со цел предизвикување на европска интервенција.[1208] Струмичани го потсетиле Христо Матов за трагичните последици од политиката на врховистите, истакнувајќи дека собирот на „десницата“ е јасно наклонет кон повторување на грешките од минатото преку организирање на ново востание кое ќе мора да биде финансирано од страна на бугарската влада бидејќи македонското население е сиромашно.[1209]

На 25.IV.1908 год. во весникот „Илинден“, Данаил Крапчев ја објавува статијата „Уставна Турција“ во која ги напаѓа позициите на оние кои се залагале македонската борбата да биде ставена врз принципите на класната борба. Според Крапчев, само луѓе со ексцентрични погледи можат да го игнорираат национално-религиозниот момент во Турција. Само еден ограничен ученик, еден слеп привrзаник на класната теорија може да ги објаснува националните борби во

[1203] Одрински гласъ, Година I, София 17 февруарий 1908 Год., Брой 6, 3.
[1204] Одрински гласъ, Година I, София 12 Априлъ 1908 Год., Брой 14, 3.
[1205] Исто, 3.
[1206] Исто, 3.
[1207] Одрински глас, брой 15, 20 април 1908, 4.
[1208] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 311.
[1209] Исто, 311.

Турција главно со економската борба меѓу разните слоеви.[1210] Според Крапчев, ако автономна Македонија не може да постои, затоа што бугарското население ќе има доминантно влијание, а останатите националности нема да го допуштат, тогаш со уште поголема основа може да кажеме, дека уставна Турција е исто така невозможна во денешните предели, или нема да е долготрајна. Крапчев вели дека ако националната шароленикост на Македонија е жива пречка за автономијата, тогаш уште поголемото национално разнообразие на Империјата е пречка за уставниот режим во Турција. Крапчев предложил спроведување на широка децентрализација која би можела да гарантира суштествување на уставни идеи. Според него, широката децентрализација е еднаква на автономна Македонија. Крапчев исто така ги критикувал и позициите на „Одрински глас“ за придобивките од уставот.[1211]

Во пролета 1908 година комитетите на Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ се договориле за одржување на заеднички конгрес со цел проценка на политичката положба, состојбата на Организацијата и обмислување на нови методи за борба кои биле налагани од новото време.[1212] Пред одржувањето на заедничкиот конгрес поистакнатите дејци на Струмичкиот округ – Чернопеев, П. Китанов, М. Шкартов, Мирчо Икономов и др., се наоѓале полулегално или нелегално во Софија. Струмичани одржале неколку советувања, а некои од нив се одржале во станот на Антон Страшимиров кој се интересирал за македонското прашање и бил близок пријател на струмичките револуционери. Во текот на советувањата се наметнало прашањето за федерирање на балканските народи, како политички метод за решавање на Македонското прашање. Струмичани ја прифатиле федеративната идеја и решиле да се обидат да го убедат заедничкиот конгрес едногласно да ја прифати, како нов пристап во револуционерните борби.

Во мај 1908 година во Банско се собрале водачите на Серскиот округ и го чекале доаѓањето на струмичани кои требало да им се придружат во одржувањето на заедничкиот конгрес. Во меѓувреме започнале со подготовката на второто Отворено писмо кое како и првото било подготвено до Александар Бујнов, потпишано до Серскиот окружен комитет и објавено во „Камбана“.[1213] Во првото отвореното писмо била нападната групацијата околу весникот „Илинден“ како бирократска и ултра-опортунистичка која е поддржувач на бугарскиот монархизам и негова творба. Била осудена и политиката која се потпирала на надворешната помош од страна на бугарската буржоазија, а таквата помош ќе влијаела врз независноста на Организацијата и нејзината крајна цел. Отвореното писмо ги осудило карактерот и одлуките на Ќустендилскиот конгрес во речиси идентичен дух како и струмичани. Писмото завршило со заклучокот дека по безброј пати одметниците демонстрирале дека тие се разделиле со внатрешноста и ги изгубиле идеолошките и моралните принципи.[1214]

Набргу во Банско пристигнал Христо Чернопеев заедно со Мишо Шкартов, Петар Китанов, Ичко Бојчев и др., а меѓу нив бил и социјалистот Павел Делирадев. Пред одржувањето на конгресот, струмичани воделе преговори со групата околу Одрински глас и ги прифатиле нејзините принципи за општествена борба, укинување на апсолутизмот и трансформација на империјата врз федеративни принципи. Во Банско се надевале дека ќе ги придобијат и серчани и затоа го довеле Делирадев кои требало да ја образложи оваа платформа.[1215]

---

1210 Данаилъ В. Крапчевъ; Изминатъ пать..., 8-9.
1211 Исто, 10.
1212 Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 5 – 6, Год. I, януари - февруари, София, 1946, 204.
1213 Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 313.
1214 Исто, 313.
1215 Исто, 316.

Конгресот бил отворен од Јане Сандански кој истакнал дека повеќе не постои обединета организација и таа е погребана од страна на предавниците. Сите обиди за одржување на единството биле неплодни како и нашите напори во минатото за постигнување единство помеѓу Внатрешната организација и Врховниот комитет, кои секогаш завршувале на штета на револуционерното движење. Според Сандански: „Нашата упорност во обидот да се одржи единството во Организацијата и да се направи нејзината идеолошка положба позната, се потпираше и почива на сознанието дека без единство нема да има успешни борби, исто како што без едногласност во мислата за фундаменталните прашања не може да се има обединета дејност. И, се додека постоеше едногласност во размислувањата за независноста на Организацијата и нејзините цели и средства, единството постоеше“.[1216] Сандански укажал дека доколку сакаат да ја зачуваат независноста на организацијата од амбициите на надворешните фактори, мора да се борат на неколку фронта, против врховизмот во Бугарија, против андартизмот на Грција и шовинистичките чети на Србија. Во својот говор Сандански укажал на улогата на Иван Гарванов и појавата на неоврховизмот, кој по смртта на Даме Груев се засилил.[1217] Меѓу останатото, Сандански ја критикувал десницата поради пренесувањето на тежиштето на организацијата, вклучително и централниот комитет, во Софија што било спротивно од статутарните акти. Сандански ја отфрлил можноста за единство со десницата бидејќи таа работела за единство со бугарскиот двор.

Едно од главните прашањата на Банскиот конгрес била федеративната идеја за која најдолго се дебатирало. Анализирајќи ја федеративната идеја, Макдермот забележува дека таа несомнено се наоѓала во умовите на основачите на Македонската револуционерна организација. Според истиот автор, идејата за балканска федерација била популарна меѓу бугарските социјалистички кругови, иако била истакната во Директивата, за неа не се разговарало на Рилскиот конгрес и на ниту еден окружен конгрес до Банско.

На Банскиот конгрес, федеративната идеја била образложена од Павел Делирадев. Според него, во рамките здружувањето, границите на културната диференцијација би ги достигнале своите природни граници, а секој член на семејството на федеративните народи би се чувствувал обединет со своите браќа по крв и јазик, а истовремено би учествувал во општиот културен напредок на федеративните народи. Делирадев истакнал дека Македонија има посебна улога, ќе престане да биде јаболко на раздорот и ќе стане главна врска во Балканската федерација и помирувањето на непријателските народи. Во својот заклучок, Делирадев ги повикал делегатите да работата на создавање на Голема источна федеративна република која ќе го отстранела националистичкиот антагонизам и ќе обезбедела услови за иден политички, економски и културен развој на сите балкански народи.[1218]

По обраќањето на Делирадев, уследила долга и детална дискусија која траела неколку дена. Притоа се поставило прашањето дали е погодно времето за отворено пропагирање на федеративната идеја од страна на Организацијата, а ако е погодно дали да се прифати концептот за Балканска федерација или источна федеративна република. На конгресот постоела општа согласност за прифаќање на федеративната идеја, меѓутоа помеѓу серчани и струмичани постоел разлики во одредени прашања. Чернопеев и неговите приврзаници сметале дека идејата за автономна Македонија е застарена и дека треба да се замени со пропагирање на идејата за ослободување на целата Османлиска империја од апсолутизмот и создавање на Источна федерација. Струмичани исто така сметале дека четничкото дејствување застарело и се залагале за

[1216] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 324.
[1217] Исто, 324.
[1218] Исто, 327.

укинување на четите. Серчани ги прифатиле повеќето од предлозите на струмичани, меѓутоа сметале дека биле претерани и многу ентузијастички.

Сандански внимателно ги разгледал различните предлози и нивните последници. Делирадев истакнува дека новата идеја за Сандански не било нешто ново, туку камен темелник на идеологијата и револуционерната пракса на кои го посветил целиот свој живот. На крајот, Сандански ја прифатил балканската идеја и се одлучил за балканска федерација и искажал подготвеност за контакти со младотурците и Албанците, меѓутоа бил против растурањето на четите. Серчани го прифатиле мислењето на Сандански за четите.[1219]

На крајот од конгресот делегатите ја прифатиле федеративната идеја и се сложиле за свикување на одделни конгреси во Серскиот и Струмичкиот округ со цел разгледување и одобрување на одлуките на заедничкиот конгрес. Конгресот едногласно донел решение за собирање и објавување на податоци кои се однесувале на чифлизите и селаните кои ги обработувале. Прашањето за безимотните селани било особено важно за Сандански, поради што од страна на Делирадев бил нарекуван македонскиот аграрен-социјалист.[1220] Конгресот усвоил и резолуција според која требало да се оствари соработка со работниците во фабриките, железницата, магацините со тутун и сл., бидејќи тие можеле да бидат вредни сојузници во борбата, а можеле да послужат и како фактор за намалување на националниот антагонизам во Македонија. Делегатите исто така одлучиле Организацијата да ги избегнува судирите со Османлиската империја.[1221]

За да се дистанцираат од пробугарската група, тие се конституирале во одделна организација под името Македоно-одринска револуционерна организација (МОРО).[1222] МОРО под тоа име опстојува до јануари 1909 година кога се трансформира во Народната федеративна партија.[1223]

[1219] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 328-329.
[1220] Исто, 333.
[1221] Исто, 333.
[1222] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов…, 128.
[1223] Исто, 128.

## ГЛАВА XVI

## НАРОДНА ФЕДЕРАТИВНА ПАРТИЈА

*„Сандански, по потекло од Пиринска Македонија, им припаѓаше на таканаречените словеногласни Македонци. Тој тврдеше дека како што се ослободија од турскиот јарем грчката нација, српската и бугарската, дојде часот да се ослободи и македонската нација. За да Македонија стане цела и сосем независна држава, Сандански проповедаше дека сите жители, без исклучок, не се ниту Бугари, ниту Грци ниту Куцовласи, макар и да зборуваат на македонски славјански дијалект како и самиот тој, или на грчки или на куцовлашки идиом, сите жители на Македонија се чисти Македонци...“* **– Елефтериос Ставридис**

**1.** Во 1906 година доаѓа до засилување на младотурската дејност во Османлиската империја и се создава тајното Османлиско друштво за слобода во Солун, составено главно од млади османлиски офицери. Офицерите стапуваат во контакт со друштвото за Обединување и напредок со седиште во Париз, и двете друштва се обединуваат во една организација со два центри.[1224]



**Павел Делирадев**

Во почетокот на јуни 1907 година, рускиот цар Николај II и англискиот крал Едвард VII се сретнуваат во Ревал за да ги усогласат ставовите за своите глобални политики. На средбата, меѓу останатото била разгледана и можноста за нови порадикални реформи во Македонија. Велика Британија и Русија ги усогласуваат своите погледи за македонското прашање и предвидуваат именување на генерален-гувернер и меѓународен воен контингент.[1225] Промените вклучувале и европска администрација финансирана од провинциските приходи. Договорот помеѓу Николај II и Едвард VII за македонското прашање влијае врз активноста на младотурците. За да ги спречат одлуките на Ревалската средба, младотурците ја забрзуваат долго подготвуваната акција против султанот Абдул Хамид и настојуваат да и стават крај на европската интервенција во Македонија.[1226] Младотурскиот комитет Единство и напредок ги согледува политичките околности и можните последици за територијалниот интегритет на Империјата од новата иницијатива за реформи во Македонија и ги забрзува подготовките за освојување на власта.[1227]

На 29.II.1908 год. бугарскиот весник „Нов век“ информира дека предлогот за назначување на македонски генерален-гувернер од страна на Едвард Греј било предадено до претставниците на големите сили.[1228] Во април 1908 година, „Петербуршката телеграфска агенција“ го објавила рускиот одговор на британските предлози за Македонија во кој било истакнато дека Русија наполно го прифаќа британското мнение за моралната одговорност на големите сили за смирување на состојбата во Македонија.[1229] Исто така била и прифатена потребата од поенергични мерки. Односно руската влада го одобрила, колку што е можно, зголемувањето на жандармеријата и го одобрила во принцип англискиот предлог за назначување на генерален-гувернер за Македонија.[1230] Руската влада го подржала овој предлог, меѓутоа била на мислење, дека не постојат шанси за прифаќање од другите сили, а уште помалку од султанот. Според руската страна, целта можела да

[1224] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 321.
[1225] Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков - Кралот на Блатото, Државен Архив на Република Македонија-Македоника Литера - Скопје, 2013, 239.
[1226] Balkan Locarno and The Macedonian Question, Indianapolis, Indiana, 1928, 6.
[1227] Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 239.
[1228] Новъ вѣкъ; органъ на народно-либералната партия, 29 Февруарий (13 Мартъ) 1908 година, Брой 1297, 1.
[1229] Новъ вѣкъ; органъ на народно-либералната партия, Априлъ 1908 година, Брой 1290, 4.
[1230] Исто, 4.

биде постигната преку проширување на правата на сегашниот главен инспектор. Русија исто така го прифатила и британскиот предлог за финансиската комисија.[1231]

Дипломатската активност ја раздвижува македонската емиграција во Бугарија. На 7.IV.1908 год. во Софија се одржал митинг во организација на македоно-одринските братства кој бил отворен од Македонецот Бабинов. Учителот Михајлов прв одржува говор во кој ја опишал историјата на македонското движење, како и мизеријата и страдањата на населението во Македонија и Одринско. Михајлов акцентот го ставил врз реформскиот проект на британскиот министер за надворешни работи - Едвард Греј. Пред насобраните се обратил и Спиро Гулапчев кој ги опишал страдањата на робот и се здржал на рускиот контра-проект, кој бил силно отфрлен. Митингот усвоил една резолуција со која биле поканети сите големи сили да го прифатат англискиот проект. На крајот била испратена една телеграма со поздрави до Греј.[1232]

Единство и напредок своите намери и ставови во однос на македонското прашање, ги искажал преку својот битолски окружен комитет во мај 1908 година преку меморандумот испратен до дипломатските претставници на големите сили, со исклучок на Русија.[1233] Според мемоарот европските реформи во Македонија не ги дале посакуваните резултати и не ја промениле положбата, напротив таа уште повеќе се влошила.[1234] Комитетот истакнал дека: „Европа настојува на една сенка да и даде тело. Всушност, целта на Европа е да создаде еден вид македонска држава или една автономна македонска провинција, но тие две не се разликуваат меѓу себе и се подеднакво опасни. Меѓутоа, една позната македонска држава беше уништена пред 2000 години и од старите Македонци денес нема никаква трага. Од минатото на Македонија, денес освен името нема ништо друго. Македонија не е ништо друго освен еден историски спомен. Како што не постојат Македонци, така не постои и Македонија. Македонија денес е дел од Османлиската империја. И од неа не може да се оддели. Нејзиниот живот е поврзан само со животот на таа Империја“.[1235]

Според Единство и Напредок, изворот на злото во Македонија не произлегува од Македонија, туку од апсолутистичкиот режим на постојната власт од која еднакво страдаат сите делови на Империјата. Поради тоа Младотурците ја повикале Европа, доколку сака да ги усреќи Македонците да помогне во уништувањето на апсолутизмот. Младотурците го негирале постоењето на македонското прашање, а за проблемите во Македонија ги обвиниле бугарските, српските и грчките чети кои работеле за присоединување на Македонија кон Бугарија, Србија или Грција. Оттука, комитетот ја повикал Европа да се повлече од Македонија и да се откаже од занимавањето и разгорувањето на тоа прашање, а кога тоа ќе се случи Македонците сами ќе се договорат меѓу себе и ќе ги решат проблемите и недоразбирањата, кои се резултат на влијанијата и странските пропаганди.[1236]

Ванчо Ѓорѓиев врз основа на меморандумот заклучува дека Младотурците „не признаваат одделно македонско прашање, ниту пак автохтоно македонско револуционерно движење, при што вината за нередите во Македонија ја префрлаат врз надворешните пропаганди и султанскиот апсолутистички режим“. Според истиот автор, Младотурците не ги прифаќаат „ниту европските проекти, бидејќи во нив гледаат опасност за османлискиот интегритет, поради што излезот од

[1231] Новъ вѣкъ; органъ на народно-либералната партия, Априлъ 1908 година, Брой 1290, 4.
[1232] Исто, 3.
[1233] Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 239.
[1234] Исто, 239-240.
[1235] Исто, 240.
[1236] Исто, 240-241.

состојбата го гледаат во враќање на уставност. Во исто време, под влијание на западните концепти за држава - нација, отворено ја промовираат идејата за османлизација на своите поданици".[1237]

Со овие активности Младотурците ја наговестиле акцијата која започнала на 3.VII.1908 год. Движењето за враќање на уставот од 1876 година, добило масовно поддршка меѓу единиците на Третиот армиски корпус кој бил стациониран на територијата на Македонија. Младотурските офицери, кои во суштина биле османлиски патриоти-националисти, со пропагирање на паролата за слобода, еднаквост, братство и единство помеѓу сите поданици, ги добиле симпатиите и поддршката на населението, особено во европскиот дел од Империјата.

Младотурскиот комитет најмногу свој приврзаници врбувал во средината на младото офицерство. Многумина од нив учествувале во проследувањето на четите на ВМОРО во Македонија и се запознале со нејзината конспиративна и револуционерна дејност.[1238] Во почетокот на јули 1908 година во Солун, Битола и Сер биле убиени неколку генерали, полковници и други приврзаници на Абдул Хамид. На 20.VII.1908 год. Нијази Бег - началникот на ресенскиот гарнизон се одметнал во планините. Влегол во врска со албанскиот револуционерен комитет во Корча кој му ветил целосна помош. Против Нијази Бег бил испратен Шемси Паша - командант на VIII дивизија во Митровица, меѓутоа во Битола бил убиен од младотурците.[1239] Младотурскиот комитет до странските конзули во Македонија испратил еден меморандум во кои биле изложени целите на движењето. Нијази Бег со 800 души влегол во Охрид и ги презел воените складишта, притоа започнал со растурање на една прокламација. Неговиот пример бил проследен и од другите офицери. Хасан Бег тргнал за Кичево, а Енвер Бег за Демирхисарско и Леринско. Младотурскиот комитет испратил една декларација до муслиманското и христијанското население во која биле опишани тешките општествено – политички услови во кои живееле. На 9.VII.1908 год. Нијази Бег со 2 000 души влегол во Битола, каде му се придружил целиот битолски гарнизон.[1240] На 10 јули во Солун бил организиран повеќе илјаден митинг во полза на младотурците на кој биле одржани повеќе говори. На 23.VII.1908 год. младотурците во Битола, Скопје и Солун го прогласуваат уставот од 1876 година, а султанот Абдул Хамид е принуден да го прифати.[1241]

По младотурскиот државен удар, руските дипломатски претставник - Леонтиев во својот извештај заклучил дека на Македонија не и е потреба Русија и воопшто Европа, добивањето и зацврстувањето на слободата требало да се постигне со сопствени сили во единство со младотурските.[1242] Младотурскиот државен удар ја поттикнал Австро-Унгарија на дејствување. Во есента 1908 година Австро-Унгарија и Бугарија потпишале таен договор.[1243] Од овој договор произлегло истовременото прогласување на бугарската независност и анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија. Споменатиот договор предвидувал австроунгарска помош за Бугарија во случај на војна со Србија.[1244] Ванчо Ѓорѓиев истакнува дека: „Со трансформирањето на Империјата од апсолутистичка во уставна монархија, султанот и

---

1237 Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 241.
1238 Македонски прегледъ; списание за наука, литература и общественъ животъ. Македонски наученъ институтъ, година XI, кн. 1 и 2, София, 1938, 149.
1239 Исто, 149-150.
1240 Исто, 150.
1241 Исто, 225.
1242 Институт славяноведения Российской Академии наук, В.И. Косик, Балканы: Порвалась цепь великая (середина XIX — начало XXI вв.), Москва, 2014, 173.
1243 The Memoirs of a Balkan Diplomatist, Count Chedomille Mijatovich Formerly Serbian Minister for Foreign Affairs. Finance, and Commerce ; Envoy Extraordinary and Minister Plenipotentiary to the Conrts of St. James'i, Constantinople, Bucharest, and The Hague With four illustrations in Photogravure Gassell and Company, Ltd London, New York, Toronto and Melbourne, 1917, 244.
1244 Исто, 244.

Младотурците сметале дека го амортизирале за „непостоечко“ македонското прашање, кое преставувало сериозна закана за интегритетот на државата“.[1245]

По младотурскиот државен удар, Димитар Благоев ја објавува брошурата „Револуцијата во Турција и социјалдемократијата“ во која ги искажува своите видувања за ново настанаата состојба. Според Благоев, победата била само делумна, а државниот удар се уште не бил вистинска револуција, туку само почеток на револуцијата во Турција. Благоев го искажал мислењето дека социјалдемократските групи во Македонија и Одринско требало да работат за правото на самоопределување на народностите, обединување на народите во рамките на една федеративна балканска држава, извојување на гласачки права за сите изборни тела – општиот парламент, националните собранија, регионалните и локалните совети, укинување на сенатот, целосна самоуправа за реоните и локалните тела, слобода за совеста, убедувањето, говорот, печатот и здружувањето, трудово законодавство со цел заштита на интересите на работничката класа, женскиот и детскиот труд во фабриките, секуларно образование ви училиштата и јазик во наставата кои ќе биде разбирлив за секоја народност, народна милиција наместо постојната армија, укинување на сите даноци во натура и сите индиректни даноци и давачки, како и воведување на прогресивен данок на доход и имотот.[1246] Благоев истакнува: Социјалдемократијата во Бугарија... име интерес да види дека револуцијата во Турција се развива кон саканиот крај и дека не е поразена од реакцијата... нашата точка не гледање не може да се споделува со нашите буржоаски и ситно буржоаски патриоти. За нив, револуцијата во Турција е исклучително непријатно изненадување.[1247] Благоев укажал дека буржоазијата валкано ги експлоатирала страдањата на нашите браќа зад Рила и Родопите.[1248]

По освојувањето на власта, Младотурците започнале да се пресметуваат со своите идејни противници и во име на прокламираниот османизам започнале да ги гушат сите национални тенденции во мултиетничката Империја. Постапките на Младотурците го зголемиле незадоволството, а опозицијата предизвикала политичка криза, која кулминирала со обид за преврат во април 1909 година. Меѓутоа, армиските единици од европскиот дел на Империјата интервенирале и реакционерните сили биле поразени. Султанот Абдул Хамид бил детрониран, а за нов султан бил устоличен Мурат Пети.[1249]

Во почетокот на 1909 година, од Македонија започнале да се повлекуваат офицерите и цивилните претставници на европските сили, задолжени за надгледување на реформите. Заминувањето на странските набљудувачи било искористено од Младотурците за потполно реализирање на идејата за османизација на државата. Оттука, биле донесени повеќе закони против политичките здруженија и организации со национален предзнак, против социјалните здруженија и безделниците.[1250] Состојбата особено се влошила со донесувањето и примената на законот против четите и разбојништвото. Според член 25 од овој закон, владата имала право да ги преселува каде што сака семејствата на оние лица, кои се присоединиле кон четите. Со овој закон било предвидено и собирање на оружјето од населението. Бил определен рок за предавање на оружјето, во спротивно доколку некој го задржел и при претрес би се пронашло оружје следувала казна затвор од 6 месеци.[1251]

---

1245 Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 241.
1246 Mercia MacDermott, For freedom and perfection...,, 366 - 367.
1247 Исто, 367.
1248 Исто, 367.
1249 Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 253.
1250 Исто, 253.
1251 Исто, 254.

**2.** „Левицата“ како посебна политичко-идеолошка групација од тактички причини само привидно ја напушта концепцијата за оформување на Македонија како независна држава и прифаќа соработка со младотурците со цел остварување на минималните програмски определби кои требало да обезбедат услови за идно самостојно суштествување на Македонија. Јавно се пропагирало зачувување и реформирање на Османлиската империја, меѓутоа потајно целта останала иста - создавање на македонска држава. Промената во тактиката кај „левицата“ била условена од опасноста која доаѓала од соседните балкански држави и нивните стремежи за поделба или освојување на Македонија. Во тој правец е искажувањето на Туше Влахов дека водачите на „левицата“ сметале дека настанатата промена овозможувала решавање на македонското прашање во рамките на демократизирана Турција.[1252] Според Влахов, тие „го застапуваа гледиштето, дека Македонците и Одринците рамо до рамо со сите демократски општествени сили во Турција ќе можат да водат веќе отворена политичка борба за полна политичка еманципација и за социјална правда“.[1253]

Прифаќајќи ја политичката борба како средства, „левицата“ излегува од својата нелегалноста, а во некои револуционерни окрузи како Солунскиот и Струмичкиот ги расформира своите чети и револуционерни групи. Во Серскиот револуционерен округ состојбата била поинаква, каде четите останале да постојат како легални.[1254] Во Скопскиот и Битолскиот револуционерен округ четите не биле расформирани, а особено силени противници на расформирањето биле Христо Матов и Тодор Александров.[1255] Македоно-одринската револуционерна организација постепено започнала да се легализира, изјавувајќи дека е готова да се реорганизира и трансформира од конспиративна и воена организација во политичка организација.

На 17.VII.1908 год. Јане Сандански во Неврокоп одржува два говора, најпрво во салонот на училиштето, а потоа од балконот на неврокопската управа пред насобраните 15 000 луѓе.[1256] Во првиот говор, Сандански истакнува: „Народе! Собрани денес на пладне, ја искажувам својата благодарност, **за сите нас, без разлика на вера и народност**, си подадовме рака и се прегрнавме, за да ја растераме темнината, која што ги покриваше нашите очи... Денес секој искрен патриот слави... досегашната неподнослива тиранија ја соборивме и отсега натака ќе живееме среќно. Да живее народот! Да живее татковината! Долу тиранијата!“ Во вториот говор, Сандански вели: „Вие денес живеете под знамето на еднаквоста, братството и слободата. Султанот и неговите крвопијни орди, кои што ја откраднале слободата на несреќниот народ, денес тој ја сака и за се им бара сметка. Еј браќа! Кои што сме живееле со бугарското име, од денес понатаму сите сме еднакви пред светлиот братски бајрак. Денес сите ние - Турци, Бугари, Грци, Арнаути, Евреи и др. дадовме клетва, дека ќе работиме за милата татковина и ќе бидеме неразделни и сите ќе се жртвуваме за неа и ако стане нужда... и крвта ќе си ја пролееме. Просветата најздраво ја гарантира положбата на татковината, затоа отворете училишта! И просветлувајте се!“[1257]

Набргу потоа, Јане Сандански со своите приврзаници пристигнал во Солун. На железничката станица се пречекани од специјална делегација на младотурскиот централен комитет на чело со Енвер Беј. Сандански и Енвер одржале говор на балконот на хотелот Д’Англетер.

[1252] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 225.
[1253] Исто, 225.
[1254] Димитар Влахов, Мемоари…, 79.
[1255] Исто, 79.
[1256] Јане Сандански 1915-1975; Материјали од Научниот собир одржан на 3 и 4 ноември 1975 година во Струмица по повод шеесет години од убиството на Јане Сандански; Институт за национална историја, Скопје, 1976, 47.
[1257] Двата говор на Јане Сандански се одржани на 17.VII.1908 год. во Неврокоп за време на Младотурската револуција. Говорите се запишани на бел лист од двете страни. Листот бил чуван од Лазар Колчагов. Подоцна е подарен на историскиот музеј во Велинград, каде се чува и денес, Види: Исторически музей – Велинград – Инв. кн. № 806.

Според солунското бугарско агентство, говорот на Јане Сандански бил на чисто интернационалистички принцип и завршил со зборовите: „Долу султанот и сите султани на светот! Да живее слободата“.[1258] По пристигнувањето на Сандански, пристигнала Екатерина Измирлиева - жената на Тодор Паница заедно со Никола Харлаков кои биле повикани од Сандански.[1259] На 29.VII.1908 год. Хаџи Димов пристигнал во Солун.[1260] Слична била состојбата и во Одринскиот вилает, во тој правец е и известувањето на Шанговата „Вечерна пошта“ од кое дознавме дека: „Социјалистите и анархистите брзаат во Одрин“.[1261]

На 18.VII.1908 год. Сандански излегува со познатиот „Манифест до сите народности во империјата“. Манифестот бил лично потпишан и прочитан од Јане Сандански. Во него меѓу останатото било истакнато: „Не подавајте и се на престапната агитација која можеби ќе ја поведат официјалните власти во Бугарија против вашата заедничка борба со турскиот народ и неговата интелигенција којашто се стреми кон слобода.“[1262] Во деновите по објавувањето на Манифестот, Павел Делирадев одржал говор, тврдејќи дека непријатели на слободата на народот се: „султанот, кралот Петар, кралот Ѓорѓи и кнезот Фердинанд“.[1263]

Во овој период, Јане Сандански во Солун има интервју со Бранислав Нушиќ за српскиот весник „Политика“. На прашањето за новонастаната политичка состојба, Сандански одговорил: „Идниот живот на малите народи е без никаков услов... И Бугарија и Србија во досегашната работа правеа грешки затоа што се раководеа од своите најтесни интереси. Нив во работата не им беше главна цел да го ослободат овој народ овде, туку нивните себични интереси, проширувањето на нивните држави. После овие случувања, тие ќе останат таму каде што се, **а ние овде ќе создаваме Татковина**“. Во понатамошниот дел од интервјуто, Нушиќ запрашал: „Се разбира, ова помилување доколку се однесува за вас и г. Паница, важи само за Турција. Вие во Бугарија не смеете?“, на прашањето Сандански одговорил: „Во Бугарија не смеам! Меѓутоа и не ми треба. Овде е мојата Бугарија“.[1264]

За дејноста на Јане Сандански во овој период, дознаваме и од српскиот дипломатски претставник во Софија - Светислав Симиќ. Тој во извештај од 22.VII.1908 год. пишува: „Сандански, под влијание на социјалистичкото учење, се бори против апсолутистичкиот режим во Турција и сака во таа борба да ги обедини сите народносни елементи кои трпат од овој режим... за да може што посигурно да успее преку парламентарниот режим во Турција да создаде една федеративна држава. Поради тоа, тој е апсолутно против секаква врска со Бугарија и на секој начин ја одбива нејзината помош и нејзината директива“.[1265]

На 3.VIII.1908 год. солунскиот весник „Yeni Asir“, исто така објавува едно интервју со Сандански.[1266] Во текот на разговорот со новинарот, Сандански истакнал: „Освен од добивањето слобода која на татковината ќе и обезбеди среќа и спас, уште и од единството што настана меѓу сите сонародници... доколку дадената општа слобода и единство бидат сериозни и широки... Ова слободно единство ќе ни даде такви сили, од кои ќе треперат од страв сите мали балкански држави, Бугарија, Грција Србија, и сите ќе не ценат...“. На прашањето, што го натерало во

---

[1258] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало...,228-229.
[1259] Боян Кастелов, Димо Хаджидимов; Живот и дело…, 169.
[1260] Исто, 170.
[1261] Исто, 169.
[1262] Гане Тодоровски забележува: должни сме да предочиме дека знатен дел во ставовите на Манифестот на Сандански има и политичката есеистика на Ѓорче Петров, Димитар Благов и Крсто Раковски. Види: Јане Сандански 1915-1975..., 70.
[1263] Политика, 1908, јули, број 1619, 2.
[1264] Исто, 2.
[1265] Јане Сандански 1915-1975..., 154.
[1266] Исто, 185.

изминативе години да се најде во планина, Јане одговорил: „Лошата управа и зулумите на старата власт“.[1267]

Како орган на МОРО во Солун започнува да излегува весникот „Конституциона зора“, а негови редактори биле Димитар Мирасчиев, Димо Хаџи Димов, Антон Страшимиров, Пере Тошев и др. Првиот број на весникот „Конституциона зора“ излегува на 8.VIII.1908 год. и е истакнато дека весникот е претставник на Македоно-одринската революционерна организација и ќе учествува со сите легални, а во случај на потреба и со вооружена активност, во новите случувања и борби. Главна задача на весникот е: 1) Енергично да го помогне младотурското и општото ослободително движење во Турција, се додека тоа движење води непомирлива борба со апсолутистичката монархија 2) Запазувајќи ја својата полна самостојност во борбата и средствата на таа борба, ќе работи за спроведување на барањата и реформите кои ќе бидат гаранција за создавање на еден правилен уставен и демократски режим во духот на организациската декларација.[1268]

„Левицата“ излегува со своја платформа, формулирана како Програма и Декларација на Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен комитет. Во овие документи „левицата“ се изјаснува за демократизирање и децентрализација на Турција, отстранување на националните и класните привилегии, слободно самоопределување и организирање на нациите, автономија на провинциите, формирање на провинциски локални влади со определени државнички функции, создавање на Источна федерација, праведно решавање на аграрното прашање и прогресивно оданочување, слобода на вероисповедта, зборот, печатот, собирите и здруженијата и итн.[1269]

Проект-програмата е објавена на 14.VIII.1908 год. и МОРО во неа ги истакнува своите главни задачи: 1) Борба против секое политичко угнетување и економска експлоатација 2) Извојување на неопходните услови за слободен политички и културен развој на народот. 3) Гарантирање на неговата благосостојба.[1270] Постигнувањето на овие задачи, МОРО ги гледа во полниот развој на производителните сили во Македонија и Одринско, а овој развој бил попречуван од националните, племенските и религиозните борби на народите во Османлиската империја. Првото барање на МОРО е отстранување на сите остатоци на апсолутистичкиот режим и воведување на народниот суверенитет, полна демократизација на Османлиската империја, Македонија и Одринско се неразделен дел империјата, воведување на уставна-парламентарна власт, полновласно народно претставништво и полна министерска одговорност.[1271] Второто барање се состои од самоуправа за областите кои влегувале во составот на Османлиската империја, самоуправа за окрузите во областите, на општините во окрузите - во кругот на нивните внатрешни работи и интереси.[1272] Централната власт во Османлиската империја организирана врз основа на демократската конституција, раководи со надворешната политика, армијата, финансиите, царината, поштата и телеграфот, железницата, - сите останати функции на државата се отстапуваат на органите на месното и обласното самоуправување.[1273] Третото барање е избор на сите централни и месни, законодавни и административни упрапденија врз основа на сеопшто, тајно и пропорционално изборно право.[1274] Четвртото барање е полна слобода на совеста, словото, печатот, собранијата (митинзите) и здружувањата. Неприкосновеност на личноста, живеалиштето

[1267] Јане Сандански 1915-1975..., 187.
[1268] Сборниъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ отъ солунскитѣ български гимназииѣ, Печатница Художникъ, 1934, 240.
[1269] Данчо Зографски, За македонското прашање …, 429.
[1270] Проекто-програма на М.-Одр. Организация, 1908, 7
[1271] Исто, 7.
[1272] Исто, 8.
[1273] Исто, 8.
[1274] Исто, 8.

и коресподенцијата. Гарантирање на сите општествени групи и слоеви, полна возможност да се борат за заштита на своите материјални и духовни интереси.[1275] Петто барање: „Отстранување на сите национални и класни привилегии. Полна еднаквост за сите национални и религиски групи. Право за секоја националност слободно да се организира и самоопределува. Одделување на црквата од државата“.[1276] Шесто барање: „Општо, задолжително и бесплатно основно образование на мајчин јазик. Пропорционално распоредување на државниот и обласниот буџет за просвета согласно припадноста на народот. Специјална изборна комисија за приложување на тој буџет и организацијата на народната просвета“.[1277] Седмо барање: Замена на постојната војска со народна вооружена милиција. Милицијата да служи само во пределите на својот округ. Таа се повикува само во случај кога се загрозува слободата и целоста на државата.[1278] Економските барања на МОРО се состоеле од: Отстранување на сите тешкотии на селското население во крепосната зависност. Конфискација на султанските и вакафските земји, задолжително отуѓување од страна државата на чифлишките земји и разделување на селаните.[1279]

Декларацијата е објавена на 21.VIII.1908 год. и во неа МОРО изјавила дека оружјето не е положено и дека таа е готова во секој момент да гоземе во раце и да ја продолжи борбата со соодветни нелегални форми. Од друга страна, МОРО истакнала дека има желба веднаш и засекогаш да се стави крај на крвавите граѓански и политички борби во Османлиската империја и е готова да се реорганизира и трансформира во од конспиративна и борбана организација во „легална политичка партија“.[1280] МОРО искажала подготвеност за соработка со секоја друга револуционерна организација без разлика на постојните недоразбирања или историски непријателства, меѓутоа под услов таа организација да работи за воспоставување на еден вистински конститутивен-демократски режим кој е во состојба да воведе ред и спокојство во Империјата и да обезбеди слободен културен и економски развој за народите.[1281]

На 6.IX.1909 год. солунскиот весник „Yeni Asir“ објавил ново интервју со Јане Сандански. Повод за ова интервју бил атентатот врз Герасим Огњанов, раководител на НФП во Малешевско, како и конгресот на Бугарските конституциони клубови одржан од 20-26 август 1909 година. Дописникот на весникот најпрво го запрашал Сандански: „Како го разбирате атентатот над Вашиот другар, кој е извршен по оној извршен над Вас? “ Јане Сандански одговорил дека непријателите од ден на ден ги засилуваат своите акции, па продолжил: „Се знае дека кнезот и Генадиев се мои противници. Освен тоа, слушам дека водачите на четите, Чавдаров, Занков, Коста Бродски, Динката, минале од Бугарија на оваа страна. Во секој случај, власта треба да биде будна, па дури и енергична. Во спротивно... ние ќе бидеме присилени самите да се браниме“.[1282] Второто прашање се однесувало за заклучоците на штотуку завршениот конгрес на Конституционите клубови, Јане истакнал дека лично присуствувал на дел од дискусиите и дека ги прочитал донесените заклучоци. Според весникот, Јане одговорил: „Меѓу нивните и нашите барања нема суштински разлики. Мислењата по однос на поставените проблеми за обезбедување благосостојба и среќа за румелискотото население ни се заеднички. Меѓутоа, разликата меѓу нас е во тоа што тие не следат една полезна политика по однос на османизмот. Зад нивните убави програми се крие бугарската мисла“.[1283]

[1275] Проекто-програма на М.-Одр. Организация..., 11.
[1276] Исто, 12.
[1277] Исто, 13.
[1278] Исто, 14.
[1279] Исто, 15.
[1280] Исто, 18.
[1281] Исто, 19.
[1282] Јане Сандански 1915-1975..., 187-188.
[1283] Исто, 188.

На крајот Сандански бил замолен да даде информација за поднесениот законски проект до владата. Јане дал исцрпен одговор: „Проектот што го поднесовме се состои од 150 параграфи. Меѓу земјоделските реформи што ги побаравме се наоѓа следното: 1) Да се укине ангаријата на чифлиците; 2) Селанската земја да не се дава во закуп на друг освен на селанец; 3) На чифлиците да се изградат живеалишта за селаните; 4) Со формирање на една комисија да се испитаат чифлигарските тапии и земјата да им се врати на стварните сопственици; земјата која е без сопственик да се оддели и да му се додели на селанецот; 5) Сопствениците на чифлиците да му даваат семе на селанецот; во наредната сеидбена година селанецот пак да земе семе од сопственикот на земјата, откако претходно ќе си го земе својот дел; 6) Од добиениот производ сопственикот на чифлигот да земе еден, а селанецот два дела; 7) Субашиите да се избираат од редовите на оние што завршиле земјоделско училиште; 8) На селските падари да им плаќаат и бегот и селанецот; 9) Додека на селанецот не му се додели доволно земја за неговата живеачка да не им се продава на другите селани; 10) При продавање на чифлиците, од страна на една комисија да се определи цената по која треба да му се продава на селанецот; 11) На селанецот кој купил чифлиг да не му се зема интерес, иако цената ја плаќа на отплата; 12) Да не се наплатува за дрвата што му се потребни на селанецот; 13) Да не се наплатува за пасење добиток на селанецот; 14) Во случај на селанецот да му се разболи ѕевгарот, чифликсајбијата да му обезбеди еден ѕевдар; 15) Градбите, како што е училиште, џамија, црква, да се градат од страна на сопствениците на земјата“.[1284]

Весникот „Конституциона зора“ требало да агитира и за одржување конгрес во Солун за избор на раководство и сообразување на тактиката и стратегијата на МОРО со ново настанатите услови.[1285] Меѓутоа, на 24.IX.1908 год. вечерта спроти закажаниот конгрес, бил извршен атентат врз Јане Сандански, со што бил спречен конгресот, а Сандански извесно време бил оневозможен за јавна политичка активност. Според австро-унгарскиот конзул во Солун, Б. Пара, атентатот не бил изненадување, а извршувањето било координирано за да го спречи одржувањето на конгрес и оформувањето на легалната политичка организација.[1286]

По атентатот се појавуваат разногласија меѓу припадниците на „левицата“, а како гласило на Струмичкиот револуционерен округ на чело со Христо Чернопеев се појавува весникот „Единство“, а негови главни соработници се Димитар Влахов, Павел Делирадев и Чудомир Кантарџиев.[1287] Во првиот број на весник се вели дека ќе работи за согласност меѓу сите националности, за единство на граѓаните кои ја населуваат Османлиската империја, без оглед кон која националност тие граѓани припаѓаат. Весникот го искажува следниот раководен принцип: „Долу сите агенти - провокатори, долу пропагандите од официјалните власти на нашите сосетки Грција, Србија и Бугарија!“[1288] Весникот исто така се залагал за земја на чифлигарите, а во однос на училишното прашање за отстранување на зависноста на училиштата од црковните институции и преземање на грижата од страна на државата и општините, односно државата да ги издржува училиштата.[1289] Според „Единство“, народните барања биле: парламентарна власт, економска слобода и земја, намалување на даноците, воведување на ред во црковно-училишните работи преку парламентот, амнестија за политичките престапи, дејноста на Бугарската егзархија да се ограничи на верските дејности, од владата се бара воведување мајчин јазик во училиштата кои треба издржуваат од државата, за секоја нација да се дадат средства собрани од даноците за потребите на просветата, управувањето на училиштата да биде преку националната дирекција на Министерството за просвета во Цариград, „Единство“ е незадоволно од Егзархијата која се

[1284] Јане Сандански 1915-1975..., 189.
[1285] Данчо Зографски, За македонското прашање…, 429.
[1286] Исто, 429.
[1287] Исто, 429-430.
[1288] Сборникъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ..., 242.
[1289] Исто, 242.

служела со Конституционите клубови.[1290] „Единство“ исто така бара и формирање на федеративни отомански партии.[1291]

Принципите на групата околу Јане Сандански во овој период ги дознаваме од „Конституциона зора“ која се залагала за организирање на учителите и формирање на социјал-работнички групи, реформирање на Бугарската егзархија и проучување на економската состојба во Македонија од страна на интелигенцијата. „Конституциона зора“ исто така објавила и две интервјуа со албанскиот водач Дервиш Хима, кој се залагал за културни права и самоуправување на албанскиот народ.[1292] На 29.XI.1908 год. весникот „Конституциона зора“ објавува статија во која истакнува: Нашиот основен принцип е да се бориме „за првата и слободите на сите националности без исклучок, да војуваме за полна еднаквост на сите отомански поданици, кон која и било нација или религија и да припаѓаат“.[1293] Според „Конституциона зора“, идејата за автономија на Македонија била идеал на Македоно-одринската револуционерна организација. Дел од „таа организација - тоа ние не можеме да го криеме и нема зашто да го криеме – допушташе во својата практика многу отстапувања од борбата за постигнувањето на тој идеал. При недостаток на доволно сознание за потреба од самостојна борба во политичката и културната насока легални и нелегални дејци од националистичкиот лагер се одале свесно или кусо гледно во рацете на управувачките безодговорни кругови во Бугарија и успееја да повлечат... извесен дел од организацијата, која со ред акции и дејствија се мачеше да отвори пат за туѓи на народната маса намери и стремежи“.[1294]

**3.** Во јануари 1909 година, се обединиле трите окружни организации и започнале да го издаваат весникот „Народна волја“, со фузионирање на „Конституциона зора“ и „Единство“. Весникот требало да биде информативно и агитационо средство на идната Народна федеративна партија. На 17.I.1909 год. весникот „Народна волја“ во својата уводна статија под наслов „Нашите позиции“ ги претставил барањата на Народната федеративна партија. Во неа се истакнува дека весниците „Единство“ и „Конституциона зора“ имале времени задачи, од кои главната била да содејствуваат во ориентирањето на општествено-политичката мисла на Бугаринот во Империјата „сред ненадејното настапување на внатрешните промени; да пропагираат нови... разбирања; да ја истакнат потребата од организирањето на отоманските демократски партии и да ги издигнат нивните општи лозунзи. Таа задача е постигната. Од една страна, имаме брзо изникнување на Бугарската народна федеративна партија, од друга - зачетоците на Работничката партија. Нуждата од се поцелосно групирање на силите околу двете партиски групирања, потребата од чисто партиски весници го наложија појавувањето на Народна вола како партиски идеен изразител на формираната Буг. н. фед. Партија, и на в-к Работник, кои што наскоро ќе почне са излегува како теоретичар на Работничката партија“.[1295]

Во понатамошниот дел од уводната статија се вели дека „Народна волја“ како орган на НФП застанува на врз почвата на интересите главно „на оној дел на бугарското население, кое го составува неговото мнозинство и најглавниот елемент во партија – лишените од државните грижи ситни сопственици, безимотните или малоимотните чифлигари, ситните стопани, занаетчии и трговци. Тие се слоевите чии што интереси денес се интересите на бугарската националност во Империјата“. Според „Народна волја“, тие интереси налагале на прво место, „закрепнување на конститутивниот режим, раширување на слободите и задлабочување на реформите во државниот и економскиот поредок. Само по тој пат ќе се создадат услови за подигнување животот и

[1290] Сборникъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ..., 243.
[1291] Исто, 244.
[1292] Исто, 241.
[1293] Македония, Сборник от документи и материали..., 519.
[1294] Исто, 522.
[1295] Исто, 539.

благосостојбата на Бугаринот во Империјата“.[1296]„Народна волја“ исто така забележала дека проширувањето на слободите и реформите „може да се гарантира и наложи само со организирањето на најмногу заинтересираните во случајот, не само од бугарското население, но и од сите други националности во Империјата, интереси кои што се идентични, во општо отоманските демократски партии на федеративни принципи“.[1297]

„Народна волја“ во однос на надворешните влијанија и пропагандите истакнува дека „сите оние дејствија, кои што имаат за своја главна цел да го компромитираат денешниот режим во очите на националните малцинства, бугарското на пример, и на почва на незадоволство и недоверба кон тој режим, да подржуваат илузорни надежи во надворешните фактори, правејќи од тие малцинства орудија на надворешните пропаганди, диригирани од дворските комори во Атина, Софија, Белград. Тие дејствија се реакционерни не само затоа што носат поделби и непријателства меѓу нациите во Империјата, но и затоа што го туркаат муслиманското население кон страната на конзервативни сили, а кај малцинствата ја потхрануваат нивната пасивност кон внатрешниот политички живот. „Народна волја“ ќе војува против конзервативните сили и реакцијата внатре и против реакцијата од надвор – пропагандите. Наоѓајќи, дека благосостојбата на секоја една од нациите во Империјата е во благосостојбата на целиот отомански народ, која што може да се постигне само со усогласување на одделните напори на демократските елементи од сите нации, ние ги издигаме оние општи барања, околу кои ќе се групира во скоро време мнозинството... за да се образува една партија, која од своја страна потоа ќе биде составен дел од една општа федеративна народна партија“.

Во однос на економските барања, „Народна волја“ истакнала дека ќе се бори за „снабдување со земја безимотните и малоимотните земјоделци, подигнување на народната благосостојба преку создавање на достапен кредит... давање на технички и стопански знаења. Општите наши политички барања се: најшироко спроведување на принципот на народна власт преку сеопшто, тајно и пропорционално изборно право, слобода на печатот, здружувањата, собранијата, митинзите и протестите“.[1298] Во однос на националното прашање, било истакнато дека тоа е прашање за демократија и дека треба да се решава од внатрешните општествени сили. „Народна волја“ исто така истакнала: „Ете зашто и по тоа прашање ние издигаме барања, кои не разединуваат, туку имаа за цел да го организираат демократските сили од разните националности. Како барање на моментот ние го поставуваме воспоставувањето на самоуправувањето на општините, казите и вилаетите. Во однос на образованието нашите барања се: да се предава на мајчин јазик, да се наоѓа под општа контрола на државата и да се уредува од централните тела, кои што секоја ќе ги избра, секој национален департман во општото Министерство на просвета да располагаат со собирањето на просветните даноци на соодветната нација, на досегашните духовни установи, организирани на чисто монархистички начела и кои се наоѓаат во полна услуга на пропагандите, да се остави да се занимаваат со духовните работи, а просветата да биде поставена под непосредна контрола на народот“.[1299]

На 17.I.1909 год. весникот „Народна волја“ ја објавил и статијата „Две тактики“. Според весникот, досегашното македонското револуционерно движење „не можело да смета на сопствените сили во борбата со апсолутизмот. Ете и зашто неговата главна потпора беше таканаречената странска интервенција. Да се предизвика странска интервенција – ете ја главната револуционерна задача на тоа движење. Идејата за автономија беше поставена во спротивност со

[1296] Македония, Сборник от документи и материали..., 539.
[1297] Исто, 539-540.
[1298] Исто, 540.
[1299] Исто, 540-541.

идејата за конституцијата и со тоа беа поделени револуционерните сили, кои што требаше да дејствуваат солидно во борбата со општиот непријател - апсолутизмот“.[1300]

Весникот јасно истакнал дека ќе биде претставник на ситните сопственици, безимотните и малоимотните чифлигари, ситните стопани, занаетчиите и трговците. [1301] Според „Народна волја“, интересите на таа класа налагаат закрепнување на уставниот режим и проширување на слободите и реформите во државниот и економскиот поредок, да се соработува со другите националности во империјата против реакцијата, а реакционерни биле и дејствијата на дворовите од соседните балкански престолнини. „Народна волја“ се залагала за снабдување со земја на безимотните и малоимотните чифлигари, достапен кредит за граѓаните со цел нивно економско издигање. Политичките барања на весникот се најшироко спроведување на принципот на народната власт преку тајно и пропорционално изборно право, слобода за печатот, здруженијата, собранијата, митинзите и протестите.[1302]

„Народна волја“ на 7.II.1909 год. објавува текст во кој се залагал за организирање на народните учители. Во својот број од 7 март, објавува една петиција на селаните чифлигари од Македонија до парламентот. Во петицијата се бара проучување на аграрното прашање, враќање на незаконски одземените земји, земја за чифлигарите, евтин кредит, да се регулира и ограничи со закон експлоатацијата на работничкиот чифлигарски труд, преземање на мерки за развој на земјоделието и трговијата, издигнување на општото и професионалното образование и др. „Народна волја“ ја критикува Бугарската егзархија и нејзините органи, како и Конституционите клубови, било побарано организирање на свештениците во друштва со цел заштита на општите интереси преку сопствен печат. Во специјална статија, весникот истакнува дека патот на балканските народи не и пат на балканските династии. По извршувањето на контрареволуцијата, „Народна волја“ била решително против неа и султанот. Весникот посакувал зближување со грчкиот народ и се противел на грчката пропаганда.[1303]

Во мај 1909 година, Сандански во Цариград остварил средба со младотурските водачи, вклучително и со Хусеин Хилми Паша. Меѓу останатото, Сандански побарал помош од младотурците за враќањето на егзархиските училишта и црквите одземени од страна на патријаршистите. Сандански за дописникот на „Дневник“ истакнал дека прашањето за црквите лично не го интересираат, меѓутоа ако не се вратат, населението нема да се смири и нема да се создадат услови за мирен развој.[1304] Во некои делови на Македонија, егзархистите насилно ги зазеле црквите кои претходно име биле одземени од патријаршистите. Раководителите на Серскиот револуционерниот округ побарале од населението да биде трпеливо и да почека законско решавање на споровите со цел да се избегнат судирите помеѓу егзархистите и патријаршистите.[1305] Младотурците од своја страна искажале подготвеност за решавање на прашањето за училиштата и црквите, меѓутоа побарале од Сандански да обезбеди список на спорните објекти. Сандански заминал во Егзархијата каде побарал да му се обезбеди листата, но никој не ја подготвил. За овој случај, Сандански истакнал дека се залага за Егзархијата како институција, „ако се земе во предвид постојната состојба“ во Османлиската империја. По враќањето на Сандански во Солун, во летото 1909 година се воделе преговорите за формирањето на НФП.[1306] Нејзиниот основачки конгрес се одржал во август 1909 година.[1307]

[1300] Македония, Сборник от документи и материали..., 541.
[1301] Сборникъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ..., 245.
[1302] Исто, 245-246.
[1303] Исто, 246.
[1304] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 398.
[1305] Исто, 398.
[1306] Исто, 402.
[1307] Данчо Зографски, За македонското прашање…, 430

Романскиот дипломатски претставник во Цариград во својот доверлив извештај од 25.VI.1909 год. информира дека поделбата помеѓу бугарските конституциони клубови и Сандански биле дело на Хусеин Хилми Паша. Според извештајот, партијата на Сандански била помагана од големиот везир кој ги финансирал војводите - Сандански со 20 лири, Чернопеев со 10 и плус специјална донација за весникот „Народна волја“.[1308] Меѓутоа според извештајот од 14.V.1909 год. на Главната инспекција на румелиските вилаети до Великото везирство дознаваме дека платите на Јане Сандански и Христо Чернопеев за месеците март и април не биле исплатени, затоа што нивното плаќање не било побарано.[1309]

**4.** На 22.VIII.1909 год. весникот „Народна волја“ информира за основачкиот конгрес на НФП. Конгресот со својата работа започнал на 3.VIII.1909 год. и бил отворен од Христо Јанков. На конгресот биле преставени 15 организации, а во него учествувале и неколку сомисленици кои биле во врска со централната група во Солун. На конгресот присуствувале 33 делегати: Христо Јанков, Димитар Влахов, Хр. Медникаров, Т. Клифов, Стојо Хаџиев, Ил. Бижов, Јане Сандански, Казепов, Ст. Пашкулов, Ал. Божинов. Д. Коштанов, Г. Захариев, Г. Огњанов, К. Самарџиев, Христо Чернопеев, Пандо П. Манушев, М. П. Ѓошев, Димитар Мирасчиев, Добри Даскалов, Д. Лазаров, Н. Петров, Ив. Манолев, Јордан Шурков, Георги Скрижовски, Елезов, Спасов, Стамболиев, Тодор Паница, А. П. Киров, Б. Христов и Г. Митров.[1310] Делегат на конгресот бил и познатиот турски социјалист од Скопје Ферид Бајрами.[1311]

Биле избрани 6 комисии за изработка на: а) правилник за внатрешниот ред на конгресот. б) Програма на партијата. в) Правилник на партијата. г) Декларација на основачкиот конгрес. д) Резолуција за училишното прашање и тоа за учителите војници. е) Резолуција за аграрното и мухаџирското прашање.[1312]

Најпрво говорел секретарот на месната организација во Солун, кој требало да ја престави состојбата на партијата од 16 јануари до денот на конгресот.[1313] По отчетот на секретарот, биле поканети делегатите да говорат за состојбата на партијата во нивните реони. Нивните дискусии може да се резимираат на следниот начин: Населението е изложено на егзархиските орудија, на националистичките конституциони клубови и теророт на остатоците на поранешната револуционерна организација. Управувањето во Македонија се уште се наоѓа во рацете на луѓето од стариот режим, власта е недоверлива кон населението, од друга страна, луѓето на НФП имаат недостаток на средства за да можат да агитираат меѓу населението. Конгресот заклучил дека по сите тие прашања, партијата не може да се пофали со успех.[1314]

На конгресот, редакторот на „Народна волја“ ги преставил позициите на весникот. Според кого, сите политички партии биле поставени на националистичка основа, со исклучок на НФП, чија задача е да „ги организира сите економски незадоволни елементи. Ние треба да го привлечеме на наша страна пропаднатите ситни сопственици. Но економското потиснато население сега се занимава главно со црквите, а не со своите економски интереси... Ние треба да го организираме тоа население во името на неговите интереси и така ќе го оддалечиме од влијанието на пропагандите“.[1315]

---

1308 Јане Сандански 1915-1975..., 183.
1309 Документи за българската история, Томъ IV, Документи изъ турскитѣ дъжавни архиви, Част II (1863-1909), подбралъ Панчо Доревъ, Българската академия на наукитѣ, София, 1942, 284.
1310 Македония, Сборник от документи и материали..., 561.
1311 Јане Сандански 1915-1975..., 54
1312 Македония, Сборник от документи и материали..., 561.
1313 Исто, 561.
1314 Исто, 561-562.
1315 Исто, 562.

Во однос на прашањето за Бугарските конституциони клубови и Егзархијата, редакторот на „Народна волја“ истакнал дека таа партија е реакционерна и го спречуваат развојот на револуцијата, а „Отечество“ никогаш не го напаѓа царот на Бугарите. Редакторот на „Народна волја“ исто така истакнал дека меѓу клубовите и Егзархијата суштествува полна солидарност, а „И двата института се **орудие на бугарската пропаганда**“.[1316] Исто така било забележено дека „благодарение на централизацијата во учебното и религиозното дело надворешните пропагандите можат да влијаат многу силно сред нашите маси“.[1317] Во понатамошното обраќање било истакнато дека „Егзархијата не прифаќа никакви реформи; народот е отстранет од управувањето на црковно-училишните дела“, и на Егзархијата „треба да и се наложи една демократска конституција. Учителството, за да си извојува слобода на дејствување, треба да се организира“. На крајот, согласно правилникот преку тајно гласање било избрано биро од 3 члена и 6 советници. За членови на централното биро биле избрани: Ан. Матлиев, Димитар Влахов и Христо Јанков. За советници: А. Бујнов, Д. Даскалов, Д. Коштанов, Јане Сандански, Х. Чернопеев и Јордан Шурков.[1318]

Конгресот ја прифатил и одобрил програмата на Народната федеративна партија, во која имало неколку глави. Во главата Врховна власт, било укажано дека врховната власт му припаѓа на народот. Во главата за Внатрешно уредување се побарало промена (ревизија) на уставот врз основа на директно гласање на сите граѓани, бирачи од 20 години и избирани од 25 години нагоре, полна слобода на совеста, говорот, печатот, собранијата, митинзите, здруженијата и штрајковите, неприкосновеност на личноста на живеалиште, на кореподенција и др. [1319] Во оваа глава било побарано да се направи справедливо распоредување на областите, окрузите, околиите и општините, и да се создадат доколку е можно еднородни административни единици. Иста така било побарано обласна и општинска управа, за надлежностите на централната власт и на респективните власти во областите и општините.[1320] Во третата глава се зборува за реформите што треба да се направат во областа на земјоделието, трговијата и индустријата. Во оваа глава било побарано безимотното земјоделско население да добие земја која ќе му биде доволна за сопствена издршка, Четвртата глава се однесува на финансиите, било предложено да се воведе прогресивен данок со кој се надевале дека ќе бидат отстранети дотогашните, непрактични и уништувачки даноци. Петата глава е посветена на образованието. Во неа било побарано основно образование кое требало да трае пет години, да биде задолжително и бесплатно.

Во однос на аграрното прашање биле истакнати следните барања: Да се градат нови куќи за чифлигарите во чифлиците по однапред изработен план и да се поправат кога ќе затреба од чифликсајбиите и, ако после трикратното побарување од чифлигарите пред сведоци или писмено преку владата чифликсајбијата не го стори тоа, тогаш чифлигарите да имаат право да ја дадат на поправка или сами да ја поправат куќата за сметка на чифликсајбијата. Да не се зема никаква кирија од селаните и чифликсајбиите да немаат право да им одземаат куќи, кои , штом се изградени од чифлигарите, се сметаат за нивна сопственост.[1321] Да се укине бесплатната работа-ангаријата. Субашиите, ако чифликсајбиите сакаат да имаат такви, треба да бидат плаќани и хранети од нив, да немаат право да им нанесуваат никакви навреди на чифлигарите. Падарите треба да бидат во заемен договор и бездруго да се од редовите на селаните и чифлигарите. Чифликсајбиите, кога сакаат да го дадат својот чифлик под наем да немаат право да го дадат на трети лица, а само на чифлигарите. Ако не може да се постигне взаемен договор за размерот на наемот тогаш двете страни определуваат една комисија со право на еднакво претставништво, која

[1316] Македония, Сборник от документи и материали..., 562.
[1317] Исто, 562-563.
[1318] Исто, 563.
[1319] Димитар Влахов, Мемоари…, 105.
[1320] Исто, 105.
[1321] Исто, 106-107.

под претседателство на претседателот на судот да го определи размерот на наемот и начинот на неговото исплаќање. Чифликсајбијата по никој случај да нема право да ги избрка чифлигарите од куќата на својот чифлик и ако некој од нив се огрешил со некаков престап или навреда спрема него, чифликсајбијата е должен судски да бара задоволување. Чифликсајбиите што го даваат својот чифлик да се работи на половина, треба да даваат свое семе, а бериќетот да го делат еднакво без да го делат однапред семето, чифликсајбијата ќе остави семе за идната година. А кога чифлигарите даваат сее, тогаш ќе земаат две третини, а чифликсајбијата една третина од бериќетот.[1322] Чифликсајбиите да немаат право да даваат на трето лице под наем или да земаат од своите чифлигари наем на пасишта и гори што се наоѓаат во чифлизите и околу нив. Пасиштата служат за издршка на чифлигарскиот добиток, а дрвата се за домашна употреба. Чифликсајбиите да немаат право да земаат бесплатно од чифлигарите: јајца, кокошки, масло и други слични продукти, како и од градините бостан и друго што тие го посеале за домашна употреба или да им одделуваат неколку дулуми земја за таа цел. Кога чифлигарите во некоја несреќа, останат без домашен работен добиток и други земјоделски потреби, чифликсајбиите се должни да им ги набават, половината од нивната вредност да им биде вратена на чифликсајбиите од чифлигарите со извесен рок без лихва. Парламентот да определи една комисија специјалисти, кои ќе ги соберат од сите чифликсајбии феудалните акти (тапиите) и да ги проверат, да се одземат чифлиците од сопствениците на незаконските феудални акти и да им се разделат на чифлигарите што ги обработуваат. Исто така да се постапи и со оние чифлици за кои нема никакви феудални акти. Да се простат сите стари долгови со кои досега биле задолжени чифлигарите пред чифликсајбиите. Чифлигарите треба да бидат оставени слободно да ја обработуваат земја колку што сакаат и само преостанатата земја можат да ја обработуваат чифликсајбиите или да ја дадат на селаните од другите села. Чифлигарите имаат право да градат училишта, цркви и други општествени згради на местата што тие ќе ги изберат, чифликсајбиите да немаат право да им пречат.[1323]

Училишното прашање, било формулирано со следните барања: Да се свика еден национален собир - избран од сите Македонци отомански граѓани што навршиле 20 години возраст, - во кој да се изберат по тројца од секоја околија врз основа на сеопшто рамноправно, тајно и непосредно изборно право. Соборот да изработи устави и правилници, со кои да им се гарантира правото на сите Македонци, отомански граѓани, да учествуваат еднакво во уредувањето на просветното дело. Соборот да избере совет со мандат од две години, од не духовни лица, кој единствено ќе го раководи просветното дело на Македонците во земјата.[1324] Рамномерно распоредување на буџетот за просветата, намалувајќи им ги големите плати на световните и на духовните бирократи – егзархиските чиновници, а покачувајќи им ги платите на основните учители, да им се гарантира на учителите правото да дејствуваат слободно како граѓани и општествени дејци. Да се отстрани централизмот и бирократизмот што господари во областа на просветата, а и да им се даде право на градските и селските национални општини и училишни настојателства слободно да ги уредуваат своите училишни дела. Да се оддели наполно училишниот оддел од духовниот и да им се забрани на духовните лица да се мешаат во училишните дела.[1325]

---

[1322] Димитар Влахов, Мемоари…, 107.
[1323] Исто, 108.
[1324] Исто, 109.
[1325] Исто, 109; Според Павел Делирадев програма на НФП се состоела од следните барања: Врховната власт му припаѓа ма народот; ревизија на конституцијата врз база на народниот суверенитет, отстранување на сите национални и класни привилегии, право на секоја националност слободно да се организира и самоопредели, областна и општинска самоуправа (за област не се земаат во предвид сегашните вилаети, туку провинциите Македонија, Албанија, Ерменија, Арабија и др.). Снабдување на безимотното чифлигарско население со земја, одземена од земјовладетелите. Коренита промена на даночниот систем врз основа на прогресивен доходен систем. Бесплатно задолжително основно училиште, полна слобода на образованието и рамноправност на сите училишта од еден ист вид, основното и средното училиште да се одвива на мајчин јазик, да се изучува официјалниот јазик во средните училишта. Управувањето на националните училишта да се довери на областните учебни совети чии членови се избираат од народот. Распределба на буџетот за

Основачкиот конгрес на крајот изјавил дека НФП ќе се бори за отстранување на секакво влијание и воздејство на бугарските влади и бугарскиот двор врз просветното дело на Македонците – отомански граѓани и против претворањето на училишниот оддел од еден национален институт во партизански институт кој што ги прогони сите оние учители што не сакаат, во својата општествена дејност, да се пројават како орудие на бугарскиот монархизам, и ги фаворизира оние што работат за победата на одделни интереси, а не за слободата и за народниот суверенитет, ЦК на НФП изјавил дека културата е грижа и дело на партијата.[1326]

По основачкиот конгрес „Народна волја" истакнала дека главниот принцип на партијата е: „Организирање на работничките маси од народот во името на нивните блиски и подалечни интереси против монархизмот и национализмот, паразитските и експлоататорските слоеви, денешната конститутивна реакција подржана и од самата организација Обединување и прогрес...".[1327]

Според „Дебарски глас", во текот на основачкиот конгрес на Народната федеративна партија, при изборот на централното биро јасно се оцртале двете теченија, кои постојано се засилувале додека траел конгресот. Крајното крило било претставувано од Димитар Влахов и социјалистот Томов и се обидувало да го дискредитира и омаловажи Јане Сандански. Умереното крило се состоело од Сандански и неговите другари, бивши војводи од серескиот округ. Сандански бил избран за член на партискиот совет, меѓутоа по изборот Јане Сандански изјавил дека се откажува од него, бидејќи се чувствувал уморен од долгогодишната револуционерна дејност. Во одговор на тоа, Влахов изјавил дека во одбивањето на Сандански гледа знак на незадоволство и протест против неговата опозиција. Влахов побарал дополнително објаснување, а по извршените разговори Сандански ја повлекол оставката.[1328]

Живоин Балугџиќ, српскиот дипломатски конзул во Солун во еден од извештаи за работата на првиот конгрес на НФП вели: „На конгресот се чувствуваа две јаки групи, на крајот, неминовно требаше да дојде до судир: едната струја е со социјалистички начела, но со горе долу, опортунистичка тактика (Влахов и Шурков), другата е со радикални начела, но со тактика на кинење и предизвикување (Мирасчиев, а донекаде и Сандански). Првата група не е расположена да раскинува со реакционерната тенденција на Младотурците. Таа сака и понатаму да одржува некаква врска со нив и да ја искористи положбата спрема комитетот. Другата сака да расчисти со сите лажни поставки и компромиси. Првата ја однесе победата".[1329]

Според специјалниот пратеник на бугарскиот весник „Дневник", на 7.VIII.1909 год. конгресот на НФП го разгледувал чл. 32 од партиската програма, кој се однесувал на учебното дело. Во текот на дискусиите, еден од делегатите започнал да говори против Бугарската егзархија, во смисла дека таа не го исполнувала добро долгот и пречи на учебното дело во Македонија. Според кореснодентот, дошло до општо возбудување. Во тој момент Сандански, станал и енергично изјавил: „Не ја засегајте Егзархијата! Положбата во Турција уште не е зацврстена". По зборовите на Сандански била дадена пауза, во текот на која Сандански заминал кај делегатот, кој

---

народна просвета пропорционално со бројот на нациите. Отворање на болници во сите околиски центри и отворање специјални одделенија во окрузите. Коренита реорганизација на судовите, укинување на смртната казан, бесплатна правна заштита на бедните и отстранување на корупцијата. Подобрување на патиштата. Реорганизација на поштите и телеграфите по пример на европските. Воведување на милициски систем, како претходна форма, регрутација на сите националности во империјата без разлика на религијата. Укинување на дивизијата Хамидие, заштита на трудот, создавање на министерство за трудот, за законско организирање на трудот, закон за заштита на трудот, реализација на идејата за источна федерација. Види: Павел Делирадев, Яне Сандански..., 35-36.

[1326] Димитар Влахов, Мемоари…, 109-110.

[1327] Сборникъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ..., 246-247.

[1328] Дебърски гласъ, органъ на дебърската просвѣтителна дружба, Година I, 15 августъ 1909 год, Брой 20, 4.

[1329] Јане Сандански 1915-1975..., 164.

го покренал прашањето за Егзархијата и му рекол: „Ти не знаеш ништо. Ако настане потреба да не се задоволат Бугарите во Македонија, јас ќе ја заштитувам егзархијата со оружје во рака...“ Искажувањето на Сандански оставило силен впечаток. Понатаму повеќе не се говорело против Егзархијата.[1330]

Најмоќното јадро во Народната федеративна партија биле т. н. Санданистите, односно Серскиот револуционерен округ и неговиот окружен револуционерен комитет во кој влегувале: Јане Сандански, Чудомир Кантарџиев, Тодор Паница, Александар Бујнов, Стојо Хаџиев, Георги Скрижовски, Георги Казепов и Тасната Серски.[1331] На второ место по важност во Народната федеративна партија биле струмичани на чело со Христо Чернопеев. Неговите приврзаници имале влијание во Струмичко, Тиквешко, Кукушко и Солунско, а самиот Чернопеев се пројавил како еден од поблиските соработници на Сандански. Чернопеев исто така воспоставил врски со групата околу „Одрински глас“. Негови блиски соработници биле Мишо Шкартов, Мирчо Икономов, Добри Даскалов и др. Третата групација гравитирала околу Димитар Влахов, Христо Јанков и Божил Проданов која имала свое влијание во Солун и неговата околина. Народната федеративна партија имала свои енергични приврзаници во сите оние реони каде во минатото се пројавил силен отпор против врховизмот.[1332] На основачкиот конгрес имало и еден Турчин како претставник на месната организација во Скопје.[1333]

Според Ангел Томов, пред формирањето на Народната федеративна партија во „левицата“ се оформиле две крила: 1) Санданистите со народничко-националистички погледи. 2) Солунчани и струмичани со марксистички погледи. Чудомир Кантарџиев се ориентирал кон втората групација, а Димо Хаџи Димов имал силно влијание меѓу серчани.[1334] Обединувањето на двете крила во рамките на НФП било врз база на партискиот проект-програма, која била изработена од Никола Харлаков. Програмата била одобрена во неколку собранија во кои учествувале: Сандански, Харлаков, Хаџи Димов, Кантарџиев, Хаџиев, Бујнов, Димитар Влахов, Делирадев, Ст. Стојнов и Ангел Томов.[1335]

---

[1330] Јане Сандански 1915-1975..., 560; Сандански бил против дејствувањето на Егзархијата затоа што НФП не била зацврстена, а нејзините политички барања не биле спроведени – во смисла муарифски училишта и др. Населението лишено од Егзархијата, би се нашло под грчкото влијание преку Цариградската патријаршија. Егзархијата била потребна до оној момент додека се засили НФП.
[1331] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 3-4, Год. II, ноември - декември, София, 1946, 130.
[1332] Исто, 130.
[1333] Исто, 132.
[1334] Исто, 131.
[1335] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 3-4, Год. II, ноември - декември, София, 1946, 131; Во јули 1909 година бил создаден Солунскиот работнички сојуз, кој настанал со обединување на неколку работнички и социјалистички групи. Во СРС имало две македонски групи, едната предводена од Васил Главинов, а другата од Димитар Влахов. Во септември 1909 година, Главинов се повлекол од Сојузот. Раководителите на СРС изразуваа тенденција за интеграција и преобразување која поаѓаше од барањето, националното прашање да му се потчини на прашањето за Младотурската револуција. Националниот проблем требаше да се реши во рамките на една социјална основа на Отоманското царство. Наместо ориентираниот деспотизам, една модерна световна и децентрализирана држава би довела до создавање на една модерна отоманска нација, во која етничките заедници би нашле свое место и слобода врз федеративна платформа (Види: Работничкото движење на Македонија до 1929 год ..., 93). Бенораја уште како гимназијалец го прифатил социјализмот. Во почетокот бил член на тесната партија, а во 1908 година се поврзал со групата на Никола Харлаков – Пролетери, наречена анархолиберална и станал нејзин секретар во Пловдив. Со таква идеолошка основа, во почетокот на младотурскиот преврат пристигнал во Солун. Бенароја главно агитирал меѓу еврејската сефардистка средина. Во септември 1908 година, како резултат на неговата дејност бил формиран еден еврејски социјалистички кружок. Во април 1908 година, кружокот се именувал како Работничко и социјалистичко здружение. Паралелно, Бенароја одржувал контакти со некои од бугарските социјалисти чиј член бил и Ангел Томов, секретар на една од социјалистичките групи кои настанале во тоа време. Бенароја останал и понатаму близок со Никола Харлаков, кој и сам преминал во Солун, каде подготвиле план за издавање на списанието Начало (Види: Работничкото движење на Македонија до 1929 год ..., 91). Ангел Томов во 1907 година е редактор на весникот Одрински глас. Во Солун, заедно со Никола Харлаков и Павел Делирадев го издава весникот Начало. Учествува во

Народната федеративна партија ги обединува групите кои постоеле во „левицата“ на македонското движење - серчани, струмичани, солунчани и групата околу „Одрински глас“. Водач на серчани бил Јане Сандански, а меѓу идеолозите на оваа групација биле Димо Хаџи Димов и Петар Поп Арсов. Оваа група во суштина била носител на македонската национална компонента во Народната федеративна патрија, а влијанието на Петар Поп Арсов е особено видливо во училишната програма на НФП. Оттука, македонската национална содржина станала составен дел од програмските определби на НФП. Ова искажување може да се потврди од повеќе извори.

Елефтериос Ставридис во својата книга Зад кулисите на КПГ, истакнува: „Сандански, по потекло од Пиринска Македонија, им припаѓаше на таканаречените словеногласни Македонци. Тој тврдеше дека како што се ослободија од турскиот јарем грчката нација, српската и бугарската, дојде часот да се ослободи и македонската нација. За да Македонија стане цела и сосем независна држава, Сандански проповедаше дека сите жители, без исклучок, не се ниту Бугари, ниту Грци ниту Куцовласи, макар и да зборуваат на македонски славјански дијалект како и самиот тој, или на грчки или на куцовлашки идиом, сите жители на Македонија се чисти Македонци, потомци на античките Македонци на Филип II и на Александар... Сандански, заедно со Делчев, и двајцата пионери на Илинденското востание од 1903... стана опасен за Бугарија. Бугарските шовинисти решија да го ликвидираат бидејќи неговите проповеди не им одеа во прилог, зошто тој се противеше на присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Тој го спречуваше славофонското население на Македонија да се смета себеси за бугарско и култивираше македонска национална свест. И неговото ликвидирање, преку подмолно убиство, всушност, беше извршено од страна на Бугарите...“[1336]

Родолофо Фоа во весникот „L’Italia all’Estro“ исто така пишува дека Јане Сандански проповедал: „Македонците ќе ја ослободат Македонија без мешање на соседните држави: во Македонија не треба да има ниту Бугари, ниту Грци, ниту Срби, ниту Романци, ниту Турци, туку само Македонци“.[1337] Особено се интересни податоците кои ги дознаваме од натписот на д-р Карло Блинд под наслов „Бугарските злосторства против Бугарите“, објавено во лондонскиот „Пал

---

активноста на НФП, редактор на Единство, а подоцна и на Народна Волја. Томов е еден од основачите на Социјалистичката работничка федерација, заедно со Аврам Бенароја, Димитар Влахов и др. Васил Ангелов тогаш потпоручник, брат на Ангел Томов, во 1903 година од страна на задграничното претставништво бил испратен како воен инструктор во Македонија. Васил Ангелов навлегол во Серскиот револуционерен округ и се придружил на четата на Јане Сандански. Васил Ангелов станал еден од приврзаниците на Сандански. Никола Харлаков во 1905 година ја формирал т.н. анархолиберална група, а нејзините членови биле исклучени од БРСДП. Ги поставил основите на сојузот Пролетери и го уредувал неговото списание Пролетери (1905-1908). Во 1908 година сојузот се придружил на БРСДП (тесни социјалисти). Во 1905 година, Павел Делирадев заедно со Георги Бакалов и Никола Харлаков бил исклучен од БРСДП (тесни социјалисти) како анархолиберал. Делирадев е еден од членовите Пролетер.Сличноста во програмите помеѓу НФП и Социјалистичката работничка федерација за карактерот на Османлиската империја се должи на т. н. анархолиберална група на Никола Харлаков. Од друга страна, Македонската социјалистичка група од Софија која го издавала весникот Политичка слобода, идеолошки бил близок до т. н. анархолиберали. И двете групи ги споделувале концептите за децентрализација и федерализам. Членовите на т. н. анархолиберална група биле блиски со некои до дејците на македонското револуционерно движење. Оттука, влијаеле врз левицата во македонското револуционерно движење во некои нејзини концепти. Особено видливо во платформата за децентрализација на Османлиската империја и оформувањето на источната федерација. Ако се земе во предвид дека еден дел од основачите на Солунската работничка федерација (сојуз) биле и основачи на НФП. Од друга страна, еден дел од дејците на НФП т. н. серска група, како Павел Делирадев биле блиски со Никола Харлаков. Еден основачите на СРС, Аврам Бенароја бил близок со Харлаков. Оттука, јасно зошто НФП и СРС имаат идентичен став за децентрализација и реорганизација на Османлиската империја. За разлика од НФП и СРФ, Васил Главинов тргнувал од поставките од потребата за распарчување на Османлиското царство како реакционерно и осудено на смрт. Социјалистичките елементи во Турција во 1908 година им се придружиле на младотурците, со исклучок на Главинов и неговите приврзаници (Види: Работничкото движење на Македонија до 1929 год ..., 94).

[1336] Јане Сандански 1915-1975..., 211-212.

[1337] Јане Сандански и македонското ослободително движење; Ванчо Ѓорѓиев, Јане Сандански и посебноста на Македонија и Македонците; Македонска академија на науките и уметностите; 93.

мал газете“ . Карло Блинд ги застапувал бугарските погледи за решавање на македонското прашање, ги анализира и ги критикува македонските определби на Јане Сандански. Оттука, Блин пишува: „Двата востанички комитети меѓусебно се уништуваат. Цончев го предводи врховистичкиот, а Сандански централистичкиот комитет, односно Внатрешната организација. Сандански се претставува како единствен претставник - Македонец. Тој си поставил за цел од Македонија да создаде независна држава, која единствено би можела да влезе во составот на балканска федерација, кога таквата сомнителна творба еднаш би се создала. Цончев, од своја страна се стреми да создаде Бугарска автономна Македонија, која потоа би се соединила со Кнежеството Бугарија“.[1338]

Според Блинд, идејата на Јане за независна Македонија „била неоправдана бидејќи во Македонија живееле: Грци, Срби, Албанци, Бугари и Романци, а секој од нив си има свој јазик. Залудно е Македонскиот комитет да се обидува да создаде јазик единствен за сите“. Според Блинд: „Учените од Комитетот на Сандански **создаваат граматика на македонски јазик** како јазик на целата област. Дијалектот на Битолскиот вилает се зел за основа на тој нов experanto. **Новиот** македонски јазик требало да ги истисне српскиот и бугарскиот јазик кој се зборувал во Бугарија и Србија“.[1339]

По младотурскиот државен удар, Сандански имал интервју со д-р Владимир Бурилков, дописник на бугарскиот весник „Дневник“. Сандански истакнал дека групата околу весникот „Илинден“, предводена од Петко Пенчев е надворешна пропаганда и дека овие луѓе се агенти на Бугарија. Според Сандански, Бугарската егзархија денес е орудие на Бугарија - една пропагандна институција. При сегашната нова ситуација, нејзе треба да и се забрани да добива супстидии од Бугарија, а училишниот оддел да се претвори во одделение на турско државно министерство за просвета. Сандански исто така забележал дека: „Училиштата треба да бидат државни и во новата држава ќе има религиозна толеранција“.[1340]

Весникот „Дневник“ во својата статија „Сандански и Грците“, пренесува фрагменти од грчкиот весник „Кери“, во кој од грчки поглед се истакнати повеќе ставови на Јане Сандански. Во бројот од 1.VIII.1908 год. пишува дека Сандански е носител на голема идеја која требало да го привлече вниманието на Грците. Тој секогаш се борел за слободата на Македонија, а никогаш не настојувал да работи за Сан-стефанскиот договор. Според „Кери“, Сандански објавувал прокламации во кои ги исмевал самите „славјаногласни Македонци“, кои се стремат за присоединување на македонските земји кон Бугарија.[1341] Грчкиот публицист Тасос Костопулос во своето дело „Забранетиот јазик“ истакнал дека Народната федеративна партија на Сандански и Влахов барала одделување на словенските училишта од контрола на Егзархијата и нивно ставање под државна контрола, а истовремено се работело кон воведување на „славомакедонскиот како наставен јазик“.[1342] Не случајно, Ванчо Ѓорѓиев истакнува дека НФП се определила за меарифските училишта, бидејќи биле финансирани од османлискиот буџет, а со тоа била елиминирана секаква можност за пропагандно дејствување однадвор.[1343]

Четири дена по завршувањето на конгресот на 14.VIII.1909 год. бил извршен нов обид за убиство врз Јане Сандански.[1344] Постојат сомнежи дека организатори на атентатот биле Димитар

---

[1338] Јане Сандански и македонското ослободително движење, 91-92.
[1339] Исто, 92.
[1340] Исто, 94.
[1341] Исто, 94.
[1342] Исто, 95.
[1343] Исто, 94.
[1344] Јане Сандански 1915-1975..., 55.

Ризов и Никола Наумов, а Стојо Хаџиев изјавил дека убиците се „Фердинандови агенти“.[1345] Кон крајот на септември 1909 година, „Народна волја“ искажал повеќе принципи на НФП, напуштање на четништвото, членовите на федеративната партија да станат државни (меарифски) учители, ако респективно општините се стекнат со меарифски средства за сопствено издржување на училиштата, опасност од законот за четништво. Мухаџирското прашање произлегува од агресивната политика на Бугарија и Австрија.[1346]

Во почетокот на јануари 1910 година се појавиле гласини за нелегалната дејност на Христо Чернопеев. По тој повод централното биро на НФП изјавила дека партијата останала верна на тогашните позиции, во смисла дека има можност за легална дејност во кругот на уставната слобода, а нелегалната дејност е пакосна од гледиште на партиските интереси и тие на населението и затоа НФП е против таа борба. Членовите на партијата кои се вовлекуваат во нелегалната борба, се самоисклучуваат од партијата, а НФП не им дава поткрепа и не сноси одговорност за нивните лични дејствија.[1347]

Во јануари 1910 година започнал отворен судир помеѓу групата на Димитар Влахов со групата на Јане Сандански.[1348] На 23.I.1910 год. Димитар Влахов како претседател на Централното биро на НФП свикал состанок и Сандански бил исклучен од партијата.[1349] На 13.II.1910 год. цариградскиот весник „Yeni Tesvir-I Efkâr“ објавил интервју со Јане Сандански, а повод за интервјуто е исклучувањето на Сандански од редовите на НФП, кое предизвикало лош впечаток во некои кругови. За да ги дознае причините за исклучувањето дописникот го замолил Сандански на разговор.[1350] Според Сандански решението за неговото исклучување било незаконско затоа што одлуката била донесена од четворица членови на Управниот одбор - Димитар Влахов, Христо Јанков, Матлиев и Коштанов. Управниот одбор се состоел од десеттина членови, меѓутоа гласале само четворица. Според Сандански, Влахов и неговите другари го прекршиле статусот и постапиле надвор од своите компетенции. Сандански исто така информирал дека по неколку дена ќе се одржи заседание на кое ќе се определи став спрема оние што го донеле решението против него. Со еден проглас што ќе го објавиме, отворено ќе објасниме како ги сфаќаме настаните и ќе го информираме јавното мислење за нашата доктрина.[1351] На прашањето: „Како гледаат Вашите привразаници на прашањето за вашето исклучување?“ Сандански одговорил: „Вие знаете дека Серско, Мелничко и Неврокопско се мои верни привразаници. Излишно е да се каже дека тие нема да се покорат на ова решение. Како што дознавам, весникот Народна волја, кој го објави решението, започнал да ја губи популарноста...“[1352] Сандански исто така информирал дека се согласува со решението донесено против Христо Чернопеев, меѓутоа нагласил дека и оваа одлука не била донесена врз одредбите на уставот. На прашањето: „Во случај да формирате нова партија, кој би ја преставувал неа?“ Сандански одговорил дека формирањето „на новата партија ќе се оствари по објавувањето на прогласот. Доволен е бројот на моите привразаници“.

За недоразбирањата, Димитар Влахов во своите мемоари истакнува: „во дејноста на Сандански а и на некои негови другари имаше една црта што не им одговараше на основните ставови на НФ партија... Сандански беше свикнат, изгледа од порано, да им наложува на луѓето со кои работеше, и многу да не го зема под внимание нивното мислење... Ова може да се види... и од неговиот однос по прашањето за меарифските учители. Сандански сакаше сам да го третира (без

[1345] Јане Сандански 1915-1975..., 56.
[1346] Сборниъ Солунъ, Издание на възпителелит и възпитаницитеѣ..., 247.
[1347] Исто, 247.
[1348] Јане Сандански 1915-1975..., 165.
[1349] Исто, 189.
[1350] Исто, 190.
[1351] Исто, 190-191.
[1352] Исто, 191.

да го зема мислењето на останатите раководни другари) со младотурскиот комитет и со нивната партија прашањето по каков начин да се исползуваат парите кои македонскиот народ и ги даваше на државата, во форма на данок за просвета (меарифски данок). Исто така, тој не ги консултираше останатите раководители во партијата како ќе ги регрутираат кадрите за тие училишта. Меѓутоа, во својата амбиција, тој отиде дотаму што почна да води на своја глава политика со младотурскиот комитет...“[1353]

Во февруари 1910 година во Солун и Драма приврзаниците на Сандански одржале консултации за идната дејност. Набргу потоа бил објавен „Апелот до другарите и симпатизерите на Народната федеративна партија“.[1354] Во него било истакнато „ние сме должни да признаеме, дека и Народната федеративна партија, во својата целост, не зеде соодветно и достојно место во процесот на општествените борби. Тогаш, кога нејзините демократски принципи требаше со сите сили, да бидат широко популаризирани и да легнат во сознанието на народните маси, личните страсти зедоа врв над разумот и долгот. Родените во неа недоразбирања, пречеа во нејзиниот развој и засилување. Една партија само по форма, без никаква содржина, една партија без никаква политичка активност – не можеше да биде живото способна партија“. [1355]

Според повикот, задолжителен бил долгот за осветлување на причините за нарушувањето на единството во партијата. Не било прифатена резолуцијата на Централно биро со учество на само еден советник против Јане Сандански. Понатаму било информирано дека на советувањата во Солун и Драма било решено да се свика вонреден конгрес на НФП, кој требало да го има следниот дневен ред: 1) Општи прашања: а) Мухаџирското прашање. б) Чифлигарското прашање. в) Црковно – училишниот спор. г) Закон проектот за четите. д) Општа политичка амнестија. е) Ревизија на делата на сега осудените за минатите политички престапи. ж) Опростување на бекаитот.  2) Партиски прашања: а) Спорови во партијата. б) Партиска тактика. в) Ревизија на програмата, уставот и правилникот на партијата.

Повикот бил потпишан од Ј. Сандански, Г. Скрижовски, Тaската и д-р Христо Тенчев. Кон крајот на март 1910 година, Сандански дал интервју за дописникот на „Камбана“ во кое одговорил на неколку прашања поврзани со неговото исклучување од НФП. Сандански рекол дека не е исклучен од партијата бидејќи Димитар Влахов и неговите приврзаници постапиле спротивно од партиските правила и го образложил своето видување за кризата во НФП. Сандански укажал дека старите дејци на револуционерната организација не се школувале со теории, туку своите постапки ги засновале врз она што го апосрбирале  во текот на практичната дејност, од самиот живот, и тоа ги разликува од оние што работеле врз теориите што ги научиле. Сандански истакнал дека Младотурската револуција предизвикала ненадејно зголемена политичка активност поради тоа ја напуштил Организацијата и се свртел кон пообразовани луѓе. Сосема природно ја побарал помошта од социјалистите, кои се покажале како добар елемент во сферата на легалната политика, меѓутоа покажале недостаток на подготвеност за постојната политичка дејност. Според Сандански, овие социјалисти изразиле секташтво и догматизам, а прашањето за националната култура им била туѓи.[1356] Во однос на општествените и економските прашања излегле со утописки барања. На движењето му дале боја која била туѓа на општествените елементи од кои е составено. Оваа состојба предизвикала принципиелни разлики во поглед на дејноста и целите. Сандански истакнал дека социјалдемократијата во Македонија е способна да се развие во силно движење, колку што постојните услови го дозволувале тоа. Тој истакнал дека се залагал за целосно отфрлање на оваа група чија дејност во моментот била само академска.[1357]

---

1353 Димитар Влахов, Мемоари…, 105-106.
1354 Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 415.
1355 Позивъ - Към другарѣ и съмишленицитѣ отъ Народната федеративна партия.
1356 Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 418.
1357 Исто, 418.

По објавувањето на апелот, српскиот конзул Живоин Балугџиќ информирал: „Целокупниот тон на прогласот... има за задача групата на Сандански да ја одвои од групата на Влахов, која се повеќе стапува во отворена служба на турската власт. Тој тон е сосема природен, но прогласот што го издаде Влахов против Сандански, а во кој се фали новиот режим и сите негови фактори. Таа реакција на групата на Сандански и по тонот и по држењето е природна последица на држењето на оние што го исклучија Сандански, и до колку Влахов ќе оди десно во своето држење кон Младотурците, толку Сандански ќе оди лево“.[1358]

Весникот „Народна волја“ од својот шести број за главен редактор го имала Димитар Влахов. Влахов започнал отворено да го напаѓа Сандански и Хаџи Димов, меѓутоа Влахов не можел да најде широка поткрепа, дури ја изгубил и поддршката во средината на останатите социјалисти кои биле околу него.[1359] Во март 1910 година, „Народна волја“ објавила статија против војводскиот елемент во НФП, а Сандански бил обвинет дека во текот на март во Цариград имал средба со бугарскиот цар Фердинанд.[1360]

На 8.V.1910 год. во Солун заседавал конгресот на фракцијата на Сандански во однос на прашањето за спорот во НФП.[1361] Откако биле испратени обвинувања до централното биро на федеративната партија, конгресот решил да не го поканува споменатото биро и била избрана комисија која требало да подготви една резолуција за односите и споровите во НФП. Според весникот „Нов век“, на овој конгрес преовладувало мислењето да се формира нова партија независна од НФП.[1362] На 13.V.1910 год. „Нов век“ информира дека фракцијата на Сандански ќе се организира во одделна самостојна партија која што ќе го зачува старото име Федеративна и уставот на истата партија.[1363] За членови на централното биро биле избрани: д-р Христо Тенчев, Димитар Мирасчиев, Бујнов, Кантарџиев и Таската. На бирото му било наложено да избере редакциски комитет за новиот партиски орган „Независност“ и да ја определи позицијата на партијата за предлог закон за четите. Исто така била усвоена резолуција за политичката амнестија, црковно-училишниот спор, мухаџирското и чифлигарското прашање, како и разногласијата во НФП.[1364]

**3.** По младотурскиот државен удар, македонската патриотско-социјална групација го продолжува судир со пробугарската група во македонското движење и бугарските шовинистички политички кругови. Со промените во Османлиската империја добро биле запознаени бугарското општество и бугарската влада. Генералот Паприков – тогашен министер за надворешни работи, редовно го информирал кнезот Фердинанд, кој се наоѓал надвор од Бугарија, за случувањата во Османлиската империја.[1365] Во еден извештај до кнезот, Паприков истакнува: „Во Македонија Бугарите, нивните војводи и воопшто бугарштината се на особена почит, таму владее полна слобода. Во неколку дена Македонија стана непрепознатлива. Со еден збор, се случува нешто необјасниво и неверојатно. Границата е отворена. Одењето во Македонија е најслободно. Тоа, кое што револуцијата им го даде на Македонците во десет дена реформите на можеа да го дадат за толку години“.[1366] На 25 јули, генералот Паприков во својот извештај повторно до Фердинанд

[1358] Јане Сандански 1915-1975..., 166.
[1359] Боян Кастелов, Димо Хаджидимов; Живот и дело…, 179.
[1360] Сборникъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ..., 247.
[1361] Новъ вѣкъ; органъ на народно-либералната партия, 9 Май 1910 година, Брой 1590, 4.
[1362] Исто, 4.
[1363] Новъ вѣкъ; органъ на народно-либералната партия, 13 Май 1910 година, Брой 1592, 3.
[1364] Исто, 3.
[1365] Во високите политички сфери во Санкт Петербург и Софија било многу познато дека бугарскиот воениот министер генералот Паприков е единственото и најдоверливото лице на кнезот Фердинанд. Благодарение на довербата која ја имал од дворот, Паприков бил министер во шест бугарски влади: Греков, Иванчев – Иванчев, Петров, Каравелов и Данев. Види: Новъ вѣкъ; органъ на народно-либералната партия, 24 Мартъ 1902 година, Брой 431, 2.
[1366] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 229.

вели: „Нормалниот развој на работите во Турција не е во наша полза. Воспоставувањето и зајакнувањето на конститутивниот режим во Турција не е во наш интерес. Да го попречиме тоа непосредно, не можеме и не бива. Тука ќе ни помогнат Македонците и младотурците“.[1367]

Бугарските кругови не можеле отворено да дејствуваат против Османлиската империја и се решиле за затскриен метод. Паприков во своите извештаи до Фердинанд, како прва задача на бугарската влада, го предложил префрлање на што поголем број на Македонци од бугарската држава во Македонија кои заедно со „десницата“ требало да создадат една силна бугарска партија, која требало да ги одземе Струмичко и Серско од рацете на санданистите. Бугарската влада на чело на Александар Малинов презела дејствија во тој правец. Во Македонија заминале „поглавните и полезните Македонци“. Биле испратени околу 60-70 учители и околу 500 македонствувачи и надежни еснафи, биле купени две печатници за Солун и Битола, за издавање на весници. Снабдени со средства, за Македонија заминале Христо Матов, Тома Карајовов, Петко Пенчев, Павел Христов и др.

Туше Влахов вели дека: „Старите и новите врховисти проследуваа една цел - да ја дискредитираат прогресивната демократска левица на ВМОРО на чело со Сандански и да работат подмолно против новиот конститутивен режим во Македонија“.[1368] Следствено, Симеон Радев во своето писмо до Генадиев признава дека неговата основна задача е да го дискредитира Сандански и луѓето околу него – Павел Делирадев, Димо Хаџи Димов, К. Списаревски, Тодор Паница и др., а Тома Карајовов предложил план за киднапирање на Сандански, Паница и др., и нивно префрлање во Бугарија. Според Димитар Влахов: Христо Матов, Тодор Александров и др., ги исполниле барањата на Фердинанд и на реакционерната средина, „направија обид за зачувување на десницата како нелегална организација и ги направија сите обиди, за да се спречи нормализирањето на состојбата во Македонија“.[1369]

По младотурскиот државен удар, „десницата“ била во постојан контакт со бугарскиот агент во Солун. Петко Пенчев и Павел Христов во име на „десницата“ побарале одговор од Паприков дали бугарската влада и кнезот искрено ги одобруваат последните случувања во Турција и триумфот на младотурците. Доколку се оцени како негативно, Петко Пенчев и Христов искажале подготвеност за реализирање на упатствата од Софија.[1370]

Макдермот вели дека се уште не се пронајдени документи кои укажуваат на директни инструкции на бугарската влада до „десницата“, меѓутоа бугарската влада настојувала да ги поткопа позициите на „левицата“ со брзо испраќање на лица од македонската интелигенција во Македонија кои не биле социјалисти или радикали, создавање на политичка партија која би требало да го прошири своето влијание меѓу македонското население, ослабување на позициите на „левицата“ и засилување на бугарското националистичкото расположение меѓу населението. Биле изготвени списоци со соодветни кандидати, меѓутоа половината од нив не сакале да заминат во Македонија, бидејќи им било подобро во Бугарија.[1371] За остварувањето на бугарските државни интереси во Македонија преку испраќање на луѓе во Македонија, биле обезбедени 500 000 лева.

Во тој правец е и образложувањето на Никола Генадиев пред Фердинанд. Според него, бугарската држава не можела да и објави војна на Османлиската империја затоа што во затворите немало ниту еден Македонец, а Европа ги подржувала младотурците.[1372] Генадиев исто така

[1367] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 230.
[1368] Исто, 231.
[1369] Исто, 231-232.
[1370] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 360.
[1371] Исто, 361.
[1372] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 230.

забележал дека револуцијата во Турција создала нова ситуација која налагал усвојување на нови методи на дејствување и во овој момент било неопходно добивањето на точни информации и преземање на мерки против „предавниците и луѓето без татковина“ околу Јане Сандански, како и заштита на револуционерната организација од распаѓање. Генадиев информирал дека го испратил Симеон Радев за да ја сондира ситуацијата и да влијае врз македонските активности. Според Генадиев, Симеон Радев бил убеден патриот и верно им служел на идеалите на Фердинанд, ослободен од опасните утопии и можел да биде многу полезен за бугарската национална кауза. Симеон Радев набргу почнал да испраќа извештаи за својата дејност во Солун и се обидел да дискредитира Јане Сандански во очите на сите, вклучително и на младотурците.[1373]

По младотурскиот државен удар во Солун пристигнал Григор Василев кој започнал да испраќа информации за случувањата во Османлиската империја. Своите впечатоци ги објавува во книгата „Македонија и турската револуција“, а во неа биле вклучени и редица негови статии објавени во весникот „Илинден“. Меѓу нив била и статијата „Националното прашање и социјалдемократијата“. Според Василев, социјалдемократите во Македонија треба да ја прифатат програмата на австриската социјалдемократија. Ако Турција сака да постои, треба да се реформира во федерација на самоуправни автономни национални области. Административната поделба требало да се совпадне со националната поделба, вклучително и можноста за национално самоопределување и културна автономија,[1374] меѓутоа треба да се истакне дека Григор Василев мисли на бугарско самоопределување и бугарска културна автономија.

Христо Матов и неговите приврзаници се противат на легализирањето на четите, оттука Петар Ацев и Петар Чаулев биле испратени во агитација, меѓутоа со револуционерите од Битолскиот округ не можеле да се договорат, а Јане Сандански со своите приврзаници излегол уште првиот ден, а Христо Чернопеев 2-3 дена подоцна.[1375] Христо Матов направил уште еден обид во Солун предлагајќи да не се предава оружјето и покрај легализирањето на четите.[1376]

Во првите денови по младотурскиот државен удар, Петко Пенчев, Павел Христов и Георги Николов започнале преговори со дејците на МОРО со намера помирување на двете групации. Преговорите биле водени од Христо Матов и Јане Сандански, а посредник бил Никола Наумов. Наумов ја изработил платформата за обединување која била прифатена од приврзаниците на Христо Матов, но била отфрлена од Сандански. Според Григор Василев, постоеле големи разликите помеѓу Матов и Сандански околу прашањата за самоуправата и „националното образование“.[1377] Бугарскиот конзул во Солун, во својот извештај до Паприков вели дека програмата била умерена и во согласност со бугарските националните цели. Односно, главните цели се состоеле од оформување на Македонија во провинција со генерален гувернер и локално собрание, кои требало да носат локални закони, да ја контролираат администрацијата и сл. Според извештајот, Јане Сандански го отфрлил предлогот затоа што бил ултранационалистички, локален и антиуставен.[1378]

---

1373 Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 362.

1374 Григор Василев и македоно-одринското освободително движение. Преземно од: http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=721:im&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

1375 Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1 – 2, Год. II, септември - октомври, София, 1946, 56.

1376 Исто, 56.

1377 Христо Матов – Историческото съзнание на революционна Македония. Преземно од: http://sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=336:2011-09-13-16-56-59&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

1378 Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 370.

Контраударот против младотурците го поттикнал Јанко Саказов да објави статија во „Камбана“, во која ја повикал Бугарија да го искористи моментот и преку својата војска и дипломатија да им наложи на Турците самоуправа за Македонија.[1379] Меѓутоа, откако пропаднал превратот, Саказов го променил својот став и побарал од Бугарија да води политика на доверба и добронамерност кон Турција.[1380]

На 30.IV.1909 год. Саказов објавил нова статија во која истакнал дека младотурската револуција од постојните права не може да даде повеќе и може да се реализира само она за кое има внатрешни услови во турската држава. На 3 мај, Саказов повторно објавил статија во која побарал земја за селското население, селска милиција, учество на населението во општинските работи и дискусија за политичките прашања.[1381] Според Саказов, новата политика кон турската држава требала да биде врз признавање на новата состојба во Турција и нејзино зацврстување.[1382] Тој ги повикал македонските дејци целосно да го изменат својот политички идеал.[1383] Саказов исто така истакнал дека доколку реформите пропаднат, ќе има доволно време да се осмисли нова политика и предложил дека во овој момент е најдобро да се подржат младотурците и реформи.[1384] На 25.V. 1909 год. Саказов во „Камбана“ ја објавил статијата „Два збора за македонските дејци“ во која истакнал дека македонските революционери не излегуваат јавно во печатот за да ги изразат своите мислења за политиката на доверба кон Турција.[1385]

Погледи на Саказов објавени „Камбана“, во октомври 1909 година го поттикнале Христо Матов на хартија да ги запише своите погледи, а следната година да ги објави во Софија во брошурата „Писма за Македонија“. Според Матов, искажувањата на Саказов биле противречни бидејќи најпрво се залагал за самоуправа на Македонија преку дејствување на бугарската армија и дипломатија, а потоа своите барања ги ограничил на земја за селаните, селска милиција и др. Освен тоа, Матов ја критикувал и мирољубивата политика на Саказов кон турската држава.[1386]

Матов не ја прифаќа мирољубивата политика и поддршката за младотурците и ако внимателно се анализираат предлозите на Саказов може да се дојде до заклучок дека не станува збор за недоследност туку за максимални и минимални барања врз основа на постојната политичка состојба во Турција. Обидот за преврат против младотурците ги довеле во опасност реформите, оттука Саказов ја поттикнувал Бугарија да дејствува за самоуправа за Македонија. Откако превратот пропаднал, Саказов ги прилагодил своите ставови, тој бил свесен дека младотурците нема да ја прифатат идејата за самоуправа и затоа истапил со минималистички предлози. Саказов се залагал за соработка со младотурците надевајќи се дека неговите минимални барања ќе бидат прифатени. Од своја страна, Матов сметал дека реформскиот процес во Турција не само што нема да биде во полза на бугарската нација, туку напротив ќе има голема штета. Во тој правец биле прашањата за училиштата, муарифските учители, црквите, протерувањето на Егзархијата, укинувањето на привилегиите на Патријаршијата и др.[1387] Според Матов, младотурците не дејствувале од љубов кон слободата, туку од љубов кон државата.[1388] Тој исто така сметал дека

[1379] Христо Матовъ, Писма за Македония. Отговоръ на г. Я. Сакѫзовъ. (Скопйе, Октоврий 1909 г.). София, 1910. Печатница на Георги М. Чомоневъ, 3.
[1380] Исто, 3.
[1381] Исто, 4.
[1382] Исто, 5.
[1383] Исто, 17.
[1384] Исто, 18.
[1385] Исто, 3.
[1386] Исто, 4.
[1387] Исто, 6.
[1388] Исто, 8.

конзерватизмот меѓу муслиманското население било пречка за воспоставување на една уставна монархија во Турција.[1389]

Христо Матов со своите писма се обидува да го убеди Саказов дека тесните социјалисти, и воопшто сите социјалисти, треба да се залагаат за војна помеѓу Бугарија и Османлиската империја, бидејќи тоа е единственото решение за македонското прашање

На 27.VII.1908 год. во Солун се создава Конституциониот клуб. Набргу биле формирани слични клубови во градовите и поголемите села низ Македонија.[1390] Клубовите биле со мешовито членство, меѓу нив имало приврзаници на „десницата", побогатото и поконзервативното население, како и личности кој не учествувале во револуционерното движење. Тодор Паница и други приврзаници на Сандански присуствувале на основачкиот состанок на Конституциониот клуб во Солун, меѓутоа заминале пред да биде избрано раководството. Статутот на Конституциониот клуб се состоел од неколку главни точки: 1) Едукација на бугарското население во духот на непосредната цел за провинциска самоуправа. 2) Развој на бугарската култура. 3) Одржување на добри односи со другите народности со цел заедничка дејност за просперитет и развој на Османлиската империја. 4) Економски развој на државата.[1391]

На 28.VIII.1908 год. Симеон Радев испратил писмо до бугарскиот премиер Никола Генадиев во кое го информирал за неговата идеја за обединување на клубовите во еден Бугарски конституционен сојуз. Според Радев, идејата била прифатена, меѓутоа за да се создаде тој сојуз бил неопходен престижот на Матов и кадрите на револуционерната организација. Но, Симеон Радев вели: „**Но Матов нема пари**" и следствено не можел да испраќа агитатори, да одржува коресподенцијата и да печати весник во согласност прифатениот проект.[1392]

Основачкиот конгрес се одржал на 7.IX.1908 год. во Солун каде имало претставници на 42 клуба, од кои 7 биле од Одринско, а претставени од 81 делегат.[1393] Особена активност во работата на конгресот имале Тома Карајовов, Панчо Дорев, И. Бомболов, Св. Добрев (широк социјалист), д-р Владов, д-р Руменов, Сребрен Поп Петров, Т. Павлов, С. Тилков и др.[1394]

Во програмата на клубовите, економските прашања биле кратки и нејасни, меѓутоа се искажала загриженост за религиозните и образовните права на бугарското население. Прашањето за чифлизите и безимотните селани било кратко образложено преку враќање на земјиштето на лесен и праведен начин, без да се даде објаснување на каков начин тоа да се спроведе.[1395] Меѓу причините што биле дадени за формирањето на Конституционите клубови било стојалиштето дека револуционерната организација ја надживеала својата корист и дека треба да се дојде до обединување помеѓу левицата и десницата во рамките на клубовите. Макдермот истакнува дека водачите на клубовите, Карајовов, Пенчев и Владимир Руменов соработувале со бугарската влада и дворот, и имале две тајни задачи, компромитирање на младотурците и ослабување на позициите на Сандански.

[1389] Христо Матовъ, Писма за Македония..., 10.
[1390] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 369.
[1391] Исто, 369.
[1392] Христо Матов – Историческото съзнание на революционна Македония. Преземено од: http://sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=336:2011-09-13-16-56-59&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61
[1393] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1-2, Год. II, септември - октомври, София, 1946, 56.
[1394] Исто, 57.
[1395] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 369.

Искажувањето на Макдермот се потврдува од неколку извори. Во тој правец е искажувањето на „Конституциона зора“ кој на своите страници изразила скептицизам за предлогот за единство помеѓу двете фракции, посочувајќи дека меѓу оние кои повикале на единство имало личности кои никогаш не учествувале во Организацијата и се обидувале да ја искористат за свои цели. Според весникот, разликите не биле во поединците, туку во политиките кои ја поделиле Организацијата, и дека овие разлики се уште се исти како и во минатото.[1396]

Според Ангел Томов, бугарските клубови во Османлиската империја бил политичка формација која пред се ги изразувала политичките стремежи на егзархиската интелигенција и националистичката десница на ВМРО. Таа била творба на оние средини кои стоеле на чело на споменатата десница и која била под влијание на бугарската влада и двор.[1397] Главен организатор и раководител бил Тома Карајовов, близок до Фердинанд и бугарската влада, а негови блиски соработници биле д-р Руменов, д-р Владов, Матеј Геров, Никола Ризов и др. Ангел Томов исто така забележува дека врските со бугарските кругови во Софија му овозможиле на Карајовов да биде избран едногласно за претседател на конгресот, а потоа и раководител на партијата. Уште пред извршувањето на младотурскиот државен удар, средината од која произлегле бугарските конституциони клубови водела политика за подготовка на Македонија за присоединување кон Бугарија.[1398] Оттука, политиката на клубовите била во противречност со стремежот на младотурците за реформирање и зачувување на Османлиската империја. Според Ангел Томов, зад овие легални политички дејци стоеле нивните инспиратори и повисоки раководители од десницата на чело со Христо Матов и неговите соработници, од кои Тодор Лазаров бил избран за член на раководното тело на сојузот.[1399]

Печатен орган на клубовите бил весникот „Отечество“ редактирано од Ефтим Спространов, Данаил Крапчев и Матеј Геров.[1400] По создавањето на бугарските клубови, главната цел на неговите раководители била попречувањето на закрепнувањето и развојот на Народната федеративна партија.[1401] Димитар Влахов забележува дека голем дел од средната буржоазија во Скопскиот и особено во Битолскиот округ биле на страната на конституционите клубови. Тој исто така забележува: „Ние немавме скоро никакви приврзаници во тие краишта на Македонија. Во Битолскиот округ немавме човек кој да застане на чело на НФ партијата и да ги објасни вистинските цели кои ние ги следевме... Се случи и нешто куриозно: Луѓето кои се наоѓаат најдалеку од Бугарија ја идеализираат положбата во самата Бугарија, а и под влијание на големата македонска емиграција која се наоѓаше во Бугарија главно од тие краишта - Охрид, Битола, Прилеп, Велес, Скопје, Штип, Тетово, Кичево и др., мечтаеја Македонија да се присоедини кон Бугарија“.[1402]

Во 1909 година започнува да излегува весникот „Отечество“ како орган бугарските клубови во Османлиската империја. „Отечество“ бил националистички, ја критикувал политиката на младотурскиот комитет, се спротивставил на мухаџирската политика и барал земја и покровителство за безимотното егзархиско чифлигарско население.[1403] Весникот водел силна кампања против меарифските учители.[1404]

---

[1396] Mercia MacDermott, For freedom and perfection..., 370.
[1397] Македонска мисъл; Месечно списание, орган на Македонския научен институт, Кн. 1-2, Год. II, септември-октомври, София, 1946, 55.
[1398] Исто, 55.
[1399] Исто, 57.
[1400] Исто, 60.
[1401] Исто, 56.
[1402] Димитар Влахов, Мемоари…, 81.
[1403] Сборникъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ..., 248.
[1404] Исто, 248.

На страниците на „Отечество“ Данаил Крапчев објавил повеќе статии во кои меѓу останатото истакнал дека колосална е заблудата, македонското прашање да се поврзува со цркви и гробишта.[1405] Во своите статии, Крапчев исто така со осврнал на весникот „Народна волја“ и публикуваната „Петиција од селаните чифлигари во Македонија“.[1406] Според Крапчев пред да се постави аграрното прашање требало да се создадат гаранции за личната слобода.[1407] Според него аграрното прашање можело да се реши само доколку селското население се организира и кога демократијата ќе располага со реална сила.[1408] Според Крапчев, централната задача била демократизирање на државниот апарат, осигурување на политичките и човечките права на граѓаните.[1409] Аграрното прашање ќе се реши кога народот во Македонија ќе стане вистински суверен.[1410] Крапчев исто така ја критикува просветната дејност на Јане Сандански и неговите приврзаници. Според Крапчев, санданистите ја „продаваат нашата (бугарска б.н) идна културна автономија“ затоа што настојувале училиштата да бидат во рацете на меарифите, институт кој со текот на времето ќе започнел со назначување на учители кои во душите на децата ќе всадувале турски шовинистички идеали.[1411] Според Крапчев, Јане Сандански самостојно во Серскиот округ назначувал и преместувал учители, и од името на турските училишни власти им определувал плата, разделувала пари и препорачувал да станат меарифски. Според Крапчев, санданистите ги сечеле корените на училишната самоуправа и тие биле културни реакционери, затоа што „културата се развивала врз основа на мајчиниот (бугарски б.н) јазик“.[1412] Крапчев во својата статија „Што прави Егзархијата?“ повторно се навратил на меарифското прашањето.[1413] Според него, во интерес на нашата (бугарска б.н) културна автономија се потребни протести од страна на Егзархијата.[1414] На крајот нека знаат егзархиските кругови, дека училишната дејност на санданистите во Серско се делумно безумна реакција на запазената и до денес клерикална олигархија во нашето културно дело.[1415]

Искажаните позиции на Крапчев во „Отечество“ ги одразувале погледите на Бугарските клубови по младотурскиот државен удар. Крапчев се залага за легална и културна дејност со цел конечно кристализирање и одделување на бугарскиот народ во Македонија. Во суштина тоа е истата егзархиска црковно-просветна пропаганда која имала за цел пробудување и развој на бугарското национално чувство кај Македонците. Крапчев бил умерен во однос на дејноста и бил критички настроен кон новото четничко движење, затоа што сметал дека четите ќе ја попречат дејноста на бугарските клубови. Меѓутоа, кога Крапчев увидел дека не е возможно извојување на бугарска културна автономија во Македонија почнал да го издава и редактира весникот „Вардар“, неофицијален орган на групацијата околу Матов и Тодор Александров. Својот вистински поглед за иднината на Македонија, Крапчев го претставува на 24. IV. 1915 год. во весникот „Прапорец“ истакнувајќи: „Од Македонија Бугарија никогаш нема да се откаже; порано или подоцна, на еден или на друг начин таа ќе стане неразделен дел од нашата (бугарска б.н) држава. За неа се дадени огромни жртви; ако требат нови, ќе се дадат и такви, кога тоа ќе биде возможно и целесообразно“.[1416]

---

[1405] Данаилъ В. Крапчевъ; Изминатъ пать; 1906-1936; сборник със статии, 11.
[1406] Исто, 16.
[1407] Исто, 18.
[1408] Исто, 19.
[1409] Исто, 19.
[1410] Исто, 20.
[1411] Исто, 37.
[1412] Исто, 39.
[1413] Исто, 41.
[1414] Исто, 41.
[1415] Исто, 42.
[1416] Исто, 72.

Во почетокот на 1910 година, Христо Матов ја засилува агитацијата за остварување на својата цел, пред која имало неколку препреки. Во тој правец е неговото писмо од 11.I.1910 год. до Георги Василев. Во споменатото писмо, Христо Матов истакнува: „Секогаш најмногу патело македонското дело од најгоре и најдолу: од кнезот и од социјалистите. Две фатални влијанија од Бугарија ја тормозеле Организацијата: врховистичкото течение – влијание од најгоре и социјалистичкото влијание од најдоле. Кој од тие фатални влијанија било пофатално, историјата ќе реши... По прашањето за војна секогаш трогателно единство постоело помеѓу кнезот и социјалистите: тој е против, тие се против... тој поаѓал од друго стојалиште, социјалистите – од друго. Туѓинец по раѓање, туѓинци по идеи... Сите бугарски влади експлоатирале со Македонското дело. И која опозиција не експлоатирала со него? Социјалистите како вечна и крајна опозиција – најмногу. Никогаш социјалистите не се компромитирале, не се посрамотиле толку, колку во последно време. Нема ли да се најде еден мајчин син – социјалист да стори се, за да се создаде едно свесно течение меѓу социјалистите за Македонското дело... И не мислите ли, дека Вие имено сте најгоден за таа работа?“

На 12.II.1910 год. Христо Матов повторно испратил писмо до Георги Василев во кое истакнал: „За нашата кауза би било многу добро покрај сегашните два весника „Вечерна пошта“ и „Дневник“ да има уште еден – два: Радевиот и еден друг, каде Вие ќе пишувате од социјалистичко становиште како противтежа на „Камбана“. Во смисла: Од социјалистичко становиште едно правилно и брзо – со војна – разрешување на македонското прашање е правиот пат. Со кои социјалисти тука би било возможно да се разбереме не за да ни помогнат, барем за да се неутрализира.... камбанарско – социјалистичката турска и предавничка политика по македонското прашање? Набројте ми неколку големи и ситни работници?“[1417]

Поврзаноста на Григор Василев со Христо Матов и десницата, предизвикала реакција кај бугарските социјалисти. Во тој правец е и информацијата на весникот „Глас“, дека социјалистите во Софија на неколку собранија го разгледале неговото поведение. Григор Василев бил обвинет дека партиските погледи ги заменил со националистички дух, пропагирајќи агресивна бугарска надворешна политика. Според „Глас“, Василев со цитати од делата на Маркс, Енгелс, Кауцки и др., го докажал својот став дека една социјалистичка партија може да биде и националистичка, а собранието одлучило дека Василев е невин.[1418]

Христо Матов решавањето на македонското прашање го гледа во војна помеѓу Бугарија и Османлиската империја и ако внимателно се анализира неговите искажувања во писмата до Георги Василев, може да се заклучи дека Христо Матов во бугарските социјалисти и Фердинанд гледал како на пречка на посакуваната војна. Оттука, Матов се обидува да го придобие Георги Василев и некои други социјалисти кои требало да започнат една агитација сред социјалистичката средина за прифаќање на идејата за војна со Османлиската империја. Од друга страна, Фердинанд и бугарската влада требало да се убедат на друг начин. Во тој правец е информацијата на „Дебарски глас“ од 10.IV.1910 год. од која дознаваме дека старите македонски дејци решиле да ја возобноват револуционерната организација и дека министрите Малинов и Такев добиле заканувачки писма, во кои им било кажано да не го попречуваат возбновувањето на организацијата, зошто ќе бидат убиени.[1419] За овие случувања, Туше Влахов вели дека агресивно-шовинистичките средини во Бугарија трескавично се подготвуваа за остварување на своите хегемонистички планови. Влахов исто така вели дека било нужно „само да се доврши обработката

[1417] През 1911 г. Христо Матов громи туркофилската политика на буржоазната опозиция и управляващите в България. http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=975:im&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

[1418] Гласъ; политико – обществнъ, научно – книжовенъ и духовен вѣстаникъ, 19 февруарий 1911, Брой 18, 2.

[1419] Дебърски гласъ, органъ на Дебърскитѣ просвѣтителни дружби въ България, Година II, 10 априлъ 1910 год, Брой 2, 4.

на народот во духот на агресивниот шовинизам, да се создаде неопходното расположени за војна“.[1420]

Во тој дух биле магарешките атентанти организирани од групата околу Христо Матов и Тодор Александров. Притоа во товарот на магарето, била поставувана адска машина и на пазарен ден било пуштано магарето на пазарот во одреден град. Жртви на атентатите биле купувачите и продавачите – муслиманите и христијаните. После секој атентат, Турците го напаѓале невиното население. Такви атентати биле извршени во Штип (ноември 1911 г.) и Кочани (јули 1912 г.). Во двата града по атентатите, биле убиени стотина невини македонски христијани. Тодор Александров се залагал за атентат и во Кукуш, меѓутоа кукушките чорбаџии успеале да го разубедат давајќи му 1 200 лири. Александров замислениот атентат го извршил во Дојран.[1421] Туше Влахов исто така истакнува дека масакрите во Македонија биле добредојдени за целите на великобугарските шовинисти, а страниците на бугарските весници биле полнети со „подробни описи на турските ѕверства и сосипаа огин и сулфур по адреса на анадолските тирани“.[1422] Исто така во Бугарија биле организирани митинзи на кој ораторите ја повикале бугарската влада и народот во војна со Турција. За овие настанати, Туше Влахов вели дека бугарските граѓани не биле добро запознаени со организираната монтажа, прифатиле се и биле подготвени за војна.[1423]

Непосредно пред магарешките атентати, во октомври 1911 година излегол првиот број на весникот „Вардар“, како неофицијален орган на групацијата околу Христо Матов и Тодор Александров. Во својот прв број, „Вардар“ изјавил дека негова задача е морална поткрепа на таа организација.[1424]

Во „Вардар“ свои статии објавувале Христо Матов, Григор Василев, Петко Пенчев, Христо Силјанов, Асен Цанков и др. Христо Матов кон својата група успеал да ги придобие социјалистите Григор Василев и Асен Цанков. Василев ја објавил статијата „Автономија на Македонија“ во која истакнал дека македонското или турското прашање може да се реши единствено преку автономија.[1425] Асен Цанков ја објавил статијата „Европа и Турција“, во која забележал дека за социјалдемократите правото на национална автономија е еден свет принцип. Секоја нација има право слободно да суштествува и да биде господар на сопствената судбина. Според Цанков, балканската конфедерација била возможна само врз почвата на автономија на одделните национални единици.[1426] Во својата статија, Цанков ги критикува погледите на Крсто Раковски, кој истакнувал дека ако се побарало автономија за Македонија тоа би значело војна со Турција.[1427] „Вардар“ бил критички настроен кон сите оние кои се залагале за зачувување на интегритетот на Османлиската империја и решавање на македонското прашање го гледале преку дијалог со младотурците и политички средства.

„Вардар“ во својот трет број започнал со објавување на брошурата „Пропуштени случаи“ од Христо Матов, во неколку продолженија.[1428] Според Матов, поважни пропуштени случаи биле во 1897, 1903, 1906, 1909 и 1911 година, а најголемата одговорност паднала врз официјална Бугарија. Матов забележува дека бугарските државници пропуштиле удобни случаи за решавање

[1420] Туше Влахов, Кукуш и неговото минало..., 239.
[1421] Исто, 239.
[1422] Исто, 239-240.
[1423] Исто, 240.
[1424] Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ, Година I, София, Сѫбота, октомври 1911, Брой 1, 1.
[1425] Исто, 1.
[1426] Исто, 3.
[1427] Исто, 3.
[1428] Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ, Година I, София, Понедѣлникъ, октомври 1911, Брой 3, 1.

на македонското прашање со ефикасното државно средство – војната.[1429] Во сите наброени години, Бугарија останала пасивна и не искористила ниту еден благопријатен момент, односно не и објавила војна на Турција. Преку брошурата и весникот „Вардар“, Христо Матов отворено го пропагира својот концепт за решавањето на македонското прашање – војна помеѓу Бугарија и Турција.

„Вардар“ бил особено критички настроен кон Крсто Раковски и „Напред“.[1430] Раковски по средбата со луѓето од Централниот младотурски комитет објавил еден документ кој бил во форма на писмо испратено до Тодор Александров, најверојатно запленето од турските власти. Писмото било објавено во „Напред“ и во него се гледала поврзаноста на Тодор Александров со бугарските кругови.[1431] „Напред“ и претходно објавил слични обвинувања до Александров.

„Вардар“ застанувајќи во одбрана на Александров го преставува како скромен член на Организацијата истакнувајќи дека младотурците сакале да го компромитираат Тодор Александров и да го претстават како орудие на началникот на тајната полиција во Софија – Белев.[1432] Раковски исто така ги именувал привrзаниците на Александров како псевдореволуционери,[1433] за да покаже дека зад нив стоеле бугарските кругови. Меѓутоа идните настани, вклучително и останатите извори, покажале дека обвинувањата на Раковски и „Напред“ биле вистинити. Слични обвинувања испратил и „Емброс“, забележувајќи дека врските помеѓу революционерната организација и официјална Бугарија се познати на сите.[1434]

По атентатот во Штип и насилствата на Турците врз христијаните, „Вардар“ започнал една кампања со цел да се распламтат страстите. Ако внимателно анализираме, станува збор за многу добро обмислена стратегија. Атентатите во Македонија имале за цел да предизвикаат дејствија против христијаните. Организаторите на атентатите многу добро знаеле, ако се земат во предвид Солунските атентатите и масакрот врз христијаните, како муслиманите ќе постапеле. Насилствата врз христијанското население биле посакувани и очекувани. Од друга страна, насилствата извршени од муслиманите во Бугарија биле искористени како средство за притисок врз бугарската влада. Не можеме да не се посомневаме дека станува збор за една координирана дејност: д- р Владов во Софија, Тодор Александров во Македонија, статиите на Христо Матов во „Вардар“ и др.

Не случајно, Крсто Раковски во „Напред“ вели дека „Вардар“, а пред него и Христо Матов се пофалиле, дека биле инспиратори на атентатите. Според Раковски, слична постапка направил и Григор Василев во „Камбана“ и „Вардар“,[1435] односно дека атентатите во Македонија биле инспирирани од Бугарија. Во „Напред“, Раковски повторно го обвинил Тодор Александров истакнувајќи дека ако весникот „Мир“ сака „подобро да знае кој ги организира атентатите, нека се присоедини кон нашето барање да се анкетираат делата на Белев, софискиот јатак на Тодор Александров“.[1436]

За дејноста на Христо Матов и неговите привrзаници, Георги Поп Христов истакнува: „Јас го знаев неговиот став, што честопати го имав слушано да го повторува во неговите говори:

[1429] Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ, Година I, София, Понедѣлникъ, октомври 1911, Брой 3, 1.
[1430] Раковски бил редактор на Напред.
[1431] Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ, Година I, София, октомври 1911, Брой 5, 4.
[1432] Исто, 4.
[1433] Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ, Година I, София, декемврий,1911, Брой 9, 3.
[1434] Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ, Година I, София, ноемврий,1911, Брой 8, 3.
[1435] Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ, Година I, София, декемврий ,1911, Брой 12, 2.
[1436] Исто, 2.

Слободата на Македонија ќе дојде по една воена интервенција“.[1437] За последиците од оваа концепција, Георги Поп Христов вели: „Тогашните шефови на ВМРО, Тодор Александров, Александар Протогеров и други, наместо да извлечат поуки од Балканската војна, којашто освен поделба не и донесе ништо на Македонија, одново го измешаа македонското прашање со бугарската политика, па дури отидоа подалеку вршејќи притисок врз тогашната бугарска влада да се определи и во војна да влезе на страната на Централните сили - Германија, Австрија и Турција. Најголема вина, ако не и грев, имаат нашите македонски видни фактори, кои и дадоа поддршка и можност на владата на Радославов-Тончев, Бугарија да се определи и да заземе страна“.[1438]

[1437] Зоран Тодоровски, Георги Поп Христов…, 248.
[1438] Исто, 252.

# ЗАКЛУЧОК

**1.** Социјализмот како идеологија започнува да се оформува со делата на социјалистите-утописти Сен-Симон, Роберт Овен и Етјен Кабе. Тие во суштина се основачи на една левичарска идеолошка традиција која е критички настроена кон општествениот поредок и либералната идеологија кои настанаа со революцијата од 1789 година. За разлика од Хегел, утописти сметале дека Француската револуција не е крајот на општествената еволуција. Утопистите тврдеа дека Француската револуцијата во суштина не го менува општественикот поредок бидејќи воспоставаната слобода е само привидна. Тие тврдеа дека се создава нова поделба на господари и робови, која нема општествено-политичка, туку економска основа.

До средината на 19 век, не може да се направи разграничување помеѓу социјализмот и анархизмот, затоа што се уште не се одделени како посебни идеологии. Појасна дистикција може да се направи со појавата на теориите на Родбертус и Карл Маркс од една страна, Прудон и Бакунин од друга страна. Меѓутоа и понатаму постои меѓусебно оптштење помеѓу овие левичарските теории. помеѓу анархизмот и марксизмот. Некои од приврзаниците на социјализмот не можеле да постават граница помеѓу социјалистичките и анархистичките теории, како на пример Вилијам Морис. Се додека социјалистите протестирале против постојната општествена состојба, анархистите и социјалистите воделе идентична битка, и честопати дејствувале како сојузници. Заедничка карактеристика на сите анархистички мислители е негирањето на државата, меѓутоа постојат разлики, во смисла со какви средства ќе биде укината државата и на каков начин ќе биде организирано идното општеството кое ќе ја замени државата.

Во втората половина на 19 век, во Русија се појавуваат нихилизмот и народништвото. Нихилизмот наликува на анархистичката идеологија, но има свои особености. Во текот на 60-те и 70-те години на 19 век се појавува народништвото (во смисла блиска до народот), а негови основоположници се Александар Херцен и Николај Чернишевски. Врз основа на народничките идеи во Русија се создаваат организацијата Земја и слобода, подоцна од неа ќе произлезат организациите Народна волја и Слобода или смрт. Народна волја е првата организација која во пракса ја спроведува максимата - пропаганда со дело и членовите на оваа организација извршија серија на атентати врз претставниците на руската држава.

Првите социјалистички идеи во балканските земји пристигнуваат од Русија и првите пионери на левичарските идеи се руски ученици. Светозар Марковиќ е еден од најважните социјалистички мислители на Балканскиот полуостров во втората половина на 19 век. Тој е под влијание на идеите на Маркс, Прудон, Ласал, Фурие, Спенсер и Николај Чернишевски. Марковиќ допринесува за популаризирање на Чернишевските идеи во Србија и пошироко. Во доцниот 19 век, сентименталните социјалистички идеи на Васа Пелагиќ се прошириле во неколку балкански држави. Пелагиќ го критикува постојниот поредок и пропагира социјално ослободување и еднаквост.

Левичарските идеи во Бугарија се распространуваат од бесарапската и руската интелигенција, а меѓу неа имало и приврзаници на нихилизмот. Во текот на 80-те години на 19 век, во Бугарија анархизам се соединил со идеите и теории на народништвото, радикализмот и социјализмот. Евтим Дабев е првата личност во Бугарија која отворено ги пропагирала социјалистичките идеи, а во овој период се појавува и сиромахомилството на Спиро Гулапчев кој бил под влијание на рускиот нихилизам, народништвото, идеите на Писарев и др. Меѓу пионерите на бугарскиот социјализам може да се вбројат: Димитар Благоев, Никола Габровски, Крсто Раковски, Георги Кирков, Јанко Саказов, Васил Коларов, Димитар Нејков, Никола Сакаров и др.

Грчкото социјалистичко движење започнува во 90-те години на 19 век со дејноста на Платон Дракулис и Ставрос Калергис, а во 1890 година се формира Централното социјалистичко друштво. Во 1893 година се формирано Социјалистичкото братство, а во овој период било создадено и друштвото Армагедон, со изразено христијанско-социјалистички верувања.

Во втората половина на 19 век, балканските социјалисти и анархисти ја пропагираат идејата за балканска федерација или конфедерација. Меѓу приврзаниците на оваа идеја може да се вбројат Љубен Каравелов, Христо Ботев, Светозар Марковиќ, Пера Тодоровиќ, Пол Аргиријадес, Спиро Гулапчев, Димитар Благоев и др. Идејата за балканска федерација во себе го вклучува и принципот за оформување на Македонија како независна држава, затоа левичарите од социјалистичка и анархистичка провиниенција се првите кои ја пропагираат идејата за Македонија како одделен политички субјект.

**2.** Македонското револуционерно движење се создава во сложени внатрешни и надворешни и услови, кога околните балкански држави манифестираат територијални претензии кон Македонија. Во овие околности созревала младата македонска интелигенција која станува главен носител на револуционерната борба и идејата за независна македонска држава. Идејата за организирана револуционерна дејност во Македонија за прва пат се искажува од Македонското студентско друштво (МСД) во Софија кон крајот на 1890 година. Во втората половина на 1891 година во Софија се формира Младата македонска книжевна дружина (ММКД), во нејзиното формираме учествувале и членовите на МСД кои останале во Бугарија. ММКД започнува со издавање на списанието „Лоза“. Создавањето на Младата македонска книжевна дружина може да се земе како дата за појава на организираниот македонски национализам.

Македонската револуционерна организација (МРО) се основа во Солун од страна на: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров и Христо Батанџиев. Основачите решаваат во уставот да се запише дека целта е автономија, меѓутоа повеќе извори потврдуваат дека Организацијата се стреми за создавање на македонска држава која би можела да влезе во рамките на една балканска федерација. Основната организациска мрежа се воспоставува до 1896 година.

Македонската емиграција во Бугарија претставувала полезен фактор за развојот на македонското револуционерно движење. Македонската емиграција започнува да се организира во здруженија, братства, организации, комитети и слично. Некои од нив имале заемнопомагателен карактер, други културно просветен, а трети револуционерен. Некои се залагале за присоединување на Македонија кон Бугарија, други за примена на членот 23 од Берлинскиот договор, трети за автономија на Македонија во рамките на Османлиската империја, четврти за оформување на Македонија како одделна држава, а некои и за балканска федерација со Македонија како рамноправен член. До поголемо организирање доаѓа со обединување на македонската емиграција во рамките на Македонскиот комитета (МК). Според одлуките на конгресот, целта на македонските друштва е придобивање за населенијата во Македонија и Одринско полна политичка автономија.

Васил Главинов во Софија ја основа Македонската работничка социјалистичка група (МРСГ) која започнува самостојно да развива пропагандна дејност. МРСГ својата идеологија јасно ја образложува истакнувајќи дека се залага за македонска држава која би можела да влезе во рамките на една балканска држава. Во почетокот на 20 век, МРСГ создава свои ограноци во Македонија и започнува со пропагирање на социјалистичките и анархистичките идеи.

Македонската револуционерна организација со својата дејност ги раздвижува бугарските и пробугарските кругови во Македонија, а од нивната контрадејност ќе произлезе Бугарското тајно

револуционерно братство (БТРБ). Стремежот на Братство да биде втора револуционерна организација во Македонија нема за цел засилување на македонското движење, напротив се појавува како ретрограден фактор.

Кон крајот на 1897 год. или почетокот на 1898 год. во Женева се создава Македонскиот таен револуционерен комитет (МТРК), познат и како Женевска група. Неговите членови биле анархисти и социјалисти, а МТРК се залага за полна независност и најширока слобода за македонскиот народ.

**3.** Терминот „социјализам“ кон крајот на 19 век има многу еластично значење и внимателната анализа на историските извори не донесе до заклучок дека социјализмот кај македонските револуционери е една левичарска идеологија која се оформува под влијание на социјалистичките, анархистичките, народничките и другите радикални идеи, затоа во оваа идеологија се сретнуваат принципите на децентрализацијата, федерализмот, републиканизмот, директната демократија и др., многу спротивни и различни од идеите на марксизмот.

Во развојот на македонско револуционерно движење, учествуваат голем број на социјалисти и анархисти, кои се истакнуваат како раководители, војводи, организатори и сл. Левичарите од социјалистичка и анархистичка провиниенција влијаат во обликувањето на македонската револуционерна идеологија. Повеќе извори го потврдуваат влијанието на социјализмот, анархизмот, народништвото, рускиот нихилизам и др во македонското движење. Левичарските идеи силно влијаат врз обликувањето на повеќе македонски револуционери, меѓу нив може да се набројат: Даме Груев, Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров и Јане Сандански.

Левичарите се пројавуваат како природни сојузници на Македонската револуционерна организација и поради своите погледи за македонското прашање, социјалистите и анархистите честопати биле критикувани од страна на приврзаниците на идејата за Сан-Стефанска Бугарија. Нивното влијание во предилинденскиот период е особено видливо во борбата на ТМОРО против Иван Цончев и ограничувањето на врховистичкото влијанието во македонското движење. Меѓу нив биле Антон Страшимиров, Никола Харлаков, Димо Хаџи Димов, Михаил Герџиков, Павел Делирадев и др. Димо Хаџи Димов влијае врз револуционерно обликување на Јане Сандански и се пројавува како еден од главните идеолози на македонското револуционерно движење, неговото влијание е особено видливо во постилинденскиот период.

**4.** Револуционерно движење се овоплотува врз основите на македонскиот сепаратизам кој се пројавува во текот на 19 век, врз основа македонските општи нужности, сепаратизмот во Македонија се оформува како антиегзархиско движење кое е насочено против влијанието на Бугарската егзархија. Сепаратистичките тенденции соодветно место наоѓаат и во дејност на Младата македонска книжевна дружина во чии редови влегуваат: Петар Поп Арсов, Георги Баласчев, Георги Белев, Климент Караѓулов, Ефтим Спространов, Никола Дејков, Коста Шахов, Иван Хаџи Николов, Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Христо Матов, Наум Туфекчиев, Ангел Наумов и др. Постојат повеќе примери за изразениот сепаратизам на ММКД, а нејзините членови исто така прифатиле еден нов правопис и јазик којшто се печател во списанието „Лоза“. Пројавениот сепаратизам бил силно осудуван во Бугарија. Треба да се прави дистикција помеѓу националниот и политичкиот сепаратизам, а меѓу приврзаниците на политичкиот сепаратизам може да се вброи и бугарскиот социјалист Георги Бакалов. Македонскиот политичкиот сепаратизмот во Бугарија е творба на Трајко Китанчев, Димитар Благоев, Спиро Гулапчев и Коста Шахов. Нивните погледите биле критички пресретнати од приврзаниците на сан-стефанскиот идеал.

**5.** Солунскиот конгрес од 1896 година има особено значење во развојот на Македонската револуционерна организација и движењето, всушност со овој конгрес започнува нов стадиум кои се карактеризира со една тенденцијата за проширување и зацврстување на револуционерното движење преку изнаоѓање на сојузници. МРО настојуваа да создаде врски со сите групи во движењето врз принципот автономија за Македонија, како платформата за обединување. МРО стапува во контакт и остварува соработка со ВМК, социјалистичката група на Васил Главинов, Тајните офицерски братства, Женевската група, Гемиџиите и ерменските револуционери. МРО својата политика кон другите групи ја насочувала од потребите на ослободителната кауза.

Централниот комитет и задграничните претставници водени од потребите на движењето настојувале да го контролираат Врховниот македонски комитет. Оттука, комитетот на Борис Сарафов е творба на МРО. Уште во самиот зародиш, МРО има недоразбирања со проегзархистите. Организацијата е свесна за опасноста од овој судир и се обидува да ги придобие егзархистите на своја страна. Кон крајот на 1899 година се потпишан протоколот помеѓу МРО и БТРБ со кој се самораспушта на Братството и неговите членови се слеваат во редовите на МРО, притоа Иван Гарванов влегол во Солунскиот окружен комитет.

Од сите групи во движењето, социјалистичка група околу Васил Главинов е последна инкорпорирана во редовите на МРО. Задоцнетото вклучување на членовите на Македонската социјалистичка група во редовите на Организацијата е условено од повеќе фактори. Аферата со финансиските средства и лошите односите помеѓу Гоце Делчев и Васил Главинов воделе кон изолација на МРСГ. Од друга страна, МРО претендира да биде единствената сила во Македонија и сите останати групи требало да ги прифатат нејзините принципи. Формирањето на социјалистичките ограноци во Крушево, Битола, Велес и Скопје, како и социјалистичката агитација од страна на членовите на МРСГ биле без дозвола на Централниот комитет и задграничните претставници. Исто така членовите на МРСГ не го признаваат авторитетот на МРО и претендираат на самостојна активност како одделна групација. Инкорпорирањето на клоновите на МРСГ во Македонија се наложува од потребите на револуционерната кауза. Социјалистичката групата на Никола Петров Русински и Веле Марков влегла во редовите на МРО во март 1901 година, еден месец пред одржувањето Осмиот македонски конгрес на македонските братства во Софија. На овој конгрес, задграничните претставници се во сојуз со бугарските социјалистите кои ги заштитуваат интересите на Организацијата пред Иван Цончев.

По создавањето на Македонскиот таен револуционерен комитет, Организација пројавува интерес за оваа група. Гоце Делчев му препорачува на Симеон Радев да стапи во контакт со Михаил Герџиков во Женева. Во 1898 година, Герџиков како претставник на МТРК во Софија се сретнал со Гоце Делчев. Еден дел од членовите на МТРК ги прифаќаат принципите на МРО и се слеваат во нејзините редови, а од друга страна Мерџанов, Соколов и Манџуков воспоставуваат сојуз со Борис Сарафов и идеолошки влијаат врз оформувањето на Гемиџиите.

МРО во потрага по сојузници остварува соработка и со ерменските револуционери кои се приврзаници на социјалистичките и анархистичките идеи. Во 1893 година е направен првиот контакт од страна на Димитар Љапов - Гурин. Соработката на Димитар Љапов со Ерменците е одобрена од страна на Централниот комитет, кој бил заинтересиран за состојбата во ерменското револуционерно дело. Симеон Радев исто така соработува со ерменските револуционери. Во 1900 година, Радев започнува со издавање на весникот „L`Effort", кој имал за цел пропагирање на македонската слобода, со помош од ерменските револуционери.

**6.** Генералот Иван Цончев има силен авторитет меѓу офицерите, кои сметале дека Борис Сарафов како претседател на ВМОК, само ја чува претседателската позиција на генералот во ВМОК. Набргу, комитет се делил на две крила: сарафисти и цончевисти. Во подгреаната

атмосфера, Сарафов го свикува вонредниот Осми македонски конгрес на македонските друштва во Бугарија. Целата дилема околу приматот на двете офицерски групи на конгресот е решена од бугарската влада со апсењето на Борис Сарафов. По офицерскиот расколот, Делчев и Ѓорче Петров имаат намера да се избере комитет близок до принципите на МРО. Задграничните претставници се обраќаат за помош на лица кои не биле вклучени во револуционерното дело, луѓе од поидеалистички калап и за прв пат излегуваат со самостојна листа,На конгресот, Гоце Делчев ја претставува МРО, а социјалистот Никола Габровски успева да провлече една резолуција со која се гарантирана независноста на Организацијата. Новиот состав на Врховниот комитет е резултат на компромис.

Деветтиот македонски конгрес минува во целосна победа на Иван Цончев. Во новиот Врховен комитет, Стојан Михајловски ја задржува претседателската функција, меѓутоа главна фигура е Иван Цончев. Генералот откако го презема комитетот започнува со организирање и препраќање на врховистички чети во Македонија и МРО еднострано ги прекинува врските со Врховниот комитет. Многу видни социјалисти (Димо Хаџи Димов, Никола Харлаков, Вл. Димитров и др.) ги ставија во втор план партијата и доктрината и се впуштија со страст во таа борба. Најистакнати меѓу нив кои со перото и зборот се ставија на услуга на внатрешните, треба да се споменат А. Страшимиров и П. К. Јаворов. Тие заедно со социјалистот Хаџи Димов, Иван Кепов, Тома Карајовов и Никола Наумов се главните пера кои ја носат идејната и обичната полемика против врховизмот во весниците.

На Десеттиот македонски конгрес во рамките на поканетите друштва, МРО успеваа да провлече свои приврзаници, а меѓу нив се Никола Наумов, Тома Карајовов, Никола Габровски, Борис Сарафов, Владимир Ковачев, Георги Петров, Пејо Јаворов и др. Опозицијата го напушта конгресот и конституира нов Десетти редовен конгрес. Тие избираат одделен комитет на чело со Христо Станишев и Тома Карајовов, овој комитет бил на страната на МРО.

**7.** Во јануари 1903 година, солунските делегати ја донесуваат одлуката за востание и одлучуваат тоа да биде повсемесно и стратешко, без да се определи дата за негов почеток. На Солунскиот конгрес Гарванов ветува поддршка од Бугарија, која наводно ќе и објави војна на Турција, доколку востанието издржи барем две седмици.

За разлика од Солунскиот конгрес, прашањето за востанието многу попостојано се разгледува на софиските советувања организирани од страна на Задграничното претставништво. На советувањето се издиференцират две групации. Малцинската група е предводена од Христо Матов и Татарчев кои безрезервно ја застапуваат идејата на Централниот комитет за општо востание и мнозинството предводено од Ѓорче Петров и Гоце Делчев, кои се подржани од сите оние кои биле вклучени во борбата против врховистите. Прашањето за востанието се затвара во Солун помеѓу Гоце Делчев и Даме Груев кога се согласуваат за востание со четничко-партизански карактер.

Во формулирањето на начинот на дејствување, Гоце Делчев и Ѓорче Петров се под влијание на левичарските теории. Ѓорче Петров во текот на софиските советувања ја преставува идејата за перманентно востание. Според овој концепт, македонските револуционерни сили се самостоен политички субјект кои преку перманентното востание, состојбата во Македонија постојано ја држат затегната и ја негираат османлиската власт, а таквото перманентно делување во Македонија ги прави излишни политиканството и дипломатијата. Во теорија перманентното востание и овозможува на Организацијата да ја сочува својата независност, да се стреми кон реализирање на својата програма и да не се сообразува со надворешните фактори кои гонат цели туѓи за револуционерно движење.

Спротивната концепција во себе ги вклучувала политиканството и дипломатијата. Приврзаниците на идејата за масовно востание како пример ги имале ерменските настани, за нив востанието водело кон насилства врз христијанското население од страна на османлиските власти, надевајќи се дека тоа ќе ја поттикне Бугарија да и објави војна на Османлиската империја, што неминовно водело кон една поголема меѓународна криза на Балканот и вмешување на големите сили.

**8.** Периодот од крајот на 1903 година па се до општиот Рилскиот конгрес, октомври 1905 година е исполнет со бројни средби, советувања, околиски и окружни комитети.

За прв пат овие прашања биле разгледани во текот на зимата 1903-1904 година кога се одржале софиските советувања. Од овие советувањата произлегува „Директивата за идното устројство на Организацијата", со „Упатства кон Директивата", изработени од посебна комисија составена од Димо Хаџи Димов, Димитар Мирасчиев и Димитар Стефанов. Директивата била размножена и растурена во Македонија и одобрена од Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ.

Во постилинденскиот период, македонските револуционери се обидуваат да ја консолидираат МРО, меѓутоа полемиките и поларизацијата, кои започнуваат по Илинденското востание се продлабочуваат. Даме Груев еден од најзначајните личности се наоѓа на спротивна позиција од Пере Тошев и Ѓорче Петров. Ѓорче Петров соработува со Пере Тошев, Петар Поп Арсов, Јане Сандански и др. Тие се залагале за значајни промени во организациски поглед, прекинување на сите врски со која било бугарска влада и распуштање на тогашното Задгранично претставништво. Во декември 1904 година во македонското движење постојат неколку групи: една околу Борис Сарафов, кон која клонеле Ѓорче Петров, Васил Чакаларов, Ап. Димитров и др., другите околу Христо Татарчев и Матов, трета околу Даме Груев, четвртата била анархистичка, во која учествувале Петара Поп Арсов, Михаил Герџиков, Васил Пасков, Димитар Мирасчиев и други, групирани околу весникот „Револуционерен лист". Како одговор на компромисот на Даме Груев со Гарванов и Иван Цончев, на друга страна доаѓа до приближување помеѓу Борис Сарафов, Ѓорче Петров, Пере Тошев и Атанас Лозанчев. Недоразбирањата и идеолошките разлики биле очигледни во текот на окружните конгреси кои му претходеле на општиот Рилски конгрес.

**9.** Врз основа на искажувањата на Христо Силјанов настануваат именувањата на двете групи во македонското движење. Во минатото, историчарите ги именуваат како „левица" и „десница", а во поновата историографија се сретнуваат термините реформска и конзервативна група. Меѓутоа, споменатите групи во суштина не се ниту „левица", ниту „десница". Ова именување е резултат на идеолошката обоеност на историографијата во периодот помеѓу 1944-1991 година. Од друга страна, термините реформаторска и конзервативна не ја објаснуваат идеолошката основа на групите. Разликите не можат да се сведат само на прашањето за организациската поставеност, туку и во односите со Бугарија. Групациите имаат различни погледи за суштинската особина на револуционерното движење и неговата крајна цел, тоа може да се потврди со неколку извори.

Точното именување на првата група е македонско патриотско крило во рамките на кое егзистира македонска национална компонента. Групата има сопствено идеолошко-програмско разбирање за суштината на револуционерното движење и македонското прашање. Групата се состои од македонски патриотски дејци и револуционери од левичарска провениенција, претставувано од Петар Поп Арсов и Димо Хаџи Димов, а предводено од Јане Сандански, Ѓорче Петров и Пере Тошев. Македонското крило ги обединува сепаратистите и левичарите, а нивното сојузништво е природно бидејќи споделува идентични разбирања за иднината на Македонија. Наспроти нив е бугарското крило, кое на македонското прашање гледа низ бугарска призма,

олицетворено преку Христо Матов и се состои од лица кои отворено се бугарофили во културната и националната ориентација.

**10.** Општиот конгрес поради местото на одржување го добива името Рилски конгрес. Новите акти биле компромис на групите и сите направиле одредени отстапки. Серчани и струмичани направиле повеќе отстапки, со нивна согласност Соопштението до врховистите имало двосмислена форма, ја изоставиле одговорноста на Матов и Христо Татарчев, го амнестирале Борис Сарафов и гласале за општа амнестија. Даме Груев и неговите приврзаници ја прифаќаат децентрализацијата и демократизацијата во Организацијата, а Борис Сарафов во замена за својата амнестија ги подржува реформските принципи. Но една подлабока анализа укажува дека левица успеала да ги наметне своите погледи за суштинските прашања во македонското револуционерно движење - зацврстување на независноста и македонскиот карактер на движењето, а нејзиниот став за Бугарија доминира.

**11.** По конгресот, привзаниците на десницата започнуваат со дејност за поништување на рилските одлуки и засилување на своето влијание во редовите на МРО и движењето. На чело на нападите против левицата застанува Штипската револуционерна околија, предводена од Мише Развигоров. По негова сугестија, околискиот комитет започнува со издавање на весникот „Револуција“ за теорискиот спор со левичарите и за посочување конкретни начини за излез од кризата. Уредувањето му било доверено на Петко Пенчев. Појавата на „Револуција“, кој ги изразува погледите на десницата, преставува нова фаза во идеолошкиот судир. Весникот ги напаѓа одлуките донесени на општиот конгрес, а Петко Пенчев обвинува дека конгресот усвоил нова еретичка програма која ја нарекол интернационално еволуционерна наспроти наводно традиционалната национално револуционерна програма на Организацијата. На овие принципи се спротивставува Димо Хаџи Димов кој ја осудува „Револуција“, не поради неговата содржина, туку поради прекршувањето на дисциплината и единството во Организацијата, имено „Револуција“ бил објавена без согласност на високите органи на МРО. Во текот на полемиките помеѓу Петко Пенчев и Димо Хаџи Димов јасно се оцртуваат различните стојалишта. Левицата се залагала за еволутивна дејност, изразена преку бавна, тивка, културна и економска активност која треба да го оспособи македонскиот народ сам да ја извојува својата слобода, а десницата се залагала за брзо дејствување преку терористички акции и надворешна интервенција.

**12.** Во летото 1906 година започнуваат подготовките за вториот општ конгрес, меѓутоа на површина се појавуваат старите недоразбирања. Кон крајот на ноември 1906 година во Софија почнале да пристигнуваат делегатите од цела Македонија за одржување на претконгресните средби. Во текот на советувањата доаѓа до зближување и целосно слевање помеѓу привзаниците на покојниот Даме Груев, Иван Гарванов и Борис Сарафов, кои заемно си ги признале делегатите. Левицата на чело со Јане Сандански се упатува кон Рилскиот манастир, меѓутоа непосредно пред манастирот, Михаил Даев предизвикува инцидент во кој се убиени двајца месни врховисти. По овој настана, бугарската полиција го блокирала Рилскиот манастир, со што се оневозможува одржувањето на конгресот. Не одржувањето на вториот општ конгрес, преставува почеток на крајот на единствената македонска револуционерна ослободителна организација на целата територија на Македонија.

Веднаш по неуспешниот општ конгрес, десницата во Софија се конституира во советодавно собрание и одлуките на „наводното мнозинство“ се во духот на бугарската националистичка политика. Се препорачува активна борба против српските и грчките чети, репресалии против србоманството, гркоманството и грчкото население, пријателска и коректна политика со Бугарија и др. Со овие одлуки десницата се оддалечува од суштината на македонското револуционерно движење. Во почетокот на 1907 година, антагонизмот помеѓу двете групации добил нова димензија и својата кулминација ја достигнува кон крајот на годината. Во мај 1907

година, приврзаниците на Сарафов и Гарванов, со поддршка на бугарската полиција, во ќустендилско го разоружуваат Крсто Б'лгаријата и го спроведуваат во Софија. Јане Сандански и Христо Чернопеев јавно се поттикнувани од Петар Поп Арсов, а потајно од Пере Тошев и Ѓорче Петров, да донесат решение за ликвидација на Гарванов и Сарафов. Во август 1907 година се одржува конгрес на Серскиот революционерен округ кој е критички настроен кон бугарските власти обвинувајќи ги дека сакаат да го искористат македонското движење за сопствени интереси и поткопување на независноста на МРО преку предизвикувања на несогласувања во нејзините редови.

Во почетокот на ноември 1907 година се одржуваат неколку советувања на кои едно од главните прашања е односот кон Борис Сарафов и неговите приврзаници. Сите предлози за помирување биле одбиени од Јан Сандански, кои не се откажал од своите намери. Затоа Тодор Паница ги ликвидира Борис Сарафов и Иван Гарванов. Во текот на јануари 1908 година, „Илинден“ се судира со „Одрински глас“, кој го отфрла автономниот принцип, застанува против надворешната интервенција и странската контрола и ја подржал идејата за уставна Турција. Идејното формирање на групата околу „Одрински глас“ започнува со издавањето на зборник од статии во форма на „Одринско календарче“ за 1908 г. во кој се разгледуваат повеќе прашања. Групата околу „Одрински глас“ остварува контакти со струмичките революционери и Христо Чернопеев, како и со Ѓорче Петров и Антон Страшимиров. Истовремено групата одржува врски со редакциите на младотурските весници, но и со одделни ерменски револуционери во Турција.

Во март 1908 година во Ќустендилско се одржува поширок собир на претставниците на десницата, во историографијата познат како Ќустендилски конгрес. Составот на делегатите го сочинуваа идеолозите на десницата и нивните приврзаници. Собир не направил никакви измени на уставот, но значително интервенирал во правилникот. Најважните измени биле направени во однос на Централниот комитет и била проширена и неговата власт. Според весникот „Камбана“, конгресот преставувал само едно течение во организацијата, а неговата задача е да изнајде средства за уништување на другото течение, избирање на претставништво и земање на бугарски државни субвенции.

Во мај 1908 година во Банско се одржува заедничкиот конгрес на серчани и струмичани. Конгресот е отворен од Јане Сандански кои истакнал дека повеќе не постои обединета организација и таа е погребана од страна на предавниците. Едно од главните прашања е федеративната идеја која е образложена од Павел Делирадев. Делирадев повикал да се работи за создавање на голема источна федеративна република која ќе го отстранела националистичкиот антагонизам и ќе обезбедела услови за иден политички, економски и културен развој на сите балкански народи. За да се дистанцираат од пробугарската група, тие се конституирале во одделна организација под името Македоно-одринска револуционерна организација (МОРО).

**13.** Во почетокот на јули 1908 година во Солун, Битола и Сер се убиени неколку генерали, полковници и други приврзаници на Абдул Хамид. На 20.VII.1908 год. Нијази Бег - началникот на ресенскиот гарнизон се одметнува и влегува во врска со албанскиот револуционерен комитет во Корча кој му ветува целосна помош. Нијази Бег со 800 души влегува во Охрид и неговиот пример е проследен и од останатите офицери. На 23.VII.1908 год. младотурците во Битола, Скопје и Солун го прогласуваат уставот од 1876 година и султанот Абдул Хамид е принуден да го одобри.

Левицата како посебна политичко-идеолошка групација од тактички причини само привидно ја напуштила концепцијата за оформување на Македонија како независна држава и прифаќа соработка со младотурците со цел остварување на минималните програмски определби кои требало да обезбедат услови за идно самостојно суштествување на Македонија. Јавно се пропагирало зачувување и реформирање на Османлиската империја, меѓутоа потајно целта

останала иста - создавање на македонска држава. Промената во тактиката кај левицата е условена од опасноста која доаѓа од соседните балкански држави и нивните стремежи за поделба и освојување на Македонија. Македоно-одринската револуционерна организација постепено започнува да се легализира изјавувајќи дека е готова да се реорганизира и трансформира од конспиративна во политичка организација.

Левицата излегува со своја платформа, формулирана како Програма и Декларација на Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен комитет. Во овие документи левицата се изјаснува за демократизирање и децентрализација на Турција, отстранување на националните и класните привилегии, слободно самоопределување и организирање на нациите, автономија на провинциите, формирање на провинциски локални влади со определени државнички функции, создавање на источна федерација, праведно решавање на аграрното прашање и прогресивно оданочување, слобода на вероисповедта, зборот, печатот, собирите и здруженијата и др.

На 24.IX.1908 год. вечерта спроти закажаниот конгрес на левицата е извршен атентат врз Јане Сандански, со што се спречува конгресот, а Сандански извесно е оневозможен за јавна политичка активност. По атентатот се појавуваат разногласија во редовите на левицата, а како гласило на Струмичкиот револуционерен округ на чело со Христо Чернопеев се појавува весникот „Единство", чии главни соработници се Димитар Влахов, Павел Делирадев и Чудомир Кантарџиев. Во јануари 1909 година, се обединуваат трите окружни организации и започнуваат да го издаваат весникот „Народна волја", со фузионирање на „Конституциона зора" и „Единство".

Основачкиот конгрес на Народната федеративна партија (НФП) со својата работа започнува на 3.VIII.1909 год. и ја прифаќа и одобрува програмата на Народната федеративна партија, која се состои од неколку имало глави. По конгрес, „Народна волја" истакнува дека главниот принцип на партијата е организирање на работничките маси од народот во името на нивните блиски и подалечни интереси против монархизмот и национализмот, паразитските и експлоататорските слоеви, уставната реакција подржана и од самата организација Обединување и прогрес. Народната федеративна партија ги обединува групите кои постојат во левицата: серчани, струмичани, солунчани и групата околу „Одрински глас". Водач на серчани е Јане Сандански, а идеолозите на оваа група се Хаџи Димов и Петар Поп Арсов. Оваа група е носител на македонската патриостко-национална компонента во Народната федеративна патрија, а влијанието на Петар Поп Арсов е особено видливо во училишната програма на НФП. Оттука, македонската национална содржина станува составен дел од програмските определби на НФП кое може да се потврди од повеќе извори.

Во почетокот на јануари 1910 година се појавуваат гласини за нелегалната дејност на Христо Чернопеев. Во почетокот на 1910 година започнува отворен судир помеѓу групата на Димитар Влахов и групата на Јане Сандански. Во февруари 1910 година во Солун и Драма приврзаниците на Сандански одржуваат консултации за идната дејност и набргу потоа го објавуваат „Апелот до другарите и симпатизерите на Народната федеративна партија. На 8.V.1910 год. во Солун заседава конгресот на фракцијата на Сандански и го разгледува прашањето за спорот во НФП. Откако биле испратени обвинувања до централното биро на федеративната партија, конгресот решил да не го поканува споменатото биро и била избрана комисија која требало да подготви една резолуција за односите и споровите во НФП. Според весникот „Нов век", на овој конгрес преовладувало мислењето да се формира нова партија независна од НФП.

По младотурскиот државен удар, македонската патриотско-социјална групација го продолжува судир со пробугарската група во македонското движење и бугарските шовинистички политички кругови. Бугарските кругови не можат отворено да дејствуваат против Османлиската империја и се решаваат за затскриен метод. Паприков во своите извештаи до Фердинанд, како

прва задача на бугарската влада, го предложил префрлање на што поголем број на Македонци во Македонија кои заедно со десницата требало да создадат една силна бугарска партија, која требало да ги одземе Струмичко и Серско од рацете на санданистите. По младотурскиот државен удар, десницата е во постојан контакт со бугарскиот агент во Солун. Во првите денови по младотурскиот државен удар, Петко Пенчев, Павел Христов и Георги Николов започнуваат преговори со дејците на МОРО со намера да постигне помирување. Преговорите биле водени од Христо Матов и Јане Сандански, а посредник бил Никола Наумов. Наумов ја изработил платформата за обединување која е прифатена од приврзаниците на Христо Матов, но се отфрла од Сандански. Според Григор Василев, постоеле големи разликите помеѓу Христо Матов и Јане Сандански околу прашањата за самоуправата и националното образование.

Основачкиот конгрес на Бугарските конституциони клубови се одржува во Солун. Водачите на клубовите, Карајовов, Пенчев и Владимир Руменов соработуваат со бугарската влада и имаат две тајни задачи, компромитирање на младотурците и ослабување на позициите на Јане Сандански и серчани. Бугарските клубови во Османлиската империја се политичка формација која пред се ги изразува политичките стремежи на егзархиската интелигенција и бугарофилската десница. Таа е творба на оние средини кои стоеле на чело на споменатата десница и која била под влијание на бугарската влада и двор. Главен организатор и раководител бил Тома Карајовов, близок до Фердинанд и бугарската влада, а негови блиски соработници биле д-р Руменов, д-р Владов, Матеј Геров, Никола Ризов и др. Печатен орган на клубовите бил весникот „Отечество“ редактирано од Ефтим Спространов, Данаил Крапчев и Матеј Геров. „Отечество“ ја критикува политиката на младотурскиот комитет води силна кампања против меарифските учители. По создавањето на бугарските клубови, главната цел на неговите раководители е попречувањето на развојот на Народната федеративна партија.

Во почетокот на 1910 година, Христо Матов ја засилува агитација за остварување на својата цел, пред која имало неколку препреки. Христо Матов решавањето на македонското прашање го гледа во војна помеѓу Бугарија и Османлиската империја. Во тој дух се магарешките атентанти организирани од групата околу Христо Матов и Тодор Александров. Такви атентати се извршени во Штип (ноември 1911 г.) и Кочани (јули 1912 г.). Во двата града по атентатите, биле убиени стотина невини македонски христијани. Александров замислениот атентат го извршил во Дојран. Непосредно пред магарешките атентати, во октомври 1911 година излегува првиот број на весникот „Вардар“, како неофицијален орган на групацијата околу Матов и Тодор Александров. Во „Вардар“ свои статии објавувале Христо Матов, Григор Василев, Петко Пенчев, Христо Силјанов, Асен Цанков и др. Христо Матов кон својата група успева да ги придобие социјалистите Григор Василев и Асен Цанков. „Вардар“ во својот трет број започнува со објавување на брошурата „Пропуштени случаи“ од Христо Матов, во неколку продолженија. Според Матов, поважни пропуштени случаи биле во 1897, 1903, 1906, 1909 и 1911 година, а најголемата одговорност паднала врз официјална Бугарија. Матов забележува дека бугарските државници пропуштиле удобни случаи за решавање на македонското прашање со ефикасното државно средство - војна

## ПРЕГЛЕД НА КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

### А) Документи


- До другаритѣ членове на околийскитѣ и окрѫжни комитети на Организацията. Изложение отъ болшинството делегати на обьщия конгресъ на Организацията. Цент. Държ. Истор. Архив, ЦПА.

- Два говора на Јане Сандански одржани на 17 јули 1908 година во Неврокоп за време на Младотурската револуција. Говорите се запишани на бел лист од двете страни. Листот бил чуван од Лазар Колчагов. Подоцна е подарен на историскиот музеј во Велинград, каде и се чува до денес, Исторически музей – Велинград – Инв. кн. № 806

- Документи за българската история, Томъ IV, Документи изъ турскитѣ дъжавни архиви, Част II (1863-1909), подбралъ Панчо Доревъ, Българската академия на наукитѣ, София, 1942

- Окръж. № 212 от 16.VII.1903 год. на Горското П. Началство на Охридската околия до дойводите на Охридската околия. НБКМ, БИА, Фонд 583

- Македония, Сборник от документи и материали, Институт за история, Институт за български език, София, 1978

- Македония и Одринско (1893-1904), Мемоаръ на Вѫтрѣшната Организация, 1904

- Позивъ - Къмъ другариѣ и съмишленицитѣ отъ Народната федеративна партия

- Историска вистина, Прогресивната оппттествена јавност во Бугарија и Пиринска Македонија за македонското национално прашање – документи, студии, резолуции, апели и публицистички прилози – 1896 – 1956, Култура, Скопје, 1981.

- Гоце Делчев Писма и други материали издирил и подготвил за печат Дино Кьосев отговорен редактор Воин Божинов (Изд. на Българската академия на науките, Институт за история, София 1967).

- Данаилъ В. Крапчевъ; Изминатъ пать; 1906-1936; сборник със статии.

- Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Погледи низ документи, Матица Македонска, Скопје, 2013

- Илинденско-Преображенското въстание 1903-1968, Отг. редактори: Дино Кьосев и Ламби Данаилов. Редактори на спомените: Йордан Анастасов, Тодор Браянов и Илия Славков (Издателство на Националния съвет на Отечествения фронт, София, 1968 г.)

- Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Преписка, т. 2, Култура, Скопје, 1972

- Сборникъ Илиндень 1903-1924, Въ паметь на голѣмото македонско възстание, Издава македонско студентско дружество Вардаръ, София, 1924

- Сборниъ Солунъ, Издание на възпитателит и възпитаницитеѣ отъ солунскитѣ български гимназииѣ, Печатница Художникъ, 1934

## Б) Весници

- Вѣсти; политико – обществнъ, научно – книжовенъ и духовенъ вѣстникъ

- Камбана, дневенъ народенъ вѣстникъ

- Политика.

- Революционенъ листъ; Вѫтрешна Македоно-Одринска Революционна Организациял

- Революционенъ листъ; Периодическо издание на ВМРО

- Вардар; Лист на Македонското студентско дружество Вардар

- Македония; Всекидневник за политика, културен живот и информация

- Бюлетинъ; на врѣменното прѣдставителство на обединената бивша вѫтрѣшна македонска революционна организация.

- Вардаръ; седмиченъ вѣстникъ

- Дебъръ

- Право; Орган на македоно-одринските интереси

- Право (1867-1873)

- Гласъ; политико – обществнъ, научно – книжовенъ и духовен вѣстаникъ

- Дебърски гласъ

- Дѣло

- Знаме

- Македоно-одрински куриеръ

- Новъ вѣкъ; органъ на народно-либералната партия

- Одрински гласъ

- Революция; Органъ на македонските революционери

- Юго-Западна България

- Прѣпорецъ

- Работническа искра; Заштитникъ на работническиѣ интереси въ Турция

- Бюлетинъ

## В) Списанија


- Slovanski svet

- Илюстрация Илинден

- Ново Врѣме; полумѣсечно списание на Българската социалдемокрация

- Сила; седмично списание за политика, обществен живот и литература

- Илинденски лист; издание на Ръководното тяло на Илинденската организация

- Гласник

- Илинденски пат; орган на народно – ослободителниот фронт на Македонија

- Лоза; месечно списание

- Македония; мѣсечно илюстровано популарно списание

- Македония (1926-1934)

Македонска мисъл; месечно списание, орган на Македонския научен институт

- Македонски прегледъ; списание за наука, литература и общественъ животъ

- Свято Дѣло; македонско списание

- Историјски часопис-Филозофски факултет, Департмант за историју, Ниш


## Г) Литература


- А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX – начале XX века – яаболко раздора на Балканах, Монографија, Российская академия наук, Институт российской истории РАН, Поволжский филиал, Негосударственное образовательное учреждение высшего профессионального образования Самарская гуманитарная академия, Самара, 2010

- Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians: A History, Stanford: Hoover Institution Press, 2008
- Arthur D. Howden Smith, Fighting the Turk in the Balkans, An American s Adventures with the Macedonian Revolution, G. P. Putnam s Sons New York and London, 1908

- Annie Besant, Why I am Socialist, 1886

- Annie Besant, Essays on Socialism, London, 1903

- Arthur John Booth, Saint-Simon and Saint-Simonism, A chapter in the history of Socialism in France, London, 1871

- Alexander Herzen, Selected fhilosophical works, Foreign languages publishing house, Moscow, 1956

- Албумъ Крушово, Крушовско благотворително братство, София

- А. Шоповъ, Изъ живота и положението на ългаритѣ въ вилаетитѣ, Пловдивъ, 1893

- А. Шоповь, Изь новата история на Българитеь вь Турция, Пловдивь, Търговска печатница, 1895

- Антонъ Страшимировъ, Диктаторътъ; Нови проучвания върху живота и личността на Стефанъ Стамболовъ, книга прва, София, 1935

- Антонъ Страшимировъ, Истината по положението въ Македония, Издание на Одрински Гласъ, София

- А. Раздоловъ, Бѫдащето на Балканския полуостровъ, Варна, 1914

- А. Томовъ и Г. Баждаровъ, Револуционата борба бъ Македония, Скопйе, 1917

- А. Б. Егзархията и Църковно-училищното дѣло въ Македония и Одринско, София, Печатница на П. Глушковъ и и С-ие, 1907

- Александар Цанков, Македонското прашање и Балканскиот сојуз, Матица Македонска, Скопје, 2008

- Allen Upward, The East end of Europe, John Murray, Albemarle Street, W., London, 1908

- Akcam Taner, A Shameful Act: The Armenian Genocide and the Question of Turkish Responsibility, Metropolitan Books, New Yorк, 2006

- Angold, Michael, O'Mahony, Anthony, ed., Cambridge History of Christianity, 5. Eastern Christianity, Cambridge University Press, 2006

- Блаже Ристовский, Димитрий Чуповский и македонское национальное сознание, ОАО Издательство „Радуга", Москва, 1999

- Блаже Ристовски, Крсте П. Мисирков, Одбрани страници, Мисла, 1991

- Боян Кастелов, Димо Хаджидимов; Живот и дело, Изд. на Отечествения Фронт, София, 1985

- Борис Николов; Марио Цветков; Васил Станчев; Иван Гарванов (1969 – 1907); Венча се за Македония, София, 1995

- Б. Б. Водонозовъ, На Балканахъ, Статьи. Путевые очерки., Изд-во „Огни", Петроградър, 1917

- Balkan Locarno and The Macedonian Question, Indianapolis, Indiana, 1928
- Бенедикт Андерсон, Замислени заедници; размислувања за потеклото и ширењето на национализмот, редактирано издание, Скопје, Култура, 1998

- Brus Hofman, Unutrasnji Terorizam, Narodna knjiga, Alfa, 2000

- William Graham, Socialism New and Old, D. Appleton and Company, New York, 1891

- William Graham, Socialism New and Old, D. Appleton and Company, New York, 1895

- William Hurrell Mallock, Socialism; A Series of lectures delivered at Columbia University Harvard University Johns Hopkins University, University of Pennsylvania, University of Chicago, 1907

- Вардарски (Петар Поп Арсов), „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“, превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев, Табернакул, Скопје 2006

- Василь Кѫнчовь, Орохидрография на Македония, Издава: Бьгарското книжовно дружество вь София, подь редакцията на проф. А. Иширковь, Пловдивь, печатница на Хр. Г. Даковь, 1911

- Васил Кѫнчовъ, Македония. Етнография и статистика, I изд. Бълг. Книжовно Д-во, София, 1900; II фототипно изд. Проф. М. Дринов, София, 1996

- Васил Кънчов, Град Скопие. Бележки за неговото настояще и минало – Сегашното и недавното минало на град Велес, Избрани произведения т. II, Издателство наука и изкуство, София, 1970

- Васил Кънчов, Пътуване по долините на Струма, Места и Брегалница. Битолско, Преспа и Охридско; Избрани произведения. Том I. Издателство „Наука и изкуство“, София 1970

- Васил Коларов, Пътят към катастрофата (1912-1913), 1919

- В. Н. Кораблевъ, Събитията въ Македония и Стара Сърбия, София, 1903

- Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или Смрт, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893 - 1903, Табернакул - Филозофски факултет, Скопје, 2003

- Ванчо Ѓорѓиев, Андон Јанев–Ќосето, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2016

- Ванчо Ѓорѓиев, Трајко Китанчев, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015

- Ванчо Ѓорѓиев, Атанас Лозанчев, Филозофски факултет – Скопје, Скопје,

- Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков - Кралот на Блатото, Државен Архив на Република Македонија-Македоника Литера - Скопје, 2013.

- Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Матица Македонска, Скопје, 1997.

- Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Тримакс - Филозофски факултет - Скопје, 2010.

- Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година за состојбите во Македонија и ВМОРО и бугарската политика кон нив, Историја, год. XXXIII, Скопје, 1997, број 1-2.

- Ванчо Ѓорѓиев, Односите помеѓу ТМОРО и бугарската влада на Константин Стоилов (1896-1898), Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот Св. Кирил и Методи – Скопје, книга 60, одделен отпечаток.

- В. И. Косик, Балканы: Порвалась цепь великая (середина XIX — начало XXI вв.), Институт славяноведения Российской Академии наук, Москва, 2014

- В. Б. Каширин, Русский политический сыск на Балканах в конце XIX-начале XX вв.: проблемы кадрового отбора, Российская Академия наук Институт славяноведения, В интеьере Балкан: Юбилейный сборник в честь Ирины Степановны Достаян, Москва 2010
- Will S. Monroe, Bulgaria and her people, With an Account of the Balkan Wars, Macedonia, and the Macedonian Bulgars, Boston, 1914

- George Plechanoff, Anarschism and Socialism, H. Kerr & Company, Chicago, 1909
- G. D. Cole, A History of socialist thought, Volume III, Part II, The Second international 1889-1914, St. Martin Press, New York, 1963

- Георги Трайчев, Градъ Прилѣпъ: историско - географски и стопански прегледъ, Печатница Фотиновъ, 1925

- Георги Трайчевъ, Духовни качества на македонскитѣ Българи, Печатница Родопи Т. Клисаровъ, София, 1928
- Г. Баждаровъ, Духътъ на Македония; Сборникъ отъ биографии и характеристики на македонски революционери, София, 1923

- G. F. Abbott, The tale of a tour in Macedonia, London, 1903

- Георги Боршуков, История на българската журналистика 1844 - 1877 &1878 - 1885. Второ допълнено издание. София, Наука и изкуство, 1976

- Годишник; Научен форум „Пловдиски приноси 2009“, Документи за дейци на национално-освободителното движение в Македония и Одринско във Фонда на регионален исторически музей – Пловдив, Пловдив 2009.

- Група автори, Создавањето на современата македонска држава, Македоника, 2014
Дд,

- Дончо Даскалов, Анархизмът в България, Университетско издателство Св. Климент Охридски, София, 1995

- Данчо Зографски, Македонски таен революционерен комитет и Отм’штение, Скопје, 1954

- Димитьр Благоев, Принось кнмь историяата на социализма вь Бьлгария, Партийната Социалистическа Книжарница, София, 1906

- Даниилъ Юруковъ, Размишления върху произхода на Българитѣ, София, 1926.

- Die Bulgaren in ihren historishen, ethnographischen und politischen Grenzen (Atlas mit 40 Landkaretn), D. Rizoff, Berlin, Wilhelm Greve, 1917

- Дим. А. Спировъ, Македония и нейнитѣ претенденти или Србия, Грция и Бугария за Македония, София, 1890

- Димо Хаджидимов, Доклад от Константин Пандев, Съюз на македонските култ. Просветни дружества в България, София, 1975.

- Д. Х. Димов, Македонското ослободително дѣло, Ломъ, Печатница на А. Н. Димитровъ, 1900

- Димо Хаџи Димов, Македонското прашање; избор, редакција и вовед Гане Тодоровски, Штрк, Скопје, 2002

- Димо Хаџи Димов, Одбрани дела, книга прва; избор, предговор и редакција Манол Пандевски, Култура, Скопје, 1984

- Далибор Јовановски, Грчки реакции за Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот Св. Кирил и Методи – Скопје, УДК: 94 (497. 7) 1903: 327 (495).

- Далибор Јовановски, Османлиска Македонија од 19 век во западните историски книги, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот Св. Кирил и Методи – Скопје, УДК: 94 (497. 7) 18: 930. 1 (4-15).

- Данчо Зографски, За македонското прашање, Мисла, Скопје, 1990.

- Данчо Зографски, За работничкото движење во Македонија до Балканските војни, Скопје, 1950.

- Димитар Димески, Гоце Делчев, Матица Македонска, Скопје, 2003.

- Две статии по македонския въпросъ; I. Сърбия и Македонціѣ (отъ сьръ Едуардъ Бойлъ, председател на балканския комитетъ въ Лондонъ); II. Македонскиятъ въпросъ (отъ К. Алемендинггеръ, сътрудникъ на военното списание Wissen und wehr – Berlin); Печатница П. Глушковъ, София, 1927

- Ѓорче Петров, Беседа за Гоце, Култура, Скопје, 2003

- Енциклопедия България, том 5, Издателство на БАН, София, 1986

- Енциклопедия Пирински края, Благоевград, том II, 1999

- Емилия Минева, Историко-философска мозайка от XIX век, Проектория, 2015

- E. Cabet, Cesta do Ikarie, Praha, Orbis, 1950

- Евгений Волков, Христо Ботев, превод от руски под редакцията на Михаил Попруженко, Боян Пенев и Михаил Арнаудов, Посвещава се на 160-годишнината от рождението на Христо Ботев, Издание на ФАБ, София 2009

- Елена Сателова; Андрей Пантев; Съединението на Княжеството България и Източна Румелия: 85 година, Издателство Просвета, София.

- Emile De Laveleye, The Balkan Peninsula, London, 1887

- Emile de Laveleye, The Socialism of To-day, Field and Tuer, the Leadenhall Press, E.C. Simpkin, Marshall & Company, 1885

- Edith Durham, The burden of the Balkans, London, 1905

- E. C. Robbins, Socialism, University of Michigan Library, Michigan, 1915

- Изследвания по история на Социализма в България 1891-1944, Център за исторически и политологически изследвания, София, 2008

- Ireland and the British Empire, Kevin Kenny, Oxford University Press, 2004

- История Югославии, Том I, Издателъство академии наук СССР, Москва, 1963

- Ив. Снѣгаровъ, Солунъ въ българската духовна култура; исторически очеркъ и документи, Придворна печатница, София, 1937.

- Ив. Иванов, Положението на Българитѣ въ Македония, София, 1895

- Историја на македонскиот народ, Институт за национална историја, Скопје, 2008

- Историја на македонскиот народ, книга втора, издава НИП Нова Македонија - заедница за издавачка дејност: книги, периодика и публицистика – Скопје, Скопје, 1969

- Иван Катарџиев, Борба до победа, том први, Мисла, Скопје, 1983

- Иван Катарџиев, Борба до победа, том четири, Мисла, Скопје, 1983

- Исаја Берлин, Четири есеи за слободата, Култура, Скопје, 2000

- Јован Скерлић, Светозар Марковић; Његов живот, рад и идеје; Издавачка књижарница напредак, Београд, 1922

- Йорданѣ Ивановѣ, Бѣлгаретѣ въ Македония; издирания и документи за тѣхното потекло, език и народностъ; съ етнографска карта и статистика, издание на Бѣлгарската академия на наукитѣ отъ фонда Напѣдѣкъ, Държавна печатницам, София

-Јане Сандански 1915-1975; Материјали од Научниот собир одржан на 3 и 4 ноември 1975 година во Струмица по повод шеесет години од убиството на Јане Сандански; Институт за национална историја, Скопје, 1976

- Йорданъ Бадевъ, Даме Груевъ; животъ и дѣло, София, 1943

- Karl Marx, Frederick Engels: Collected Works. Marx and Engels: 1864-68, Volume 20, Progress Publishers, 1985

- Јане Сандански и македонското ослободително движење; Ванчо Ѓорѓиев, Јане Сандански и посебноста на Македонија и Македонците; Македонска академија на науките и уметностите
- К. Кондовъ, Борбата на Македонеца; исторически очеркъ върху причинитѣ и развитието на революционното движение въ Македония, Габрово, 1903

- L. S. Bevignton, Anarchisam and Violence, Liberty print, London, 1890

- Larry Gambone, Pierre-Joseph Proudhon and Anarchism: Proudhon's Libertarian Thought and the Anarchist Movement, Libertarian Alliance, 2004,

- Libertarian Socialism Politics in Black and Red, by Alex Prichard, Ruth Kinna, Saku Pinta, David Berry**,** PM Press; Reprint edition, 2017

- Le Queux William, The Near East; The present situation in Montenegro, Bosnia, Servia, Bulgaria, Roumania, Turkey and Macedonia, New York, Doubleday, Page & Company, 1907
- Marcel van der Linden and Jürgen Rojahn, The Formation of Labour Movements 1870-1914 (2 vols.). An International Perspective, 1990

- Morris Hillquit, History of Socialism in the United States , Funk & Wagnalls Company, 1903

- Marc Leier, Bakunin: The Creative Passion, Seven stories prees, New York, 2009.

- Michael Gillespie, Nihilism before Nietzsche, Chicago, University of Chicago Press, 1995

- Mercia MacDermott, For freedom and perfection; The life of Jane Sandansky, The Journeyman Press, London, 1988

- Mercia MacDermott, Freedom or Death; The Life of Gotsé Delchev, The Journeyman Press, London & West Nyack, 1978

- Македонцитѣ въ културно-политическия животъ на България; Анкета отъ Изпълнителния комитетъ на македонскитѣ братства, Държавна печатница, София, 1918

- Марио Цветков; Васил Станчев; Борис Николов, Искри от жертвената клада на Македония и Тракия, Издава ВМРО – СМД, София

- Македония; Минало и нови борби, София, 1934

- Michael J. Schaack, Anarchy and Anarchists; Communism, Socialism, and Nihilism in Doctrine and in Deed, Chicago, 1889

- Мих. Думбалаковъ, През пламъците на живота и революцията; Том I-ви, София, 1933 г.

- Mikhail Heller, Cogs in the Wheel: The Formation of Soviet Man, New York: Knopf, 1988

- Наташа Котлар - Трајковска, Војводата Русински: македонски револуционер и општественик, Менора, Скопје, 2013

- Никола А. Берѓаев, За човековото ропство и слобода; искуството на персоналистичката филозофија, Култура, Скопје, 1996

- Никола Милошевиќ, Нови антрополошки есеи, Култура, Скопје, 2005

- Орде Иваноски, Искажување на Димитар Благоев за народноста на Македонците пред Бугарскиот парламент во 1917", Современост, Скопје, 1967

- Орде Ивановски, Балканските социјалисти и македонското прашање; од 90 – тите години на XIX век до создавањето на Третата интернационала, Култура, Скопје, 1970

- Paul Eltzbacher, Anarchism, A. C. Fifield, London, 1908

- Peter Kropotkin, Anarchism: Its philosophy and ideal, sixth issue, freedom pamphlets, No. 10, 1909

- Peter Kropotkin, Socialism and Politics, London, 1903

- Pro Macedonia, Polemique de M. Wendel, Depute socialiste au Reichstag allemande; et de M. Rizoff, Ministre de la Bulgarie a Berlin; au sujet de la Macedoine, avec une introduction de Delest; Paris, Georges Roustan, Libraire – Editeure, 5, Quai Voltaire, 5, 1918.
- Професоръ дръ Вайгандъ, Националнитѣ стрѣмления на народиѣ въ Балканския полуостровъ, Печатница на Вл. Блъсковъ, Шумен, 1898

- Павел Делирадев, Яне Сандански, Македонски научен институт, София, 1946

- Пере Тошев; Личност и дело – по случай 110 години од рождението му; Доклад, изнесен на 2 април 1975 г. в София; Съюз на македонските културно - просветни дружества в България, София, 1975

- П. К. Яворов, Гоце Делчев, Фототипно издание, възпроизвеждащо оргинала на книгата, отпечатано в Олчевата книжарница, София, 1904, Българско сдружение на родовите от Македония, София, 2012

- Reginald Wright Kauffman, What is Socialism, Yard and Company, New York, 1910

- Reginald Wyon, The Balkans from within, London, 1904

- Robert Flint, Socialism, The Economic Journal, Volume 5, Issue 18, 1895

- Работничкото движење на Македонија до 1929 год.; Материјали од научната средба одржана во Титов Велес на 8, 9 и 10 мај по повод 40 – годишнината од смртта на Васил Главинов и 50 - годишнината од КПЈ, Скопје, 1971

- Socialism and Anarchism, Antagonistic opposites, First published as a pamphlet by the National Executive Committe of the Socialistic Labor Party, New York, 1886

- Революционный радикализм в России: век девятнадцатый. Документальная публикация / Под. ред. Е. Л. Рудницкой. — М. : Археографический центр, 1997

- Ст. Стаматовъ, Градъ Дебъръ и неговото основане, Дебърско благотвор. братство, София, 1938

- Спиро Гулапчев, Един оглѣд по етнографiята на Македонiя, Габрово, 1887

- Сборникъ Илиндень 1903-1924, Въ паметь на голѣмото македонско възстание, Издава македонско студентско дружество Вардаръ, София, 1924.

- Сборникъ Илиндень 1903-1926, Въ паметь на голѣмото македонско възстание, Издава македонско студентско дружество Вардаръ, София, 1926.

- Стојан Новаковић, Балканска питања и мање историјско-политичке белешке о Балканском полуострову 1886 – 1905, Београд, 1906.

- Стева Ј. Радосављевић, Историја Бугаризама на Балканском полуострову, народност и језик Македонаца, Београд, 1890.

- Симеонъ Евтимовъ, Македонциъ и политическитъ борби въ България, 1926

-Сръбскитѣ претенции въ Западна България. Отъ Димколовъ (Дружество„Св. Климентъ”, книжка 2. Печатница „Просвѣщение”. - София, 1897)

- Selim Deringil, The Armenian Question Is Finally Closed': Mass Conversions of Armenians in Anatolia during the Hamidian Massacres of 1895-1897, Comparative Studies in Society and History, Vol. 51, No. 2 (Apr., 2009), Cambridge University, 2009

- Will Seymour Monroe, Bulgaria and her people, With an Account of the Balkan Wars, Macedonia, and the Macedonian Bulgars, Boston, 1914

- The Balkan question; The present condition of the Balkans and of European responsibilities, by various writers, edited by Luigi Villari, E. P. Duttom and Company, New York, 1905

- Thomas Kirkup, An inquiry into Socialism, London, 1907

- Thomas Kirkup, A History of Socialism, Fifth edition, revised and largely rewritten by Edward B. Pease, London, 1913

- Туше Влахов, Кукуш и неговото минало, второ допълнено издание, Наука и изкуство, София, 1969

- Тодоръ Г. Крайничанецъ, Солунъ като икономически и културно – просвѣтенъ центъръ на Македония, София, 1938

- Т. Караиововъ, Македонскитѣ искания и дипломацията, Печатница на Г. А. Ножаровъ, 1903
- Fabian essays in Socialism by G. Bernard Shaw, Sydney Olivier, Sidney Webb, Annie Besant, William Clarke, Graham Wallas and Hubert Bland, edited by G. Bernard Shaw, Boston The Ball Publishing Co., 1911

- Frederick Moore, The Balkan trail, London, 1906

- Harry De Windt, Through savage Europe, London, MCMVII

- Herbert Levi Osgood, Socialism and Anarchism, London, 1889

- Herbert L. Osgood, Scientific Anarchism, Volume IV. March, 1889. Number 1. Political science quarterly

- Христо Андонов – Полјански, Македонското прашање, Култура, Скопје, 1990

- Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев, Во спомените на современиците, т. 3, Култура, Скопје, 1972.

- Христо Шалдевъ, Градъ Прилѣпъ – въ българското възраждане (1838-1878 год.), Царска придворна печатница, София, 1916

- Христо Шалдевъ, Македония и копнежътъ й по свобода (сбитъ географско – исторически очерк), Библиотека българска книга no 13, Министерство на народното просѣщение, София, 1943.

- Христо Константиновъ, Старика (Яне Сандански); личностъ и дѣло, София, 1939

- Христо Матов, Основи на Внатрешната револуционерна организација; Обид за селектирање и формулирање на „основите“, Едиција  Pro Macedonia, АД Вербум, Скопје, 2014

- Христо Матовъ, Възстанишки действия, второ издание, македонска революционна библиотека, 1925

- Христо Матовъ, За управлението на Вѫтрѣшната революционна организация, македонска революционна библиотека, 1926

- Христо Матов, Македонска револуционна ситема, ВМРО - Съчинения, 2001

- Христо Матовъ, Писма за Македония. Отговоръ на г. Я. Сакѫзовъ. (Скопйе, Октоврий 1909 г.), София, 1910, Печатница на Георги М. Чомоневъ

- Христо Андонов – Полјански, Гоце Делчев и неговото време, том први, Култура, Скопје, 1972

- Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Т. 2, Култура, Скопје, 2004

- Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Култура, Скопје, 2003

- Хенри Ноел Брейлсфърд, Македония; Нейните народи и тяхното бъдеще, Институт „България – Македония“, София, 2013

- Charles Moser, The Cambridge History of Russian Literature, Cambridge, Cambridge University Press, 1992, 265; Michael Gillespie, Nihilism before Nietzsche, Chicago, University of Chicago Press, 1995

- C. L. James, Origin of Anarchism, A. Isaak Publisher, Chicago, 1902

- Charles H. Olin, Socialism, The Penn Publishing Company, Philadelphia, 1908

- Charles Moser, The Cambridge History of Russian Literature, Cambridge, Cambridge University Press, 1992

- Charles Eliot, Turkey in Europe, London, 1908

- James Edwakd Le Bossignol, Orthodox Socialism, New York, 1907

- John Spargo, Sidelights on Contemporary Socialism, New York, 1911
- James Ramsay MacDonald, Socialism, London, 1907

- Jean Jaurès, Studies in Socialism, G. P. Putnam's Sons New York and London, 1906

- Jessie Wallace Hughan, The Facts of Socialism, New York, MCMXIII

- John Foster Fraser, Pictures from the Balkans, London, Paris, New York and Melbourne, Cassel and Company, limited, 1906

- Julian Allan Brooks, Shoot the teacher! Education and roots of the Macedonian struggle, Simon Fraser University, 2005

- Charles H. Vail, Modern Socialism, New York: Commonwealth Co., 1897

- Џон Галбрајт Кенет, Анатомија на моќта, Култура, Скопје, 1995

### Д) Спомени

- Спомени отъ Михаилъ Ив. Македонски, Издава Криворѣчно-паланешкото благотворително братство Осогово въ София, Печатница на Армейския военно-издателски фондъ, 1925

- Скопски и Пловдивски митрополит Максим. Автобиография. Спомени. София, Ик „Христо Ботев“, ИК „Вяра и култура“, 1993

- Петър Георгиев Манджуков, Предвесници на бурята; спомени; Издава федерацията на анархистите в България; По слуачй 110 – годишнината от солунските атентати на гемиджиите, София, 2013

- Димитър Благоев, Кратки бележки из моя живот, Издателство на Бълг. Работническа Партия (Комунисти), София, 1945

- Дневници и спомени за Илинденско – Преображенското въстание, Издателство на отечествениот фронт, София, 1984

- Иванъ П. Крайничанецъ, Спомени отъ изминалия пѫтъ въ живота ми, Книга I, Печатница Крайничанецъ А. Д. – Скопје, 1942

- Л. Милетич, Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, фототипно издание на издателство наука и изкуство, том I, София, 198

- Л. Милтеич, Освободителното движението в Македония и Одринско; спомени и материали, фототипно издание на издателство наука и изкуство, том II, София, 1983

- Вѫзпоминания на Исайя Радев Мажовски, София, печатница на Ив. К. Божинов, 1922

- Христо Силянов, Писма и изповеди на един четник; спомени од Странджа от Витоша до Грамос, Първо издание, София, 1984

- Борбите в Македония - Спомени на отец Герасим, Георги Райков, Дельо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, Борис Йорданов Николов, ИК Звезди, 2005

- Борбите в Македония и Одринско 1878-1912; Спомени; Сборник, Български писател, София, 1982

- Бѣгли спомени, А. Тошевъ, Печатница П. Глушковъ, София, 1931

- Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, ИНИ, Скопје, 1954

- Димитар Влахов, Мемоари, НИП Нова Македонија, Скопје, 1970

- Спомени, И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Христо Татарчев, Култура, Скопје, 1995

- The Memoirs of a Balkan Diplomatist, Count Chedomille Mijatovich Formerly Serbian Minister for Foreign Affairs. Finance, and Commerce ; Envoy Extraordinary and Minister Plenipotentiary to the Conrts of St. James'i, Constantinople, Bucharest, and The Hague With four illustrations in Photogravure Gassell and Company, Ltd London, New York, Toronto and Melbourne, 1917

**Г) Интернет**

- Георги Баждаров, Моите спомени, Съставител: Ангел Джонев, София, 1929
http://macedonia.kroraina.com/gb/index.html

- Константин Н. Кондов, Спомени, 1874-1929
http://strela.net/kondov/Kondov.htm.

- Sergey Nechayev, The Revolutionary Cetechism, 1869.
https://www.marxists.org/subject/anarchism/nechayev/catechism.htm

- Документ за икономическото и политическото състояние на Битолския вилает след Илинденско-Преображенското въстание; Доклад от архива на българското търговско аташе в Битоля, Андрей Тошев, през 1904.
http://www.promacedonia.org/statii/a_toshev.html

- Павел Шатев, Македония под робство, Солунското съзаклятие (1903 г.), Трето издание, Изд. на Отеч. фронт, София
1983 г. http://www.promacedonia.org/ps/index.html

- The Origins of the Balkan Socialist Tradition: Between Populism and Marxism, Dragan Plavšić,
http://www.revolutionaryhistory.co.uk/index.php/184-articles/articles-of-rh0803/5651-the-origins-of-the-balkan-socialist- tradition-between-populism-and-marxism

- The Project Gutenberg EBook of The Conquest of Bread, by Peter Kropotkin .This eBook is for the use of anyone anywhere at no cost and with almost no restrictions whatsoever. You may copy it, give it away or re-use it under the terms of the Project Gutenberg License included with this eBook or online at www.gutenberg.org Title: The Conquest of Bread Author: Peter Kropotkin.

- Михаил Бакунин Моите ставови Безусловна слобода Два методи
http://www.anarhisticka-biblioteka.org/library/mihail-bakunjin-moite-stavovi

- History of Greek Anarchism Series; Anarchists and Radicals in 1890 's Patras. Dimitris Troaditis; Article taken from No God - No Master.
http://ngnm.vrahokipos.net/index.php/translations/119-the-firstorganised-anarchist-presence-in-greece.

- Григор Начович – Този от първа величина политически борец.
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=419:2012-05-16-13-19-45&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

- Македонския въпрос – най-крупият в нашата вътрешна и външна политика; Поверителен доклад от Андрей Тошев по Македонския въпрос от 1907 г.
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=656:2014-08-11-17-32-13&catid=29:2010-04-24-09-14-13

- Една сензация! Христо Матов за границите на Бугария и за Димитър-Ризовия атлас. http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=558:ed&catid=29:2010-04-24- 09-14-13&Itemid=61

- П. К. Яворов в спомените на Симеон Радев (Посвещава се на 100- годишнината от смътта на поета и революционера Яворов заедно.
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=672:py&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

- Един бисер от Димитър Ризовото документално наследство по македонския въпрос (Поверително писмо от Димитър Ризов до министър-председателя д-р Константин Стоилов
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=658:dr&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

- През 1911 г. Христо Матов громи туркофилската политика на буржоазната опозиция и управляващите в България
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=975:im&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

- ВМРО - Истина и легенди
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=321:2011-07-20-16-56-57&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

- Григор Василев и македоно – одринското освободително движение
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=721:im&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

- Михаил Герджиков – Анархистът, посветил живота си на борбата за слобода на македонските и тракийските Българи
http://www.sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=339:2011-09-28-16-17-40&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

- Христо Матов-Историческото съзнание на революционна Македония
http://sitebulgarizaedno.com/index.php?option=com_content&view=article&id=336:2011-09-13-16-56-59&catid=29:2010-04-24-09-14-13&Itemid=61

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД 2**

**СОЦИЈАЛИЗМОТ И НЕГОВИТЕ ОСОБЕНОСТИ 4**

**АНАРХИЗМОТ И НЕГОВИТЕ ИДЕИ 18**

**СОЦИЈАЛИСТИТЕ И АНАРХИСТИТЕ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ 26**

**ИДЕЈА ЗА БАЛКАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА 35**

**ПОЈАВА НА МАКЕДОНСКОТО ДВИЖЕЊЕ 41**

**ВЛИЈАНИЕ НА ЛЕВИЧАРСКАТА ИДЕОЛОГИЈА 62**

**МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ИДЕОЛОГИЈА 74**

**НАРОДЕН ФРОНТ 87**

**БОРБА ПРОТИВ ВРХОВИЗМОТ И СОЦИЈАЛИСТИТЕ 105**

**ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ 111**

**СПОРНИ ПРАШАЊА 123**

**ДВЕ СТРУИ 134**

**ОБИД ЗА ПОМИРУВАЊЕ 163**

**АВТОНОМИЈА – ЦЕЛ ИЛИ СРЕДСТВО 153**

**КРАЈ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА 163**

**НАРОДНА ФЕДЕРАТИВНА ПАРТИЈА 182**

**ЗАКЛУЧОК 213**

**ПРЕГЛЕД НА КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА 223**